# Превод на значењето на Благородниот

# КУРАН

BeliG

2024

Издавач
**Белиг**

Уредници
**Фатмир А. Ковачи**
**Јасмин Реџепи**

Техничка обработка
**Абдурахман Салоски**

Коректура
**Исмет Тајроски**

Компјутерска обработка
**Јонуз Мифтари**

Дизајн
**Абдулах Мифтари**

Тираж **3000**

Шеријатска Рецензија
**Џевад еф. Хот**
**Амел еф. Куртиши**
**Енис еф. Максутоски**
**Ариф еф. Рамадани**
**Ризван еф. Бабачиќ**
**Енвер еф. Билали**

Превод
**Елена Тренчевска Чековиќ**
**Мерсиха Смаиловиќ**
**Јасмин Реџепи**

Лектор
**Љубица Севдинска**

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

28-23
28-234

ПРЕВОД на значењето на благородниот Куран / преведувачи Елена Тренчевска Чековиќ, Мерсиха Смаиловиќ, Јасмин Реџепи ; уредници Фатмир А. Ковачи, Јасмин Реџепи. - Скопје : Здружение на граѓани „БЕЛИГ“, 2024
(Скопје). - 484 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4914-08-2

а) Куран -- Преводи

COBISS.MK-ID 62609157



# Во името на Аллах Семилосниот Милостивиот

# Предговор

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

Благодарноста Му припаѓа на Аллах, Единиот Бог, Создателот на световите. Бог, по создавањето, не ги оставил луѓето да талкаат во незнаење, заблуда и правење лоши дела кон себеси и кон останатите, туку при секое нивно скршнување им испраќал Свој Пратеник кој имал за цел да ги врати на Правиот пат, на целта за којашто биле создадени, а тоа е обожувањето на Него Единиот. Секој од Пратениците имал и Законик од Бога по кој ги учел луѓето да постапуваат. Давуд (Давид), мир над него, го имал Зебурот (Псалмите), Муса (Мојсеј), мир над него, го имал Тевратот (Тората), Иса (Исус), мир над него, го имал Инџилот (Евангелието), додека последниот во низата Пратеници Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, го имал последниот Законик, Куранот.

Аллах, Создателот на Световите, го објавил Куранот, Својата последна објава, преку мелекот Џибрил (Архангелот Гаврил) до последниот Пратеник Мухамед, како последна објава за човештвото. Нека се мирот и спасот Божји на Неговиот искрен роб и последен Пратеник и Веровесник, Мухамед ибн Абдуллах, кој најдобро го сфатил и со својот пример најубаво го објаснил Куранот, и на неговото чесно семејство, асхабите (придружниците) и сите верници кои го следат неговиот пример сè до Судниот ден.

Да се има повеќе од еден превод на значењето на Благородниот Куран на еден јазик, претставува богатство за тој јазик, за верниците, а и за останатите читатели на оваа Света Книга.

Водени од потребата за еден соодветен, едноставен, јасен, разбирлив, општоприфатлив, универзален и корисен литературен превод на значењето на Куранот на македонски јазик, кој ќе биде лесно прифатлив во секое исламско книжевно и литературно дело на ма-

кедонски јазик подеднакво наменето за муслиманите и за немуслиманите, кој ќе биде разбирлив за сите читатели во земјава, без разлика на кое наречје му припаѓаат, се нафативме на оваа тешка, одговорна, но и благородна задача. Се надеваме на успех на овој голем и обемен труд, кој ќе ни биде од корист нам и на останатите преведувачи и пишувачи на исламска литература на македонски јазик, но и на секој читател кој преку Куранот сака од темел да се запознае со исламот и со муслиманите.

Овој превод е направен и за немуслиманите, како и за сите што немаат претходно знаење за исламот, за Куранот и за исламските термини коишто верниците муслимани ги употребуваат во својот живот. Оригиналниот арапски текст на Куранот е изоставен со цел за олеснување на користењето на овој превод на немуслиманите. За таа цел, ставени се голем број објаснувања директно во текстот во вид на фусноти на истата страница, со цел читателот во истиот момент да ја сфати и разбере смислата или значењето на одреден збор или ајет (цитат), како и мал број објаснувања во загради во контекст на самите ајети. Некои зборови се задржани во нивните оригинални форми на арапски јазик поради силното значење и влијание кои како такви го имаат меѓу муслиманите, додека поголемиот дел од нив се преведени и олеснети за употреба и за разбирање, а кои не го менуваат своето значење и чијшто превод повеќе влијае врз значењето на смислата на ајетите. Архаичните изрази и народниот говор се изоставени во корист на литературниот и книжевен јазик.

На овој проект неколку години работеа три тима искусни преведувачи, образовани и активни говорници на македонскиот литературен јазик, кои требаше максимално да допринесат кон развивањето и усовршувањето на стилот, јасноста и разбирливоста на конечниот литературен текст. За да се одбере најубавиот начин на пренесување на пораката во преводот кој треба да биде употребен како конечен, а да не се скршне од општоприфатените правила и рамки на преведувањето, консултирани се три превода на босански јазик, три превода на англиски јазик, еден превод на албански јазик, како

и два коментари на Куранот. Потоа, текстот беше терминолошки усогласен, уреден и редактиран. А за да се добие на шеријатска исправност и точност, како и за да бидеме сигурни не само во убавината туку и во прецизноста на преводот, текстот беше проверен од неколкумина дипломирани теолози вработени при Исламската верска заедница. Овој проект го прифатија и го исполнија со внимателна, детална, опсежна и корисна обработка и секоја нивна забелешка беше вреднувана и прифатена, со што квалитетот на значењето и прецизноста го достигна своето задоволително ниво. Лектурата ја доверивме на стручна лекторка со долгогодишно искуство во наставната и учебникарската дејност. Нејзиниот придонес го украси текстот со префинетост и му даде убава смисла и звучност при читањето и рецитирањето.

Бидејќи само Куранот, како говор на Севишниот, е совршен, така овој наш труд е несовршен и сходно нашата човечка природа свесни сме дека постојат пропусти и недостатоци, па ги молиме читателите да ни ги предочат и пренесат своите забелешки и предлози за истите да се поправат во наредните изданија, ако даде Аллах.

Им се заблагодаруваме на сите коишто на кој било начин придонесоа овој превод на значењето на Куранот да се појави пред читателите, а пред сè Му благодариме на Возвишениот Аллах што ни овозможи да земеме учество во еден ваков проект и Го молиме да ни ги прости сите грешки направени во текот на работењето и да ни го прими како добро дело.

*Уредништвото*

## 1. Поглавје[1]
# Ел Фатиха
*Отворање*
Мека – 7 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот![2]

**2.** Сета благодарност Му припаѓа на Аллах[3], Господарот на световите[4].

**3.** Семилосниот, Милостивиот.

**4.** Владетелот на Судниот ден.

**5.** Само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме!

**6.** Упати нѐ на Правиот пат[5].

**7.** На патот на тие на коишто благодатта им ја подари, а не на тие коишто гневот го предизвикаа ниту на тие што заталкаа!

---

[1] Куранот е составен од 114 поглавја (сури). Секое поглавје содржи одреден број на ајети – пократки или подолги реченици. Некогаш ајет може да значи и: знак, доказ, аргумент и др.

[2] Овој ајет, кај муслиманите познат по својата оригинална форма – Бисмиллах, се повторува пред секое поглавје во Куранот, освен пред деветтото. Еднаш е спомнат во поглавјето Немл како дел од ајет. Се смета дека тој е интегрален дел од Куранот и дека е објавен поради раздвојување на поглавјата едно од друго.

[3] Аллах е арапски збор за Единиот Бог. Истото значење го има арамејскиот збор Елох. Во христијанството се користи поимот Отецот, а во јудаизмот Јахве.

[4] Рабил Алемин – Господарот на световите. Зборот „Ер-Раб“ (со одреден член) го означува Оној Кој поседува сѐ и апсолутно располага со сѐ. Зборот Ел-Алемин означува сѐ, освен Возвишениот Аллах.

[5] Сиратул мустеким – Правиот пат, тој означува пат кој е прав и широк; тоа е пат на кој нема нагорнини, надолнини, ниту кривини.

## 2. Поглавје
# Ел Бекаре
*Крава*
Медина – 286 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим![6]

**2.** Оваа Книга[7], во која нема сомнеж, е Упатство за богобојазливите.

**3.** За тие што веруваат во гајбот[8] (невидливото), го извршуваат намазот[9] (молитвата) и даваат од тоа со што Ние[10] ги снабдуваме,

**4.** и за тие што веруваат во тоа што ти е објавено тебе и во тоа што е објавено пред тебе, и коишто цврсто веруваат во оној свет[11].

**5.** Тоа се тие што се упатени од Господарот свој и тоа се тие што се спасени.

---

[6] Елиф, лам и мим се букви од арапската азбука. Многу поглавја во Куранот почнуваат со овие и со други букви (та-син-мим, каф-ха-ајн-сад, ја-син, та-ха) кои се читаат самостојно, не образувајќи зборови. Ваквите Курански стихови укажуваат на недостижноста на Куранот како Божја објава. По секој ваков стих, следи друг каде што се спомнува Куранот и неговата објава од Господарот на световите.

[7] Книга – Објава, Откровение од Бог до човештвото. Се употребува за сите Откровенија, а конкретно тука се однесува само на Куранот. За Куран се смета само арапскиот текст кој е неговата изворна форма, непроменета и сочувана повеќе од 14 века од самото објавување коешто траело во период од 23 години. Затоа сè останато е само превод на значењето на оригиналниот арапски текст.

[8] Гајб (ар.) – невидливо, непоимливо. Се однесува на сето тоа за што нè известиле Бог и Неговиот Пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, а што е недостапно за нашиот вид и во што без сомнеж веруваме дека е вистина. Пример за тоа е верувањето во ангелите, демоните, во Судниот ден, задгробниот живот, рајот, пеколот итн.

[9] Намаз (перс.), салах (ар.) – дневна, редовна и облигативна молитва кај муслиманите. Се состои од рекати. Еден рекат е основен дел од молитвата и се состои од едно стоење – наречено кијам, едно поклонување наречено руку и две спуштања ничкум наречени сеџда. Во понатамошниот текст по секое спомнување на намазот, во загради ќе стои молитва за да се направи разлика помеѓу молитвата и која било друга молба упатена до Бог која кај муслиманите се нарекува дова (ар.).

[10] Ние – се однесува на Единиот Бог. Тоа е вообичаена особеност на арапскиот говор, користен за истакнување на важноста на говорникот, односно, се работи за еден вид самоперсирање кое во западната литература е познато кај личното обраќање на кралевите и кралиците.

[11] Оној свет или идниот свет е познат кај муслиманите како Ахирет (ар.), но поради поедноставување на разбирањето на преводот на Куранот, во понатамошниот текст ќе се употребува токму овој термин – „оној свет“.

**6.** На тие што не веруваат навистина им е сеедно дали ти ќе ги опоменуваш или нема да ги опоменуваш, тие не веруваат!

**7.** Аллах ги запечатил срцата нивни и ушите нивни, а пред очите нивни има перде, и ним им следува голема казна.

**8.** Има луѓе коишто велат: „Веруваме во Аллах и во другиот свет" – а не се верници.

**9.** Тие мислат дека ги мамат Аллах и тие што веруваат, иако, не чувствувајќи го тоа, самите себеси се мамат.

**10.** Во срцата нивни се наоѓа болест[12] и Аллах им ја зголемува болеста. Нив ги чека болно страдање поради тоа што лажеа!

**11.** И кога ќе им се каже: „Не правете безредие на Земјата!", одговараат: „Ние само воспоставуваме ред!"

**12.** Зарем така? Тие, навистина, се вистински интриганти! А за тоа не се ни свесни.

**13.** Кога ќе им се каже: „Верувајте како што веруваат овие луѓе", тие одговараат: „Зарем да веруваме како што веруваат малоумните[13]?" А навистина тие самите се малоумни, а тоа не го ни знаат!

**14.** Кога ќе ги сретнат тие што веруваат, велат: „Веруваме!", а штом останат насамо со своите шејтани (ѓаволи)[14], велат: „Ние сме со вас. Ние само се потсмеваме[15]."

**15.** Аллах на нив им се потсмева и ги остава да талкаат во својата осиленост.

**16.** Тоа се тие кои ја зедоа заблудата во замена за Упатството! Но нивната трговија не им донесе добивка и тие не се упатени!

**17.** Слични се на тие што ќе запалат оган и кога огнот ќе им ја осветли околината, Аллах ќе им ја одземе светлината и ќе ги остави во мрак, па ништо не гледаат.

**18.** Глуви, неми и слепи се тие! И никако да се повратат (кон Вистинскиот пат)!

**19.** Или се слични на тие што за време на силниот порој од небото, каде што се темнините, тат-

---

[12] Болеста која е во нивните срца е сомнежот и неверувањето.

[13] Се мисли на асхабите (придружниците) на Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

[14] Се мисли на нивните поранешни истоверници од редовите на Евреите или идолопоклониците.

[15] Со следбениците на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

нежот и молњите поради громовите, ги ставаат прстите во уши плашејќи се од смртта! А Аллах ги опфаќа неверниците!

**20.** Само што не ги заслепи молњата: кога и да им светне, тие ќе тргнат, а штом ќе останат во мрак, застануваат! А да сака Аллах би им ги одзел и слухот и видот! Аллах навистина може сè!

**21.** О, луѓе, обожувајте Го Господарот ваш Кој ве создаде и вас и тие пред вас, за да бидете богобојазливи,

**22.** Кој Земјата постела, а небото кров ви ги направи; Кој од небото ви го спушта дождот и со него создава плодови, снабдување за вас. Затоа не припишувајте Му здруженик на Аллах, знаејќи го тоа.

**23.** А ако се сомневате во тоа што Сме му го објавиле на Својот роб, тогаш, донесете вие едно поглавје слично на тоа; повикајте ги и божествата ваши, ако вистината ја зборувате.

**24.** Па, ако не го направите тоа, а нема да го направите, тогаш чувајте се од огнот кој е подготвен за неверниците, чиешто гориво луѓето и камењата ќе бидат!

**25.** А израдувај ги тие што веруваат и што прават добри дела дека ним им припаѓаат џенетските[16] градини низ кои реки течат! Кога и да бидат снабдени од градините со некаков плод, велат: „Со ова и претходно бевме снабдени.“, а им беа давани само слични на нив! Во градините само чисти жени ќе имаат и во нив вечно ќе престојуваат!

**26.** Навистина Аллах не се срами за пример да ја наведе мушичката или нешто поситно од неа; тие што веруваат знаат дека тоа е Вистината од Господарот нивен; а тие што не веруваат велат: „Што сака Аллах со овој пример?“ Со ова Тој многумина заблудува, а многумина и упатува, а ги заблудува само грешниците!

**27.** Тие што го прекршуваат заветот кон Аллах откако е даден, го прекинуваат тоа што Аллах го наредил да се одржува и прават неред на Земјата. Тие се губитници!

**28.** Како можете во Аллах да не верувате вие, кои бевте мртви, а Тој ве оживеа, а потоа ќе ве усмрти, и потоа пак ќе ве оживее, а потоа Нему ќе Му бидете вратени?!

**29.** Сè што е на Земјата Аллах го создаде за вас; потоа кон небото се насочи и како седум небеса го уреди. Тој знае сè!

[16] Џенет (ар.) – рај. Во понатамошниот текст ќе се употребува во својата изворна форма.

**30.** И кога Господарот твој им рече на мелеците[17] (ангелите): „Јас на Земјата ќе поставам намесник!“, тие запрашаа: „Зарем на Земјата ќе го поставиш тој што на неа неред ќе шири и крв ќе пролева?! А ние Те величаме, заблагодарувајќи Ти, и Те почитуваме како што Тебе Ти доликува!“ Тој одговори: „Јас го знам тоа што вие не го знаете!“

**31.** И Тој го подучи Адем[18] со сите имиња, а потоа ги изнесе пред мелеците и рече: „Кажете Ми ги имињата нивни, ако ја кажувате вистината!“

**32.** „Славен биди!“, рекоа тие, „Ние го знаеме само тоа за што Ти нè подучи! Само Ти си Зналецот и Мудриот!”

**33.** „О, Адеме,“, рече Тој, „кажи им ги имињата нивни!“ И кога тој им ги кажа нивните имиња, Аллах рече: „Зарем не ви кажав дека само Јас ги знам тајните на небесата и на Земјата и дека само Јас го знам тоа што вие го покажувате и тоа што го криете?“

**34.** И кога им кажавме на мелеците: „Поклонете му се на Адем со сеџда[19]!“, тие сите се поклонија освен Иблис[20], кој одби, се вообрази и стана неверник.“

**35.** И Ние рековме: „О, Адеме, ти и твојата жена живејте во Џенетот и јадете од него од каде

---

[17] Мелек (ар.) – ангел, суштество создадено од светлина, тотално покорно и потчинето на својот Создател, без слободна волја и без одговорност на Судниот ден, за разлика од луѓето и џините (демоните) кои ќе одговараат за своите дела кои ги направиле врз основа на слободната волја и сопствениот избор. Во понатамошниот текст ќе се употребува во својата изворна форма.

[18] Адем – Адам. Првиот човек на Земјата. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[19] Сеџда (ар.) – спуштање ничкум, положба на длабоко поклонение кога човекот со своите чело, нос, дланки, колена и стапала го допира тлото. Сеџдата претставува чин на обожување и составен дел од намазот. Во контекстот на ова кажување за создавањето на првиот човек, ова поклонение е знак на тотална покорност, преданост, величење, славење и обожување кон Бог и почитување на човекот како суштество и создание кое е на повисоко ниво од ангелите (не поради својата безгрешност, туку поради својството на слободна волја и одговорност на Судниот ден).

[20] Иблис (ар.) – Луцифер, сатаната. Според Куранот, тој не бил ангел, туку демон (џин) кој поради својата побожност бил во друштво со ангелите. Со неговата побуна против наредбата и волјата Божја, станува предводник на останатите демони неверници, односно ѓаволи (шејтани).

што сакате, но не приближувајте се до ова стебло, па со тоа неправда да си сторите!“

**36.** Но, шејтанот ги намами да сторат грев и ги изведе од местото каде што живееја!“ – „Слезете!“ – им рековме Ние. „Едни на други ќе бидете непријатели до одреденото време! Земјата ќе биде ваше живеалиште и уживање некое време!“

**37.** И Адем прими некои зборови од Господарот свој, па Тој му прости; Тој навистина простува и Милостив е!

**38.** И Ние рековме: „Слезете од него сите! Од Мене ќе ви доаѓа Упатството; и тие што ќе го следат Упатството Мое, ниту ќе стравуваат, ниту ќе тагуваат!”

**39.** А тие што нема да веруваат и кои ајетите Наши ќе ги негираат, жители на Огнот ќе станат и во него вечно ќе останат.

**40.** О, синови Израилови, сетете се на благодатите Мои кои ви ги подарив, и исполнете го заветот што Ми го дадовте, па и Јас ќе го исполнам заветот што ви го дадов! И плашете се само од Мене!

**41.** Верувајте во тоа што го објавив потврдувајќи го тоа што вие го имате и не бидете првите кои не веруваат во тоа! Не продавајте ги Моите зборови за ниска цена и плашете се само од Мене!

**42.** И не мешајте ја вистината со невистината криејќи ја вистината, иако знаете!

**43.** И намаз (молитва) извршувајте и зекат[21] давајте; и со тие кои го извршуваат намазот и вие извршувајте го!

**44.** Зарем од другите барате да прават добри дела, а при тоа себеси се заборавате, а вие Книгата ја читате?! Зар нема да се опаметите?

**45.** Барајте помош со трпеливоста и со намазот (молитвата). Тоа е навистина тешко, освен за послушните,

**46.** кои се убедени дека ќе се сретнат со Господарот свој и дека Нему ќе Му се вратат.

**47.** О, синови Израилови! Сетете се на благодатите Мои кои

---

[21] Зекат (ар.) – Определен, фиксиран дел од 2,5% од богатството и од секаков имот обврзан со зекат на еден муслиман кој се дава за сиромашните во муслиманската заедница. Плаќањето зекат е задолжително, бидејќи тој е еден од столбовите на исламот. Зекатот е главно економско средство за воспоставување социјална правда и го води муслиманското општество кон напредок и сигурност. Бидејќи нема соодветен збор за буквален превод во македонскиот јазик, овој израз ќе се употребува и во понатамошниот текст.

ви ги подарив и за тоа што над другите светови ве одликував.

**48.** И плашете се од Денот кога никој за никого нема да може ништо да направи; кога ничие посредување нема да биде примено, кога од никого откуп нема да се прими и кога на луѓето никој нема да им излезе на помош!

**49.** И кога ве спасивме од луѓето на фараонот кои со најтешки маки ве мачеа: машките деца ви ги колеа, а женските во живот ги оставаа – тоа ви беше големо искушение од Господарот ваш.

**50.** И кога поради вас морето го раздвоивме и ве спасивме, а луѓето на фараонот пред ваши очи ги потопивме!

**51.** И кога одредивме средба со Муса[22], вие потоа четириесет ноќи обожувавте теле, правејќи си самите себеси неправда.

**52.** Потоа, и покрај сè, ви простивме за да бидете благодарни.

**53.** И кога на Муса му дадовме Книга и упатство за разликување на вистината од невистината, за да бидете упатени.

**54.** И кога Муса му рече на народот свој: „Народе мој, вие навистина самите себеси неправда си сторивте прифаќајќи го телето; затоа на Создателот свој покајте Му се и убивајте се меѓу себе![23] Тоа е подобро кај Создателот ваш, па ќе ви прости. Тој го прима покајанието и Милостив е!

**55.** И кога вие рековте: „Муса, ние нема да ти веруваме сè додека Аллах јасно не Го видиме!" – па, молња ве удри додека гледавте,

**56.** а потоа по смртта ваша ве оживеавме, за да бидете благодарни.

**57.** И Ние од облаците ладовина ви направивме, и мана[24] и потполошки ви испраќавме: „Јадете ги убавите јадења со кои ве снабдивме!" Тие Нам не ни наштетија, туку самите себеси неправда си сторија!

**58.** И кога рековме: „Влезете во овој град и јадете колку што сакате; влезете низ портата извршувајќи сеџда и кажете: ‚Прошка!', па ќе ви ги простиме гревовите ваши, а на тие што прават

---

[22] Муса – Старозаветниот пророк Мојсеј. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[23] Тие што се во право со смрт да ги казнат неправедните.

[24] Ел-мен (ар.) – храна која Аллах им ја испратил на Евреите кога тие талкале во пустината; „леб од рајот".

добри дела ќе им дадеме и повеќе од тоа.“

**59.** Тогаш неправедните го заменија со друг Зборот кој им беше даден, па Ние на неправедните казна од небото им спуштивме, затоа што грешеа.

**60.** И кога Муса за народот свој молеше за вода, Ние рековме: „Удри со стапот свој по карпата!“ Од неа дванаесет извори протекоа и секое племе знаеше од кој извор ќе пие! „Јадете и пијте од Аллаховото снабдување и не чинете зло по Земјата правејќи неред.“

**61.** И кога рековте: „Муса, ние не можеме повеќе една иста храна да јадеме. Затоа замоли Го Господарот свој да ни подари од тоа што земјата раѓа: зеленчук и краставици, пченица, леќа и кромид!“ Тој рече: „Зарем тоа што е подобро да го замените со тоа што е полошо? Одете во некоја земја, ќе го имате тоа што го барате!“ И понижувањето и бедата на нив паднаа и гневот на Аллах на себе го навлекоа, затоа што во Аллаховите докази не веруваа и затоа што веровесниците невини ги убиваа, затоа што непослушни беа и сите граници на злото ги преминуваа.

**62.** Тие што веруваа, и тие што беа Евреи, христијани и Сабијци[25], а веруваа во Аллах и во другиот свет и правеа добри дела – навистина ги очекува награда од Господарот нивен; и за нив нема страв и тие нема да тагуваат.

**63.** И кога од вас заветот го зедовме и над вас планината Тур ја кренавме: „Силно прифатете го тоа што ви го дадовме и нека ви е на ум тоа што е во Книгата, за да се сочувате од казната!“

**64.** Потоа вие отстапивте, и да не беше Аллаховата добрина и милост кон вас, вие навистина ќе страдавте.

**65.** Вам ви е веќе познато што им се случи на тие што за саботата влегоа во грев, па Ние им рековме: „Бидете мајмуни презрени!“

**66.** Тоа го направивме како опомена за современиците и за нивните поколенија, а поука за богобојазливите.

---

[25] Сабијци се народ кој живеел во Мосул, Ирак, кои изговарале „Ла илахе иллаллах“ – (не постои друго божество достојно за обожување освен Аллах), го читале Зебурот (Псалмите на Сабијците) и не биле ни Евреи ни христијани. Сабијците треба да се разликуваат од Сабејците, древна семитски етничка група во јужна Арабија, кои живееле на територијата на денешен Јемен.

**67.** И кога Муса му рече на народот свој: „Аллах навистина ви наредува да заколете крава!“, тие го запрашаа: „Дали се шегуваш со нас?“, а Муса им одговори: „Да не даде Аллах да бидам од незналците.“

**68.** Рекоа: „Замоли Го Господарот свој во наше име да ни објасни каква треба да биде кравата!“ „Тој вели“ – одговори тој – „дека кравата не смее да биде ни стара, ни млада, туку помеѓу тоа, средна возраст, па сторете го тоа што од вас се бара!“

**69.** „Замоли Го Господарот свој“ – рекоа тие – „да ни објасни каква боја треба да биде!“ „Тој вели“ – рече тој – „дека таа, кравата, треба да биде со светложолта боја, да им се допадне на тие што ќе ја видат.“

**70.** „Замоли Го Господарот свој“ – рекоа тие – „да ни објасни каква уште треба да биде, бидејќи нам кравите ни изгледаат слични, а ние неа, ако Аллах сака, сигурно ќе ја пронајдеме.“

**71.** „Тој вели“ – рече тој – „кравата не смее да биде исцрпена од орање на земјата и од наводнување на посевите; треба да биде без никаква мана и без никаков белег.“ „Е, сега ја опиша како што треба!“ – рекоа, па ја заклаа, и тоа едвај го сторија.

**72.** И кога убивте еден човек, па околу него почнавте да се препирате, Аллах даде на виделина да излезе тоа што го скривте.

**73.** Па Ние рековме: „Удрете го (мртвиот) со некој нејзин дел!“ – ете така Аллах мртвите ги враќа во живот и ви ги покажува доказите Свои, за да сфатите.[26]

**74.** Но срцата ваши, после тоа, станаа тврди како камен, или уште потврди! А има камења од кои реки избиваат; има камења кои пукаат и од кои вода излегува, а навистина има и такви кои од страв пред Аллах се рушат. А Аллах не го занемарува тоа што вие го правите.

**75.** Зарем вие се надевате дека тие (Евреите) ќе ви поверуваат, иако некои од нив Аллаховиот говор го слушаа, за, откако го сфатија, свесно да го искриват?

**76.** Кога ќе ги сретнат верниците, тие велат: „Веруваме!“, а штом ќе останат сами едни со

---

[26] Овие Евреи во текот на Мусаовиот живот убиле еден човек, а убиецот го сокриле. Им било наредено да заколат одредена крава и убиениот да го удрат со еден кравји дел. Кога го направиле тоа, убиениот оживеал, кажал кој го убил и веднаш потоа повторно умрел.

други, велат: „Зарем ќе им го кажувате тоа што Аллах вам ви го објавил, па тоа да им биде обвинение против вас пред Господарот ваш? Зарем нема да се опаметите?“

**77.** А зарем тие не знаат дека Аллах го знае и тоа што го кријат и тоа што го покажуваат?

**78.** Некои од нив се неписмени и не знаат за Книгата, туку само измислици. Тие само измислуваат.

**79.** А тешко на тие кои со своите раце пишуваат книга, а потоа велат: „Ова е од Аллах.“, со цел незначителна корист да извлечат. И тешко ним за тоа што нивните раце го пишуваат и тешко ним што на тој начин заработуваат!

**80.** Тие велат: „Огнот нема да нè допира повеќе од неколку дена.“ Кажи: „Дали добивте ветување од Аллах за тоа – бидејќи Аллах нема да го прекрши ветувањето Свое – или за Аллах го кажувате тоа што не го знаете?“

**81.** А не е така! Бидејќи тие што ќе прават зло и гревовите нивни ќе ги стигнат од сите страни, тие жители на Џехенемот[27] (пеколот) ќе бидат и во него вечно ќе останат.

**82.** А тие што ќе веруваат и што ќе прават добри дела – тие ќе бидат жители на Џенетот и во него вечно ќе престојуваат.

**83.** И кога од синовите Израилови зедовме завет дека само Аллах ќе Го обожувате, и на родителите и на ближните и на сирачињата и на сиромашните добри дела ќе им чините, а на луѓето убави зборови ќе им говорите; и дека намазот (молитвата) ќе го извршувате и зекат ќе давате, вие потоа, освен малкумина од вас, се изопачивте и заветот го изневеривте.

**84.** И кога од вас зедовме завет дека крв едни на други нема да пролевате и дека меѓусебно од домовите ваши нема да се прогонувате, вие тоа го прифативте и посведочивте.

**85.** Потоа, вие сепак едни со други се убивате, а поединци од вас од родниот крај ги прогонувате, помагајќи се против нив со грев и насилство, па ако ви дојдат како заробеници, вие ги откупувате. А забрането ви е да ги прогонувате! Зарем во едниот дел на Книгата верувате, а другиот го негирате?! Тие од вас кои тоа го прават, на овој

[27] Џехенем (ар.) – пекол. Во понатамошниот текст ќе се употребува во својата изворна форма.

свет само понижување може да ги стигне, а на Судниот Ден на најтешки маки ќе бидат ставени! Аллах не пропушта да внимава на тоа што го правите.

**86.** Тоа се тие кои на животот на овој свет му дале предност над животот на оној свет; затоа страдањето нема да им се олесни, ниту некој ќе им помогне.

**87.** И Ние на Муса Книга му дадовме, и после него еден по друг Пратеници праќавме, а на Иса[28], синот Мерјемин[29], јасни докази му дадовме и со Џибрил[30] го помогнавме! И кога и да ви го донесеше тоа, некој од Пратениците, што не им годеше на душите ваши, вие се вообразувавте, па едните за лага ги клеветевте, а другите ги убивавте.

**88.** Тие велат: „Нашите срца се во обвивки." А не е така, туку Аллах нив ги проколнал заради неверувањето, затоа што малкумина од нив веруваат.

**89.** А кога од Аллах им доаѓа Книга, која ја потврдува вистинитоста на тоа што го имаат – а отпорано бараа помош против неверниците – кога им доаѓа тоа што им е познато, тие во тоа не сакаат да веруваат! Па Аллаховото проклетство нека ги стигне неверниците!

**90.** Бедно е тоа за што се продадоа: да не веруваат во тоа што Аллах го објавува, поради злоба што Аллах од добрината Своја дава кому Тој сака од робовите Свои; И навлекоа врз себе гнев по гнев! А на неверниците им припаѓа срамно страдање.

**91.** А кога ќе им се каже: „Верувајте во тоа што Аллах го објавува!", тие одговараат: „Ние веруваме само во тоа што нам ни е објавено.", и не сакаат да веруваат во тоа што им се објавува по нив, а тоа е Вистината која потврдува дека е вистинито и тоа што тие го имаат. Кажи: „Па зошто поранешните Аллахови веровесници ги убивавте, ако бевте верници?

**92.** И Муса ви донесе јасни докази, и покрај сѐ, во негово

---

[28] Иса – Исус. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[29] Мерјем – Марија, мајката на Исус. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[30] Џибрил (ар.) – Архангелот Гаврил. Една од неговите задачи била и доставувањето на Божјото Откровение до одбраните Пратеници и Веровесници низ човечката историја. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

отсуство, телето го прифативте чинејќи така неправда.

**93.** И кога од вас заветот го зедовме и над вас планината Тур ја кренавме: „Цврсто прифатете го тоа што ви го даваме и слушајте!“ – тие одговорија: „Слушаме, но нема да послушаме!“ – бидејќи срцата нивни, заради неверувањето нивно, сè уште беа опиени од телето. Кажи: „Лошо е тоа на што вашето верување ве наведува, ако воопшто сте верници.“

**94.** Кажи: „Ако кај Аллах е Џенетот обезбеден само за вас, а не и за останатиот свет, тогаш вие смртта посакајте ја, ако вистината ја зборувате.“

**95.** А никогаш нема да ја посакаат, заради тоа што го прават, а Аллах добро ги познава насилниците.

**96.** И сигурно ќе видиш дека повеќе копнеат за животот од останатите луѓе, па дури и од идолопоклониците; секој од нив би сакал да живее илјада години, а и да живее толку, тоа од казната не би го оддалечило! Аллах добро го гледа тоа што тие го прават!

**97.** Кажи: „Кој му е непријател на Џибрил?“, а тој, со Аллахова волја, тебе Куранот на срцето ти го става, потврдувајќи ја вистинитоста на тоа претходно, како патоказ и радосна вест за верниците.

**98.** Кој Му е непријател на Аллах и на мелеците Негови и на Пратениците Негови и на Џибрил и на Микаил[31] – па, Аллах навистина им е непријател на тие што не веруваат.

**99.** А Ние тебе јасни докази ти објавуваме, во кои единствено тешките грешници не сакаат да веруваат.

**100.** Зарем секој пат кога некоја обврска ќе преземат, некоја група од нив ја отфрла, бидејќи повеќето не веруваат.

**101.** А кога од Аллах им дојде Пратеник[32], потврдувајќи дека е вистинито тоа што веќе го

---

[31] Микаил (ар.) – Архангелот Михаил. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[32] Пратеник или Ресул (ар.) или Пејгамбер (перс.) е еквивалент за Библискиот термин пророк, кој го означува повиканиот Божји гласник, а не оној кој ги пророкува идните работи. Бидејќи станува збор за Куранот, ја задржавме куранската терминологија која е најблиска до македонскиот јазик, но за да се направи разлика од вообичаеното значење, а да се запази возвишеното значење за човек избран од Бога, Пратеник ќе биде означен со голема буква.

имаат, дел од тие на кои Книгата им е дадена Аллаховата Книга зад грб ја отфрлија, како да не знаат.

**102.** И го следат тоа што шејтаните за владеењето на Сулејман[33] го кажуваа. А Сулејман не беше неверник, туку неверници се шејтаните кои ги подучуваат луѓето за магиите во Вавилон, на Харут и Марут, а тоа не им беше објавено на двајцата мелеци. Тие двајца никого не поучуваа сè додека не му кажеа: „Ние само искушуваме, а ти немој да бидеш неверник!" И луѓето од нив двајца учеа како мажот од жената да го разведат, но тие не можеа на никого без одобрение од Аллаховата волја да му наштетат. Го учеа тоа што ќе им наштети и од што нема да имаат корист, иако знаеја дека тој што таа вештина ќе ја стекне, на другиот свет никаква среќа нема да има. А навистина е бедно тоа за што се продадоа, само кога тие би знаеле.

**103.** А да веруваат и да се плашат, наградата од Аллах многу подобра би им била, само кога би знаеле!

**104.** О, верници, не велете: „Раина!"[34], туку кажете „Унзурна!"[35] и слушајте. А на неверниците болна казна им припаѓа.

**105.** Следбениците на Книгата кои не веруваат, а ни идолопоклониците, не сакаат од Господарот ваш какво било добро да ви се објави. А Аллах милоста Своја ја дарува кому Тој сака; Аллах е неизмерно добар.

**106.** Ние ниту еден ајет не менуваме, ниту пак во заборав го оставаме, а подобар или сличен на него да не донесеме! Зарем ти не знаеш дека Аллах може сè?

**107.** Зарем ти не знаеш дека власта и на небесата и на Земјата Му припаѓа на Аллах и дека, освен Аллах, ни заштитник ни помошник немате?

**108.** Зарем да барате од својот Пратеник како што претходно бараа од Муса?! А кој своето верување ќе го замени со неверување, тој заталкал од Вистинскиот пат.

**109.** Многумина од Следбениците на Книгата би сакале, поради својата пакост, по ваше-

---

[33] Сулејман – Старозаветниот пророк Соломон. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[34] Раина (ар.) – Чувај нѐ.

[35] Унзурна (ар.) – Слушај нѐ.

то верување да ве вратат во неверување, иако вистината им стана јасна! Но вие простете им и преминете преку тоа, додека Аллах својата одлука не ја донесе. Аллах навистина е Семоќен.

**110.** И намаз (молитва) извршувајте и зекат давајте, а за доброто кое за себе ќе го дадете, кај Аллах ќе го најдете. Аллах навистина гледа што правите!

**111.** Тие велат: „Во Џенетот нема да влезе никој освен тој што ќе биде Евреин или христијанин!“ Тоа се нивните пусти желби! Кажи: „Дајте свој доказ, доколку вистината ја зборувате!“

**112.** Но, не е така! Тој што ќе Му биде предан на Аллах и ќе прави добри дела, го очекува награда кај Господарот негов; таквите од ништо нема да се плашат, ниту пак за нешто ќе тагуваат.

**113.** Евреите велат: „Христијаните не се на ништо.“[36], а христијаните велат: „Евреите не се на ништо.“, а тие Книгата ја читаат! Така говорат тие што не знаат. Аллах на Судниот ден ќе им пресуди за тоа за што не се согласуваа!

**114.** Има ли поголем насилник од тој којшто забранува во Аллаховите џамии името Негово да се спомнува и којшто работи на тоа истите да се урнат? Таквите би требало, во нив, само со страв да влегуваат. Тие на овој свет ќе доживеат понижување, а на другиот свет ги чека голема казна.

**115.** На Аллах Му припаѓаат и истокот и западот; каде и да се свртите, таму е Аллаховото лице. Аллах е навистина неизмерно добар и Тој знае сѐ.

**116.** Неверниците велат: „Аллах си зел дете за себе.“ Возвишен нека е Тој! Напротив, Нему Му припаѓа сѐ што е на небесата и на Земјата и Нему сѐ Му се покорува;

**117.** Тој е Создателот на небесата и на Земјата, а кога нешто ќе одлучи, Тој само ќе каже: „Биди!“ – и тоа бидува.

**118.** А тие што не знаат велат: „Аллах би требало со нас да разговара или некаков доказ да ни даде!“ Така, скоро со исти зборови, говореа и тие пред нив, а и срцата им се слични! А Ние доказите им ги објаснуваме на луѓето што цврсто веруваат.

**119.** Ние те испративме со Вистината, радосни вести и опомена да донесеш, а ти нема

[36] Т.е. не се на Правиот пат, во вистинската вера.

да бидеш прашан за тие што ќе бидат во Џехенемот.

**120.** Ни Евреите, ни христијаните, нема да бидат задоволни од тебе сѐ додека не ја следиш нивната вера. Кажи: „Само Аллаховиот пат е Вистински пат!“ А кога би ги следел желбите нивни, покрај знаењето кое си го добил, никој не би можел да те заштити од Аллах, ниту да ти помогне.

**121.** Тие на коишто сме им ја објавиле Книгата, па ја читаат како што треба – исправно, тоа се тие што веруваат во неа. А тие што нема да веруваат во неа, тоа се сигурни губитници.

**122.** О, синови Израилови, сетете се на благодатта Моја која ви ја подарив и што над останатите луѓе ве одликував.

**123.** И плашете се од Денот кога никој за никого нема да може ништо да стори, кога од никого откуп нема да се прими, кога никому заземањето нема да му користи и кога никој нема да им помогне!

**124.** А кога Ибрахим[37] беше ставен во искушение со неколку зборови од Господарот негов, па тој потполно ги изврши, Аллах рече: „Ќе направам ти да им бидеш предводник на другите луѓе“. „И некои од моите потомци?“ – запраша тој. – „Ветувањето Мое не ги опфаќа насилниците“. – му одговори.

**125.** И Ќаба[38] прибежиште и сигурно место за луѓето ја направивме.[39] „Местото на кое стоеше Ибрахим нека ви биде простор зад кој намаз (молитва) ќе извршувате!“ – И на Ибрахим и Исмаил[40] им наредивме: „Храмот Мој исчистете го за тие што ќе го

---

[37] Ибрахим – Старозаветниот пророк Авраам. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[38] Ќаба – Светиот Храм, големата коцкеста камена градба, прекриена со црна прекривка во центарот на Големата џамија во Мека. Првиот свет исконски храм кој бил изграден на Земјата од Адам, а возобновен од Авраам и неговиот син Исмаил. Тоа е местото каде што милиони муслимани одат на аџилак и кон кое се насочуваат во своите молитви (намази).

[39] Ќаба со нејзина околина, целиот Храм е прибежиште и сигурно место. Човекот, на пример би го сретнал убиецот на својот татко или брат, но ништо не би смеел да му направи.

[40] Исмаил – Старозаветниот пророк Ишмаел, синот на Авраам. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

обиколуваат, кои тука ќе престојуваат и руку[41] и сеџда ќе извршуваат.“

**126.** А кога Ибрахим замоли: „Господару мој, направи го ова место безбедно престојувалиште и снабди ги со плодови жителите негови, тие меѓу нив кои ќе веруваат во Аллах и оној свет!“ – Тој рече: „На тој што нема да верува, ќе му дадам одредено време да ужива, а потоа ќе го присилам во пеколниот оган да влезе. А тоа е грозно престојувалиште!“

**127.** И додека Ибрахим и Исмаил темелите на Ќаба ги ѕидаа, молеа: „Господару наш, прими го ова од нас, бидејќи Ти, навистина, сè слушаш и сè знаеш!

**128.** Господару наш, направи нè нас двајца да Ти бидеме предани муслимани, и нашите потомци да Ти бидат предани, покажи ни ги обредите наши и прости ни, бидејќи Ти го примаш покајувањето и Милостив си!

**129.** Господару наш, испрати им Пратеник, еден помеѓу нив, кој ајетите Твои ќе им ги кажува и за Книгата и за мудроста ќе ги научи и ќе ги исчисти, бидејќи Ти си навистина Силниот и Мудриот!“

**130.** Верата на Ибрахим ја одбегнува само тој што не е достоен на себеси! Ние него го одбравме на овој свет, а и на оној свет ќе биде меѓу добрите.

**131.** Кога Господарот негов му рече: „Биди послушен!“ – тој одговори: „Јас сум Му послушен на Господарот на световите!“

**132.** И Ибрахим, како и Јакуб[42], тоа им го остави во аманет на своите синови: „Синови мои, Аллах ви ја одбра вистинската вера, и никако не умирајте поинаку туку само како муслимани!“

**133.** Дали бевте присутни кога на Јакуб смртниот час му дојде и кога синовите свои ги праша: „Кого, откако ќе умрам, ќе го обожувате?“ – „Ќе Го обожуваме“ – одговорија – „твојот Бог, Богот на твоите предци, Ибрахим и Исмаил и Исхак. Единиот Бог! И ние Нему Му се покоруваме!“

**134.** Тој народ поминал; нему му припаѓа тоа што го заслужил, а вам тоа што ќе го заслужите, и вие нема да бидете прашани за тоа што тие го работеле.

---

[41] Руку (ар.) – прегиб, поклон, дел од молитвата (намазот) на муслиманите.

[42] Јакуб – Старозаветниот пророк Јаков. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

**135.** Тие велат: „Бидете Евреи или христијани, и ќе бидете на Вистинскиот пат!“ Ти кажи: „Не, ние сме во верата на Ибрахим, кој исправно веруваше; тој никого за рамен на Аллах не Му припишуваше.“

**136.** Кажете: „Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува, и во тоа што му беше објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак[43], и на Јакуб, и на внуците; и во тоа што му е дадено на Муса, и на Иса, и во тоа што им е дадено на веровесниците од Господарот нивен; ние не правиме никаква разлика меѓу нив и ние само Нему Му се покоруваме.“

**137.** Па, ако веруваат во тоа во што вие верувате, на Вистинскиот пат се; а ако главите ги свртат, тогаш тие се далеку од Вистинскиот пат и Аллах од нив сигурно ќе те заштити, бидејќи Тој сѐ слуша и сѐ знае.

**138.** Држете се за Аллаховата вера! Зарем има поубава вера од Аллаховата? Ние само Него Го обожуваме.

**139.** Кажи: „Зарем со нас расправате за Аллах, кога Тој е и наш и ваш Господар? Нам ни припаѓаат нашите дела, а вам вашите дела! А ние сме искрени кон Него.

**140.** Како можете да зборувате дека Ибрахим, Исмаил, Исхак, Јакуб, и внуците нивни биле Евреи или христијани?“ Кажи: „Знаете ли подобро вие или Аллах?“ Зарем некој е понеправеден од тој што го крие сведоштвото за вистината од Аллах? А Аллах внимава на тоа што го правите“.

**141.** Тој народ беше и исчезна; нему му припаѓа тоа што го заслужил, а вам тоа што ќе го заслужите, и вие нема да бидете прашани за тоа што тие го работеле.

**142.** Некои малоумни луѓе ќе речат: „Што ги одврати од киблата[44] нивна кон која се насочуваа?“ Кажи: „Аллахови се и истокот и западот; Тој го упатува на Правиот пат кого Тој сака“.

---

[43] Исхак – Старозаветниот пророк Исак, синот на Авраам. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[44] Кибла (ар.) е правецот, насоката кон Светиот Храм во Мека. Муслиманите во своите молитви (намази) се насочуваат кон Мека, па оттука произлегува и потребата за ориентација во просторот, а оттаму и картографијата. Сите џамии во светот се насочени во тој правец, а за потребата на верниците за насочување измислени се разновидни современи технолошки средства за ориентација и насочување. А за оваа своја потреба, муслиманите измислиле соодветни инструменти уште многу порано од Средниот век. Киблата игра значајна улога за заедништвото на муслиманите.

**143.** И така ве направивме средишна заедница, за да им бидете сведоци на останатите луѓе, и за Пратеникот да ви биде сведок вам. И Ние ја сменивме киблата кон која претходно се насочуваше[45] само за да укажеме на тие што го следат Пратеникот и на тие што не веруваат, бидејќи тоа навистина им беше тешко на сите, освен на тие на кои Аллах им укажал на Вистинскиот пат. Аллах нема да дозволи да пропадне верувањето ваше.[46] А Аллах кон луѓето е навистина многу Благ и Милостив.

**144.** Ние гледаме како со копнеж гледаш кон небото и Ние сигурно ќе направиме да се насочуваш кон киблата кон која сакаш; па, сврти го затоа лицето свое кон Месџидил Харам[47]! И кај и да сте, лицата свои свртете ги на таа страна. Навистина, тие на коишто им е дадена Книгата знаат дека тоа е вистина од Господарот нивен. А Аллах не е немарен кон тоа што тие го прават.

**145.** И кога ти би им ги донел сите докази на тие на коишто им е дадена Книгата, тие пак нема да ја прифатат твојата кибла, како што ни ти нема да ја прифатиш нивната кибла, ниту пак некој ќе прифати нечија кибла. А кога би ги следел нивните желби, откако веќе ти дојде знаењето, тогаш ти сигурно би бил неправеден.

**146.** Тие на коишто им ја дадовме Книгата го познаваат (Мухамед) како што синовите свои ги познаваат, но некои од нив навистина свесно вистината ја прикриваат.

**147.** Вистината е од Господарот твој, па затоа никако не биди од тие што се сомневаат!

**148.** Секој има свој правец кон кој се насочува, па натпреварувајте се во правењето добри дела! Каде и да сте, Аллах ќе ве собере. Аллах навистина може сè.

**149.** И на секое место на кое ќе се најдеш, ти лицето свое во правец на Светиот Храм сврти го; тоа навистина е Вистината

---

[45] Првите муслимани, во текот на извршувањето на молитвата, се насочувале кон Храмот во Ерусалим. Осумнаесет месеци по селидбата од Мека во Медина, наредено им е на муслиманите во иднина да се насочуваат кон Ќаба во Мека.

[46] Т.е. нема да пропаднат молитвите на тие кои се насочувале кон Храмот во Ерусалим, а умреле пред да им се нареди на муслиманите да се насочуваат кон Ќаба во Мека.

[47] Светиот Храм, Светата џамија е Ќаба со својата одредена околина во Мека. Во понатамошниот текст ќе се употребува терминот Светиот Храм.

од Господарот твој; Аллах не го занемарува тоа што го правите.

**150.** И од секое место на кое ќе се најдеш, ти лицето свое кон Светиот Храм сврти го! И каде и да се наоѓате, вие лицата свои кон него (Светиот Храм) свртете ги, за луѓето да немаат што да ви приговорат, освен тие меѓу нив кои чинат неправда. Не плашете се од нив, туку плашете се од Мене, за благодатта Своја кон вас да ја потполнам и за да бидете на Вистинскиот пат.

**151.** Ние ви испративме еден од вас како Пратеник, за Нашите ајети да ви ги кажува, да ве исчисти и за Книгата и за мудроста да ве подучи, и за тоа што не го знаевте да ве научи.

**152.** Па, сеќавајте се на Мене, и Јас ќе се сетам на вас. И заблагодарувајте Ми и не бидете неверници!

**153.** О, верници, барајте за себе помош во трпеливоста и во намазот (молитвата)! Аллах навистина е на страната на трпеливите!

**154.** И не велете за тие што загинале на Аллаховиот пат: „Мртви се!“ Не, тие се живи, но вие тоа не го знаете.

**155.** Ние ќе ве ставаме на искушение, малку со страв и со глад, и со губење на имотите, животите и посевите ваши. А ти израдувај ги трпеливите,

**156.** тие кои, кога ќе ги снајде некаква неволја, само велат: „Ние сме Аллахови и Нему ќе Му се вратиме“.

**157.** Ним им припаѓаат благословите од Господарот нивен и милоста; тие се на Вистинскиот пат.

**158.** Сафа и Мерва[48], навистина, се Аллахови обредни места. Затоа тој што ќе ја посети Ќаба за

[48] Сафа и Мерва се две свети ритчиња во Мека, во близина на самата Ќаба, помеѓу кои аџиите, откако ќе ја обиколат Ќаба, трчаат или одат брзо од едно до друго 7 пати, симболизирајќи го со тоа напорот на Хаџера (Агара) да најде вода за своето дете (Исмаил) и одржувајќи го споменот на неа.

аџилак[49] или умра[50], не прави никаков престап ако ги обиколи. А тој што доброволно ќе направи некое добро дело, па, Аллах е навистина Благодарен и знае сè.

**159.** Тие што ќе ги кријат јасните докази коишто Ние ги објавивме, и Вистинскиот пат откако на луѓето во Книгата им го означивме, Аллах ќе ги проколне, а ќе ги проколнат и тие што проколнуваат.[51]

**160.** Исклучок ќе бидат тие што ќе се покајат и што ќе се поправат, и што тоа јавно ќе го покажат; на таквите Јас ќе им простам, бидејќи Јас сум Тој што го прима покајанието и Милостив сум.

**161.** На тие што не веруваат и што ќе умрат како неверници, им следи проклетството од Аллах, од мелеците и од сите луѓе.

**162.** Во него вечно ќе останат, а страданието нивно нема да се намалува, ниту ќе им се одложува.

**163.** А вашиот Бог е еден Бог. Нема друг бог освен Него, Семилосниот, Милостивиот!

**164.** Во создавањето на небесата и на Земјата, во менувањето на ноќта и денот, во бродот кој по морето плови натоварен со корисен товар за луѓето и во дождот што Аллах го спушта од небото, па така во живот ја враќа земјата по нејзиното мртвило, по која расеал секакви живи суштества, и во промената на ветровите и во облаците кои лебдат помеѓу небото и Земјата – навистина има знаци за тие што разбираат.

**165.** Има луѓе кои наместо Аллах обожуваат идоли, ги сакаат како што Аллах се сака! Но вистинските верници уште повеќе Го сакаат Аллах! А само кога би знаеле насилниците – кога ќе ја доживеат казната, ќе видат дека само на Аллах сета моќ Му припаѓа и дека Аллах стравотно казнува.

---

[49] Аџилак или Хаџ (ар.) е петтата исламска должност на секој полнолетен и здрав муслиман и муслиманка кој е во финансиска можност да си го допушти ова патување до светиот град Мека во одреден временски период во годината кој е означен како време на аџилак, извршувајќи при тоа одредени обреди и специфични начини на обожување на Бога.

[50] Умра (ар.) е посета на Светиот Храм во Мека кога се извршуваат обреди поинакви од тие на аџилакот. Умрата се извршува при секоја посета на Ќаба, а аџилакот е само еднаш во годината во месецот зулхиџе.

[51] Ангелите и верниците ги проколнуваат.

**166.** Кога тие што беа следени ќе се откажат од своите следбеници и кога врските што ги врзувале ќе бидат прекинати и тие казната ќе ја искусат,

**167.** тогаш нивните следбеници ќе извикаат: „Да можеме само за еден момент да се вратиме[52], па и ние да се откажеме од нив како што и тие се откажаа од нас!“ Ете, така Аллах ќе им ги прикаже нивните дела, погубни за нив, и тие од огнот нема да излезат.

**168.** О, луѓе, јадете од тоа што е на Земјата, што е дозволено и убаво. И не следете ги шејтановите стапки бидејќи тој ви е очигледен непријател!

**169.** Тој ве тера на грев и разврат, и за Аллах да го зборувате тоа што не го знаете.

**170.** А кога ќе им се каже: „Следете го тоа што го објавил Аллах!“ Тие одговараат: „Не, туку ќе го следиме тоа на што ги затекнавме нашите предци.“ Зарем и тогаш кога нивните предци ништо не сфаќаа, ниту пак на Вистинскиот пат беа?!

**171.** Тие што не веруваат се слични на тој што вика, но и самиот не слуша ништо освен повик и лелек. Тие се глуви, неми и слепи – тие ништо не сфаќаат.

**172.** О, верници, јадете од добрата храна со која ве снабдивме и бидете Му благодарни на Аллах, ако навистина само Него Го обожувате!

**173.** Тој навистина ви ги забранува: мршата, крвта, свинското месо и тоа што е заклано во нечие друго име, а не во Аллаховото. А на тој што ќе биде приморан без своја волја и не претерувајќи, тогаш не е негов грев. Аллах навистина простува и Милостив е.

**174.** Навистина, тие што го кријат тоа што Аллах во Книгата го објавил и тоа го продаваат за евтина цена – тие во стомаците свои само оган натрупуваат; на Судниот ден Аллах нема ниту да им се обрати, ниту ќе ги исчисти; нив ги чека болна казна.

**175.** Тоа се тие кои ја зедоа заблудата во замена за Упатството, а казната во замена за прошката; а колку се само тие трпеливи за Огнот!

**176.** Тоа е така затоа што Аллах ја објави Книгата со Вистината, а тие што не се согласуваат за Книгата, навистина се во голема неслога.

**177.** Добродетелството не е во тоа да ги вртите вашите лица

---

[52] На Земјата.

кон исток и запад, туку добродетели се тие кои веруваат во Аллах, во оној свет, во мелеците, во книгите, во веровесниците, и тие што од имотот свој, иако им е мил, им даваат на роднините, на сирачињата, на сиромашните, на патниците, на питачите, и за откуп од ропство, и тие што намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат, и кои кога ќе ги преземат обврските свои, ги исполнуваат, и тие што се издржливи во немаштијата и во болеста, и за време на борба. Тоа се тие што се искрени и тоа се тие што се богобојазливи.

**178.** О, верници! Ви се пропишува одмазда за убиените: слободен за слободниот, роб за робот и жена за жената. А тој за кого од неговиот брат ќе се даде некаков откуп, нека врати со добро, а и тој нека покаже добродетелство.[53] Тоа е олеснување од Господарот ваш, и милост. А кој и после тоа ќе изврши насилство, ќе има болна казна.

**179.** Во одмаздата ви е животот, о, вие обдарени со разум, за да бидете богобојазливи!

**180.** Кога некому од вас смртта ќе му се приближи, па зад себе остава имот, пропишано ви е, како вид на добродетелство, на родителите и на блиските тестамент да им оставите, што е обврска за богобојазливите.

**181.** Тој што тоа ќе го измени откако чул како гласи, гревот навистина паѓа на тие што менуваат; а Аллах навистина слуша и знае.

**182.** Па кој се плаши за оставителот на тестаментот дека направил грешка или грев, па тоа соодветно помеѓу нив го среди, не згрешил. Аллах, навистина, простува и Милостив е.

**183.** О, верници! Ви се пропишува пост, како што им е пропишан и на тие пред вас, за да бидете богобојазливи.

**184.** Одреден број денови; а за тој од вас што е болен или пак патува – да го испости истиот број денови. На тие што тешко го поднесуваат, откуп им е да нахранат еден сиромашен. А кој доброволно даде и повеќе, тоа подобро е за него. А да знаете, подобро ви е да постите.

---

[53] Роднините на убиениот, кои на убиецот му ја простиле крвта, на убав начин да побараат крвнина, а убиецот, исто така, без одолговлекување нека им ја исплати крвнината за убиениот.

**185.** Во месецот рамазан[54] започна објавувањето на Куранот, кој е патоказ за луѓето, јасен доказ за Вистинскиот пат и разликување на доброто од злото. Кој од вас ќе биде дома во тој месец, нека пости, а кој ќе биде болен или ќе биде на пат, нека ги испости истиот број денови. Аллах сака да ви олесни, а не да имате потешкотии, одреден број денови да испостите и Аллах да Го величате за упатството кое ви го даде, и благодарни да бидете.

**186.** А кога робовите Мои ќе те прашаат за Мене, Јас сум, сигурно, блиску: се одѕивам на молбата на молителот кога ќе Ме замоли. Затоа, нека се одѕвијат тие на Мојот повик и нека веруваат во Мене, за да бидат на Вистинскиот пат.

**187.** Ви се дозволува во ноќите на постот да имате однос со сопругите свои; тие се ваша облека, а вие сте нивна облека. Аллах знае дека ви беше тешко, па го прифати вашето покајание и ви прости. Затоа сега состанувајте се со нив и копнејте за тоа што Аллах веќе ви го одредил. Јадете и пијте сè додека не бидете во можност да го разликувате белиот конец од црниот конец во мугрите, а потоа надополнете го постот сè до ноќта. Со жените не смеете да имате однос додека сте во итикаф[55] во џамиите. Тоа се Аллаховите граници и не приближувајте им се! Така Аллах им ги објаснува на луѓето прописите Свои, за да бидат богобојазливи.

**188.** Не трошете го имотот едни на други на нечесен начин, давајќи им дел на судиите за на грешен начин и свесно, дел од имотот на луѓето да си присвоите.

**189.** Те прашуваат за младите месечини. Кажи: „Тоа им се ознаки на луѓето за време и за аџилак.“ Не е добродетелство да влегувате во куќите од задната страна, туку добродетел е тој што е

---

[54] Рамазан е деветтиот месец од исламскиот лунарен календар. Во овој месец сите денови се поминуваат во пост, при што верникот апстинира од секакво телесно задоволство (храна, вода, интимни односи) во текот на денот од зори до зајдисонце. Постот е еден од петте столбови на исламот и облигативна должност за секој возрасен и здрав муслиман.

[55] Итикаф – престој во џамија определено време со посебни правила на однесување, со цел за продлабочување на побожноста.

богобојазлив.[56] Во куќите влегувајте на вратите нивни и плашете се од Аллах за да успеете.

**190.** И борете се на Аллаховиот пат против тие што се борат против вас, но не преминувајте ги границите! Аллах, навистина, не ги сака тие што ги пречекоруваат границите.

**191.** И убивајте ги каде и да ги сретнете, и прогонете ги од каде што тие вас ве прогонија. А идолопоклонството е полошо од убивањето! И не борете се со нив кај Светиот Храм, додека тие таму не ве нападнат. Ако ве нападнат, тогаш убивајте ги! Таква е казната за неверниците.

**192.** А ако престанат, па Аллах, навистина, простува и Милостив е.

**193.** И борете се против нив сѐ додека не исчезне идолопоклонството и додека само на Аллах верата Му се исповедува. Па ако престанат, тогаш непријателството престанува, а единствено против насилниците останува.

**194.** Светиот месец е за свет месец, а и во светите месеци вреди одмаздата: на тие што ќе ве нападнат возвратете им со иста мерка и плашете се од Аллах, и знајте дека Аллах е на страната на богобојазливите.[57]

**195.** И трошете го имотот на Аллаховиот пат, и самите себеси во пропаст не доведувајте се, и правете добро; Аллах, навистина, ги сака добродетелите.

**196.** Аџилакот и умрата заради Аллах извршете ги![58] А ако бидете спречени, тогаш курбаните кои ќе ви се најдат при рака заколете ги, а главите свои, додека курбаните не стигнат до местото свое, не бричете ги! А ако некој меѓу вас се разболи или главоболка го мачи, со пост, со милостина или со курбан нека се искупи! Кога ќе бидете безбедни, кој ќе изврши умра со аџилакот нека заколе курбан до кој ќе може да дојде! А тој што не може да го најде, нека пости

---

[56] Предисламските Арапи биле многу суеверни и во деновите на аџилакот влегувале во своите куќи од задниот влез.

[57] Светиот месец е свет месец, т.е. ако многубошците ве нападнат во светите месеци во кои е забрането да се пролева крв, вие возвратете им, не осврнувајќи се на тоа што е свет месец. Свети месеци во лунарниот исламски календар во кои е забранета борбата се: мухарем, зулкаде, зулхиџе и реџеб.

[58] Значи, исчистете ги своите намери и овие обреди извршувајте ги само со цел за придобивање на Аллаховото задоволство. Овие обреди изискуваат голема материјална и здравствена подготвеност и жртвување, но и наградата од Аллах е огромна за нив!

три дена во деновите на аџилакот, и седум дена откако ќе се врати, односно, полни десет дена. Тоа е за тој чиешто семејство не е присутно во Светиот Храм. И плашете се од Аллах и знајте дека Тој жестоко казнува!

**197.** Аџилакот е во познатите месеци;[59] тој што ќе се обврзе дека во нив ќе изврши аџилак не смее да има однос со сопругата, ниту нешто лошо да прави, ниту да се препира во текот на аџилакот. А за доброто кое ќе го сторите Аллах знае. Снабдете се за на пат, а најдоброто снабдување е богобојазливоста. И плашете се од Мене, о, вие со разум обдарени!

**198.** Не ви е грев од Господарот свој да барате некое добро.[60] А кога ќе тргнете од Арефат[61], спомнувајте Го Аллах кај Мешарил Харам[62]; спомнувајте Го, бидејќи Тој ве упати, а претходно бевте во заблуда.

**199.** А потоа тргнете од каде што тргнуваат и останатите луѓе и барајте прошка од Аллах. Аллах навистина простува и Милостив е.

**200.** А кога ќе завршите со обредите ваши, спомнувајте Го Аллах како што ги спомнувате предците ваши, па и повеќе од тоа! Има луѓе што велат: „Господару наш, дај ни Ти нам на овој свет!“ Тие од добрата на оној свет нема ништо да имаат.

**201.** А има и такви што велат: „Господару наш, дај ни добро на овој и на оној свет и сочувај нè од казната во огнот!“

**202.** Ним им припаѓа наградата која ја заслужија! Аллах навистина брзо ги израмнува сметките.

**203.** И спомнувајте Го Аллах во определените денови![63] А на тој што ќе побрза, па ќе го стори тоа во два дена, не му е грев, како што не му е грев ни на тој што подолго ќе остане, доколку

[59] Аџилакот е во одредени месеци. Тоа се месеците: шевал, зулкаде и зулхиџе.

[60] За време на траењето на аџилакот тргувајте и заработувајте.

[61] Арефат е висорамнина оддалечена од Мека неколку километри, на која во деветтиот ден од месецот зулхиџе мораат да се соберат сите аџии како најважен дел од обредите на аџилакот. Тој ден е најдобриот ден во годината, а Аллах им ги прифаќа молбите (довите) на аџиите кои се наоѓаат таму и Го молат!

[62] Се однесува на Музделифа, место помеѓу Мина и Арефат, кога аџиите се враќаат кон Светиот Храм во Мека.

[63] Тоа е првиот ден од Курбан Бајрам и три дена по него, т.е. 11., 12. и 13. ден од месецот зулхиџе, кога аџиите сè уште ги изведуваат своите обреди и привршуваат со нив.

е богобојазлив. И плашете се од Аллах и знајте дека пред Него сите ќе бидете оживеани.

**204.** Има луѓе чиишто зборови за животот на овој свет те одушевуваат и кои се повикуваат на Аллах како сведок за тоа што е во срцата нивни, а тие се најлути противници.

**205.** Штом некој од нив се сврти од тебе, тргнува по Земјата неред да прави, уништувајќи ги посевите и добитокот. А Аллах не сака неред!

**206.** И кога ќе му се рече: „Плаши се од Аллах!“, тој тогаш се гордее со грешењето. Па доволен му е Џехенемот, а тој навистина е грозно живеалиште.

**207.** Има луѓе кои се жртвуваат тежнеејќи кон Аллаховото задоволство. А Аллах е милостив кон робовите Свои.

**208.** О, верници, влезете во исламот потполно и не одете по стапките на шејтанот; тој ви е, навистина, отворен непријател!

**209.** А ако скршнете, откако ви дојдоа јасни докази, тогаш знајте дека Аллах е Силен и Мудар.

**210.** Чекаат ли тие да им дојде Аллах во темнините на облаците, и мелеците, и да биде крај на сѐ?! А на Аллах сѐ Му се враќа!

**211.** Прашај ги синовите Израилови колку јасни докази им дадовме! А тие што ја заменуваат благодатта Аллахова откако веќе им дојде, па Аллах, навистина, стравично казнува!

**212.** Животот на овој свет им е разубавен на неверниците и тие им се потсмеваат на верниците. А на Судниот ден, тие што се плашеле од Аллах, ќе бидат над нив! А Аллах снабдува кого сака, без сметка.

**213.** Сите луѓе сочинуваа една заедница, па Аллах ги праќаше веровесниците да донесуваат радосни вести и опомена, и по нив ја праќаше Книгата со Вистината, за по неа да им се суди на луѓето за она за што тие не се согласуваа. А повод за несогласувањето беше меѓусебната завист, токму од страната на оние на кои им е дадена (Книгата), и тоа кога веќе им дојдоа јасни докази; и потоа Аллах, по волјата Своја, ќе ги упатеше верниците да ја сфатат вистина за она за што не се согласуваа. А Аллах го упатува на Правиот пат тој кого Тој сака.

**214.** Зарем мислите дека ќе влезете во Џенетот, а сѐ уште не сте го искусиле тоа што го искусија тие што пред вас беа и ис-

чезнаа? Нив сиромаштија и болест ги снаоѓаше, и толку беа вознемирувани што и Пратеникот и тие што со него веруваа, велеа: „Кога, веќе, ќе дојде Аллаховата помош?!“ Ете, Аллаховата помош е навистина блиску!

**215.** Те прашуваат што да даваат: Кажи: „Имотот кој ќе го давате нека им припадне на родителите и на роднините, на сирачињата, на сиромашните, и на патниците; а за доброто кое го правите Аллах сигурно знае!“

**216.** Ви се пропишува борба, иако не ви е по волја! Можеби не сакате нешто, а тоа е добро за вас; можеби сакате нешто, а тоа е лошо за вас! Аллах знае, а вие не знаете.

**217.** Те прашуваат за светиот месец, за војувањето во него. Кажи: „Војувањето во него е голем грев; но неверувањето во Аллах и одвраќањето од Неговиот пат и од Светиот Храм и прогонувањето на неговите жители од него е уште поголем грев кај Аллах.“ А идолопоклонството е поголем грев од убивањето! Тие непрекинато ќе се борат против вас, за да ве одвратат од верата ваша, доколку можат. А тие меѓу вас кои од верата ќе отпаднат и како неверници ќе умрат – нивните дела ќе бидат поништени и на овој и на оној свет. Жители на Огнот ќе бидат и во него вечно ќе останат.

**218.** Тие што веруваат и што ќе се иселат и ќе се борат на Аллаховиот пат, тие се надеваат на Аллаховата милост. А Аллах простува и Милостив е.

**219.** Те прашуваат за виното и за коцкањето. Кажи: „Во двете има штета, а и придобивки за луѓето, само што гревот од нив е поголем од користа нивна.“ И те прашуваат што да даваат (милостина). Кажи: „Вишокот!“ Ете, така Аллах ви ги објаснува прописите за да размислите

**220.** и за овој и за оној свет. И те прашуваат за сирачињата. Кажи: „Да им се помогне на нив е добро!“ А ако живеете заедно со нив, па тие се ваши браќа! Аллах ја знае разликата помеѓу расипникот и добродетелот! Да сакаше Аллах, можеше да ви го пропише и тоа што ви е тешко! Тој е, навистина, Силен и Мудар.

**221.** Не женете се со идолопоклоничките сè додека не станат вернички; навистина, робинката-верничка е подобра од идолопоклоничката, макар и да ви се допаѓа. Не мажете вернички за идолопоклоници сè додека не станат верници; навистина,

робот-верник е подобар од идолопоклоникот, макар и да ви се допаѓа. Тие повикуваат во Огнот, а Аллах со волјата Своја повикува кон Џенет и простување, и им ги објаснува знаците Свои на луѓето, за да се потсетуваат!

**222.** И те прашуваат за месечниот циклус. Кажи: „Тоа е непријатност." Затоа немојте да имате интимни односи со сопругите за време на нивниот месечен циклус, и не приоѓајте им сѐ додека не се искапат! А кога ќе се искапат, приоѓајте им така како што Аллах ви наредил! – Аллах навистина ги сака тие што се каат и ги сака тие што се чистат.

**223.** Сопругите ваши се ниви ваши, а вие приоѓајте им на нивите ваши како што сакате! А подгответе нешто и за душите свои! И плашете се од Аллах и знајте дека ќе се сретнете со Него! А ти израдувај ги вистинските верници!

**224.** И заклетвата во Аллах нека не ви биде пречка да правите добро, од Аллах да се плашите и луѓето да ги помирувате. А Аллах сѐ слуша и сѐ знае.

**225.** Аллах нема да ве казни ако се заколнете ненамерно, но ќе ве казни ако под заклетва направите нешто намерно. А Аллах простува и Благ е.

**226.** Тие што ќе се заколнат дека нема да им се приближуваат на сопругите свои, ќе почекаат четири месеци![64] Па ако им се вратат на жените, Аллах, навистина, простува и Милостив е.

**227.** А ако одлучат да се разделат, па, Аллах, навистина, сѐ слуша и сѐ знае.

**228.** Разведените жени нека чекаат три свои месечни циклуси;[65] и не им е допуштено да го кријат тоа што Аллах го создал во матките нивни, ако веруваат во Аллах и оној свет! Мажите нивни имаат право, додека тие чекаат, да ги повратат, ако сакаат што било да поправат.[66] Тие (жените) имаат исто толку права колку и должности, по тоа што е познато. А мажите имаат

[64] Предисламските Арапи, најчесто во лутина, се колнеле дека нема да имаат односи со своите жени, и жените во тој случај поминувале низ тежок живот. Со овој ајет се пропишува дека мажот ќе ја изгуби таа жена со која нема да има односи во текот на четири месеци.

[65] Да се види дека не се бремени за да можат повторно да се омажат.

[66] Додека жената чека да ѝ поминат три месечни циклуси, мажот, кој се развел од неа, има право да побара од неа да го продолжат брачниот живот.

предност над нив за еден степен! А Аллах е навистина Силен и Мудар.

**229.** Разводот може да биде двапати, по што или великодушно задржете ги или на убав начин развод дадете им! А вам не ви е допуштено да земате што било од тоа што сте им го подариле, освен ако двајцата се плашат дека Аллаховите прописи нема да ги извршуваат. А ако стравувате дека двајцата Аллаховите прописи нема да ги извршуваат, тогаш не прават грев таа да се откупи.[67] Тоа се Аллаховите граници, па не пречекорувајте ги! А тие што Аллаховите граници ги пречекоруваат, тие се неправедни!

**230.** А ако повторно ја разведе,[68] после тоа таа не му е допуштена сè додека не се омажи за друг маж. Па ако овој ја разведе, тогаш не е грев двајцата повторно заедно да бидат, ако мислат дека Аллаховите прописи ќе ги извршуваат. Тоа се Аллаховите граници кои Тој им ги објаснува на луѓето кои знаат.

**231.** Кога ќе ги разведете сопругите, па тие ќе го исполнат својот разводен рок, тогаш или на убав начин задржете ги или широкоградно отпремете ги. И не задржувајте ги нанесувајќи им штета, а тој што така ќе постапи, себеси насилство си сторил! Не играјте си со Аллаховите прописи и сетете се на Аллаховата благодат кон вас, и што ви ги објавил Книгата и мудроста со коишто ве советува. Плашете се од Аллах и знајте дека Аллах знае сè.

**232.** А кога ќе ги разведете сопругите ваши и тие ќе го исполнат својот разводен рок, не пречете им тие повторно да се омажат за своите сопрузи, кога ќе се сложат дека убаво ќе живеат. Со ова се советуваат тие меѓу вас кои веруваат во Аллах и во оној свет. Тоа ви е почисто и почестито. А Аллах знае, а вие не знаете.

**233.** Мајките нека ги дојат децата свои полни две години, доколку сакаат доењето да биде потполно. Таткото на детето е должен според својата можност да го храни и да го облекува на примерен начин. Никој нека не се задолжува над можностите свои: мајката не смее да трпи штета заради детето свое, а ниту таткото

---

[67] Жената може, на пример, да се откаже од венчалниот подарок со цел мажот да го прифати разводот.

[68] Т.е. ако од истата жена се разведе по третпат.

заради детето свое! И наследникот има слични обврски.[69] А ако тие двајцата, на убав начин и со договор, одлучат детето да го одбијат, не се грешни! А ако посакате на децата свои доилка да им најдете, не правите грев кога ќе го предадете тоа што на убав начин сакате да го дадете. Плашете се од Аллах и знајте дека Аллах добро гледа што правите.

**234.** Сопругите се должни да чекаат четири месеци и десет дена по смртта на своите сопрузи. И кога тие ќе го исполнат пропишаниот рок, вие не сте одговорни за тоа што тие, по прописот, ќе го направат. А Аллах добро го знае тоа што го правите.

**235.** И не е грев ако на тие жени им дадете до знаење дека ќе ги запросите, или ако тоа во душите ваши го криете. Аллах знае дека за нив ќе размислувате, но потајно ништо не им ветувајте, туку само чесно говорете им. И не решавајте се за брак пред да истече пропишаното време за чекање; и имајте на ум дека Аллах знае што има во душите ваши, па сочувајте се од Него, и знајте дека Аллах простува и дека е Благ.

**236.** Не е грешно ако се разведете од сопругите пред да стапите во однос со нив, или пред да им ги одредите венчалните дарови. И широкоградо дарувајте ги со дар, според прописите: богатиот според својата положба, а сиромавиот според својата; тоа е должност за тие што сакаат добро дело да направат.

**237.** А ако се разведете пред да стапите во однос со нив, а веќе сте им одредиле венчални дарови, тие ќе задржат половина од тоа што сте го одредиле, освен ако не се откажат или ако не се откаже тој што одлучува за склопувањето на бракот[70]; а доколку вие се откажете (од даровите) – тоа е поблизу до богобојазливоста! И не заборавајте да бидете добри едни кон други! Аллах навистина гледа што правите.

**238.** Чувајте го намазот (молитвата), особено средниот намаз, и пред Аллах понизно стојте.

**239.** А ако стравувате од нешто, тогаш клањајте одејќи или јавајќи! А кога сте на сигурно,

[69] И наследникот е должен на сето ова. Ако умре таткото, тогаш старателот на неговото малолетно дете ќе ја издржува и мајката на детето од имотот на малолетното дете.
[70] Тука се мисли на старателот на жената кој е нејзин легален застапник и заштитник во случај на каков било спор во бракот и по него.

спомнувајте Го Аллах така како што Тој ве научи на тоа што вие не го знаевте.

**240.** На тие меѓу вас на кои смртта им се приближува, а кои зад себе ги оставаат сопругите – треба со тестамент, за една година однапред, издршка да им обезбедат, а тие (жените) да не се оддалечуваат од домот. А ако самите го напуштат, вие не сте грешни за тоа што тие со себе, според прописите, ќе го сторат. А Аллах е Силниот и Мудриот.

**241.** На разведените жени им припаѓа отпремнина во склад со прописот и тоа е обврска за богобојазливите!

**242.** Така Аллах ви ги објаснува Своите прописи, за да размислите!

**243.** Зарем не знаеш за тие што поради стравот од смртта избегаа од својата земја – а беа илјадници, па Аллах им рече: „Умрете!“, а потоа ги оживеа. Аллах е, навистина, добар кон луѓето, а повеќето луѓе се неблагодарни.

**244.** И борете се на Аллаховиот пат и знајте дека Аллах сѐ слуша и сѐ знае.

**245.** Кој е тој кој на Аллах доброволно заем ќе Му даде, па Тој многукратно да му врати? Аллах ускратува и обилно дава, и Нему ќе Му се вратите.

**246.** Зарем не знаеш дека првачите на синовите Израилови после Муса на својот веровесник[71] му рекоа: „Испрати ни крал за да се бориме на Аллаховиот пат!“ „Можеби вие нема да се борите, ако ви биде пропишана борбата?“ – рече тој. „Зошто да не се бориме на Аллаховиот пат,“ – рекоа – „а ние од земјата наша сме прогонети и од синовите наши одвоени?“ А кога им се пропиша борбата, тие, освен малкумина, избегаа! А Аллах добро ги знае тие што неправедно постапуваа.

**247.** „Аллах ви го прати Талут за владетел.“ – им рече нивниот веровесник. „Како може тој да ни биде владетел кога ние сме

[71] Веровесник (ар. Небиј) е исто така човек кој е избран и пратен од Бога со цел за опоменување на луѓето да се вратат кон Вистинскиот пат обожувајќи го Единиот Бог и покорувајќи Му се само Нему. Разликата помеѓу Пратеник и Веровесник е во тоа што на Пратеникот му доаѓала објава во вид на посебен верозакон (Откровение, Објава) кој бил должен да им го соопшти на луѓето, додека Веровесникот, по Божји налог, ги соопштувал и ги обновувал претходните верозакони. Оттука, Пратеникот може да биде и Веровесник, но Веровесникот не може да биде Пратеник, па така Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, е Пратеник и Веровесник.

подостојни од него за да владееме? Нему не му е дадено ниту големо богатство“. – рекоа тие. „Аллах го избра него за да владее со вас“. – рече тој – „и со големо знаење и со телесна сила го обдари! Аллах дава власт кому Тој сака! Аллах е неизмерно добар и Сезнаен“.

**248.** „Знак на неговата власт“ – им рече веровесникот нивен – „ќе биде ковчегот кој ќе ви пристигне и ќе го носат мелеци, а во него ќе има спокој за вас од Господарот ваш и остаток од тоа што Муса и Харун[72] го оставија.[73] Тоа, навистина, ви е знак, ако сте верници!“

**249.** И кога Талут со војската излезе, рече: „Аллах ќе ве стави на искушение покрај една река, па кој ќе се напие од неа, не е мој, а кој нема да се напие, тој е мој, освен ако со дланката зафати голтка.“ И тие, освен малкумина од нив, се напија од реката. И кога ја преjдоа, тој и тие кои заедно со него веруваа, рекоа: „Ние денес не можеме да излеземе на крај со Џалут (Голијат) и војската негова!“ Но, тие што цврсто веруваа дека ќе Го сретнат Аллах, рекоа: „Колку пати малубројните групи ги совладувале многубројните групи, со Аллахова волја!“ А Аллах е на страната на трпеливите.

**250.** И кога излегоа пред Џалут и војската негова, рекоа: „Господару наш, вдахни ни издржливост и зацврсти ги нозете наши и помогни ни против народот кој не верува!“

**251.** И тие, со Аллахова волја, ги поразија, а Давуд[74] го уби Џалут, и Аллах му даде власт и мудрост, и го научи за тоа што Тој сакаше. А да не ги сузбива Аллах луѓето едни со други, на Земјата, навистина, неред би настанал! Но, Аллах е добар за сите светови.

**252.** Тоа се Аллаховите знаци кои Ние тебе вистинито ти ги кажуваме. А ти, навистина, си еден од Пратениците!

**253.** Некои од тие Пратеници ги одликувавме едни над други. Со некои од нив Аллах зборуваше, а некои за повеќе степени ги

---

[72] Харун – Старозаветниот пророк Арон, братот на Мојсеј. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[73] Во ковчегот имало остатоци од плочите, стапот и облеката на Муса и турбанот на Харун.

[74] Давуд – Старозаветниот пророк Давид. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

издигна. А на Иса, синот Мерјемин, јасни докази му дадовме и со Џибрил го поддржавме. Да сакаше Аллах, тие по нив немаше меѓусебно да се убиваат, кога јасни докази веќе им дојдоа, но тие не се согласуваа: некои од нив веруваа, а некои негираа. А да сакаше Аллах, тие немаше меѓусебно да се убиваат! Но Аллах прави што Тој сака.

**254.** О, верници, дајте дел од тоа со што Ние ве снабдуваме, пред да дојде Денот кога нема да има ни откупи, ниту пријателства, ниту посредништва! А неверниците се навистина неправедни!

**255.** Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател! Не Го обзема ни дремка ни сон! Негово е тоа што е на небесата и на Земјата! Кој може кај Него да се зазема освен со Негова дозвола?! Тој знае што било пред и што ќе биде по нив, и тие не можат да опфатат од Неговото знаење, освен колку што Тој сака! Неговиот Курсиј[75] ги опфаќа и небесата и Земјата, и Нему не Му е тешко да ги одржува! Тој е Севишниот, Величествениот!

**256.** Нема присилба кон верата, Вистинскиот пат јасно се разликува од заблудата! Тој што не верува во тагутот[76], а верува во Аллах, се држи за најцврстата врска, којашто нема да се прекине! А Аллах сѐ слуша и сѐ знае.

**257.** Аллах е заштитник на верниците, ги изведува од темнините на светлина, а на неверниците заштитници им се тагутите, тие ги втеруваат од светлината во темнините; Тоа се жителите на Огнот и во него вечно ќе останат.

**258.** Зарем не знаеш за тој што се препираше со Ибрахим за Господарот негов, кога Аллах царство му даде? Кога Ибрахим рече: „Мој Господар е Тој кој дава живот и смрт"., тој одговори: „Јас оживувам и усмртувам!" „Аллах прави Сонцето да изгрева од

[75] Курсиј (ар.) – пиедестал. Курсијот не треба да се поистоветува со Аршот (Тронот), кој според хадисите е поинаков и поголем. Ебу Зер пренесува дека Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, рекол: „Се колнам во Тој во Чија рака е мојот живот, седумте небеса и седумте Земји според пространството на Курсијот се само како алка поставена во овоземската пустина. Курсијот спрема Аршот е само како железна алка поставена меѓу две пустини на Земјата!"

[76] Тагут (ар.) – сето она што се обожува покрај Аллах, може да биде во форма на човек, животно, шејтан, џин, нешто реално или фиктивно.

исток,“ – рече Ибрахим – „па ти направи да излезе од запад!“ И неверникот се збуни. А Аллах навистина не ги упатува насилниците на Вистинскиот пат.

**259.** Или за тој кој поминувајќи крај еден град кој беше до темели разрушен и пуст, повика: „Како Аллах ќе ги оживее овие што умреле?“ А Аллах го направи мртов стотина години, а потоа го оживеа и го запраша: „Колку остана?“ – „Ден или дел од денот“. – одговори. „Не!“ – рече Тој – „остана стотина години. Погледни ја храната своја и пијалакот свој, не се расипале! А погледни го и магарето свое, да те направиме доказ за луѓето, а погледни ги и коските, како ги составуваме, а потоа со месо ги обложуваме“. И кога нему му стана јасно, тој повика: „Јас знам дека Аллах може сè!“

**260.** А кога Ибрахим рече: „Господару мој, покажи ми како ги оживуваш мртвите!“ – Тој рече: „Зарем не веруваш?” – „Секако дека верувам,“ – одговори тој – „но, за да ми се смири срцево“. – „Земи четири птици“ – рече Тој – „и исечи ги, па делови од нив стави на секое ритче! Потоа повикај ги, ќе ти дојдат итајќи! Знај дека Аллах е Силен и Мудар.“

**261.** Примерот на тие што имотот свој го трошат на Аллаховиот пат е сличен со тој што ќе посее зрно од кое никнуваат седум класа и во секој клас по стотина зрна. А Аллах зголемува кому Тој сака! Аллах е неизмерно добар и Сезнаен!

**262.** На тие што го трошат имотот свој на Аллаховиот пат, а тоа што ќе го потрошат да не го пропратат со приговарање и навредување, им припаѓа награда од Господарот нивен! За нив нема страв, ниту пак ќе тагуваат.

**263.** Добриот збор и прошката се повредни од милостината пропратена со навредување. А Аллах е независен од секого и Благ е.

**264.** О, верници, не ги расипувајте своите милостини со приговарања и навреди, како што тоа го прави тој што го троши својот имот за да се покаже пред луѓето, а не верувајќи во Аллах и во другиот свет! Примерот негов е како примерот за мазната карпа на која има земја, па ќе ја погоди пороен дожд и ќе ја оголи! Тие нема да добијат никаква награда за тоа што го направиле. А Аллах не ги упатува на Вистинскиот пат луѓето што не веруваат.

**265.** Тие што го трошат својот имот со желба за Аллаховото задоволство и сигурни се во наградата за тоа, наликуваат на градина на висорамнина на која паѓа обилен дожд, па дава двојно поголем род; ако нема обилен дожд, тогаш има ситна роса! А Аллах добро го гледа тоа што го правите!

**266.** Дали некој од вас би сакал да поседува градина полна со палми игрозје, под која реки течат и во која има секакви плодови, а да остарел и да има слаби деца, па тогаш преку неа огнен виор да наиде и таа да изгори?! Така Аллах ви ги објаснува знаците Свои, за да размислите!

**267.** О, верници, давајте од убавите работи што сте ги стекнале, и од тоа што Ние од Земјата сме ви го извеле! Не издвојувајте го тоа што не вреди за да го дадете, кога ни вие тоа не би го примиле, освен со затворени очи! И знајте дека Аллах е независен и достоен за благодарност!

**268.** Шејтанот ве плаши со сиромаштво и ве наведува на зло, а Аллах ви ветува прошка и награда од Него; Аллах е неизмерно добар и Сезнаен.

**269.** Тој дарува мудрост кому сака, а тој на кого мудроста му е дадена, дадено му е големо добро! А само обдарените со разум поуката ја прифаќаат!

**270.** За сè што ќе потрошите или ќе се заветите – Аллах, сигурно, знае! А на насилниците им нема помагач!

**271.** Убаво е ако јавно давате милостина, но подобро е за вас да ја давате на сиромашните кога никој не гледа, и Тој ќе ги покрие вашите лоши дела! А Аллах добро знае што правите!

**272.** Не зависи од тебе нивното упатство, затоа што Аллах го изведува на Вистински пат оној кого Тој сака. Доброто што го давате е ваше, давајте само со желба за Аллаховото лице! А тоа што од имотот ќе го дадете на другите ќе ви биде потполно надокнадено и нема да ви биде направена неправда!

**273.** Милостината им припаѓа на сиромашните кои се истоштени на Аллаховиот пат, па не можат да заработуваат, па тој што не знае мисли дека се богати поради нивната скромност и воздржливост! Ќе ги познаеш по нивниот изглед, затоа што тие не им додеваат на луѓето просејќи. А за тоа што од добрата на другите ќе им дадете, Аллах, сигурно, знае!

**274.** Тие што даваат од имотот свој, ноќе и дење, тајно и

јавно, им припаѓа наградата од Господарот нивен! За нив нема страв, ниту пак ќе тагуваат.

**275.** Тие што се хранат од каматата нема да се кренат, освен како тој кого допирот на шејтанот го избезумил. Тоа е затоа што велеа: „Каматата е иста како и трговијата". А Аллах ја дозволил трговијата, а ја забранил каматата. На тој до кого ќе стигне поуката од Господарот негов, па се оттргне од тоа, му припаѓа тоа што претходно го стекнал, а неговиот случај Му е препуштен на Аллах. А тие кои тоа повторно ќе го сторат, ќе бидат жители на Огнот, каде вечно ќе останат.

**276.** Аллах ја уништува каматата, а ги намножува милостините. Аллах не сака ниту еден неверник, грешник!

**277.** Тие што веруваат и прават добри дела, и намазот (молитвата) го извршуваат, и зекат даваат, ги чека награда кај Господарот нивен. За нив нема страв, ниту пак ќе тагуваат.

**278.** О, верници, плашете се од Аллах и откажете се од тоа што останало од каматата, ако сте верници.

**279.** Ако не го сторите тоа, ви се навестува војна од Аллах и од Неговиот Пратеник! А ако се покаете, ви припаѓаат главнините од имотите ваши; ниту некого ќе оштетите, ниту ќе бидете оштетени.

**280.** А ако должникот е во неволја, тогаш причекајте додека му биде полесно; а уште подобро за вас ќе биде ако долгот го дадете како милостина, да знаете!

**281.** И плашете се од Денот кога сите кај Аллах ќе бидете вратени, а потоа секому тоа што го заслужил ќе му се исплати! Никому неправда нема да му биде направена.

**282.** О, верници, запишете кога еден од друг позајмувате до одреден рок. И еден писар помеѓу вас тоа праведно нека го напише и писарот нека не се воздржува да напише така како што Аллах го подучил! Тој нека пишува, а должникот нека му кажува! Нека се плаши од Аллах, Господарот свој, и нека не изостави ништо од тоа! А ако должникот е умно ограничен или слаб, или ако не е во состојба да говори, тогаш нека диктира неговиот старател и тоа праведно! И земете двајца сведоци меѓу вас, па ако не најдете двајца мажи, тогаш еден маж и две жени од кои сте задоволни како сведоци. Ако едната од двете нешто погрешно каже, другата нека ја потсети. Сведоците треба да се одѕвијат на секој повик. Нека не ви биде мака тоа да

го запишете со рок на враќање, било да е долгот мал или голем! Тоа ви е поисправно кај Аллах и при сведочењето посилно, и за да не се сомневате подобро, освен ако станува збор за секојдневна трговија која ја извршувате меѓу вас, бидејќи тогаш не е грев ако тоа не го запишете! Земете сведоци и кога склучувате купопродажни договори, и нека не биде оштетен ни писарот ни сведокот! А ако го сторите тоа, тогаш тоа е ваш грев! И плашете се од Аллах и Аллах ќе ве подучи. Аллах добро знае сè!

**283.** Ако сте на пат, и не најдете писар, тогаш нека се земе залог. А ако еден на друг нешто си довериите, тогаш на тој што му е доверено, нека го исполни тоа и нека се плаши од Аллах, Господарот свој! И не сокривајте го сведочењето, бидејќи срцето на тој што ќе го ускрати, ќе биде грешно! А Аллах добро знае што правите!

**284.** Аллахово е сè што е на небесата и на Земјата! Било да го покажувате тоа што е во душите ваши или да го криете, Аллах за тоа ќе ве праша, па ќе му прости на тој што сака, а ќе го казни тој што сака! Аллах е Семоќниот.

**285.** Пратеникот верува во тоа што му се објавува од Господарот негов, и верниците, секој од нив верува во Аллах, и во мелеците Негови, и во Книгите Негови, и во Пратениците Негови: „Ние не правиме поделба меѓу Пратениците Негови“. И велат: „Слушаме и се покоруваме. Те молиме за прошка, Господару наш, Тебе ќе Ти се вратиме“.

**286.** Аллах никого не оптоварува преку неговите можности; во негова корист е доброто кое го стекнал, а на негова штета е злото кое го стекнал! „Господару наш, не казнувај нè ако заборавиме или ако нешто не сакајќи направиме! Господару наш, не товари нè со товарот кој си им го натоварил на тие пред нас! Господару наш, не оптоварувај нè со тоа за кое немаме сила! Избриши ни ги гревовите наши, прости ни и смилувај ни се! Ти си нашиот Господар, па помогни ни против народот кој не верува!“

## 3. Поглавје
# Али Имран
*Семејството на Имран*
Медина – 200 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим!

**2.** Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател!

**3.** Тој ти ја објавува Книгата со Вистината, која ги потврдува претходните, а и Тевратот[77] и Инџилот[78] ги објавил **4.** Претходно, како патоказ за луѓето, а го објавил и Фурканот[79]. На тие што не веруваат во Аллаховите ајети им припаѓа тешка казна; а Аллах е силен и жестоко казнува!

**5.** На Аллах, навистина, ништо не Му е скриено, ниту на Земјата ниту на небото!

**6.** Тој во матките ве обликува како што Тој сака; нема друг бог освен Него, Силниот и Мудриот!

**7.** Тој ти ја објавува Книгата во која се јасните ајети; тие се темели на Книгата, а останатите се помалку јасни. Тие во чиишто срца е скршнувањето ги следат нејасните ајети тежнеејќи за интриги и сопствено толкување. А толкувањето нивно го знае само Аллах! Тие што се упатени во науката, велат: „Ние веруваме во нив, сите тие се од Господарот наш!“ А само разумните сфаќаат!

**8.** „Господару наш, не скршнувај ги срцата наши откако веќе си нè упатил, и подари ни ја Својата милост! Ти си, навистина, обилниот Дарувач!

**9.** Господару наш, Ти ќе ги собереш сите луѓе на Денот во кој нема никаков сомнеж“. Аллах, навистина, не го прекршува Своето ветување!

**10.** На тие што не веруваат нема ништо да им користат богатствата нивни, ни децата нивни кај Аллах, и тие ќе бидат гориво за Огнот!

---

[77] Под Теврат (Тора) се подразбираат петте први книги на Библијата, т.е. Мојсеевото Петокнижие (Битие, Исход, Левит, Броеви и Повторени закони) кои што се дел од Стариот Завет.

[78] Под Инџил се подразбира Евангелие, Откровението кое што му било објавено на Исус, а не писмата напишани подоцна од неговите следбеници и собрани во Новиот Завет.

[79] Под Фуркан (ар.) се подразбира Куранот, а значи „Тој што ја одделува вистината од невистината“. Тоа е едно од имињата на Куранот.

**11.** Како што тоа веќе се фараоновите луѓе и тие пред нив кои ги сметаа доказите Наши за лажни, па заради гревовите нивни Аллах ги уништи. А Аллах жестоко казнува.

**12.** Кажи им на тие што не веруваат: „Ќе бидете победени и во Џехенемот ќе бидете собрани, а тоа е грозно престојувалиште!“

**13.** Имавте знак во двете групи кои се судрија[80]: едната која се бореше на Аллаховиот пат, и другата, неверничка, на која ѝ се причинуваше дека пред себе има двапати повеќе противници. А Аллах со Својата помош поддржува кого Тој сака! Тоа е, навистина, поука за тие што гледаат далеку.

**14.** На луѓето им е разубавен копнежот кон страстите, жените, синовите, куповите од злато и сребро, расните коњи, добитокот и посевите. Тоа се наследувањата од овосветскиот живот; а најубавото место за враќање е кај Аллах!

**15.** Кажи: „Сакате ли да ви кажам што е подобро од тоа? Тие што ќе бидат богобојазливи кај Господарот свој ќе имаат џенетски градини под кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат, и сопруги чисти и задоволство од Аллах!“ А Аллах добро ги гледа робовите Свои!

**16.** Тие што велат: „Господару наш, ние навистина веруваме, па прости ни ги гревовите наши и сочувај нè од страдањето во Огнот!“

**17.** Трпеливи, и искрени, и на Аллах послушни, и кои од имотот даваат и кои во последните часови од ноќта за прошка молат“.

**18.** Аллах сведочи дека нема друг бог освен Него, а и мелеците (ангелите) и учените, постапувајќи праведно. Нема друг бог освен Него, Силниот и Мудриот!

**19.** За Аллах единствено исламот е вистинска вера. А тие на кои им е дадена Книгата се раздвоија во моментот кога им дојде знаењето и тоа од меѓусебна завист. А Аллах брзо ќе се пресмета со тие што не веруваат во Аллаховите зборови!

**20.** Ако тие се препираат со тебе, кажи: „Јас само на Аллах Му се покорувам, а и тие што ме следат.“ И кажи им на тие на кои им е дадена Книгата и на неписмените: „Дали сте го примиле исламот?“ Ако го примат исламот, тогаш тие се на Вистинскиот пат, а ако одбијат, твое е единствено

[80] Станува збор за битката на Бедр.

да повикуваш! А Аллах добро ги гледа робовите Свои!

**21.** На тие што не веруваат во Аллаховите знаци и кои неоправдано ги убиваа веровесниците, а ги убиваат и тие што бараат праведно да се постапува кон луѓето, навести им болна казна.

**22.** Тоа се тие чиишто дела се безвредни и на овој и на оној свет, и на кои никој нема на помош да им пријде.

**23.** Зарем не ги гледаш тие на кои им е даден дел од Книгата, кога биваат повикувани да им се суди според Аллаховата Книга, како некои од нив тоа го одбиваат, зашто тие и онака одбегнувајќи се вртат.

**24.** Тоа е затоа што велат: „Огнот нема ни да нè допре повеќе од неколку дена", а во нивното верување ги залажуваат лагите што самите ги измислуваа!

**25.** А што ќе биде кога ќе ги собереме тој Ден за кој нема никаков сомнеж и кога секој ќе го добие тоа што го заслужил? А на нив нема да им биде сторена неправда!

**26.** Кажи: „О, Аллаху мој, Поседувателу на власта! Ти власта кому сакаш му ја даваш, а ја одземаш од кого сакаш! Ти возвишуваш кого сакаш, а понижуваш кого сакаш! Во Твојата рака е доброто! Ти си навистина Семоќен!

**27.** Ти ја воведуваш ноќта во денот и го воведуваш денот во ноќта. Живото го изведуваш од мртвото и мртвото го изведуваш од живото! Ти снабдуваш кого сакаш, без никаква сметка!"

**28.** Верниците нека не ги земаат за пријатели неверниците, кога веќе има верници; а тој што тоа ќе го стори, нема ништо со Аллах! Освен доколку со тоа се штитат од нив! Аллах ве предупредува на Себе и кај Аллах сè се враќа!

**29.** Кажи: „Било да го криете тоа што е во градите ваши или да го покажувате, Аллах тоа го знае. Тој знае сè што е на небесата и што е на Земјата!" Аллах е моќен над сè!

**30.** Тој ден кога секој човек пред себе ќе го најде доброто дело што го сторил и лошото дело кое го сторил, ќе посака помеѓу нив и него да има голема раздалеченост. А Аллах ве предупредува на Себе и Аллах е благ кон робовите Свои!

**31.** Кажи: „Ако Аллах Го сакате, тогаш мене следете ме, и вас Аллах ќе ве сака и гревовите ќе ви ги прости!" А Аллах простува и Милостив е.

**32.** Кажи: „Покорувајте им се на Аллах и на Пратеникот!“ А ако тие главите ги свртат, па Аллах, навистина, не ги сака неверниците.

**33.** Навистина Аллах ги одбрал Адем и Нух[81], и семејството на Ибрахим, и семејството на Имран[82] над световите!

**34.** Сите потомци еден од друг! А Аллах сѐ слуша и сѐ знае!

**35.** Сопругата на Имран рече: „Господару мој, ова што е во стомакот мој го заветувам само во Твоја служба, па прими го тоа од мене, бидејќи Ти навистина сѐ слушаш и сѐ знаеш!“

**36.** А откако роди, таа рече: „Господару мој, јас родив женско!“ – а Аллах најдобро знае што роди таа – „а женското не е како машко; и ја нареков Мерјем. Неа и породот нејзин го ставам под Твоја заштита од проклетиот шејтан“.

**37.** Па Господарот нејзин убаво ја прими и стори да израсне убаво и за неа да се грижи Зекерија[83]. Кога и да влезеше Зекерија кај неа во михработ[84], кај неа храна ќе најдеше. „Од каде ти е ова, Мерјем?“ – би запрашал тој, а таа би одговорила: „Тоа е од Аллах!“ Аллах навистина снабдува кого сака, без никаква сметка!“[85]

**38.** Таму Зекерија Го замоли Господарот свој: „Господару мој, подари ми од Себе честит потомок, бидејќи Ти, навистина, молбата ја слушаш!“

**39.** И додека тој стоејќи во михработ се молеше, мелеците го повикаа: „Аллах ти јавува радосна вест: ќе ти се роди Јахја[86], кој во Аллаховата Реч ќе верува, кој ќе

---

[81] Нух – Старозаветниот пророк Ное. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[82] Имран бил татко на Марија, мајката на Исус, нека е Божјиот мир над сите нив.

[83] Зекерија – Старозаветниот пророк Захарија. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[84] Михраб – вдлабнатина на средината на предниот ѕид од џамијата од каде имамот ги предводи муслиманите во молитвите. Во овој контекст се користи за еден дел од домот наменет само за молитва, каде што, според Куранот, Мерјем го поминувала своето време.

[85] Зекерија бил оженет со Иша, сестрата на Мерјем, и таа му го родила синот Јахја. Јахја и Иса биле братучеди.

[86] Јахја – Старозаветниот пророк Јован, Иван крстителот. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

биде првак и скромен, и верoвесник и потомок на добрите.“

**40.** „Господару мој,“ – рече тој – „како ќе имам син кога староста ме совлада, а и жена ми е неплодна?“ – „Ете така,“ – рече Тој – „Аллах прави што Му е по волја!

**41.** „Господару мој,“ – замоли Зекерија – „дај ми некаков знак!“ „Знак ќе ти биде тоа што три дена со луѓе нема да можеш да разговараш, освен со знаци. И често споменувај Го Господарот свој и заблагодарувај Му на крајот на денот и рано наутро!“

**42.** И кога мелеците рекоа: „О, Мерјем, Аллах навистина тебе те одбра и чиста те создаде. Тој те одбра над сите жени на световите!

**43.** О, Мерјем, биди Му понизна и покорна на Господарот свој, и сеџда чини и клањај Му се со тие што Му се клањаат!“

**44.** Тоа се некои од непознатите вести што ти ги објавуваме. Ти не беше меѓу нив кога своите пера ги фрлија за да видат кој од нив за Мерјем ќе се грижи, а не беше меѓу нив ни кога се препираа![87]

**45.** А кога мелеците рекоа: „О, Мерјем, Аллах те радува со синот кој е создаден со Неговата Реч, името ќе му биде Месих[88], Иса, син Мерјемин, ќе биде угледен и на овој и на оној свет и ќе биде еден од блиските на Аллах!

**46.** Тој ќе им зборува на луѓето уште во колевка, а и како возрасен, и честит ќе биде“.

**47.** Таа рече: „Господару мој, како ќе имам дете кога ниту еден маж ме нема допрено?“ – „Ете така,“ – рече – „Аллах создава што сака. Кога нешто ќе одлучи, Тој само ќе каже: „Биди!“ – и тоа бидува!“

**48.** Тој го поучува за писмото и за мудроста и за Тевратот и за Инџилот,

**49.** и го праќа како Пратеник на синовите Израилови: „Ви донесов знак од Господарот ваш: ќе ви направам нешто слично на птица (од глина) и ќе дувнам во неа, па со Аллахова волја ќе биде вистинска птица; ќе ги исцелам слепиот од раѓање и лепрозниот, и ќе оживувам мртви

---

[87] Сите свештеници во Храмот сакале да се грижат за Мерјем. За да ја прекинат расправата, ги фрлиле своите пера од трска во вода и сите пера потонале, освен перото на Зекерија, поради што му ја препуштиле грижата за Мерјем на Зекерија.

[88] Месих – Месија, Исус. Во понатамошниот текст ќе се употребува терминот во изворната форма од Куранот.

со Аллахова волја, и ќе ви кажувам што јадете и што во домовите ваши натрупувате! Во сето тоа има докази за вас, ако бидете вистински верници!

**50.** Потврдувајќи ја така вистинитоста на Тевратот, објавен пред мене, и допуштајќи ви нешто што ви беше забрането, зашто јас ви носам доказ од вашиот Господар! Па плашете се од Аллах, а бидете ми покорни мене!

**51.** Аллах, навистина, е и мој и ваш Господар, па Него обожувајте Го! Тоа е Правиот пат!“

**52.** А кога Иса почувствува дека тие не веруваат, рече: „Кои ќе ми бидат помошници на Аллаховиот пат?“ „Ние сме помагачи на Аллаховата вера!“ – рекоа учениците – „Ние веруваме во Аллах, а ти биди сведок дека ние сме муслимани!

**53.** Господару наш, ние веруваме во тоа што Ти го објави и Пратеникот го следиме, па забележи нè како сведоци на верата!“

**54.** И неверниците почнаа да смислуваат интриги, па и Аллах тоа им го направи! А Аллах најдобро го умее тоа!

**55.** И кога Аллах рече: „О, Иса, Јас душата ќе ти ја земам и кон Себе ќе те воздигнам! Ќе те спасам од неверниците и ќе сторам тие што те следат да бидат над неверниците сè до Судниот ден! Потоа Мене ќе ми се вратите, па Јас ќе ви пресудам за тоа за што не се согласувавте!

**56.** Што се однесува до тие што не веруваат на тешки маки ќе ги ставам и на овој и на оној свет, и никој нема да може да им помогне!“

**57.** А на тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават, Тој полна награда ќе им даде. А Аллах не ги сака насилниците!

**58.** Ова што ти го кажуваме се докази и мудра Опомена!

**59.** Случајот со Иса кај Аллах е навистина ист како случајот со Адем: од земја го создаде, а потоа му рече: „Биди!“ – и тој беше создаден.

**60.** Вистината е од Господарот твој, затоа не се сомневај!

**61.** А на тие кои ќе почнат да се расправаат со тебе за Него, откако ти дојде нешто од знаењето, кажи им: „Дојдете, ќе ги повикаме синовите наши и синовите ваши, и жените наши и жените ваши, а ќе дојдеме и ние и вие, па ќе се проколнуваме и Аллаховото проклетство за тие што лажат ќе го побараме!“

**62.** Ова навистина е вистинито кажување, и нема друг бог

освен Аллах! А Аллах е навистина Силен и Мудар!

**63.** А ако тие главите ги свртат, па Аллах сигурно добро ги познава пакосниците.

**64.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, дојдете да се собереме околу зборот, и нам и вам заеднички, никого освен Аллах да не обожуваме, ништо да не Му здружуваме, и едни со други, покрај Аллах, за божества да не се сметаме!“ Па ако не се согласат, вие кажете: „Бидете сведоци дека ние сме муслимани!“

**65.** О, следбеници на Книгата, зошто се препирате за Ибрахим, кога Тевратот и Инџилот се објавени по него? Зарем не сфаќате?

**66.** Вие расправате за тоа за што имате некое знаење, но зошто расправате за тоа за што ништо не знаете? Аллах знае, а вие не знаете!

**67.** Ибрахим не беше ниту Евреин ниту христијанин, туку беше вистински верник, муслиман. Тој не беше идолопоклоник!

**68.** Навистина најблиски луѓето до Ибрахим се тие што го следеле, и овој Веровесник (Мухамед) и тие што веруваат. А Аллах е заштитник на верниците!

**69.** Некои следбеници на Книгата сакаат да ве одведат на погрешниот пат. Меѓутоа, тие самите себе во заблуда се водат, а не ни чувствуваат.

**70.** О, Следбеници на Книгата, зошто во Аллаховите знаци не верувате, а вие со своите очи ги гледате?

**71.** О, Следбеници на Книгата, зошто вистината со невистина ја прекривате и свесно вистината ја криете?

**72.** Некои следбеници на Книгата велат: „Верувајте во тоа што им е објавено на верниците, на почеток на денот, а при крајот на денот негирајте го тоа, со цел и тие својата вера да ја напуштат!“

**73.** И немојте да верувате и да се доверувате никому освен на тој што ја следи вашата вера! Ти кажи: „Навистина, вистинското упатство е Аллаховото упатство!“ И велат: „Не верувајте и не доверувајте се никому, па некому да му биде дадено како што ви е дадено вам или да има доказ пред вашиот Господар!“ Кажи: „Навистина сета благодат е во Аллаховата рака, Тој ја дарува кому Тој сака!“ А Аллах е неизмерно добар и Сезнаен!

**74.** Тој Својата милост ја дарува кому сака. А Аллах е Поседувачот на големата благодат!

**75.** Има следбеници на Книгата на кои доколку им довериш и товар богатство, ќе ти го вратат, а има и такви кои нема да ти вратат ако им довериш и само еден динар[89], освен доколку постојано не го бараш. Тоа е така бидејќи тие велат: „Нам не ни е грев тоа што ќе им го сториме на неписмените". – и за Аллах свесно говорат лаги!

**76.** Меѓутоа, кој си ја исполнува својата должност и ги избегнува гревовите, па Аллах навистина ги сака богобојазливите.

**77.** Навистина, тие кои обврската своја кон Аллах и заклетвите свои ги заменуваат за нешто што малку вреди, на оној свет никакво добро нема да имаат. Аллах со нив нема да зборува, ниту ќе погледне во нив на Судниот Ден, ниту ќе ги исчисти! На нив им припаѓа болна казна!

**78.** Некои од нив ги превртуваат јазиците свои читајќи ја Книгата за вие да помислите дека тоа е од Книгата, а не е од Книгата! И велат: „Тоа е од Аллах!" – а тоа не е од Аллах! За Аллах свесно говорат лаги!

**79.** Не е примерно за човек кому Аллах му даде Книга и знаење и веровесништво, а потоа да им вели на луѓето: „Бидете мои робови, а не на Аллах!", туку: „Бидете учени и побожни, со тоа што другите за Книгата ги подучувате и што и самите ја проучувате!"

**80.** Тој не ви наредува мелеците и веровесниците за господари да ги сметате! Зарем да ви нареди неверство откако веќе сте станале муслимани?

**81.** Аллах од секој веровесник на кого Книга му објавил и знаење му дал зел обврска: „Кога после вас ќе дојде Пратеник кој ќе потврди дека е вистина тоа што го имате, дали целосно ќе му поверувате и ќе го поддржите? Дали се сложувате и ја прифаќате таа обврска кон Мене?" Тие одговорија: „Прифаќаме". „Тогаш бидете сведоци," – рече Тој – „а и Јас со вас ќе сведочам".

**82.** А тие кои што и по тоа главите ќе ги свртат, навистина се грешници.

**83.** Зарем покрај Аллаховата вера сакаат друга, а Нему, милум или силум Му се покоруваат и тие на небесата и тие на Земјата и Нему ќе Му бидат вратени?

**84.** Кажи: „Ние веруваме и во Аллах и во тоа што ни е објавено

[89] Динар – златник.

нам, и во тоа што им е објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб и на потомците; и во тоа што им е дадено на Муса и на Иса и на веровесниците од Господарот нивен; ние никаква разлика меѓу нив не правиме и само Нему искрено Му се предаваме“.

**85.** А тој што сака друга вера освен исламот, нема да му биде примена, и тој на оној свет ќе биде меѓу губитниците.

**86.** Како Аллах да го упати на Вистинскиот пат народот што не верува откако што верувал и сведочел дека Пратеникот е вистина, и му дошле Јасни докази?! Аллах нема да го упати на Вистинскиот пат народот кој чини насилство.

**87.** А тоа се тие чијашто казна е проклетството од Аллах, од мелеците и од сите луѓе!

**88.** Во него вечно ќе останат и казната нема да им биде олеснета, ниту пак ќе им се даде време!

**89.** Исклучок се тие кои потоа ќе се покајат и ќе се поправат, зашто Аллах навистина простува и Милостив е!

**90.** Тие што ќе станат неверници, откако веруваа, и коишто потоа ќе станат уште поголеми неверници, покајанието, навистина, нема да им биде примено, и тие, навистина, се заталкани.

**91.** На ниту еден од неверниците кои ќе умрат како такви, нема да им биде прифатено да се откупат, па макар тоа да е сето богатство на Земјата. На нив им припаѓа болна казна и тие немаат никаков помагач.

**92.** Нема да постигнете добро сѐ додека не дадете дел од тоа што ви е драго! А што и да дадете, Аллах тоа добро го знае.

**93.** Секаква храна им беше дозволена на синовите Израилови, освен таа што Израил самиот себеси си ја забранил пред Тевратот да биде објавен. Кажи: „Донесете го Тевратот и читајте го, доколку вистината ја зборувате!“

**94.** А тие коишто и после тоа лаги за Аллах изнесуваат, тие, навистина, се насилници!

**95.** Кажи: „Аллах ја зборува вистината!“ – да ја следите верата на Ибрахим, вистинскиот верник, а тој не беше идолопоклоник!

**96.** Првиот храм изграден за луѓето е тој во Бека[90], благословен и патоказ на световите.

**97.** Во него има очигледни знаци – местото на коешто стоеше Ибрахим! И тој што ќе влезе во него ќе биде безбеден. Аџилакот должен е да го зврши, поради Аллах, секој што е во можност да дојде до него. А тој што не верува – па, Аллах е навистина независен од световите.

**98.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, зошто не верувате во Аллаховите знаци, а Аллах е сведок на сѐ што работите?"

**99.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, зошто го одвраќате од Аллаховата вера тој што верува, сакајќи да ја искривите, иако сте сведоци дека е вистина? А Аллах не го занемарува тоа што го правите!"

**100.** О, верници, ако се покорувате на некои од тие на кои им е дадена Книгата, тие, откако ја прифативте вистинската вера, повторно ќе ве вратат меѓу неверниците!

**101.** А како да не верувате кога ви се кажуваат Аллаховите ајети и кога меѓу вас е Неговиот Пратеник? А кој е цврсто поврзан со Аллах, тој веќе е упатен на Правиот пат!

**102.** О, верници, плашете се од Аллах со вистинска богобојазливост и никако не умирајте, освен како муслимани!

**103.** Сите цврсто за Аллаховото јаже држете се и никако не разделувајте се! И сетете се на Аллаховата милост кон вас кога бевте непријатели, па Тој срцата ви ги соедини и вие, со милоста Негова, станавте браќа; и бевте на работ на огнената јама, па Тој од неа ве спаси! Така Аллах ви ги објаснува Своите знаци, за да истраете на Вистинскиот пат.

**104.** И меѓу вас нека има една група луѓе која повикува на добро и наредува добро и одвраќа од зло. Тоа се тие спасените!

**105.** И не бидете како тие што се разединија и се разделија, откако веќе Јасни докази им дојдоа! Нив ги чека голема казна

**106.** на Денот кога некои лица ќе побелат, а некои лица ќе поцрнат. На тие чиишто лица ќе поцрнат, ќе им се каже: „Зарем станавте неверници по вашето верување? Па искусете го страданието затоа што не верувавте!"

[90] Бека е едно од старите имиња на светиот град Мека. Наречена е така поради тисканицата за време на тавафот.

**107.** А тие чиишто лица ќе побелат, ќе бидат во Аллаховата милост во која вечно ќе останат!

**108.** Тоа се Аллаховите докази кои тебе вистински ти ги кажуваме! А Аллах не сака кому било неправда да стори.

**109.** На Аллах Му припаѓа сè што е на небесата и на Земјата, и кај Аллах сè се враќа!

**110.** Вие сте најдобриот народ кој воопшто се има појавено: барате да се чини добро, а одвраќате од зло, и верувате во Аллах! А кога следбениците на Книгата би верувале исправно, тоа би било подобро за нив; меѓу нив има верници, но повеќето се грешници!

**111.** Тие не можат да ви наштетат, туку можат само да ве навредуваат. Ако ве нападнат, ќе избегаат, и потоа нема да имаат помош!

**112.** Каде и да се најдат, ќе бидат понижени, освен ако се под Аллаховата заштита и под заштитата на другите луѓе. Тие Аллаховиот гнев го заслужија и ќе ги снајде беда, затоа што во Аллаховите зборови не веруваа и затоа што веровесниците неправедно ги убиваа, и затоа што на Аллах непокорни Му беа, и затоа што во грешењето секоја граница ја преминаа.

**113.** Тие не се сите исти! Има и исправни следбеници на Книгата кои по цела ноќ Аллаховите зборови ги читаат и на сеџда Му се поклонуваат;

**114.** Тие во Аллах и во оној свет веруваат, наредуваат да се чинат добри дела, а одвраќаат од лошите, и итаат да сторат добри дела! Тоа се тие добрите!

**115.** Какво добро и да сторат, нема да им биде негирано, а Аллах добро ги знае тие што од Него се плашат!

**116.** Навистина, тие што не веруваат, од Аллах нема да ги одбрани ни богатството нивно, ниту децата нивни; тие ќе бидат жители на Огнот, каде вечно ќе останат!

**117.** Тоа што во животот на овој свет ќе го дадат е слично на ледениот ветер кој ги погаѓа посевите на тие кои самите себеси неправда си сториле, па ги уништува! На нив Аллах не им сторил неправда, туку тие самите себе си ја прават!

**118.** О, верници, не земајте за блиски пријатели други освен вас, бидејќи останатите само пропаст ви посакуваат, едвај чекаат на маки да паднете! Омраза избива од устите нивни, а уште полошо е тоа што го кријат градите

нивни! Ние доказите ви ги изнесуваме, ако памет имате.

**119.** Ете, вие нив ги сакате, а тие вас не ве сакаат, а вие верувате во сите Книги. Кога ќе ве сретнат велат: „Веруваме!“ А штом насамо ќе се најдат, од злоба кон вас врвовите на прстите свои ги гризат! Кажи: „Умрете од мака!“ Аллах, навистина, добро знае што е во градите сечии!

**120.** Ако ви се случи некое добро, тоа ќе ги огорчи, а ако ве дочека некаква неволја, се радуваат. Ако бидете трпеливи и богобојазливи, нивното лукавство воопшто нема да ви наштети! А Аллах, навистина, добро знае што прават!

**121.** А кога ти (Мухамеде) подрани, и семејството свое го остави, на верниците местата за борба да им ги одредиш, а Аллах сѐ слуша и сѐ знае,

**122.** кога две ваши групи за малку се повлекоа, а Аллах е нивен заштитник! И само во Аллах нека имаат доверба верниците!

**123.** Аллах и на Бедр ви помогна, кога бевте малубројни! Затоа плашете се од Аллах, за да бидете благодарни![91]

**124.** Кога ти им рече на верниците: „Зарем нема да ви биде доволно вашиот Господар да ви помогне со три илјади испратени мелеци?

**125.** Секако! Ако бидете издржливи и послушни, и ако одеднаш ве нападнат, Господарот ваш ќе ви обезбеди помош од пет илјади обележани мелеци“.

**126.** Тоа Аллах го направи само за да ве израдува и со тоа срцата ваши да се успокојат, – а нема помош, освен од Аллах, Силниот и Мудриот! –

**127.** и за еден дел од неверниците да ги уништи или да ги посрамоти, по што ќе се вратат разочарани!

**128.** Од тебе не зависи дали Тој покајанието нивно ќе го прифати или на маки ќе ги стави, бидејќи тие навистина се насилници.

**129.** А на Аллах Му припаѓа сѐ што е на небесата и на Земјата! Тој простува кому сака, а казнува кого сака! Бидејќи Аллах простува и Милостив е!

**130.** О, верници, не јадете ја каматата, двократно и повеќекратно зголемена, и плашете се од Аллах за да бидете спасени!

---

[91] Бедр се наоѓа на југозападната страна од Медина, на далечина од 150 километри. Битката на Бедр се случила на 17. рамазан, втората година по хиџра (13. 03. 624).

**131.** И чувајте се од Огнот кој е подготвен за неверниците!

**132.** И бидете им покорни на Аллах и на Пратеникот за да ви биде укажана милоста.

**133.** И поитајте кон прошката од вашиот Господар и Џенетот широк колку небесата и Земјата, подготвен за богобојазливите!

**134.** За тие што даваат, и кога се во изобилие и кога се во оскудност, кои гневот си го совладуваат и кои на луѓето им простуваат. А Аллах ги сака добродетелите!

**135.** И за тие кои, кога нешто лошо ќе сторат или себеси насилство ќе си сторат, на Аллах ќе се сетат и прошка за своите гревови молат – а кој ќе ги прости гревовите ако не Аллах? – и кои свесно во гревот не истрајуваат!

**136.** Тоа се тие чијашто награда е прошката од Господарот нивен и џенетски градини под кои реки течат, каде што вечно ќе останат. Колку е прекрасна наградата за тие што така постапуваат!

**137.** Пред вас многу народи постоеја и исчезнаа! Затоа, патувајте по Земјата и гледајте на кој начин завршија тие што вистината ја негираа!

**138.** Тоа е објаснување за сите луѓе и патоказ и поука за тие што се плашат од Аллах!

**139.** И не очајувајте и не растажувајте се! Ќе победите ако бидете вистински верници!

**140.** Ако ви се нанесени рани, па и на другите рани им се нанесуваат – а во тие денови Ние наизменично им даваме победа на луѓето, за Аллах да укаже на тие што веруваат и да избере некои од вас како шехиди[92] – а Аллах не ги сака насилниците! –

**141.** и за да ги исчисти верниците, а да ги уништи неверниците!

**142.** Зарем мислите дека ќе влезете во Џенетот, а Аллах да не укаже на тие од вас што се борат и на тие што се трпеливи?

**143.** А вие копнеевте по смртта пред да се соочите со неа, па ете, со очите ваши ја видовте.

**144.** Мухамед е само Пратеник, а и пред него имаше Пратеници. Ако тој би умрел или би бил убиен, зарем вие назад би се вратиле? Тој што назад ќе

[92] Шехиди – маченици.

се врати, на Аллах нема ни малку да му наштети, а Аллах благодарните ќе ги награди!

**145.** Никој нема да умре без Аллаховото одредение во часот суден. Кој ја сака наградата на овој свет, ќе му ја дадеме, а кој ја сака наградата на оној свет, ќе му ја дадеме. И благодарните ќе ги наградиме!

**146.** А колку ли имаше веровесници покрај кои многу богоугодници се бореа, па не отстапија поради тоа што ги снајде на Аллаховиот пат, ниту волјата им слабееше, ниту се предаваа? А Аллах ги сака трпеливите!

**147.** Само говореа: „Господару наш, прости ни ги гревовите наши и неумереноста наша во постапките наши, зацврсти ни ги чекорите наши и помогни ни против народот невернички!“

**148.** Па Аллах им ја даде наградата на овој свет и убавината на наградата од оној свет, а Аллах ги сака добродетелите!

**149.** О, верници, ако им се покорувате на тие што не веруваат, ќе ве вратат наназад, па ќе станете губитници!

**150.** Само Аллах е ваш Заштитник и Тој е најдобриот Помагател.

**151.** Ние ќе им влееме страв во срцата на тие што не веруваат, затоа што на Аллах Му здружуваат нешто за што Тој не спуштил никаков доказ; Огнот е нивното престојувалиште, а тоа е грозен дом за насилниците!

**152.** Аллах веќе го потврди ветувањето Свое, кога веќе ги уништувавте, со волјата Негова, додека не го доживеавте неуспехот и за наредбата не се сложивте, и станавте непокорни, откако ви го покажа тоа што го сакате: едните од вас го сакаат овој свет, а другите оној свет! Тогаш Тој ве одвои од нив за да ве искуша! И ви прости, бидејќи Аллах е неизмерно добар спрема верниците!

**153.** Кога отстапувавте качувајќи се и не обѕирајќи се кон никого, додека Пратеникот ве довикуваше зад вас, Аллах ве казни со неуспех на неуспехот, за да не тагувате за тоа што го пропуштивте, ни за тоа што ве снајде! А Аллах добро знае што правите!

**154.** Потоа, по неволјата, спокојство ви влеа. Некои од вас сон ги фати, додека другите се грижеа само за себе, мислејќи за Аллах нешто невистинито, со пагански мисли, велејќи: „Имаме ли ние некаков удел во победата?“ Кажи: „Сета победа

Му припаѓа само на Аллах!“ Тие во себе го кријат тоа што тебе не ти го покажуваат. Велат: „Да имавме некаков удел во победата, немаше тука да изгинеме!“ Кажи: „И во куќите свои да бевте, повторно тие на кои им е судено да загинат, на местата на своите погибии би излегле, за Аллах да го искуша тоа што е во градите ваши и за да го испита тоа што е во вашите срца!“ А Аллах добро знае што е во градите сечии!

**155.** Тие од вас кои се повлекоа на денот кога двете групи се судрија,[93] навистина, шејтанот ги наведе да потфрлат поради нешто од тоа што претходно го сториле.[94] А Аллах веќе им прости, бидејќи Аллах простува и Благ е!

**156.** О, верници, не бидете како неверниците кои за браќата свои, кога одат на пат по Земјата или кога се борат, велат: „Да беа со нас, немаше да умрат, ниту да загинат!“, па Аллах со тоа им прави тага во срцата нивни, а Аллах дава и живот и смрт! Тој добро гледа сè што правите!

**157.** А ако вие загинете или умрете на Аллаховиот пат, навистина, прошката од Аллах и милоста се подобри од тоа што тие го натрупуваат!

**158.** Било да умрете или да загинете, сигурно пред Аллах ќе бидете собрани!

**159.** Со Аллаховата милост ти си благ кон нив. А да си груб и со тврдо срце, би се разбегале од твојата близина. Затоа простувај им и моли да им биде простено, и договарај се со нив! А кога ќе одлучиш, потпри се на Аллах, бидејќи Аллах навистина ги сака тие кои на Него се потпираат.

**160.** Ако Аллах ви помогне, никој нема да ве победи, а ако ве напушти, кој е тој што, освен Него, ќе може да ви помогне? И само на Аллах верниците нека се потпираат!

**161.** Невозможно е Веровесникот нешто да прикрие! Тој што нешто ќе прикрие ќе дојде на Судниот ден со тоа што го прикрил! Потоа секому, во потполност, ќе му биде дадено тоа што го заслужил, и никому нема да му биде направена неправда!

**162.** Зарем може да се спореди тој што Аллаховата наклонетост

[93] Кога двете војски се судриле под планината Ухуд, во близина на Медина.

[94] Поради тоа што не ја послушале наредбата на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и го напуштиле ритчето.

ја заслужил со тој што Аллаховиот гнев на себе го навлекол и чиј дом Џехенемот ќе биде? А тоа е ужасно престојувалиште!

**163.** Тие кај Аллах се на различни степени и Аллах добро гледа што прават!

**164.** Аллах со милоста Своја ги даруваше верниците, кога еден од нив како Пратеник им го прати, Неговите зборови да им ги кажува, да ги очисти и за Книгата и мудроста да ги научи, иако претходно во очигледна заблуда беа!

**165.** Зарем не рековте, кога ве снајде неволјата која вие на нив двократно им ја нанесовте: „Од каде е сега ова?!“ Кажи: „Тоа е од вас самите!“ Аллах, навистина, може сè.

**166.** Тоа што ве снајде кога се судрија двете групи беше со Аллахова волја, за да ги открие вистинските верници

**167.** и за да ги открие лицемерите. Ним им беше речено: „Дојдете, борете се на Аллаховиот пат или бранете се!“ – одговорија: „Да знаеме дека ќе има борба, би ве следеле“. Тој ден беа поблиску до неверувањето отколку до верувањето, бидејќи со устите свои го говореа тоа што не беше во срцата нивни! А Аллах најдобро го знае тоа што тие го кријат.

**168.** На тие што не се бореа, а за браќата свои говореа: „Да нè послушаа, немаше да загинат“, кажи им: „Па вие смртта избегнете ја, ако вистината ја зборувате!“

**169.** Никако не сметај ги за мртви тие кои на Аллаховиот пат загинале! Не, тие се живи и снабдени се кај Господарот свој!

**170.** Радосни поради тоа што Аллах од добрината Своја им го дал и весели поради тие кои сè уште не им се придружиле, за кои никаков страв нема да има и кои за ништо нема да тагуваат!

**171.** Тие се радуваат на Аллаховата награда и милост и на тоа што Аллах нема да допушти да пропадне наградата која им припаѓа на верниците.

**172.** Тие кои на Аллах и на Пратеникот, и по добиените рани, им се одѕваа, тие меѓу нив кои правеле добрини и биле богобојазливи – им припаѓа голема награда! –

**173.** на тие на кои, кога луѓето им рекоа: „Непријатели се собираат поради вас, па пазете се од нив!“ – им се зголеми верувањето, па рекоа: „Доволен ни е Аллах и Тој е прекрасен Заштитник!“

**174.** Па се вратија со Аллаховите благодати и изобилство, никакво зло не ги снашло и постигнаа Аллах да биде со нив задоволен, а Аллах е неизмерно добар!

**175.** Тоа само шејтанот со своите приврзаници ве плаши, и не плашете се од нив, туку плашете се од Мене, ако сте верници!

**176.** Нека не те растажуваат тие кои се стремат кон неверство! Тие на Аллах воопшто нема да Му наштетат! Аллах сака да не им стори какво било добро на оној свет и нив ги чека голема казна!

**177.** Тие кои верувањето за неверување го продадоа, на Аллах воопшто нема да Му наштетат! Нив ги чека болна казна.

**178.** Нека не мислат неверниците дека е добро за нив тоа што им даваме долг живот! Ние им го даваме за само што повеќе да влезат во грев и на нив им припаѓа срамно страдање!

**179.** Аллах нема да ги остави верниците со неверниците, туку лошите од добрите ќе ги одвои. Аллах нема да ви го открие тоа што е скриено, туку Тој за тоа избира кого Тој сака од Пратениците Свои! Затоа, верувајте во Аллах и во Пратениците Негови, а ако верувате и бидете богобојазливи, вам ви припаѓа голема награда!

**180.** Нека не мислат тие што се скржави во тоа што Аллах од изобилието Свое им го дава дека е тоа добро за нив! Не, тоа е лошо за нив! На Судниот ден ќе им биде замотано околу вратот тоа за што беа скржави! А на Аллах Му припаѓа наследството на небесата и на Земјата и Аллах е известен за тоа што го правите!

**181.** Аллах ги слушна зборовите на тие што велеа: „Аллах е сиромашен, а ние сме богати!“ Ќе го забележиме тоа што тие го говореа, како што и без оправдана причина веровесниците ги убиваа, и ќе кажеме: „Искусете ја казната во Огнот

**182.** поради делата на рацете ваши!“ А Аллах не е неправеден кон робовите!

**183.** Тие што велат: „Бог ни нареди да не му веруваме на ниту еден Пратеник пред да принесе жртва која огнот ќе ја проголта![95]“ Кажи: „И пред мене Пратениците ви носеа јасни докази, а и тоа за што зборувате. Па зошто тогаш, ако вистината ја говорите, ги убивавте?“

[95] Библиски израз за оваа жртва е сепаленица.

**184.** А ако и тебе те сметаат за лажливец, па и пред тебе за лажливци беа сметани Пратениците кои носеа Јасни докази и листови и Книгата што осветлува!

**185.** Секое живо суштество смртта ќе ја вкуси и само на Судниот ден во потполност ќе ги добиете платите ваши! Па кој ќе биде од огнот оддалечен и во Џенетот воведен, успеал! А животот на овој свет е само лажно насладување!

**186.** Вие сигурно ќе бидете искушувани со имотите ваши, и со животите ваши, и ќе слушате многу навреди од тие на кои им е дадена Книгата пред вас, а и од идолопоклониците. И ако издржите и ако се плашите од Аллах, тоа навистина спаѓа во вистинските постапки!

**187.** А кога Аллах ја зеде обврската од тие на кои им е дадена Книгата дека сигурно на луѓето ќе им ја објаснуваат и дека од неа нема ништо да кријат, па тие потоа зад грб ја фрлија, продавајќи ја за нешто евтино! А лошо е тоа што како замена го добија!

**188.** Никако немој да мислиш за тие што се радуваат за тоа што го сториле и кои сакаат да бидат пофалени дури и за тоа што не го сториле, дека од казната ќе се сочуваат! На нив им припаѓа големо страдание!

**189.** Само на Аллах Му припаѓа сета власт и на небесата и на Земјата, и Аллах е Семоќен!

**190.** Во создавањето на небесата и на Земјата и во промената на денот и ноќта, навистина има знаци за обдарените со разум,

**191.** кои и стоејќи и седејќи и лежејќи Го спомнуваат Аллах и за создавањето на небесата и на Земјата размислуваат. „Господару наш, ти ова не го создаде залудно! Возвишен си Ти и сочувај нè од казната во Огнот!

**192.** Господару наш, тој кого Ти во Огнот ќе го фрлиш, веќе си го понижил, а на насилниците никој на помош нема да им дојде!

**193.** Господару наш, ние го чувме гласникот кој повикува во верата: ‚Верувајте во вашиот Господар!‘, па поверувавме. Господару наш, прости ни ги гревовите наши и покриј ни ги лошите постапки наши и усмрти нè со добрите!

**194.** Господару наш, дај ни го тоа што ни го вети преку Пратениците Свои и немој да нè понижиш на Судниот ден! Ти, навистина, не го прекршуваш Своето ветување!“

**195.** И нивниот Господар им се одѕва: „На ниту еден трудбеник меѓу вас, било маж или жена, неговото дело нема да го поништам; вие сте едни од други. На тие коишто ќе се иселат и кои ќе бидат протерани од родниот крај и кои ќе бидат мачени на Мојот пат и кои ќе се борат и ќе загинат, сигурно лошите дела ќе им ги покријам и сигурно ќе ги воведам во џенетски градини низ кои реки течат! Тоа ќе биде награда од Аллах, а кај Аллах е најубавата награда.“

**196.** И никако нека не те мами тоа што неверниците уживаат низ Земјата!

**197.** Кратко уживање, а потоа Џехенемот ќе биде нивното живеалиште, а колку е ужасно тоа престојувалиште.

**198.** А на тие што се плашат од Господарот свој им припаѓаат џенетски градини под кои реки течат, во нив вечно ќе останат, сместени од Аллах. А тоа што е кај Аллах е подобро за добрите!

**199.** Има и следбеници на Книгата кои веруваат во Аллах и во тоа што ви се објавува вам и во тоа што им е објавено ним, понизни се кон Аллах и не ги продаваат Аллаховите зборови за евтина цена. Ним им припаѓа наградата од Господарот нивен, а Аллах, навистина, брзо ќе ја израмни сметката!

**200.** О, верници, бидете трпеливи и издржливи, постојано бдејте и плашете се од Аллах, за да успеете!

## 4. Поглавје
# Ен Ниса
*Жени*
Медина – 176 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, луѓе плашете се од Господарот свој, Кој од еден човек ве создаде, од кого жената како пар негов ја создаде, а од нив двајца многу мажи и жени расеа! Плашете се од Аллах, со Чие име едни со други се замолувате и роднинските врски чувајте ги! Аллах, навистина, бдее над вас!

**2.** И на сирачињата имотите нивни дајте им ги, лошото за добро не подметнувајте им го и имотите нивни со имотите ваши не трошете ги, бидејќи тоа, навистина, е голем престап!

**3.** Ако се плашите дека нема да бидете праведни кон сирачките, тогаш женете се со жените што ви се дозволени, со по две, со по три, и со по четири! А ако се плашите дека нема да бидете праведни, тогаш само со една, или со тие што се во ваша сопственост! Така најлесно ќе се сочувате од неправдата.

**4.** И со драго срце, на сопругите венчалните дарови дајте им ги; па ако тие по своја волја ви подарат нешто од тоа, во тоа со пријатност и угодност уживајте.

**5.** И на малоумните не им го давајте имотот кој Аллах ви го доверил на управување, туку со него хранете ги и облекувајте ги, и убави зборови зборувајте им!

**6.** И проверувајте ги сирачињата сѐ додека не стасаат за брак, а ако се уверите дека се зрели, тогаш, врачете им ги имотите нивни! И не трошете ги расипнички и во брзање, додека не пораснат! Кој е богат нека се воздржи, а кој е сиромашен нека троши толку колку што е неопходно. А кога ќе им ги врачувате имотите нивни, сторете го тоа во присуство на сведоци, бидејќи доста е тоа што ќе полагате сметка пред Аллах!

**7.** На мажите им припаѓа дел од тоа што го оставиле родителите и роднините, и на жените им припаѓа дел од тоа што го оставиле родителите и роднините. Било да е многу или малку, делот е пропишан!

**8.** А ако при распределбата присуствуваат роднини, сираци и сиромашни, снабдете ги од тоа и убав збор кажете им!

**9.** И нека се плашат, како кога самите зад себе би оставиле нејаки деца за кои стравуваат, а од

Аллах нека се плашат и нека ја зборуваат само вистината!

**10.** Навистина, тие што неправедно ги трошат имотите на сираците, во своите стомаци ставаат оган и тие во огнот ќе горат!

**11.** Аллах во врска со вашите деца ви налага на машкото да му припадне колку и на две женски деца.[96] А ако има повеќе од две женски, на нив им припаѓаат две третини од тоа што го оставил, а ако е само една, нејзе ѝ припаѓа половина. А на родителите, на секој посебно му припаѓа шестина од тоа што го оставил, ако има дете. А ако нема дете, а го наследат само родителите, тогаш на неговата мајка ѝ припаѓа третина. А ако има браќа, тогаш на неговата мајка ѝ припаѓа шестина откако ќе се изврши поракaта која ја оставил или откако ќе се подмири долгот. Вие не знаете кој ви е поблизок според користа, родителите ваши или синовите ваши. Тоа е Аллахова заповед! А Аллах, навистина, сѐ знае и Мудар е!

**12.** А вам ви припаѓа половина од тоа што ќе го остават сопругите ваши, ако немаат дете; а ако имаат дете, тогаш ви припаѓа четвртина од тоа што го оставиле откако ќе се изврши пораката која ја оставиле или откако ќе се подмири долгот. А ним им припаѓа четвртина од тоа што вие ќе го оставите, ако немате

[96] Многумина ќе помислат дека се работи за очигледна неправда, но тоа воопшто не е така. Исламот нуди посебен начин на животно уредување и закони за единките, за семејството – како основна ќелија на општеството, и за самото општество. Во исламското семејство, сопругот е тој на кого му е ставено на должност материјално да го одржува семејството и да се грижи за сите расходи. Тоа не е случај со сопругата која, дури и да поседува богатство, не е должна да се грижи за издржувањето на семејството, туку тоа може да го прави доброволно. Така, доколку таа заработува, заработените пари се само нејзини и само таа располага со нив. А сопругот нема право да ги одземе од неа или да располага со нив без нејзина дозвола. Бидејќи женското остварува право на мехр (венчален дар), а машкото не, бидејќи таа целосно и самостојно располага со својот имот по сите основи на наследството, и бидејќи таа воопшто не е должна од својот имот да ги издржува, храни и облекува мажот и децата, а тој е должен да го прави тоа, затоа таа добива половина помалку од машкото. По ова, се гледа дека потребите на братот (како сопруг и татко) се поголеми отколку потребите на сестрата (како сопруга и мајка), па оваа распределба на наследството во исламското семејство е навистина праведна. Исто така, со овој ајет/цитат се признава правото на ќерката на наследство од родителот, што не било случај пред исламот, и воедно го одредува тој нејзин дел.

дете; а ако имате дете, ним им припаѓа осмина од тоа што сте го оставиле откако ќе се изврши пораката која ќе ја оставите или откако ќе се подмири долгот. А ако мажот или жената немаат ни родители ни дете, а имаат брат или сестра, тогаш секој од нив двајца ќе добие шестина; а ако бидат повеќе, тогаш заеднички ќе учествуваат во третината откако ќе се изврши пораката која е оставена или откако ќе се подмири долгот, не оштетувајќи никого со тоа. Тоа е порака од Аллах! А Аллах сѐ знае и Благ е.

**13.** Тоа се Аллаховите прописи, тој што им се покорува на Аллах и на Неговиот Пратеник, Тој ќе го воведе во џенетските градини, под кои реки течат и во кои вечно ќе остане. Тоа е голем успех!

**14.** А тој што нема да им биде покорен на Аллах и на Неговиот Пратеник, и што преку границите Негови ќе преминува, Тој ќе го фрли во Огнот во кој вечно ќе остане. Нему му припаѓа срамна казна!

**15.** Кога некоја од сопругите ваши ќе стори прељуба, побарајте против нив тоа да го посведочат четворица од вас, па ако посведочат, држете ги во куќите сѐ додека смртта не ги стигне или додека Аллах не им најде некој пат.

**16.** А ако, пак, двајцата тоа го направат, тогаш, прекорете ги, а ако се покајат и ако се поправат, тогаш, оставете ги на мира, бидејќи Аллах, навистина, ги прима покајанијата и Милостив е!

**17.** Аллах го прима покајанието само од тие што кога ќе сторат некое лошо дело од незнаење, а веднаш потоа ќе се покајат. На нив Аллах ќе им прости, а Аллах сѐ добро знае и Мудар е!

**18.** Залудно им е покајанието на тие коишто прават лоши дела сѐ додека не им се приближи смртта, па тогаш велат: „Сега навистина се каам!“, ниту пак за тие што ќе умрат како неверници. На нив болна казна им подготвивме!

**19.** О, верници, забрането ви е сопругите да ги наследувате (како предмети) без нивна желба и да им причинувате тешкотии со намера од нештата што им ги дарувавте за себе да си присвоите освен доколку сторат јасен грев. Со нив убаво живејте! А ако почувствувате непожелност кон нив, можно е да не сакате нешто во коешто Аллах дал големо добро!

**20.** Ако сакате едната сопруга да ја замените со друга, и на едната од нив сте ѝ дале богати дарови, не земајте ништо од тоа. Зарем тоа со клевета да го земете и да направите очигледен грев?

**21.** Како би можеле тоа да ѝ го одземете, кога еден со друг сте биле интимни и кога тие од вас цврста обврска зеле?

**22.** И не женете се со жените со кои се женеле вашите татковци после тоа што било; тоа би бил разврат, гнасен и лош пат![97]

**23.** Ви се забрануваат: мајките ваши, и ќерките ваши, и сестрите ваши, и сестрите на татковците ваши, и сестрите на мајките ваши, и ќерките од браќата ваши и од сестрите ваши, и помајките ваши што ве доеле, и сестрите ваши по млеко, и мајките на жените ваши, и паштерките ваши кои се под ваша закрила од жените ваши со кои сте имале брачни односи, – но ако со нив не сте имале брачни односи, тогаш не правите грев! – и жените на вашите родени синови, и две сестри одеднаш да ожените, освен тоа што било претходно! Аллах навистина простува и Милостив е!

**24.** И мажените жени, освен тие што ќе ги заробите, што ви е Аллахов пропис! А останатите ви се дозволени, ако сакате венчални дарови да им дадете и со нив да се ожените, а не да правите блуд! А на сопругите ваши, со кои сте имале брачни односи, дадете им ги нивните венчални дарови како што е пропишано. И не правите грев ако по одредениот венчален дар, со нив се нагодите. Аллах, навистина, сѐ знае и Мудар е!

**25.** А тој меѓу вас кој не е доволно богат да се ожени со слободна верничка – ете му ги тие во ваша сопственост, робинките ваши, вернички – а Аллах најдобро знае какво е верувањето ваше – едни од други сте. И женете се со нив со согласност на сопственикот нивен, и дајте им ги венчалните дарови како што е вообичаено, ако се чедни, а не се прељубнички, ниту тајни љубовнички. А ако тие како мажени сторат блуд, нека

[97] Во предисламското време животот на жената во бракот бил многу тежок. Синовите ги наследувале своите маќеи, како и останатиот имот од своите татковци. Имале право со маќеите да живеат како со своите жени, само поради тоа што биле мажени за нивните татковци, и можеле без нивно одобрение да ги омажат за себе или за некој роднина, а можеле и да им го забранат бракот. Со овој ајет сето ова се забранува.

бидат казнети со половична казна пропишана за слободните жени. Тоа е за тој од вас што се плаши од блуд, а подобро ви е да се воздржите, бидејќи Аллах простува и Милостив е!

**26.** Аллах сака да ви објасни и да ве упати на патиштата по кои одеа тие пред вас и да ви прости. А Аллах сѐ добро знае и Мудар е!

**27.** Аллах сака да ви прости, а тие кои по страстите свои се водат сакаат далеку од Вистинскиот пат да скршнете!

**28.** Аллах сака да ви олесни, а човекот е создаден како слабо суштество!

**29.** О, верници, не присвојувајте ги на недозволен начин имотите едни од други, освен со трговија и со заемна согласност, и самите себеси не се убивајте! Аллах е навистина Милостив кон вас!

**30.** Тој што тоа неправично и насилно ќе го стори, Ние во Огнот ќе го фрлиме, бидејќи тоа за Аллах е лесно.

**31.** Ако ги избегнувате големите гревови кои ви се забранети, Ние ќе ги покриеме вашите лоши дела и ќе ве воведеме во прекрасно место!

**32.** И не го посакувајте тоа со што Аллах некои од вас ги одликувал над останатите: на мажите им припаѓа награда за тоа што ќе го сторат, а на жените награда за тоа што тие ќе го сторат. И молете Го Аллах за Неговото изобилство! Аллах, навистина, сѐ добро знае!

**33.** За сѐ сме одредиле наследници за сето тоа што ќе го остават родителите и роднините. На тие со кои сте врзани со договор, дајте им го нивниот дел! Аллах е навистина сведок на сѐ!

**34.** Мажите се надредени над жените затоа што Аллах ги одликувал едните над другите и затоа што тие ги трошат имотите свои. Поради тоа честитите жени се послушни и за време на отсуството на сопругот го чуваат тоа што Аллах одредил да се чува. Тие за чијашто непослушност се плашите, посоветувајте ги, а потоа напуштете ги постелите нивни, па и удрете ги! Ако ви станат послушни, против нив ништо не правете! Аллах е навистина Возвишен и Голем!

**35.** А ако се плашите од раздор помеѓу нив двајца, тогаш испратете еден посредник од неговото, а еден посредник од нејзиното семејство. Ако тие сакаат помирување, Аллах ќе ги смири, бидејќи Аллах знае сѐ и е известен за сѐ!

**36.** И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте! А на родителите правете им добро, и на роднините, и на сирачињата, и на сиромашните, и на блискиот сосед и на далечниот сосед, и на пријателот, и на патникот, и на тој што е во ваша сопственост! Аллах, навистина, не ги сака горделивите и фалбациите!

**37.** Тоа се тие кои се скржави и им заповедаат на другите да бидат скржави и кои го кријат тоа што Аллах од изобилството Свое им го дарил, а Ние на неверниците им подготвивме срамна казна!

**38.** И тие што ги трошат имотите свои за да се покажат пред луѓето, а во Аллах и во оној свет не веруваат! А на кого шејтанот му е пријател, тој му е лош пријател!

**39.** А што ќе им биде ако во Аллах и во Судниот ден веруваат и ако од тоа што Аллах им го дал даваат, кога Аллах за нив знае сѐ?

**40.** Аллах нема ни тронка неправда да стори. Тој доброто дело ќе го умножи и уште од Себе голема награда ќе даде!

**41.** А што ќе биде, кога од секој народ ќе доведеме сведок, а тебе ќе те доведеме како сведок против овие народи?

**42.** На тој ден тие што не веруваа и што против Пратеникот се креваа, ќе посакаат земјата над нив да е порамнета, а од Аллах нема да можат ниту еден збор да сокријат!

**43.** О, верници, не пристапувајте на намаз (молитва) пијани сѐ додека не бидете свесни што изговарате, ниту кога сте џунуб[98], освен ако сте на поминување[99], сѐ додека не се искапете. А ако сте болни, или сте на пат, или после извршена физиолошка потреба, или ако сте биле во допир со жените[100], а не најдете вода, тогаш со дланките чистата земја

---

[98] Џунуб (ар.) – состојба на телесна нечистотија по ејакулација, или полов однос, а кај жените и за време на менструација и за време постпородилното крварење. Оваа нечистотија се отстранува со обредно капење наречено гусул, после кое личноста се смета за телесно чиста.

[99] Тоа значи дека може да се влезе во џамија во таква состојба, но само доколку треба да се помине низ неа за да се излезе од другата страна или пак за да се земе некој предмет и веднаш да се излезе.

[100] „Во допир со жените“ – под овој израз се подразбира интимниот однос помеѓу сопружниците.

допрете ја и лицата ваши и рацете ваши допрете ги.[101] Аллах, навистина, поминува преку гревовите и простува!

**44.** Зарем не гледаш како тие на кои им е даден дел од Книгата ја купуваат заблудата и сакаат и вие од Вистинскиот пат да скршнете?

**45.** Аллах најдобро ги познава вашите непријатели; Аллах е доволен Заштитник и Аллах е доволен Помагач!

**46.** Од Евреите има такви кои ја извртуваат смислата на зборовите велејќи: „Слушаме, но не се покоруваме!“ и „Слушај, да не те чуеме!“ и „Раина“, превртувајќи со јазиците свои и хулејќи ја верата! А да кажат: „Слушаме и се покоруваме!“ и „Слушај!“ и „Погледни нè!“ – за нив би било подобро и поисправно! Но, поради неверувањето нивно Аллах ги проколна и малкумина од нив веруваат!

**47.** О, вие на кои ви е дадена Книгата, поверувајте во ова што го објавуваме потврдувајќи го тоа што веќе го имате, пред да ги избришеме цртите на лицето и пред да ги вратиме назад, или пред да ги проколнеме како што ги проколнавме тие кои не ја почитуваа саботата. А Аллаховата заповед мора да се изврши!

**48.** Аллах нема да прости ако нешто Му се здружува, а ќе прости сè освен тоа кому Тој сака! А тој што на Аллах Му припишува здруженик, тој прави клевета и голем грев.

**49.** Зарем не ги гледаш тие кои се сметаат себеси за чисти од гревови? Меѓутоа, Аллах чисти од гревови кого сака и никому нема, ни колку една тронка, неправда да му се направи.

**50.** Погледни како измислуваат лага за Аллах! А тоа за Аллах е доволно како јасен грев!

**51.** Зарем не гледаш како оние на кои им е даден еден дел од Книгата во киповите и во тагутот веруваат, а за незнабошците велат: „Тие се на поисправниот пат од верниците“.

**52.** Нив Аллах ги проколнал, а на тој кого Аллах го проколнал нема да му најдеш никој кој би му помогнал!

**53.** Дали можеби тие имаат некаков удел во власта! А кога

[101] Во случај на немање вода за гусул, треба да се пристапи кон симболично чистење со чиста земја, песок или земјен сад, наречено тејемум, на начин како што тоа е опишано во ајетот.

тие би имале каков било удел во власта, на луѓето ништо не би им дале

**54.** и дали им завидуваат на луѓето на кои Аллах од изобилието Свое им дарил. А Ние на Ибрахимовите потомци Книга и мудрост им дадовме, и голема власт им подаривме!

**55.** Па имаше од тие што веруваа, а имаше и такви што од тоа одвраќаа! А Џехенемот им е доволен како оган вжарен!

**56.** Тие што не веруваат во Доказите Наши Ние, сигурно, во оган ќе ги фрлиме, па кога кожите ќе им се испечат, ќе им ги замениме со други кожи, за да ја осетат вистинската казна! А Аллах е Силниот и Мудриот!

**57.** А тие што веруваат и што прават добри дела, Ние ќе ги воведеме во џенетските градини под кои реки течат. Таму вечно ќе останат и во нив чисти жени ќе имаат, и во дебела ладовина ќе ги внесеме.

**58.** Аллах ви наредува доверените работи да им ги дадете на тие што се способни, а кога на луѓето им судите – праведно да судите. Аллаховиот совет навистина е прекрасен и Аллах навистина сѐ слуша и сѐ гледа.

**59.** О, верници, покорувајте Му се на Аллах и покорувајте му се на Пратеникот и на вашите претпоставени. А ако не се сложувате во нешто, обратете им се на Аллах и на Пратеникот, ако верувате во Аллах и во оној свет! Тоа е подобро и последиците се поубави.

**60.** Зарем не ги гледаш тие што тврдат дека веруваат во тоа што ти се објавува тебе и во тоа што е објавено пред тебе, како сакаат пред тагутот да им се суди, иако им е наредено да не веруваат во него? А шејтанот сака само во голема заблуда да ги наведе!

**61.** И кога ќе им се каже: „Прифатете го тоа што Аллах ви го објавува и прифатете го Пратеникот!“ – ги гледаш лицемерите како од тебе сосема се свртуваат.

**62.** А што ли ќе биде кога ќе ги погоди некаква неволја поради делата на рацете нивни, па ќе ти дојдат колнејќи се во Аллах: „Ние само сакавме да сториме добрина и среќа.“

**63.** Аллах добро знае што има во срцата нивни, затоа ти не осврнувај се на нивните зборови и советувај ги, и кажи им го тоа што ќе ги трогне.

**64.** А Ние ниту еден Пратеник не испративме, освен за да му се

покорувате со Аллаховото одобрение. А да ти дојдат кога самите себеси насилство ќе си сторат и да Го замолат Аллах да им прости, па и Пратеникот да замоли за нив, ќе видат дека Аллах, навистина, го прима покајанието и дека е Милостив!

**65.** И се колнам во Господарот твој, тие нема да бидат верници сè додека во меѓусебните спорови за судија тебе не те прифатат, а потоа во душите свои ни малку тешкотија да не почувствуваат за тоа што си го одредил и додека сосема не се покорат.

**66.** А да им пропишавме Ние: „Самите себеси убивајте се!“ или „Иселете се од родните места!“, малкумина од нив би го сториле тоа! А кога би постапиле така како што им се советува, би им било подобро и би биле поцврсти во верата!

**67.** И тогаш Ние, сигурно, голема награда би им дале

**68.** и на Правиот пат би ги упатиле!

**69.** Тие што им се покорни на Аллах и на Пратеникот, ќе бидат во друштвото со оние на кои Аллах Своите благодати им ги дарил: веровесниците, праведниците, шехидите и добрите луѓе. А тоа е прекрасно друштво!

**70.** Таа благодат е од Аллах, а доволно е тоа што Аллах сè знае!

**71.** О, верници, бидете внимателни и во борба одете во групи или сите одеднаш!

**72.** Меѓу вас има и такви кои сигурно ќе се колебаат, и кои, ако ве погоди некаква неволја, ќе кажат: „Аллах милоста Своја ми ја укажал што не бев со нив!“

**73.** А ако ви се случи добро од Аллах, тој сигурно, како меѓу вас и него да немало никакво пријателство, ќе рече: „Камо срека да бев со нив, голем плен ќе добиев!“

**74.** Па затоа на Аллаховиот пат нека се борат верниците против тие што животот на овој свет го купуваат за оној свет, бидејќи кој ќе се бори на Аллаховиот пат, па макар да загине или победи, Ние сигурно со голема награда ќе го наградиме!

**75.** Што ви е, зошто не се борите на Аллаховиот пат за немоќните, мажите, жените и децата кои велат: „Господару наш, избави нè од овој град чиишто жители се насилници, одреди ни од Тебе заштитник и дај ни од Тебе помагач!“

**76.** Верниците се борат на Аллаховиот пат, а неверниците на патот на тагутот. Затоа борете

се против шејтановите штитеници, бидејќи шејтановото лукавство е навистина слабо!

**77.** Зарем не ги виде тие на коишто им беше речено: „Подалеку од борба, туку намаз (молитва) извршувајте и зекат давајте!“ А кога им се пропиша борба,[102] одеднаш некои од нив се уплашија од луѓето, како што се плашат од Аллах, или уште повеќе, и рекоа: „Господару наш, зошто ни пропиша борба? Барем да ни го одложеше тоа на одредено време!“ Кажи: „Уживањето на овој свет е кратко, а оној свет е подобар за богобојазливите!“ А никому од вас нема неправда да му се стори!

**78.** Каде и да сте, смртта ќе ве стигне, па дури да сте и во кулите високи! Ако ги снајде нешто добро, тие велат: „Ова е од Аллах!“, а ако ги снајде нешто лошо, велат: „Ова е од тебе!“ Кажи: „Сè е од Аллах!“ Па што им е на овие луѓе?! Како да не разбираат што им се зборува!

**79.** Доброто кое ќе ти се случи е од Аллах, а лошото кое ќе те снајде е од тебе! Ние те испративме како пратеник на сите луѓе, а Аллах е доволен сведок!

**80.** Кој ќе му се покори на Пратеникот, Му се покорил и на Аллах; а кој главата ќе ја сврти, па Ние не те пративме да им бидеш чувар!

**81.** Лицемерите велат: „Се покоруваме!“, а кога ќе се тргнат од тебе, тогаш некои од нив во ноќта смислуваат нешто спротивно на тоа што ти го зборуваш! Аллах го запишува тоа што тие ноќе го смислуваат. Ти сврти се од нив и потпри се на Аллах, бидејќи Аллах е доволен како Заштитник!

**82.** А зошто тие не го проучуваат Куранот? Бидејќи, да е од некој друг, а не од Аллах, тие во него би нашле многу противречности!

**83.** Кога ќе им дојде нешто што се однесува до безбедноста или стравот, тие тоа го разгласуваат. А да го препуштат тоа на Пратеникот или на претпоставените свои, тоа сигурно од нив би го дознале тие што тоа го испитуваат. А да не е Аллаховата добрина кон вас и милоста Негова, вие сигурно, освен малкумина, шејтанот би го следеле!

---

[102] На муслиманите пред хиџрата (преселбата од Мека во Медина) им било наредено да избегнуваат оружена борба со многубошците.

**84.** Затоа бори се на Аллаховиот пат, не задолжувајќи никого освен себеси, а верниците поттикнувај ги! Можеби Аллах ќе ја сопре силата на неверниците, бидејќи Аллах е посилен и казните Негови се построги!

**85.** Кој ќе се залага за добро, и тој ќе има удел во тоа, а кој ќе се зазема за зло, и тој ќе има удел во тоа. А Аллах бдее над сè.

**86.** Кога со поздрав ќе бидете поздравени, со поубав од него отпоздравете, или поздравот возвратете го, бидејќи Аллах навистина сè пресметува!

**87.** Аллах, освен Кого друг бог нема, сигурно ќе ве собере на Судниот ден, во тоа воопшто нема сомнеж! А чиј говор е повистинит од Аллаховиот?

**88.** Зошто се раздвојувате кога се во прашање лицемерите кои Аллах ги врати во неверство поради тоа што самите го заслужиле! Зарем сакате на Вистинскиот пат да ги упатите тие кои Аллах во заблуда ги оставил? А кого Аллах ќе го заблуди, ти нема да му го најдеш Патот.

**89.** Тие би сакале и вие да не верувате како што тие не веруваат, па да бидете еднакви. Затоа не прифаќајте ги како пријатели додека не се иселат заради Аллах! А ако го свртат грбот, тогаш фаќајте ги и убивајте ги каде и да ги најдете, и ниту еден од нив како пријател и помагач не прифаќајте!

**90.** Освен тие што ќе се засолнат кај некое племе со кое вие имате договор, или тие што ќе дојдат кај вас, бидејќи им е тешко да се борат против вас и против родот свој. А да сака Аллах, би ги свртел против вас, па тие би се бореле против вас! Ако тие ве остават на мира и не се борат против вас, туку ви понудат мир, тогаш Аллах не ви дава пат против нив.

**91.** Вие ќе наидувате и на тие кои сакаат да бидат безбедни и од вас и од народот свој, па кога и да бидат повикани во идолопоклонство, тие се враќаат во претходната состојба! Ако тие не се тргнат од вас и не ви понудат мир и ако не престанат да војуваат против вас, тогаш фаќајте ги и убивајте ги каде и да ги стигнете. Ние против нив ќе ви дадеме јасен доказ!

**92.** Верник не може да убие верник освен само по грешка, а кој убие верник по грешка, тој мора да ослободи од ропство еден роб верник, и да предаде крвнина на неговото семејство, освен ако тие му ја простат. Ако тој припаѓа на народ кој е ваш

непријател, а верник е, тој мора да ослободи еден роб верник! А ако припаѓа на народ со кој сте во сојуз, мора да даде крвнина на неговото семејство и да ослободи од ропство еден роб верник. Доколку не најде, мора да пости два месеца еден по друг, покајувајќи Му се на Аллах! А Аллах сè знае и Мудар е!

**93.** Тој што намерно ќе убие верник, казната му е Џехенемот во кој вечно ќе остане! Аллах врз него гневот Свој ќе го спушти и ќе го проколне и голема казна ќе му подготви!

**94.** О, верници, кога ќе појдете во борба на Аллаховиот пат, сè добро проверете и на тој што ќе ве поздрави со селам[103] не велете: „Ти не си верник!“ – копнеејќи по минливите добра на овој свет, бидејќи кај Аллах има добра во изобилство! И вие бевте такви претходно, па Аллах ви ја подари Својата милост! Затоа, сè добро проверете, зашто Аллах е навистина известен за тоа што го правите!

**95.** Верниците кои не се борат, освен тие што се неспособни за борба, не се еднакви со тие кои на Аллаховиот пат се борат со имотите свои и со животите свои! Тие што се борат вложувајќи ги имотите свои и животите свои Аллах ги одликувал за степен над тие што не се борат, и Аллах на сите им ветува убава награда! Аллах ги одликувал борците над тие што не се борат со голема награда!

**96.** Од Него се степените, прошката и милоста, зашто Аллах простува и Милостив е!

**97.** Кога мелеците ќе им ги земаат душите на грешниците, ќе прашаат: „Што се случило со вас?“ „Бевме немоќни на Земјата!“ – ќе одговорат. „Зарем Аллаховата Земја не е пространа и зарем не можевте некаде да се иселите?“ – ќе им кажат тие. Затоа нивното престојувалиште ќе биде Џехенемот, а тој е ужасно живеалиште!

**98.** Освен за немоќните мажи, жени и деца, кои не можат да се снајдат и не можат да пронајдат излез.

**99.** За нив има надеж Аллах да им прости, бидејќи Аллах ги прекрива гревовите и простува!

**100.** Тој што ќе се исели на Аллаховиот пат, ќе најде многу места и изобилства на Земјата. А

---

[103] Селам алејкум (ар.) – Мир со вас. Тое е поздравот на муслиманите, како и на сите Божји Пратеници низ историјата, а тоа ќе биде и поздравот на жителите на рајот.

тој што ќе го напушти својот роден крај поради Аллах и Пратеникот Негов, па го стигне смртта, ќе добие награда од Аллах! Аллах многу простува и Милостив е!

**101.** Немате грев ако намазот (молитвата) го скратите кога сте на пат, и кога се плашите дека неверниците некакво зло ќе ви сторат, бидејќи неверниците ви се навистина отворени непријатели.

**102.** Кога ти ќе бидеш меѓу нив и со нив намаз (молитва) ќе извршуваш, една група нека клања со тебе и своето оружје нека го земе: и додека бидат на сеџда, другите нека бидат зад вас, а потоа нека дојде другата група која не клањала и со тебе нека клањаат, но нека го држат оружјето свое и нека бидат внимателни! Неверниците едвај чекаат вие да го занемарите оружјето и орудието ваше, па на вас сите одеднаш да навалат! А ако ви пречи дождот или пак ако бидете болни, не правите грев ако го положите оружјето свое, со тоа што ќе бидете внимателни! Аллах на неверниците срамно страдање им подготвил!

**103.** А кога намазот (молитвата) ќе го завршите, Аллах спомнувајте Го, и стоејќи и седејќи и лежејќи. А кога ќе бидете безбедни, намазот во потполност извршувајте го, бидејќи на верниците им е пропишано во определени временски интервали намазот да го извршуваат.

**104.** Немојте да се истоштувате трагајќи по непријателот: ако вие трпите болка, и тие трпат болка како вас, а вие уште од Аллах се надевате на тоа на што тие не се надеваат! А Аллах сè знае и Мудар е!

**105.** Ние тебе ти ја објавуваме Книгата со Вистината, за на луѓето да им судиш така како што Аллах ти покажува и не биди бранител на измамниците,[104] и замоли прошка од Аллах, бидејќи Аллах, навистина, простува и Милостив е!

---

[104] Еден муслиман по име Тума украл панцир од друг муслиман и го заложил кај својот пријател, евреин. Ограбениот, по некое време го нашол панцирот кај Евреинот и го пријавил. Евреинот изјавил дека Тума го заложил панцирот кај него. Запрашан за ова, Тума се заколнал дека нема ништо со панцирот и во негова одбрана застанало целото негово семејство. Кога случајот бил изнесен пред Пратеникот Мухамед, тој во прв момент сакал да го осуди Евреинот, бидејќи кај него бил пронајден панцирот, но, токму тогаш бил објавен овој и другите ајети кои следат, па Мухамед, по истрагата го осудил Тума за кражба, а Евреинот го ослободил.

**107.** И не заземај се за тие кои самите себеси се издаваат, бидејќи Аллах, навистина, не го сака тој што е предавник и грешник!

**108.** Тие се криjат од луѓето, но не можат да се скријат од Аллах, а Тој е со нив кога во ноќта смислуваат зборови со кои Тој не е задоволен! Аллах навистина го опфаќа сето тоа што тие го прават!

**109.** Ете, вие се заземате за нив во животот на овој свет, а кој ќе се зазема за нив пред Аллах на Судниот ден, или кој ќе им биде застапник?!

**110.** А кој ќе стори некакво зло или кон себе ќе згреши, па потоа ќе Го замоли Аллах да му прости – ќе види дека Аллах простува и дека е Милостив!

**111.** Тој што ќе стори грев, на своја штета го сторил, бидејќи Аллах сè знае и Мудар е.

**112.** А кој некаков престап или грев ќе стори, а потоа на недолжен човек го префрли, на себеси си натоварил клетва и очигледен грев!

**113.** Да не е Аллаховата добрина и Неговата милост спрема тебе, една група од нив би настојувала да те заведе, но тие само себеси се заведуваат, тебе не можат ни малку да ти наштетат! Тебе Аллах ти објавува Книга и мудрост и те учи за тоа што не си го знаел, бидејќи Аллаховата добрина кон тебе е голема!

**114.** Нема добро во многуте нивни тајни разговори, освен кога бараат милостина да се дава или добри дела да се прават или пак мир меѓу луѓето да се воспостави. А кој тоа го прави со желба Аллаховото задоволство да го стекне, Ние голема награда ќе му дадеме!

**115.** Тој што ќе му се спротивстави на Пратеникот откако јасно ќе му се покаже Вистинскиот пат, и го следи патот кој не е патот на верниците, ќе го пуштиме да прави што наумил, и во Џехенемот ќе го фрлиме, а тоа е ужасно живеалиште!

**116.** Аллах, навистина, нема да прости некој да Му се здружува, а кому сака ќе прости сè освен тоа. А далеку заталкал тој што на Аллах Му припишува здруженик.

**117.** Тие, покрај Аллах, на женски кипови им се клањаат, а не му се клањаат на никој друг туку на шејтанот – бунтовникот!

**118.** Аллах го проколна, а тој рече: „Јас сигурно ќе преземам за себе одреден број од Твоите робови!

**119.** И сигурно ќе ги наведувам во заблуда, и сигурно со

лажни надежи ќе ги примамувам, и сигурно ќе им заповедам да ги кратат ушите на добитокот, и ќе им наредам Аллаховите созданија да ги менуваат!“ А кој ќе го прифати шејтанот, наместо Аллах, за заштитник, тој навистина ќе пропадне!

**120.** Тој им ветува и со лажни надежи ги мами! А тоа што шејтанот им го ветува е само измама!

**121.** Нивно престојувалиште ќе биде Џехенемот и тие нема да најдат спас од него!

**122.** Тие што веруваат и прават добри дела ќе ги воведеме во џенетски градини, под кои реки течат, и во кои вечно ќе останат! Аллаховото ветување е вистинито, а чии зборови се повистинити од Аллаховите?!

**123.** Тоа нема да биде ни според вашите желби ниту според желбите на следбениците на Книгата; тој што ќе прави зло ќе биде казнет за тоа и нема да најде, освен Аллах, ни заштитник ни помошник,

**124.** а тој што прави добро, било да е маж или жена, а верник е, ќе влезе во Џенетот и нема да му се направи неправда.

**125.** Кој има подобра вера од тој што Му го предал своето лице на Аллах, а добродетел е и ја следи верата на Ибрахим чинејќи, уште, и добри дела, и кој ја следи верата Ибрахимова, верата чиста? А Аллах го зеде Ибрахим за пријател.

**126.** Аллахово е сè што е на небесата и тоа што е на Земјата. А Аллах опфаќа сè.

**127.** Тие од тебе бараат прописи за жените. Кажи: „Аллах ќе ви ги објасни прописите за нив и за тоа што ви се чита во Книгата за сирачките, на кои им го ускратувате тоа што им е пропишано,[105] а не сакате со нив да се ожените, и за немоќните деца, и за тоа дека со сирачињата треба праведно да постапувате. А Аллах сигурно знае за доброто што ќе го сторите!“

**128.** Ако некоја жена се плаши од суровоста и безобзирноста од мажот, тогаш тие нема да се огрешат доколку меѓусебно се

[105] Се зборува за тоа што им е пропишано во шеријатското наследно право. Жените и децата во предисламското време не наследувале ништо од мажите и родителите, затоа што не оделе во воени походи. И кога Куранот им го дал правото на наследство, другите наследници и старатели под влијание на обичајното право, настојувале на разни начини да им го ускратат ова право.

договорат; а договорот е најдобар. А душите на луѓето се склони кон алчност! И ако вие убаво постапувате и од Аллах се плашите – па, Аллах добро го знае тоа што го правите!

**129.** Вие нема да можете кон сопругите свои потполно еднакво да постапувате, колку и да го сакате тоа. Но не допуштајте си себеси таква наклонетост кон некоја, па некоја да оставите како да е без сопруг, а неразведена. А ако вие се поправите и се плашите од Аллах, па, Аллах, навистина, простува и Милостив е!

**130.** А ако тие двајца сепак се разведат, Аллах, од изобилството Свое, независни ќе ги стори. Аллах е неизмерно Добар и Мудар!

**131.** Аллахово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата. Ние, на тие на кои им е дадена Книгата пред вас, а и на вас, ви заповедавме да се плашите од Аллах! А ако нема да верувате, па, навистина, Аллахово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, Аллах не е зависен од никого и Тој е Достојниот за благодарност!

**132.** Аллахово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, и Аллах е доволен како управител.

**133.** Ако Тој сака вас ќе ве искорени, о, луѓе, а други ќе донесе. Тој е способен тоа да го стори!

**134.** Тој што сака награда на овој свет, па, кај Аллах е наградата и за овој и за оној свет, а Аллах сѐ слуша и сѐ гледа.

**135.** О, верници, секогаш бидете праведни, сведочете поради Аллах, па дури и против вас самите или против родителите и роднините! Било да е тој за кого сведочите богат или сиромашен, па Аллахово е да се грижи за нив! Затоа, не следете ги страстите, за да не бидете неправедни! А ако лажно сведочите или сведочењето го избегнувате, па, Аллах, навистина, знае што правите!

**136.** О, верници, верувајте во Аллах и во Пратеникот Негов, и во Книгата која Тој на Својот Пратеник му ја објавува и во Книгите кои претходно ги објавил. А тој што нема да верува во Аллах, и во мелеците Негови, и во Книгите Негови, и во Пратениците Негови, и во оној свет, тој далеку заталкал!

**137.** На тие што биле верници, а потоа станале неверници, па повторно станале верници и потоа пак станале неверници, и неверувањето го зголемиле, Аллах навистина нема да им прости и

на Вистинскиот пат нема да ги изведе!

**138.** Навести им болно страдање на лицемерите,

**139.** кои пријателуваат со неверниците, а не со верниците! Зарем кај нив бараат моќ, а сета моќ Му припаѓа само на Аллах?

**140.** Тој во Книгата веќе ви објави: „Кога ќе чуете дека Аллаховите зборови ги негираат и ги исмејуваат, не седете со таквите сè додека не ги променат зборовите, инаку, ќе бидете како нив!“ Аллах, сигурно, во Џехенемот заедно ќе ги здружи лицемерите и неверниците,

141. тие кои исчекуваат што ќе биде со вас. Па ако Аллах ви подари победа, тие ќе речат: „Зарем не бевме со вас?“, а ако среќата ги послужи неверниците, тогаш на нив им велат: „Зарем не можевме да ве победиме и зарем не ве одбранивме од верниците?“ На Судниот ден Аллах на сите ќе ви пресуди! А Аллах нема да им даде прилика на неверниците да ги уништат верниците!

**142.** Лицемерите настојуваат да го измамат Аллах, а Тој ќе ги надмудри. Кога стануваат намазот (молитвата) да го извршат, мрзеливо стануваат и тоа само за да се прикажат пред светот, а Аллах само малку Го спомнуваат;

**143.** се колебаат кому да се приклонат, дали на овие или на оние. А кого Аллах ќе го заблуди, тој нема да најде пат кон упатството.

**144.** О, верници, не пријателувајте со неверниците наместо со верниците! Зарем сакате да Му пружите на Аллах очигледен доказ против себе?

**145.** Лицемерите на самото дно на Џехенемот ќе бидат и ти нема да им најдеш помагач.

**146.** Освен тие кои ќе се покајат и ќе се поправат и кои цврсто Аллах ќе Го прифатат и верата своја во Аллах искрено ќе ја манифестираат. Тие ќе бидат со верниците, а Аллах на верниците, сигурно, голема награда ќе им даде!

**147.** Зошто Аллах би ве казнувал ако сте благодарни и ако верувате? Аллах е Тој што со благодати возвраќа и е Сезнаен!

**148.** Аллах не сака за злото гласно да се зборува, тоа му е дозволено само на тој што му е сторена неправда. А Аллах сè слуша и сè знае.

**149.** Сеедно дали вие доброто дело ќе го направите јавно или ќе го скриете, или неправдата ќе ја простите – па и Аллах многу простува и може сè.

**150.** Тие што не веруваат во Аллах и во Пратениците Негови и сакаат помеѓу Аллах и Пратениците Негови разлика во верувањето да направат, велат: „Во некои веруваме, а во некои не веруваме“, и сакаат помеѓу тие две некаков пат да изнајдат –

**151.** тие навистина се вистински неверници; а Ние на неверниците им подготвивме срамно страдање!

**152.** А тие што во Аллах и во пратениците Негови веруваат и ниту еден од нив не издвојуваат, Тој, сигурно, ќе ги награди. А Аллах простува и Милостив е!

**153.** Следбениците на Книгата бараат од тебе од небото да им спуштиш Книга. Па, од Муса бараа и повеќе од тоа, кога рекоа: „Покажи ни Го Аллах!“ Затоа, поради неправдата нивна, молња ги зашемети. Потоа, кога им беа покажани очигледни докази, телето за божество го прифатија, но и тоа го простивме, а на Муса очигледен доказ му дадовме,

**154.** и над нив планина кренавме, поради заветот кој го дадоа, и им рековме: „На портата со наведнати глави влезете!“ – и уште им рековме: „И за саботата не грешете!“ – и од нив цврсто ветување зедовме.

**155.** Но затоа што заветот го прекршија и затоа што во Аллаховите докази не поверуваа, што без причина веровесниците ги убиваа и што говореа: „Нашите срца се во обвивка!“ Аллах, поради нивното неверување, срцата им ги запечати, па само мал број од нив веруваат. И поради неверувањето нивно и поради изнесување тешки клевети врз Мерјем.

**157.** И поради зборовите нивни: „Ние го убивме Месих, Иса, синот Мерјемин, Аллаховиот Пратеник.“ А ниту го убија ниту го распнаа, туку само им се причини! Тие што не се согласуваа во мислењата за него, тие за тоа само се сомневаа; за тоа ништо сигурно не знаеја, само нагаѓаа; а сигурно е дека не го убија,

**158.** туку Аллах го воздигна кон Себе! А Аллах е Силен и Мудар.

**159.** И нема ниту еден следбеник на Книгата кој нема да поверува во него како што треба, пред неговата (Исаовата) смрт, а на Судниот ден тој против нив ќе сведочи.

**160.** И поради тешкото насилство на Евреите, Ние некои убави јадења кои им беа дозволени им ги забранивме, и поради тоа што многумина од Аллаховиот пат одвраќаа.

**161.** И затоа што земаа камата, а им беше забранета, и затоа што туѓите имоти на недозволен начин ги трошеа. А за неверниците меѓу нив, Ние болна казна подготвивме!

**162.** Но тие меѓу нив кои се сосема упатени во науката, и верниците кои веруваат во тоа што ти се објавува тебе и во тоа што е објавено пред тебе, особено тие што намазот (молитвата) го извршуваат и тие што зекат даваат и во Аллах и во оној свет веруваат, на нив сигурно голема награда ќе им дадеме!

**163.** Ние ти објавуваме тебе како што му објавувавме на Нух и на веровесниците по него, а му објавивме и на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб и на внуците, и на Иса, и на Ејуб[106], и на Јунус[107], и на Харун, и на Сулејман, а на Давуд му го дадовме Зебурот[108],

**164.** и пративме Пратеници за кои претходно ти кажувавме и Пратеници за кои не ти кажавме. А Аллах, сигурно, разговараше со Муса.

**165.** Пративме Пратеници кои радосни вести и опомени донесуваа, за луѓето, после Пратеникот, никакво оправдување пред Аллах да немаат. А Аллах е Силен и Мудар!

**166.** Аллах сведочи дека е вистина тоа што ти го објавува, го објавува со Своето знаење, а и мелеците сведочат. А Аллах е доволен како сведок.

**167.** Тие коишто не веруваат и кои другите од Аллаховиот пат ги одвраќаат, далеку заталкале!

**168.** На тие кои не веруваат и кои чинат неправда, Аллах, навистина, нема да им прости и нема да ги упати на патот,

**169.** освен патот кон Џехенемот, во кој вечно и засекогаш ќе останат! Тоа на Аллах Му е лесно.

**170.** О, луѓе, Пратеникот веќе ви ја донесе Вистината од Господарот ваш; затоа верувајте – подобро е за вас! А ако не верувате, па Аллахово е тоа што е на небесата и на Земјата, и Аллах сѐ знае и Мудар е!

**171.** О, следбеници на Книгата, не застранувајте во своето

---

[106] Ејуб – Старозаветниот пророк Јоб. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.
[107] Јунус – Старозаветниот пророк Јона. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.
[108] Зебур – Псалми.

верување и за Аллах зборувајте ја само вистината! Месих, Иса, синот Мерјемин, е само Аллахов Пратеник, создаден е со Зборот Негов кој на Мерјем ѝ го достави, и живот му даде; затоа верувајте во Аллах и во Неговите Пратеници и не велете: „Тројца се!“ Престанете, подобро е за вас! Аллах е само еден Бог, славен нека е Тој, зарем Тој да има дете?! Негово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, и Аллах е доволен сведок.

**172.** На Месих нема да му биде одбивно да признае дека е Аллахов роб, а ниту на мелеците, Нему најблиските. А тие на кои им е одбивно Нему да Му робуваат, и тие коишто ќе бидат вообразени, Аллах сите пред Себе ќе ги собере.

**173.** Верниците кои правеле добри дела Тој според заслугата ќе ги награди, и уште, од изобилството Свое, повеќе ќе им даде; а тие коишто биле одбивни и вообразени – на неподносливи маки ќе ги стави и тие нема да најдат, освен Аллах, ни заштитник ни помагач!

**174.** О, луѓе, Доказот од Господарот ваш веќе ви стигна и Ние ви ја објавивме Јасната Светлина!

**175.** Тие што во Аллах ќе веруваат и цврсто до Него ќе се придржуваат, Тој сигурно во Својата милост и благодат ќе ги воведе, и на Правиот пат кон Себе ќе ги упати!

**176.** Тие од тебе бараат толкување. Кажи: „Аллах ќе ви го каже прописотза келала: ако некој умре, а нема дете, но има сестра, нејзе ѝ припаѓа половина од неговото наследство, а тој ќе ја наследи неа ако таа нема дете; а ако се две сестри, на нив им припаѓаат две третини од неговото наследство. А ако се браќа и сестри, тогаш на машкото му припаѓа колку на две женски.“ Тоа Аллах ви го објаснува за да не заталкате. А Аллах знае сѐ!

## 5. Поглавје
# Ел Маиде
*Трпеза*
Медина – 120 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, верници, исполнувајте ги обврските! Ви се дозволува добитокот, со исклучок на тој за којшто ќе ви биде соопштено. Не ви е дозволено да ловите додека ги извршувате обредите на аџилакот! Навистина, Аллах пропишува што Тој сака.

**2.** О, верници, не ги омаловажувајте Аллаховите обреди на аџилакот, ниту светиот месец, ни курбаните, особено тие со оглав обележани, ниту луѓето кои тргнале кон Светиот Храм сакајќи награда и наклоност од Господарот свој. А кога обредите на аџилакот ќе ги извршите, тогаш смеете да ловите. И омразата што ја имате кон определени луѓе, затоа што ви го оневозможија пристапот кон Светиот Храм,[109] никако нека не ве наведе да извршите насилство! Едни на други помагајте си во добродетелството и во богобојазливоста, а не соучествувајте во гревот и непријателството; и плашете се од Аллах, бидејќи Аллах страшно казнува!

**3.** Ви се забранува мрша, крв, свинско месо и тоа што е заклано во нечие друго име, а не во Аллаховото, и тоа што е задавено и убиено, и што при пад е загинато, и со рог заболено, или од ѕвер начнато, освен ако сте го заклале пред да умре, и што на жртвениците е жртвувано[110], и ви се забранува гатање со стрелички.[111] Тоа е порок! Денес неверниците изгубија секаква надеж дека вие од својата вера ќе отпаднете, затоа не плашете се од нив, туку плашете се од Мене. Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера. А на тој што ќе биде

[109] Многубошците од Мека не им дозволиле на муслиманите, шестата година по хиџра, да влезат во Мека и да извршат умра, туку ги задржале на Худејбија.

[110] Околу Ќаба биле ставени жртвеници на кои многубошците им принесувале жртви на одредени кипови.

[111] Предисламските Арапи честопати гатале кога тргнувале на пат, во трговијата, кога сакале да се омажат или оженат или да се впуштат во каква било битна работа, гатале со посебни стрелки кои се наоѓале во Ќаба кај свештениците. Куранот забранува секакво гатање и предвидување на иднината.

принуден, кога има глад, без намера да стори грев, Аллах ќе му прости и Милостив ќе биде.

**4.** Те прашуваат што им се дозволува. Кажи: „Ви се дозволува убавата храна и тоа што ќе ви го уловат животните кои на лов сте ги подучиле, така како што Аллах вас ве научил. Јадете го тоа што тие ќе ви го уловат и споменете Го Аллаховото име при тоа, и плашете се од Аллах, бидејќи Аллах, навистина, брзо ги сведува сметките!“

**5.** Од сега ви се дозволува сета убава храна; и ви се дозволува храната на тие на кои им е дадена Книгата, и вашата храна им е дозволена на нив; и чедните вернички ви се дозволени, и чедните ќерки на тие на кои им е дадена Книгата пред вас, кога нивните венчални дарови ќе им ги дадете со намера со нив да се ожените, а не со нив да блудничите и за љубовници да ги земате. А тој што ќе отпадне од вистинската вера – залудни ќе му бидат делата негови и тој, на оној свет, ќе биде губитник.

**6.** О, верници, кога ќе сакате намазот (молитвата) да го извршите, лицата свои и рацете свои до зад лактите измијте ги – а дел од главите свои допрете ги – и нозете свои до над зглобовите, а ако сте џунуб, тогаш искапете се; а ако сте болни или на пат или ако сте извршиле физиолошка потреба или ако со сопругите сте се состанувале, а не можете да најдете вода, тогаш со рацете свои чиста земја допрете и со нив допрете ги лицата свои и рацете свои. Аллах не сака да ви причинува потешкотии, туку сака чисти да ве направи и благодатта Своја да ви ја надополни, за да бидете благодарни!

**7.** И сетете се на Аллаховата милост со која ве опсипа и на заветот со кој ве обврза,[112] кога рековте: „Слушаме и се покоруваме!“ И плашете се од Аллах, бидејќи Аллах ги знае мислите сечии!

**8.** О, верници, должностите кон Аллах извршувајте ги и праведно сведочете! Омразата која кон некои луѓе ја имате нека не ве натера неправедни да бидете!

---

[112] Се мисли на заветот за верност на Акаба, кој претставниците на првите муслимани од Медина му го дале на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и на заветот на верност на Худејбија кој муслиманите му го дале на Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, шестата година по хиџра.

Праведни бидете, тоа е најблиску до богобојазливоста, и плашете се од Аллах, бидејќи Аллах добро знае што правите!

**9.** На тие што ќе веруваат и што добри дела ќе чинат, Аллах им ветува прошка и награда голема;

**10.** А тие што нема да веруваат и доказите Наши ќе ги негираат, ќе бидат жители на Џехенемот!

**11.** О, верници, сетете се на Аллаховата благодат кон вас во моментот кога некои луѓе сакаа да посегнат по вас, а Тој ги задржа рацете нивни.[113] И плашете се од Аллах, а верниците само на Аллах нека се потпираат!

**12.** Аллах го прифати заветот на синовите Израилови – а меѓу нив поставивме дванаесет старешини – и Аллах рече: „Јас сум со вас! Ако молитвата ја извршувате и милостина давате, и ако во Пратениците Мои верувате, и ако им помагате и ако драговолно заем на Аллах Му давате, сигурно ќе преминам преку лошите постапки ваши и ќе ве воведам во џенетските градини низ кои течат реки. А тој меѓу вас кој ниту после ова нема да верува, од Вистинскиот пат скршнал!“

**13.** Но, бидејќи заветот свој го прекршија, Ние ги проколнавме и срцата нивни крути ги сторивме. Тие, зборовите од местото на кое што беа ги отстрануваа, а добар дел од тоа со што беа опоменувани го изоставија. И ти кај нив, освен кај малкумина од нив, непрекинато на ерес ќе наидуваш, но прости им и не карај ги! Аллах, навистина, ги сака добродетелите.

**14.** Ние заветот го прифативме и од тие што велат: „Ние сме христијани!“ – но и тие, голем дел од тоа со што беа опоменувани го изоставија, затоа меѓу нив вметнавме непријателство и омраза сè до Судниот ден; а Аллах сигурно ќе ги извести за тоа што го правеа.

**15.** О, следбеници на Книгата, ви дојде Пратеник Наш да ви укаже на многу нешта кои вие од Книгата ги криете, а преку многу и ќе помине! А од Аллах ви доаѓа светлина и Книга јасна

**16.** со која Аллах ги упатува на патиштата на спасението тие што настојуваат да го стекнат задоволството Негово и ги изведува, според волјата Своја, од

---

[113] Противниците неколкупати сакале да ги нападнат Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и муслиманите додека ја извршувале заедничката молитва.

темнината на светлина и ги упатува на Правиот пат.

**17.** Неверници се тие што велат: „Бог е Месих, синот Мерјемин!“ Кажи: „Кој може да Го спречи Аллах, ако сака, да го уништи Месих, синот Мерјемин, и мајката негова, и сите што се на Земјата? Аллахова е власта и на небесата и на Земјата и на тоа што е помеѓу нив! Тој создава што сака и Аллах може сè.

**18.** И Евреите и христијаните велат: „Ние сме деца Божји и миленици Негови.“ Кажи: „Па тогаш зошто Тој ве казнува поради гревовите ваши?“ А не е така! Вие сте како и останатите луѓе кои Тој ги создава: кому сака Тој ќе му прости, а кого сака Тој ќе го казни. Аллахова е власта на небесата и на Земјата и на тоа што е помеѓу нив, и Нему сите ќе Му се вратат.

**19.** О, следбеници на Книгата, ви дојде Пратеникот Наш – откако некое време е прекинато испраќањето Пратеници – да ви објасни, за да не кажете: „Не ни дојде ниту тој што носи радосни вести, ниту тој што опоменува!“ Па ете, ви дојде тој што носи радосни вести и што опоменува! А Аллах може сè.

**20.** А кога Муса му рече на народот свој: „О, народе мој, сетете се на Аллаховата благодат кон вас, кога некои од вас веровесници ги направи, а многумина од вас владетели, и ви го даде тоа што на ниту еден народ не му го дал!

**21.** О, народе мој, влезете во Светата земја, која Аллах ви ја додели, и не повлекувајте се назад, па да се вратите загубени!“

**22.** Тие рекоа: „О, Муса! Во неа има немилосрден народ и ние во неа нема да влеземе сè додека тие од неа не излезат; па, ако тие излезат од неа, тогаш ние сигурно ќе влеземе.“

**23.** Двајца мажи, кои од Аллах се плашеа и на кои Тој им ја подари милоста Своја, рекоа: „Навалете им на портата, па кога низ неа ќе поминете, сигурно ќе бидете победници; а на Аллах потпрете се, ако сте верници!“

**24.** „О, Муса,“ – рекоа тие – „сè додека се тие во неа, ние нема во неа да влеземе! Отидете ти и Господарот твој па борете се, ние овде ќе останеме!“

**25.** „Господару мој,“ – рече Муса – „јас освен на себеси, имам моќ само над братот свој; затоа пресуди ни нам и на народот грешен!“

**26.** „Четириесет години тие по земјата ќе талкаат,“ – рече Тој – „бидејќи Светата земја забранета ќе им биде, а ти не тагувај по народот грешен!“

**27.** И раскажи им за двајцата Адемови синови, така како што беше, кога тие двајцата жртва принесоа, па кога од едниот беше примена, а од другиот не, па рече: „Сигурно ќе те убијам!“ „Аллах прима само од богобојазливите!“ – рече првиот.

**28.** „И кога би ја пружил ти раката кон мене за да ме убиеш, јас не би ја пружил својата кон тебе за да те убијам, бидејќи јас се плашам од Аллах, Господарот на световите.

**29.** Јас сакам ти да го понесеш и мојот и твојот грев и да бидеш жител на Огнот. А тој е казна за сите насилници“.

**30.** И страста негова го наведе да го убие братот свој, па го уби и стана еден од изгубените.

**31.** Тогаш Аллах испрати гавран да копа по земјата за да му покаже како да го закопа мртвото тело на својот брат. „Тешко мене!“ – рече тој – „зарем и јас не можам, како овој гавран, да го закопам мртвото тело на својот брат?!“ И се покаја.

**32.** Заради тоа Ние им пропишавме на синовите Израилови: ако некој убие некого кој не убил никого, или таков што не прави неред на Земјата – како сите луѓе да ги убил; а ако некој биде причина за нечиј живот да се сочува – како на сите луѓе животот да им го сочувал! Нашите Пратеници јасни докази им носеа, но многумина од нив, и покрај тоа, на Земјата сите граници на злото ги преминуваа.

**33.** Казната за тие кои против Аллах и Пратеникот Негов војуваат и кои неред на Земјата чинат[114] е: да бидат убиени, или распнати, или вкрстено рацете и нозете да им се отсечат или од земјата да се прогонат! Тоа им е понижување на овој свет, а на оној свет ги чека големо страдање,

**34.** но не и за тие што ќе се покајат пред да паднат во ваши раце! И знајте дека Аллах проштува и дека е Милостив!

**35.** О, верници, плашете сѐ од Аллах и барајте го тоа што кон Него ќе ве приближи и борете се на патот Негов за да го постигнете тоа што го сакате!

---

[114] Во овој ајет станува збор за тие што се креваат против законската власт, и за разбојниците и крадците кои ги пресретнуваат луѓето по патиштата.

**36.** Кога сè што е на Земјата би било во посед на неверниците, и уште толку, и би сакале да се откупат од страдањата на оној свет, не би им се уважило. Нив ги чека неиздржлива мака!

**37.** Ќе посакаат тие да излезат од огнот, но излез нема да имаат, за нив ќе има непрекинато страдање!

**38.** На крадецот и на крадачката отсечете им ги рацете нивни, тоа нека им биде казна за тоа што го сториле и опомена од Аллах! А Аллах е Силниот и Мудриот!

**39.** А тој што по своето недело ќе се покае и ќе се поправи, Аллах сигурно ќе му прости. Аллах, навистина, простува и Милостив е.

**40.** Ти сигурно знаеш дека само Аллах има власт на небесата и на Земјата. Тој казнува кого сака, а простува кому сака. Аллах може сè!

**41.** О, Пратенику, нека не те загрижува тоа што брзо го покажуваат неверувањето тие кои со устите свои велат „веруваме“, а со срцето не веруваат, и Евреите кои измислиците многу ги слушаат и кои туѓите зборови радо ги прифаќаат, а кај тебе не доаѓаат, кои смислата на зборовите од местата нивни ги извртуваат и велат: „Ако вака ви се пресуди, тогаш прифатете, а ако не ви се пресуди, тогаш не прифаќајте!“ А кого Аллах сака во заблуда да го остави, ти наспроти Аллах не можеш никако да му помогнеш. Тоа се тие чиишто срца Аллах не сака да ги исчисти; нив на овој свет ги чека понижување, а на оној свет големо страдање!

**42.** Тие многу лаги слушаат и тоа што е забрането радо го јадат; па ако ти дојдат, ти или пресуди им или тргни се од нив; ако се тргнеш од нив, тие не можат ни малку да ти наштетат. А ако им судиш, пресуди им праведно бидејќи Аллах ги сака праведните!

**43.** А од каде тоа тие да ти бараат да им судиш кога го имаат Тевратот, во кој има Аллахови прописи? Тие ни по пресудата твоја не би биле задоволни бидејќи не се никакви верници!

**44.** Ние го објавивме Тевратот, кој содржи упатство и светлина. Според него на Евреите им судеа веровесниците, кои Му беа послушни на Аллах и честити луѓе, и учени, од кои е барано да ја чуваат Аллаховата Книга, и тие над неа бдееја. Затоа, кога ќе судите, не плашете се од луѓето, туку плашете се од Мене, и не

заменувајте ги зборовите Мои за нешто што малку вреди! А тие што не судат според тоа што Аллах го објавил, тие се вистински неверници![115]

**45.** Ние во него им пропишавме: глава за глава, и око за око, и нос за нос, и уво за уво, и заб за заб, а и раните треба да се возвратат. А тој што ќе се откаже од одмаздата, тоа ќе му биде искупување од гревовите. Тие што не судат според тоа што Аллах го објавил се вистински насилници!

**46.** После нив, го испративме Иса, синот Мерјемин, кој го признаваше Тевратот, пред него објавен, а нему му го дадовме Инџилот, во кој имаше упатство и светлина, и да го потврди Тевратот, пред него објавен, во кој исто така имаше упатство и поука за тие кои од Аллах се плашеа,

**47.** и на следбениците на Инџилот им наредивме да судат според тоа што Аллах го објавил во него. Тие што не судеа според тоа што Аллах го објавил се вистински грешници!

**48.** А тебе ти објавуваме Книга, со Вистината, да ги потврди книгите пред неа објавени и над нив да бдее. И ти суди им според тоа што го објавува Аллах и не следи ги желбите нивни, и не отстапувај од Вистината која ти доаѓа; на сите вас закон и правец ви пропишавме! А да сакаше Аллах, ќе ве направеше следбеници на една вера, но, Тој сака да ве искуша во тоа што ви го пропишува, затоа натпреварувајте се кој повеќе добрини ќе прави; кај Аллах сите ќе се вратите, па Тој ќе ве извести за тоа за што не се согласувавте.

**49.** И суди им според тоа што Аллах го објавува и не следи ги желбите нивни, и чувај се од нив да не те одвратат од нешто што Аллах ти го објавува! А ако ти свртат грб, тогаш знај дека Аллах сака, поради некои гре-

---

[115] Во еврејската тврдина Хајбер биле фатени на дело еден оженет Евреин и мажена Еврејка во прељуба. Според прописите на Тората тие требало да бидат каменувани. Но, бидејќи прељубникот и прељубничката биле од угледни и богати семејства, еврејските старешини ги испратиле кај Евреите во Медина со молба да го прашаат Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, за нивниот случај. „Ако Мухамед пресуди лицата да им ги поцрнат и да ги камшикуваат, прифатете го тоа, а ако не ви пресуди вака, тогаш не се согласувајте." Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, им пресудил дека казната е каменување бидејќи така е пропишано во Тората и според шеријатот.

вови нивни, да ги казни. А многумина од луѓето се, навистина, грешници.

**50.** Зарем тие да бараат како во паганско време да им се суди? А кој е подобар судија од Аллах на народ кој цврсто верува?

**51.** О, верници, не земајте ги за заштитници Евреите и христијаните! Тие се заштитници на самите себеси! А нивен е и тој меѓу вас кој за заштитници ќе ги прифати; Аллах, навистина, нема да им укаже на Вистинскиот пат на луѓето кои сами на себе неправда си чинат!

**52.** Затоа ти ги гледаш тие чии срца се болни како брзаат да склопат пријателство со нив, велејќи: „Се плашиме некаква неволја да не нè снајде.“ А Аллах сигурно победа или нешто друго од Себе ќе даде, па тие ќе се каат поради тоа што во душите свои го криеја,

**53.** а тие што веруваат ќе речат: „Зарем тоа се тие што се колнеа во Аллах, со својата најтешка заклетва дека навистина се со вас?“ Делата нивни ќе бидат поништени, и тие ќе настрадаат!

**54.** О, верници, ако некој од вас од верата своја отпадне, – па Аллах сигурно наместо нив ќе доведе луѓе кои Тој ги сака и кои Него Го сакаат, понизни кон верниците, а горди кон неверниците; тие на Аллаховиот пат ќе се борат и од ничиј прекор нема да се плашат! Тоа е Аллаховиот дар, кој Тој го дава кому сака, а Аллах е неизмерно добар и знае сè!

**55.** Ваши заштитници се само Аллах и Пратеникот Негов и верниците кои понизно намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат.

**56.** Тој што за заштитник ќе Го земе Аллах и Пратеникот Негов и верниците – па, Аллаховата страна, секако, ќе победи.

**57.** О, верници, не пријателувајте со тие кои верата ваша за потсмев и забава ја земаат, било да се тие на кои им е дадена Книгата пред вас, или да се идолопоклоници, – и од Аллах плашете се ако сте верници!

**58.** И кога повикувате на намаз (молитва), и тоа за потсмев и забава го земаат, затоа што тоа се луѓе кои не сфаќаат.

**59.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, зарем нас да нè осудувате поради тоа што веруваме во Аллах и во тоа што ни се објавува, и во тоа што е објавено претходно, а повеќето сте грешници?“

**60.** Кажи: „Сакате ли да ви кажам кои се полоши од таквите

и кои Аллах уште потешко ќе ги казни? Тие кои Аллах ги проколнал и на кои се разгневил и во мајмуни и свињи ги претворил, тие кои на тагутот му робувале – нив ги чека најлошото место, бидејќи тие најдалеку од Вистинскиот пат заталкале.“

**61.** А кога ви доаѓаат, велат: „Веруваме!“, но тие доаѓаат како неверници, и како такви и си одат, а Аллах добро го знае тоа што тие го кријат.

**62.** Гледаш многумина од нив како кон гревови и насилство се стремат и како тоа што е забрането го јадат; колку е лошо тоа како тие постапуваат!

**63.** Треба рабините и учените луѓе од лажниот говор и од забранетата храна да ги одвраќаат; колку е лошо тоа како тие постапуваат!

**64.** Евреите велат: „Аллаховата рака е стисната!“ Стиснати да се рацете нивни и проклети да се поради тоа што го велат! Не, двете Негови раце се отворени, Тој дава колку што сака! А тоа што ти го објавува Господарот твој ќе ја зголеми осиленоста и неверувањето кај многумина од нив. Ние вметнавме меѓу нив непријателство и омраза сè до Крајот на светот. Кога и да се обидат да го потпалат огнот на војната, Аллах го гасне. Тие настојуваат на Земјата пакост да прават, а Аллах не ги сака пакосниците.

**65.** А следбениците на Книгата да веруваат и од гревови да се чуваат, Ние би поминале преку лошите постапки нивни и сигурно би ги внеле во џенетските градини на уживањето.

**66.** Да се придржуваат кон Тевратот и Инџилот и до тоа што им го објавува Господарот нивен, би имале што да јадат, и од тоа што е над нив и од тоа што е под нозете нивни. Има и умерени меѓу нив, но лошо е тоа што повеќето од нив го прават!

**67.** О, Пратенику, кажувај го тоа што ти се објавува од Господарот твој! Ако не го сториш тоа, тогаш не си ја доставил Објавата Негова, а Аллах од луѓето ќе те штити. Аллах навистина нема да му укаже на Вистинскиот пат на народот кој не сака да верува.

**68.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, вие немате никаква вера доколку не се придржувате до Тевратот, Инџилот и до тоа што ви го објавува Господарот ваш!“ А тоа што ти го објавува Господарот твој на повеќето од нив ќе им ја зголеми осиленоста и неверувањето, но, ти не

очајувај поради народот кој не сака да верува.

**69.** Тие што веруваа, па тие што беа Евреи, и Сабијци, и христијани – тие што во Аллах и во оној свет веруваа и правеа добри дела – од ништо нема да се плашат и за ништо нема да тагуваат.

**70.** Ние од синовите Израилови завет зедовме и Пратеници им праќавме. Кога и да им донесеше некој Пратеник нешто што не им годеше на душите нивни, некои од нив за лаги ги клеветеа, а другите ги убиваа.

**71.** Мислеа дека нема да бидат ставени на маки, па беа и слепи и глуви, и тогаш кога Аллах го прими покајанието нивно, мнгумина од нив повторно беа и слепи и глуви; а Аллах добро го гледа тоа што тие го прават.

**72.** Неверници се тие што велат: „Бог е Месих, синот Мерјемин!“ А Месих говореше: „О, синови Израилови, обожувајте Го само Аллах, и мојот и вашиот Господар!“ Кој на Аллах ќе Му припишува здруженик, Аллах ќе му го забрани влезот во Џенетот и неговото живеалиште ќе биде Џехенемот; а на злосторниците нема никој да им помогне!

**73.** Неверници се тие што велат: „Бог е дел од тројството!“ А само еден е Бог! И доколку тие не се откажат од тоа што го велат, неиздржливо страдање, навистина, ќе го стигне секој од нив кој неверник ќе остане.

**74.** Зошто тие не се покајат кај Аллах и не замолат прошка од Него? А Аллах простува и Милостив е.

**75.** Месих, синот Мерјемин, е само Пратеник, и пред него доаѓаа и заминуваа Пратеници, а мајката негова беше вистинољубива; и двајцата јадеа храна. Погледни како Ние изнесуваме јасни докази и потоа погледни ги нив како се одметнуваат.

**76.** Кажи: „Како можете, освен Аллах, да обожувате некого кој не е во состојба ни да ви наштети ни да ви биде од корист, а Аллах е Тој што сѐ слуша и сѐ знае?“

**77.** Кажи: „О, следбеници на Книгата, не застранувајте во верувањето свое, спротивно на вистината, и не следете ги страстите на луѓето кои уште одамна заталкале, и многумина во заблуда одвеле, и самите од Вистинскиот пат скршнале!“

**78.** Со јазикот на Давуд и на Иса, синот Мерјемин, проколнати се тие од синовите Израилови кои не веруваа, затоа што се бунтуваа и границите на злото секогаш ги поминуваа,

**79.** едни со други не се одвраќаа од грешните постапки кои ги правеа. Лошо е, навистина, тоа како постапуваа!

**80.** Ти гледаш како многумина од нив пријателуваат со многубошците. Лошо е тоа што самите себеси си го подготвуваат: Аллах на нив да се разгневи и во страдание вечно да останат.

**81.** А да веруваат во Аллах и во Веровесникот и во тоа што нему му се објавува, тие со нив не би пријателувале, но, многумина од нив се грешници.

**82.** Ти сигурно ќе видиш дека на верниците најлути непријатели им се Евреите и многубошците; и секако ќе видиш дека на верниците најблиски пријатели им се тие што велат: „Ние сме христијани!“, затоа што меѓу нив има свештеници и монаси, и затоа што тие не се вообразени.

**83.** Кога го слушаат тоа што му се објавува на Пратеникот, гледаш како им течат солзи од очите бидејќи знаат дека тоа е Вистина, па велат: „Господару наш, ние веруваме, па запиши нѐ и нас меѓу тие што посведочиле!

**84.** Зошто да не веруваме во Аллах и во Вистината која ни доаѓа, кога едвај чекаме и нас Господарот наш да нѐ вброи меѓу добрите луѓе.“

**85.** Како награда поради тоа што го велат, Аллах ќе им даде џенетски градини, низ кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат; а тоа ќе биде награда за сите што прават добри дела!

**86.** А тие што нема да веруваат и доказите Наши ќе ги негираат, жители на Џехенемот ќе бидат!

**87.** О, верници, не ускратувајте си ги убавите нешта кои Аллах ви ги дозволил, само не преминувајте мерка, бидејќи Аллах не ги сака тие што претеруваат!

**88.** И јадете го тоа што ви го дава Аллах, што е дозволено и убаво; и плашете се од Аллах во Кого верувате.

**89.** Аллах нема да ве казни ако ненамерно се заколнете, но ќе ве казни ако намерно се заколнете. Откуп за прекршената заклетва е: да нахраните десет сиромаси со обична храна со која ги храните своите семејства, или да ги облечете, или роб од ропство да ослободите. А тој што нема да може, нека пости три дена. Така за заклетвите ваши откупувајте се кога ќе се заколнете; а за заклетвите ваши грижете се! Ете, така Аллах ви ги објаснува прописите Свои, за да бидете благодарни!

**90.** О, верници, виното, коцката, идолите и стреличките за

гатање се одвратни нешта, шејтаново дело; затоа избегнувајте ги, за да постигнете што сакате.

**91.** Шејтанот сака со помош на виното и коцката меѓу вас да внесе непријателство и омраза, и да ве одврати од сеќавање на Аллах и од извршување на намазот (молитвата). Па, ќе престанете ли?

**92.** И бидете Му послушни на Аллах и бидете му послушни на Пратеникот и бидете внимателни! А ако главите ги свртите, тогаш знајте дека Пратеникот Наш е должен само јасно да обзнани.

**93.** Тие што веруваат и добри дела прават немаат никаков грев во тоа што го изеле и испиле пред забраната кога се чуваат од тоа што им е забрането и кога веруваат и добри дела прават, а потоа пак се плашат од Аллах и веруваат и од гревовите се чуваат и добрини прават. А Аллах ги сака тие што на другите добрина им прават.

**94.** О, верници, Аллах ќе ве доведува во искушение со дивечот кој ќе биде на дофат на рацете ваши и копјата ваши, за Аллах да укаже на тој што од Него се плаши кога никој не го гледа. А тој што и после тоа насилство ќе стори, го чека болно страдание.

**95.** О, верници, не убивајте го дивечот додека сте во ихрами[116]! Тој што намерно ќе убие, казната му е едно домашно животно, чија вредност ќе ја проценат двајца ваши праведни луѓе, како курбан да заколе покрај Ќаба, или да се искупи така што ќе нахрани сиромашни или ќе пости, за да ја осети погубноста на постапката своја. А Аллах веќе го простил тоа што било. Тој што повторно ќе го стори тоа, Аллах ќе го казни! Аллах е Силен и Строг!

**96.** Вам ви се допушта во морето да ловите и уловот да го јадете, со него вие и патниците да се користите, а ви се забранува на копно да ловите додека обредите на аџилакот ги извршувате. И плашете се од Аллах, пред Кого ќе се соберете!

**97.** Аллах ја направил Ќаба, Светиот Храм, да биде препород за луѓето, а така и светиот месец и курбаните, особено тие

[116] Ихрам (ар.) – скромна обредна облека составена од два дела со кои се покриваат горниот и долниот дел од телото, а која ја симболизира истоимената состојба на аџијата во која многу од световните работи му се забранети со цел да се посвети кон потемелна и подлабока побожност и духовност. Оваа состојба и облека важат за време на извршување на обредите на аџилакот и умрата.

со оглав означени, за да знаете дека на Аллах Му е познато тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, дека Аллах, навистина, знае сè.

**98.** Знајте дека Аллах строго казнува, но и дека простува и дека е Милостив!

**99.** На Пратеникот должност му е единствено да објави, а Аллах го знае и тоа што јавно го правите и тоа што го криете.

**100.** Кажи: „Не е исто тоа што е забрането и тоа што е дозволено, иако те изненадува мноштвото од забранетото. Затоа плашете се од Аллах, о, вие кои сте обдарени со разум, за да го постигнете тоа што го сакате.

**101.** О, верници, не прашувајте за тоа што ќе ви причини непријатност ако ви се објасни; а ако прашате за тоа додека Куранот се објавува, ќе ви се објасни; тоа претходното Аллах веќе ви го прости. А Аллах простува и Благ е!

**102.** Некои луѓе прашаа за тоа пред вас, па потоа во тоа не поверуваа.

**103.** Аллах не пропишал да се сечат ушите од камилата која донела на свет пет младенчиња, ниту да се ослободи во име на некој идол, ниту да се жртвуваат овци кои петпати донеле на свет близначиња или пак камилата која петпати донела на свет машко[117]; тоа тие што не веруваат за Аллах кажуваат лаги и мноштвото од нив немаат памет.

**104.** А кога ќе им се каже: „Пристапете кон тоа што ви го објавува Аллах и кон Пратеникот!“, тие одговараат: „Доволно ни е тоа што од предците наши сме го запомниле.“ Зарем и ако предците нивни ништо не знаеја и ако на Вистинскиот пат не беа?!

**105.** О, верници, грижете се за себе; ако сте на Вистинскиот пат, нема да ви наштети тој што заталкал! Кај Аллах сите ќе се вратите и Тој ќе ве извести за тоа што сте го правеле.

**106.** О, верници, кога ќе ви се приближи смртта, при диктирање на тестаментот нека ви посведочат двајца праведни роднини ваши или некои други двајца, кои не се ваши, – ако сте на пат, а се појават знаци на смртта. А ако се посомневате, задржете ги по извршениот на-

---

[117] Предисламските Арапи имале свои непишани прописи за добитокот, од некои животни не јаделе месо, а некои не ги молзеле, јавале и товареле.

маз (молитва) и нека се заколнат во Аллах: „Ние заклетвата за ниедна цена нема да ја продадеме, дури и да се работи за некој роднина и сведочењето кое Аллах го пропишал нема да го ускратиме, бидејќи тогаш, навистина, би биле грешници!“

**107.** А ако се открие дека тие двајца згрешиле, тогаш нив ќе ги заменат други двајца од тие на кои штетата им е нанесена, и нека се заколнат во Аллах: „Нашите заклетви се поверодостојни од заклетвите нивни, ние не се заколнавме лажно, бидејќи тогаш, навистина, би биле неправедни!“

**108.** Тоа е најблиску до тоа дека ќе го извршат сведочењето свое така како што треба, и да не се плашат дека нивните заклетви со други заклетви ќе бидат побиени. И плашете се од Аллах и слушајте! А Аллах нема да им укаже на Вистинскиот пат на луѓето кои се големи грешници!

**109.** На Денот кога Аллах ќе ги собере Пратениците и ќе ги запраша: „Како ви се одѕваа?“ – тие ќе речат: „Ние не знаеме, бидејќи Ти ги знаеш сите тајни.“

**110.** Кога Аллах ќе каже: „О, Иса, сине Мерјемин, сети се на благодатта Моја кон тебе и кон мајката твоја: кога со Џибрил те помогнав, па со луѓето уште од колевка и како зрел маж разговараше; и кога на писменост и на мудрост, и на Тевратот и на Инџилот те научив; и кога со волјата Моја од глина направи нешто како птица и во неа вдахна, и кога таа со волјата Моја стана птица; и кога со волјата Моја од раѓање слеп и лепрозен исцелуваше; и кога со волјата Моја мртвите ги креваше; и кога од тебе синовите Израилови ги одбив, кога јасни докази им донесе, па тие меѓу нив кои не веруваа – викнаа: ‚Ова не е ништо друго туку вистинска маѓија!‘“

**111.** И кога на учениците им наредив: „Верувајте во Мене и во Пратеникот Мој!“, тие одговорија; „Веруваме, а Ти биди сведок дека ние сме муслимани.“

**112.** А кога учениците рекоа: „О, Иса, сине Мерјемин, може ли Господарот твој трпеза од небо да ни спушти?“ – тој рече: „Плашете се од Аллах ако сте верници!“

**113.** „Ние сакаме“ – рекоа тие – „од неа да јадеме и нашите срца да бидат смирени и да се увериме дека вистината ни ја зборуваше, и за неа да бидеме сведоци.“

**114.** Иса, синот Мерјемин, рече: „О, Аллаху, Господару наш,

спушти ни од небо трпеза да ни биде празник, и на првите од нас и на подоцнежните, и чудо Твое, и снабди нè, а Ти си најдобриот Снабдувач!“

**115.** „Јас ќе ви ја спуштам,“ – рече Аллах – „но тие од вас кои и потоа нема да веруваат ќе ги казнам со казна со каква никого на светот нема да казнам!“

**116.** А кога Аллах ќе рече: „О, Иса, сине Мерјемин, ти ли им говореше на луѓето: ‚Прифатете ме мене и мајката моја како две божества покрај Бог?‘“ – тој ќе рече: „Чист си Ти од тоа! Мене не ми доликува да зборувам за тоа што немам право. Ако тоа јас сум го говорел, Ти тоа веќе го знаеш; Ти знаеш што има во мене, а јас не знам има во Тебе; Само Ти, Единиот, знаеш сè што е скриено!

**117.** Јас им го велев само тоа што Ти им го нареди: ‚Обожувајте Го Бога, и мојот и вашиот Господар!‘ И јас бдеев над нив додека бев меѓу нив, а кога Ти кај Себе ме зеде, само Ти ги нагрнуваше; Ти бдееш над сè!

**118.** Ако ги казниш, робови се Твои, а ако им простиш, Силен и Мудар си Ти!“

**119.** Аллах ќе рече: „Ова е Денот во кој на искрените искреноста нивна ќе им биде од корист; ним ќе им припаднат џенетските градини низ кои реки течат; вечно и довека во нив ќе останат. Аллах ќе биде задоволен со нив, а и тие со Него. Тоа голем успех ќе биде!“

**120.** Аллахова е власта на небесата и на Земјата и над тоа што е на нив; Тој може сè!

## 6. Поглавје
# Ел Енам
*Добиток*
Мека – 165 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Кој небесата и Земјата ги создаде и темнини и светлина даде, па повторно тие што не веруваат – други со Господарот свој изедначуваат!

**2.** Тој од земја ве создава и часот на смртта ви го одредува, и само Тој знае кога Крајот на светот ќе биде, а вие повторно се сомневате.

**3.** И Тој е Аллах на небесата и на Земјата, Тој знае и што криете и што покажувате, и Тој го знае тоа што го правите.

**4.** А на неверниците не им дојде ниту еден доказ од Господарот нивен, а тие главите од него да не ги свртат.

**5.** Тие сметаат дека Вистината што им доаѓа е лага, но, нив сигурно ќе ги стигнат последиците од тоа на што тие се потсмеваат.

**6.** Зарем тие не знаат колку народи пред нив Ние уништивме, на кои на Земјата им дававме можности какви вам не сме ви дале и на кои дожд обилен им испраќавме и дадовме реки покрај нив да течат, па, поради гревовите нивни ги уништувавме, и други поколенија, по нив, создававме.

**7.** А и Книга на хартија да ти спуштевме и тие со рацете свои да ја опипаа, сигурно тие што не сакаат да веруваат повторно ќе речеа: „Ова не е ништо друго освен вистинска магија“.

**8.** И рекоа: „Требаше да му се прати мелек!“ А да им пратевме мелек, со нив свршено ќе беше, и ќе намаа избор.

**9.** И мелек да го сториме, повторно како човек би го создале и повторно би им го сториле нејасно тоа што не им е јасно.

**10.** На Пратениците и пред тебе им се потсмеваа, па тие што се исмејуваа ги стигна токму тоа за што се исмејуваа.

**11.** Кажи: „Патувајте по Земјата, а потоа погледнете како завршија тие што Пратениците за лажни ги сметаа!“

**12.** Прашај: „Чие е сето тоа што е на небесата и на Земјата?“ – и одговори: „Аллахово!“ Тој Себеси си пропишал да биде милостив. Тој на Судниот ден ќе ве собере, во тоа нема никаков сомнеж; тие што себеси се упропастиле, па, тие нема да веруваат.

**13.** Нему Му припаѓа сè што постои во ноќта и во денот; Тој сè слуша и сè знае.

**14.** Кажи: „Зарем за заштитник да земам некој друг освен Аллах, Создателот на небесата и на Земјата? Тој храни, а Него никој не Го храни!“ Кажи: „Мене ми е наредено да бидам прв меѓу тие што се покоруваат“, – и: „Никако немој да бидеш од многубошците!“

**15.** Кажи: „Ако не Му бидам послушен на својот Господар, јас се плашам од страдањето на Големиот ден“.

**16.** А оној што тој ден ќе биде поштеден, Тој му се смилувал, и тоа е очигледен успех!

**17.** Ако од Аллах некоја неволја те погоди, – па, никој освен Него не може да ја отстрани; а ако некакво добро ти подари, па, само Тој е Семоќен,

**18.** и Тој е Единиот Владетел над робовите Свои; Тој е Мудриот и Сезнајниот.

**19.** Кажи: „Кој е најголемиот по сведочењето?“ – и одговори: „Аллах, Тој меѓу мене и вас сведок ќе биде. А мене овој Куран ми се објавува за со него вас и тие до кои тој ќе допре да ги опоменам. Зарем вие, навистина, тврдите дека покрај Аллах има и други божества?“ Кажи: „Јас не тврдам!“ Кажи: „Само Тој е Бог, и јас немам ништо со тоа што вие Му здружувате Нему.“

**20.** Тие на кои Книгата им ја дадовме го познаваат Пратеникот како што ги познаваат синовите свои; тие кои себеси се упропастија, па, тие нема да веруваат.

**21.** Има ли понеправеден од тој што за Аллах говори лаги или не ги признава доказите Негови? Неправедните, навистина нема да успеат!

**22.** А на Денот кога сите ќе ги собереме, па ќе ги прашаме тие што здруженици Му припишуваа: „Каде ви се божествата ваши кои за богови ги зедовте?“

**23.** Нема ништо друго да им преостане освен да кажат: „Се колнеме во Аллах, во Господарот наш, ние никого не Му здружувавме на Аллах!“

**24.** Гледај како тие самите себе ќе се лажат, а нема да ги има тие што самите ги измислија!

**25.** Има такви кои доаѓаат да те слушаат, но Ние на срцата нивни перде им ставивме, за да не го разберат Куранот, и глуви ги направивме, па и сите докази да ги виделе, повторно во нив не би поверувале. А кога

доаѓаат со тебе да се расправаат, тие што не веруваат велат: „Тоа се само измислици на дамнешните народи!“

**26.** Тие забрануваат да се верува во Куранот, и самите од него се оддалечуваат, и самите себеси се упропастуваат, а и да не забележуваат.

**27.** А да ти се даде да ги видиш како, кога пред Огнот ќе бидат задржани, ќе речат: „Камо да бевме вратени, па доказите на Господарот наш да не ги негираме и верници да станеме!“

**28.** Не, не! На нив очигледно ќе им стане тоа што претходно го криеја; а и кога би биле вратени, повторно би продолжиле да го прават тоа што им беше забрането, бидејќи тие се навистина лажговци,

**29.** и би рекле: „Нема живот освен на овој свет и ние нема да бидеме оживеани!“

**30.** А да ти се даде да ги видиш како, кога пред Господарот свој ќе бидат запрени и кога Тој ќе ги запраша: „Зарем ова не е вистина?“ – ќе одговорат: „Да, се колнеме во Господарот наш!“ – а и како Тој ќе каже: „Е па искусете ја тогаш казната заради тоа што не верувавте!“

**31.** Тие што не веруваат дека пред Аллах ќе застанат, ќе настрадаат кога ненадејно Часот на оживувањето ќе им дојде, и ќе речат: „О, мако наша, што сè на Земјата пропуштивме!“ и гревовите свои на грбовите свои ќе ги носат, а ужасно е тоа што ќе го натоварат!

**32.** Животот на овој свет е само игра и забава, а оној свет, навистина, е подобар за тие што се плашат од Аллах. Зошто не се опаметите?

**33.** Ние знаеме дека тебе, навистина те растажува тоа што тие го говорат. Тие, навистина, не те обвинуваат тебе дека ти си лажливец, туку неверниците ги негираат Аллаховите зборови.

**34.** А Пратениците и пред тебе за лажни беа сметани, па трпеа што за лаги ги клеветеа и што ги мачеа сè додека не им дојде помошта Наша – а никој не може Аллаховите зборови да ги измени – и до тебе допреа некои вести за Пратениците.

**35.** Ако ти е тешко тоа што тие се свртуваат, тогаш, ако можеш, побарај каков било отвор во Земјата или скалила на небото, па донеси им едно чудо! Да сака Аллах, Тој сите на Вистинскиот пат би ги собрал; затоа

немој никако да бидеш од тие што не знаат!

**36.** Ќе ти се одѕвијат само тие што се послушни. А Аллах мртвите ќе ги оживее; потоа, Нему сите ќе Му се вратат.

**37.** Тие велат: „Зошто Господарот негов не му прати некакво чудо?“ Кажи: „Аллах е способен да испрати чудо, но повеќето од нив не знаат“.

**38.** Сите животни кои по Земјата одат и сите птици кои со крилјата свои летаат се светови како вас – во Книгата Ние ништо не изоставивме – и потоа ќе се соберат пред својот Господар.

**39.** А тие што доказите Наши ги негираат глуви се и неми, во темнините се. Кого сака, Аллах ќе го заблуди, а кого сака, на Правиот пат ќе го одведе.

**40.** Кажи: „Кажете ми вие мене, ако вистината ја зборувате, кога би ви дошла Аллаховата казна или би ве изненадил Крајот на светот, дали, некој друг освен Аллах би повикувале?“

**41.** Само Него би Го молеле, ако сака, да го отстрани од вас тоа за што сте Го молеле, а не би ви паднале ни на ум тие што Му ги здружувавте!

**42.** А и на народите пред тебе им испраќавме Пратеници и со сиромаштво и со болест ги казнувавме, за да станат послушни.

**43.** Требаше послушни да станат кога казната Наша ќе им дојдеше! Но, срцата нивни останувaа тврди, а шејтанот им го прикажуваше како убаво тоа што го правеа.

**44.** И кога ќе го заборавеа тоа со што беа опоменувани, Ние портите на сите добри нешта ќе им ги отворевме, а кога на тоа што им е дадено ќе се израдуваа, ненадејно ќе ги казневме и тие одеднаш ќе изгубеа надеж,

**45.** и ќе се прекинеше трагата на народот кој правеше неправда, и сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите!

**46.** Кажи: „Кажете ми вие мене, ако Аллах ве лиши од слухот ваш и од видот ваш и ако срцата ваши ги запечати, кој бог, освен Аллах, тоа би ви го вратил?“ Погледни како изнесуваме докази, а тие повторно се свртуваат.

**47.** Кажи: „Кажете ми вие мене, ако Аллаховата казна би ве стигнала неочекувано или јавно, зарем некој друг би настрадал, освен, народот насилнички?“

**48.** Ние испраќаме Пратеници само за да носат радосни вести и за да опоменуваат; затоа нека не

се плашат од ништо и за ништо нека не тагуваат тие што веруваат и прават добри дела!

**49.** А тие што не веруваат во доказите Наши ќе ги стигне казна затоа што грешно постапуваат!

**50.** Кажи: „Јас не ви велам: ‚Кај мене се Аллаховите ризници.‘, ниту: ‚Мене ми е познат невидливиот свет‘, ниту ви велам: ‚Јас сум мелек‘ – јас го следам само тоа што ми се објавува.“ Кажи: „Зарем се исти слепиот и тој што гледа? Зошто не размислите?“

**51.** И опоменувај ги со Куранот тие што стравуваат што пред Господарот свој собрани ќе бидат, кога освен Него ни заштитник ниту посредник нема да имаат – за да се плашат од Аллах!

**52.** И не терај ги од себе тие кои наутро и навечер на Господарот свој Му се молат посакувајќи го лицето Негово, ти нема за нив да одговараш, а ни тие нема за тебе да одговараат, затоа што, кога би ги истерал, насилник би бил.

**53.** И така Ние едни со други ве искушуваме за да речат неверниците: „Зарем тоа се тие на кои Аллах, помеѓу нас, милост им укажа?“ А зарем Аллах не ги познава добро тие што се благодарни?!

**54.** А кога ќе ти дојдат тие кои во зборовите Наши веруваат, ти кажи: „Мир со вас!“ Господарот ваш самиот на Себеси си пропиша да биде Милостив: ако некој од вас стори лошо дело од небрежност, па потоа се покае и се поправи, па, Аллах, навистина, ќе прости и Милостив ќе биде.

**55.** Така Ние во детали ги изнесуваме доказите, за да ви биде очигледен патот по кој одат грешниците.

**56.** Кажи: „Мене ми е забрането да ги обожувам тие на кои вие, покрај Аллах, ги молите“. Кажи: „Јас не ги следам желбите ваши, бидејќи тогаш би заталкал и не би бил на Вистинскиот пат“.

**57.** Кажи: „Јас сум на Јасното Упатство од Господарот мој, а вие го негирате. Не е во моја власт тоа што вие го избрзувате; само Аллах се прашува, Тој суди според правдата и Тој е најдобриот судија.“

**58.** Кажи: „Да е во моја власт тоа што го избрзувате, меѓу мене и вас би било свршено, а Аллах добро ги знае насилниците“.

**59.** Кај Него се клучевите на сите тајни, само Тој ги знае, и Тој Единиот знае што има на копното и што е во морето, и ниту еден лист не паѓа, а Тој за него да

не знае; и нема зрно во темнините на Земјата, ниту нешто посвежо ниту нешто посуво, ништо што не е во Јасната Книга.

**60.** Тој ноќе ве умртвува – а знае што сте правеле преку ден – потоа ве буди, сè додека не дојде часот на смртта. На крајот, Нему ќе Му се вратите и Тој ќе ве извести за тоа што сте го правеле.

**61.** Тој е Владетел над робовите Свои и ви праќа чувари; а кога на некој од вас смртта ќе му дојде, Нашите мелеци, без колебање, душата му ја земаат.

**62.** Тие потоа ќе бидат вратени кај Аллах, кај својот вистински Господар. Само Тој ќе се прашува и Тој најбрзо сметката ќе ја сведе.

**63.** Кажи: „Кој од стравотиите на копното и на морето ве избавува кога и јавно и тајно понизно Му се молите: ‚Ако Тој нè избави од ова, сигурно ќе бидеме благодарни!'"

**64.** Кажи: „Аллах од нив и од секоја неволја ве избавува, па вие сепак Му припишувате здруженици."

**65.** Кажи: „Тој е способен да испрати казна против вас, над вашите глави или под вашите нозе или во групи да ве подели и да направи силата меѓусебно да ја искусите". Погледни само како Ние детално изнесуваме докази за тие да се вразумат!

**66.** Твојот народ го негира (Куранот), а тој е вистина. Кажи: „Јас не сум ваш чувар,

**67.** секое наговестување има свое време, и вие ќе знаете!"

**68.** Кога ќе ги видиш тие што на Нашите зборови се потсмеваат, биди далеку од нив сè додека не ги променат зборовите. А ако шејтанот те наведе да заборавиш, тогаш не седи со насилниците кога ќе се сетиш.

**69.** Тие што се плашат од Аллах нема за нив сметка да полагаат, но должни се да опоменуваат, со цел да престанат.

**70.** Остави ги тие што својата вера како игра и забава ја земаат, и кои животот на овој свет ги измамил, а опоменувај со Куранот за да не страда човекот поради тоа што го прави, бидејќи освен Аллах, ни заштитник ни посредник нема да има, бидејќи од него никаква откупнина нема да се прими. Тие, поради тоа што го правеа, во маки ќе бидат држени; нив ги чека пијалак од зовриена вода и неподносливо страдање, затоа што не веруваа!

**71.** Кажи: „Зарем, покрај Аллах, да ги молиме тие што не можат

никаква корист да ни направат ниту некоја штета да отстранат, па да бидеме вратени по стапките наши – а Аллах веќе нè упатил – и да бидеме како тој кого на Земјата шејтаните го завеле па ништо не знае, а кого другарите негови го повикуваат на Вистинскиот пат: ‚Дојди кај нас!‘“ Кажи: „Аллаховото упатство е Вистинско упатство, и нам ни е наредено на Господарот на световите да Му се предадеме

**72.** и намазот (молитвата) да го извршуваме и од Него да се плашиме; и пред Него ќе бидете собрани,

**73.** и небесата и Земјата со Вистината Тој ги создаде: штом Тој за нешто каже: „Биди!“ – тоа бидува; зборот Негов е Вистината; само Тој ќе ја има власта на Денот кога во Рогот ќе се дувне; Тој го познава невидливиот и видливиот свет, и Тој е Мудриот и Сезнајниот!“

**74.** А кога Ибрахим му рече на својот татко Азер[118]: „Зарем статуите ги сметаш за богови?! Гледам дека и ти и народот твој сте во јасна заблуда!“

**75.** И Ние му го покажавме на Ибрахим царството на небесата и на Земјата за да верува цврсто!

**76.** И кога настапи ноќта, тој здогледа ѕвезда и рече: „Ова е Господарот мој!“ А откако таа зајде, тој рече: „Не ги сакам тие што заоѓаат!“

**77.** А кога ја здогледа Месечината како излегува, рече: „Ова е Господарот мој!“ А откако таа зајде, тој рече: „Ако Господарот мој не ме упати на Вистинскиот пат, сигурно ќе бидам еден од тие што заталкале.“

**78.** А кога го здогледа Сонцето како се раѓа, тој извика: „Ова е Господарот мој, ова е поголемо!“ А откако тоа зајде, тој рече: „Народе мој, јас немам ништо со тоа што вие здруженик Му припишувате!

**79.** Јас го насочувам лицето свое, како вистински верник, кон Тој што небесата и Земјата ги создал, јас не сум од многубошците!“

**80.** И народот негов со него се расправаше. „Зарем со мене да се расправате за Аллах, а Тој мене ме упати?“ – рече тој. „Јас не се плашам од тие кои вие Нему Му ги здружувате, освен

[118] Азер – Терах, таткото на Авраам, изработувачот на идоли. Не се одѕвал на повикот на својот син.

што се плашам дека мојот Господар ќе сака нешто. Господарот мој со Своето знаење опфаќа сѐ. Зошто не се вразумите?

**81.** А како би се плашел јас од тие кои со Него ги изедначувате, кога вие не се плашите што вие на Аллах здруженици Му припишувате, иако Тој за тоа никаков доказ не ви дал? И знаете ли вие кои, ние или вие, ќе бидат сигурни?

**82.** Ќе бидат сигурни само тие што веруваат и верувањето свое со многубоштвото не го мешаат: тие ќе бидат на Вистинскиот пат!"

**83.** Тоа се доказите Наши кои му ги дадовме на Ибрахим за народот негов. Ние повисоки степени им даваме на тие на кои Ние сакаме. Господарот твој е, навистина, Мудар и сѐ знае.

**84.** И Ние му ги подаривме и Исхак и Јакуб; и секого упативме – а Нух уште претходно го упативме – и од потомците негови Давуд, и Сулејман, и Ејуб, и Јусуф[119], и Муса, и Харун – ете, така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела –

**85.** и Зекерија, и Јахја, и Иса, и Илјас[120] – сите тие беа добри –

**86.** и Исмаил и Елјеса[121], и Јунус и Лут[122] – и на сите им дадовме предност над останатите луѓе –

**87.** и некои предци нивни и потомци нивни и браќата нивни – нив ги одбравме и на Правиот пат ги упативме.

**88.** Тоа е Аллаховото упатство на кое Тој им укажува на тие на кои сака од робовите Свои. А да Му припишуваа здруженик, сигурно ќе им пропаднеше тоа што го правеа.

**89.** Тоа се тие на кои Ние Книги и мудрост и веровесништво им дадовме. Па ако потомците нивни не веруваат во тоа, Ние задолживме луѓе кои ќе веруваат во тоа.

**90.** Нив Аллах ги упати, затоа следи го нивниот Вистински пат. Кажи: „Јас од вас не барам

---

[119] Јусуф – Старозаветниот пророк Јосиф, синот на Јаков. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[120] Илјас – Старозаветниот пророк Елијас, Илија, Елијах. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[121] Елјеса – Старозаветниот пророк Елизеј. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[122] Лут – Старозаветниот пророк Лот. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

награда за Куранот, тој е само поука на човештвото.“

**91.** Тие не го познават Аллах како што треба, штом велат: „На ниту еден човек Аллах не му објавил ништо!“ Кажи: „А кој ја објавил Книгата која ја донел Муса како светлина и патоказ за луѓето, која на листови ја ставате и ја покажувате, а многу и криете, и земате поука за тоа што ниту вие ниту предците ваши не сте го знаеле?“ Кажи: „Аллах!“ Потоа остави ги нека се забавуваат со своите лаги.

**92.** А оваа Книга, која ја објавуваме, е благословена, таа ја потврдува онаа пред неа, за да ја опоменуваш Мека и останатиот свет. А тие што веруваат во оној свет, веруваат во неа и за намазите (молитвите) свои водат грижа.

**93.** Кој е понеправеден од тој кој за Аллах изнесува лаги или кој вели: „Ми се објавува“, а ништо не му се објавува, или кој вели: „И јас ќе кажам исто како што Аллах објавува“. А да ти се даде да ги видиш неверниците во смртните маки, кога мелеците ќе ги испружат рацете свои кон нив: „Извадете ги своите души! Отсега со неиздржлива казна ќе бидете казнувани затоа што за Аллах изнесувавте лаги и затоа што кон доказите Негови арогантно се однесувавте“.

**94.** А ќе Ни дојдете поединечно, такви какви што првиот пат ве создадовме, напуштајќи ги добрата кои ви ги даривме. „Ние не ги гледаме со вас божествата ваши кои за здруженици Му ги припишувавте, прекинати се врските меѓу вас и ви ги нема тие кои за посредници ги државте“.

**95.** Аллах прави зрната и семките да изртат. Тој од неживото изведува живо, а од живото неживо; тоа ви е, ете, Аллах, па тогаш каде се одметнувате?

**96.** Тој прави зората да осамне, Тој ноќта за починок ја одреди, а Сонцето и Месечината за сметање на времето; тоа е одредбата на Силниот и Сезнајниот!

**97.** Тој ви ги создаде ѕвездите за во мракот да се ориентирате според нив, на копно и море. Ние детално им ги објаснуваме знаците Наши на луѓето кои знаат!

**98.** Тој ве создаде од еден човек, а потоа ви ја даде Земјата за престојување и за во неа закопани да бидете. Ние детално им ги пружаме доказите на луѓето кои разбираат.

**99.** Тој од небото спушта вода, па Ние потоа со нејзина помош правиме да никнат сите видови

растенија и од него да израсне зеленило, а од него класје густо, и од палмите, од семките, гроздови лесни за берење, и градини со лоза засадени, особено маслинки и шипинки, слични и различни. Набљудувајте ги, затоа, плодовите нивни, кога ќе се појават и кога зреат. Тоа е, навистина, доказ за луѓето кои веруваат!

100. Неверниците ги сметаат џините[123] за рамни на Аллах, а Тој нив ги создал, и измислија, не мислејќи што зборуваат, дека Тој има синови и ќерки. Славен и чист е Тој и многу високо над тоа како што тие Го опишуваат!

**101.** Тој е Создателот на небесата и на Земјата! Од каде Му Нему дете кога нема жена, Тој создава сѐ и само Тој знае сѐ!

**102.** Тоа е Аллах, Господарот ваш, нема друг бог освен Него, Создателот на сѐ; затоа Него обожувајте Го; Тој бдее над сѐ!

**103.** Погледите до Него не можат да допрат, а Тој допира до погледите; Тој е Милостив и упатен во сѐ.

**104.** „Од Господарот ваш ви доаѓаат докази, па тој што гледа – тоа во своја корист го прави, а тој што е слеп – на своја штета е слеп, а јас не сум ваш чувар“.

**105.** И ете, така Ние на разни начини ги изложуваме доказите за тие да кажат: „Ти го учеше тоа!“ – и за да им го објасниме тоа на луѓето што знаат.

**106.** Ти следи го тоа што ти го објавува Господарот твој – друг бог освен Него нема! – и многубошците избегнувај ги!

**107.** Да сака Аллах, тие не би Му здружувале никого, а Ние не те сторивме нивен чувар, ниту си ти нивни старател.

**108.** Не навредувајте ги тие на кои, покрај Аллах, им се молат, за и тие да не Го навредат Аллах, неправедно и не размислувајќи што зборуваат. Како и на овие, така на секој народ постапките нивни им ги претставувавме како убави. Тие, на крајот, на својот Господар ќе Му се вратат, па Тој ќе ги извести за тоа што го работеле.

**109.** Тие се колнат во Аллах, со најтешката заклетва, дека ако им дојде чудо, сигурно по-

---

[123] Џини – демони. Божјо создание од оган, и како и човекот има слободна волја, па затоа од нив има и верници и неверници (кои му служат на сатаната и се нарекуваат шејтани/ѓаволи). Во нивната изворна форма, џините се невидливи за луѓето, но можат да влијаат врз нив.

ради тоа верници ќе станат. Кажи: „Сите чуда се само кај Аллах!“ А од каде знаете вие, можеби тие, кога тоа би им дошло, би станале верници?

**110.** А Ние срцата нивни и очите нивни ги вртиме, па нема да веруваат како што не веруваа ни претходно, и ги оставивме да талкаат збунети во својата осиленост!

**111.** Кога би им ги испратиле мелеците, и кога мртвите би им проговориле, и кога пред нив очигледно сите докази би ги собрале, тие пак не би верувале, освен ако би сакал Аллах, но мноштвото од нив не знае.

**112.** Така на секој веровесник непријатели му одредувавме, шејтани во вид на луѓе и џини кои едни на други украсени разговори им зборуваа за да ги измамат; а да сакаше Господарот твој, тие тоа немаше да го сторат; затоа ти остави ги нив и тоа што го измислуваат;

**113.** и за срцата на тие што во оној свет не веруваат да бидат склони кон тоа и задоволни со тоа, и за да ги сторат гревовите коишто ги сторија.

**114.** „Зошто покрај Аллах да барам друг судија, кога Тој ви ја објавува Книгата во детали?“ А тие на коишто Ние им ја дадовме Книгата, добро знаат дека Куранот го објавува Господарот твој, со Вистината, затоа ти никако не се сомневај!

**115.** Зборовите на Господарот твој се врв на вистината и правдата; Неговите зборови никој не може да ги измени и Тој сѐ слуша и сѐ знае.

**116.** Кога ти би им се покорувал на мноштвото од жителите на Земјата, тие од Аллаховиот пат би те одвратиле; тие само по претпоставките се поведуваат и тие само невистината ја говорат.

**117.** На Господарот твој добро Му се познати тие што скршнале од Неговиот пат и Тој најдобро ги знае тие што се на Вистинскиот пат.

**118.** Затоа јадете го тоа при чие колење е спомнато Аллаховото име, ако верувате во Неговите ајети.

**119.** А зошто да не го јадете тоа при чие колење е спомнато Аллаховото име кога Тој ви го објасни тоа што ви го забрани – освен кога сте присилени; многумина, според желбите свои, немајќи за тоа никакво знаење, ги заведуваат другите во заблуда. А Господарот твој добро ги знае тие што во злото секаква мерка преминуваат.

**120.** Не грешете ниту јавно ниту тајно! Тие што грешат сигурно ќе бидат казнети за тоа за што згрешиле.

**121.** Не јадете го тоа при чие колење не е спомнато Аллаховото име, тоа е навистина, грев! А шејтаните ги наведуваат штитениците свои да се расправаат со вас, па кога би им се покориле, и вие, сигурно, многубошци би станале.

**122.** Зарем е ист тој што бил во мртвило, а кого Ние го оживеавме и му дадовме светло со помош на кое меѓу луѓето се движи, со тој што е во темнината од која не излегува? А на неверниците им се чини убаво тоа што го прават.

**123.** И исто така Ние сторивме во секој град првенците да станат грешници и во него замки да поставуваат, но тие само себеси замки си поставуваат, а да не забележуваат.

**124.** А кога ним им доаѓа доказ, тие велат: „Ние нема да веруваме сѐ додека и нам не ни се даде нешто слично на тоа што им е дадено на Аллаховите Пратеници“. А Аллах најдобро знае кому ќе му го довери пратеништвото Свое. Тие што грешат сигурно ќе ги стигне понижување и страдање големо од Аллах, затоа што прават интриги.

**125.** Тој што Аллах сака да го упати, Тој срцето негово кон исламот му го расположува, а тој што сака да го заблуди, Тој срцето негово го стегнува и уморно го прави, како кога прави напор на небото да се искачи. Ете, така Аллах прави шејтанот да ги надвладее тие што не веруваат.

**126.** Ова е Правиот пат од Господарот твој. А Ние им ги објаснуваме доказите на луѓето кои примаат поука.

**127.** Нив ги чека Куќата на спасот кај Господарот нивен; Тој ќе биде нивен заштитник поради тоа што го правеле.

**128.** А на Денот кога Тој сите ќе ги собере: „О, групо шејтани, вие многу луѓе заведовте!“ „Господару наш,“ – ќе речат луѓето, штитеници нивни – „ние меѓусебно си бевме од корист и стигнавме до рокот наш кој Ти ни го одреди!“ „Огнот ќе биде престојувалиштето ваше,“ – ќе рече Тој – „во него вечно ќе останете, освен ако Аллах не одреди поинаку“. Господарот твој е навистина Мудар и Сезнаен!

**129.** Ете така Ние им ја препуштаме власта на едни насилници над други поради тоа што го заработија.

**130.** „О, групо од џини и луѓе, зарем не ви доаѓаа Пратеници од редовите ваши кои ајетите Мои ви ги кажуваа и ве опоменуваа дека овој ваш ден ќе го дочекате?“ Нив животот на Земјата ги беше измамил и тие сами против себе ќе посведочат дека биле неверници.

**131.** Така е, бидејќи Господарот твој не уништуваше села и градови поради насилството нивно, без претходни опомени кон нивните жители.

**132.** На сите ќе им припадне награда или казна, според тоа како постапувале, а Господарот Твој не е немарен кон тоа што го правеа.

**133.** Господарот твој е Независен и Милостив. Ако сака, ќе ве тргне, по вас, тие кои Тој сака ќе ги донесе, како што ве создаде вас од потомствата на другите народи.

**134.** Тоа со што ви се заканува, навистина ќе дојде и вие нема да стигнете да избегате!

**135.** Кажи: „О, народе мој, правете сѐ што можете, а ќе правам и јас; ќе дознаете вие кого го чека среќен крај!“ Насилниците сигурно нема да успеат!

**136.** Тие одредуваат за Аллах дел од реколтата и дел од добитокот, кој Тој го создал, па велат: „Ова е за Аллах,“ – тврдат тие – „а ова за божествата наши!“ Меѓутоа, тоа што е наменето на божествата нивни не доспева до Аллах, додека тоа што е одредено за Аллах доспева до божествата нивни. Како лошо судат тие!

**137.** На голем број многубошци, така исто, шејтаните нивни, убивањето на сопствените деца им го разубавија, за да ги упропастат и во верата нивна да ги збунат. А да сакаше Аллах, тие тоа немаше да го прават. Затоа остави ги и нив и нивните измислици!

**138.** Тие велат: „Овој и овој добиток и тие и тие земски плодови се забранети, смеат да ги јадат само тие на кои ние ќе им дозволиме,“ – тврдат тие – „а овие и овие камили е забрането да се јаваат“. А тие што кои при колење на добиток не го спомнуваат Аллаховото име, измислувајќи лаги за Него, Тој сигурно ќе ги казни поради тоа што го измислуваат.

**139.** Тие велат: „Тоа што е во утробите на овој и овој добиток дозволено им е само на нашите

мажи, а забрането им е на нашите жени. А ако плодот се изјалови, тогаш во тоа се соучесници“. Аллах ќе ги казни за невистините нивни кои ги говорат, Тој е Мудриот и Сезнајниот!

**140.** Тие што од лекоумност и не знаејќи што прават, децата свои ги убиваат и кои тоа што Аллах им го подарил го сметаат за забрането, говорејќи невистини за Аллах, сигурно ќе настрадаат. Тие заталкале и не знаат што прават.

**141.** Тој ги создава градините, заградени и незаградени, и палмите и посевите со различни вкусови, и маслинките и шипинките, слични и различни; јадете ги плодовите нивни кога ќе дадат плод, и дадете го на денот на жетвата и на бербата тоа на што другите имаат право, и не трошете неумерено, бидејќи Тој не ги сака неумерените!

**142.** И добитокот кој се товари и се коле, јадете дел од тоа со што ве снабдува Аллах, а не следете ги шејтановите стапки, бидејќи тој ви е вистински непријател,

**143.** и тоа осум вида: пар овци и пар кози. Кажи: „Дали Тој ги забрани мажјаците или женките или тоа што се наоѓа во утробите на женките? Кажете ми, и докажете, ако е вистина тоа што го велите“.

**144.** И пар камили и пар говеда. Кажи: „Дали Тој ги забрани мажјаците и женките и тоа што се наоѓа во утробите на женките? Дали вие бевте присутни кога Аллах ви го пропиша тоа?“ Има ли тогаш понеправеден од тој што, без вистинско знаење, измислува лаги за Аллах со цел да ги доведе луѓето во заблуда? Аллах сигурно нема да им укаже на вистинскиот пат на луѓето кои се неправедни.

**145.** Кажи: „Јас не гледам во ова што ми се објавува дека на некого му е забрането да јаде што било друго освен мрша, или крв која истекува, или свинско месо, тоа е навистина нечисто, или што како грев е заклано во нечие друго, а не во името на Аллах“. А на тој што ќе биде принуден, но не од желба, туку само колку гладот да го прекине, Господарот твој навистина ќе му прости и Милостив ќе биде.

**146.** На Евреите сите животни кои имаат копита или канџи им ги забранивме, а од говедата и од ситниот добиток, нивниот лој, освен тој од грбот или од цревата, или тој што е помешан

со коските. Со тоа поради насилството нивно ги казнивме; и Ние, навистина, ја зборуваме вистината.

**147.** А ако тие нема да ти веруваат, ти кажи: „Господарот ваш е неизмерно Милостив, но казната Негова нема да го заобиколи народот грешен."

**148.** Многубошците ќе велат: „Да сакаше Аллах, ние немаше да Му припишуваме здруженици, а ниту предците наши, ниту ќе сторевме нешто забрането". Така исто и тие пред нив негираа, сè додека Нашата казна не ја искусија. Кажи: „Имате ли некаков доказ да ни изнесете? Вие само според претпоставките се раководите и вие само невистината ја зборувате".

149. Кажи: „Аллах има потполн доказ, и кога Тој би сакал, на сите би им укажал на Вистинскиот пат!"

**150.** Кажи: „Доведете ги тие свои сведоци, тие што ќе посведочат дека Аллах тоа го забранил!" Па ако тие посведочат, ти немој да им поверуваш и не води се по желбите на тие кои Нашите докази ги сметаат за лажни и кои во оној свет не веруваат и кои здруженици на Господарот свој Му припишуваат!

**151.** Кажи: „Дојдете да ви кажам што ви пропишува Господарот ваш: ништо да не Му здружувате, на родителите добрина да им правите, децата свои, поради сиромаштија, да не ги убивате, – Ние и вас и нив ги храниме – не приближувајте им се на лошите дела, било јавни или тајни; не убивајте го тој кого Аллах забранил да се убие, освен кога тоа правдата го бара, – ете, Тој тоа ви го препорачува за да размислите –

**152.** и до имотот на сирачето да не се доближувате, освен на најубав начин, сè додека не стане полнолетно, и правилно да мерите, – Ние никого преку неговите можности не го задолжуваме – и кога зборувате, зборувајте праведно, па дури и да се однесува и на роднините, и обврските кон Аллах да ги исполнувате!" – ете, Тој тоа ви го наредува за да земете поука.

**153.** И навистина, ова е Мојот Прав пат па следете го него, други патишта не следете, па да ве одвојат од Патот Негов; – ете, Тој тоа ви го наредува, за да бидете богобојазливи.

**154.** Ние на Муса Книга му дадовме за да ја направиме потполна благодатта на тој што според

неа ќе постапува и како објаснување на сè и упатство и милост, за тие да поверуваат дека пред Господарот свој ќе застанат.

**155.** А оваа Книга која ја објавуваме е благословена, затоа следете ја и бидете богобојазливи за да ви се укаже милоста,

**156.** и за да не кажете: „Книгата е објавена на двете вероисповести пред нас, но ние не знаеме да ја читаме како нив“.

**157.** И да не кажете: „Нам да ни беше објавена Книгата, ќе се држевме на Вистинскиот пат подобро од нив“. Па ви се објавува, ете, од Господарот ваш јасен доказ и упатство и милост; и има ли тогаш понеправеден од тој што Аллаховите докази не ги признава и од нив одвраќа? А Ние со тешка мака ќе ги казниме тие што од доказите Наши одвраќаат, затоа што тоа постојано го прават!

**158.** Зарем тие чекаат мелеци да им дојдат, или Господарот твој да им дојде, или некои предзнаци од Господарот твој? Тој ден кога некои предзнаци од Господарот твој ќе дојдат, на ниту еден човек нема да му биде од корист тоа што тогаш ќе верува, ако претходно не верувал или ако не сторил, како верник, некакво добро. Кажи: „Само вие чекајте, и ние, навистина, ќе чекаме!“

**159.** Ти немаш ништо со тие кои верата своја ја распарчија и во секти се поделија, Аллах за нив ќе се погрижи. Тој ќе ги извести за тоа што го правеа.

**160.** Кој ќе стори добро дело, ќе биде десетократно награден, а кој ќе стори лошо дело, ќе биде само според заслугата казнет, и нема да им се стори неправда!

**161.** Кажи: „Мене Господарот мој на Правиот пат ме упати, во вистинската вера, верата на правоверниот Ибрахим, а тој не беше идолопоклоник“.

**162.** Кажи: „Клањањето мое, и обредите мои, и животот мој, и смртта моја, навистина Му се посветени на Аллах, Господарот на световите,

**163.** Кој нема соучесник; тоа ми е наредено и јас сум првиот муслиман“.

**164.** Кажи: „Зарем за Господар да барам некој друг освен Аллах, кога Тој е Господар на сè?“ Што и да направи некој, за себе си прави, и секој грешник само својот товар ќе си го носи. На крајот кај Господарот свој ќе се вратите и Тој ќе ве извести за тоа за што не се согласувавте.

**165.** Тој ве направи едни по други на Земјата да се сменувате и Тој според положбата едни над други ве издигнува за да ве искуша во тоа што ви го дава. Господарот твој навистина брзо казнува, но Тој и проступа и Милостив е!

7. Поглавје

# Ел Араф

*Бедеми*

Мека – 206 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим-сад.

**2.** Ова е Книга која ти се објавува и во градите немој да имаш никаква тешкотија поради неа, со неа да опоменуваш, и на верниците да им биде поука.

**3.** Следете го тоа што ви се објавува од вашиот Господар и не земајте, покрај Него, некој друг како заштитник! А колку малку примате поука!

**4.** Колку само градови Ние разоривме! И казната Наша им доаѓаше и ноќе и дење кога би прилегнувале,

**5.** а кога Нашата казна би ги затекнала, плачот нивен се сведуваше само на зборовите: „Навистина бевме насилници!“

**6.** И сигурно ќе ги прашаме тие на кои им испраќавме Пратеници, а ќе ги прашаме и Пратениците,

**7.** и ќе им изложиме сѐ што знаеме веродостојно за нив, бидејќи Ние не бевме отсутни.

**8.** Мерењето тој ден ќе биде праведно: тие чиишто добри дела ќе бидат потешки, тие ќе постигнат што сакаат;

**9.** а тие чиишто добри дела ќе бидат лесни, тие, затоа што доказите Наши не ги признаваа, ќе страдаат.

**10.** Ние на Земјата ве сместивме и на неа сѐ што ви е потребно за живот ви дадовме. А вие премалку заблагодарувате!

**11.** Ние Адем го создадовме и потоа облик му дадовме, а потоа на мелеците им рековме: „Поклонете му се на сеџда!“ – и тие му се поклонија на сеџда, освен Иблис; тој не беше од тие што сторија сеџда.

**12.** „Што те наведе да не му се поклониш со сеџда кога ти наредив?“ – праша Тој. „Јас сум подобар од него; мене од оган ме создаде, а него од глина.“ – одговори.

**13.** „Е тогаш излегувај од Џенетот!“ – рече Тој – „Не ти прилега во него да си вообразен; излегувај, ти си од презрените!“

**14.** „Дај ми време до денот на нивното оживување!“ – замоли тој.

**15.** „Ти се дава време!“ – рече Тој.

**16.** „Затоа што ме доведе во заблуда,“ – кажа тој – „се колнам дека на Твојот Прав пат ќе ги пресретнувам,

**17.** па ќе им приоѓам и пред нив, и зад нив, и оддесно и одлево, и Ти мнозинството од нив нема да ги најдеш благодарни!“

**18.** „Излегувај од него, покуден и понижен!“ – рече Тој. „Со тебе и со сите тие што ќе те следат ќе го наполнам џехенемот!“

**19.** „О, Адеме, ти и жената твоја во Џенетот живејте и од каде што сакате јадете, само на ова дрво не му се приближувајте, за кон себеси да не згрешите!“

**20.** И шејтанот почна да им дошепнува за да им ги разоткрие срамните места нивни, кои им беа скриени, и рече: „Господарот ваш ви го забранува ова дрво само за да не станете мелеци или за да не бидете бесмртни!“

**21.** – и им се колнеше: „Јас сум ви, навистина, искрен советник!“

**22.** И со измама ги заведе. А кога тие од дрвото вкусија, срамните места нивни им се покажаа и тие на себе џенетско лисје да ставаат почнаа. „Зарем тоа дрво не ви го забранив?!“ – ги повика Господарот нивен – „и ви реков: ‚Шејтанот ви е, навистина, отворен непријател.‘“

**23.** „Господару наш,“ – рекоа тие – „самите себеси насилство си сторивме, и ако Ти не ни простиш и не ни се смилуваш, сигурно ќе бидеме изгубени.“

**24.** „Излегувајте!“ – рече Тој – „Меѓусебно непријатели ќе бидете! На Земјата ќе престојувате и до одредено време ќе уживате.

**25.** На неа ќе живеете, на неа ќе умирате и од неа оживеани ќе бидете“. – рече Тој.

**26.** О, синови Адемови, ви дадовме облека која ќе ги покрива срамните места ваши, а и раскошни костуми, но облеката на богобојазливоста е најдобрата. Тоа се некои Аллахови докази за тие да примат поука.

27. О, синови Адемови, нека не ве заведе шејтанот никако, како што ги изведе родителите ваши од Џенетот, соблекувајќи ја од нив облеката нивна за да им ги покаже срамните места нивни! Тој ве гледа, тој и војските негови, од каде што вие нив не ги гледате. Ние шејтаните ги направивме заштитници на тие што не веруваат.

**28.** А кога ќе сторат некое лошо дело, велат: „Ги затекнавме предците наши дека тоа го прават, а и Аллах тоа ни го заповедал“. Кажи: „Аллах не заповедува да се прават лоши дела! Зошто за Аллах го зборувате тоа што не го знаете?“

**29.** Кажи: „Господарот мој наредува праведност! И обраќајте Му се само Нему кога го извршувате намазот (молитвата), и молете Му се искрено исповедајќи Му ја верата! Како што првиот пат ве создаде, на истиот начин повторно ќе ве оживее.

**30.** Тој, на едните на Вистинскиот пат им укажува, а другите со право заслужија заблуда, бидејќи тие, наместо Аллах, шејтаните за заштитници ги земаат и мислат дека се упатени.

**31.** О, синови Адемови, облечете се убаво кога сакате намазот (молитвата) да го извршите! И јадете и пијте, но не претерувајте! Тој не ги сака тие што претеруваат.

32. Кажи: „Кој ги забрани Аллаховите украси, кои Тој за робовите Свои ги создаде, и вкусната храна?“ Кажи: „Тие се за верниците на овој свет, а и на оној свет се само за нив“. Ете, така Ние подробно ги изложуваме доказите на луѓето кои знаат.

**33.** Кажи: „Господарот мој го забранува развратот, и јавниот и скриениот, и гревовите, и неоправданата примена на сила, и на Аллах да Му ги здружувате тие за кои Тој никаков доказ не

објавил, и за Аллах да го зборувате тоа што не го знаете!“

**34.** Секој народ има свој крај, и кога ќе дојде неговиот крај, нема да може ниту за миг да го одложи ниту да го забрза.

**35.** О, синови Адемови, кога меѓу вас самите ќе ви доаѓаат Пратеници кои прописите Мои ќе ви ги објаснуваат – тогаш тие што ќе се плашат од Аллах и што ќе прават добри дела од ништо нема да се плашат ниту за што било ќе тагуваат;

**36.** а тие што доказите Наши ќе ги негираат, и од нив горделиво ќе се свртуваат, ќе бидат жители во Огнот, во него вечно ќе останат!

**37.** Има ли, тогаш, понеправеден од тој што за Аллах говори лаги и не ги признава Неговите ајети? Таквите ќе го добијат сето тоа што им е запишано. Но, кога мелеците Наши ќе дојдат душите да им ги земат, ќе запрашаат: „А каде се тие кои, наместо Аллах, ги повикувавте?“ – „Ни се изгубија“. – ќе одговорат, и самите против себе ќе посведочат дека биле неверници.

**38.** Влегувајте во Џехенемот со народите, со џините и луѓето кои пред вас постоеја и исчезнаа!“ – ќе рече Тој. И кога и да влезе некој нов народ, ќе го проколнува оној по кој во неверувањето се повел. А кога во него сите ќе се соберат, тогаш обичните луѓе ќе им кажат за предводниците свои: „Господару наш, овие во заблуда нѐ одведоа, затоа дај им двојна казна во Огнот!“ – „За сите ќе биде двојна!“ – ќе рече Тој – „Но вие не знаете“.

**39.** А предводниците ќе му речат на обичниот народ: „Па вие немате никаква предност пред нас! Затоа искусете ја казната за тоа што го правевте“.

**40.** За тие што доказите Наши ќе ги негираат и кон нив со арогантност ќе се однесуваат, портите небески нема да се отворат, и попрво камила низ иглен отвор ќе помине, отколку што тие во Џенетот ќе влезат. Ете, така Ние ќе ги казниме грешниците.

**41.** Во Џехенемот постелите и прекривките од оган ќе им бидат. Ете, така Ние ќе ги казниме неверниците.

**42.** А тие што ќе веруваат и ќе прават добри дела – Ние никого не задолжуваме над неговите можности – ќе бидат жители на Џенетот, во него вечно ќе останат!

**43.** Од нивните гради злобноста ќе ја отстраниме; под нив реки

ќе течат, и тие ќе велат: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Кој на Вистинскиот пат нè упати; ние не би биле на Вистинскиот пат, да не нè упатеше Аллах, Пратениците на Господарот наш, навистина, вистината ја носеа.“ – и на нив ќе им се повика: „Тој Џенет во наследство го добивте за тоа што го правевте!“

**44.** И жителите на Џенетот ќе ги довикуваат жителите на огнот: „Ние видовме дека е вистинито тоа што Господарот наш ни го вети, дали и вие видовте дека е вистинито тоа со што Господарот ваш ви го вети?“ – „Да!“ – ќе одговорат. А тогаш еден гласник меѓу нив ќе викне: „Аллаховото проклетство нека остане врз насилниците,

**45.** кои од Аллаховиот пат одвраќаа и настојуваа да го искриват, и кои во оној свет не веруваа!“

**46.** Помеѓу нив ќе има бедем, а на врвовите ќе бидат луѓе кои секого по белегот негов ќе го познаат. И тие ќе им викнат на жителите на Џенетот: „Мир со вас!“ – додека сè уште не влегле во него, а едвај ќе чекаат.

**47.** А кога погледите ќе им се свртат кон жителите на Огнот, ќе извикаат: „Господару наш, не давај ни да бидеме со неправедните луѓе!“

**48.** Тие што ќе бидат по врвовите на бедемот ќе ги повикаат луѓето кои по белезите нивни ќе ги познаат и ќе им кажат: „Не ви користеше вашата бројност и тоа што арогантно се однесувавте?“

**49.** Зарем ова не се тие за кои се колневте дека Аллаховата милост нема да ги стигне? Влезете во Џенетот, никаков страв за вас нема да има и за ништо вие нема да тагувате!

**50.** И жителите на Огнот ќе ги повикуваат жителите на Џенетот: „Пролејте на нас вода или нешто од тоа со што Аллах ве обдарил!“ – а тие ќе кажат: „Аллах тие две работи на неверниците им ги забрани!“

**51.** Тие на кои верата нивна им беше игра и забава и кои животот на Земјата ги измами, сега Ние нив ќе ги заборавиме, како што заборавaa дека на овој Ден пред Нас ќе стојат, и затоа што доказите Наши ги негираа.

**52.** А Ние на нив Книга им објавуваме, којашто ја објаснивме како што Ние знаеме, да биде патоказ и милост на луѓето кои ќе веруваат.

**53.** Чекаат ли тие да се остварат заканите нејзини? Тој ден кога ќе се остварат, ќе кажат тие што претходно заборавиле: „Пратениците од Господарот наш Вистината ја носеа! Камо да имаме некаков заговорник, па да се заземе за нас или да ни биде дозволено да се вратиме, па да постапуваме поинаку од тоа како што претходно постапувавме!“ Но, тие самите се упропастија, а нема да ги има ни тие што ги измислуваа.

**54.** Господарот ваш е Аллах, Кој небесата и Земјата во шест периоди ги создаде, а потоа над Аршот [124] се возвиши. Тој со темнината на ноќта го прекрива денот, која во чекор го следи, а Сонцето и Месечината и ѕвездите се покоруваат на Неговата волја. Само Тој создава и управува! Возвишен нека е Аллах, Господарот на световите!

**55.** Молете Му се понизно и во себе на Господарот свој, Тој, навистина, не ги сака тие што претеруваат.

**56.** И не правете неред на Земјата, кога на неа редот е веќе воспоставен, а молете Му се со страв и со надеж; милоста на Аллах е навистина блиску до тие што прават добри дела.

**57.** Тој ги праќа ветровите како радосна вест на милоста Своја; а кога тие ќе ги понесат тешките облаци, Ние кон мртвиот предел ги потеруваме, па на него дожд спуштаме и правиме со негова помош да израснат разновидни плодови; исто така и мртвите ќе ги оживееме, па земете поука!

**58.** Во плодните предели растат растенија со волјата на Господарот нивен, а во неплодните дури со мака. Ете така Ние, на разни начини, им ги повторуваме доказите на луѓето кои заборавaaт.

**59.** Ние го испративме Нух на народот негов, па тој им говореше: „О, народе мој, само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате! Јас навистина стравувам за вас од страданието на Големиот ден!“

[124] Арш (ар.) – престол, трон. Аршот не треба да се поистоветува со Курсијот (пиедесталот), бидејќи според хадисите Аршот е поинаков и поголем. Ебу Зер пренесува дека Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, рекол: „Се колнам во Тој во Чија рака е мојот живот, седумте небеса и седумте Земји според пространството на Курсијот се само како алка поставена во овоземската пустина. Курсијот спрема Аршот е само како железна алка поставена меѓу две пустини на Земјата!“

**60.** А главешините на народот негов одговараа: „Ние сметаме дека ти си во јасна заблуда.“

**61.** „О, народе мој,“ – говореше тој – „не сум јас во никаква заблуда, туку сум Пратеник од Господарот на световите;

**62.** посланија од Господарот свој ви доставувам и секое добро ви посакувам; а јас од Аллах го знам тоа што вие не го знаете.“

**63.** Зарем ви е чудно што поуката од Господарот ваш ви доаѓа преку човек, еден од вас, да ве опоменува за да се тргнете од гревовите и за да бидете помилувани?

**64.** Но, тие за лажен го сметаа, па само него и тие што беа со него во бродот ги спасивме, а тие кои во доказите Наши не веруваа ги потопивме! Навистина, тие беа вистински слепци!

**65.** А на народот Ад им го испративме нивниот брат Худ[125]. „О, народе мој,“ – говореше тој – „само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате, зарем не се плашите?“

**66.** Главешините на народот негов, кои не веруваа, одговараа: „Ние сметаме дека ти си навистина во лудило и ние мислиме дека ти си навистина лажливец.“

**67.** „О, народе мој,“ – говореше тој – „јас не сум луд, туку сум Пратеник од Господарот на световите;

**68.** посланија од Господарот свој ви доставувам, и јас сум ви искрен советник.

**69.** Зарем ви е чудно што поуката од Господарот ваш ви доаѓа преку човек, еден од вас, за да ве опоменува? Сетете се дека Тој наследници на народот Нухов ве направи и ве создаде крупни по раст. И затоа секогаш нека ви се на ум Аллаховите благодати, за да го постигнете тоа што ќе го посакате.“

**70.** „Зарем ни дојде заради тоа само Аллах да Го обожуваме, а тие кои ги обожуваа нашите предци да ги напуштиме?“ – говореа тие. „Стори нека нè снајде тоа со што ни се закануваш, ако е вистина тоа што го зборуваш!“

**71.** „Веќе ве снајде казна и гнев од Господарот ваш!“ – говореше тој. „Зарем со мене да се препирате за некакви имиња

[125] Худ – Старозаветниот пророк Евер. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

кои вие и вашите предци ги измисливте, а за кои Аллах никаков доказ не објавил? Затоа чекајте, и јас со вас ќе чекам!“

**72.** И Ние од милоста Наша, него и тие што беа со него ги спасивме, а до последен ги истребивме тие кои доказите Наши не ги признаваа и кои не веруваа!

**73.** А на Семуд им го испративме нивниот брат Салих[126]. „О, народе мој,“ – говореше тој – „само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате! Еве ви знак од Господарот ваш: оваа Аллахова камила за вас е знак. Пуштете ја нека пасе по Аллаховата земја и не злоставувајте ја, па неиздржливо страдање да ве стигне!

**74.** И сетете се дека со Негова волја станавте наследници на Ад и дека Тој на Земјата ве насели; во рамниците нејзини палати градите, а во брдата куќи клесате. И нека ви се секогаш на ум Аллаховите благодати, и не правете зло по Земјата, правејќи неред!“

**75.** А главешините на народот негов, тие што се вообразија, ги запрашаа угнетените, тие меѓу нив кои веруваа: „Верувате ли вие дека Салих е пратен од Господарот свој?“ – „Ние, навистина, веруваме во сè што е по него објавено.“ – одговорија тие.

**76.** „А ние, навистина, не веруваме во тоа во што вие верувате.“ – рекоа вообразените.

**77.** И тие ја заклаа камилата, и заповедта од Господарот свој не ја послушаа и рекоа: „О, Салих, стори да нè снајде тоа со што се закануваш, ако си Пратеник!“

**78.** И страшен потрес ги снајде и тие во земјата своја осамнаа мртви, неподвижни!

**79.** А тој веќе ги напушти и рече: „О, народе мој, ви го пренесов посланието од Господарот свој и ве опоменував, но вие не ги сакате тие што опоменуваат.“

**80.** И Лут – кога му рече на народот свој: „Зошто правите разврат каков никој пред вас на светот не го чинел?

**81.** Вие со страст им приоѓате на мажите, наместо на жените. Вие сте народ кој сите граници на злото ги преминува!“

---

[126] Салих – Старозаветниот пророк Сала. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

**82.** А одговорот на народот негов гласеше: „Истерајте ги од градот ваш, тие се чисти луѓе!“

**83.** И Ние него и семејството негово го спасивме, освен сопругата негова; таа остана со тие кои казната ја искусија.

**84.** И на нив спуштивме дожд, па погледни како завршија развратниците.

**85.** А на Медјен – нивниот брат Шуајб[127]. „О, народе мој,“ – говореше тој – „само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате! Ви доаѓа јасен доказ од Господарот ваш, затоа правилно мерете и на луѓето работите нивни не кратете им ги, и редот на Земјата не нарушувајте го кога е веќе на неа воспоставен! Тоа е подобро за вас, ако верувате.

**86.** И не поставувајте заседи на патот, заканувајќи се и одвраќајќи ги од Аллаховиот пат тие што веруваат во Него, сакајќи го лошиот пат. И сетете се дека бевте малкумина и дека Тој ве умножи, а погледнете како завршија тие што правеа неред!

**87.** И ако едните од вас веруваат во тоа што е испратено по мене, а другите не веруваат, па причекајте додека Аллах не ни пресуди, бидејќи Тој е најдобриот судија!“

**88.** Главешините на народот негов, тие што беа вообразени, рекоа: „Или безусловно верата наша ќе ја прифатите, или ние, о, Шуајбе, ќе ве истераме од градот наш, и тебе и тие што веруваат со тебе!“ – „Зарем и против нашата волја?“ – рече тој.

**89.** „Кога би ја прифатиле верата ваша откако Аллах нѐ спаси од неа, тогаш, за Аллах би изнеле лага. Ние не треба во неа да се враќаме, освен ако тоа го сака Аллах, Господарот наш. Господарот наш со Своето знаење опфаќа сѐ; на Аллах се потпираме! Господару наш, Ти пресуди ни нам и на народот наш, Ти си најправедниот судија!“

**90.** А главешините на народот негов, неверниците, рекоа: „Ако појдете со Шуајб, сигурно ќе бидете изгубени.“

**91.** И ги снајде потоа страшен потрес и тие осамнаа во земјата своја, мртви, неподвижни.

**92.** Тие што го сметаа Шуајб за лажливец – како никогаш во неа да не ни биле; тие што го сметаа Шуајб за лажливец, тие настрадаа.

[127] Шуајб – Старозаветниот пророк Јитро, Јетро, Рагуел. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

**93.** А тој ги напушти и рече: „О, народе мој, ви ги пренесов посланијата од Господарот свој, и ве советував, па зошто да тагувам за народ невернички?!"

**94.** И Ние ниеден веровесник во некој град не сме пратиле, а жителите негови со болест и со сиромаштија да не ги казниме за да се покајат.

**95.** А потоа казната со благосостојба би ја замениле сè додека не би се намножиле и рекле: „И нашите предци ги погодувале и жалости и радости!" – и тогаш, без да претчувствуваат, неочекувано би ги казниле!

**96.** А да верувaa жителите на населбите и од гревови да се чуваа, Ние би им праќале благослови и од небо и од земја, но, тие негираа, па ги казнувавме за тоа што го заработуваа.

**97.** А зарем жителите на населбите се сигурни дека Нашата казна нема да ги снајде во ноќта додека спијат?

**98.** Или, зарем жителите на населбите се сигурни дека Нашата казна нема да ги снајде дење, додека се забавуваат?

**99.** Зарем тие можат да бидат сигурни од Аллаховата казна? Од Аллаховата казна не се плаши само народот кому му претстои пропаст!

**100.** Зарем не им е јасно на тие што ја наследуваат земјата на претходните жители нејзини дека и нив, ако сакаме, поради гревовите нивни ќе ги казниме и срцата нивни ќе ги запечатиме, па нема да можат да слушнат.

**101.** Ние за тие населби ти кажуваме некои од нивните случувања. Пратениците нивни јасни докази им носеа, но тие не сакаа да поверуваат затоа што ниту претходно не веруваа. Ете така Аллах ги запечати срцата на неверниците,

**102.** а Ние знаевме дека мнозинството од нив до заветот нема да се придржуваат, и знаевме дека повеќето, навистина, ќе бидат грешници.

**103.** Потоа, по нив, го пративме Муса со доказите Наши кај фараонот и кај главешините негови, но тие не поверуваа во нив, па погледни како завршија тие што правеа безредија.

**104.** И Муса рече: „О, фараоне, јас сум Пратеник од Господарот на световите!

105. Должност ми е само вистината да ја кажам за Аллах. Ви

донесов јасен доказ од Господарот ваш, затоа пушти ги синовите Израилови да одат со мене!“

**106.** „Ако си донел некаков доказ“ – рече – „покажи го, ако ја зборуваш вистината.“

**107.** И тој го фрли својот стап – кога тој, вистинско змииште;

**108.** и ја извади раката своја – таа за присутните стана бела.

**109.** Главешините на народот фараонов викнаа: „Овој, навистина, е вешт волшебник,

**110.** тој сака да ве изведе од земјата ваша, па што предлагате?“

**111.** „Задржи го него и братот негов,“ – рекоа – „а прати ги во градовите тие што ќе собираат,

**112.** пред тебе сите вешти волшебници ќе ги донесат.“

**113.** И кај фараонот волшебниците дојдоа. „Дали, навистина, награда ќе добиеме ако бидеме победници?“ – запрашаа.

**114.** „Да,“ – рече – „и ќе ми бидете, навистина, блиски.“

**115.** „О, Муса,“ – рекоа – „сакаш ли ти, или ние ќе фрлиме?“

**116.** „Фрлете вие.“ – рече тој. И кога фрлија тие, очите на луѓето им ги маѓепсаа и многу ги преплашија, и големо волшепство приредија.

**117.** И Ние му наредивме на Муса: „Фрли го стапот свој!“ – и тој одеднаш го проголта сето тоа со кое тие измамата ја изведоа.

**118.** И така вистината изби на виделина и се покажа дека беше лажно тоа што тие го приредија,

**119.** и тука тие беа победени и останаа понижени,

**120.** а маѓепсниците се поклонија на сеџда.

**121.** „Ние веруваме во Господарот на световите!“ – викнаа,

**122.** „Господарот на Муса и на Харун!“

**123.** „Зарем да му поверувате пред јас да ви дозволам?!“ – викна фараонот. – „Ова е, навистина, измама која во градот ја смисливте за од него жителите негови да ги изведете. Ќе запомните вие!

**24.** Ќе ви ги исечам вкрстено рацете ваши и нозете ваши, сигурно, а потоа сите ќе ве распнам!“

**125.** А тие рекоа: „Ние, навистина, на нашиот Господар ќе Му се вратиме!

**126.** Ти ни забележуваш само затоа што поверувавме во доказите на Господарот наш кога ни дојдоа. Господару наш, дај ни сила да издржиме и направи да умреме како предани верници!“

**127.** А главешините од народот фараонов рекоа: „Зарем ќе го оставиш Муса и народот негов во земјата неред да прави и тебе и божествата твои да ги напушти?“ – Тој рече: „Ќе ги убиваме машките деца нивни, а женските живи ќе им ги оставаме; ние, навистина, владееме со нив.“

**128.** Муса му рече на народот свој: „Молете Го Аллах да ви помогне и бидете трпеливи, Земјата е Аллахова, Тој ја дава во наследство кому Тој сака од робовите Свои, а убав ќе биде исходот за тие што ќе се плашат од Аллах.“

**129.** „Злоставувани сме“ – рекоа тие – „пред да ни дојдеш, а и откако ни дојде!“ А Муса рече: „Господарот ваш ќе го уништи непријателот ваш, а вас наследници на Земјата ќе ве направи, за да види како ќе постапите.“

**130.** И Ние го казнивме народот фараонов со глад и неродни години, за да земат поука.

**131.** И кога им беше добро, тие велеа: „Ова го заслуживме.“, а кога ќе ги снајдеше некаква неволја, тие на Муса и на верниците таа неволја ќе им ја препишеа. Но, не! Нивната неволја беше од Аллах, само што повеќето од нив не знаеја!

**132.** И велеа: „Каков доказ и да ни донесеш, и со него да не маѓепсаш, ние нема да ти веруваме!“

**133.** Затоа Ние на нив им испративме и поплави, и скакулци, и крлежи, и жаби, и крв – сè јасни знаци, но тие се вообразуваа, тие злосторнички народ беа.

**134.** И кога би ги снашла неволја, би говореле: „О Муса, моли се за нас, на Господарот свој, така како што Тој ти наредил; ако нè ослободиш од неволјата, ние, навистина ќе веруваме и со тебе сигурно синовите Израилови ќе ги пратиме.“

**135.** И откако од неволјата ќе ги ослободевме – до времето до кога им беше одредено да ја издржуваат – тие наеднаш, ветувањето свое го прекршуваа.

**136.** Затоа Ние ги казнивме и во морето ги потопивме, бидејќи знаците Наши ги негираа и кон нив рамнодушни беа,

137. а на угнетениот народ му ги дадовме во наследство источните и западните краеви на земјата кои ги благословивме, и убавото ветување на Господарот твој кон синовите Израилови беше исполнето затоа што трпеа, а со земја го срамнивме тоа што фараонот и народот негов го изградија и тоа што го кренаа.

**138.** И Ние синовите Израилови преку морето ги пренесовме, па тие наидоа на народ кој се клањаше на идолите свои. „О, Муса,“ – рекоа тие – „направи ни и ти нам божество како што и тие имаат божества!“ – „Вие сте, навистина, народ кој нема памет!“ – рече тој.

**139.** „Навистина ќе биде поништено тоа што го исповедаат и бескорисно ќе им биде тоа што го прават.

**140.** Тој рече: „Зарем покрај Аллах да ви барам друго божество, а Тој над останатиот свет ве издигна?“

**141.** И бидејќи Ние од фараоновите луѓе ве спасивме, кои неизмерно ве измачуваа, вашите машки деца ги убиваа, а женските во живот ги оставаа; тоа беше тешко искушение од Господарот ваш.

**142.** Ние одредивме часот на средба со Муса да биде кога ќе се наполнат триесет ноќи, и ги дополнивме со уште десет, па времето кое го одреди Господарот негов се исполни за четириесет ноќи. А Муса му беше рекол на братот свој Харун: „Застапувај ме во народот мој, и воспоставувај ред и не следи ги патиштата на пакосниците!“

**143.** И кога Муса Ни дојде во одреденото време, и кога Господарот негов му проговори, тој рече: „Господару мој, укажи ми се да Те видам!“ „Не можеш да Ме видиш,“ – рече – „но погледни во планината, па ако таа остане на своето место, ќе Ме видиш!“ И кога Господарот негов на таа планина ѝ се откри, Тој со земја ја срамни, а Муса падна во несвест. Штом се освести, рече: „Возвишен и чист си Ти! Ти се покајувам, јас сум првиот верник!“

**144.** „О, Муса,“ – рече Тој – „Јас тебе те одликував над останатиот свет со пратеништвото Свое и говорот Свој. Тоа што Ти го давам земи го и благодарен биди!“

**145.** И Ние на плочите му напишавме поука за сите, и објаснување за сешто. „Прими ги со одлучност, а на народот свој нареди му да се придржува кон најубавото во нив!“ А ќе ви ја покажам и земјата на грешниците.

**146.** Ќе ги одвратам од доказите Мои тие кои на Земјата без никаква основа се арогантни. И каков било доказ да видат, тие нема да веруваат; и ако го видат Вистинскиот пат – нема да го прифатат, а ако го видат погреш-

ниот пат – како пат ќе го прифатат. Тоа е затоа што доказите Наши ги негираат и затоа што се рамнодушни кон нив.

**147.** А на тие што ги негираат доказите Наши и средбата на оној свет, делата ќе им бидат поништени. Зарем ќе бидат поинаку казнети од тоа што го правеа?

**148.** И народот на Муса, по неговото заминување, од накитот свој направи кип на теле кое рикаше. Зарем не видоа дека тоа не им зборува и дека по Вистинскиот пат не ги води? Тие го прифатија и станаа злосторници.

**149.** И бидејќи потоа горко се покајаа и увидоа дека се во заблуда, тие рекоа: „Ако Господарот наш не ни се смилува и ако не ни прости, навистина, ќе бидеме изгубени!"

**150.** А кога Муса гневен и натажен кај народот свој се врати, повика: „Како ли толку лошо по моето заминување постапувавте! Ја забрзавте ли наредбата од Господарот свој?" – и ги фрли плочите, и својот брат за коса го фати и почна да го влече кон себе. „О, сине на мојата мајка," – рече Харун – „народот не ми беше послушен и за малку не ме уби; немој да ми се осветуваат непријателите и не вбројувај ме мене во неправедниот народ."

**151.** „Господару мој," – замоли Муса – „прости ми мене и на братот мој и стори да бидеме под закрилата на Твојата милост, Ти си од милостивите, Најмилостивиот!"

**152.** Тие што го прифатија телето ќе ги стигне гневот од Господарот нивен и понижување уште на овој свет; така Ние ги казнуваме тие што смислуваат лаги!

**153.** А тие што прават лоши дела, а потоа ќе се покајат и верници ќе станат, Господарот Твој, потоа, сигурно ќе им прости и Милостив ќе биде.

**154.** А кога на Муса гневот му мина, тој ги зеде плочите на кои беше испишано упатството за Вистинскиот пат и милоста за тие што од Господарот свој се плашат.

**155.** И Муса одбра од својот народ седумдесет луѓе за во одредено време да застанат пред Нас. А кога ги снајде потрес, тој рече: „Господару мој, да сакаше, можеше и мене и нив да нѐ уништиш уште претходно. Зарем да нѐ уништиш поради тоа што го сторија безумниците наши? Тоа е само искушение Твое со кое Ти заблудуваш кого сакаш, а кому сакаш, на Вистинскиот пат му укажуваш; Ти си

нашиот Господар, па прости ни и смилувај ни се! А Ти си најдобриот Простувач!

**156.** И досуди ни добро на овој свет и на оној свет – ние, навистина, Тебе Ти се враќаме!“ „Со казната Своја Јас казнувам кого сакам,“ – рече Тој – „а милоста Моја опфаќа сѐ; ќе ја дадам на тие кои од гревовите ќе се чуваат и зекат ќе даваат, и на тие кои во доказите Наши ќе веруваат,

**157.** на тие кои ќе го следат Пратеникот, веровесник, кој нема да знае ни да чита, ниту да пишува, кој тие кај себе, во Тевратот и Инџилот, запишан го наоѓаат, кој од нив ќе бара да прават добри дела, а од лошите ќе ги одвраќа, кој убавата храна ќе им ја дозволи, а лошата ќе им ја забрани, кој од товарот и тешкотиите кои тие ги имаа ќе ги ослободи. Затоа, тие кои во него ќе веруваат, кои ќе го поддржуваат и ќе го помагаат и светлото по него пратено ќе го следат – ќе го постигнат тоа што ќе го сакаат!“

**158.** Кажи: „О, луѓе, јас сум ви на сите вас Аллахов Пратеник, Неговата власт е и на небесата и на Земјата; нема друг бог освен Него, Тој дава живот и смрт, и затоа верувајте во Аллах и во Пратеникот Негов, веровесникот, кој не знае да чита и да пишува, кој верува во Аллах и во зборовите Негови; следете го него, за да бидете упатени!

**159.** Во народот на Муса има луѓе кои упатуваат кон вистината и кои според неа праведно судат.

**160.** И Ние на дванаесет племиња ги поделивме, и на Муса му објавивме, кога народот негов вода му побара: „Удри со стапот свој по карпата!“ – и од неа дванаесет извори протекоа, секое племе го знаеше изворот од кој ќе пие. И Ние од облаците ладовина им правевме и мана и потполошки им дававме: „Јадете од убавите работи со кои ве снабдуваме!“ Тие не Ни сторија неправда Нам, туку самите кон себе беа неправедни.

**161.** А кога им беше речено: „Влезете во овој град и јадете колку што сакате; влезете низ портата со поклонение и кажете: ‚Прошка!‘, па ќе ви ги простиме гревовите ваши, а на тие што прават добри дела ќе им дадеме и повеќе од тоа.“

**162.** Тогаш неправедните го заменија со друг Зборот кој им беше даден, па Ние на неправедните казна од небото им спуштивме, затоа што грешеа.

**163.** И прашај ги за градот кој се наоѓаше покрај морето кога

прописите за саботата ги кршеа; кога рибите, пред очите нивни им доаѓаа додека саботата ја празнуваа, а кога не празнуваа, тие не им доаѓаа. Ете, така во искушение ги воведувавме затоа што постојано грешеа.

**164.** А кога некои од нив рекоа: „Зошто опоменувате народ кој Аллах ќе го уништи или со тешки маки ќе го измачи?“ – тие одговорија: „За да се оправдаме пред Господарот ваш и за тие да се оттргнат од гревовите.“

**165.** И кога го заборавија тоа со што беа опоменувани, Ние ги избавивме тие што одвраќаа од лошите дела, а со тешка казна ги казнивме насилниците, затоа што постојано беа во грев.

**166.** И бидејќи тие дрско одбија да го остават тоа што им се забрануваше, Ние им рековме: „Станете мајмуни презрени!“

**167.** И Господарот твој обзнани дека сè до Крајот на светот власта над нив ќе му ја препушта на некој кој на најлош начин ќе ги угнетува. Господарот твој, навистина, бргу казнува, а Тој и простува и Милостив е.

**168.** И Ние како народи по Земјата ги расподеливме: ги има што се добри, а и од тие што не се; и во добро и во зло ги проверувавме, за да се опаметат.

**169.** И после нив останаа поколенија кои Книгата ја наследија и кои ги собираа тронките од овој минлив свет, и велеа: „Ќе ни биде простено!“ А доколку повторно би им паднало во раце такво нешто, повторно тоа би го правеле. Зарем од нив не е земен завет во Книгата дека за Аллах само вистината ќе ја зборуваат, а тие го читаат тоа што е во неа? Оној свет е подобар за тие што се чуваат од гревовите; па зарем нема да се опаметите?

**170.** А тие кои кон Книгата цврсто се придржуваат и кои намазот (молитвата) го извршуваат – па, Ние, навистина, нема да допуштиме да им пропадне наградата на тие што прават добри дела.

**171.** А кога над нив издигнавме планина, се чинеше како облак, тие беа уверени дека над нив ќе падне. „Прифатете го одлучно тоа што ви го дадовме, и нека ви е на ум тоа што е во него, за да бидете побожни!“

**172.** И кога Господарот твој од ‘рбетите на Адемовите синови го изведе потомството нивно и побара од нив да посведочат против себе: „Зарем Јас не сум Господарот ваш?“ – тие одговараа: „Си, ние сведочиме!“ – и поради тоа на Судниот Ден да

не кажете: „Ние за ова ништо не знаевме!“

**173.** Или да не кажете: „Нашите предци пред нас, други на Аллах Му здружуваа, а ние сме поколение по нив. Зарем ќе нè казниш за тоа што лажливците го правеа?“

**174.** И ете така Ние опширно ги изнесуваме доказите, за тие да дојдат при себе.

**175.** И кажи им ја веста за тој кому доказите Наши му ги дадовме, а кој од нив се оддалечи, па шејтанот го стигна и тој заталка.

**176.** А да сакавме, можевме со нив да го воздигнеме, но тој на овој свет му се приклони и по својата страст тргна. Неговиот случај е случајот на песот: ако го избркаш, тој со испружен јазик бревта, а ако го оставиш, тој пак бревта. Такви се луѓето кои доказите Наши ги сметаат за лажни; затоа, кажувај ги настаните за тие да размислат.

**177.** Лош пример се луѓето кои не ги признаваат Нашите докази, тие самите себеси си прават насилство.

**178.** Кого Аллах ќе го упати – тој е навистина упатен, а кого ќе го заблуди – тие се пропаднати!

**179.** Ние создадовме многу џини и луѓе за во Џехенемот; тие срца имаат – но со нив не сфаќаат, тие очи имаат – но со нив не гледаат, тие уши имаат – но со нив не слушаат; тие се како добитокот, дури и полоши – тие навистина се немарни!

**180.** На Аллах Му припаѓаат најубавите имиња и повикувајте Го со нив, и тргнете се од тие што ги искривуваат Неговите имиња – како ќе прават, така ќе бидат казнети!

**181.** А меѓу тие што ги создаваме има луѓе коишто другите ги упатуваат кон вистината и кои спрема неа праведно судат.

**182.** А тие што Нашите зборови ќе ги негираат, Ние малку по малку, а да не ни знаат, во пропаст ќе ги водиме.

**183.** И ќе им давам време; итрината Моја е навистина жестока!

**184.** Па зошто тие не размислат дека Пратеникот што им е пратен на нив не е луд; тој само отворено опоменува.

**185.** И зошто тие не размислат за царството на небесата и на Земјата и за сето тоа што Тој го создал, и дека можеби, крајот нивен им се приближил? Па во кои зборови, освен во Куранот, ќе веруваат?

**186.** Кого Аллах ќе го заблуди, никој не може да го упати! Тој ќе ги остави во осиленоста своја да талкаат!

**187.** Те прашуваат за Крајот на светот: „Кога ќе се случи?" Кажи: „Тоа го знае само Господарот мој, Тој во неговото време ќе го открие, а тежок ќе им биде на небесата и на Земјата, сосема неочекувано ќе ви дојде." Те прашуваат како да знаеш нешто за тоа? Кажи: „Тоа само Аллах го знае, но повеќето луѓе тоа не го знаат."

**188.** Кажи: „Јас не можам ни на самиот себеси некаква корист да си сторам, ниту од себеси некаква штета да тргнам; се случува така како што сака Аллах. А да го познавам невидливото, ќе стекнев многу добра, а злото ќе беше далеку од мене; јас само ги донесувам опомените и радосните вести на луѓето кои веруваат.

**189.** Тој е Оној што од еден човек ве создава, а од него сопругата негова ја создаде за покрај неа да се смири. И кога тој имаше однос со неа, таа лесно бреме занесе и го носеше; а кога тоа ѝ отежна, тие двајца Го замолија Аллах, Господарот свој: „Ако ни подариш здрав потомок, ќе ти бидеме, навистина, благодарни!"

**190.** И кога Тој здрав потомок им подари, и двајцата изедначија други со Него во тоа што Тој им го дава, а Аллах е многу високо над тие кои Му ги здружуваат!

**191.** Зарем да Му ги здружуваат тие коишто не можат ништо да создадат, а и самите се создадени,

**192.** и коишто не можат да им помогнат, ниту можат да си помогнат себеси?

**193.** А ако ги замолите на Вистинскиот пат да ве упатат, нема да ви се одѕвијат; исто е дали ги повикувате или молчите.

**194.** Тие на кои, покрај Аллах, им се молите, навистина се робови како и вие. Па молете ги и нека ви се одѕвијат ако ја зборувате вистина!

**195.** Имаат ли тие нозе со нив да одат или раце со нив да фаќаат, имаат ли тие очи со нив да гледаат или уши со нив да чујат? Кажи: „Повикајте ги божествата ваши, па против мене каква сакате итрина смислете и не одолговлекувајте,

**196.** мој заштитник е Аллах, Кој Книгата ја објавува и Тој за добрите се грижи.“

**197.** А тие на кои вие, покрај Него, им се молите, не можат ни вам, а ни себеси да си помогнат.

**198.** А кога ќе замолите да ве упатат на Вистинскиот пат, тие не слушаат, ги гледаш како да те гледаат, но тие не можат да видат.

**199.** Ти простувај! Барај да се прават добри дела, а од незналците стој понастрана!

**200.** А ако шејтанот настојува да те натера на зло, ти побарај прибежиште кај Аллах, Тој навистина сѐ слуша и сѐ знае.

**201.** Тие што се богобојазливи, штом ќе ги допре шејтанско дошепнување, се потсетуваат и стануваат разборити,

**202.** додека браќата на шејтанот самите шејтани ги поддржуваат во заблудата и тие никако не престануваат.

**203.** Кога нема да им донесеш ниту еден знак, тие велат: „Зошто сам не го измисли?“ – Кажи: „Јас го следам само тоа што Господарот мој ми го објавува. Ова се јасни докази од Господарот ваш и упатство и милост за луѓето што веруваат.

**204.** А кога Куранот се рецитира, вие слушајте и молчете за да бидете помилувани“.

**205.** И спомнувај Го Господарот свој наутро и навечер во себе, понизно и со стравопочит и не кревајќи го силно гласот, и не биди немарен,

**206.** на тие што Му се блиски на Господарот твој навистина не им е тешко да Го обожуваат; само Него Го фалат и само пред Него со лицето на тло извршуваат сеџда.

## 8. Поглавје
# Ел Енфал
*Плен*
Медина – 75 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Те прашуваат за пленот. Кажи: „Пленот им припаѓа на Аллах и на Пратеникот“. Затоа плашете се од Аллах и израмнете ги меѓусебните несогласувања, и покорувајте им се на Аллах и на Неговиот Пратеник, ако сте вистински верници.

**2.** Вистински верници се само тие чиишто срца со страв се исполнуваат кога Аллах се спомнува, а кога зборовите Негови им се кажуваат, верувањето им го зголемуваат и само на Господарот свој се потпираат,

**3.** тие што намазот (молитвата) го извршуваат и дел од тоа што Ние им го даваме го даваат.

**4.** Тие се навистина вистински верници! Нив почести и прошка и благородно изобилство кај Господарот нивен ги чекаат.

**5.** Така беше и тогаш кога Господарот твој со право од домот твој те изведе, а што на една група верници никако по волја не им беше.

**6.** Се расправаа со тебе за борбата, иако очигледно им беше дека ќе победат, на некои од нив им изгледаше како пред свои очи во смрт да се гонат.

**7.** И кога Аллах ви вети дека ваша ќе биде една од двете групи, а вие повеќе сакавте да ви падне в раце таа што не е вооружена, Аллах сакаше со зборовите Свои вистината да ја зацврсне и неверниците во корен да ги истреби,[128]

**8.** вистината да ја зацврсне, а невистината да ја уништи, макар тоа да не им е по волја на злосторниците.

**9.** И кога од Господарот свој помош побаравте, Тој ви се одѕва: „Ќе ви пратам на помош илјада мелеци кои едни по други ќе доаѓаат.“

**10.** Аллах тоа го стори за да ве израдува и со тоа срцата ваши да се смират; а победата е само од Аллах. Аллах е навистина Силен и Мудар!

---

[128] Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, им рекол на муслиманите на Бедр дека со сигурност ќе го запленат караванот на многубошците или ќе ја победат нивната војска од Мека.

**11.** Кога Тој направи сонот, како спокојство од Него, да ве обземе и од небото дожд ви спушти за со него да ве исчисти, и од вас шејтановото вознемирување да го отстрани, и срцата ваши силни да ги направи и со него чекорите да ви ги зацврсти.

**12.** Кога Господарот твој им вдахна на мелеците: „Јас сум со вас, па зацврстете ги тие што веруваат! Во срцата на неверниците Јас страв ќе влеам, па вие по вратовите удрете ги и по прстите удрете ги!“

**13.** Затоа што им се спротивставуваа на Аллах и на Пратеникот Негов; а тој што ќе им се спротивстави на Аллах и на Пратеникот Негов, Аллах навистина страшно ќе го казни!

**14.** Тоа ви е казната, па искусете ја, а неверниците ги чека страдање во Огнот.

**15.** О, верници, кога со неверниците во борба ќе се судрите, а тие се многубројни, не вртете им грб;

**16.** тој што тогаш ќе им сврти грб, освен тој што ќе се повлече со намера пак да се бори или пак на друга чета да ѝ пристапи, ќе се врати натоварен со Аллаховиот грев; живеалиштето негово ќе биде Џехенемот, а тоа е ужасно престојувалиште.

**17.** Вие не ги убивавте нив, туку Аллах; и ти не фрли кога фрлаше, туку Аллах фрли, за да ги искуша верниците со убаво искушение. Аллах, навистина, сѐ слуша и сѐ знае.

**18.** Така беше тоа, а навистина Аллах е Тој што ги ослабнува интригите на неверниците.

**19.** Ако се молевте да победите, па ете, ви дојде „победата“! А подобро би ви било да се откажете! И ако повторно се вратите, Ние повторно ќе се вратиме и ни малку нема да ви користи таборот ваш, колку и да е многуброен, бидејќи Аллах е на страната на верниците.

**20.** О, верници, покорувајте им се на Аллах и на Неговиот Пратеник, и не напуштајте го, та вие слушате што говори тој,

**21.** и не бидете како тие што велат: „Слушаме!“ – а не слушаат!

**22.** Најлоши суштества кај Аллах се тие кои се глуви и неми, кои не сакаат да сфаќаат.

**23.** Да знае Аллах дека од нив може да има некакво добро, би направил да слушаат, а и да сторел да слушаат, тие повторно би се свртеле, бидејќи тие и така главите ги вртат.

**24.** О, верници, одѕвијте им се на Аллах и на Пратеникот кога

од васќе побара да го сторите тоа што ве оживува; и знајте дека Аллах се вплеткува помеѓу човекот и срцето негово, и дека сите пред Него ќе се соберете;

**25.** И чувајте се од искушенијата кои нема да ги погоди само тие меѓу вас кои правеа насилство, и знајте дека Аллах страшно казнува.

**26.** И сетете се кога бевте малкумина, кога на Земјата бевте угнетени, се плашевте луѓето да не ве фатат, па Тој засолниште ви даде и со Својата помош ви помогна и со убаво снабдување ве снабди, за да бидете благодарни.

**27.** О, верници, Аллах и Пратеникот не лажете ги и свесно со аманетите не поигрувајте си,

**28.** и да знаете дека богатството ваше и децата ваши се само искушение и дека само кај Аллах наградата е голема.

**29.** О, верници, ако се плашите од Аллах, Тој ќе ви подари способност за разделување на вистината од невистината и преку лошите постапки ваши ќе премине и ќе ви прости. А Аллаховата добрина е неизмерна!

**30.** И кога неверниците замките ги поставуваа за да те фрлат во темница или за да те убијат или за да те прогонат; тие поставуваа замки, па и Аллах им поставуваше замки на нив, бидејќи Аллах тоа најдобро го умее.

**31.** Кога зборовите наши им се кажуваат, велат: „Веќе чуено! Да сакаме, и ние ќе кажеме нешто такво; тоа се само измислици на народите древни“.

**32.** А кога рекоа: „Боже, ако ова навистина е вистина од Тебе, Ти прати врз нас камења од небото во вид на дожд или прати ни некое неподносливо страдание!“

**33.** Аллах не ги казни бидејќи ти беше меѓу нив; и Аллах нема да ги казни сè додека некои од нив сè уште молат да им се прости.

**34.** А заслужуваат Аллах да ги казни кога им забрануваат пристап на другите во Светиот Храм, а тие не се негови чувари. Чувари негови треба да бидат само тие што се богобојазливи, но мноштвото од нив не знае.

**35.** Молитвата нивна покрај Ќаба се сведува само на свиркање и ракоплескање; затоа, искусете ја казната бидејќи не верувате!

**36.** Тие што не веруваат ги трошат имотите свои за да одвраќаат од Аллаховиот пат. Тие сигурно ќе ги потрошат, потоа заради тоа ќе жалат и на крајот победени ќе бидат. А тие што

нема да веруваат, во Џехенемот ќе бидат ставени,

**37.** за добрите од лошите Аллах да ги одвои, и лошите едни над други за да ги наталожи, и потоа сите во еден куп да ги збие и во Џехенемот да ги фрли! Тие навистина ќе бидат изгубени.

**38.** Кажи им на тие што не веруваат: ако престанат, ќе им биде простено тоа што било претходно; но ако не престанат, па се знае што се случи со древните народи.

**39.** И борете се против нив сѐ додека многубоштвото не исчезне и сѐ додека Аллаховата вера не остане. А ако престанат, Аллах добро гледа што прават тие,

**40.** а ако ги свртат грбовите свои, знајте дека Аллах е ваш заштитник, а Тој е прекрасен заштитник и Тој е прекрасен помагач!

**41.** И знајте дека од сѐ што ќе заплените за време на борба една петтина им припаѓа на Аллах и на Пратеникот, и на роднините негови, и на сирачињата, и на сиромашните, и на патниците, ако верувате во Аллах и во тоа што го објавивме на робот Наш на денот на одвојувањето на вистината од невистината, на денот кога се судрија двете војски, а Аллах може сѐ,

**42.** кога вие бевте во поблиската долина, а тие во пооддалечената долина, а караванот подолу од вас. И да се договаравте, немаше да се договорите за времето на борбата, но таа се случи за Аллах да даде да се исполни тоа што мораше да се случи, неверникот да остане неверник по очигледниот доказ и верникот да остане верник по очигледниот доказ, а Аллах навистина сѐ слуша и сѐ знае.

**43.** Кога Аллах во сон ти покажа дека нив ги има малку; а да ти покажеше дека се многу вие моралот ќе го изгубевте и за бојот ќе се расправавте, но Аллах ви го покажа спасот. Тој добро ги знае мислите сечии.

**44.** А кога се судривте, Тој во очите ваши ви ги прикажа во мал број, а и вас во очите нивни исто така во мал број, за Аллах да даде да се исполни тоа што мораше да се случи, а сѐ се враќа кон Аллах.

**45.** О, верници, кога ќе се судрите со каква било чета, бидете смели и непрестајно Аллах спомнувајте Го, за да го постигнете тоа што го сакате,

**46.** и покорувајте им се на Аллах и на Пратеникот Негов и не расправајте се за да не поткленете и без борбениот дух да

останете; и бидете издржливи, бидејќи Аллах е навистина на страна на издржливите!

**47.** И не бидете како тие кои за да му се покажат на светот, наметливо од градот свој излегоа за од Аллаховиот пат да одвраќаат. А Аллах добро знае што прават тие!

**48.** И кога шејтанот како убави им ги претстави нивните постапки и им рече: „Никој не може денес да ве победи и јас сум вашиот заштитник!“, тогаш тој, кога се судрија двете противнички групи, се повлече назад, и рече: „Јас немам ништо со вас, јас го гледам тоа што вие не можете да го видите, и јас се плашам од Аллах, бидејќи Аллах страшно казнува!“,

**49.** кога лицемерите и тие чиишто срца се болни велеа: „Нив ги заведе верата нивна!“ А тој што на Аллах ќе се потпре, па Аллах е навистина Силен и Мудар!

**50.** А да видеше само кога мелеците на неверниците душата им ја земаа и по лицата нивни и одназад ги удираа: „Вкусете го страданието во огнот!“

**51.** Тоа е за тоа што го подготвивте со рацете свои, бидејќи Аллах не е неправеден спрема робовите Свои!

**52.** Така беше и со фараоновите луѓе и со тие пред нив: во Аллаховите докази не веруваа, па Аллах, поради гревовите нивни ги казни. Аллах, навистина, е моќен и страшно казнува!

**53.** Тоа е затоа што Аллах нема да го лиши од благосостојба народот на кого Тој веќе им ја подарил, сѐ додека тој (народот) самиот не се промени. А Аллах сѐ слуша и сѐ знае.

**54.** Така беше и со фараоновите луѓе и со тие пред нив: доказите на Господарот свој не ги признаваа, па Ние, поради гревовите нивни, ги уништивме, а фараоновите луѓе ги потопивме, сите тие беа неверници!

**55.** Најлоши суштества кај Аллах се тие што негираат, тие што не сакаат да веруваат,

**56.** тие со коишто ти склопуваш договори, па тие секој пат, не плашејќи се од Аллах, го кршат договорот свој.

**57.** Ако во борбата се судриш со нив, казни ги така што поради нив да се разбегаат тие што се зад нив, за да примат поука!

**58.** Штом забележиш предавство кај некое племе, и ти нему исто така откажи му го договорот. Аллах сигурно не ги сака предавниците.

**59.** И нека не мислат тие што не веруваат дека ќе се спасат; тие навистина нема да можат да избегаат.

**60.** И против нив подгответе колку што можете сила и коњи за бој, за со тоа да ги заплашите Аллаховите и ваши непријатели, и другите освен нив – вие не ги познавате, Аллах ги знае. Сè што ќе потрошите на Аллаховиот пат, ќе ви биде надоместено, нема да ви се стори неправда.

**61.** Ако тие бидат склони кон мир, биди и ти склон и потпри се на Аллах, бидејќи Тој, навистина, сè слуша и сè знае.

**62.** А ако сакаат да те измамат, па, тебе навистина ти е доволен само Аллах; Тој те поддржува со Својата помош и со верниците,

**63.** и Тој ги соедини срцата нивни. Да го потрошеше сето тоа што постои на Земјата, ти немаше да ги соединиш срцата нивни, но Аллах ги соедини. Тој е навистина Силен и Мудар.

**64.** О, Веровеснику, Аллах ти е доволен тебе и на верниците кои те следат.

**65.** О, Веровеснику, бодри ги верниците на борба! Ако бидете дваесетмина издржливи, ќе победите двестемина; а ако бидете сто, ќе победите илјада од тие што не веруваат, затоа што тие се луѓе кои не сфаќаат!

**66.** Сега Аллах ви дава олеснување; Тој знае дека меѓу вас има слабост: ако бидете сто издржливи, ќе победите двестемина; ако бидете илјада, ќе победите, со Аллахова волја, две илјади. А Аллах е со тие што се издржливи.

**67.** На ниту еден веровесник не му е дозволено да задржува заробеници сè додека не извојува победа на Земјата; вие ги сакате минливите добра на овој свет, а Аллах го сака оној свет. Аллах е Силен и Мудар.

**68.** Да не е поранешната Аллахова одредба, ќе ве снајдеше големо страдање поради тоа што го зедовте.

**69.** Сега јадете од тоа што го запленивте, како допуштено и убаво, и плашете се од Аллах. Аллах навистина простува и Милостив е.

**70.** О, Веровеснику, кажи им на заробениците кои се наоѓаат во рацете ваши: „Ако Аллах знае дека во срцата ваши има какво било добро, ќе ви даде подобро од тоа што ви е земено и ќе ви прости." А Аллах простува и Милостив е.

**71.** А ако сакаат да те измамат, па тие и порано кон Аллах

се послужија со измама, и затоа Тој ти овозможи да ги победиш. А Аллах знае сè и Мудар е.

**72.** Тие што веруваат, и се иселуваат, и во борбата на Аллаховиот пат ги заложуваат имотите свои и животите свои, и тие што даваат прибежиште и помагаат, тие меѓусебно се заштитници. А на тие коишто веруваат, а кои не се иселија, вие не можете, сè додека не се иселат, да им бидете заштитници. А ако ве замолат да им помогнете во верата, должни сте на помош да им излезете, освен против народот со кој имате склучен договор за ненапаѓање. А Аллах добро го гледа тоа што го правите.

**73.** Неверниците меѓусебно се заштитници. Ако не постапите така, ќе настане збрка на Земјата и голем неред!

**74.** Тие што веруваат и што ќе се иселат, и ќе се борат на Аллаховиот пат, и тие што даваат засолниште и помагаат – тие се, навистина, вистински верници. Нив ги чека прошка и благородно изобилство.

**75.** А тие што подоцна ќе станат верници, па ќе се иселат и во борбата заедно со вас ќе учествуваат – тие се ваши. А роднините, според Аллаховата Книга, меѓусебно се поважни. Аллах, навистина знае сè.[129]

[129] Со овој ајет е укинато наследувањето помеѓу мухаџирите (доселениците од Мека) и енсариите (жителите на Медина). Мека веќе била ослободена, сите многубошци во неа примиле ислам, па одредено било во иднина да се наследува по крвна и брачна врска.

## 9. Поглавје
# Ет Теуба
*Покајание*[130]
Медина – 129 ајети

**1.** Известување од Аллах и од Неговиот Пратеник за многубошците со кои сте склучиле договори:

**2.** „Патувајте по светот уште четири месеци, но знајте дека на Аллах нема да Му избегате, и дека Аллах ќе ги посрамоти неверниците!“

**3.** И проглас од Аллах и од Неговиот Пратеник до луѓето на денот на Големиот аџилак: „Аллах и Неговиот Пратеник немаат ништо со многубошците!“ Па ако се покаете, тоа е подобро за вас, а ако се завртите, знајте дека нема да Му избегате на Аллах! А неверниците израдувај ги со неподнослива казна!

**4.** Со многубошците со кои имате склучено договори кои тие во ништо не ги нарушиле, ниту некого против вас помогнале, исполнете ги договорите до договорениот рок. Аллах навистина ги сака богобојазливите.

**5.** Кога ќе поминат светите месеци, тогаш убивајте ги многубошците каде и да ги најдете, заробувајте ги, опсадете ги и на секој премин дочекувајте ги! Па ако се покајат и почнат намазот (молитвата) да го извршуваат и зекат да даваат, оставете ги на мира, бидејќи Аллах навистина простува и Милостив е.

**6.** Ако некој од многубошците те замоли за заштита, ти заштити го за да ги чуе Аллаховите зборови, а потоа испрати го на безбедно место за него, затоа што тие припаѓаат на народот кој не знае.

**7.** Како многубошците можат да имаат договор со Аллах и со Пратеникот Негов?! Можат да имаат само тие со кои склучивте договор кај Светиот Храм, сè додека тие се придржуваат кон договорот, придржувајте се и вие, бидејќи Аллах навистина ги сака богобојазливите.

**8.** Како, кога тие, доколку би ве победиле, не би почитувале ни сродство ни договор кога сте вие во прашање?! Тие со устите свои ви се умилкуваат, но

---

[130] Ова е единственото поглавје во Куранот кое што не почнува со зборовите: „Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!“. Тоа е така бидејќи Аллах се разгневил врз многубошците и им ја ускратил Неговата милост.

срцата им се спротивставуваат, повеќето од нив се неверници.

**9.** Тие Аллаховите ајети евтино ги продаваат, па од патот Негов одвраќаат; навистина лошо постапуваат.

**10.** Ни сродство ни договор, кога е верникот во прашање, не почитуваат, и сите граници на злото ги пречекоруваат.

**11.** Но, ако се покајат и почнат намазот (молитвата) да го извршуваат и зекат да даваат, браќа ви се по вера. А Ние доказите им ги објаснуваме на луѓето кои знаат.

**12.** А ако ги прекршат заклетвите свои, по случувањето на договорот со нив, и ако верата ваша ја навредуваат, тогаш борете се против водачите на безверието за да престанат, а за нив навистина не постојат заклетви.

**13.** Зарем нема да се борите против луѓето кои заклетвите свои ги прекршија и настојуваа да го протераат Пратеникот и први ве нападнаа? Зарем се плашите од нив? Побитно е од Аллах да се плашите, ако сте верници.

**14.** Борете се против нив! Аллах со рацете ваши ќе ги казни и ќе ги понижи, а вас против нив ќе ве помогне, и градите на верниците ќе ги залечи

**15.** и од срцата нивни грижата ќе ја отстрани. А Аллах на кого сака ќе му прости. Аллах знае сѐ и Мудар е.

**16.** Зарем мислите дека ќе бидете оставени, а Аллах да не укаже на тие меѓу вас кои се борат и кои, освен Аллах и Пратеникот Негов и верниците, никого за близок пријател не земаат? А Аллах добро го знае тоа што го правите.

**17.** Многубошците не се достојни Аллаховите џамии да ги одржуваат, кога, дека се неверници, самите признаваат. Делата нивни ќе се поништат и во Огнот вечно ќе останат.

**18.** Аллаховите џамии ги одржуваат тие кои во Аллах и во оној свет веруваат и кои намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат и кои од никого, освен од Аллах, не се плашат; тие се, со надеж, на Вистинскиот пат.

**19.** Зарем сметате дека тој што аџиите со вода ги напојува и кој води грижа за Светиот Храм е еднаков со тој што во Аллах и во оној свет верува и кој на Аллаховиот пат се бори? Тие не се еднакви пред Аллах. А Аллах нема да им укаже на Вистинскиот пат на тие што самите си прават неправда.

**20.** Поголема чест кај Аллах имаат тие кои веруваат, и кои се иселуваат, и кои се борат на Аллаховиот пат заложувајќи ги имотите свои и животите свои; тие ќе го постигнат тоа што го сакаат.

**21.** Господарот нивен им испраќа радосни вести дека милостив и благонаклонет ќе им биде и дека во џенетските градини ќе ги внесе, во кои непрекинато ќе уживаат,

**22.** вечно и засекогаш во нив ќе останат. Навистина, кај Аллах наградата е голема.

**23.** О, верници, не пријателувајте ни со татковците ваши ни со браќата ваши, ако повеќе го сакаат неверувањето од верувањето. Кој од вас со нив ќе пријателува, тој навистина кон себеси направил грев.

**24.** Кажи: „Ако татковците ваши, и синовите ваши, и браќата ваши, и сопругите ваши, и родот ваш, и имотите ваши кои сте ги стекнале, и трговската роба за која стравувате дека нема да се продаде, и куќите ваши во кои пријатно се чувствувате, ви се помили од Аллах и од Неговиот Пратеник, и од борбата на Неговиот пат, тогаш почекајте додека Аллах Својата одлука не ја донесе. А Аллах на грешниците нема да им укаже на Вистинскиот пат!“

**25.** Аллах на многу боишта ви помогна, а и тој ден на Хунејн кога мноштвото ваше ве занесе, но тоа не ви беше од никаква корист, туку земјата, колку и да беше пространа, тесна ви стана, па се дадовте во бегство.

**26.** Потоа Аллах на Пратеникот Свој и на верниците спокојството Свое им го спушти, и војски кои вие не ги видовте испрати, и тие што не веруваа на маки ги стави, и тоа беше казна за неверниците!

**27.** Аллах, потоа, на кого сакаше му прости, а Аллах простува и Милостив е.

**28.** О, верници, многубошците се нечисти[131], и нека не доаѓаат повеќе на аџилак во Светиот Храм по овогодишниот аџилак. А ако се плашите од сиромаштија, па Аллах, ако сака, од изобилството Свое, богати ќе

[131] Под поимот нечисти (ар. неџес) се мисли на духовна и телесна нечистотија, односно, нивната вера е извалкана со политеизам, идолатрија, паганство и суеверија, па како такви се непожелни на местото коешто го симболизира чистиот монотеизам – верата и обожувањето на Единиот Бог, Создателот и Поседувателот на сè што постои.

ве направи. Аллах навистина знае сѐ и Мудар е.

**29.** Борете се против тие на кои им е дадена Книгата, а кои не веруваат ниту во Аллах ниту во оној свет, не го сметаат за забрането тоа што Аллах и Неговиот Пратеник го забрануваат и не ја исповедаат вистинската вера, сѐ додека не дадат главарина послушно и понизно.

**30.** Евреите велат: „Узејр[132] е Божји син.“, а христијаните велат: „Исус е Божји син.“ Тоа се зборовите нивни, од устите нивни, ги имитираат зборовите на неверниците претходни – Аллах да ги убие! Каде се одметнуваат?

**31.** Тие, покрај Аллах, за божества ги сметаат свештениците свои, и монасите свои и Месих, синот Мерјемин, а наредено им е само еден Бог да обожуваат – нема друг бог освен Него. Тој е многу високо над тие кои Нему за рамни Му ги припишуваат.

**32.** Тие сакаат со устите свои да го згаснат Аллаховото светло, а Аллах сака да го направи видливо светлото Свое, дури и да не им е по волја на неверниците.

**33.** Тој го прати Пратеникот Свој со упатството и вистинската вера, за да ја издигне над сите вери, дури и да не им е по волја на многубошците.

**34.** О, верници, многу свештеници и монаси, навистина, на недозволен начин туѓите имоти ги трошат и од Аллаховиот пат одвраќаат. На тие кои златото и среброто го збираат и на Аллаховиот пат не го трошат, најави им болно страдание!

**35.** На Денот кога тоа (златото и среброто) во огнот џехенемски ќе се усвити, па со него челата нивни и слабините нивни и грбовите нивни ќе се жигосаат: „Ова е тоа што за себе го натрупувавте; искусете ја тогаш казната за тоа што го збиравте!“

**36.** Бројот на месеците кај Аллах е дванаесет, според Аллаховата Книга, од денот кога ги создаде небесата и Земјата, а четири се свети; тоа е вистинската вера! Во нив не грешете! А борете се против многубошците, како што сите тие се борат против вас; и знајте дека Аллах е на страната на тие што се плашат од Аллах и се чуваат од гревовите.

[132] Узејр – Старозаветниот пророк Езра. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

**37.** Со преместување на светите месеци само се зголемува неверувањето, со што неверниците се доведени во заблуда; една година го прогласуваат како обичен, а другата година го прогласуваат за свет, за да го исполнат бројот на месеците кои Аллах ги направил свети.[133] Нивните лоши постапки им се претставени како добри. А Аллах нема да им укаже на Вистинскиот пат на тие што не сакаат да веруваат.

**38.** О, верници, зошто некои се колебаа кога ви беше речено: „Тргнете во борба на Аллаховиот пат!" – како да сте за земја приковани?[134] Зарем ви е помил животот на овој свет од оној свет? А уживањето на овој свет спрема оној свет не е ништо.

**39.** Ако не одите во бој, Тој на неподносливи маки ќе ве стави и со друг народ ќе ве замени, а вие нема ни малку да Му наштетите. А Аллах може сè.

**40.** Ако вие не му помогнете, па Аллах му помогна тогаш кога тие што не веруваа го присилија да си оди, кога со него беше само другарот[135] негов, кога тие двајца беа во пештерата[136] и кога тој му рече на другарот свој: „Не тагувај, Аллах е со нас!" па Аллах го спушти спокојството Свое на него и му помогна со војската која вие не ја видовте и стори зборот на неверниците да биде долен, а Аллаховата Реч, таа е – горна. Аллах е Силен и Мудар.

**41.** Тргнувајте во бој, било слаби или силни, и борете се на

[133] Во предисламското време разни арапски племиња воделе меѓусебни војни. Кога ќе настапеле светите месеци, а тие биле во војна, не ја прекинувале борбата, продолжувале да се борат, светиот месец ќе го прогласеле за обичен, а некој друг за свет, префрлувајќи ја така светоста врз несвет месец поради компензација.

[134] Се говори за походот на Тебук, на границата со Сирија, против Византијците, деветтата година по хиџра (630. г.) во време кога во областа Хиџаз владеела голема суша и жестина, а патот до границата со Сирија бил многу далечен. Затоа некои верници од Медина се колебале дали да тргнат кон Сирија, па поради ова се прекорени со овој ајет.

[135] Овој ајет зборува за Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и за неговиот верен другар и прв наследник Ебу Бекр, р. а., за случувањето при хиџра/преселбата од Мека во Медина.

[136] Пештерата во која Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, се засолнил со својот другар, Ебу Бекр, нека е Аллах задоволен со него, се наоѓа на ридот Севр, на еден час одење од Мека. Тука се криеле три дена, а кога се увериле дека потерата по нив престанала, ноќе тргнале на пат за Медина.

Аллаховиот пат заложувајќи ги имотите свои и животите свои! Тоа ви е, да знаете, подобро!

**42.** Да се работеше за плен на дофат на раката и за не толку далечен поход, лицемерите ќе те следеа, но патот им изгледаше далек. И тие ќе се колнеа во Аллах: „Да можевме, навистина со вас ќе тргневме.“, и така се упропастија самите себе, а Аллах знае дека тие се лажливци.

**43.** Нека ти прости Аллах што дозволи да изостанат, додека не се увери кои од нив ја зборуваат вистината, а кои лажат.

**44.** Тие што веруваат во Аллах и во оној свет нема да бараат дозвола од тебе да не се борат заложувајќи ги имотите свои и животите свои. А Аллах добро ги знае тие што се побожни.

**45.** Од тебе ќе бараат дозвола само тие што не веруваат во Аллах и во оној свет и чии срца се колебаат, па се сомневаат и неодлучни се.

**46.** Да имаа намера да појдат, сигурно за тоа ќе го подготвеа тоа што е потребно, но на Аллах не му беше по волја да одат, па ги задржа, и им беше речено: „Седете со тие што седат!“

**47.** Да појдеа со вас, само раздорот меѓу вас ќе го зголемеа и брзо меѓу вас безредие ќе вметнеа, а меѓу вас има и такви кои со задоволство ги слушаат. А Аллах ги знае неправедниците.

**48.** Тие и претходно безредие посакуваа и замки ти смислуваа, сè додека, наспроти нив, вистината победи и Аллаховата вера завладеа.

**49.** Има и такви кои велат: „Дозволи ми и не доведувај ме во искушение!“ Ете, токму во искушение паднаа! А неверниците сигурно нема да му избегнат на Џехенемот.

**50.** Ако те снајде добрина, тоа ги огорчува; а кога ќе те погоди несреќа, велат: „Ние и претходно бевме претпазливи.“, и заминуваат весели.

**51.** Кажи: „Ќе ни се случи само тоа што Аллах ќе ни го одреди, Тој е нашиот Господар.“ И верниците само на Аллах нека се потпираат!

**52.** Кажи: „Очекувате ли за нас нешто друго освен едно од двете добра?[137] А ние очекуваме Аллах, самиот или преку рацете наши, да ве казни. Па исчекувајте, и ние со вас ќе чекаме.“

[137] Победа или достигнување на степен на мачеништво.

**53.** Кажи: „Трошеле милум или силум, од вас нема да се прими, бидејќи вие сте лош народ.“

**54.** Прилозите нивни нема да бидат примени затоа што во Аллах и во Неговиот Пратеник не веруваат, бидејќи мрзеливо намазот (молитвата) го извршуваат и што без волја даваат.

**55.** Нека не те одушевуваат имотите нивни, а ни децата нивни! Аллах сака со нив да ги казни на овој свет и душите да им излезат додека се неверници.

**56.** Тие се колнат во Аллах дека навистина се ваши, а тие не се со вас, туку се плашлив народ.

**57.** Кога би нашле некое засолниште или некоја пештера или пак некаква јама, тие натаму со трчање би поитале.

**58.** Има и такви што ти приговараат поради распределбата на зекатот. Ако од него им се даде, задоволни се, а ако не им се даде, веднаш се разгневуваат.

**59.** А би требало да се задоволат со тоа што ќе им го даде Аллах и Пратеникот Негов и да кажат: „Доволен ни е Аллах, Аллах ќе ни даде од изобилството Свое, а и Пратеникот Негов, ние само кон Аллах копнееме.“

**60.** Зекатот им припаѓа само на сиромашните и на тие што имаат потреба, и на тие што го собираат, и на тие чиишто срца треба да се придобијат, и за откуп од ропство, и на презадолжените, и за цели на Аллаховиот пат и за патникот. Аллах така одредил! А Аллах сѐ знае и Мудар е.

**61.** Има и такви што го навредуваат Веровесникот, велејќи: „Тој верува што и да чуе!“ Кажи: „Тој го слуша тоа што е добро, верува во Аллах и им верува на верниците, и претставува милост за тие од вас кои веруваат.“ А тие што го навредуваат Аллаховиот Пратеник ги чека неиздржливо страдање!

**62.** Ви се колнат во Аллах дека ќе ве задоволат, а поважно им е Аллах и Неговиот Пратеник да ги задоволат, ако се верници.

**63.** Зарем тие не знаат дека тој што им се спротивставува на Аллах и на Пратеникот Негов го чека огнот џехенемски, во кој вечно ќе остане? Тоа е големо понижување!

**64.** Лицемерите се плашат да не им се објави на верниците поглавје кое би им го открило тоа што е во нивните срца. Кажи: „Само вие потсмевајте се, Аллах навистина на виделина ќе го изнесе тоа од што се плашите.“

**65.** А ако ги запрашаш, тие сигурно ќе кажат: „Ние само разговаравме и се забавувавме.“ Кажи: „Зарем не Му се потсмевавте на Аллах, и на зборовите Негови, и на Пратеникот Негов?“

**66.** Не извинувајте се! Јасно е дека сте неверници, а тврдевте дека сте верници. Ако на некого од вас му простиме, другите ќе ги казниме затоа што се виновници.

**67.** Лицемерите и лицемерките слични се едни со други: Бараат да се прават лоши дела, а од добрите одвраќаат, и рацете им се стиснати, Го забораваат Аллах, па и Тој нив ги заборави. Лицемерите се навистина вистински неверници!

**68.** На лицемерите и лицемерките и на неверниците Аллах им го вети џехенемскиот оган, вечно во него ќе останат, доволен ќе им биде тој! Аллах ги проколна, и нив ги чека постојано страдање.

**69.** Вие сте како и тие пред вас! Тие посилни од вас беа и повеќе богатство и деца имаа, и сладок живот живееја, а и вие сладок живот живеете исто како што тие пред вас живееја, и вие се впуштате во лошотилаци како што и тие се впуштаа. Тоа се тие чии дела ќе бидат поништени и на овој и на оној свет, и тие се губитници.

**70.** Зарем не допре до нив веста за тие пред нив: за народот Нухов и за Ад, и за Семуд, и за народот Ибрахимов, и за жителите на Медјен, и за тие чии населби се превртени? Пратениците нивни јасни докази им носеа и Аллах не им стори никаква неправда, туку тие самите себеси си ја нанесоа.

**71.** А верниците и верничките се пријатели едни со други: Бараат да се прават добри дела, а од лошите одвраќаат, и намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат, и им се покоруваат на Аллах и на Пратеникот Негов. Тоа се тие на кои Аллах сигурно ќе им се смилува. Аллах е навистина Силен и Мудар.

**72.** Аллах им ветува на верниците и верничките џенетски градини низ кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат, и прекрасни дворци во градините на Адн. А Аллаховото задоволство е поголемо од сето тоа: тоа, навистина, голем успех ќе биде!

**73.** О, Веровеснику, бори се против неверниците и лицемерите и биди строг кон нив! Џехенемот ќе биде нивно живеалиште, а тоа е грозно престојувалиште.

**74.** Лицемерите се колнат во Аллах дека не зборувале, а сигурно говореа невернички зборови и покажуваа дека се неверници, откако исламот јавно го примија, и сакаа да го сторат тоа во што не успеаја. А приговараат само затоа што Аллах, од изобилството Свое, и Пратеникот Негов, ги направија богати. Па ако се покајат, ќе им биде добро; а ако главите ги свртат, Аллах и на овој и на оној свет на маки неподносливи ќе ги стави, а на Земјата ниту заштитник ниту помагач нема да имаат.

**75.** Има и такви што се обврзаа кон Аллах: „Ако од изобилството Свое ни даде, навистина ќе даваме зекат и милостина, и ќе бидеме, навистина добри!“

**76.** А кога Тој им даде од изобилството Свое, тие за тоа скржави станаа и грбот го завртија, а тие и онака главите ги вртат.

**77.** И Тој им надоврза лицемерство на тоа во срцата нивни сè до денот кога пред Него ќе застанат, затоа што не се придржуваат кон тоа што на Аллах Му го ветија и затоа што постојано лажат.

**78.** Зарем тие не знаат дека Аллах го знае тоа што тие во себе го кријат и тоа што си го шепотат и дека Аллах е зналец на сè што е скриено?

**79.** Тие што верниците ги озборуваат затоа што зекат и садака даваат, а им се потсмеваат и на тие што со мака ги даваат, Аллах ќе ги казни за исмејувањето нивно, и нив ги чека неподносливо страдање.

**80.** Било да молиш прошка за нив или да не молиш, дури и седумдесет пати да молиш, Аллах нема да им прости затоа што во Аллах и Неговиот Пратеник не веруваат. А Аллах нема да им укаже на Вистинскиот пат на грешниците.

**81.** Тие што заостанаа зад Аллаховиот Пратеник се веселеа во куќите свои – мака им беше да се борат на Аллаховиот пат заложувајќи ги имотите свои и животите свои, и меѓусебно си велеа: „Не тргнувајте во бој на жештинава!“ Кажи: „Џехенемскиот оган е уште пожежок!“ – кога тие само би знаеле.

**82.** Тие малку ќе се смеат, а долго ќе плачат, ќе биде тоа казна за тоа што го заработиле.

**83.** И ако Аллах повторно те врати кај некои од нив, па те замолат да им дозволиш да појдат со тебе во бој, ти кажи им: „Никогаш со мене во бој нема

да одите и никогаш со мене против непријателот нема да се борите! Бевте задоволни што изостанавте првиот пат, затоа останете со тие што и така не одат во бој.“

**84.** И за никој од нив, кога ќе умре, немој да се молиш, ниту на погребот негов да присуствуваш, бидејќи тие во Аллах и во Неговиот Пратеник не веруваат и како неверници умираат!

**85.** Нека не те восхитуваат богатствата нивни и децата нивни! Аллах сака со нив да ги намачи на овој свет и душите да им излезат додека се неверници.

**86.** А кога е објавено поглавјето во Аллах да верувате и заедно со Пратеникот Негов да се борите, најбогатите од нив побараа одобрување од тебе и рекоа: „Остави нè да бидеме со тие што не одат во бој!“

**87.** Се задоволуваат да бидат со тие што не одат во бој, срцата нивни се запечатени, па тие не сфаќаат!

**88.** Но, Пратеникот и тие што со него веруваат се борат заложувајќи ги имотите свои и животите свои. На нив ќе им припадне секое добро и тие тоа што го сакаат ќе го остварат.

**89.** Аллах им подготви џенетски градини, низ кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат. Тоа е голем успех!

**90.** Доаѓаа и некои бедуини кои се извинуваа и бараа дозвола да не одат, и така изостанаа тие што го лажеа Аллах и Неговиот Пратеник; а тешко страдање ќе ги погоди тие меѓу нив кои не веруваа.

**91.** Нема да им биде земено за грев на немоќните и на болните, и на тие што не можат да најдат средства за борба, само ако се искрени кон Аллах и кон Неговиот Пратеник. Нема причина нешто да им се приговара на тие што прават добри дела – а Аллах простува и Милостив е –

**92.** ниту на тие на кои им рече кога ти дојдоа да им дадеш животни за јавање: „Не можам да најдам за вас животни за јавање“, па се вратија со насолзени очи, тажни што немаат да ги купат за борбата.

**93.** А има причина да им се приговара на тие што од тебе бараат дозвола да изостанат, а богати се. Се задоволуваат да останат со тие што не одат во бој. Аллах нивните срца ги запечати, па тие не знаат.

**94.** Кога меѓу нив ќе се вратат, тие ќе ви се правдаат. Кажи: „Не

правдајте се, бидејќи ние не ви веруваме, затоа што Аллах за вас нè извести. Аллах и Неговиот Пратеник ќе видат како ќе постапувате, потоа, вие ќе бидете повторно вратени кај Тој на Кого Му е познат и невидливиот и видливиот свет, па Тој ќе ве извести за Тоа што го правевте.“

**95.** Кога меѓу нив ќе се вратите, ќе ви се колнат во Аллах, само за да се тргнете од нив, па тргнете се од нив бидејќи тие се нечисти и престојувалиштето нивно ќе биде Џехенемот како казна за тоа што го правеа!

**96.** Тие ви се колнат за да бидете задоволни од нив. Ако бидете задоволни од нив, Аллах сигурно не е задоволен со народот грешен.

**97.** Бедуините се најголеми неверници и најлоши лицемери, и разбирливо е што не ги познаваат прописите кои Аллах му ги објавува на Својот Пратеник. А Аллах сè знае и Мудар е.

**98.** Има бедуини кои тоа што го даваат го сметаат за наметнато и едвај чекаат несреќа да ве стигне – нив нека ги погоди несреќа! А Аллах сè слуша и сè знае.

**99.** А има и бедуини кои веруваат во Аллах и во оној свет и кои сметаат дека тоа што го даваат е пат за да се приближат до Аллах и за да ги заслужат молитвите од Пратеникот за нив. Тоа им е, навистина, добро дело! Аллах, сигурно, со милоста Своја ќе ги облее, бидејќи Аллах простува и Милостив е.

**100.** Аллах е задоволен од првите муслимани, мухаџирите[138] и енсариите[139], и од сите тие кои ги следат правејќи добри дела. А и тие се задоволни од Него: Тој за нив подготви џенетски градини низ кои реки течат и тие вечно и за секогаш во нив ќе живеат. Тоа е голем успех.

**101.** Меѓу бедуините околу вас има лицемери, а има и меѓу жителите на Медина, кои во лицемерието се упорни – ти не ги познаваш, но Ние ги познаваме. Нив на двојни маки ќе ги ставиме, а потоа на големо страдање ќе бидат вратени.

---

[138] Мухаџири (ар.) – се однесува на муслиманите кои што заедно со Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, учествувале во хиџрата, односно, се преселиле од Мека во Медина. Тие биле првите верници и имаат големо значење и почест.

[139] Енсарии (ар.) – се однесува на жителите на Медина кои што го дочекале, примиле и помогнале последниот Божји Пратеник и Веровесник, Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, како и тие што се доселиле со него од Мека.

**102.** А има и други кои греровите свои ги признаа и кои добрите дела со други, кои се лоши, ги измешаа, на нив, може да биде, Аллах да им прости, бидејќи Аллах простува и Милостив е.

**103.** Земи од добрата нивни зекат, со него да ги исчистиш и благословени да ги направиш, и помоли се за нив, молитвата твоја сигурно ќе ги смири. А Аллах сѐ слуша и сѐ знае.

**104.** Зарем тие не знаат дека само Аллах го прима покајанието од робовите Свои и дека само Тој ги прифаќа зекатот и милостината, и дека само Аллах е Тој што простува и дека Тој е Милостив?!

**105.** И кажи: „Трудете се! Аллах трудот ваш ќе го види, а и Пратеникот Негов и верниците, и вие ќе бидете вратени кај Тој што го знае невидливиот и видливиот свет, па ќе ве извести за тоа што го правевте."

**106.** Има и други што се во неизвесност дали Аллах ќе ги казни или ќе им прости. А Аллах знае сѐ и Мудар е.

**107.** А тие што изградија џамија само за да нанесат штета, и неверувањето да го зајакнат, и раздор меѓу верниците внесат, подготвувајќи ја за тој што против Аллах и Неговиот Пратеник уште порано се бореше, сигурно ќе се колнат: „Ние го сакавме само најдоброто!", а Аллах е сведок дека тие се вистински лажливци.

**108.** Ти во неа немој никогаш да се молиш! Џамија чиишто темели, уште од првиот ден, се поставени поради страв од Аллах, навистина повеќе заслужува во неа да се молиш.[140] Во неа се луѓето кои сакаат често да се мијат, а Аллах ги сака тие што многу се чистат.

**109.** Дали е подобар тој што темелот на градбата своја го поставил поради страв од Аллах и поради Неговото задоволство, или тој што темелот на зградата своја го поставил на работ на поткопаниот брег кој се навалил заедно со него во огнот џехенемски да се сруши? А Аллах нема да му укаже на Вистинскиот пат на народот кој самиот себеси неправда си прави.

**110.** Градбата којашто тие ја изградија постојано ќе внесува

[140] Се однесува на џамијата која Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и првите муслимани ја изградиле во Медина, веднаш по неговата преселба од Мека во Медина.

немир во срцата нивни, сѐ додека срцата не им пукнат! А Аллах знае сѐ и Мудар е.

**111.** Аллах од верниците ги купи животите нивни и имотите нивни во замена за Џенетот кој ќе им го даде. Тие на Аллаховиот пат ќе се борат, убивајќи и гинејќи! Тој тоа навистина им го ветил во Тевратот и во Инџилот и во Куранот. А кој од Аллах подоследно го исполнува ветувањето свое? Затоа радувајте се на спогодбата своја која со Него ја договоривте, и тоа е голем успех!

**112.** Тие се каат, и Него Го обожуваат, и Нему Му заблагодаруваат, и постат, и руку и сеџда извршуваат, и бараат да се прават добри дела, а од лошите одвраќаат и кон Аллаховите прописи се придржуваат. А верниците израдувај ги!

**113.** На Веровесникот и на верниците не им е дозволено да молат прошка за многубошците, дури и да им се најблизок род, кога им е јасно дека тие ќе бидат жители на Џехенемот.[141]

**114.** А тоа што Ибрахим бараше прошка за својот татко, беше само заради ветувањето кое му го даде. А штом му стана јасно дека тој е Аллахов непријател, тој се откажа од него[142]. Ибрахим, навистина, многу Го молеше Аллах и беше благ.

**115.** Аллах нема да стори да заталка народот кој на Вистинскиот пат го упатил, пред да му го објасни тоа од што треба да се чува. Аллах, навистина, сѐ добро знае.

**116.** Аллахова е власта на небесата и на Земјата, Тој живот и смрт дава, и вие, освен Аллах, немате ниту заштитник ниту помагач.

**117.** Аллах му прости на Веровесникот, и на мухаџирите и на енсариите, кои во тешкиот час го следеа, во времето кога срцата на некои од нив за малку не се поколебаа: Тој потоа и на нив им прости, бидејќи Тој кон нив е Благ и Милостив.[143]

---

[141] Затоа што умреле како неверници.

[142] Кога умрел како неверник.

[143] Во месецот реџеб, деветтата година по хиџра стигнала вест во Медина дека силна византиска војска од Сирија се подготвува да ја нападне Медина. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, веднаш ги повикал муслиманите што побргу да се подготват за одбрана. Овој поход во историјата на исламот е познат под името Походот на Тебук.

**118.** А на тие тројца коишто изостанаа, и тоа дури кога земјата, колку и да беше пространа, тесна им стана, и кога им се стисна во душите нивни, кога увидоа дека нема прибежиште од Аллах туку само кај Него. Тој потоа и на нив им прости за и во иднина да се каат, бидејќи Аллах, навистина, го прима покајанието и Милостив е.

**119.** О, верници, плашете се од Аллах и бидете со искрените!

**120.** Не требаше жителите на Медина, ниту бедуините во нејзина близина, зад Аллаховиот Пратеник да изостанат и на својот живот да му дадат предност над неговиот живот, бидејќи нив нема да ги снајде ниту жед, ниту замор, ниту глад на Аллаховиот пат, ниту пак ќе стапат на некое место кое ќе ги налути неверниците, ниту некаква добивка над непријателите ќе остварат, а сето тоа да не им биде запишано како добро дело – Аллах навистина нема да допушти да пропадне наградата за тие што прават добрини –

**121.** и нема да дадат ниту еден прилог, ниту мал ниту голем, ниту некаква долина ќе преминат, а тоа да не им биде запишано, за да ги награди Аллах за тоа добро што го правеа.

**122.** Не треба сите верници да одат во бој! По неколкумина од нив од секоја заедница Нека се потрудат да се упатат во верските науки и нека го опоменуваат својот народ кога ќе се вратат, за да се плашат од Аллах.

**123.** О, верници, борете се против неверниците кои се во ваша близина и нека ја почувствуваат строгоста ваша! И знајте дека Аллах е на страната на богобојазливите!

**124.** А кога ќе биде објавено некое поглавје, има такви што велат: „Кому од вас ова им го зголеми верувањето?“ Што се однесува до верниците, ним им го зголеми верувањето и тие се радуваат.

**125.** А што се однесува до тие чиишто срца се болни, тоа неверство им го додаде на неверството кое веќе го имаат, и тие умираат како неверници.

**126.** Зарем тие не гледаат дека секоја година еднаш или двапати во искушение паѓаат, и пак, ниту се каат ниту се опаметуваат?

**127.** А кога ќе биде објавено некое поглавје, само се загледуваат: „Дали некој ве гледа?“ – и потоа се оддалечуваат. Аллах срцата нивни ги скршна, затоа што се од луѓето што не сакаат да разберат!

**128.** Ви дојде Пратеник, еден од вас, тешко му е што на маки ќе паднете, едвај чека по Вистинскиот пат да тргнете, а кон верниците е благ и милостив!

**129.** А ако тие главите ги свртат, ти кажи: „Мене ми е доволен Аллах, нема бог освен Него; само на Него се потпирам, Тој е Господар на Аршот величествен!"

## 10. Поглавје

# Јунус

*Јунус*

Мека – 109 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-ра. Ова се ајети од Мудрата Книга.

2. Зошто им е чудно на луѓето што Ние му објавуваме на еден од нив: „Опоменувај ги луѓето! А верниците израдувај ги со прекрасна награда кај Господарот нивен!" Неверниците велат: „Тој е вистински маѓепсник!"

**3.** Вашиот Господар е Аллах, Кој небесата и Земјата за шест временски периоди ги создаде, а потоа над Аршот се возвиши и Кој управува. Никој нема да може да се заземa за некого, без Негово одобрение. Ете тоа е Аллах, Господарот ваш, па само Него обожувајте Го! Зошто не размислите?

**4.** На Него сите ќе Му се вратите; Аллаховото ветување е вистинито; Тој навистина од ништо создава, и Тој повторно тоа ќе го повтори, за праведно да ги награди тие што веруваат и прават добри дела. А тие што нема да веруваат ги чека напивка од зовриена вода и неиздржливо страдање, затоа што беа неверници.

**5.** Тој Сонцето извор на светлината го направи, а Месечината сјајна, и положба ѝ одреди за да го знаете бројот на годините и сметањето. Аллах тоа мудро го создаде. Тој детално им ги предочува доказите на луѓето кои разбираат.

**6.** Во менувањето на ноќта и денот, и во тоа што Аллах на небесата и на Земјата го создаде, навистина постојат докази за луѓето кои се плашат од Аллах.

**7.** На тие што не очекуваат дека пред Нас ќе застанат и кои се задоволни со животот на овој свет, кои на него се смирени и тие кои кон нашите докази се рамнодушни,

**8.** престојувалиштето нивно џехенемот ќе биде, поради тоа што го правеле.

**9.** Тие што веруваат и прават добри дела, Господарот нивен ќе ги упати на Вистинскиот пат, поради тоа што веруваат. Реки ќе течат под нив во градините на благодатите.

**10.** Нивната молитва во нив ќе биде: „Славен си Аллаху!“, поздравот нивен: „Мир со вас!“, а нивната последна молитва: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите!“

**11.** Да им дава Аллах на луѓето зло толку брзо како кога им се одѕива кога бараат добро, тие навистина би биле уништени. Но, Ние сепак ги оставаме во својата осиленост да талкаат тие што не очекуваат дека пред Нас ќе застанат.

**12.** Кога човекот ќе го снајде неволја, тој ни се моли: или лежејќи или седејќи или стоејќи. А кога ќе го ослободиме од неволјата, тој продолжува, како никогаш да не Ни се обраќал со молба поради неволјата која го снашла. И така на неверниците, кои ги преминуваат границите, им се чини убаво тоа што го прават.

**13.** Ние ги уништувавме древните народи пред вас затоа што правеа неправда откако Пратениците нивни јасни докази им носеа. Но тие и така не би верувале. Така Ние го казнуваме народот злосторнички.

**14.** Ете затоа по нив, вас ве поставивме за наследници на Земјата, за да видиме како ќе постапувате.

**15.** А кога им се кажуваат ајетите Наши, кои се јасни, тогаш тие што не веруваат дека пред Нас ќе застанат, велат: „Донеси ти некој друг Куран или измени го!“ Кажи: „Незамисливо е јас сам од себе да го менувам, јас го

следам само тоа што ми се објавува, јас се плашам да Му бидам непослушен на својот Господар од страдањето на Големиот ден.“

**16.** Кажи: „Да не сакаше Аллах, јас немаше да ви го кажувам, ниту пак Тој ќе ве запознаеше со него. Та, јас пред пратеништвото помеѓу вас долго престојував, зарем не сфаќате?“

**17.** Па има ли тогаш понеправеден од тој којшто за Аллах изнесува лаги или кој што Неговите докази ги смета за невистинити?! Злосторниците навистина нема да успеат.

**18.** Тие, покрај Аллах, ги обожуваат тие кои не можат да им наштетат ниту пак можат каква било корист да им донесат, и велат: „Ова се нашите заземачи кај Аллах.“ Кажи: „Како тоа на Аллах да Му кажувате дека на небесата и на Земјата постои нешто, а Тој знае дека не постои?!“ Тој е чист и многу високо над тие што Нему Му ги здружуваат!

**19.** Луѓето сочинуваа една заедница, а потоа се спротивставија еден против друг. А да не беше претходно изречениот Збор од Господарот твој, на нив веќе ќе им беше пресудено за тоа за што не се согласуваа.

**20.** Тие велат: „Зошто Неговиот Господар не му испрати некое чудо?“ Ти кажи: „Само Аллах знае што ќе биде, па почекајте и јас со вас ќе чекам.“

**21.** А кога ние ќе им дозволиме на луѓето да ја почувствуваат милоста по неволјата која ги снашла, тие повторно на доказите Наши им се потсмеваат. Кажи: „Аллах е побрз во казнувањето; мелеците Наши навистина го запишуваат тоа што вие го сплеткарите.“

**22.** Тој ви овозможува по копно и по море да патувате. Па кога сте во бродовите, и кога тие со помош на благиот ветер ќе запловат со патниците, па тие му се радуваат на тоа; надојде ли силен ветер и брановите наснат ли кон нив од сите страни, а тие ќе се уплашат дека ќе настрадаат, искрено Му се молат на Аллах: „Ако нè спасиш од ова, сигурно ќе бидеме благодарни!“

**23.** А кога Тој ќе ги спаси, тие одеднаш без никаква основа прават неред на Земјата! О, луѓе, неправдата која ја правите за да уживате на овој свет само ви штети; потоа Нам ќе ни се вратите и Ние ќе ве известиме за тоа што го правевте!

**24.** Животот на овој свет е сличен на овоземското растение на кое Ние му спуштаме дожд од небото со кој тоа се измешува, со кое потоа се хранат луѓето и добитокот. И кога Земјата со своето руво ќе се украси и ќе се накити, и кога нејзините жители ќе помислат дека тие се господари на тоа, доаѓа заповедта Наша, ноќе или дење, и Ние тоа го покосуваме како претходно да не било ништо. Ете, така Ние детално им ги претставуваме доказите на народот кој сака да размисли.

**25.** Аллах повикува кон Куќата на спасот[144] и му укажува на Правиот пат на тој кому Тој сака.

**26.** Тие што прават добри дела ги чека убава награда, и повеќе од тоа! Нивните лица нема да ги покрие ни црнило ни понижување, тие жители на џенетот ќе бидат, во него вечно ќе престојуваат.

**27.** А тие што прават лоши дела ги чека сразмерна казна за тоа што го сториле; нив понижувањето ќе ги прекрива, никој од Аллах нема да ги заштити, лицата нивни ќе бидат мрачни, како на нив да се спуштиле делови од темна ноќ, жители на Огнот тие ќе бидат, и во него вечно ќе престојуваат!

**28.** А на Денот кога сите ќе ги собереме, ќе им кажеме на тие кои на Аллах здруженици Му припишуваа: „Застанете вие и божествата ваши!“, па ќе ги раздвоиме, а божествата нивни ќе речат: „Вие нас не нѐ обожувавте.

**29.** Аллах ни е доволен сведок и нам и вам, ние навистина не знаевме дека нѐ обожувавте.“

**30.** Тука секој ќе го дознае тоа што претходно го направил – ќе Му бидат вратени на Аллах, на својот вистински Господар, а нема да ги има тие што самите ги измислувале.

**31.** Запрашај: „Кој ве храни од небото и од земјата, чие дело се слухот и видот, кој го создава живото од неживото, а го претвора живото во неживо, и кој управува со сѐ?“ – „Аллах!“, ќе кажат тие, а ти кажи: „Па зошто тогаш не се плашите од Него?

**32.** Ете, тоа е Аллах, Господарот ваш вистински! Зарем по Вистината има нешто друго освен заблуда? Па тогаш каде се одметнувате?“

**33.** Така ќе се остварат зборовите на Господарот твој, дека

[144] Куќа на спасот (ар. Дарус селам) е едно од имињата на рајот.

нема да веруваат тие што живеат во грев.

**34.** Кажи: „Дали може кое било ваше божество да создава од ништо и повторно тоа да го направи?“ Кажи: „Аллах создава од ништо и повторно тоа ќе го направи! Па тогаш каде се одметнувате?“

**35.** Кажи: „Дали може кое било ваше божество да упати на Вистинскиот пат?“, и одговори: „Само Аллах упатува на Вистинскиот пат! Па дали тогаш е подостојно да се почитува Тој што на Вистинскиот пат упатува или тој што и самиот не е на Вистинскиот пат, освен ако некој друг на Вистинскиот пат не го упати? Што ви е, како расудувате?!“

**36.** Повеќето од нив ги следат само претпоставките; но претпоставките не ѝ се нималку од корист на Вистината; Аллах навистина добро го знае тоа што тие го прават.

**37.** Овој Куран не е измислен, од Аллах е! Ја потврдува вистинитоста на предходните објави и ги објаснува прописите, во него нема сомнеж, од Господарот на световите е!

**38.** А тие велат: „Тој го измислува!“ Кажи: „Па дајте и вие едно поглавје како што му е нему објавено, и кого сакате, од тие во кои покрај Аллах верувате, на помош повикајте, ако вистината ја зборувате.“

**39.** Тие негираат, пред темелно да дознаат што има во него, а сè уште не им дошло толкувањето негово; исто така негираа и тие пред нив, па погледни како завршија насилниците!

**40.** Има такви што веруваат во Него, а има и такви што не веруваат во Него. А Господарот твој, добро ги знае интригантите.

**41.** И ако тие те обвинуваат за лага, ти кажи: „Мене моите, а вам вашите дела; вие нема да одговарате за тоа што јас го правам, а јас нема да одговарам за тоа што вие го правите.“

**42.** Има такви што доаѓаат да те слушаат. А можеш ли да направиш глувите да те слушнат, кои ни памет немаат?

**43.** А има такви што те набљудуваат. А можеш ли да ги упатиш на Вистинскиот пат слепите, кои ни разум немаат?

**44.** Аллах навистина нема никаква неправда на луѓето да им стори, луѓето сами си ја прават.

**45.** А на Денот кога Тој ќе ги собере, ќе им се пристори како да престојувале само еден час

во денот, и едните ќе ги препознаат другите. Тие што негирале дека ќе застанат пред Аллах и што не оделе по Вистинскиот пат, ќе бидат изгубени!

**46.** Било да ти покажеме дел од тоа со што им се закануваме, било да ти ја земеме душата, Нам сѐ ќе ни се врати и тогаш Аллах ќе биде сведок за тоа што го правеле.

**47.** Секој народ имал Пратеник. И кога Пратеникот нивен ќе дојде меѓу нив, ним праведно ќе им биде пресудено, нема да им биде нанесено насилство.

**48.** Тие велат: „Кога веќе еднаш ќе биде таа закана, ако ја зборувате вистината?“

**49.** Кажи: „Јас не можам ни на самиот себеси некаква корист да си сторам, ниту од себеси некаква штета да тргнам; се случува така како што сака Аллах!“ Секој народ има крај, и кога крајот негов ќе дојде, ни за момент нема да може да го одложи ниту да го забрза.

**50.** Кажи: „Кажете ми: доколку казната Негова ве стигне ноќе или дење, зошто тогаш злосторниците ја избрзуваат?

**51.** Зарем тогаш кога ќе се случи ќе поверувате во неа? Дури тогаш, а порано сте ја забрзувале?“

**52.** Потоа ќе им се каже на тие што сториле неправда: „Искусете го вечното страдање; зарем се казнувате повеќе отколку што сте заслужиле?“

**53.** Тие те потпрашуваат: „Дали е вистина дека тоа ќе се случи?“ Кажи: „Да, се колнам во Господарот мој, навистина е вистина, и вие нема да можете да ја одминете!“

**54.** Кога неверникот би поседувал сѐ што постои на Земјата, сето тоа би го дал само за да се откупи. А кога тие ќе го доживеат страдањето, ќе ја сокријат тагата, и праведно ќе им биде пресудено, нема да им се стори неправда.

**55.** Аллахово е сѐ што е на небесата и на Земјата! Аллаховото ветување сигурно ќе се исполни, но повеќето од нив не знаат!

**56.** Тој, животот и смртта ги дава и Нему ќе Му се вратите.

**57.** О, луѓе, веќе ви стигна порака од Господарот ваш, и лек за вашите срца, и упатство и милост за верниците.

**58.** Кажи: „Па поради тоа нека им се радуваат на Аллаховата

благодат и милост, тоа е подобро од тоа што го натрупуваат.“

**59.** Кажи: „Кажете ми зошто некоја храна која Аллах ја дава, ја сметате за забранета, а друга за дозволена?“ Кажи: „Дали тоа Аллах ви го дозволил или изнесувате лаги за Аллах?“

**60.** И што мислат тие кои изнесуваат лаги за Аллах, што ќе биде на Судниот ден? Аллах навистина е неизмерно добар кон луѓето, но повеќето од нив не заблагодаруваат.

**61.** И што и да правиш, и што и да кажуваш од Куранот, и каква било работа да правите, Ние над вас ќе бдееме, сè додека со тоа се занимавате. На Господарот твој ништо не Му е скриено ни на Земјата ни на небото, ни колку една тронка, и не постои ништо, ни помало ни поголемо од тоа, а да не е во Книгата јасна.

**62.** Од ништо нека не се плашат и за ништо нека не тагуваат Аллаховите штитеници.

**63.** Тие кои ќе веруваат и кои ќе стравуваат од Аллах,

**64.** за нив се добрите вести и на овој и на оној свет – Аллаховите зборови никој не може да ги смени – тоа навистина ќе биде голем успех!

**65.** Нека не те растажува говорот нивни! Навистина, сета моќ Му припаѓа на Аллах; Тој сè слуша и сè знае.

**66.** Во Аллахова власт е сè што е на небесата и на Земјата. А тие кои, покрај Аллах, им се молат на божествата, ги следат само претпоставките и се возгордејуваат.

**67.** Тој ви ја даде ноќта за во неа починок да имате, а денот за да гледате. Тоа се докази за луѓето кои слушаат.

**68.** Тие велат: „Аллах си зел дете за Себе!“ – Возвишен и чист нека е Тој! Тој не е зависен од никого! Сè што е на небесата и на Земјата Негово е! Вие за тоа никаков доказ немате. Зошто за Аллах го зборувате тоа што не го знаете!

**69.** Кажи: „Тие што за Аллах изнесуваат лаги, нема да го постигнат тоа што го сакаат.“

**70.** Кратко ќе уживаат на овој свет, а потоа Нам ќе ни се вратат и Ние ќе им дадеме да претрпат неиздржливо страдање, затоа што не веруваа.

**71.** Кажи им ја веста за Нух! Кога тој му рече на народот свој: „О, народе мој, ако ви здосади моето престојување меѓу вас и

моето опоменување со Аллаховите докази, а јас постојано се потпирам на Аллах, тогаш заедно со божествата свои одлучете и одлуката ваша нека не биде нејасна, потоа тоа над мене извршете го и не го одложувајте!

**72.** А ако ги свртите главите, па јас од вас не барам никаква награда, мене Аллах ќе ме награди, и мене ми е наредено да бидам муслиман.“

**73.** Но, го нарекоа лажливец, па Ние во брод него и тие што беа со него ги спасивме и за намесници ги ставивме, а тие што доказите Наши не ги признаваа ги потопивме, па погледни како завршија тие кои на опомените не внимаваа!

**74.** Потоа Ние, по него, на нивните народи Пратеници им праќавме и тие јасни докази им носеа, но тие не сакаа да веруваат во тоа што претходно не го признаваа. Така Ние им ги запечативме срцата на тие кои ја преминуваат секоја граница во злото.

**75.** Потоа Ние, по нив, Муса и Харун им ги испративме со знаците Наши на фараонот и на главешините негови, но тие се возгордеаја, а тоа беше злосторнички народ:

**76.** кога од Нас Вистината им дојде, кажаа: „Ова е стварно вистинска магија!“

**77.** „Зарем за вистината која ви е дојдена велите дека е магија?“ – кажа Муса – „А мaѓепсниците никогаш нема да успеат!“

**78.** А тие рекоа: „Зарем дојде да нè одвратиш од тоа на што ги затекнавме предците наши, за на вас двајцата да ви припадне власта на Земјата? ние нема да ви веруваме на вас двајца!“

**79.** И фараонот рече: „Донесете ми ги сите вешти мaѓепсници!“

**80.** И кога мaѓепсниците дојдоа, Муса им рече: „Фрлете што имате да фрлите!“

**81.** И кога тие фрлија, Муса извика: „Тоа што го приредивте е магија! Аллах ќе ја уништи, затоа што Аллах не допушта делото на расипаните да успее!

**82.** Аллах со Своите зборови ќе ја утврди вистината, иако за тоа на неверниците ќе им биде криво!“

**83.** И никој не му поверува на Муса, освен малкумина од фараоновиот народ, од страв да не почнат да ги злоставуваат фараонот и главешините негови, а навистина фараонот беше насилник на Земјата и во злото секоја мерка ја преминуваше.

**84.** И Муса рече: „О, народе мој, ако верувате во Аллах, потпрете се на Него, ако сте муслимани!“

**85.** „На Аллах се потпираме!“ – рекоа тие. „Господару наш, немој да направиш ние да бидеме искушение за луѓето-насилници,

**86.** и спаси нè, со Својата милост, од народот кој не верува!

**87.** И Ние им објавивме на Муса и на братот негов: „На својот народ во Египет куќи изградете им и храмови направете ги и во нив молитвите извршувајте ги! А ти израдувај ги верниците!“

**88.** И Муса рече: „Господару наш! Ти им даде на фараонот и на главешините негови богатство за во раскош да живеат на овој свет, а тие, Господару мој, заведуваат од патот Твој! Господару наш, уништи го богатството нивно и запечати ги срцата нивни, па нека не веруваат сè додека не го доживеат неиздржливото страдање.“

**89.** „Услишана е молбата ваша!“ – рече Тој – „А вие двајца останете на Вистинскиот пат и никако немојте да ги следите незналците!“

**90.** И Ние ги пренесовме синовите Израилови преку море, а зад петици им беа фараонот и војниците негови, прогонувајќи ги од злобност и непријателство. А тој, кога почна да се дави, извика: „Јас верувам дека нема друг бог освен Тој во Кого веруваат синовите Израилови и јас се покорувам!“

**91.** Зарем сега, а претходно непослушен беше и раскол сееше?!

**92.** Денеска ќе го сочуваме само телото твое, за да биде поучен пример на тие по тебе, но мноштвото луѓе се рамнодушни кон Нашите поуки.

**93.** И Ние синовите Израилови во убав предел ги населивме и со вкусна храна ги снабдивме, и дури тогаш кога им дојде вистинското сознание, тие се подвоија во мислењата. А Господарот твој сигурно ќе им пресуди на Судниот ден за тоа за што се подвоија.

**94.** Ако се сомневаш во тоа што ти го објавуваме, запрашај ги тие што ја читаат Книгата што е пред тебе објавена. Тебе Вистината од Господарот твој ти доаѓа и никако немој да бидеш од тие што се сомневаат.

**95.** И немој никако да бидеш од тие што Аллаховите докази не ги признаваат, за да не бидеш изгубен.

**96.** А тие на кои ќе им се оствари Зборот од Господарот твој, навистина нема да веруваат,

**97.** дури и да им дојдат сите докази, сè додека не доживеат неиздржливо страдање.

**98.** Зашто немаше ниту еден град кој поверува и на кој верувањето негово му користеше, освен на народот Јунусов, на кој кога поверува, срамното страдање од животот на овој свет им го отстранивме и уште некое време да уживаат им дадовме?

**99.** Господарот твој да сака, на Земјата сите би биле верници. Па зошто тогаш ти да ги тераш луѓето да бидат верници?

**100.** Ниту еден човек не е верник без Аллаховата волја; а Тој ги казнува тие што не сакаат да размислат.

**101.** Кажи: „Набљудувај го тоа што е на небесата и на Земјата!" А од никаква корист нема да им бидат доказите и опомените на народот што не сака да верува.

**102.** Зарем тие чекаат да ги снајде нешто слично на тоа што ги снашло тие кои пред нив биле и исчезнале? Кажи: „Па чекајте, и јас со вас ќе чекам!"

**103.** Потоа ги спасувавме Пратениците Наши и тие што веруваа. Ете, Нашата должност е така да ги спасиме верниците.

**104.** Кажи: „О, луѓе, ако вие се сомневате во исправноста на мојата вера, па јас нема да ги обожувам тие кои вие, покрај Аллах, ги обожувате, туку ќе Го обожувам Аллах, Кој ќе ви ги земе душите! Мене ми е наредено да бидам верник,

**105.** и: „Предај ѝ се на вистинската вера искрено, и никако немој да им бидеш поклоник на киповите,

**106.** и, покрај Аллах, не моли му се на тој што не може ни да ти користи ни да ти наштети, зашто кога би го направил тоа, навистина би бил неверник!"

**107.** Ако Аллах ти даде некаква неволја, никој освен Него не може да ти ја отстрани, а ако ти посака добро, па никој не може да ја спречи Неговата благодат; Тој со неа наградува кого сака од робовите Свои. Тој простува и Милостив е."

**108.** Кажи: „О, луѓе, Вистината ви доаѓа од Господарот ваш, и тој што се упатил на Вистинскиот пат, за свое добро се упатил, а тој што тргнал на погрешниот пат, на своја штета тргнал, а јас не сум овластен над вас."

**109.** Ти следи го тоа што ти се објавува и биди трпелив додека Аллах не пресуди, Тој е најдобриот судија!

## 11. Поглавје

# Худ

*Худ*

Мека – 123 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф–лам–ра. Ова е Книга чии стихови се усовршени, а потоа разјаснети, од Мудриот и Сезнајниот,

**2.** само Аллах да Го обожувате, – јас сум ви од Него (пратен) за да опоменувам и радосни вести да ви кажувам –

**3.** од Господарот свој прошка да барате и да се покаете, а Тој ќе ви даде до смртниот час убаво да проживееете и на секој крепосен заслужена награда ќе му даде. А ако грбот го свртите, па јас навистина се плашам за вас од страдањето на Големиот ден.

**4.** На Аллах ќе Му се вратите, а Тој може сè!

**5.** Ете, тие своите гради ги вртат, со желба од Него да се скријат. А и кога во рувото свое се замотуваат, Тој го знае тоа што го кријат и тоа што го покажуваат! Тој навистина ги знае мислите сечии.

**6.** На Земјата нема ниту едно живо суштество, а Аллах да не го храни. Тој знае каде кое ќе живее

и каде погребано ќе биде. Сето тоа го има во јасната Книга.

**7.** Тој во шест временски периоди небесата и Земјата ги создаде, а Неговиот престол беше над водата, за да ве искуша кој од вас подобро ќе постапи. Ако ти кажеш: „По смртта навистина ќе бидете оживеани.“, неверниците сигурно ќе кажат: „Ова не е ништо друго, освен очигледна измама!“

**8.** Ако ние казната до одреден рок им ја одложиме, тие сигурно ќе кажат: „Зошто ја задржува?“ А оној ден кога ќе им дојде, нема да биде од нив отстранета и од сите страни ќе бидат опкружени со тоа што го исмејуваа.

**9.** Ако на човекот Нашата милост му ја пружиме, а потоа му ја ускратиме, тој паѓа во очај и станува неблагодарник.

**10.** А ако го опсипеме со благодати по неволјата која го снашла, тој сигурно ќе рече: „Неволјите ме напуштија!“ Тој е навистина самобендисан и горделив.

**11.** А само трпеливите и тие што прават добри дела, ги чека прошка и награда голема.

**12.** Ти немој ништо да пропуштиш од тоа што ти се објавува, што ги мачи градите твои, за тие да не кажат: „Зошто не му е испратено некакво богатство, или зошто со него не дошол мелек?“ Твое е да опоменуваш, а за сѐ, само Аллах се грижи.

**13.** Зарем тие да велат: „Тој го измислува!“? Кажи: „Па направете вие десет, слични на Куранот, измислени поглавја, и кого сакате од тие во кои покрај Аллах верувате, на помош викнете, ако е вистина тоа што го тврдите!“

**14.** А ако не ви се одѕвијат, тогаш знајте дека тој се објавува само со Аллахово знаење и дека нема друг бог освен Него, па дали сте муслимани?!

**15.** На тие што го сакаат животот на овој свет и убавините негови, Ние ќе им ги дадеме плодовите на нивниот труд и на него нема ништо да им се ускрати.

**16.** Нив на оној свет само оган ќе ги гори; таму нема да имаат никаква награда за тоа што на Земјата го правеле и залудно ќе им биде сѐ што направиле.

**17.** Зарем тој што го сака само овој свет е како тој на кого му е јасно кој е Господарот негов, на што се надоврзува и Куранот како сведок Негов, и уште пред него Книгата Мусаова, упатство и милост. Тоа се тие кои веруваат во неа. А тие групации кои го негираат, Огнот престојувалиште ќе им биде. Затоа, ти никако

немој да се сомневаш во него, Тој е стварно вистина од Господарот твој, но мноштвото луѓе не сакаат да веруваат.

**18.** Има ли понеправеден од тој што за Аллах измислува лаги? Тие пред Господарот твој ќе бидат донесени, а сведоците ќе речат: „Овие измислувале лаги за Господарот свој!“ Аллаховото проклетство нека ги стигне злосторниците,

**19.** кои од Аллаховиот пат одвраќаат и за погрешен го прикажуваат; тие ни во оној свет не веруваат.

**20.** Тие на Земјата не можат на Аллах да Му избегаат, ниту пак освенАллах, друг заштитник да имаат. На нив страдањето ќе им биде повеќекратно, затоа што не сакаа ни да чујат ни што било да видат,

**21.** тие сами себеси се упропастија, а нема да ги има ниту тие кои ги измислуваа,

**22.** тие на оној свет сосема ќе бидат изгубени.

**23.** Тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават, и кои на Господарот свој ќе Му бидат верни, ќе бидат жители на Џенетот и во него вечно ќе останат.

**24.** Ова се два вида како слепи и глуви и како тој што гледа и слуша. А можат ли да се споредат? Па зошто не размислите?

**25.** И Нух го испративме на народот негов: „Јас сум тука, за отворено да ве опоменувам“ – им говореше тој –

**26.** „да не обожувате никој друг освен Аллах; јас навистина се плашам за вас од страдањето на Неподносливиот ден.“

**27.** Главешините на народот негов, тие што не веруваа, рекоа: „Како што гледаме, ти си човек како и ние, а гледаме дека без никакво размислување те следат само тие кои се никој и ништо меѓу нас; и не гледаме дека вие сте подобри од нас, дури и мислиме дека сте лажливци.“

**28.** „О, народе мој,“ – им велеше – „да видиме! Ако мене ми е јасно кој е Господарот мој и ако Тој од Себе ми дал веровесништво, а вие сте слепи за тоа, зарем да ве тераме против волјата ваша да признаете?

**29.** О, народе мој! За ова јас од вас не барам богатство, Аллах мене ќе ме награди. И јас нема да ги избркам верниците, тие пред Господарот нивен ќе излезат; но јас гледам дека сте вие народ кој не знае.

**30.** О, народе мој! Кој би ме одбранил од Аллах кога јас би

ги избркал? Зошто не се вразумите?

**31.** Јас не ви велам: „Јас ги имам Аллаховите ризници.“ – ниту: „Мене ми е познато невидливото.“ – ниту велам: „Јас сум мелек“, а не говорам ни за тие кои вашите очи со презир ги гледаат: Аллах никакво добро нема да им даде – а Аллах добро знае што е во душите нивни – бидејќи тогаш би бил неправедник.“

**32.** „О, Нух,“ – рекоа тие – „ти со нас се расправаше и претера во расправањето. Па нека се оствари тоа со што ни се закануваш, ако вистината ја кажуваш!“

**33.** „Тоа ќе ви го стори Аллах, ако Тој сака,“ – рече тој – „и нема да можете да избегате.

**34.** Ако Аллах сака да ве остави во заблуда, мојот совет нема да ви користи, па колку и да сакам јас да ве советувам. Тој е Господарот ваш и Нему ќе Му се вратите.“

**35.** Зарем тие да зборуваат: „Тој го измислува!“ Кажи: „Ако го измислувам, гревот на мене ќе падне, а јас немам ништо со тоа што вие ме клеветите.“

**36.** И на Нух му беше објавено: „Освен тие што се веќе верници, никој повеќе од народот твој нема да стане верник, затоа немој да тагуваш поради тоа што тие постојано го прават,

**37.** и гради го бродот пред Нас и по Наше вдахновение, и не Ми се обраќај повеќе за неправедните – тие сигурно ќе бидат потопени!“

**38.** И тој го градеше бродот. И кога и да поминуваа главешините на народот негов, му се потсмеваа: „Ако се потсмевате вие со нас,“ – им велеше тој – „ќе ве исмејуваме и ние вас, така како што вие нас нѐ исмејувате,

**39.** и ќе дознаете, навистина, кого ќе го снајде срамна казна и кој ќе биде во вечна мака.“

**40.** И кога Нашата заповед падна и вода од површината на Земјата изби, Ние рековме: „Натовари на бродот од секој животински вид по еден пар, и чедата свои – освен тие за кои претходеше Зборот на одредението – и верниците!“ А малкумина беа тие што со него веруваа.

**41.** И тој рече: „Влезете си во него, во името на Аллах, нека плови и нека се закотви! Господарот мој навистина простува и Милостив е.“

**42.** И таа ги однесе на бранови големи како ридови и Нух го по-

вика својот син, кој беше издвоен: „О, синко мој, влези кај нас, немој да бидеш со неверниците!“

**43.** А тој рече: „Ке се скријам на некоја планина, која од водата ќе ме заштити.“ „Денеска никој од Аллаховата казна нема да биде поштеден, освен оној кому Тој му се смилувал!“ – рече Нух, и бранот ги раздвои и тој се потопи.

**44.** И беше кажано: „О, земјо, голтај ја водата твоја, а ти, о, небо, престани!“ И водата се повлече и се исполни одредбата, а бродот се закотви на планината Ел Џуди, и беше кажано: „Нека е далеку народот кој прави неправда!“

**45.** А Нух го замоли Господарот свој, велејќи: „Господару мој, синот мој е чедо мое, а ветувањето Твое е стварно вистинито и Ти си од мудрите Најмудриот!“

**46.** „О, Нух, тој не е твое чедо,“ – рече Тој – „затоа што го прави тоа што не чини, затоа не моли Ме за тоа што не го знаеш! Те советувам да не бидеш незналец.“

**47.** „Господару мој,“ – рече – „кај Тебе јас барам засолниште да не Те молам повеќе за тоа што не го знам! Ако не ми простиш и не ми се смилуваш, јас ќе бидам изгубен.“

**48.** „О, Нух,“ – му беше речено – „закотви се, со Наш поздрав и благослови за тебе и за народите кои ќе се изродат од овие кои се со тебе! Ќе има народи на кои ќе им даваме да уживаат, а кои потоа ќе ги снајде Нашата неподнослива казна!“

**49.** Тоа се непознати вести кои Ние ти ги објавуваме; ниту ти ниту народот твој пред ова ништо не знаевте за тоа. Затоа биди трпелив, исходот навистина ќе биде во корист на богобојазливите.

**50.** „И на Ад им го испративме братот нивен Худ. „О, народе мој,“ – говореше тој – „обожувајте Го Аллах, вие друг бог освен Него немате, вие само невистини изнесувате.

**51.** О, народе мој, јас не барам награда од вас за ова; мене ќе ме награди Тој што ме создаде! Зошто не се опаметите?

**52.** О, народе мој, молете Го Господарот свој да ви прости и покајте Му се, а Тој ќе ви праќа обилен дожд и ќе ви даде уште поголема сила од таа што ја имате, и не заминувајте како злосторници!“

**53.** „О, Худ,“ – говореа тие – „не ни донесе никаков доказ, и ние само врз основа на твоите зборови нема да ги напуштиме божествата наши, ние не ти веруваме тебе.

**54.** Ние велиме само дека некое наше божество со зло те погодило.“ „Јас го повикувам Аллах за сведок,“ – рече тој – „а вие посведочете дека јас немам ништо со тоа што вие Му припишувате здруженици;

**55.** и против мене интриги смислете и ни малку време не ми давајте.

**56.** Јас се потпирам на Аллах, мојот и вашиот Господар! Нема ниту едно живо суштество, а да не е во Негова власт; Господарот мој навистина е на Правиот пат.

**57.** Па ако свртите грб – а јас ви го соопштив тоа што ви е по мене испратено – Господарот мој наместо вас друг народ ќе донесе, и вие со ништо нема да Му наштетите; Господарот мој навистина бдее над сè.“

**58.** И кога дојде казната Наша, Ние со милоста Наша, Худ и верниците со него ги спасивме и од суровото страдање ги поштедивме.

**59.** Ете, тоа беше (народот) Ад, тој доказите на Господарот свој ги негираше и им беше непокорен на Пратениците свои, и застануваше зад секој инаетлив силник.

**60.** И проклетството на овој свет постојано беше со него, а ќе биде и на Судниот ден. Ад, навистина не веруваше во Господарот свој; далеку нека е Ад, народот на Худ!

**61.** И на Семуд – братот нивен Салих. „О, народе мој,“ – говореше тој – „обожувајте Го само Аллах, вие друг бог освен Него немате! Тој од земјата ве создава и ви дава да живеете на неа! Затоа молете Го да ви прости и покајте Му се, затоа што Господарот мој, навистина е близу и се одѕива.“

**62.** „О, Салих,“ – говореа тие – „ти пред ова кај нас беше ценет. Зошто ни забрануваш да го обожуваме тоа што предците наши го обожувале? Ние сериозно се сомневаме во тоа во што нè повикуваш.“

**63.** „О, народе мој,“ – говореше тој – „да видиме: ако мене ми е јасно кој е Господарот мој и ако Тој самиот ми дал веровесништво, па кој ќе ме одбрани од Аллах ако не Го слушам, па вие само би ја зголемиле пропаста моја.“

**64.** „О, народе мој, еве оваа Аллахова камила е знак за вас, па пуштете ја нека пасе по Аллаховата земја и не нанесувајте ѝ никакво зло, за да не ве стигне казна блиска.“

**65.** Но, тие ја заклаа, па тој рече: „Ќе живеете во земјата своја само уште три дена, тоа е вистинита закана."

**66.** И кога дојде казната Наша, Ние со милоста Наша, Салих и верниците со него ги спасивме од срамот на тој ден; Господарот твој е навистина Моќен и Силен;

**67.** а тие што правеа неправда, ги погоди страшен глас и тие во својата земја осамнаа мртви, неподвижни,

**68.** како да на неа никогаш не ни постоеја. Семуд, навистина, во Господарот свој не веруваше; далеку нека е Семуд!

**69.** И на Ибрахим, мелеците Наши му дојдоа за да му донесат радосна вест. „Мир!" – рекоа. „Мир!" – одговори тој, и набрзо им донесе печено теле.

**70.** „И кога виде дека нивните раце не го допираат (телето), тој почувствува дека не се гости и го фати некаков страв од нив. „Не плаши се!" рекоа тие, „Ние сме му пратени на Лутовиот народ."

**71.** А сопругата негова, стоеше тука, и Ние ја израдувавме со Исхак, па по Исхак со Јакуб, и таа се насмевна.

**72.** „Кутрата јас!" – рече – „Зарем да родам вака стара, и овој мој сопруг е стар. Ова навистина е нешто необично!"

**73.** „Зарем ѝ се чудиш на Аллаховата моќ?" – рекоа тие – „Аллаховата милост и благословот Негов се за вас, веровесничко семејство. Тој е за благодарност Достојниот и Величествениот!"

**74.** И бидејќи му помина стравот на Ибрахим и му дојде радосна вест, тој почна да се расправа со Нашите мелеци за народот на Лут.

**75.** Ибрахим навистина беше внимателен, многу Го молеше Аллах и Нему Му се обраќаше.

**76.** „О, Ибрахиме, остави го тоа, наредбата од Господарот твој стигна; нив ќе ги стигне неизбежното страдање!"

**77.** И кога мелеците Наши дојдоа кај Лут, тој поради нив се најде во небрано и му падна тешко на душата, па рече: „Ова е мачен ден!"

**78.** И народот негов поита кон него, а пред тоа правеа срамни дела. „О, народе мој!" – кажа тој – „Ете ви ги моите ќерки[145], тие ви се почисти! Плашете се од Аллах и пред гостите

---

[145] Т.е. девојките од мојот народ, со нив женете се.

мои не срамете ме! Зарем меѓу вас нема разумен човек?“

**79.** „Ти знаеш дека на нас не ни се потребни твоите ќерки,“ – рекоа тие – „ти добро знаеш што сакаме ние.“

**80.** „Ах, само кога би имал моќ,“ – рече тој – „или да можам да се потпрам на некој силен!“

**81.** А мелеците рекоа: „О, Лут, ние сме гласници од Господарот твој. Тие тебе не можат да ти наштетат. Тргни ти со семејството свое доцна во ноќта, но без жената твоја, неа ќе ја снајде исто што и нив, и нека никој од вас не се врти назад! Рокот им се мугрите, а зарем мугрите не се блиску?“

**82.** И кога падна наредбата Наша, Ние сè превртевме, тоа што беше горе – бидна долу, и на нив како дожд грутки од печена кал спуштивме, кои непрекидно сипеа,

**83.** обележено од Господарот твој, а тоа не е далеку од насилниците.“

**84.** И на Медјен – братот нивен Шуајб. „О, народе мој,“ – говореше тој – „обожувајте Го само Аллах, вие друг бог освен Него немате, и погрешно ни на литар ни на кантар не мерете! Гледам дека во раскош живеете и се плашам еден ден казна да не ве снајде, па да настрадате.[146]

**85.** О, народе мој! Исправно мерете, и на литар и на кантар, и не им ги ускратувајте на луѓето нивните работи, и не правете зло по земјата ширејќи неред!

**86.** Подобро ви е тоа кое Аллах го оставил како дозволено, ако сакате да бидете верници; а јас не сум ваш чувар.“

**87.** „О, Шуајб,“ – говореа тие – „дали молитвата твоја бара од тебе да го напуштиме тоа кое предците наши го обожуваа или да не постапуваме со имотите наши така како ни е волја? Е баш си паметен и разумен!“

**88.** „О, народе мој,“ – говореше тој – „сфатете дека мене ми е јасно кој е Господарот мој и дека Тој ми дал сè во изобилство. Јас не сакам да го правам тоа што вам ви го забранувам; единствено сакам да правам добро колку што можам, а успехот мој зависи само од Аллах; на Него се потпирам и Нему Му се обраќам.

**89.** О, народе мој! Нека несогласувањето со мене никако не

---

[146] Покраината Медјен се простира помеѓу јужниот дел на Сирија и северниот дел на Хиџаз.

ве доведе до тоа да ве снајде тоа што го снајде Нуховиот народ, или Худовиот народ, или Салиховиот народ. А и Лутовиот народ не живееше многу пред вас.

**90.** И барајте прошка од Господарот свој, и потоа покајте Му се! Господарот мој, навистина е Милостив и полн со љубов."

**91.** „О, Шуајбе," – рекоа тие – „ние не разбираме многу од тоа што ти ни го зборуваш, а гледаме дека ти меѓу нас си немоќен; да не е семејството твое, ние би те каменувале, ти не си ни мил."

**92.** „О, народе мој," – рече тој – „зарем семејството мое ви е подраго од Аллах, Кого сосема Го отфрлате? Господарот мој добро го знае тоа што вие го правите.

**93.** О, народе мој, правете сè што можете, а ќе правам и јас. Вие сигурно ќе дознаете кого ќе го стигне казната којашто ќе го осрамоти и кој е лажливец. Па чекајте, и јас ќе чекам со вас!"

**94.** И кога падна наредбата Наша, Ние од милоста Наша, Шуајб и верниците со него ги спасивме, а тие кои правеа неправда, ги погоди ужасен глас и тие во својата земја мртви и неподвижни осамнаа,

**95.** како никогаш да не ни постоеле на неа. Далеку нека е Медјен, како и Семуд!

**96.** И Муса му го испративме со знаците Наши и со доказот јасен,

**97.** на фараонот и на главешините негови, но тие се поведоа по наредбите на фараонот, а неговата наредба не беше разумна.

**98.** На Судниот ден тој својот народ ќе го предводи и во оган ќе го внесе, а ужасно е местото во кое ќе биде донесен!

**99.** На овој свет ги следеше проклетството, а ќе ги прати и на оној; страшен ќе биде подарокот со кој ќе бидат дарувани.

**100.** Ова се некои вести за градовите кои Ние ти ги кажуваме; некои од нив сè уште постојат, а некои се срамнети со земјата.

**101.** Ние не бевме неправедни кон нив, туку тие сами кон себе. И кога ќе паднеше наредбата од Господарот твој, воопшто не им помагаа божествата нивни на кои им се молеа покрај Аллах, туку само пропаста им ја зголемуваа.

**102.** Ете така Господарот твој казнува кога казнува села и градови кои правеле насилства. Тој ги казнува, навистина, болно и страшно.

**103.** Тоа е поука за тие што се плашат од страдањето на оној свет, а тоа е Денот кога сите луѓе ќе бидат собрани и тоа е Денот кога сите ќе бидат присутни,

**104.** а ние го одложуваме само за некое време.

**105.** Тој ден кога ќе дојде, без Негово одобрение никој нема ни збор да изговори, а меѓу нив ќе има несреќни и среќни.

**106.** И несреќните ќе бидат во Џехенемот, во него тешко ќе вдишуваат и ќе издишуваат,

**107.** во него ќе останат сè додека постојат небесата и Земјата, освен ако Господарот твој не одреди поинаку. Господарот твој, навистина, прави што сака.

**108.** А среќните ќе бидат во Џенет сè додека постојат небесата и Земјата, во него ќе престојуваат, освен ако Господарот твој не одреди поинаку; тоа ќе биде дар кој непрекидно ќе трае.

**109.** Затоа не сомневај се во невистинитоста на тие кои овие ги обожуваат; тие ги обожуваат оние на кои предците нивни им се молеле. Ние навистина ќе им го дадеме тоа што го заслужиле, без намалување.

**110.** И на Муса му дадовме Книга, па за неа се подвоија во мислењата. И да не е Зборот на Господарот твој порано изречен, со нив ќе беше завршено затоа што тие многу се сомневаат во неа.

**111.** И на сите нив Господарот твој според делата нивни ќе им плати, затоа што Тој добро го знае тоа што го правеа.

112. Ти оди по Вистинскиот пат, како што ти е наредено, и така нека постапат и верниците кои се со тебе, и немојте да бидете престапници, затоа што Тој добро гледа тоа што го правите.

**113.** И не стремете се кон тие кои постапуваат неправедно, па огнот да ве пече; вие немате други заштитници освен Аллах, инаку – ви нема помош!

**114.** И извршувај го намазот (молитвата) на почетокот и на крајот на денот, и во првите часови на ноќта! Добрите дела навистина ги поништуваат лошите. Тоа е поука за тие што сакаат поука.

**115.** И биди трпелив! Аллах навистина нема да ја ускрати наградата на тие кои прават добри дела.

**116.** А зошто во народите пред вас имаше само малку честити, кои забрануваа да се прави неред на Земјата, кои Ние ги спасивме?! А тие што правеа неправда

му се препуштаа на тоа во коешто уживаа, и станаа грешници.

**117.** Господарот твој никогаш не ги уништуваше неправедно селата и градовите ако жителите нивни беа добри.

**118.** А Господарот твој да сакаше, сите луѓе следбеници на една вера ќе ги направеше. Меѓутоа, тие секогаш во верувањата ќе се разединуваат,

**119.** освен тие на кои Господарот твој ќе им се смилува. А затоа и ги создаде. И ќе се остварат зборовите на Господарот твој: Навистина ќе го наполнам Џехенемот со џини и со луѓе – заедно!

**120.** А сите овие вести кои за поединечните случувања на Пратениците ти ги кажуваме, сè за да ти го зацврстиме срцето. И во нив ти дојде чистата вистина, и поука, и за верниците опомена.

**121.** И кажи им на тие што не сакаат да веруваат: „Правете сè што можете, и ние ќе правиме;

**122.** и чекајте, и ние ќе чекаме!“

**123.** Аллах ги знае тајните на небесата и на Земјата и Нему сè Му се враќа, затоа само Него обожувај Го и само на Него потпирај се! А Господарот твој не го занемарува тоа што го правите.

## 12. Поглавје
# Јусуф
*Јусуф*
Мека – 111 ајет

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-ра. Ова се ајети од Книгата јасна!

**2.** Ја објавуваме како Куран на арапски јазик, за да разберете.

**3.** Објавувајќи ти го овој Куран, Ние тебе ти кажуваме за најубавите случувања, иако пред него навистина не си знаел ништо.

**4.** Кога Јусуф му рече на својот татко: „О, татко мој, сонував единаесет ѕвезди, и Сонцето и Месечината, и во сонот ги видов како ми се поклонија.“

**5.** Тој рече: „О, синко мој, не им го кажувај својот сон на браќата, за да не ти напакостат, шејтанот му е навистина отворен непријател на човекот.“

**6.** И, ете така, Господарот твој тебе ќе те одбере, и за толкување на соништата ќе те научи, и благодатта Своја кон тебе и Јакубовото семејство ќе ја надополни, како што претходно ја надополни на предците твои, на Ибрахим и на Исхак. Господарот твој, навистина, е Мудар.

**7.** Кај Јусуф и кај браќата негови се наоѓаат поуки за сите што се распрашуваат.

**8.** Кога тие рекоа: „Јусуф и братот негов му се помили на нашиот татко од нас, а ние сме цела група. Нашиот татко очигледно греши.“

**9.** Убијте го Јусуф или оставете го во некој предел, татко ви потоа вам ќе ви се посвети, и потоа добри луѓе ќе бидете.

**10.** Еден од нив рече: „Ако навистина сакате нешто да сторите, тогаш не го убивајте Јусуф, туку фрлете го на дното на некој бунар, ќе го земе некој караван.“

**11.** „О, татко наш,“ – рекоа тие – „зошто не ни го довериш Јусуф? Ние навистина му посакуваме добро.“

**12.** „Испрати го утре со нас да се забавува и да се разоноди, ние сигурно ќе го чуваме.“

**13.** „Навистина ќе ми биде жал ако го однесете, а се плашам да не го изеде волк кога вие нема да внимавате на него.“ – рече Јакуб.

**14.** „Како ќе го изеде волк, а ние сме група?“ – рекоа тие – „Ние тогаш навистина би биле изгубени.“

**15.** И кога го однесоа и одлучија да го фрлат на дното на бунарот, Ние му објавивме: „Ти за оваа постапка нивна ќе ги известиш, а тие нема да те препознаат.“

**16.** И навечер плачејќи му дојдоа на својот татко.

**17.** „О, татко наш,“ – рекоа – „заминавме да се натпреваруваме, а Јусуф го оставивме кај нашите работи, па го изеде волк. А ти нема да ни веруваш, иако вистината ти ја говориме.“

**18.** И ја донесоа кошулата негова, со лажна крв натопена. „Во вашите души изникна злобна мисла,“ – рече тој – „и јас нема да се жалам, барам помош од Аллах против ова што вие го изнесувате.“

**19.** И дојде еден караван, па го испратија водоносецот свој и тој ја спушти кофата своја. „Види среќа!“ – викна тој – „еве едно момче!“ И тие како трговска стока го скрија, а Аллах добро го знаеше тоа што го направија.

**20.** И го продадоа за евтина цена, за неколку гроша; едвај чекаа да се ослободат од него.

**21.** И потоа тој од Египет, што го купи, ѝ кажа на жената своја: „Направи му го престојот пријатен! Може корисен да ни биде, а можеме и да го посиниме!“ И ете така Ние на Јусуф му дадовме убаво место на Земјата и

го научивме да толкува соништа, а Аллах прави што сака, но повеќето луѓе не знаат.

**22.** И кога тој порасна, Ние со мудрост и со знаење го обдаривме; така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела.

**23.** И почна да го наведува на грев таа во чија куќа беше тој, па ги заклучи сите врати и рече: „Пријди!“ „Аллах да ме сочува!“ – извика тој – „Стопанот мој убаво се грижи за мене; а тие кои доброто ќе го возвратат со зло никогаш нема да успеат.“

**24.** И таа го посакуваше него, а и тој ќе ја посакаше неа доколку од Господарот свој јасен знак не виде – така беше, за да ги одвратиме од него злото и блудот, бидејќи тој навистина беше Наш искрен роб.

**25.** И двајцата потрчаа кон вратата, а таа ја искина кошулата негова одназад, и мажот нејзин кај вратата го затекнаа. „Каква казна заслужува тој што сакаше на твојата жена зло да ѝ направи,“ – рече таа – „или зандана или болна казна?“

**26.** „Таа се обиде мене да ме наведе на грев.“ – рече Јусуф. „Ако кошулата негова е искината од предната страна, тогаш таа ја говори вистината, а тој невистината,“ – посведочи еден човек од нејзиното семејство –

**27.** „а ако кошулата негова е искината од задната страна, тогаш таа лаже, а тој ја говори вистината.“

**28.** И кога тој виде дека кошулата негова е искината од задната страна, рече: „Тоа е една од вашите интриги; вашите интриги се навистина големи!“

**29.** „Ти, Јусуф, остави го ова, а ти барај прошка за својот грев, затоа што навистина беше грешничка!“

**30.** И жените во градот почнаа да зборуваат: „Жената на управникот го навела момчето на грев, во него лудо се заљубила! Ние мислиме дека навистина греши.“

**31.** И кога таа слушна за нивното озборување, ги повика, па им подготви гозба, на секоја од нив ѝ даде нож и рече: „Излези пред нив!“ А кога тие го погледаа, се восхитија на неговата убавина и по рацете свои се исекоа: „Боже, Боже!“ – извикнаа – „Ова не е човек, ова е благороден мелек.“

**32.** „Е ова ви е тој поради кого ме прекорувавте.“ – рече таа – „Вистина е дека сакав да го наведам на грев, но тој ме одби. Ако не го направи тоа што го

барам од него, сигурно ќе биде фрлен во зандана и понижен.“

**33.** „Господару мој,“ – изговори тој – „помил ми е затворот од тоа кон што тие ме наведуваат! И ако Ти не ги одвратиш од мене интригите нивни, јас можам кон нив наклоност да почувствувам и незналец да станам.“

**34.** И Господарот негов ја исполни молбата негова и го спаси од интригите нивни. Тој, навистина, сѐ слуша и сѐ знае.

**35.** Потоа им падна напамет, иако беа уверени дека е невин, за некое време да го фрлат во зандана.

**36.** Со него во зандана влегоа уште две момчиња. „Јас сонував дека цедам грозје.“ – рече еден од нив. „А јас, пак,“ – кажа другиот – „дека на главата носам леб кој птиците го колваат. Протолкувај ни го тоа, бидејќи гледаме дека си навистина добар човек.“

**37.** „Ниту еден оброк со храна нема да ви биде донесен, а јас претходно да не ви кажам што ќе добиете.“ – рече Јусуф. „Тоа е само дел од тоа што ме научи Господарот мој, јас се чувам од верата на народот кој не верува во Аллах и кој не го признава оној свет;

**38.** и ја исповедам верата на предците свои, Ибрахим, Исхак и Јакуб; на нас не ни доликува на Аллах да Му припишуваме здруженик. Тоа е милоста на Аллах кон нас и кон останатите луѓе, но повеќето луѓе не се благодарни.

**39.** О, пријатели мои од занданава, дали се подобри разноразните богови или Аллах, Единиот и Семоќниот?

**40.** Тие кои наместо Него ги обожувате се само имиња кои сте им ги дале вие и предците ваши, Аллах за нив никаков доказ не објавил. Судот Му припаѓа само на Аллах, а Тој наредил само Него да Го обожувате. Тоа е единствената исправна вера, но повеќето луѓе не знаат.

**41.** О, другари мои од занданава, едниот од вас господарот свој со вино ќе го пои, а другиот ќе биде распнат, па птиците главата ќе му ја колваат. Тоа за што прашавте е веќе одредено.“

**42.** А на тој, од тие двајцата, за кого знаеше дека ќе биде спасен, му рече: „Спомни ме кај господарот твој!“ – но шејтанот направи тој да заборави да го спомне кај господарот свој, и Јусуф остана во занданите неколку години.

**43.** И владетелот рече: „Сонував како седум слаби крави изедоа седум дебели, и сонував седум класја зелени и седум други, исушени. О, великани, протолкувајте ми го сонот мој, ако знаете да толкувате соништа!“

**44.** „Измешани соништа!“ – рекоа тие – „Ние не знаеме да толкуваме соништа.“

**45.** И тогаш, по толку време, се сети еден од тие двајца, тој што беше спасен, и рече: „Јас ќе ви го протолкувам сонот, само испратете ме!

**46.** Јусуфе, о, искрен, протолкувај ни што значи: седум слаби крави изедоа седум дебели, и седум класја зелени и седум други, исушени, – па да се вратам кај луѓето за да дознаат.“

**47.** „Седум години постојано ќе сеете,“ – рече, „па тоа што ќе го пожнеете во амбари оставете го, освен малку од тоа, што ќе го јадете,

**48.** затоа што потоа ќе дојдат седум тешки (години) кои ќе го изедат тоа што за нив сте го подготвиле, ќе остане само малку од тоа што за сеење ќе го сочувате.

**49.** После тоа, ќе дојде година во која на луѓето во изобилство ќе им врнат дождови и во која ќе цедат.“

**50.** И владетелот рече: „Донесете ми го!“ И кога на Јусуф му дојде гласникот, тој рече: „Врати се кај владетелот твој и запрашај го: Што е со жените кои си ги исекоа рацете? Сопственикот мој добро ги знае интригите нивни!“[147]

**51.** „Што точно се случило кога Јусуф сте го навеле на грев?“ – запраша владетелот. „Бог да чува!“ – рекоа тие – „Ние за него ништо лошо не знаеме!“ „Сега вистината ќе излезе на виделина,“ – рече жената на управителот – „јас го наведував на грев, а тој вистината ја говореше.

**52.** Исто така, тој (мојот сопруг) нека знае дека не сум го изневерила тајно, затоа што Аллах не дозволува да се остварат интригите на подмолните.

**53.** Јас не се правдам себеси, та душата е склона кон злото, освен таа на која Господарот мој ќе ѝ се смилува. Господарот

---

[147] Од претходните два ајета се гледа дека Јусуф не сакал да излезе од затворот сѐ додека жените не дадат изјава. Дури кога тие биле сослушани и кога жената на неговиот сопственик признала дека таа него го нападнала, тој излегол од затворот и ги кажал зборовите наведени во овој ајет.

мој навистина простува и Семилосен е.“

**54.** И владетелот рече: „Донесете ми го, ќе го земам во мојата свита“, и откако поразговара со него, му рече: „Ти од денес кај нас влијателен и доверлив ќе бидеш.“

**55.** „Постави ме“ – рече – „да водам грижа за стовариштата во земјата, јас навистина ќе ги чувам со знаење.

**56.** И така Ние на Јусуф му дадовме власт во земјата, престојуваше таму каде што сакаше; милоста наша Ние му ја даваме на тој што сакаме и не дозволуваме да пропадне наградата за тие што прават добри дела.

**57.** А наградата на оној свет е подобра за тие што веруваат и што се чуваат од гревовите.

**58.** И дојдоа браќата на Јусуф и влегоа кај него, па тој ги препозна, но тие него не го препознаа.

**59.** И кога ги снабди со потребната храна, рече: „Донесете ми го вашиот брат по татко. Зарем не гледате дека полна мерка давам и дека гостите најдобро ги примам?

**60.** Ако не ми го донесете, нема повеќе од мене храна да добиете и не ми доаѓајте.“

**61.** „Ќе се погрижиме некако од неговиот татко да го измамиме, навистина така ќе постапиме.“ – рекоа тие.

**62.** А Јусуф им рече на момчињата свои: „Ставете ги нивните работи во товарите нивни, па тие, кога ќе се вратат кај своите, ќе ги препознаат и пак ќе се вратат.“

**63.** И откако му се вратија на својот татко, рекоа: „О, татко наш, повеќе храна нема да ни даваат. Затоа испрати го со нас братот наш за да добиеме храна, а ние навистина ќе го чуваме.“

**64.** „Зарем да ви го доверам како што претходно ви го доверив братот негов?“ – рече тој. „Но Аллах е Најдобриот чувар и Тој е Најмилостивиот од милостивите!“

**65.** А кога ги отворија товарите свои и видоа дека им се вратени работите нивни, рекоа: „О, татко наш, што можеме повеќе да посакаме? Еве, вратени ни се работите наши, и со храна семејството наше ќе го снабдиме, и братот наш ќе го чуваме, а и еден камилин товар храна повеќе ќе добиеме; тоа е незначаен товар.“

**66.** „Јас нема да го испратам со вас,“ – рече – „додека цврсто не ми се заколнете во Аллах

дека навистина ќе ми го вратите, освен ако не настрадате.“ И откако тие му се заколнаа, тој рече: „Аллах е сведок за тоа што се договоривме!“

**67.** „О, синови мои,“ – рече тогаш – „не влегувајте на една порта, туку на различни порти, а јас не можам да ве спасам од тоа што Аллах ви го одредил; власта Му припаѓа само Нему, јас во Него имам доверба, и само во Него нека имаат доверба тие што се доверуваат.“

**68.** И кога влегоа така како што нивниот татко им нареди, тоа ни малку не им помогна за да бидат поштедени од тоа што Аллах веќе им го одредил, само се оствари желбата на Јакуб, која ја изврши, а тој навистина беше голем зналец, затоа што Ние го научивме, но повеќето луѓе не знаат.

**69.** И кога излегоа пред Јусуф, тој го прегрна братот свој на градите и рече: „Јас сум твојот брат и не тагувај поради тоа што тие го направија.“

**70.** И откако ги снабди со потребната храна, стави една чаша во товарот на братот свој, а потоа еден гласник почна да вика: „О, караване, вие сте навистина крадци!“

**71.** Тие им пристапија и ги запрашаа: „Што барате?“

**72.** „Ја бараме чашата на владетелот.“ – одговорија – „Кој ќе ја донесе, ќе добие камилин товар храна. Јас гарантирам за тоа.“

**73.** „Се колнеме во Аллах,“ – рекоа тие – „вие знаете дека ние не дојдовме да правиме неред на земјата, и ние не сме крадци.“

**74.** „А каква е казната ако не ја зборувате вистината?“ – запрашаа.

**75.** „Казната за тој во чијшто товар ќе се најде (чашата) е самиот тој!“ одговорија. „Ете така ние ги казнуваме неправедните.“

**76.** И тој започна со вреќите нивни, пред вреќата на братот свој, а потоа ја извади чашата од вреќата на својот брат. Ние го подучивме Јусуф така да ја изведе измамата. Тој според законот на владетелот не можеше да го земе својот брат како роб, но можеше со дозвола од Аллах. Ние го воздигнуваме тој кого Ние сакаме, а над секој зналец е Сезнајниот.

**77.** „Ако украл,“ – рекоа тие – „па и претходно братот негов крадеше!“ И Јусуф не им рече ништо. „Вие сте во полоша положба,“ – си помисли во себе –

„Аллах добро знае како беше тоа за што зборувате.“

**78.** „О, управнику,“ – рекоа тие – „тој има многу стар татко, па земи еден од нас наместо него! Ние гледаме дека си добар човек.“

**79.** „Чувај Боже,“ – рече – „да земе некој друг наместо тој кај кого го најдовме нашиот предмет! Тогаш навистина би биле неправедни!“

**80.** И кога изгубија секаква надеж, се одвоија настрана за да се посоветуваат. „Зарем не знаете,“ – рече најстариот меѓу нив – „дека на својот татко му се заколнавте во Аллах, а и претходно Јусуф го упропастивте? Нема да ја напуштам оваа земја додека тоа мојот татко не ми го дозволи или додека Аллах во моја корист не пресуди, а Тој е најдобриот Судија.

**81.** Вратете му се на својот татко и кажете му: ‚О, татко наш, синот твој украде; ние го тврдиме само тоа што го видовме, а ние не можевме да се сочуваме од тоа што беше судено.

**82.** Прашај во градот во кој престојувавме и караванот со кој дојдовме. Ние, навистина ја зборуваме вистината!‘“

**83.** „Не е така,“ – рече Јакуб – „во вашите души изникна злобна мисла, и јас нема да се жалам, се надевам дека Аллах сè ќе ми врати; навистина, Тој знае сè и Мудар е.“

**84.** И се сврте од нив и рече: „О, Јусуфе, таго моја!“ – а очите му побелеа од жал, беше многу потиштен.

**85.** „Се колнеме во Аллах,“ – рекоа тие – „ти толку го спомнуваш Јусуф, што тешко ќе се разболиш или ќе умреш!“

**86.** „Јас тагата своја и жалта своја пред Аллах ги изнесувам, а од Аллах го знам тоа што вие не го знаете.“ – рече тој.

**87.** „О, синови мои, одете и распрашајте се за Јусуф и за братот негов, и не губете надеж во Аллаховата милост; надежта во Аллаховата милост ја губи само народот невернички.“

**88.** И кога тие влегоа кај него, рекоа: „О, управителу, нас и семејствата наши нè снајде неволја; донесовме мало количество вредни работи, но ти дај ни полна мерка и додели ни милостина, затоа што Аллах навистина ги наградува тие што даваат милостина.“

**89.** „А знаете ли," – запраша тој – „што направивте непромислено со Јусуф и со братот негов?"

**90.** „А ти да не си Јусуф?" – повикаа тие. „Да, јас сум Јусуф, а ова е братот мој, Аллах ни ја подари милоста; кој ќе се плаши од Аллах и кој ќе биде трпелив – па, Аллах навистина нема да допушти да пропадне наградата на тие што прават добри дела."

**91.** „Се колнеме во Аллах," – рекоа тие – „Аллах над нас те воздигна, а ние навистина згрешивме!"

**92.** „Јас сега нема да ве прекорувам," – рече – „Аллах ќе ви прости, Тој е најмилостивиот од милостивите!

**93.** Оваа кошула однесете ја и на лицето на мојот татко ставете ја, и тој ќе прогледа, и целото свое семејство донесете ми го!"

**94.** И кога караванот го напушти Египет, неговиот татко рече: „Јас навистина го чувствувам мирисот на Јусуф, само немојте да кажете дека сум станал сенилен."

**95.** „Се колнеме во Аллах," – рекоа тие – „ти и сега како и порано грешиш."

**96.** „А кога гласникот на радосни вести дојде, тој ја стави кошулата на лицето негово и тој прогледа. „Зарем не ви реков," – рече – „дека јас го знам од Аллах тоа што вие не го знаете?"

**97.** „О, татко наш," рекоа тие – „замоли да ни се простат гревовите, ние навистина згрешивме."

**98.** „Ќе Го замолам Господарот свој да ви прости," – одговори тој – „затоа што Тој простува и Милостив е."

**99.** И кога излегоа пред Јусуф, тој ги прегрна родителите свои и рече: „Населете се во Египет, од секој страв, ако Аллах сака, ослободени!"

**100.** И тој родителите свои ги стави на престолот и сите му се поклонија, па тој рече: „О, татко мој, ова е остварување на мојот некогашен сон. Господарот мој го исполни. Аллах беше добар кон мене кога ме извади од занданата и вас од пустината ве донесе, откако шејтанот помеѓу мене и браќата мои раздор посеа. Господарот мој е милостив кон кого Тој сака, и Тој знае сѐ и Мудар е!

**101.** Господару мој, Ти ми даде дел од власта и ме научи да толкувам соништа! О, Создателу на небесата и на Земјата, Ти си Заштитникот мој и на овој и на оној свет; дај да умрам како

муслиман и придружи ме со тие што се добри!“

**102.** Ете, тоа се некои непознати вести кои Ние тебе ти ги објавуваме, а ти не беше со нив кога тие одлучија, и кога беа така лукави.

**103.** А повеќето луѓе, колку и да сакаш, нема да бидат верници.

**104.** Ти од овие не бараш награда за него (Куранот), тој е само опомена на сите светови.

**105.** А колку знаци има на небесата и на Земјата покрај кои проаѓаат, а од кои тие главите ги вртат!

**106.** Повеќето од нив не веруваат во Аллах, туку на Него здруженици Му припишуваат.

**107.** Зарем можат да бидат сигурни дека неволја, како казна од Аллах, нема да ги стигне или дека Часот суден нема да ги изненади, а тие тоа да не го ни забележат?

**108.** Кажи: „Ова е мојот пат, јас повикувам кон Аллах имајќи јасни докази, јас и секој што ме следи, и нека е Возвишен Аллах, јас не Му припишувам здруженик.“

**109.** А Ние и пред тебе само мажи праќавме, граѓани на кои објавите им ги објавувавме. Зарем овие не патуваат по светот, па не гледаат како завршиле тие пред нив – а оној свет е навистина подобар за тие што ќе се плашат од Аллах – зарем нема да се опаметите?!

**110.** А кога Пратениците за малку ќе ја изгубеа надежта и ќе помислеа дека ќе ги прогласат за лажливци, Нашата помош ќе им дојдеше. Ние ќе ги спасевме тие што сакавме, а казната Наша не го одминуваше злосторничкиот народ.

**111.** Во кажувањата за нив има поука за тие што се обдарени со разум. Куранот не е измислена приказна, тој ги признава Книгите кои се објавени пред него, и објаснува сè, и патоказ и милост е за народот што верува.

## 13. Поглавје
# Ер Рад
*Гром*
Медина – 43 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим-ра. Ова се ајети од Книгата! А тоа што ти се објавува од Господарот твој е вистина, но мноштвото луѓе не веруваат.

**2.** Небесата кои вие ги гледате Аллах без столбови ги крена, и тогаш над Аршот се возвиши, и Сонцето и Месечината ги потчини, секој се движи до рокот одреден; Тој управува со сè и детално ги изнесува доказите, за да се уверите дека пред Господарот свој ќе застанете.

**3.** Тој Земјата пространа ја стори и на неа неподвижни планини и реки создаде и од секој плод по пар, машко и женско даде; тој денот го покрива со ноќ. Тоа се навистина докази за луѓето кои размислуваат.

**4.** На Земјата има предели кои едни со други граничат и градини има со лоза засадени, и ниви, и палми со повеќе изданоци и само со еден; иако ја впиваат истата вода, плодот на едните го правиме повкусен од другите. Тоа се навистина докази за луѓето кои имаат памет.

**5.** А ако се чудиш, а чудо се зборовите нивни: „Зарем навистина кога земја ќе станеме, повторно ќе бидеме создадени?“ Тие во Господарот свој не веруваат, на нивните вратови синџири ќе имаат и тие жители на Џехенемот ќе бидат, во него вечно ќе останат.

**6.** Тие од тебе го избрзуваат злото пред доброто, а имаше казни и пред нив. Господарот твој на луѓето им простува и покрај нивната неправда, но Господарот твој, навистина, и стравично казнува!

**7.** А тие што не веруваат велат: „Зошто Господарот негов не му испрати чудо?“ Твое е да опоменуваш, а секој народ го имал тој што на Вистинскиот пат го упатувал.

**8.** Аллах знае што секое женско носи и што матките пократко, а што подолго носат; кај Него сè има мерка.

**9.** Тој го знае невидливиот и видливиот свет, Тој е Величествениот и Возвишениот.

**10.** За него е еднаков секој од вас: тој што зборува тивко и тој што тоа гласно го прави, тој што во ноќта се крие и тој што преку ден оди.

**11.** Со секој од вас се melecите, пред него и зад него, по Аллаховата наредба над него бдеат. Аллах нема да измени еден народ додека тој самиот не се измени. А кога Аллах сака еден народ да казни, никој не може тоа да го спречи, освен Него му нема заштитник.

**12.** Тој ви ја покажува молњата, за да се исплашите и да се надевате, и Тој ги создава тешките облаци.

**13.** И грмежите Го величаат и Му заблагодаруваат, а и мелеците, од стравопочит кон Него; Тој ги испраќа громовите и со нив удира кого сака; тие повторно расправаат за Аллах, а Тој може сè.

**14.** Молитвите се само за Него. А тие на кои покрај Него им се молат, нема да им се одѕвијат, како што ни водата нема да стигне во устата на тој што кон неа само дланките своите ги пружа; молитвата на неверниците е изгубена работа.

**15.** На Аллах, чинејќи сеџда, Му се покорува сè што е на небесата и на Земјата, сакале или не сакале, а и сенките нивни, наутро и приквечер. **16.** Кажи: „Кој е Господар на небесата и Земјата?“ – и одговори: „Аллах!“ Кажи: „Па зошто тогаш наместо Него како заштитници сте ги прифатиле тие што не можат самите себеси никаква корист да си направат ниту од себе некаква штета да отстранат?“ Кажи: „Зарем се еднакви слепецот и тој што гледа, или, зарем се исти темнините и светлото, или зарем тие што Му ги здружуваат на Аллах создаваат како што Тој создава, па создавањето им се чини слично?“ Кажи: „Аллах е Создателот на сè и Тој е Единиот и Семоќниот.“

**17.** Тој го спушта дождот од небото, па реките течат низ коритата со мерка и водата ги носи отпадоците кои пливаат по површината. И тоа што луѓето го топат на оган со желба да добијат накит или орудије исто така има отпадоци, слични на тие. Така Аллах го наведува примерот за вистината и невистината: отпадоците се исфрлаат, додека тоа што им користи на луѓето останува на земјата. Ете така Аллах ги објаснува примерите.

**18.** На тие кои на својот Господар ќе Му се одѕвијат им припаѓа најубава награда; а на тие кои нема да Му се одѕвијат – кога сè што е на Земјата би било нивно, и уште толку, со задоволство со тоа би се откупиле. Нив ги чека мачно полагање на

сметката, престојувалиштето нивно ќе биде Џехенемот, а тој е грозна постела.

**19.** Зарем тој што знае дека е вистина тоа што ти се објавува од Господарот твој е како тој што е слеп? А поуката само обдарените со разум ја примаат.

**20.** Тие кои обврската кон Аллах ја исполнуваат и не го кршат ветувањето;

**21.** и тие кои го почитуваат тоа што Аллах наредил да се почитува и од Господарот свој се плашат и од мачното полагање на сметка стравуваат.

**22.** И тие што трпат копнеејќи за Лицето на Господарот свој, и тие што намазот (молитвата) го извршуваат, и од тоа што им го даваме и тајно и јавно даваат, и кои на злото со добро враќаат – нив ги чека најдоброто престојувалиште.

**23.** Еденски градини во кои ќе влезат и тие и родителите нивни и жените нивни и потомците нивни – тие што биле честити – мелеци ќе им влегуваат на секоја врата.

**24.** Мирот нека е со вас, затоа што трпевте, а прекрасно ли е најубавото престојувалиште.

**25.** А тие што не ги исполнуваат должностите кон Аллах, иако за тоа цврсто се обврзале, и го кршат тоа што Аллах наредил да се одржува, и прават неред на Земјата – нив ги чека проклетството и најлошото живеалиште.

**26.** Кого сака, Аллах го снабдува во изобилство, и му ускратува. Тие му се радуваат на животот на овој свет, а животот на овој свет според оној свет е само минливо уживање.

**27.** Неверниците велат: „Зошто од Господарот негов не му е испратено чудо?“ Кажи: „Аллах заблудува кого Тој сака, а кон Себе го упатува тој што покајнички Му се обраќа.“

**28.** Тие што веруваат и чиишто срца, кога Аллах ќе се спомне, се смируваат – а срцата навистина, кога Аллах ќе се спомне, се смируваат.

**29.** На тие што веруваат и што прават добри дела – блазе си им, нив ги чека прекрасно живеалиште.

**30.** И така те испративме на народот пред кого биле и исчезнале други народи, да им го кажуваш тоа што ти го објавуваме, бидејќи тие не веруваат во Семилосниот. Кажи: „Тој е Господарот мој, нема друг бог освен Него, на Него се потпирам и на Него Му се обраќам.

**31.** Кога би имало некаков Куран со кој планините би се покренале или земјата би се расцепкала или мртвите би се довикале; на Аллах Му припаѓа сѐ! А зарем немаат надеж и не знаат верниците дека Аллах, кога само би сакал, сите луѓе на Вистинскиот пат би ги упатил? А неверниците непрекинато несреќата ќе ги снаоѓа или пак во близина на нивните места ќе доаѓа, поради тоа што го прават – сѐ додека не се исполни Аллаховото ветување. Аллах сигурно ќе го исполни ветувањето.

**32.** И пред тебе Пратениците беа исмејувани, па Јас на тие што не веруваа време им оставав, и потоа ги казнував, а каква ли само беше Мојата казна!

**33.** Па зарем Тој што бдее над секого, што и да направи, е како тој што не е во состојба тоа да го направи? А на Аллах Му припишаа здруженици. Кажи: „Именувајте ги.“ Зарем вие сакате Него да Го учите, како Тој да не знае што има на Земјата, или вие само така ги нарекувате? На тие што не веруваат им изгледа убаво интригата нивна, и тие заталкале од Вистинскиот пат. А тој што Аллах ќе го заблуди, нема да има кој да го упати.

**34.** Тие во животот на овој свет ќе бидат мачени, но страдањето на оној свет сигурно ќе биде потешко, од Аллах никој нема да ги одбрани.

**35.** Ваков Џенет им е ветен на тие што ќе се плашат од Аллах: градини со реки, со плодови кои секогаш ќе ги има и со трајна сенка; тоа ќе им биде награда на тие што ќе се чуваат од гревот, а на неверниците огнот ќе им биде казна.

**36.** Некои од тие на кои им ја дадовме Книгата се радуваат на сѐ што ти објавуваме тебе, но некои противници не признаваат нешто од Објавата. Кажи: „Мене ми е наредено само Аллах да Го обожувам и да не Му припишувам здруженик; кон Него повикувам и Нему Му се враќам.“

**37.** И Ние така како мудрост го објавуваме (Куранот) на арапски јазик. А кога би им се покорувал на нивните желби откако ти дошло сознанието, ти не би имал ни заштитник ни бранител од Аллах.

**38.** И пред тебе сме испраќале Пратеници и жени и потомци сме им давале. И ниту еден Пратеник не донел никакво чудо од себе, туку со Аллахова волја. Секој период имал Книга.

**39.** Аллах обессили што сака, а утврди што сака, кај Него е главната Книга.

**40.** Било да ти покажеме дел од тоа со што им се закануваме, било животот да ти го одземеме, твое е да објавуваш, а Наше е да бараме полагање на сметката.

**41.** Зарем тие не гледаат дека Ние Земјата им ја стеснуваме, намалувајќи им ги пограничните области? А Аллах суди! Никој не може Неговата пресуда да ја побие и Тој брзо ги израмнува сметките.

**42.** Интриги правеле и тие пред нив, само Аллах е Господар на сите интриги: Тој знае што заслужува секој. А неверниците сигурно ќе дознаат кого го чека најдоброто живеалиште.

**43.** Тие што не веруваат велат: „Ти не си Пратеник." Кажи: „Мене и вам доволен ќе ни биде Аллах како сведок, и тој што го има знаењето за Книгата."

## 14. Поглавје
# Ибрахим
*Ибрахим*

Мека – 52 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-ра. Ова е Книга која ти ја објавуваме за луѓето, со волјата на нивниот Господар, да ги изведеш од темнините на светлина, на патот на Силниот и за благодарност Достојниот

**2.** Аллах, Кому Му припаѓа тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата. А тешко на неверниците од ужасното страдање,

**3.** кои животот на овој свет повеќе го сакаат од оној свет и кои од Аллаховиот пат одвраќаат и настојуваат да го прикажат како погрешен! Тие се во голема заблуда.

**4.** Ние не сме пратиле ниту еден Пратеник кој не зборувал на јазикот на народот свој, за да му објасни. А Аллах заблудува кого Тој сака и го упатува на Вистинскиот пат тој кого Тој сака; Тој е Силен и Мудар.

**5.** И Муса го испративме со доказите Наши: Изведи го народот свој од темнините на светлина и потсети го на Аллаховите денови! Тоа се, навистина,

докази за секој што е трпелив и благодарен.

**6.** И кога Муса му рече на народот свој: „Сетете се на Аллаховата благодат кога ве спаси од фараоновите луѓе кои со најтешки маки ве мачеа, кои машките деца ви ги колеа, а женските во живот ги оставаа – тоа ви беше големо искушение од Господарот ваш.

**7.** И кога вашиот Господар објави: „Ако бидете благодарни, Јас навистина уште повеќе ќе ви дадам; но ако бидете неблагодарни, казната Моја навистина ќе биде строга.“

**8.** И Муса уште рече: „Ако бидете неблагодарни и вие и сите други на Земјата, па Аллах навистина не е зависен од никого и тој е Единиот достоен за благодарност.“

**9.** Зарем до вас не дојде веста за тие пред вас, за народот на Нух, и за Ад, и за Семуд, и за тие по нив? – Само Аллах ги знае! Пратениците нивни им носеа докази, но тие рацете на устите ги ставаа, говорејќи: „Ние не веруваме во тоа што по вас се испраќа и ние многу се сомневаме во тоа во што нè повикувате!“

**10.** Пратениците нивни говореа: „Зарем може да се сомнева во Аллах, Создателот на небесата и на Земјата? Тој ве повикува за да ви прости некои од вашите гревови и за да ве остави до одредениот рок.“ Тие одговорија: „Вие сте луѓе како и ние; сакате да нè одвратите од тие кои нашите предци ги обожувале, па донесете ни видливо чудо!“

**11.** „Ние сме луѓе како вас,“ – им говореа Пратениците нивни, – „но, Аллах го дава пратеништвото само на тие Свои робови на коишто Тој сака; ние не можеме да ви донесеме чудо без Аллаховата волја, а верниците само на Аллах нека се потпираат.

**12.** Зошто да не се потпреме на Аллах кога Тој на патиштата по кои одиме нè упатил? Ние сосема трпеливо ќе ги поднесуваме маките на кои ќе бидеме подложени, а тие што се потпираат, нека се потпрат само на Аллах!“

**13.** Неверниците им говореа на Пратениците свои: „Или ќе бидете во нашата вера или ќе ве протераме од нашата земја!“ А на Пратениците Господарот нивен им објавуваше: „Ние неправедниците сигурно ќе ги уништиме

**14.** и по нив на земјата вас ќе ве населиме. Тоа ќе биде за тие што од полагањето сметка пред Мене ќе се плашат и што од Мојата закана стравуваат.“

**15.** И Пратениците помош бараа, па секој арогантен инаетчија настрада.

**16.** Пред него Џехенемот ќе биде и тој со одвратна течност полн ќе биде!

**17.** Ќе се мачи да ја проголта, но никако нема да може да ја проголта и смртта од сите страни ќе му приоѓа, но тој нема да умре; него тешко страдање ќе го чека.

**18.** Делата на неверниците кај Господарот нивен наликуваат на пепел кој виорот при ветровитиот ден го разнесува; нема да можат да очекуваат никаква награда за делата што ги правеле, тоа е голема заблуда!

**19.** Зарем не гледаш дека Аллах небесата и Земјата мудро ги создаде. Ако сака, вас ќе ве отстрани и нови созданија ќе донесе.

**20.** Тоа на Аллах не Му е тешко.

**21.** И сè ќе излезе пред Аллах, па тие што биле измачувани ќе им речат на главешините свои: „Ние бевме ваши следбеници, можете ли барем малку Аллаховата казна да ни ја олесните?“ „Да нè упатеше Аллах нас,“ – ќе одговорат тие – „и ние ќе ве упатевме вас. Да се жалиме или да трпиме, сеедно ни е, нема да имаме повеќе спас.“

**22.** И кога сè ќе биде решено, шејтанот ќе рече: „Аллах вистинито ветување ви даде, а јас своите ветувања ги проневерив; но јас никаква власт над вас немав, само ве повикував и вие ми се одѕивавте; затоа не корете ме мене, туку самите себе, ниту јас можам вам да ви помогнам, ниту вие можете мене да ми помогнете. Јас немам ништо со тоа што претходно ме изедначувавте со Него.“ Неправедните сигурно ги чека болно страдање.

**23.** А тие што веруваа и што правеа добри дела, ќе бидат внесени, со волјата на Господарот нивен, во џенетските градини низ кои реки течат и во нив вечно ќе останат, во нив ќе се поздравуваат со селам!

**24.** Зарем не гледаш како Аллах наведува пример – убавиот збор како убаво дрво: коренот му е цврсто во земјата, а гранките кон небото;

**25.** Тој плодот свој го дава со дозвола од Господарот свој, а Аллах на луѓето им ги наведува примерите за да земат поука.

**26.** А лошиот збор е како лошо дрво: на искорнатото дрво на површината на земјата му нема опстанок.

**27.** Аллах со постојани зборови верниците ги зацврстува и на овој и на оној свет, а неправедните ги заблудува; Аллах прави што сака.

**28.** Зарем не ги гледаш тие што наместо со благодарност за Аллаховите благодати, со неблагодарност возвратија и својот народ во куќата на пропаста го донесоа,

**29.** во Џехенемот, во кој ќе горат, а тоа е ужасно престојувалиште,

**30.** и Му измислија на Аллах соперници, за да заведуваат од Неговиот пат? Кажи: „Уживајте, сигурно ќе завршите во огнот!“

**31.** Кажи им на верниците, на робовите Мои, намазот (молитвата) да го извршуваат и да даваат и тајно и јавно дел од тоа што ние им го даруваме, пред да настапи Денот во кој нема да има трговија ни пријателства.

**32.** Аллах е Создателот на небесата и на Земјата; Тој го спушта дождот од небото и прави со негова помош да се раѓаат плодови со кои се храните; и ви дава да имате корист од бродовите кои пловат по морето со Негова волја, и ви дава да имате корист од реките,

**33.** и ви дава да имате корист од Сонцето и од Месечината, кои постојано се движат, и ви дава да имате корист од ноќта и денот;

**34.** и ви дава од сето тоа што од Него го барате, и кога би ги броеле Аллаховите благодати, не би можеле да ги наброите. Човекот е навистина неправеден и неблагодарен.

**35.** А кога Ибрахим рече: „Господару мој, направи го овој град безбеден и сочувај ме мене и синовите мои од тоа да обожуваме кипови.

**36.** Тие, Господару мој, многу луѓе на погрешен пат навеле. Тој што ќе ме следи мене е од мојата вера, а тој што ќе биде против мене, па Ти навистина простуваш и Милостив си.

**37.** Господару наш, јас некои мои потомци населив во котлина во која ништо не се сее, кај Твојот Свет Храм, Господару наш, намазот (молитвата) да го извршуваат; затоа стори срцата на некои луѓе да копнеат по нив и снабди ги со разни плодови за да бидат благодарни.

**38.** Господару наш, Ти навистина знаеш што криеме, а што во јавност покажуваме. На Аллах ништо не Му е скриено ни на Земјата ни на небото.

**39.** „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах што на стари години ми ги подари Исмаил и Исхак; Господарот мој навистина ги прима молбите.

**40.** Господару мој, дај ми јас и потомците мои да го извршуваме намазот (молитвата); Господару мој, ти услишај ја молбата моја!

**41.** Господару наш, прости ми мене, и на родителите мои и на сите верници – на Денот кога ќе се полага сметка (за делата)!“

**42.** А ти никако немој да мислиш дека Аллах не внимава на тоа што го прават насилниците! Тој само им попушта до Денот кога очите ќе им останат отворени,

**43.** и кога брзајќи со кренати глави, погледите ќе им бидат вкочанети, а срцата ќе им бидат празни!

**44.** Ти опоменувај ги луѓето со Денот кога казната ќе им дојде, кога тие што правеле насилство ќе велат: „Господару наш, остави нè уште само кратко време, ќе се одѕвиеме на Твојот повик и ќе ги следиме Пратениците!“ „А зарем претходно не се колневте дека нема да одите на оној свет?

**45.** И се населивте во куќите на тие што кон себеси си сторија насилство, а ви беше познато како постапивме со нив, и примери ви наведувавме.“

**46.** И тие своите интриги ги подготвуваат, а Аллах знае за нивните интриги, само што нивните интриги не можат планини да покренат.

**47.** Немој ни да помислиш дека Аллах нема да го исполни ветувањето Свое кон Пратениците Свои – Аллах е навистина Силен и Строг!

**48.** На Денот кога Земјата ќе биде заменета со друга земја, а и небесата, и кога сите ќе излезат пред Аллах, Единиот и Семоќниот,

**49.** тој ден ќе ги видиш грешниците поврзани во заеднички окови!

**50.** Кошулите од катран ќе им бидат, а огнот нивните лица ќе ги обвиткува!

**51.** За Аллах секого според заслугата да го казни, Аллах навистина брзо сметките ќе ги израмни.

**52.** Ова е известување за луѓето, за со него да бидат опоменати и за да знаат дека е само Тој еден Бог, и за обдарените со разум да земат поука!

## 15. Поглавје

# Ел Хиџр

*Хиџр*

Мека – 99 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-ра. Ова се ајети од Книгата, од Куранот јасен!

**2.** Неверниците честопати ќе зажалат што не станале муслимани.

**3.** Пушти ги нека јадат и нека се наслaдуваат, и нека ги мами надежта – ќе дознаат тие!

**4.** А ниту една населба не сме уништиле, а да не ѝ бил пропишан одреден рок.

**5.** Ниту еден народ не може да го забрза ниту да го успори својот крај.

**6.** Тие велат: „Еј ти, кому му се објавува Куранот, ти навистина си луд!

**7.** Зошто мелеци не ни донесеш, ако е вистина тоа што го велиш?“

**8.** Ние мелеците ги испраќаме само со Вистината, и тогаш не би им се дало време да чекаат.

**9.** Ние го објавуваме Куранот и Ние над него ќе бдееме.

**10.** И пред тебе на поранешните народи Пратеници им испраќавме.

**11.** И ниту еден Пратеник не им дојде, а да не го исмејуваа.

**12.** Ете така Ние го внесуваме Куранот во срцата на престапниците.

**13.** Тие во него нема да веруваат, а веќе е применета законитоста на казнувањето врз дамнешните народи.

**14.** Кога на небото би отвориле порта поради нив и тие низ неа да се искачуваат,

**15.** тие повторно би рекле: „Само ни се причинува, ние сме маѓепсани луѓе.“

**16.** Ние на небото големи ѕвезди создадовме и за тие што ги набљудуваат ги украсивме,

**17.** и ги чуваме од секој проклет шејтан.

**18.** А тој што скришно прислушкува ќе го стигне светилка видлива.

**19.** А Земјата ја распостеливме и по неа неподвижни планини расфрлавме и направивме на неа сè со мерка да расте.

**20.** И од неа ви даваме храна, а и на тие што вие не ги храните.

**21.** И не постои ништо чииншто ризници не ги поседуваме,

а од тоа Ние даваме само толку колку што е потребно.

**22.** Ние праќаме ветрови да оплодуваат, а од небото спуштаме дожд, па со него ве напојуваме – вие не можете да располагате со тоа.

**23.** И само Ние даваме живот и смрт, и само Ние сѐ наследуваме.

**24.** И само Ние ги знаеме тие што ви претходеа, и само Ние ги знаеме тие што подоцна ќе дојдат.

**25.** А Тој, Господарот твој, навистина ќе ги собере. Тој е Мудар и Зналец.

**26.** Ние го создадовме Адем од глина, од сува кал.

**27.** А уште претходно ги создадовме џините од вжарен оган.

**28.** И кога Господарот твој им рече на мелеците: „Јас ќе го создадам човекот од глина, од сува кал.

**29.** И кога ќе му дадам лик и кога во него ќе вдахнам душа, вие поклонете му се со сеџда.“

**30.** Сите мелеци, заедно, се поклонија,

**31.** освен Иблис; тој не сакаше со нив да се поклони.

**32.** „О, Иблис,“ – рече Тој – „зошто ти не сакаше да се поклониш?“

**33.** „Не ми доликува да се поклонувам на човек кој си го создал од глина, од сува кал.“

**34.** „Тогаш, излегувај од Џеннетот!“ – рече Тој – „Биди проклет!

**35.** И проклетството нека се задржи на тебе сѐ до Судниот ден!“

**36.** „Господару мој,“ – рече тој – „дај ми време до Денот кога тие ќе бидат оживеани!“

**37.** „Ти се дава рок“ – рече Тој –

**38.** до Денот веќе одреден.“

**39.** „Господару мој,“ – рече – „затоа што ме донесе во заблуда, јас на нив на Земјата лошите дела како убави ќе им ги претставувам и таквите сите да ги заведам,

**40.** освен Твоите искрени робови меѓу нив“.

**41.** „Ова е Правиот пат кон Мене.“ – рече Тој.

**42.** „Ти нема да имаш никаква власт над робовите Мои, освен над тие што ќе те следат, од тие заталканите.“

**43.** За сите нив, местото на средбата, Џехенемот ќе биде,

**44.** тој седум порти ќе има и низ секоја одреден број од нив ќе мине.

**45.** Тие што се плашеле од Аллах и што се чувале од тоа

што им е забрането, тие во џенетските градини покрај изворите ќе бидат.

**46.** „Влезете во нив безбедни, од стравот ослободени!“

**47.** И Ние злобата од нивните гради ќе ја отстраниме, тие како браќа на диваните едни спроти други ќе седат,

**48.** тука замор нема да чувствуваат, тие од таму никогаш нема да излезат.

**49.** Кажи им на робовите Мои дека Јас, навистина, Сум Тој што простува и дека Сум Милостив,

**50.** но и дека Мојата казна, навистина е болна казна!

**51.** И извести ги за гостите на Ибрахим,

**52.** кога му влегоа и му рекоа: „Мир!“ Тој рече: „Ние се исплашивме од вас.“

**53.** „Не плаши се!“ – рекоа, ти носиме радосна вест, учен и мудар син ќе имаш.

**54.** „Ми носите радосна вест сега кога староста ме стигна?“ – рече тој – „Со што ме израдувавте?“

**55.** „Ти носиме радосна вест, која навистина ќе се оствари,“ – рекоа тие – „затоа не губи надеж!“

**56.** „Надеж во милоста на својот Господар можат да изгубат само тие што се во заблуда.“ – рече тој.

**57.** И запраша: „А што сакате вие, о, гласници?“

**58.** „Ние сме му испратени на народот престапнички,“ – рекоа –

**59.** „само сите Лутови чеда ќе ги спасиме,

**60.** освен жената негова. Одлучивме дека таа ќе остане со останатите и казната ќе ја вкуси.“

**61.** И кога гласниците му дојдоа на Лут,

**62.** тој рече: „Вие сте ми навистина непознати!“

**63.** „Не!“ – рекоа тие. „Ние ти доаѓаме со тоа во што овие постојано се сомневаа,

**64.** ти доаѓаме со тоа што навистина ќе се случи, а ние вистината ја зборуваме.

**65.** Отпатувај со своето семејство во подоцнежниот дел од ноќта, а ти оди последен, и никој од вас нека не се врти назад, туку продолжете во правецот кој ви е нареден!“

**66.** И Ние му го објавивме тоа што ќе се случи: дека тие, сите до последен, во мугрите уништени ќе бидат.

**67.** И дојдоа жителите на градот, весели.

**68.** „Ова се мои гости,“ – рече – „па не засрамувајте ме,

**69.** и плашете се од Аллах, и не понижувајте ме!“

**70.** „А зарем не ти забранивме кого било да примаш?“ – повикаа тие.

**71.** „Ако веќе сакате нешто да сторите, ете ви ги ќерките мои!“ – рече тој.

**72.** Се колнам во животот твој, тие во пијанството свое талкаа.

**73.** И нив ги снајде страшен глас, кога Сонцето излегуваше,

**74.** и Ние сторивме тоа што беше горе да биде долу, и врз нив како дожд од камења од скаменета глина истуривме.

**75.** Тоа се навистина поуки, за тие што внимателно гледаат.

**76.** Тој е покрај патот, и сега постои.[148]

**77.** Тоа е навистина поука за тие што веруваат.

**78.** А и жителите на Ејка беа неверници,[149]

**79.** па ние ги казнивме, и двата се видливи покрај патот.[150]

**80.** И жителите на Хиџр ги сметаа Пратениците за лажни,[151]

**81.** а Ние Нашите докази им ги дадовме, но тие од нив главите ги свртеа.

**82.** Тие куќите во ридови ги делкаа, верувајќи дека се сигурни,

**83.** па и нив во мугри страшен глас ги снајде,

**84.** и од никаква корист не им беше тоа што го стекнаа.

**85.** Ние небесата и Земјата и тоа што е меѓу нив, со Вистината го создадовме. Часот на оживување навистина ќе дојде, затоа ти великодушно прости,

**86.** Господарот твој создава сè и Тој е Сезнајниот.

---

[148] Тој е на патот, т.е. тој град е покрај патот низ кој вие со караваните одите во Сирија, неговите остатоци и сега се гледаат крај Мртвото Море.

[149] Жителите на Ејка биле народот на Божјиот Пратеник Шуајб.

[150] И двата, т.е. и уништените населби на Лутовиот народ и уништените населби на Шуајбовиот народ, се покрај главниот пат по кој караваните минуваат за Сирија.

[151] Хиџр е пространа низина во Арабија помеѓу Медина и Сирија, во која одамна живеел изумрениот арапски народ Семуд.

**87.** Ние ти ги објавивме седумте ајети[152] кои се повторуваат[153] и Големиот Куран.

**88.** Не гледај допадливо кон тоа што Ние им го даваме за уживање на некои од нив и не биди тажен поради нив, а кон верниците биди благ

**89.** и кажи: „Јас само јавно опоменувам“,

**90.** како што и следбениците на Книгата ги опоменавме,

**91.** тие што Куранот го сметаа за маѓија.

**92.** И се колнам во Господарот твој, сите нив на одговорност ќе ги повикаме

**93.** поради тоа што го правеа!

**94.** Ти јавно исповедај го тоа што ти се наредува и остави ги многубошците.

**95.** Ние ќе те заштитиме од тие што се исмејуваат,

**96.** што покрај Аллах друг бог земаат; и ќе знаат тие!

**97.** Ние добро знаеме дека ти е тешко во душата поради тоа што тие го зборуваат,

**98.** затоа слави Го Господарот свој и заблагодарувај Му, и извршувај сеџда,

**99.** и обожувај Го Господарот свој сè додека не ти дојде смртта!

---

[152] Ова се однесува на првото поглавје Ел Фатиха кое е составено од седум ајети.

[153] Ова се однесува на повторувањето на првото поглавје Ел Фатиха при секој намаз (молитва) кој муслиманите го извршуваат петпати во текот на 24 часа.

## 16. Поглавје
# Ен Нахл
*Пчели*
Мека – 128 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што Аллах го одредил, ќе се случи, затоа не избрзувајте го тоа! Возвишен нека е Тој и нека е многу високо над тие што Му ги здружуваат!

**2.** Тој ги испраќа мелеците со Објавата по Своја волја, на тие Свои робови на коишто сака: „Опоменувајте дека нема друг бог освен Мене и плашете се од Мене!"

**3.** Тој небесата и Земјата со Вистината ги создаде, Тој нека е многу високо над тие што Му ги здружуваат.

**4.** Тој го создава човекот од капка семе, а тој одеднаш – отворен противник!

**5.** И Тој добитокот за вас го создава; со него од студот се штитите, а и други користи имате, со него и се храните;

**6.** тој ви е украс кога од пасиштата го враќате и кога на пасиштe го изведувате,

**7.** а ви ги носи и товарите на местата на кои без голема мака не би стигнале – Господарот ваш навистина е Благ и Милостив –

**8.** и коњите, мазгите и магарињата за да ги јавате и за украс, а ќе го создаде и тоа што не го знаете.

**9.** Аллахово е да укаже на Вистинскиот пат, а ги има и погрешни; а Тој да сака, сите би ве упатил.

**10.** Тој од небо ја спушта водата која ја пиете и со која се наводнуваат растенијата која стоката ги пасе.

**11.** Тој прави со нејзина помош да ви растат житото, маслинките, палмите, грозјето и разновидните плодови – тоа е навистина доказ за луѓето кои размислуваат.

**12.** Тој прави со ноќта и со денот да се користите и со Сонцето и Месечината, а ѕвездите се потчинети на Неговата волја – тоа се навистина докази за луѓето кои имаат памет –

**13.** и со сето тоа што на земјата разнобојно го создава – тоа е навистина доказ за луѓето кои примаат поука.

**14.** Тој прави со морето да се користите, од него свежо месо да јадете и да вадите накит со кој се украсувате. Ти ги гледаш бродовите како го сечат за нешто од неговото богатство да стекнете и за благодарни да бидете.

**15.** Тој по Земјата неподвижни планини расфрла за таа да не ве потресува, а и реки и патишта за правилно да се насочувате,

**16.** и патокази, а и по ѕвездите тие се ориентираат.

**17.** Па дали е тогаш Тој што создава како тој што не создава?! Вразумете се!

**18.** Ако вие ги броите Аллаховите благодати, нема да ги наброите; Аллах навистина простува и Милостив е.

**19.** Аллах знае што криете, а што јавно покажувате.

**20.** А тие на коишто, наместо на Аллах, им се молат – ништо не создаваат; тие самите се создадени;

**21.** предмети се, не се живи и не знаат кога ќе бидат оживеани.

**22.** Вашиот Бог е еден Бог! Срцата на тие што во оној свет не веруваат, негираат, тие со вообразеноста се расфрлаат.

**23.** Нема сомнеж дека Аллах го знае тоа што тие го кријат, а и тоа што јавно го изнесуваат; Тој навистина не ги сака тие што се вообразуваат.

**24.** А кога некој ќе ги праша: „Што објавува вашиот Господар?“ – тие одговараат: „Измислици од древните народи“,

**25.** за на Судниот ден да го носат сиот товар свој и дел од товарот на тие кои без вистинско знаење во заблуда ги донеле. А грозно е тоа што тие ќе го носат!

**26.** И тие пред нив смислуваа интриги, па Аллах од темел нивните згради ги сруши, и покривот над нив се сруши – казната ги стигна од каде што не очекуваа!

**27.** А на Судниот ден Тој ќе ги засрами и ќе ги запраша: „Каде се тие кои Мене Ми ги здружувавте, тие за кои се спротивставувавте?“ Тие што знаат ќе речат: „Денеска срам и мака ќе ги стигнат неверниците,

**28.** на кои мелеците душите им ги земаа во моментот кога неправда си правеа.“ И тие ќе се покорат и ќе речат: „Ние никакво зло не правевме!“ „Навистина, Аллах добро го знае тоа што го правевте,

**29.** затоа влегувајте на портите на Џехенемот, во него вечно ќе останете!“ О, колку грозно ќе им биде престојувалиштето на тие што беа вообразени!

**30.** А на тие што се плашеа од Аллах ќе им се рече: „Што објавувал Господарот ваш?“ „Добро!“ – ќе одговорат. Тие што прават добри дела уште на овој свет ќе имаат убава награда, а оној

свет, сигурно е уште подобар. О, колку прекрасно ќе им биде живеалиштето на тие што се плашеа од Аллах:

**31.** Еденски долини во кои ќе влезат, низ кои реки течат, и во кои сѐ што ќе посакаат ќе имаат. Така Аллах ќе ги награди тие што ќе се плашат од Него,

**32.** на тие на кои мелеците душите ќе им ги земат, а тие чисти, и на кои ќе им велат: „Мир со вас! Влезете во Џенетот поради тоа што го правевте!"

**33.** Зарем многубошците чекаат да им дојдат мелеците, или да дојде казната од Господарот твој? Така постапија и тие пред нив; Аллах не беше неправеден кон нив, тие самите кон себеси беа неправедни,

**34.** и ги стигна казната за грозните дела што ги правеа, и од сите страни ги снајде тоа на што се потсмеваа.

**35.** Тие што Му припишуваат здруженици велат: „Да сакаше Аллах, ни ние ни предците наши, покрај Аллах, никого немаше да обожуваме и без Негова волја, ништо немаше да сметаме за забрането." Исто така и тие пред нив постапуваа. А зарем Пратениците беа должни нешто друго освен јасно да известат?

**36.** Ние на секој народ Пратеник му испративме: „Само Аллах обожувајте Го, а тргнете се од тагутот!" И меѓу нив имаше од тие коишто Аллах ги упатил, а и од тие што заслужиле да останат во заблуда. Затоа патувајте по светот за да видите како завршија тие што Пратениците за лага ги обвинуваа.

**37.** Ти колку и да сакаш тие да бидат упатени, Аллах нема да ги упати тие што ги заблудил и на нив никој нема да им помогне.

**38.** Тие се колнат во Аллах, со најтешката заклетва: „Аллах нема да го оживее тој што ќе умре!" А ќе го оживее, тоа е Неговото ветување кое навистина ќе се исполни, само што тоа повеќето луѓе не го знаат,

**39.** за да им објасни околу тоа за што не се согласуваа и за да сфатат тие што не веруваа дека биле лажливци.

**40.** Ако нешто сакаме, Ние само велиме: „Биди!" – и тоа бидува.

**41.** Тие што ќе се иселат само поради Аллах, откако биле угнетувани, Ние уште на овој свет на убаво место ќе ги сместиме, а наградата на оној свет ќе биде уште поголема, кога само би знаеле,

**42.** тие што ќе трпат и што на Господарот свој ќе се потпираат.

**43.** Ние и пред тебе само луѓе им праќавме и им објавувавме – прашајте ги учените луѓе (меѓу следбениците на Книгата), ако вие не знаете –

**44.** јасни докази и книги. А тебе ти го објавуваме Куранот, за да им го објасниш на луѓето тоа што ти се објавува и за тие да размислат.

**45.** А зарем се сигурни тие кои лоши подмолности коваат, дека Аллах нема во земја да ги втера или дека нема, од каде што не можат ни да помислат, казната да им дојде,

**46.** или дека нема на патувањата нивни да ги казни, тие нема да избегаат,

**47.** или дека нема, додека се во страв, да ги казнува? Но Господарот ваш е навистина Благ и Милостив.

**48.** Зарем тие не гледаат дека сето тоа што Аллах го создал, сега десно, сега лево, ги пружа сенките свои, на Аллах послушно чинејќи му сеџда и дека и тоа е покорно?

**49.** На Аллах со сеџда Му се поклонува сè живо и на небесата и на Земјата, и мелеците, а тие не се арогантни,

**50.** се плашат од Господарот свој, Кој е над нив, и го прават тоа што им се наредува.

51. Аллах вели: „Две божества не обожувајте!“ – само еден е Бог – „И само од Мене плашете се!“

**52.** Сè што е на небесата и на Земјата Негово е, и Нему треба секогаш да Му се биде послушен. Зарем од некој друг, а не од Аллах, да се плашите?

**53.** Од Аллах е секоја благодат којашто ја уживате, а штом некоја неволја ве снајде, повторно од Него гласно помош барате.

**54.** И потоа, кога Тој неволјата ќе ви ја отстрани, некои од вас истиот момент Господарот свој со друг Го изедначуваат,

**55.** за да покажат неблагодарност кон тоа што Ние сме им го дале. Па уживајте, но навистина, ќе дознаете!

**56.** Многубошците на тие кои ништо не знаат им оставаат дел од храната која Ние им ја даваме. Се колнам во Аллах дека сигурно ќе бидете прашани за сето тоа што постојано го измислувате.

**57.** Тие на Аллах Му припишуваат ќерки – Возвишен и

чист е Тој! – а на себе тоа што го посакуваат.[154]

**58.** А кога на некој од нив ќе му се јави дека му се родила ќерка, лицето му потемнува и станува потиштен,

**59.** се крие од луѓето поради несреќата која му е јавена: дали вака презрен да ја задржи или во земја да ја закопа? Колку лошо просудуваат тие!

**60.** Тие што не веруваат во оној свет се со лоши особини, а Аллах има највозвишени својства: Тој е Силен и Мудар.

**61.** Кога Аллах би ги казнувал луѓето поради нивните гревови, ништо живо на Земјата не би оставил, но Тој до рокот одреден ги остава, и кога нивниот рок ќе помине, ниту за еден момент нема да можат да го одложат ниту да го забрзаат.

**62.** Тие на Аллах Му го припишуваат тоа за што и самите чувствуваат одвратност и нивните јазици говорат лаги дека нив ги чека најубавата награда; а нив, несомнено, оган ги чека, тие во него први ќе бидат потерани.

**63.** Се колнеме во Аллах, Ние и пред тебе на народите Пратеници им праќавме, но шејтанот нивните постапки убави им ги претстави, и тој сега е нивен другар, нив ги чека неиздржливо страдање.

**64.** Ние тебе ти објавуваме Книга, за да им го објасниш тоа околу што се раздвојуваат и за да им биде упатство и милост на верниците.

**65.** Аллах водата од небо ја спушта и со неа животот на мртвата земја ѝ го враќа! Тоа е доказ за луѓето што слушаат.

**66.** Навистина имате поука во вашиот добиток: Ние ви даваме да го пиете чистото млеко кое се наоѓа во внатрешноста на нивните тела, а настанува во внатрешните органи и крвта, вкусно за тие што го пијат.

**67.** А од плодовите на палмата и лозата подготвувате пијалак и пријатна храна. Тоа е, навистина, доказ за тие што имаат памет.

**68.** Господарот твој ја вдахна пчелата: „Прави за себе домови по планините, по дрвјата и по тоа што го креваат луѓето,

**69.** потоа, храни се со разновидни плодови, па тогаш оди послушно по патеките на Господарот свој!" Од утробите нивни излегува пијалак со различни бои, кој

[154] Говореле припадниците на племето Хуза и Кинан дека мелеците се Божји ќерки, а за себе си посакувале синови.

им е лек на луѓето. Тоа е доказ за луѓето што размислуваат.

**70.** Аллах ве создава и потоа душите ви ги зема; има од вас кои длабока старост доживуваат, па потоа го забораваат тоа што претходно го знаеле. Аллах е, навистина, Сезнаен и Семоќен.

**71.** Снабдувајќи ве, Аллах на едните им дава повеќе отколку на другите. Но, тие на кои им е дадено повеќе не им даваат на тие кои се во нивна власт, а потребите им се еднакви. Па зарем Аллаховите благодати ги негираат?!

**72.** Аллах за вас создава жени од вашиот вид, а од жените ваши ви дава синови и внуци; и вкусни јадења ви дава. Па зарем тие во лага веруваат, а Аллаховите благодати ги негираат?

**73.** И ги обожуваат, покрај Аллах, тие кои не се во состојба со ништо да ги снабдат, ни од небото ни од земјата, и кои ништо не можат!

**74.** Затоа не изнесувајте Му слични на Аллах! Аллах навистина знае, а вие не знаете.

**75.** Аллах дава пример за роб кој е во туѓо владение, кој нема ништо, и тој што Ние богато сме го обдариле и кој дава од тоа, и тајно и јавно, па зар тие се еднакви? Сета благодарност Му припаѓа на Аллах! Но, повеќето од нив не знаат.

**76.** Аллах ви дава за пример двајца луѓе, од кои едниот е глувонем, кој нема ништо, и кој му е на товар на господарот свој – каде и да го испрати, никакво добро не донесува. Дали е тој еднаков со тој што бара праведно да се постапува, а и самиот е на Правиот пат?

**77.** Аллах ги знае сите тајни на небесата и на Земјата! А крајот на светот како трепкање на окото ќе дојде, или уште побрзо, бидејќи Аллах е, навистина, Семоќен!

**78.** Аллах од стомаците на вашите мајки ве изведува, вие ништо не знаете, и ви дава и слух и вид и разум, за да бидете благодарни.

**79.** Зарем тие не гледаат како птиците во небеските ширини без мака летаат, нив само Аллах ги држи. Тоа се навистина докази за луѓето кои веруваат.

**80.** Аллах ви дава во куќите ваши да живеете, и ви дава шатори од кожата на добитокот, кои лесно ги носите кога одите на пат и кога преспивате, а од волната нивна, и од влакното нивно, и од крзното нивно ви дава простирки и корисни работи, сè до одреден рок.

**81.** Од тоа што го создал, Аллах ладовинка ви дава, и засолништа во ридовите ви дава, и облека која ве чува од жештината; ви дава и оклопи кои во борба ве штитат, и така ви ја надополнува благодатта Своја, за да бидете послушни.

**82.** А ако тие ги свртат главите, па ти си должен само јасно да објавуваш.

**83.** Тие признаваат дека благодатта е само од Аллах, па потоа ја негираат – повеќето од нив се неверници!

**84.** А на Денот кога од секој народ ќе донесеме по еден сведок, на неверниците нема да им биде дозволено, ниту од нив ќе се бара, да Му се умилкуваат на Аллах.

**85.** Кога тие што правеле насилство ќе го доживеат страдањето, тоа нема ниту да им се ублажи ниту да им се одложи.

**86.** Кога тие кои Му припишуваа здруженик ќе ги здогледаат божествата свои и кажат: „Господару наш, ова се божествата наши, ним им се молевме, а не Тебе!“ – божествата ќе им дофрлат: „Вие сте, навистина, лажливци!“

**87.** И тие тој ден на Аллах ќе Му се покорат, и ќе им пропадне тоа што го клеветеа.

**88.** Тие што не веруваа и што од Аллаховиот пат одвраќаа, Ние со двојна казна ќе ги казниме, затоа што правеа неред.

**89.** И сети се на тој Ден кога против секој народ ќе донесеме по еден сведок, од него самиот, и тебе ќе те донесеме како сведок против овие![155] Ние тебе ти ја објавуваме Книгата како објаснување за сè и како упатство и милост и радосна вест за муслиманите.

**90.** Аллах бара да се почитува сечие право, да се прави добро, и на блиските да им се дава, а развратот и сè што е лошо и одвратно и насилството го забранува; да примите поука, Тој ве советува.

**91.** И исполнувајте ги обврските за кои сте се обврзале со Аллаховото име и не кршете ги заклетвите кога веќе цврсто сте ги дале, а Аллах за сведок сте Го зеле, бидејќи Аллах го знае тоа што го правите.

**92.** И не бидете како таа што својата преѓа ја расплела во ситни парчиња, кога веќе цврсто ја

[155] Против многубошците од Мека, твоите најлути противници.

исплела, служејќи се со заклетвите свои за меѓусебно мамење, само затоа што едното племе е помногубројно од другото. Аллах со тоа само ве искушува, а на Судниот ден навистина ќе ви го објасни тоа околу што не сте се согласувале.[156]

**93.** Да сака Аллах, Тој би ве направил следбеници на една вера, но Тој заблудува кого сака, а упатува кого Тој сака; и вие навистина ќе одговарате за тоа што сте го правеле.

**94.** И не служете се со заклетвите свои само за да се измамувате едни со други, за да не се лизне ногата која стои цврсто, и за да не ја почувствувате несреќата за тоа што од Аллаховиот пат одвраќавте, а страдањето големо уште ве чека.

**95.** И не ја заменувајте обврската дадена на Аллах за нешто што малку вреди, тоа што е кај Аллах е подобро за вас, ако знаете!

**96.** Тоа што е кај вас, минливо е, а тоа што е кај Аллах, вечно е. Тие што трпеле Ние сигурно ќе ги наградиме според подоброто што го правеле.

**97.** На тој што прави добро, било маж или жена, а верник е, Ние ќе му дадеме да проживее убав живот и навистина ќе ги наградиме според подоброто што го правеле.

**98.** Кога сакаш да учиш Куран, побарај заштита кај Аллах од проклетиот шејтан,

**99.** тој навистина нема никаква власт над тие што веруваат и кои се потпираат на Господарот свој,

**100.** негова е власта единствено над тие што него за заштитник го земаат и кои на Аллах здруженици Му припишуваат.

**101.** Кога Ние заменуваме еден ајет со друг – а Аллах најдобро знае што објавува – тие велат: „Ти само измислуваш!“ А не е така, туку повеќето од нив не знаат.

**102.** Кажи: „Мелекот Џибрил со вистината го објавува од Господарот твој, за уште повеќе да ги зацврсти верниците во верувањето, и да биде патоказ и радосна вест за сите муслимани.“

**103.** Ние добро знаеме дека тие велат: „Го подучува еден човек!“ Јазикот на тој поради кого

[156] Малубројните арапски племиња во предисламското време се ставале под заштита на многубројните и посилните племиња, но штом ќе наишле на уште посилно племе, ќе го прегазеле зборот и ќе се ставеле под заштита на посилните.

тие погрешно говорат е јазик на туѓинец, а овој Куран е на јасен арапски јазик.[157]

**104.** На тие што не сакаат да веруваат во Аллаховите докази, Аллах сигурно нема да им укаже на Вистинскиот пат, и нив ги чека неиздржливо страдање.

**105.** Се осудуваат лаги да измислуваат само тие кои во Аллаховите зборови не веруваат и тие се вистински лажливци.

**106.** Тој што ќе го негира Аллах откако поверувал во Него, освен ако на тоа биде принуден, а срцето му остане цврсто во верата, го чека Аллаховата казна. Тие на кои неверството им се допаѓало ќе ги стигне Аллаховиот гнев и нив ги чека неиздржливо страдање,

**107.** затоа што повеќе го сакаат животот на овој, а не на оној свет, а Аллах нема да го упати на Вистинскиот пат народот кој не верува.

**108.** Тоа се тие чии срца и слух и вид, Аллах ги запечатил, и тие се навистина немарни;

**109.** тие, без сомнеж, на оној свет ќе бидат изгубени.

**110.** Господарот твој на тие што ќе се иселат, откако биле злоставувани, па потоа ќе се борат и стрпливо сè ќе поднесуваат – Господарот твој навистина потоа, милостив ќе им биде

**111.** на Денот во кој секој човек само за себе ќе се грижи, и во кој на секој човек за делата негови полна награда или казна ќе му се даде, неправда нема да им се стори!

**112.** Аллах како пример наведува град, сигурен и спокоен, на кој во изобилство му доаѓаше храна од сите страни, но кој беше неблагодарен на Аллаховите благодати, па поради тоа што го правеше Аллах му даде да искуси и глад и страв.

**113.** И ним им дојде Пратеник, еден од нив, но тие лажливец го нарекоа, и нив ги стигна казна додека беа неправедни.

**114.** Хранете се со допуштени и убави јадења кои Аллах ви ги дарува и бидете Му благодарни на Аллах за Неговите благодати, ако само Него Го обожувате.

**115.** Тој ви забранува само мрша, крв и свинско месо и тоа што е заклано во нечие друго име, а не во Аллаховото. А на тој што ќе биде принуден, но не од желба, туку само колку гладот да го прекине, Господарот

---

[157] Говореле дека го подучува еден Грк, ковач, кој ковал сабји во Мека.

твој навистина ќе му прости и Милостив ќе биде.

**116.** И не зборувајте лаги со јазиците свои: „Ова е дозволено, а ова забрането“, за така да изнесувате лаги за Аллах. Тие што за Аллах говорат лаги, нема да успеат,

**117.** кратко ќе уживаат, и нив страшно страдање ќе ги чека.

**118.** На Евреите им го забранивме тоа за коешто претходно ти кажувавме; Ние не бевме неправедни кон нив, тие самите на себеси неправда си нанесоа.

**119.** На тие што од незнаење ќе направат лошо дело, па потоа ќе се покајат и ќе се поправат, Господарот твој по тоа сигурно ќе им прости и ќе биде Милостив.

**120.** Ибрахим навистина беше предводник, покорен на Аллах, вистински верник, на Аллах не Му припишуваше здруженици,

**121.** и беше благодарен на благодатите Негови; Тој него го избра и на Правиот пат го упати.

**122.** И му дадовме добро на овој свет, а на оној свет навистина ќе биде меѓу добрите.

**123.** Потоа тебе ти објавивме: „Следи ја верата на Ибрахим, тој имаше чиста вера, на Аллах не Му припишуваше здруженици!“

**124.** Славењето на саботата пропишано им е на тие што имаа различни мислења за неа, и Господарот твој на Судниот ден на нив ќе им пресуди за тоа околу кое се подвоија.

**125.** На патот на Господарот твој мудро и со убав совет повикувај, и со нив на најубав начин дискутирај! Господарот твој ги знае тие што заталкале од Неговиот пат и Тој ги знае тие што се на Вистинскиот пат.

**126.** Ако сакате да возвратите на неправдата, тогаш направете го тоа во толкава мерка колку што ви е направено; а ако се воздржите – тоа е навистина подобро за трпеливите.

**127.** Биди трпелив! Но, трпелив ќе бидеш само со Аллахова помош. И не тагувај по нив, и нека не ти е тешко поради интригите нивни.

**128.** Аллах е навистина на страната на тие што се плашат од Аллах и што се воздржуваат од гревовите и што прават добри дела.

## 17. Поглавје
# Ел Исра
*Ноќното патување*
Мека – 111 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Возвишен нека е Тој што во еден дел од ноќта го пренесе Својот роб од Месџиди Харам[158] во Месџиди Акса[159], чија околина ја благословивме, за да му покажеме некои од Нашите знаци. Тој сѐ слуша и сѐ гледа.

**2.** А на Муса му дадовме Книга и ја направивме Упатство за синовите Израилови: „Наместо Мене – друг господар не земајте,

**3.** о, потомци на тие што со Нух ги носевме!“ Тој, навистина, беше многу благодарен роб.

**4.** И Ние во Книгата им објавивме на синовите Израилови: „Вие навистина двапати на Земјата неред ќе правите и прекумерно arогантни ќе станете.

**5.** Кога ќе дојде времето на првиот од двата нереда, ќе ги испратиме против вас робовите Наши, силно моќни, тие домовите ваши ќе ги прегазат, и ветувањето за казната ќе го исполнат.[160]

**6.** Потоа ќе ви дадеме победа против нив и ќе ви помогнеме со имотите и синовите ваши, и ќе ве направиме многубројни.

**7.** Па ако правите добро, за себе го правите, а ако правите зло, против себе го правите! А кога ќе дојде времето на другиот неред, на лицата ваши тага и јад да остави и во Храмот[161] да влезат како што во него влегле и првиот пат, и до темел да срушат сѐ со што ќе завладеат.

**8.** И Господарот ваш, повторно ќе ви се смилува; ако се вра-

---

[158] Месџиди Харам (ар.) е Светиот Храм во Мека.

[159] Месџиди Акса (ар.) е Светата џамија Ал Акса во Ерусалим.

[160] Се однесува, по својата прилика, на случувањето кога вавилонскиот цар Набукодоносор при крајот на шестиот век п.н.е. ја освоил Палестина, го срушил Храмот во Ерусалим и илјадници Евреи однел во ропство во Вавилон.

[161] Ова се однесува на Соломоновиот храм во Ерусалим. По неговото рушење, Евреите не изразиле желба да го возобноват, па многу подоцна, по ослободувањето на Ерусалим, муслиманите го возобновуваат овој храм кој бил изграден од Божјиот Пратеник Сулејман (Соломон) и ја продолжуваат традицијата на обожувањето на Единиот Бог во него, нарекувајќи го овој храм Месџиди Акса кој постои до ден денешен како трето свето место за муслиманите.

тите ќе се вратиме и Ние. А Џехенемот го направивме затвор за неверниците.

**9.** Овој Куран води кон единиот исправен пат, и на верниците кои прават добри дела им носи радосна вест, дека ги чека награда голема,

**10.** а дека за тие што не веруваат во оној свет подготвивме болно страдање.

**11.** Човекот со својата молба проколнува и благословува; човекот навистина избрзува.

**12.** И Ние ноќта и денот како два знака ги направивме: знакот за ноќта го тргнавме, а знакот за денот видлив го направивме за да можете да ги барате благодатите од Господарот свој и за да го знаете бројот на годините и за да го пресметувате времето, и сè детално објаснивме.

**13.** И на секој човек околу врат ќе му го врземе тоа што ќе го направи, а на Судниот ден книгата отворена ќе му ја прикажеме:

**14.** „Читај ја книгата своја, доволно ти е денес тоа што сметка своја ќе полагаш!“

**15.** Тој што оди по Вистинскиот пат, од тоа само тој ќе има корист, а тој што талка – на своја штета талка, и ниту еден грешник туѓите гревови нема да ги носи! А Ние ниту еден народ не сме казниле, додека Пратеник не сме им испратиле!

**16.** Кога сакаме да уништиме некој народ, на тие кои во него се навикнале на раскош им наредуваме покорност, и тие на развратот му се оддаваат и така ја заслужуваат казната, па тогаш до темел го рушиме!

**17.** И колку само народи после Нух уништивме! А доволно е тоа што Господарот твој ги знае и ги гледа гревовите на робовите Свои.

**18.** На тој што го сака овој свет, Ние бргу му даваме што сакаме и на кого сакаме, но потоа Џехенемот ќе му го подготвиме, каде засрамен и отфрлен ќе се пече.

**19.** А тој што го сака оној свет и се труди да го заслужи, а верник е – трудот на таквите ценет ќе им биде.

**20.** На сите нив, и на едните и на другите, им ги даваме даровите од Господарот твој, а даровите на Господарот твој не му се забранети никому.

**21.** Гледај како на едните им даваме предност над другите; а на оној свет разликата во степените и предностите ќе биде поголема.

**22.** Не здружувај со Аллах некој друг бог, за да не заслужиш осуда и да не останеш без поддршка.

**23.** Господарот твој заповеда само Него да Го обожувате и на родителите добро да им правите. Кога еден од нив двајца, или двајцата, ќе доживеат старост кај тебе, не вели им ни: „Уф!“ – и не кревај го гласот свој кон нив, туку обраќај им се со зборови полни со почит!

**24.** Биди внимателен и покорен кон нив, и кажи: „Господару мој, смилувај им се, тие мене, кога бев дете, ме негуваа!“

**25.** Господарот ваш добро знае што е во душите ваши: ако бидете послушни, па Аллах навистина ќе им прости на тие што се покајуваат.

**26.** Дај му го на роднината правото негово, и на сиромашниот, и на патникот, но не расфрлај се многу,

**27.** бидејќи расипниците се браќа на шејтанот, а шејтанот Му е неблагодарен на Господарот свој.

**28.** А ако мораш од нив да се свртиш, бидејки и самиот од Господарот свој милоста ја бараш и на неа се надеваш, тогаш барем некој убав збор кажи им.

**29.** Не држи ја раката своја стисната, а ни сосема отворена, за прекорот да не го заслужиш и без ништо да останеш,

**30.** Господарот твој му пружа обилно снабдување на тој што сака, а и ја ограничува, затоа што ги знае и ги гледа робовите Свои.

**31.** Не убивајте ги децата свои поради стравот од сиромаштво, и нив и вас Ние ве снабдуваме, бидејќи нивното убивање е навистина голем грев.

**32.** И не приближувајте му се на блудот, бидејќи тоа е разврат, колку лош пат е тоа!

**33.** И не убивајте некого, чие убивање Аллах го забранил, освен кога правдата тоа го изискува! А ако некој, ни крив ни должен е убиен, тогаш на неговиот наследник му даваме власт, но ни тој нека не ја пречекорува границата во убивањето, бидејќи тој, навистина, е помогнат.

**34.** И не доближувајте му се на имотот на сирачето, освен ако сакате да го зголемите, сѐ додека не стане полнолетно. И исполнете ја обврската, затоа што за обврската навистина ќе се одговара.

**35.** И наполнете ја вистинската мерка кога мерите со литар и точно мерете на кантарот! Тоа е подобро и последиците се поубави.

**36.** Не зборувај го тоа што не го знаеш! И слухот, и видот, и разумот – за сето тоа навистина ќе се одговара.

**37.** Не чекори горделиво по земјата, бидејќи земјата не можеш да ја пробиеш, ниту планините во висина да ги достигнеш,

**38.** сето тоа е лошо, кај Господарот твој омразено.

**39.** Тоа е мудроста која Господарот твој ти ја објавува. И не здружувај Му на Аллах друг бог, за да не бидеш фрлен во Џехенемот, прекорен и од милоста Негова оддалечен.

**40.** Зарем вашиот Господар вас со синови ве обдарил, а за Себе мелеците како ќерки ги зел? Вие навистина изговарате крупни зборови.

**41.** Ние во овој Куран објаснуваме, за тие да извлечат поука, но тој само им ја зголемува одбивноста.

**42.** Кажи: „Ако покрај Него постојат други богови, како што велат тие, тогаш тие би го побарале патот до Сопственикот на Аршот.“

**43.** Чист е Тој и со голема висина возвишен над тоа што тие го велат!

**44.** Него Го слават седумте небеса и Земјата, и тие на нив; и не постои ништо што не Го слави, фалејќи Го; но вие не го разбирате славењето нивно. Тој е навистина Благ и многу простува.

**45.** А кога го рецитираш Куранот, помеѓу тебе и тие што не веруваат во ној свет Ние невидлив вел ставаме,

**46.** а на срцата нивни прекривки за да не го разберат, и глуви ги правиме. И кога ти ќе го спомнеш Господарот свој во Куранот, Него Единиот, ги вртат грбовите од одбивноста кон него.

**47.** Ние најдобро знаеме што сакаат тие да чујат кога доаѓаат да те прислушкуваат, и за што шепотат кога насилниците велат: „Вие следите само опседнат човек!“

**48.** Гледаш што зборуваат за тебе, потоа талкаат и не можат да го најдат Вистинскиот пат.

**49.** Тие велат: „Зарем кога во коски и прашина ќе се сториме, навистина како нови суштества ќе бидеме оживеани?“

**50.** Кажи: „Ќе бидете, дури и да сте камења или железо,

**51.** или какво било суштество за кое мислите дека не може да биде оживеано.“ „А кој ќе нè врати во живот?“ – ќе запрашаат тие, а ти кажи: „Тој што и првиот пат ве создаде.“ – а тие пред тебе ќе мавтаат со главите

(негирајќи) и ќе запрашаат: „Кога тоа?“ – Ти кажи: „Можеби набрзо.“

**52.** Ќе биде во Денот кога Тој ќе ве повика, и вие благодарејќи Му, ќе се одѕвиете, и само уште малку време да останевте, ќе помислите.

**53.** Кажи им на робовите Мои да зборуваат само убави зборови, бидејќи шејтанот би можел да посее непријателство помеѓу нив, шејтанот е навистина човеков отворен непријател.

**54.** Господарот ваш најдобро ве познава: ако сака, Тој ќе ви се смилува или ако сака, на маки ќе ве стави. А Ние тебе не ти дадовме власт над нив.

**55.** Господарот твој најдобро ги познава тие на небесата и тие на Земјата; Ние едните веровесници над другите ги одликувавме, а на Давуд, Зебурот му го дадовме.

**56.** Кажи: „Молете им се на тие, кои покрај Него ги сметате за божества, па тие нема да можат од неволјата да ве ослободат, ниту да ја пренасочат.“

**57.** Тие на коишто овие им се молат, самите бараат начин како што повеќе да Му се приближат на својот Господар, и се надеваат на милоста Негова и се плашат од казната Негова. А од казната на Господарот твој секој треба да се чува.

**58.** И не постои ниту една населба која Ние пред Судниот ден нема да ја уништиме или на тешка мака да ја изложиме; тоа е запишано во Книгата.

**59.** А да не праќаме чуда, нè задржува само тоа што ни древните народи во нив не поверуваа; на Семуд како видливо чудо камила му дадовме, но тие во неа не поверуваа. А чудата ги праќаме само за да заплашиме.

**60.** И кога ти рековме: „Сите луѓе Господарот твој ги опфаќа[162], а сонот што ти го покажавме и проколнатото дрво[163], во Куранот спомнато, искушение се за луѓето“, ние ги заплашуваме, но ним само им се зголемува и онака големата осиленост.

**61.** И кога им рековме на мелеците: „Поклонете му се на

[162] Т.е. пред самата битка на Бедр си сонувал дека многубошците ќе бидат поразени, тоа си им го говорел на верниците и си ги бодрел, а за тоа слушнале и многубошците и им се потсмевале на твоите зборови.

[163] Дрвото Зекум е дрво кое расте во Џехенемот. Многубошците им се смееле на овие ајети, не можеле да веруваат дека Аллах е способен во џехенемскиот оган да создаде дрво со чии плодови ќе се хранат жителите на Џехенемот.

Адем!" – тие сите се поклонија, освен Иблис. „Зарем да му се поклонам на тој што Ти го создаде од глина?" – рече.

**62.** „Кажи ми," – рече потоа – „еве ти го овој што над мене го воздигна: ако ме оставиш до Крајот на светот, сигурно над потомството негово ќе завладеам, освен над малкумина.

**63.** „Заминувај!" – рече Тој. „На тие кои тебе ќе те следат, а и тебе, џехенемската казна, ќе ви биде полна казна.

**64.** И заведувај со гласот свој кого можеш и тргни кон нив со својата коњаница и со својата пешадија, и биди им партнер во имотот, и во децата,[164] и давај им ветувања, – а шејтанот само ги мами –

**65.** но ти, навистина, нема да имаш никаква власт над робовите Мои!" А Господарот твој е доволен за заштитник!

**66.** Господарот ваш поради вас ги придвижува бродовите по морето, за да ги барате Неговите благодати, Тој е, навистина, милостив кон вас.

**67.** Кога ќе ве снајде неволја на море, тогаш ги нема тие на кои вообичаено им се молите, постои само Тој. А кога Тој на копното ќе ве спаси, вие се свртувате (од Него); човекот секогаш е неблагодарен!

**68.** Зарем сте сигурни дека Тој нема во земја да ве втера или дека против вас песочна бура нема да испрати, и дека тогаш нема да си најдете заштитник?

**69.** Или, зарем сте сигурни дека Тој нема по вторпат на море да ве изнесе, и бура на вас да испрати и да ве потопи поради тоа што сте биле неблагодарни? Тогаш не би нашле никого кој поради вас би нѐ повикал Нас на одговорност.

**70.** Ние навистина ги одликувавме синовите на Адем: им дадовме по копно и по море да патуваат, и ги снабдивме со вкусни јадења, и им дадовме големи предности над мноштвото кои сме ги создале.

**71.** А на Денот кога ќе ги повикаме сите луѓе со предводникот нивен, тие на кои ќе им се даде книгата нивна во десната рака, ќе ги читаат книгите свои и нема да им биде направена ниту тронка неправда;

---

[164] Партнер во имотот – доколку имотот се стекнува на недозволен начин, партнер во децата – доколку пред интимниот однос помеѓу мажот и жената не се спомнува Аллаховото име.

**72.** тој што на овој свет бил слеп, ќе биде слеп и на оној и уште подалеку ќе заталка.

**73.** И за малку тие да те одвратат од тоа што Ние ти го објавуваме, за против Нас нешто друго да изнесеш, и тогаш тие би те сметале за пријател.

**74.** А да не те направивме цврст, за малку ќе им се приклонеше,

**75.** и тогаш навистина ќе ти дадевме да искусиш двојна мака во животот и двојно страдање по смртта; тогаш не би нашол никого кој против Нас би ти помогнал.

**76.** А за малку да те придвижат да излезеш од земјата[165] за од неа да те избркаат, но тогаш ни тие не би останале долго по тебе,

**77.** бидејќи така беше со сите тие кои Пратениците ги протераа, кои пред тебе ги пративме, и ниту ти нема да наидеш на отстапување од Нашиот закон.

**78.** Извршувај го намазот (молитвата) кога Сонцето од половина небо ќе тргне, па до ноќната темнина, и намазот в мугри, бидејќи на намазот в мугри многумина[166] присуствуваат.

**79.** И помини дел од ноќта во намаз – тоа е само твоја нафила[167]; Господарот твој на оној свет ќе ти го подари местото достојно за благодарност.

**80.** И кажи: „Господару мој, воведи ме со воведот на Вистината и изведи ме со исходот на Вистината! И дарувај ми од Себе сила која ќе ми помогне!“

**81.** И кажи: „Дојде вистината, а исчезна лагата; лагата навистина исчезнува!“[168]

**82.** Ние во Куранот го објавуваме тоа што е лек и милост за верниците, а на неверниците тој само им ја зголемува пропаста.

**83.** Кога на човекот некаква благодат му даруваме, тој се свртува и арогантно се оддалечува, а кога ќе го снајде злото, тогаш очајува.

**84.** Кажи: „Секој постапува според своето убедување, а само Господарот ваш знае кој е на Вистинскиот пат.“

---

[165] Од Мека.

[166] Присуствуваат голем број мелеци (ангели) кои потоа се воздигнуваат кон Господарот известувајќи Го кој присуствувал.

[167] Нафила (ар.) – необврзувачко богоугодно дело.

[168] Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, ги изговорил овие зборови кога наредил да се остранат идолите и киповите од Ќаба и околу Ќаба.

**85.** Те прашуваат за душата. Кажи: „Душата е нешто што само мојот Господар го знае, а вам ви е дадено само малку знаење."

**86.** А да сакаме, Ние би направиле да исчезне тоа што сме ти го објавиле, и ти, потоа, не би нашол никого, кој против Нас би ти помогнал,

**87.** но, Господарот твој е милостив кон тебе и Неговата добрина кон тебе, навистина е голема.

**88.** Кажи: „Кога сите луѓе и џини би се здружиле да сочинат еден ваков Куран, тие, каков што е тој, не би сочиниле, па дури и взаемно да си помагаат.

**89.** Ние во овој Куран на луѓето им објаснуваме секакви примери, но мноштвото луѓе воопшто не сакаат да веруваат.

**90.** И велат: „Нема да ти веруваме сè додека од земјата извор со вода не ни изведеш

**91.** или ако имаш градина од палми и лоза, и низ него од сите страни реки да изведеш,

**92.** или додека на нас небото во парчиња не го собориш, како што тврдиш, или сè додека Аллах и мелеците пред нас не ги донесеш,

**93.** или ако имаш куќа од злато или додека на небото не се искачиш, а нема ни да ти веруваме дека си се искачил сè додека не ни ја донесеш Книгата да ја читаме." Кажи: „Возвишен нека е Господарот мој! Зарем јас не сум само човек, Пратеник?"

**94.** А луѓето, кога им доаѓала објавата, од верувањето ги одвраќало само тоа што говореле: „Зарем Аллах испратил човек како Пратеник?"

**95.** Кажи: „Кога мелеците смирено би оделе на Земјата, Ние од небото за Пратеник би им испратиле мелек."

**96.** Кажи: „Аллах ни е доволен сведок и мене и вам, бидејќи Тој ги знае и ги гледа робовите Свои.

**97.** А кого Аллах ќе го упати – тој е навистина упатен, а тој што ќе го заблуди – на нив, освен Него, нема да им најдеш заштитници. Ние на Судниот ден ќе ги собереме со лицата кон земјата свртени, слепи, неми и глуви; живеалиштето нивно ќе биде Џехенемот; кога ќе им се намали пламенот, ќе им го зголемиме огнот.

**98.** Тоа ќе им биде казна бидејќи во Нашите докази не веруваа и велеа: „Зарем кога ќе станеме коски и прав, ќе бидеме оживеани како нови созданија?"

**99.** Зарем тие не знаат дека Аллах, Создателот на небесата и на Земјата, е способен да создаде слични на нив и дека веќе им го определил Часот на оживувањето, во кој нема сомнеж? Но насилниците само негираат.

**100.** Кажи: „Кога вие би ги поседувале ризниците од милоста на Господарот мој, и тогаш би биле скржави од страв да не потрошите; човекот секогаш е скржав."

**101.** Ние на Муса девет јасни знаци му дадовме, па запрашај ги синовите Израилови кога тој на предците нивни им дојде и кога фараонот му рече: „Јас мислам, о, Муса, дека ти си навистина маѓепсан."

**102.** А Муса одговори: „Ти добро знаеш дека ова не го дал никој друг туку Господарот на небесата и на Земјата, како јасни знаци, и јас мислам дека ти, о, фараону, сигурно ќе настрадаш."

**103.** Фараонот одлучи да ги избрка од земјата, па ние го потопивме и него и тие што беа со него – сите,

**104.** и потоа им рековме на синовите Израилови: „Населете се на земјата, па кога Крајот на светот ќе дојде, ќе ве донесеме измешани."

**105.** Ние Куранот со Вистината го спуштаме, и тој со Вистината се симнува. А тебе те испративме со цел радосни вести да донесуваш и да опоменуваш.

**106.** И како Куран, сè дел по дел ти го објавуваме, за на луѓето малку по малку да им го кажуваш, и по потреба го објавуваме.[169]

**107.** Кажи: „Било да верувате во него или да не верувате, на тие на кои пред неговото објавување им е дадено знаење, паѓаат со лицата на тлото, извршувајќи сеџда, кога тој им се чита,

---

[169] Тука се објаснува начинот на објавувањето на Куранот во низа од 23 години, колку што траела и мисијата на последниот Божји Пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Тоа значи дека не е објавен одеднаш како книга, туку како практично упатство за начинот на живот на верниците преку праксата на Пратеникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Оттука, Куранот не е само теорија, туку упатство за уредување на животот на единката, но и на животот на цело едно општество, покажано и протолкувано преку праксата на најдоследниот пример на Веровесникот Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

**108.** и велат: „Возвишен нека е Господарот наш, ветувањето на Господарот наш се исполни!“[170]

**109.** и паѓаат со лицето на тлото, и тој им ја зголемува стравопочитта.

**110.** Кажи: „Повикувајте: ‚Аллаху!‘, или повикувајте: ‚Семилосен!‘, а како и да Го повикувате, Неговите имиња се најубави.“ Не изговарај го Куранот со сиот глас кога го извршуваш намазот (молитвата), а и не пригушувај го; барај ја средината во тоа.

**111.** И кажи: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах Кој нема дете и Кој во власта нема ортак, и на Кој не му треба заштитник поради немоќ – и величај Го со сета величественост!

## 18. Поглавје

# Ел Кехф

*Пештера*

Мека – 110 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Сета благодарност Му припаѓа на Аллах Кој на Својот роб му ја објавува Книгата, и не ја дал искривена, туку

**2.** исправна, за со тешката казна, која Тој ќе ја даде, да опомене, а верниците кои прават добри дела, со прекрасна награда да ги израдува,

**3.** во која вечно ќе престојуваат,

**4.** и да ги опомене тие што велат: „Аллах си присвоил син.“

**5.** Тие ништо не знаат за тоа, а ни предците нивни. Колку крупни зборови излегуваат од устите нивни! Тие не говорат ништо, освен лаги!

**6.** Па зарем ти поради нив од тага потиштен ќе бидеш, ако тие не сакаат да поверуваат во овој говор?!

**7.** Сѐ што е на Земјата Ние како украс го создадовме за да ги искушаме луѓето кој од нив поубаво ќе постапува,

[170] Т.е. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, дошол и Куранот се објавува како што е навестено во Библијата.

**8.** а Ние неа гола лединка ќе ја направиме.

**9.** Мислиш ли дека само жителите на пештерата и Реким беа чудо меѓу чудата Наши?

**10.** Кога неколку момчиња во пештерата се засолнија и рекоа: „Господару наш, подари ни ја Својата милост и пружи ни во оваа наша постапка вистинско упатство."

**11.** Ние во пештерата длабоко ги заспавме за долга низа години,

**12.** потоа ги разбудивме за да покажеме која од двете групи подобро ќе оцени колку време престојувале.

**13.** А Ние тебе ти ја кажуваме веста нивна според Вистината. Тоа беа момчиња, веруваа во Господарот свој, а Ние Упатството уште повеќе им го зголемивме.

**14.** Ги зајакнавме нивните срца кога се кренаа и рекоа: „Господарот наш е Господар на небесата и на Земјата, ние, покрај Него, нема на друг бог да му се молиме, бидејќи тогаш тоа што е далеку од вистината би го говореле.

**15.** Овој наш народ, покрај Него, други богови прифатил. Зошто за нив јасен доказ не донесат? А има ли понеправеден од тој што за Аллах изнесува невистина?"

**16.** Кога ќе ги напуштите нив и тие кои, покрај Аллах, ги обожуваат, засолнете се во пештерата. Господарот ваш со Својата милост ќе ве облие и за вас, тоа што ќе ви биде корисно, ќе ви го подготви.

**17.** И ти можеше да видиш како Сонцето, кога се раѓа, ја обиколува пештерата од десната страна, а кога заоѓа, ја обиколува од левата страна, а тие беа во средината нејзина.[171] Тоа е Аллахов доказ! Кого Аллах ќе го упати – тој е навистина упатен, а кого ќе го заблуди, ти нема да му најдеш заштитник ниту упатувач.

**18.** И ќе помислеше дека се будни, но тие спиеја; и Ние ги вртевме час на десната, час на левата страна, а кучето нивно, со испружени предни шепи, лежеше на влезот; да ги видеше, од нив ќе избегаше и страв ќе те фатеше.

---

[171] Пештерата била на север, а влезот бил свртен кон југ, па врз основа на тоа произлегува дека десната страна на пештерата била на запад, а левата на исток. Кога Сонцето изгрева, неговите зраци влегуваат во пештерата и ја исполнуваат нејзината западна страна, а кога заоѓа, неговите зраци ја исполнуваат нејзината источна страна.

**19.** И Ние, исто така, ги разбудивме, за меѓусебно да се запрашаат. „Колку време останавме тука?“ – запраша едниот од нив. „Останавме ден или дел од денот.“ – одговорија. „Господарот ваш најдобро знае колку сте останале.“ – рекоа. „Испратете еден од вас со овие ваши сребреници во градот, и нека види каде јадењето е најчисто и од него нека ви донесе храна и нека биде внимателен, и никому нека не зборува ништо за вас,

**20.** бидејќи, ако тие дознаат за вас, ќе ве каменуваат или со сила во верата своја ќе ве внесат, и тогаш тоа што го сакате никогаш нема да го постигнете!“

**21.** И Ние така сторивме тие за нив да дознаат, за да се уверат дека Аллаховото ветување е вистинито и дека во часот на оживувањето нема никаков сомнеж. Кога меѓу себе за нив се расправаа, рекоа: „Изградете ограда на нејзиниот влез, Господарот нивен најдобро знае кои се тие.“ А тогаш тие, чиишто зборови најмногу се почитуваа, рекоа: „На нејзиниот влез ќе направиме светилиште!“

**22.** Некои ќе речат: „Беа тројца, кучето нивно беше четврто“, а некои ќе речат: „Беа петмина, кучето нивно беше шесто“, нагаѓајќи го тоа што не го знаат, додека некои ќе речат: „Беа седуммина, а кучето нивно осмо.“ Кажи: „Господарот мој најдобро го знае нивниот број, само малкумина тоа го знаат. Затоа не расправај за нив, освен површно, и не прашувај за нив никого од нив!“

**23.** И за што било немој никако да кажеш: „Тоа сигурно ќе го направам утре!“ – не додавајќи:

**24.** „Ако даде Бог!“[172] А кога ќе заборавиш, сети се на Господарот свој и кажи: „Господарот мој ќе ме упати на тоа што е подобро и покорисно од ова.“

**25.** А тие во пештерата своја останаа триста и уште девет години.[173]

**26.** Кажи: „Аллах најдобро знае колку останале; тајните на небесата и на Земјата само Тој ги знае. Како Тој гледа сѐ, како Тој слуша сѐ! Тие немаат друг заштитник освен Него, а Тој не придружува никого во власта Своја.“

---

[172] Иншаллах (ар.).

[173] Би сакале тука да спомнеме уште една Божја мудрост при наведувњето на годините. Имено, 300 сончеви години се еквивалентни на 309 лунарни години, па затоа се спомнати 300 и 9, за да биде точно според двете мерења на времето.

**27.** А ти кажувај го од Книгата на Господарот свој тоа што ти се објавува, на Неговите зборови им нема изменувач, и ти, освен кај Него, нема да најдеш никакво прибежиште.

**28.** Биди трпелив покрај тие што на Господарот свој Му се молат изутрина и навечер со копнеж за лицето Негово, и не спуштај ги очите свои од нив со желба за сјај во животот на овој свет, и не слушај го тој чиешто срце да Нè спомнува невнимателно го направивме, кој страста своја ја следи и чиишто постапки се далеку од разумни.

**29.** И кажи: „Вистината доаѓа само од Господарот ваш, па кој сака нека верува, а кој сака нека не верува!“ Ние на неверниците им подготвивме Оган чијшто пламен од сите страни ќе ги опфаќа; ако побараат помош, ќе им се помогне со течност слична на растопена ковина која лицата ќе ги испече. Колку ужасен напиток и колку грозно престојувалиште!“

**30.** Тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават – Ние навистина нема да дозволиме да им пропадне наградата за добрите дела –

**31.** сигурно ги чекаат едenски градини, низ кои реки течат, и во нив со белегзии од злато ќе се украсуваат и во зелени алишта од свила и кадифе ќе се облекуваат, во нив на диваните потпрени ќе бидат. Колку прекрасна награда и колку прекрасно престојувалиште!

**32.** И наведи им како пример два човека: на едниот од нив две градини со лоза засадена му дадовме и со палми ги обиколивме, а меѓу нив ниви поставивме.

**33.** Двете градини својот плод го даваа, ништо не недостасуваше, а низ нив река спроведовме.

**34.** Тој и други плодови имаше, и на другарот свој му рече, додека со него разговараше: „Побогат сум од тебе и со подобро потекло!“,

**35.** и влезе во градината своја, правејќи си насилство на себеси, велејќи: „Не мислам дека овој некогаш ќе пропадне,

**36.** и не мислам дека Крајот на светот некогаш ќе дојде; а ако Му бидам вратен на Господарот свој, сигурно нешто подобро од ова ќе најдам.“

**37.** И другарот негов му рече, додека со него разговараше: „Зарем не веруваш во Тој што од земја те создал, потоа од капка

seme, и на крајот потполн човек те направил?

**38.** Што се однесува до мене, Тој, Аллах, е мој Господар и јас на Господарот свој не Му здружувам никого.

**39.** А зошто, кога во градината влезе, не рече: ‚МашаАллах! Моќта Му припаѓа само на Аллах!‘ Ако гледаш дека кај мене има помалку богатство и помалку род отколку кај тебе, па Господарот мој може уште подобра градина од твојата да ми даде,

**40.** а на твојата невреме од небото да испрати, па да остане само лизгава лединка, без ништо,

**41.** или водата во понор да се слее, па да не можеш никогаш да ја пронајдеш.“

**42.** И пропаднаа плодовите негови и тој почна да ги крши рацете свои, жалејќи за тоа што во неа го вложил, а лозата беше нависната врз потпирачите свои, и (тој) велеше: „Камо среќа на мојот Господар никогаш да не Му припишував здруженик!“

**43.** И немаше никој да може да му помогне, освен Аллах, а самиот на себеси не можеше да си помогне.

**44.** Тогаш може да помогне само Аллах, Вистинитиот, Тој ја дава најдобрата награда и прави сѐ на најубав начин да се заврши.

**45.** Наведи им како пример, дека животот на овој свет е како растение, кое и после натопувањето со вода, која Ние од небото ја спуштаме, сепак останува суво и ветровите го разнесуваат. А Аллах може сѐ.

**46.** Имотот и синовите се украс во животот на Овој свет, а добрите дела кои остануваат, подобри се кај Господарот твој според наградата и подобри според надежта.

**47.** На денот кога планините ќе ги отстраниме и кога ќе ја видиш Земјата потполно видлива, а нив веќе ги собравме, ниту еден не пропуштивме,

**48.** тие пред Господарот твој во редови ќе бидат наредени: „Ни дојдовте така како што и првиот пат ве создадовме, а тврдевте дека нема да ви одредиме време за оживување.“

**49.** И Книгата ќе биде поставена и ќе ги видите грешниците преплашени поради тоа што е во неа. „Тешко нам!“ – ќе зборуваат – „Каква е оваа книга, ни мал ни голем грев не пропуштила, сѐ набројала?!“ – И ќе го видат запишано тоа што го правеле. Господарот твој нема никому да му направи неправда.

**50.** И кога им рековме на мелеците: „Поклонете му се на Адем на сеџда!“ – сите се поклонија освен Иблис, тој беше еден од џините и затоа згреши кон заповедта на Господарот свој. Па зарем него и потомците негови, покрај Мене, како пријатели ќе ги прифатите, кога тие ви се непријатели? Колку е шејтанот лоша замена за насилниците!

**51.** Јас не ги зедов нив за сведоци во текот на создавањето на небесата и на Земјата, ниту во текот на создавањето на нив самите, и за помагачи не ги земав тие кои на погрешниот пат упатуваат.

**52.** И на Денот кога Тој ќе каже: „Повикајте ги тие за кои тврдевте дека се Мои ортаци“, и кога ќе ги повикаат, тие нема да им се одѕвијат и Ние меѓу нив ќе направиме место за пропаста.

**53.** И грешниците ќе го здогледаат Огнот, и ќе се уверат дека во него ќе паднат и нема да можат да го избегнат.

**54.** Ние во овој Куран на разни начини им објаснуваме на луѓето различни примери, но човекот, повеќе од кој било друг е спремен да расправа.

**55.** А луѓето, кога им доаѓа упатството, ги одвраќа од верувањето и од тоа на Господарот свој да Му се молат за прошка само затоа што ја очекуваат судбината на древните народи или што чекаат да им дојде казната пред нив.

**56.** Ние ги праќаме Пратениците, само за да носат радосни вести и да опоменуваат. А неверниците се расправаат, служејќи се со невистини, за со тоа да ја негираат Вистината, и се исмејуваат со Моите докази и со Моите опомени.

**57.** Има ли понеправеден од тој што кога со доказите на Господарот свој се опоменува, е немарен кон нив, а го заборава тоа што рацете негови го направиле?! Ние на срцата нивни прекривки ставаме за Куранот да не го сфатат, а во ушите нивни глувост; и ако ти кон Вистинскиот пат ги повикаш, тие, кога се такви, никогаш нема на Вистинскиот пат да појдат.

**58.** Господарот твој многу простува и неизмерно е Милостив. Да ги казнува за тоа што го заслужуваат, Тој веднаш на мака би ги ставил. Но, нив ги чека одредениот Час, од кој нема да најдат прибежиште.

**59.** А тие села и градови ги уништивме откако жителите нивни сторија насилство и за

пропаста нивна точно време одредивме.[174]

**60.** И кога Муса му рече на сопатникот свој: „Ќе одам, сè додека не стигнам до местото каде што се спојуваат двете мориња, или долго, долго ќе одам.“[175]

**61.** И кога тие двајцата стигнаа до местото на кое тие (морињата) се спојуваат, заборавија на рибата своја, па таа во морето си направи пат.

**62.** А кога се оддалечија, Муса му рече на сопатникот свој: „Дај ни ја ужината наша, бидејќи се изморивме од нашиов пат.“

**63.** „Види!“ – рече тој – „Кога застанавме кај онаа карпа, јас ја заборавив рибата – самиот шејтан направи да ја заборавам, да не ти ја спомнам – па таа на чуден начин тргна кон својот пат во морето!“

**64.** „Е, тоа е тоа што го бараме!“ – рече Муса, и тие двајца се вратија по патот по кој дојдоа,

**65.** и најдоа еден Наш роб, на кого милоста Наша му ја подаривме и за тоа што само Ние го знаеме, го научивме.

**66.** „Може ли да те придружувам?“ – запраша Муса – „но да ме подучиш на тоа со кое си ти исправно подучен.“

**67.** „Ти сигурно нема да можеш со мене да се стрпиш,“ – рече тој –

**68.** „а како би се стрпел за тоа за што ништо не знаеш?“

**69.** „Ќе видиш дека ќе бидам трпелив, ако даде Бог,“ – рече Муса – „и дека нема во ништо да ти се спротивставувам.“

**70.** „Ако веќе сакаш да ме придружуваш,“ – рече тој – „тогаш за ништо не ме прашувај сè додека за тоа јас прв не ти кажам.“

**71.** И тие двајца тргнаа. И кога влегоа на бродот, тој го продупчи. „Зарем го продупчи за да ги потопиш тие што со него пловат? Ти направи нешто, навистина лошо.“

**72.** „Не реков ли јас,“ – рече тој – „дека ти навистина нема да можеш да се стрпиш со мене?“

**73.** „Не ме критикувај за тоа што го заборавив,“ – рече – „и не прави во оваа моја работа тешкотија да ме снаоѓа.“

---

[174] Т.е. селата и градовите на Нуховот, Худовиот, Салиховиот и Лутовиот народ.

[175] Муса, мир над него, во една прилика Го замолил Возвишениот Аллах да му покаже човек кој го знае тоа што тој не го знае, па Аллах му наредил да тргне на пат, а тој човек ќе го најде на местото каде се составуваат двете мориња.

**74.** И тие двајцата тргнаа. И кога сретнаа едно момче, па тој го уби, Муса рече: „Зошто го уби безгрешното дете кое никого не убило? Ти направи нешто, навистина, многу лошо.“

**75.** „Нели ти реков,“ – рече тој– „дека ти нема да можеш да се стрпиш со мене?“

**76.** „Ако по ова, те прашам за што било,“ – рече – „тогаш немој со мене да се дружиш. Кај мене веќе најде оправдување“.

**77.** И тие двајцата тргнаа; и кога дојдоа до еден град, ги замолија жителите нивни да ги нахранат, но тие одбија да ги нагостат. Тие двајца во градот наидоа на еден ѕид кој само што не се срушил, па тој го исправи. „Можеше,“ – рече Муса – „за него да земеш награда.“

**78.** „Ова е разделба помеѓу мене и тебе,“ – рече тој – „ќе те известам за толкувањето на тоа, поради коешто не можеше да се воздржиш.

**79.** Во врска со бродот, тој е во сопственост на сиромашни луѓе кои работат на море, и јас сакав да го оштетам бидејќи пред нив имаше еден владетел кој го одземаше секој исправен брод.

**80.** Во врска со момчето, родителите негови се верници, па се исплашивме тој да не ги натера на осиленост и на неверување,

**81.** па сакавме Господарот нивен, наместо него, да им даде подобар и почесен од него, и кон сомилоста поприближен.

**82.** А што се однесува до ѕидот, тој им припаѓа на две момчиња, сирачиња од градот, а под него е закопано нивното богатство. Нивниот татко бил добар човек и Господарот твој сака, од милоста Своја, тие да пораснат и да го извадат богатството свое. Сето тоа јас не го сторив по мое мислење. Ете, тоа е толкувањето за тоа за што ти не можеше да се стрпиш“.

**83.** И те прашуваат за Зулкарнејн[176]. Кажи: „За него ќе ви кажам некои вести.

**84.** Ние му дадовме власт на Земјата и му дадовме средство за сè.“

**85.** И тој тргна.

**86.** Кога стигнаа до местото каде што заоѓа Сонцето, виде како да заоѓа во некој матен извор и во близината негова најде еден

---

[176] Зулкарнејн – Некои толкувачи на Куранот сметаат дека станува збор за Александар Велики.

народ! „О, Зулкарнејн," – реков-ме Ние – „или ќе ги казниш или со нив благо ќе постапиш?"

**87.** „Тој што правел насилство" – рече – „ќе го казниме, а потоа на својот Господар ќе Му се врати, па Тој со тешка мака ќе го мачи.

**88.** А на тој што верувал и правел добри дела му припаѓа најубавата награда, и нему ќе му издаваме олеснителни наредби."

**89.** И тој тргна понатаму.

**90.** И кога дојде до местото каде што заоѓа Сонцето, тој виде дека тоа излегува над еден народ на кој Ние не му дадовме од него со што било да се заштити.

**91.** Така беше тоа. А Ние го опфаќаме со знаењето сето тоа што го имаше тој.

**92.** И тој повторно тргна.

**93.** Кога стигна помеѓу две планини, пред нив најде народ кој едвај го разбираше говорот.

**94.** „О, Зулкарнејн," – рекоа тие – „Јеџуџ и Меџуџ[177] прават неред по земјата, па сакаш ли да ти собереме надоместок за помеѓу нас и нив да кренеш преграда?"

**95.** „Подобро е тоа што мојот Господар ми го даде." – рече тој. „Туку, вие само помогнете ми колку можете повеќе и јас помеѓу вас и нив преграда ќе кренам.

**96.** Донесете ми големи парчиња железо." И кога тој ги израмни двете страни на планините, рече: „Дувајте!" А кога го вжешти, рече: „Донесете ми растопен бакар да го истурам".

**97.** И така тие не можеа ниту да ја преминат ниту да ја поткопаат (преградата).

**98.** „Ова е милост од Господарот мој!" – рече тој. „А кога ветувањето на Господарот мој ќе се исполни, Тој со земјата ќе ја срамни, а ветувањето на Господарот мој навистина ќе се исполни."

**99.** И Ние тогаш ќе оставиме едните од нив како бранови да се судираат со другите. И ќе се дувне во рогот, па сите ќе ги собереме.

**100.** Тој ден на неверниците јасно ќе им го покажеме Џехенемот,

**101.** тие чиишто очи беа прекриени со прекривка за Мојата Опомена и кои не можеа да слушаат.

---

[177] Јеџуџ и Меџуџ – Гог и Магог; две племиња. Потомци на пратеникот Адем, мир над него.

**102.** Зарем неверниците мислат дека, покрај Мене, за богови можат да ги земаат робовите Мои? Ние, навистина, за престојувалиште на неверниците им го подготвивме Џехенемот.

**103.** Кажи: „Сакате да ве известам за најголемите губитници на делата,

**104.** чијшто труд во животот на овој свет залуден ќе биде, а кои ќе мислат дека е добро тоа што го прават?“

**105.** Тоа се тие кои во доказите на Господарот свој нема да веруваат и кои ќе негираат дека пред Него ќе излезат; поради тоа трудот нивен залуден ќе биде и на Судниот ден никакво значење нема да им дадеме.

**106.** На нив казна Џехенемот ќе им биде, затоа што неверници беа и што на доказите Мои и на Пратениците Мои им се потсмеваа.

**107.** На тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават – градините на Фирдеусот[178] гостопримство ќе им бидат,

**108.** во нив вечно ќе престојуваат и нема да посакаат со нешто друго да ги заменат.

**109.** Кажи: „Кога морето би било мастило за да се напишат зборовите на Господарот мој, морето би пресушило, но не и зборовите на Господарот мој, па дури и кога би го прошириле со море како него.“

**110.** Кажи: „Јас сум човек како и вие, мене ми се објавува дека вашиот Бог е еден Бог. Па кој се надева на средба со Господарот свој, нека прави добри дела и во обожувањето на Господарот свој нека не Му припишува здруженик.

[178] Фирдеус е централниот и највисокиот дел на Џенетот.

## 19. Поглавје
# Мерјем
*Мерјем*
Мека – 98 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Каф-ха-ја-ајн-сад.

**2.** Ова е спомен за милоста на Господарот твој кон робот Негов Зекерија,

**3.** кога тој тивко го повика Господарот свој,

**4.** и рече: „Господару мој, коските ми ослабнаа и косата ми оседе, а кога сум Ти упатил молба, Господару мој, никогаш не сум останал несреќен.

**5.** Се плашам од роднините мои по крв, после мене, а жена ми е неплодна, затоа подари ми наследник од Себе,

**6.** да ме наследи мене и семејството Јакубово, и стори, Господару мој, да бидеш задоволен од него."

**7.** О, Зекерија, ти јавуваме радосна вест дека ќе ти се роди момченце, името ќе му биде Јахја, пред него никого не сме направиле нему сличен.

**8.** „Господару мој," – рече тој – „како ќе имам син кога жената ми е неплодна, а веќе длабока старост доживеав?"

**9.** „Ете така." – рече. Господарот твој рече: „Тоа Ми е лесно, и тебе претходно те создадов, а ти не беше ништо."

**10.** „Господару мој," – рече – „дај ми некаков знак." „Знак ќе ти биде тоа што три ноќи со луѓето нема да разговараш, а здрав ќе бидеш."

**11.** И тој излезе од михработ кон народот свој и со знак им даде на знаење: „Славете Го наутро и навечер."

**12.** „О, Јахја, прифати ја Книгата одлучно!" – а му дадовме мудрост уште додека беше момче,

**13.** и нежност и крепост, и богобојазлив беше,

**14.** и на родителите свои добар им беше, и не беше дрзок и непослушен.

**15.** И нека е мир над него, на денот кога се роди и на денот кога умре и на денот кога од мртвите ќе стане!

**16.** И спомни ја Мерјем во Книгата: кога од домашните свои, на источна страна се повлече,

**17.** и од нив се прегради, Ние кон неа мелекот Џибрил го пративме и тој ѝ се покажа во лик на совршено создаден маж.

**18.** „Барам заштита кај Семилосниот од тебе, ако од Него се плашиш!" – повика таа.

**19.** „А јас сум токму гласник од Господарот твој,“ – рече тој – „да ти подарам момченце, чисто!“

**20.** „Како ќе имам син“ – рече таа – „кога ниту еден маж не ме ни допрел, а јас не сум блудница?“

**21.** „Тоа е така,“ – рече тој. Господарот твој рече: „Тоа Ми е лесно.“ – и за да го направиме знак на луѓето и милост од Нас. Неговиот случај е веќе однапред одреден.

**22.** И таа го зачна и бремена се тргна некаде далеку.

**23.** И породилните болки ја присилија да дојде до стеблото на една палма. „Камо среќа порано да умрев и целосно во заборав да паднев!“ – повика таа.

**24.** И тој, подолу од неа, ја повика: „Не тагувај, Господарот твој даде подолу од тебе поток да потече.

**25.** Затреси го палминото дрво, ќе истури по тебе урми свежи,

**26.** па јади и пиј и биди весела! А ако видиш некој човек, кажи: „Јас Му се заветував на Семилосниот дека ќе молчам, и денес со никого нема да зборувам“.

**27.** И таа дојде со него кај народот свој, носејќи го. „О, Мерјем!“ – рекоа тие – „нешто нечуено си сторила!

**28.** Еј ти, која според моралот наликуваш на Харун, татко ти не беше никаквец, а ни мајка ти не беше блудница“.

**29.** Таа него им го посочи: „Како да зборуваме со дете во колевка?“ – рекоа тие.

**30.** „Јас сум Аллахов роб,“ – рече тој – „Тој мене Книга ќе ми даде и веровесник ќе ме направи,

**31.** и ќе ме направи благословен каде и да бидам, и ќе ми нареди сè додека сум жив намаз (молитва) да извршувам и зекат да давам,

**32.** и кон својата мајка добар да бидам, а нема да ме направи силник, несреќник.

**33.** И нека е мир над мене, на денот кога се родив и на денот кога ќе умрам, и на денот кога од мртвите ќе бидам оживеан.“

**34.** Тоа е Иса, синот Мерјемин, тоа е реалната вистина за него, тој во кого тие се сомневаат.

**35.** Незамисливо е Аллах да има дете, Возвишен е тој! Кога нешто ќе одреди, Тој за тоа само ќе каже: „Биди!“ – и тоа бидува.

**36.** Аллах е и мој и ваш Господар, затоа обожувајте Го само Него! Ова е Правиот пат.

**37.** И следбениците на Книгата во мислењето за него се разделија, па тешко на тие што не

веруваат кога на Денот голем ќе бидат присутни.

**38.** Колку добро ќе чујат и колку добро ќе видат тој Ден кога ќе Ни дојдат! А насилниците се сега во очигледна заблуда!

**39.** И предупреди ги со Денот на тагата, кога со полагањето на сметката ќе биде завршено, а тие се во немар и тие не веруваат.

**40.** Ние ќе ги наследиме Земјата и тие што живеат на неа и тие Нам ќе Ни се вратат.

**41.** Спомни го Ибрахим во Книгата! Тој беше вистинољубив, веровесник.

**42.** Кога му кажа на таткото свој: „О, Татко мој, зошто го обожуваш тој што ниту слуша ниту гледа, ниту може од каква било корист да ти биде?

**43.** О, татко мој, мене ми доаѓа знаењето, а не тебе; затоа мене следи ме, и јас на Вистинскиот пат ќе те упатам.

**44.** О, татко мој, не му се покорувај на шејтанот, шејтанот секогаш Му е непослушен на Семилосниот.

**45.** О, татко мој, се плашам да не те стигне казна од Семилосниот, па да му бидеш пријател на шејтанот.

**46.** Неговиот татко рече: „Зарем ги мразиш божествата мои, о, Ибрахиме? Ако не престанеш, со камења ќе те изборкам, затоа напушти ме на подолго време.“

**47.** „Мир со тебе!“ – рече Ибрахим. „Ќе Го молам Господарот свој да ти прости, затоа што Тој е многу добар кон мене.

**48.** И ќе ве напуштам и вас и сите тие што ги обожувате покрај Аллах, и Господарот свој ќе Го молам; се надевам дека нема да бидам несреќен во молбата кон Господарот мој.“

**49.** Бидејќи ги напушти нив и тие кои, освен Аллах, ги обожуваа, Ние Исхак и Јакуб му ги подаривме, и двајцата ги направивме веровесници,

**50.** и секакво добро им подаривме и направивме да бидат фалени и по добро спомнувани.

**51.** И спомни го Муса во Книгата! Тој беше одбран и беше Пратеник, веровесник.

**52.** Ние од десната страна на Тур го викнавме и кон Себе го приближивме, да ги слушне зборовите Наши,

**53.** и му го подаривме од милоста Наша, како веровесник, братот негов Харун.

**54.** И спомни го Исмаил во Книгата! Тој го исполнуваше даденото ветување и беше Пратеник, веровесник.

**55.** Му наредуваше на семејството свое намаз (молитва) да извршува и зекат да дава, и Господарот негов беше задоволен од него.

**56.** И спомни го Идрис[179] во Книгата! Тој беше вистинољубив, веровесник,

**57.** и Ние на високо место го кренавме.

**58.** Тоа се веровесниците коишто Аллах со благодати ги обсипал, потомци на Адем и на тие кои со Нух ги носевме, и потомци на Ибрахим и Израил, и на тие кои ги упативме и ги одбравме. Кога ајетите на Семилосниот им се рецитираа, тие на сеџда се спуштаа и плачеа.

**59.** Нив ги сменија поколенија, кои намазот (молитвата) го напуштија и по страстите тргнаа; тие пропаста ќе ја сретнат;

**60.** со исклучок на тие што се покајаа, и веруваа, и добро правеа, на нив никаква неправда нема да им се направи, тие во Џенетот ќе влезат.

**61.** Во еденските градини кои Семилосниот на робовите Свои им ги вети затоа што во нив верувале, а не ги виделе, а ветувањето Негово, навистина ќе се исполни,

**62.** во нив празни приказни нема да слушаат, туку само: „Мир!" – и во ив наутро и навечер снабдувани ќе бидат.

**63.** Ќе му дадеме таков Џенет да наследи на тој, од робовите Наши, кој од гревовите ќе се чува.

**64.** А ние[180] слегуваме само по наредба на Господарот твој. Нему Му припаѓа тоа што е пред нас и тоа што е зад нас, и тоа што е помеѓу. А Господарот твој не заборава.

**65.** Тој е Господар на небесата и на Земјата и на тоа што е помеѓу нив, затоа само Него обожувај Го и истрај во тоа! Дали знаеш некого кој Му е сличен?

**66.** Човекот вели: „Зарем, откако ќе умрам, навистина оживеан ќе бидам?"

**67.** А зарем човекот не се сеќава дека уште претходно го создадовме, а дека не беше ништо?

**68.** Се колнам во Господарот твој, Ние и нив и шејтаните ќе

---

[179] Идрис – Старозаветниот пророк Енох. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

[180] Се однесува на Џибрил и на останатите мелеци.

ги собереме, потоа ќе ги донесеме околу Џехенемот на коленици да клечат,

**69.** а потоа од секоја група ќе ги издвоиме тие што беа најдрски кон Семилосниот,

**70.** бидејќи Ние најдобро ги знаеме тие што најмногу заслужија во него да горат.

**71.** И секој од вас до него ќе стигне! Господарот твој сигурно така се обврза!

**72.** Потоа ќе ги спасиме тие што се чуваа од гревот, а насилниците ќе ги оставиме во него на коленици да клечат.

**73.** Кога нашите јасни ајети им се цитираа, тогаш тие што не веруваа им говореа на тие што веруваа: „Која од овие две групи е со подобри домови и со поубави собиралишта?“[181]

**74.** А колку народи пред нив Ние уништивме, кои со богатство и со изглед беа подобри?!

**75.** Кажи: „На тој што е во заблуда, Семилосниот нека му ја продолжи заблудата!“ – Но кога таквите ќе доживеат опомените да се остварат, било казната, било Крајот на светот, навистина ќе дознаат кој е во полоша состојба и кој има помалку следбеници.

**76.** Аллах ќе им го зголеми упатството на тие што се на Вистинскиот пат! А добрите дела, кои остануваат вечно, од Господарот твој ќе бидат подобро наградени и поубаво возвратени.

**77.** Зарем не си го видел тој што во доказите Наши не верува и вели: „Сигурно ќе ми биде дадено богатство и деца!“

**78.** Тој, или во гајбот продрел или од Семилосниот ветување примил.

**79.** Ниедно! Ние ќе го запишеме тоа што тој го вели и страдањето многу ќе му го продолжиме,

**80.** а тоа за што тој зборува него ќе го наследи и сосема сам ќе Ни се врати.

**81.** И тие покрај Аллах ги прифаќаат божествата да им бидат сила.

**82.** А не чини така! Божествата ќе негираат дека биле обожувани и ќе им бидат противници.

**83.** Зарем не гледаш дека Ние шејтаните им ги праќаме на неверниците за што повеќе на зло да ги наведуваат?

---

[181] Собиралишта – клубови, места за забава и дружење.

**84.** Затоа не барај што побрзо да страдаат, Ние полека деновите им ги одбројуваме.

**85.** Тој Ден кога богобојазливите, како делегација, пред Семилосниот ќе ги собереме

**86.** а кога во Џехенем жедните грешници ќе ги потераме,

**87.** никој за никого нема да може да се зазема, освен тој што од Семилосниот зел ветување!

**88.** Тие велат: „Семилосниот си зел дете за Себе!“

**89.** Вие, навистина, нешто крупно говорите!

**90.** Од тоа небесата само што не се распаднале, а Земјата не се урнала и планините не се здробиле,

**91.** затоа што на Семилосниот Му припишуваат дете!

**92.** А на Семилосниот не Му е потребно да си земе дете!

**93.** Та, сите тие, и тие на небесата и тие на Земјата, ќе Му дојдат на Семилосниот како робови.

**94.** Тој сите ги опфати и точно ги изброја,

**95.** и сите на Судниот ден ќе Му дојдат еден по еден.

**96.** Тие што веруваа и правеа добри дела, Семилосниот сигурно ќе ги направи сакани.

**97.** Ние Куранот го сторивме лесен, на твој јазик, за со него да ги израдуваш тие што од Аллах се плашат и од гревови се чуваат, а да ги опоменеш непопустливите инаетчии.

**98.** А колку само народи пред нив уништивме! Дали кој било од нив гледаш и дали најслабиот нивен глас го слушаш?

20. Поглавје

# Таха

*Та-ха*

Мека – 135 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Та-ха!

**2.** Не го објавуваме Куранот за да се мачиш,

**3.** туку за да му биде поука на тој што се плаши;

**4.** го објавува Создателот на Земјата и на небесата високи,

**5.** Семилосниот, Кој над Аршот се возвиши.

**6.** Негово е тоа што е на небесата и на Земјата, и тоа што е меѓу нив, и тоа што е под земјата!

**7.** Ако ти гласно се молиш, па Тој знае што е тајно и што е најскриено.

**8.** Аллах, нема друг бог освен Него, ги има најубавите имиња.

**9.** А дали ти дојде веста за Муса,

**10.** кога го здогледа огнот, па на семејството свое му рече: „Вие останете тука, јас видов оган, можеби некаков пламен ќе ви донесам или покрај огнот ќе пронајдам некого што патот ќе ми го покаже?“

**11.** А кога дојде до него, некој го повика: „О, Муса!

**12.** Навистина, Јас Сум твојот Господар! Затоа, соблечи ги обувките свои, ти си во благословената долина Тува.

**13.** И те одбрав тебе. Затоа слушај го тоа што ќе ти се објавува!

**14.** Навистина, Јас Сум Аллах! Нема друг бог освен Мене, па Мене обожувај Ме и кога ќе се сетиш на Мене, намазот (молитвата) извршувај го!

**15.** Часот на оживување сигурно ќе дојде, го кријам од секого, кога секој човек според својот труд ќе биде награден или казнет.

**16.** И поради тоа нека не те одвраќа од верувањето во него тој што не верува во него и кој ја следи својата страст, па да бидеш изгубен.

**17.** „А што тие е тоа во десната рака, о, Муса?“

**18.** „Ова е мојот стап,“ – одговори тој – „на кој се потпирам и со кој на овците свои лисја им симнувам, а ми служи и за други потреби.“

**19.** „Фрли го, о, Муса!“ – рече Тој.

**20.** И тој го фрли, кога тој (стапот) – змија која брзо се движи.

**21.** „Земи ја и не плаши се!“ – рече Тој – „Ние ќе ја вратиме во тоа што беше претходно.“

**22.** „И вовлечи ја раката под пазувите свои, раката ќе ти се појави бела, но не болна; и ете, друг доказ,

**23.** за да ти покажеме некое од Нашите чуда.

**24.** Оди кај фараонот, бидејќи тој се осилил!“

**25.** Рече: „Господару мој, распространи ги градите мои,

**26.** и олесни ми ја задачата моја,

**27.** одврзи го јазолот од јазикот мој[182]

**28.** за да го разберат говорот мој,

**29.** и подари ми го за помошник од семејството мое

**30.** Харун, братот мој;

**31.** засили ме со него

**32.** и направи го содружник во задачата моја

**33.** за многу да Те фалиме

**34.** и за многу да Те спомнуваме,

**35.** Ти, навистина, знаеш за нас.“

**36.** „Удоволено ѝ е на молбата твоја, о Муса,“ – рече Тој,

**37.** „а ти ја укажавме милоста Своја уште еднаш,

**38.** кога твојата мајка ја вдахнавме со тоа што само со вдахновение се стекнува:

**39.** „Стави го во сандак и пушти го в река, реката на брегот ќе го исфрли, па и Мојот и неговиот непријател ќе го прифати.“ И врз тебе ја разлеав љубовта Моја и да растеш под окото Мое.

**40.** Кога сестра ти отиде и рече: „Сакате ли јас да ви ја покажам таа што за него ќе се грижи?“ Ние на мајка ти те вративме за да се радува и повеќе да не тагува. А ти уби еден човек, па Ние од грижата те ослободивме и со разни неволји те искушавме, па те спасивме. И ти со години остана меѓу жителите на Медјен, потоа, о, Муса, во одредено време дојде,

**41.** и Јас за Себе те избрав.

**42.** Одете ти и твојот брат, со доказите Мои, и нека не ви ослабне сеќавањето на Мене.

**43.** Одете кај фараонот, тој навистина се осили,

**44.** па со благи зборови говорете му, за да размисли или за да се заплаши.

**45.** „Господару наш,“ – рекоа тие – „се плашиме да не нè стави веднаш на маки или да не се осили.“

**46.** Не плашете се! – рече Тој – Јас Сум со вас, Јас сè слушам и гледам.

---

[182] Односно: „Отстрани ми ја говорната мана – пелтечењето.“

**47.** Одете кај него и кажете: „Ние сме Пратеници од Господарот твој, пушти ги синовите Израилови да одат со нас и немој да ги мачиш! Ти донесовме доказ од Господарот твој, нека живее во мир тој што Вистинскиот пат го следи!

**48.** Нам ни се објавува дека казната сигурно ќе го стигне оној којшто нема да поверува и главата ќе ја сврти.“

**49.** „Па кој е Господарот ваш, о, Муса?“ – запраша фараонот.

**50.** „Господарот наш е Тој што му даде облик на сè, а потоа го упати.“

**51.** „А што е со дамнешните народи?“ – запраша тој.

**52.** „Знаењето за нив е кај Господарот мој, во Книгата!“ – рече Муса. „На Господарот мој ништо не Му е скриено и Тој не заборава.“

**53.** Тој што за вас Земјата постела ја направи и низ неа патишта направи, и Тој од небото спушта дожд, па Ние даваме со нејзина помош во парови да никнуваат разновидни растенија.

**54.** Јадете и пасете го добитокот ваш! Тоа се докази за тие што имаат памет.

**55.** Од земјата ве создаваме и во неа ве враќаме и од неа по вторпат ќе ве изведеме.

**56.** Ние на фараонот сите докази му ги покажавме, но тој сепак негираше и одби да поверува.

**57.** „Зарем дојде со помош на својата магија од земјата наша да нè изнесеш, о, Муса?“ – запраша (фараонот).

**58.** „И ние тебе магија слична на оваа, навистина, ќе ти подготвиме! Закажи ни средба до која и ние и ти ќе се придржуваме, така како што ни одговара и нам и тебе!“

**59.** „Средбата нека биде на денот на вашиот празник,“ – рече Муса – „и народот од изутрина нека се собере.“

**60.** И Фараонот отиде, ги собра магепсниците свои и потоа дојде.

**61.** „Тешко вам!“ – рече Муса. „Не изнесувајте лаги за Аллах, па Тој со казната да ве уништи, а сигурно нема да успее тој што изнесува лаги.“

**62.** И тие, шепотејќи тивко, започнаа за својата работа помеѓу себе да расправаат.

**63.** „Овие двајца се магепсници!“ – им рекоа едните на другите. „Сакаат со магиите свои од земјата ваша да ве изведат и да ја уништат вашата преубава вера:

**64.** затоа лукавството свое паметно подгответе го, а потоа застанете во ред. Кој ќе победи денес, сигурно ќе го постигне тоа што го сака.“

**65.** „О, Муса,“ – рекоа тие – „сакаш ли ти, или ние да фрламе?“

**66.** „Фрлете вие!“ – рече тој, и одеднаш му се пристори дека јажињата нивни и стаповите нивни, поради магијата нивна, се движат.

**67.** И Муса во себе почувствува страв.

**68.** „Не плаши се!“ – рековме Ние. „Ти навистина ќе победиш.

**69.** Само фрли го тоа што ти е во десната рака, ќе го проголта тоа што тие го направија, бидејќи тоа што тие го направија е само магија од магепсниците, а магепсникот нема да успее каде и да оди“.

**70.** И магепсниците се поклонија со лицата до земја, велејќи: „Ние веруваме во Господарот на Харун и на Муса!“

**71.** „Вие му поверувавте,“ – викна фараонот – „пред јас да ви допуштам! Тој е вашиот учител, тој ве научи на магија и јас сигурно ќе ви ги исечам вкрстено рацете ваши и нозете ваши, и по стеблата на палмите ќе ве распнам, и сигурно ќе знаете кој е пострашен и поистраен во мачењето од нас.“

**72.** „Ние нема да те ставиме тебе над јасните докази кои ни дојдоа и над Тој што нè создаде,“ – одговорија тие – „па прави што сакаш, тоа можеш да го правиш само во животот на овој свет.

**73.** Ние веруваме во нашиот Господар за гревовите наши да ни ги прости и магиите на коишто ти нè принуди. А Аллах е подобар и трајно наградува!“

**74.** Тој што пред Господарот свој како злосторник ќе дојде, го чека Џехенем; во него нема ни да умре ни да живее;

**75.** а тие што пред Него како верници ќе дојдат, кои правеле добри дела, нив високи степени ги чекаат,

**76.** еденски градини низ кои реки течат, во нив тие вечно ќе останат, и тоа ќе биде награда за тие што од гревовите ќе се исчистат.

**77.** И Ние му објавивме на Муса: „Изведи ги ноќе робовите Мои и удирајќи со стапот низ морето по сувиот пат помини, не плаши се дека ќе те стигнат или дека ќе се удавиш.“

**78.** А фараонот по нив со војските свои тргна, па ги поклопи од морето тоа што ги поклопи.

**79.** И фараонот народот свој во заблуда го доведе, а на Вистинскиот пат не го изведе.

**80.** О, синови Израилови, Ние од непријателот ваш ве спасивме, и вам од десната страна на Тур место за средба ви одредивме и мана и потполошки ви праќавме.

**81.** Јадете ги вкусните јадења со кои ве снабдивме и немојте со тоа да се возгордејувате за да не ве снајде гневот Мој; а кого ќе го снајде гневот Мој – настрадал.

**82.** Јас сигурно ќе му простам на тој што ќе се покае и ќе поверува, и добри дела ќе прави, и кој потоа на Вистинскиот пат ќе истрае.

**83.** „А зошто пред народот свој побрза, о, Муса?“

**84.** „Еве, одат по мене,“ – одговори тој – „а побрзав кон Тебе, Господару мој, за да бидеш задоволен.“

**85.** „Ние народот твој, по твоето заминување, во искушение го ставивме,“ – рече Тој – „и нив ги заведе Самирија.“

**86.** И Муса му се врати на народот свој, гневен и тажен. „О, народе мој,“ – рече– „зарем Господарот ваш не даде убаво ветување? Зарем времето ви се одолжи или сакате да ве стигне гневот на Господарот ваш, па затоа не се придржувавте кон ветувањето кое ми го дадовте?!“

**87.** „Ние не го прекршивме своеволно ветувањето кое го дадовме.“ – одговорија. „Бевме натоварени со тешкотии, со народниот накит, па тоа го испофрлавме.“ А истото тоа го направи и Самирија,

**88.** па излеа теле кое даваше глас како да мука, и потоа тие рекоа: „Ова е вашиот бог и Мусаовиот бог, кого тој (Муса) го заборави.“

**89.** Зарем тие не видоа дека тоа ни со зборови не им одговара, и дека од нив не може никаква неволја да оттргне ниту може каква било корист да им придобие?

**90.** А ним Харун уште претходно им зборуваше: „О, народе мој, вие со него сте само на искушение ставени. Ваш Господар е Семилосниот, затоа следете ме мене и слушајте ја наредбата моја!“

**91.** „Ние ќе го обожуваме сè додека не ни се врати Муса“ – рекоа тие.

**92.** „О, Харуне!“ – повика Муса. „Што те спречи, кога виде дека заталкаа,

**93.** по мене да не дојдеш? Зошто наредбата моја не ја послуша?“

**94.** „О, сине на мојата мајка“ – рече Харун – „не фаќај ме за мојата брада и коса! Јас се плашев ти да не кажеш: ‚Меѓу синовите Израилови раскол посеа и не постапи така како што ти кажав.‘“

**95.** „А што сакаше ти, о Самирија?“ – запраша Муса.

**96.** „Јас го видов тоа што тие не го видоа,“ – одговори тој – „па грст земја од трагата на Гласникот[183] зедов и фрлив, и ете, така тоа ми ја разубави мојата душа.“

**97.** „Е, тогаш, губи се!“ – рече Муса. „Целиот свој живот ќе велиш: ‚Нема допирање!‘[184] – а те чека уште и одредениот Час кој нема да те одмине. Погледни го само овој твој ‚бог‘ на кого во обожувањето приврзан му беше: ние сигурно ќе го запалиме и по морето правта ќе му ја растуриме.

**98.** Вашиот бог е Аллах, друг бог освен Него нема! Тој со знаењето опфаќа сè.“

**99.** И така, ете, ти кажуваме некои вести за тоа што веќе поминало и ти дадовме Опомена[185] од Нас.

**100.** Кој од неа ќе се сврти, на Судниот ден навистина тежок терет ќе понесе;

**101.** вечно така ќе остане, а на Судниот ден товарот морничав ќе им биде.

**102.** На Денот кога во рогот ќе се дувне, тој Ден злосторниците модри ќе ги собереме,

**103.** и еден со друг тивко ќе зборуваат: „Не останавте повеќе од десет дена.“

**104.** Ние добро знаеме за што тие ќе зборуваат, кога најпроникливиот од нив ќе рече: „Останавте само еден ден.“

**105.** А те прашуваат за планините, па ти кажи: „Господарот мој во прав ќе ги стори и ќе ги расее,

**106.** а местата на кои беа, рамни ледини ќе ги остави,

---

[183] Гласникот – се однесува на мелекот Џибрил (архангелот Гаврил), кој таму се појавил на коњ и од местото каде што стапнал коњот зел грст од земјата која ја употребил за градење на телето.

[184] Казната, поради тоа што го допрел забранетото (земјата од под копитото), му била постојано да го повторува тоа и тоа што никого не допирал и никој не можел него да го допре.

[185] Куран.

**107.** ни вдлабнатини ни височинки на Земјата нема да видиш.

**108.** Тој ден тие на гласникот ќе му се одѕвијат, од кого отстапување нема и пред Семилосниот гласовите ќе стивнат и ти ќе чуеш само шепот.

**109.** Тој ден ќе биде од корист само заземањето на тој на кого Семилосниот ќе му дозволи и со чиишто зборови е задоволен.

**110.** Тој знае што правеле и што ги чека, а тие со знаењето не можат Него да Го опфатат.

**111.** Лицата ќе Му се покорат на Живиот и Вечниот, тој што здруженици Му припишувал, секаква надеж ќе изгуби,

**112.** а тој што правел добри дела, а бил верник, нема да се плаши од неправда, ни од скратување на наградата.

**113.** И, ете, така Ние Куранот на арапски јазик го објавуваме и во него заканите ги повторуваме за тие гревовите да ги избегнуваат или на послушност да ги поттикне.

**114.** Нека е возвишен Аллах, Владетелот Вистински! И не брзај со рецитирањето на Куранот пред да ти се заврши објавувањето негово, и кажи: „Господару мој, Ти знаењето мое зголеми го!“

**115.** А Адем уште претходно го обврзавме, па тој заборави и не најдовме кај него одлучност!

**116.** А кога на мелеците им рековме: „Поклонете му се на Адем на сеџда!“ – сите се поклонија на сеџда, само Иблис не сакаше.

**117.** „О, Адеме!“ – рековме. „Овој е навистина непријател твој и на твојата жена, затоа немој никако да дозволиш тој да ве изведе од Џенетот, па потоа да се мачиш.

**118.** Во него нема да огладниш, ниту гол да бидеш,

**119.** во него нема ниту да ожедниш, ниту жештина да почувствуваш.

**120.** А шејтанот почна да му бае и да му зборува: „О, Адеме, сакаш ли да ти го покажам дрвото на бесмртноста и царството кое нема да исчезне?“

**121.** И тие двајцата[186] касна од него и им се укажаа срамните места нивни, па почнаа по нив лисје џенетско да ставаат. Така Адем не го послуша Господарот свој и заталка од патот.

[186] Адем и Хава (Адам и Ева).

**122.** Потоа Господарот негов избран го направи, па му прости и на Вистинскиот пат го упати.

**123.** „Излегувајте од него сите,“ – рече Тој – „едни на други непријатели ќе бидете! Од Мене упатство ќе ви доаѓа, и тој што ќе го следи Моето Упатство нема да заталка и нема несреќен да биде.

**124.** А тој што ќе се заврти од Опомената Моја, тој тежок живот ќе живее и на Судниот ден слеп ќе го оживееме.“

**125.** „Господару мој,“ – ќе рече – „зошто слеп ме оживеа кога имав вид?“

**126.** „Еве зошто.“ – ќе рече Тој. „Доказите наши ти доаѓаа, но ти ги заборавaше, па и ти денес исто така ќе бидеш заборавен.“

**127.** И така Ние ќе ги казниме сите тие кои на страстите премногу им се оддаваат и во доказите на Господарот свој не веруваат. А страдањето на оној свет, навистина, ќе биде пострашно и вечно.

**128.** Зарем на нив не им е познато колку народи пред нив уништивме, на тие по чии живеалишта тие одат! Тоа се, навистина, докази за паметните луѓе.

**129.** И да не се претходно изговорените зборови од Господарот твој, казната веќе ќе им беше неминовна.

**130.** Затоа истрпи ги нивните зборови и Господарот свој слави Го, заблагодарувајќи Му, пред излегувањето на Сонцето и пред заоѓањето негово, и слави Го во ноќните часови, и на крајот од денот, за да бидеш задоволен.

**131.** И никако не обрнувај внимание на разните неверници, на кои како уживање убавините на овој свет им ги пружаме, и со тоа на искушение да ги ставиме, но снабдувањето на Господарот твој е подобро и вечно е.

**132.** Нареди му на семејството свое да го извршува намазот (молитвата) и истрај во тоа! Ние не бараме од тебе снабдување, Ние тебе те снабдуваме! А само тие кои од Аллах ќе стравуваат и кои од гревовите ќе се чуваат ги чека убава завршница.

**133.** Тие[187] велат: „Зошто не ни донесе некакво чудо од Господарот свој?“ А зарем не им доаѓа објаснување за тоа што го има во листовите[188] дамнешни?

---

[187] Неверниците.

[188] Листови – претходните објави.

**134.** А да ги уништевме пред него[189] со некаква казна, сигурно ќе кажеа: „Господару наш, зошто не ни испрати Пратеник за зборовите Твои да ги следевме пред уништени и засрамени да станеме.“

**135.** Кажи: „Секој очекува, па чекајте и вие, а сигурно ќе дознаете кои беа следбениците на Исправниот пат[190] и кој бил упатен.“

## 21. Поглавје
# Ел Енбија
*Веровесници*
Мека – 112 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** На луѓето им се ближи Часот на полагањето на нивната сметка, а тие безгрижни, не внимаваат на тоа.

**2.** И не им доаѓа ниту една нова опомена од Господарот нивен на која, слушајќи ја, не ѝ се потсмеваат

**3.** со расеани срца. А злосторниците шепотат: „Дали е овој нешто друго освен човек како и вие? Зарем ќе ја следите маѓијата, а гледате дека е?!“

**4.** „Господарот мој знае,“ – рече тој– „што се зборува на небото и на Земјата; Тој сè слуша и сè знае!“

**5.** Тие дури и велат: „Тоа се само збунети соништа; тој го измислува (Куранот); тој е поет; нека ни донесе некакво чудо како и претходните Пратеници!“

---

[189] Пред да им дојдеше Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, како Пратеник и Веровесник.

[190] Аллаховата вера на исламскиот монотеизам.

**6.** Ниту еден град кој Ние пред нив сме го уништиле не поверува во чудо, па зарем овие ќе поверуваат?

**7.** И пред тебе само луѓе им праќавме и им објавуваме, затоа прашајте ги учените луѓе (меѓу следбениците на Книгата) ако вие не знаете!

**8.** Ние не сме ги создале како тела кои живеат без храна, ниту пак тие беа бесмртни.

**9.** Потоа ветувањето им го исполнувавме, и нив, и тие кои сакавме, ги спасувавме, а тие што негираа ги уништувавме.

**10.** Ние ви ја објавуваме Книгата во којашто е славата ваша, па зошто не се опаметите?

**11.** А колку насилнички населби имаше кои Ние ги уништивме и по кои други народи подигнавме!

**12.** И штом силата Наша ќе ја почувствуваа, од нив ќе се разбегаа.

**13.** „Не бегајте, вратете се на уживањата ваши и на домовите ваши, можеби некој нешто ќе ве праша.“

**14.** „Тешко нам,“ – ќе велеа – „ние, навистина, бевме насилници“.

**15.** И ќе лелекаа така сè додека не ги направевме, како жито пожнеано, неподвижни.

**16.** Ние не ги создадовме небото и Земјата и тоа што е меѓу нив, за забава.

**17.** Да сакавме да се забавуваме, ќе се забавувавме така како што Ни доликува, но Ние тоа не го правиме,

**18.** туку со вистината ја потиснуваме лагата, вистината ја гуши и лагата исчезнува; а тешко вам поради тоа што за Него го изнесувате!

**19.** Негово е тоа што е на небесата и на Земјата! А тие[191] што се кај Него не одбиваат да Му бидат покорни, и не се заморуваат,

**20.** Го слават и ноќе и дење, не се истоштуваат.

**21.** Зарем киповите, кои тие од земја ги прават, ќе ги оживеат мртвите?

**22.** Да управуваа други богови со Земјата и небесата, а не Аллах, ќе се побркаа. Па нека е возвишен Аллах, Господарот на Аршот, од тоа што Му го припишуваат!

**23.** Тој нема да биде прашан за тоа што го прави, а тие ќе бидат прашани.

---

[191] Се однесува на мелеците (ангелите) кои имаат должност само да Го слават.

**24.** Зарем покрај Него да земаат други богови?! Кажи: „Дајте го вашиот доказ!“ Овој Куран е опомена, а и претходните Книги се опомена за тие што биле пред мене. Меѓутоа, повеќето од нив не ја знаат Вистината, па се вртат.

**25.** Пред тебе ниту еден Пратеник не испративме, а да не му објавевме: „Нема бог освен Мене, затоа Мене обожувајте Ме!“

**26.** Тие велат: „Семилосниот си зел дете!“ Возвишен нека е Тој! А мелеците се само робови почитувани.

**27.** Тие не зборуваат сè додека Тој не им одобри и постапуваат така како што Тој ќе им нареди.

**28.** Тој знае што правеле и што ќе прават, и тие ќе се заземаат само за тој од кого Тој ќе биде задоволен, а и тие самите, од страв кон Него, се плашат.

**29.** А ако некој од нив би рекол: „Јас сум, освен Него, бог!“, би го казниле со Џехенем, бидејќи Ние така ги казнуваме насилниците.

**30.** Зарем не знаат неверниците дека небесата и Земјата беа една целина, па Ние ги распарчивме, и дека Ние од вода сè живо создаваме? Па зарем нема да веруваат?

**31.** Ние по Земјата неподвижни планини разместивме за таа да не ги потресува, па по нив премини и патеки направивме за тие да стигнуваат каде што сакаат.

**32.** А небото го направивме заштитен свод, а тие од Неговите знаци се вртат.

**33.** И ноќта и денот Тој ги создаде, и Сонцето и Месечината, и сите тие во вселената пловат.

**34.** И Ние ниту на еден човек пред тебе не му дадовме вечност; ако ти умреш, зарем тие довека ќе живеат?

**35.** Секое живо суштество смртта ќе ја вкуси! Ние ве ставаме на искушение и во добро и во зло и Нам ќе ни се вратите.

**36.** Кога неверниците ќе те здогледаат, само те исмејуваат: „Дали е тоа тој што вашите божества ги хули?“

**37.** Човекот е создаден да брза.[192] Ќе ви ги покажам Јас вам доказите Свои, затоа Не ме брзајте.

**38.** Тие велат: „Кога веќе еднаш ќе биде тоа ветување, ако вистината ја говорите?“

---

[192] Во човековата природа е да избрзува со работите. Така е создаден.

**39.** А да знаат неверниците дека тогаш нема да можат да го отргнат Огнот од лицата свои и грбовите свои, и дека никој нема да може да им пружи помош,

**40.** туку дека ненадејно ќе им дојде и ќе ги изненади, и дека нема да можат да го спречат и дека нема време да им се даде.

**41.** И пред тебе Пратениците ги исмеваа, па тие кои им се потсмеваа ги стигна токму тоа за што се потсмеваа.

**42.** Кажи: „Кој, освен Семилосниот, ноќе и дење ќе ве штити? Никој!“ Но сепак тие од Опомената на Господарот свој се вртат.

**43.** Зарем нивните божества, а не Ние, ќе ги одбранат? Та тие самите себеси не можат да си помогнат, и никој од Нашата казна не ќе може под закрила да ги земе.

**44.** Ние на овие, а и на предците нивни, им дадовме да уживаат сѐ додека животите им траеја. А зарем тие не гледаат дека Ние во земјата нивна доаѓаме и дека од краевите нивни ја намалуваме, па како тие би биле победници?!

**45.** Кажи: „Јас ве опоменувам со Објавата!“ – но, глувите не слушаат повик кога биваат опоменувани.

**46.** А само делче од казната на Господарот твој ги допре, сигурно ќе повикаат: „Тешко нас, навистина самите на себеси неправда си сторивме!“

**47.** Ние на Судниот ден терезите[193] на правдата ќе ги поставиме, па никому неправда нема да му биде направена: ако нешто биде тешко дури и колку зрно синап, Ние за тоа ќе казниме или ќе наградиме. А доста е тоа што Ние за сметките ќе испрашуваме.

**48.** Ние на Муса и на Харун им дадовме Фуркан[194], светло и опомена за богобојазливите,

**49.** за тие кои од Господарот свој ќе стравуваат и кога никој не ги гледа, и кои од Часот на оживувањето ќе стравуваат.

**50.** И ова е благословената Опомена која ја објавуваме, па зарем вие да ја негирате!?

---

[193] Терезијата на која ќе се мерат делата е една, но тука е употребена множина со цел да се укаже на мноштвото дела коишто ќе бидат мерени.

[194] Фуркан – се однесува на Тевратот/Тората. „Фуркан“ значи „одделувач на вистината од невистината“, а се употребува за Божјите објави, откровенија, кои ја имале токму таа цел и функција – да направат разлика помеѓу вистината и невистината.

**51.** Ние уште претходно на Ибрахим разумност му дадовме и добро го познававме.

**52.** Кога тој на својот татко и на својот народ им рече: „Какви се овие кипови кои дење и ноќе ги обожувате?“

**53.** – тие одговорија: „И нашите предци ги обожуваа.“

**54.** „И вие сте, а и предците ваши беа, во јасна заблуда.“ – рече.

**55.** „Го зборуваш ли ти тоа сериозно или само се шегуваш?“ – запрашаа тие.

**56.** „Не,“ – рече – „Господарот ваш е Господар на небесата и на Земјата. Тој нив ги создал, и јас сум ви сведок за тоа.

**57.** Се колнам во Аллах, јас навистина на вашите кипови ќе им наштетам откако ќе се оддалечите.“

**58.** И тој ги испокрши во парчиња, освен најголемиот, за нему да му се обратат.

**59.** „Кој им го стори ова на боговите наши?“ – повикаа тие – „Тој навистина е насилник.“

**60.** „Чувме едно момче како зборува против нив,“ – рекоа – „името му е Ибрахим.“

**61.** „Донесете го, луѓето да го видат,“ – рекоа – „за да посведочат.“

**62.** „Дали ти го стори ова со боговите наши, о, Ибрахиме?“ – запрашаа.

**63.** „Тоа го стори најголемиот од нив; прашајте ги ако знаат да зборуваат.“ – рече тој.

**64.** И тие се прибраа, па самите си рекоа: „Вие сте, навистина, насилници!“

**65.** Потоа главите ги наведнаа и рекоа: „Ти знаеш дека тие не зборуваат!“

**66.** „Па зошто тогаш, наместо Аллах, ги обожувате тие кои не можат да ви користат ниту од вас некаква штета да отстранат?“ – запраша тој.

**67.** „Тешко вам и на тие кои, наместо Аллах, ги обожувате! Зошто не се опаметите?“

**68.** „Запалете го и на боговите ваши помогнете им, ако сакате тоа да го направите!“ – повикаа.

**69.** „О, огну!“ – раковме Ние – „Стани ладен и спас за Ибрахим!“

**70.** И сакаа да му сковаат завера, но Ние ги направивме најголеми губитници!

**71.** И го спасивме и него и Лут, во земјата која за луѓето ја благословивме,

**72.** и му го подаривме Исхак, и Јакуб како внук, и сите ги направивме добри,

**73.** и ги направивме водачи за да упатуваат според заповедта Наша, и им објавивме да прават добри дела, и намаз (молитва) да извршуваат, и зекат да даваат, и само Нас нè обожуваа.

**74.** И на Лут мудрост и знаење му дадовме, и од градот, во кој жителите негови одвратни работи правеа, го изведовме, тоа навистина беше народ развратен и зол,

**75.** и во милоста Наша го внесовме; тој е навистина од добрите.

**76.** И спомни го Нух – кога во дамнешно време повика, па Му се одѕвавме, и него и неговото семејство од голема казна ги спасивме,

**77.** и од народот, кој невистинити ги сметаше доказите Наши, го заштитивме. Тоа беа лоши луѓе, па сите ги потопивме.

**78.** И спомни ги Давуд и Сулејман, кога судеа за посевот што во ноќта нечии овци го испасле, и Ние бевме сведоци на судењето нивно

**79.** и направивме Сулејман да проникне во тоа, а на двајцата мудрост и знаење им дадовме. И ги потчинивме планините и птиците за со Давуд, на Аллах да Му заблагодаруваат: Ние бевме кадарни тоа да го направиме.

**80.** И го научивме да изработува панцири за вас, за да ве штитат во борбата со непријателот, па зошто не сте благодарни?

**81.** А на Сулејман, силен ветер му потчинивме, по негова заповед дуваше кон земјата која ја благословивме; а Ние сè добро знаеме,

**82.** и шејтани некои, заради него да нуркаат, а правеа и други работи, и над нив Ние бдеевме.

**83.** И на Ејуб, кога Господарот свој Го повика: „Мене неволја ме снајде, а Ти си од милостивите, Најмилостивиот",

**84.** му се одѕвавме и неволјата која го снајде му ја тргнавме, и му го вративме, со милоста Наша, семејството негово, и со нив уште толку, и да им биде поука на тие што Нам ни се покорни.

**85.** И спомни ги Исмаил и Идрис и Зулкифл[195], а сите тие беа трпеливи.

**86.** И ги внесовме во милоста Наша, тие навистина беа меѓу добрите.

---

[195] Зулкифл – Старозаветниот пророк Језекиил. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

**87.** И спомни го Зунун[196], кога гневен отиде и помисли дека нема да го усмртиме, па потоа во темнините тажно замоли: „Нема бог освен Тебе, Славен си! Јас, навистина, бев од тие што си сторија насилство!“

**88.** Па му се одѕвавме и од тешкотијата го спасивме; ета така Ние ги спасуваме верниците.

**89.** И (спомни го) Зекерија, кога Го повика Господарот свој: „Господару мој, не оставај ме сам, а Ти си Најдобриот Наследник!“ Па ние му се одѕвавме и му го подаривме Јахја и му ја излечивме жената.

**90.** Тие се трудеа што повеќе добри дела да направат и Ни се молеа и во надеж и во страв, и кон Нас беа понизни.

**91.** А (спомни ја) и таа[197] што ја сочува девственоста своја, во неа живот вдахнавме, и неа и синот нејзин доказ за светот ги направивме.

**92.** Навистина оваа ваша вера е една вера, а Јас Сум ваш Господар, па Мене обожувајте Ме!

**93.** И тие меѓу себе во верата се разделија, а сите Нам ќе ни се вратат.

**94.** Кој ќе прави добри дела, а при тоа ќе биде и верник, трудот нема да му биде лишен од награда, бидејќи Ние сигурно сме го забележале.

**95.** А не е допуштено жителите на кој било град, кој Ние сме го уништиле, да се вратат!

**96.** И кога ќе се отворат Јеџуџ и Меџуџ и кога низ сите стрмнини итајќи ќе се спуштаат,

**97.** и ќе се приближи Вистинската закана, тогаш погледите на неверниците ќе се вкочанат. „Тешко нас, ние кон ова рамнодушни бевме, ние самите себеси неправда си сторивме!“

**98.** И вие и тие кои, покрај Аллах, ги обожувате, ќе бидат гориво во Џехенемот, а во него навистина ќе влезете.

**99.** Тие да се богови, не би влегле во него, и сите во него вечно ќе престојуваат.

**100.** Во него пригушено ќе издишуваат, во него ништо радосно нема да чујат.

**101.** А на тие на кои уште претходно убава награда им ветивме, тие од него далеку ќе бидат.

---

[196] Зунун е едно од имињата на Јунус, мир над него, – Старозаветниот пророк Јона. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.
[197] Се однесува на Мерјем (Марија).

**102.** Бучењето негово нема да го чујат, и вечно во тоа што душите им го посакуваат ќе уживаат;

**103.** нема да ги загрижува најголемиот ужас, туку мелеците ќе ги дочекаат: „Еве, ова е вашиот Ден, ветен на вас!“

**104.** Тој Ден, кога ќе ги свиткаме небесата како што се свиткува лист хартија, така како што првиот пат од ништо создадовме, така повторно од ништо ќе создадеме, тоа е ветувањето Наше, Ние навистина тоа ќе го сториме.

**105.** Ние во Зебурот, по Опомената, напишавме дека Земјата Моите добри робови ќе ја наследат.

**106.** Во ова, навистина, има порака за луѓето кои го обожуваат Аллах,

**107.** а тебе само како милост на световите те пративме.

**108.** Кажи: „Мене ми се објавува дека вашиот Бог е Еден Бог, па само Нему бидете Му предани!“

**109.** А ако тие се свртат, ти кажи: „Јас сите вас, без разлика, ве опоменав, а не знам дали е блиску или далеку Тоа што ви се ветува;

**110.** Тој ги знае гласно изговорените зборови, го знае и тоа што го криете,

**111.** а јас не знам да не ви е тоа искушение и пружање уживање уште за извесно време.

**112.** Господару мој, пресуди така како што заслужиле!“ – рече тој – „А Господарот наш, Семилосниот, е Тој кај Кого треба да се бара помош против тоа што вие го изнесувате.“

## 22. Поглавје
# Ел Хаџ
*Аџилак*
Медина – 78 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, луѓе, плашете се од Господарот свој! Навистина, кога Крајот на светот ќе настапи, потресот ќе биде големо случување!

**2.** На Денот кога ќе го видите вие, секоја доилка тоа што го дои ќе го заборави, а секоја трудница својот плод ќе го изгуби и ти ќе ги видиш луѓето пијани, а тие нема да бидат пијани, туку Аллаховата казна ќе биде жестока!

**3.** Има луѓе кои без никакво знаење се препираат за Аллах и кои го следат секој непокорен шејтан.

**4.** За него е веќе одредено дека секој што за заштитник ќе го земе, на погрешниот пат ќе го заведе и во страдањето огнено ќе го однесе.

**5.** О, луѓе! Ако се сомневате во оживувањето – па Ние ве создаваме од земја, потоа од капка семе, потоа од грутка крв,[198] потоа од парче месо, обликувано и необликувано, за да ви објасниме! А во матките задржуваме што сакаме, до рокот одреден, потоа правиме како доенчиња да се раѓате и потоа до потполна развиеност да израснете; едни од вас умираат, а други длабока старост доживуваат, за, откако знаел, да не знае ништо.[199] И ти види ја земјата како е замрена, но кога дожд ќе спуштиме на неа, таа потреперува и набабрува, и од неа никнуваат секакви прекрасни растенија.

**6.** Тоа е затоа што Тој, Аллах, е Вистина и затоа што Тој е кадарен мртвите да ги оживее и затоа што Тој може сè,

**7.** и затоа што Часот на оживувањето, во тоа нема сомнеж, ќе дојде и затоа што Аллах ќе ги оживее тие во гробовите.

**8.** Има луѓе кои за Аллах се препираат без никакво знаење

---

[198] Оригиналниот арапски збор е „алак“, а има три значења: 1. пијавица; 2. нешто што се закачува; 3. грутка крв. Сите три значења во ембриологијата имаат своја научна подлога врз основа на формата на ембрионот во првите периоди од бременоста (види „Краток илустриран приказ на исламот“ страна 6, 7 и 8), а се одлучивме за третото значење заради полесно читање на текстот секаде каде што ова се спомнува.

[199] Ова се однесува на последниот период од животот кога човекот во својата старост станува сенилен.

и без никакво упатство и без Книга која дава светлина,

**9.** одејќи горделиво за од Аллаховиот Пат да одвраќаат, нив на овој свет ги чека понижување, а на оној свет ќе им дадеме да го искусат страдањето во Огнот.

**10.** Ете, тоа е поради делата на рацете твои, затоа што Аллах не е неправеден кон робовите Свои.

**11.** Меѓу луѓето има такви кои Го обожуваат Аллах колебливо, на работ: ако го снајде добро, се смирува, а ако го снајде искушение, му се враќа на своето неверување, па така го губи и оној свет. Тоа е навистина очигледна загуба.

**12.** Тој, покрај Аллах, го моли тој што од него не може никаква штета да отстрани, ниту може од каква било корист да му биде; тоа е навистина далечна заблуда;

**13.** го моли тој што попрво ќе му наштети отколку што од корист ќе му биде; таквиот е навистина лош заштитник и злобен другар!

**14.** Тие што веруваат и што прават добри дела, Аллах навистина ќе ги внесе во џенетските градини, низ кои реки течат. Аллах го прави тоа што го сака!

**15.** Тој што мисли дека Аллах нема да му помогне на Пратеникот ни на овој ни на оној свет, нека го растегне јажето до таванот и нека се обеси, па нека види дали неговиот план ќе го отстрани тоа поради коешто тој се лути.[200]

**16.** И така, ете, Ние во вид на јасни ајети го објавуваме, а Аллах на тој што Тој сака на Вистинскиот пат ќе му укаже.

**17.** Аллах на Судниот ден навистина ќе ги одвои верниците од Евреите, Сабијците, христијаните, огнопоклониците и многубошците. Аллах е навистина известен за сè.

**18.** Зарем не гледаш дека на Аллах на сеџда Му се поклонуваат и тие на небесата и тие на Земјата, а и Сонцето, и Месечината, и ѕвездите, и планините, и дрвјата, и животните, и многу луѓе, а многумина и казната ја заслужуваат. А кого Аллах ќе го понижи, никој не може почитуван да го направи; Аллах тоа што сака го прави.

[200] Во овој ајет е употребен сарказам, иронија, кон тие што мислат дека Аллах нема да му помогне на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, на исламот и на Куранот.

**19.** Овие два спротивставени табори се спорат околу Господарот свој; на тие што нема да веруваат ќе им бидат скроени костуми од Оган, а зовриена вода на главите нивни ќе им биде истурана,

**20.** од неа ќе се истопи тоа што е во стомаците нивни, и кожата,

**21.** а со железни стапови ќе бидат мавани,

**22.** кога и да посакаат поради тешката мака од неа да излезат, во неа ќе бидат вратени: „Доживејте го страдањето во ужасниот Оган!“

**23.** А тие што веруваат и што прават добри дела – Аллах сигурно ќе ги внесе во џенетските градини, низ кои реки течат, во неа со алки од злато и со бисер ќе се украсуваат, а алиштата свилени ќе им бидат.

**24.** И упатени се да говорат убави зборови и упатени се на Патот на Тој што е достоен за благодарност.

**25.** На неверниците и на тие што одвраќаат од Аллаховиот Пат и од Светиот Храм – а Ние го наменивме за сите луѓе, како за жителите така и за посетителите – и на тој што во него ќе сака какво било насилство да стори, ќе им дадеме неиздржливо страдање да доживеат.

**26.** И кога на Ибрахим за прибежиште му го покажавме местото каде што е Ќаба, му рековме: „Не припишувај Ни здруженици, и исчисти ја Мојата Ќаба за тие што ќе ја обиколуваат[201], кои ќе стојат[202] и кои руку и сеџда ќе извршуваат.

**27.** И повикај ги луѓето на аџилак!“ – и ќе ти доаѓаат пешки и на секоја истоштена камила кои доаѓаат од далечен пат.

**28.** За да бидат сведоци на користа своја и за да го спомнуваат Аллаховото име во познатите денови затоа што ги снабдил со домашни животни. Јадете го месото нивно, а нахранете го и скромниот сиромав.

**29.** Потоа, нечистотијата од себе нека ја отстранат, своите завети нека ги исполнат и околу древната Ќаба нека обиколуваат.

**30.** Така е тоа! А кој ги почитува Аллаховите светости, тоа му е добро кај Господарот негов – а дозволен ви е добитокот, освен

[201] Обиколувањето се нарекува „таваф“, а тоа е специфичен ибадет (обредословие) кој не се извршува на друго место освен во Мека и околу Ќаба.
[202] Ќе стојат извршувајќи намаз (молитва), а стоењето се нарекува „кијам“.

тој за кој ви е кажано – па чувајте се од валканоста на киповите и чувајте се од лажниот говор!

**31.** Изјавувајќи Му ја на Аллах чистата преданост, а не припишувајќи Му здруженик! А тој што ќе смета дека на Аллах Му има рамен, ќе биде како тој што паднал од небо и кого птиците го разграбале, или како тој што ветерот во далечен предел го однел.

**32.** Така е тоа! Па кој ги почитува Аллаховите прописи, тоа е знак за богобојазливост на срцето.

**33.** Вие имате корист од нив до одреден рок, а потоа нивното место е крај древната Ќаба.[203]

**34.** На секоја претходна верничка група[204] ѝ го пропишавме колењето на курбанот за да го спомнуваат Аллаховото име при колењето на добитокот кој Тој им го дава. Вашиот Бог е еден Бог, затоа само Нему искрено предајте Му се! А со радосна вест израдувај ги понизните,

**35.** чиишто срца, кога Аллах ќе се спомне, страв ги обзема, и тие кои трпеливо ги поднесуваат неволјите кои им се случуваат, и тие кои намазот (молитвата) го извршуваат и кои даваат од тоа што Ние им го даваме.

**36.** А камилите ви ги направивме едни од Аллаховите обреди на аџилакот и вие од нив имате добро, затоа спомнувајте го Аллаховото име кога ќе бидат подготвени за колење, стоејќи со една врзана нога, а кога ќе паднат на земјата, јадете ги, а нахранете го и тој што не проси, а и тој што проси. Така ви ги потчинивме, за да бидете благодарни.

**37.** До Аллах нема да допре месото нивно и крвта нивна, но ќе Му стигнат искрено направените ваши добри дела. Така ви ги потчини за да Го величате Аллах затоа што ве упати. И израдувај ги тие што прават добри дела!

**38.** Аллах навистина ги штити верниците, Аллах сигурно не сака ниту еден предавник, неблагодарник.

**39.** Им се дозволува одбрана на тие што од други ќе бидат нападнати, бидејќи им се врши насилство – а Аллах е навистина кадарен да им помогне.

---

[203] Ќе го користите добитокот (млекото, волната итн.) сè додека не дојде времето да бидат жртвувани како курбани крај Ќаба. Курбанот е дел од обредите на аџилакот.
[204] Умет.

**40.** На тие кои ни криви ни должни од домовите свои се протерани, само затоа што говореа: „Наш Господар е Аллах!" А да не сузбие Аллах некои луѓе со други, до темел би биле изрушени манастирите, црквите, синагогите, а и џамиите, во кои многу се спомнува Аллаховото име. А Аллах сигурно ќе ги помогне тие кои Него Го помагаат – та Аллах е навистина Моќен и Силен.

**41.** Тие кои, ако им дадеме власт на земјата, намаз (молитва) ќе извршуваат и зекат ќе даваат и кои ќе бараат да се прават добри дела, а ќе одвраќаат од лошите – а на крајот сè Му се враќа на Аллах.

**42.** А тоа што тие те сметаат за лажен, па и пред нив народот на Нух, и Ад, и Семуд ги сметаа Пратениците за лажни.

**43.** И народот на Ибрахим и народот на Лут,

**44.** и жителите на Медјен; а за лажен е сметан и Муса, и Јас на неверниците време им давав, потоа ги казнував, и каква беше казната Моја!

**45.** И колку населби уништивме, чиишто жители насилни беа, и тие опустеа, само рушевини останаа! И колку бунари има запуштени и колку високи палати има празни!

**46.** Па зошто тие по светот не патуваат, па срцата нивни да го сфатат тоа што треба да се сфати, и ушите нивни да го чујат тоа што треба да го чујат; но очите не се слепи, туку срцето во градите.

**47.** Тие бараат од тебе казната што побрзо да ги стигне, а Аллах нема да го изневери ветувањето Свое, а само еден ден кај Господарот твој трае колку илјада години според вашето сметање.

**48.** И колку населби имаше чиишто жители беа неправедни, на коишто Јас казната им ја одложував, за, на крајот, да казнам! А сè кон Мене се враќа.

**49.** Кажи: „О, луѓе, јас сум само опоменувач јасен!"

**50.** Тие што ќе веруваат и ќе прават добри дела, ги чека прошка и благородно снабдување,

**51.** а тие што ќе се трудат доказите Наши да ги негираат, одвраќајќи од нив, ќе бидат жители на Џехенемот.

**52.** Пред тебе, Ние ниту еден Пратеник и Веровесник не пративме, а шејтанот, кога тој тоа ќе го кажуваше, во кажувањето негово нешто да не вметнеше. Аллах ќе го тргнеше тоа што шејтанот

ќе го вметнеше, а потоа зборовите Свои ќе ги зацврстеше – Аллах знае сè и Мудар е –

**53.** за, тоа што шејтанот го вметна, да го направи искушение за тие чиишто срца се болни и за тие чиишто срца се крути – а насилниците се навистина во раскол, далеку заталкале –

**54.** и за тие што се обдарени со знаење да спознаат дека тој (Куранот) е Вистина од Господарот твој, па во него да поверуваат и нивните срца му бидат потчинети. А Аллах верниците на Правиот пат ќе ги изведе.

**55.** А неверниците нема да престанат да се сомневаат во него, сè додека одненадеж смртта не им дојде или додека не го почувствуваат страдањето на Денот по кој нема да следи ноќ.

**56.** Тој ден власта ќе ја има само Аллах, Тој ќе им суди. А верниците и тие што правеле добри дела, ќе бидат во џенетските градини на уживањата,

**57.** а неверниците и тие кои ајетите Наши ги негираа, тие срамно страдање ќе имаат.

**58.** Аллах убаво ќе ги снабди тие што својот роден крај го напуштија за да се борат на Аллаховиот пат, па потоа загинаа или умреа – бидејќи Аллах е најдобриот Снабдител.

**59.** Тој во местото од кое тие задоволни ќе бидат, навистина, ќе ги внесе! А Аллах знае сè и Благ е.

**60.** Ете така! А тој што со иста мерка ќе возврати за направеното зло, и на кого повторно му е направена неправда, Аллах сигурно ќе му помогне. Аллах е Тој што гревовите ги поништува и Простувачот.

**61.** Ете така! А Аллах ја воведува ноќта во денот и го воведува денот во ноќта, и Аллах е Тој што сè слуша и сè гледа.

**62.** Тоа е затоа што Аллах е Вистина, а тие на кои, покрај Аллах, им се молат се лага, и затоа што е Аллах Возвишен и Голем.

**63.** Зарем не гледаш дека Аллах од небото спушта дожд од којшто земјата позеленува? Аллах е навистина добар и Сезнаен.

**64.** Негово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата. Аллах не е зависен од никого и само Тој е достоен за благодарност!

**65.** Зарем не гледаш дека Аллах сè што е на Земјата вам ви го подреди, па и бродовите кои, со одредбата Негова, по морето пловат? Тој го држи тоа што е на не-

бото да не падне на Земјата, освен ако Тој тоа го дозволи. Аллах е навистина Благ и Милостив кон луѓето.

**66.** Тој ви дава живот и потоа ќе ви го одземе и потоа пак ќе ве оживее, човекот е навистина неблагодарен!

**67.** На секој претходен умет му пропишавме верозакон според кој требаше да се однесува, и не дозволувај, никако, со тебе да се расправаат во врска со тоа. Ти повикувај кон својот Господар, бидејќи ти си, навистина, на исправно Упатство.

**68.** Ако тие со тебе се препираат, кажи: „Аллах добро го знае тоа што вие го правите!“

**69.** Аллах на Судниот ден ќе ви пресуди за тоа за што не се согласувате.

**70.** Зарем не знаеш дека на Аллах Му е познато сè што е на небото и на Земјата? Сето тоа е во Книгата, тоа, навистина, на Аллах му е лесно!

**71.** Многубошците, покрај Аллах, ги обожуваат тие за коишто Тој не им испратил никаков доказ, и самите за нив ништо не знаат. А на насилниците им нема помагач.

**72.** А кога Нашите јасни ајети им се кажуваат, ти забележуваш големо негодување на лицата на тие што не веруваат, кои за малку да не ги нападнат тие кои Нашите зборови им ги кажуваат. Кажи: „Сакате да ви кажам што ќе ви биде поомразено од тоа? – Огнот кој Аллах на неверниците им го ветил, а тоа грозно живеалиште ќе биде.“

**73.** О, луѓе, еве еден пример, па послушајте го: Тие што, покрај Аллах, ги молите, не можат никако ни мушичка да создадат, па дури и поради неа да се соберат. А ако мушичката нешто би им зела, тие тоа не би можеле од неа да го вратат, слаб е тој што бара и тоа што се бара!

**74.** Тие не Го познаваат Аллах како што треба, а Аллах е навистина Моќен и Силен.

**75.** Аллах одбира Пратеници меѓу мелеците и луѓето – Аллах сè слуша и сè гледа.

**76.** Тој знае што направиле и што ќе направат. А сè се враќа кај Аллах.

**77.** О, верници, руку и сеџда извршувајте и Господарот свој обожувајте Го, и добри дела правете за да го постигнете тоа што го сакате.

**78.** И борете се, поради Аллах, така како што треба да се борите!

Тој вас ве избра и во верата ништо тешко не ви пропиша, во верата на вашиот предок Ибрахим. Аллах одамна муслимани ве нарекол, и во овој Куран, за Пратеникот да биде сведок против вас, и за вие да бидете сведоци против останатите луѓе. Затоа, намаз (молитва) извршувајте и зекат давајте и до Аллах цврсто држете се. Тој е вашиот Господар, па колку прекрасен Господар и колку прекрасен Помагач!

## 23. Поглавје
# Ел Муминун
*Верници*
Мека – 118 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Успешни се верниците!

**2.** Тие кои во своите намази (молитви) се понизни.

**3.** и кои лошиот говор го одбегнуваат,

**4.** и кои зекат даваат,

**5.** и кои срамните места свои ги чуваат,

**6.** освен од жените свои или тие кои се нивна сопственост, тие навистина прекор не заслужуваат;

7. а тие што и покрај тоа бараат, тие во злото сосема претеруваат –

**8.** и кои за доверените аманети и обврски свои се грижат,

**9.** и кои намазите (молитвите) свои на време ги извршуваат,

**10.** тие се достојни наследници,

**11.** кои Фирдеусот ќе го наследат, тие во него вечно ќе престојуваат.

**12.** Ние навистина човекот од екстракт од глина го создадовме,

**13.** потоа како капка семе на безбедно место го ставивме,

**14.** потоа капката семе грутка крв ја направивме, потоа од грутката крв парче месо создадовме, па од парчето месо коски направивме, а потоа коските со месо ги обвиткавме, и потоа, како друго создание, го оживуваме, па нека е возвишен Аллах, Најубавиот Создател!

**15.** Вие, потоа, ќе умрете,

**16.** потоа, на оној свет, оживени ќе бидете.

**17.** Ние седум небеса над вас создадовме, и Ние не сме немарни кон тоа што го создадовме.

**18.** Ние од небото со мерка дожд спуштаме, и во земјата го задржуваме – а способни сме и да го тргнеме –

**19.** и со негова помош градини од палми и винова лоза за вас подигаме – во нив многу овошја имате, и вие го јадете –

**20.** и дрвото кое на Синајската гора расте, кое масло дава, и зачин е за тие што го јадат.

**21.** И добитокот ви е поука: Ние ви даваме да пиете од тоа што се наоѓа во утробите нивни, и вие од нив многу користи имате и вие од нив се храните,

**22.** и на нив, и на бродовите се возите.

**23.** Ние го испративме Нух на народот негов, и тој велеше: „О, народе мој, само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате; зарем не се плашите?

**24.** Но главешините на народот негов, кои не веруваа, велеа: „Ова е човек како и вие, само сака да е поугледен од вас. Да сакаше Аллах, мелеци ќе испратеше; вакво нешто не сме чуле од нашите дамнешни предци,

**25.** тој е луд човек, па пуштете го некое време!“

**26.** „Господару мој,“ – рече тој – „помогни ми, тие за лага ме обвинуваат!“

27. Па Ние му објавивме: „Брод, пред очите Наши и според објавата Наша, гради, па кога заповедта Наша ќе дојде и водата на површината на земјата ќе избие, ти во неа натовари од секој вид по два, мажјак и женка, и семејството свое, но не и тие од нив за кои претходеше Зборот, и не Ми се обраќај за насилниците, бидејќи навистина ќе бидат потопени.

**28.** Па кога ќе се сместиш во бродот, ти и тие што се со тебе, кажи: „Сета благодарност му припаѓа на Аллах, Кој нè спаси од народот насилнички!“

**29.** И кажи: „Господару мој, закотви ме на благословено место, Ти тоа најдобро го знаеш!“

**30.** Во тоа се, навистина, поуки, а Ние, навистина, стававме во искушение.

**31.** По нив други поколенија создававме,

**32.** и еден од нив како Пратеник им го испративме: „Само Аллах обожувајте Го, вие друг бог освен Него немате; зарем не се плашите?"

**33.** Но главешините од народот негов, кои не веруваа, кои негираа дека на оној свет ќе бидат оживеани и на кои им дадовме во животот на овој свет раскошно да живеат, говореа: „Тој е човек како и вие; го јаде тоа што и вие го јадете, и го пие тоа што и вие го пиете;

**34.** и ако му се покорувате на човек како што сте и вие, сигурно ќе бидете изгубени.

**35.** Зарем тој вам да ви ветува, дека откако ќе умрете и земја и коски ќе станете, навистина оживеани ќе бидете?

**36.** Далеку е, далеку е тоа што ви се ветува!

**37.** Постои само животот на овој свет, ние живееме и умираме, а оживеани нема да бидеме.

**38.** Тој е човек кој за Аллах изнесува лаги, и ние не му веруваме."

**39.** „Гоподару мој," – ќе замолеше тој – „помогни ми, тие за лага ме обвинуваат!"

**40.** „Тие наскоро ќе се покајат!" – ќе одговореше Тој.

**41.** и заслужено ќе ги погодеше страшен глас, и Ние ќе ги направевме како што е речниот нанос, па далеку нека е народот насилнички!

**42.** А потоа, по нив, други поколенија создававме,

**43.** ниту еден народ не може да го забрза ниту да го успори времето на пропаста своја,

**44.** и Пратеници, едни по други праќавме. Кога и да им дојдеше Пратеникот на некој народ, за лага го обвинуваа, и Ние поради тоа едни со други ги сменувавме, и само во приказните за нив споменот го сочувавме, далеку нека се луѓето што не веруваа!

**45.** Потоа го пративме Муса и брат му Харун со знаците Наши и со очигледен доказ

**46.** на Фараонот и главешините негови, но тие се возгордеаја, тоа беа луѓе надмени.

**47.** „Зарем да им поверуваме на двајцата кои се исти како и ние, а луѓето нивни се робови наши?" – говореа,

**48.** и нив двајца за лажговци ги прогласија, па поради тоа беа уништени.

**49.** На Муса потоа Книга му дадовме, за синовите Израилови по Вистинскиот пат да одат.

**50.** И синот Мерјемин и мајката негова доказ (за луѓето) ги сторивме. Ние нив на една височинка со проточна вода ги сместивме.

**51.** О, Пратеници, со дозволени и убави јадења хранете се и добри дела правете, бидејќи Јас добро знам вие што правите!

**52.** Оваа ваша вера е една вера, а Јас Сум ваш Господар, па плашете се од Мене!

**53.** А тие по прашањата од верата своја се разделија на групи, секоја група радосна со тоа што го исповеда,

**54.** затоа остави ги овие во заблудата нивна уште некое време!

**55.** Мислат ли тие – кога со имот и со синови им помагаме –

**56.** дека брзаме некое добро дело да им направиме? Никако, но тие не забележуваат.

**57.** Тие кои со стравопочит од Господарот свој стравуваат,

**58.** и тие кои во доказите на Господарот свој веруваат,

**59.** и тие кои здруженици на Господарот свој не Му припишуваат,

**60.** и тие кои даваат од тоа што им се дава, а срцата им се полни од страв затоа што ќе Му се вратат на својот Господар –

**61.** тие итаат да прават добри дела, и во нив другите ги надминуваат.

**62.** Ние никого не оптоваруваме преку неговите можности; кај Нас е Книгата која вистината ја говори, и на никого неправда нема да му се стори.

**63.** Но, срцата нивни се невнимателни кон ова, а покрај тоа и лоши дела постојано прават.

**64.** А кога на мака ги ставивме тие од нив кои раскошен живот живееја, тие веднаш се жалеа.

**65.** Сега не жалете се, Ние нема помош да ви укажеме,

**66.** ајетите Мои вам ви се кажувани, но вие се оттргнувавте;

**67.** гордеејќи се со Храмот и состанувајќи се, вие лоши зборови говоревте.

**68.** Зошто тие не размислат за Куранот? Зарем им доаѓа нешто што не им доаѓало на нивните древни предци?

**69.** Или не го познаваат Пратеникот свој, па затоа го негираат?

**70.** Или велат: „Лудилото е при него!“ Меѓутоа, тој Вистината им ја донесува, но повеќето од нив Вистината ја презираат.

**71.** Да се води Аллах според нивните страсти, сигурно ќе го снемаше поредокот на небесата и на Земјата и во тоа што е на нив; Ние им го дадовме Куранот, славата нивна, но тие за славата нивна не внимаваат.

**72.** Или бараш награда од нив? Та наградата од Господарот твој е подобра, Тој е најдобриот Снабдувач.

**73.** Ти нив ги повикуваш на Правиот пат,

**74.** но тие кои во оној свет не сакаат да веруваат, навистина, од Вистинскиот пат скршнуваат.

**75.** И кога би им се смилувале и од неволјата би ги ослободиле, тие би се вратиле во осилеността своја и би талкале.

**76.** Ние на мака ги стававме, но тие на Господарот свој не Му се покорија, ниту молитви упатуваа,

**77.** дури кога портите на тешкото страдање ќе ги отвориме, тие надежта ќе ја изгубат и во очај ќе паднат.

**78.** Тој ви дава слух, и вид и памет, а колку малку вие заблагодарувате!

**79.** Тој на Земјата ве создава, и пред Него ќе се соберете,

**80.** Тој живот и смрт дава и само од Него зависи менувањето на ноќта и денот, па зошто не сфатите?

**81.** Но, тие зборуваат како што зборуваа тие пред нив.

**82.** Велеа: „Зарем кога ќе испоумираме и кога прав и коски ќе станеме, зарем навистина оживеани ќе бидеме?

**83.** И нам и одамна на предците наши тоа ни е ветувано, но, тоа се само измислици на древните народи.

**84.** Запрашај: „Чија е Земјата и сето тоа што е на неа, знаете ли?“

**85.** „На Аллах!“ – ќе одговорат, а ти кажи: „Па зошто тогаш не доаѓате при себе?“

**86.** Запрашај: „Кој е Господарот на седумте небеса и кој е Господарот на Аршот величествен?

**87.** „Аллах!“ – ќе одговорат, а ти кажи: „Па зошто тогаш не се плашите?“

**88.** Запрашај: „Во чија рака е власта над сѐ, а Тој зема во заштита, и од кого никој не може да биде заштитен, знаете ли?

**89.** „Тоа е Аллахово!“ – ќе одговорат, а ти кажи: „Па зошто тогаш дозволувате да бидете заведени?“

**90.** Да, Ние вистината им ја доставуваме, а тие се навистина лажговци.

**91.** Аллах не си зел Себеси син, и со Него нема друг бог! Инаку, секој бог, со тоа што го создал ќе правел што сака, и еден со друг ќе се победувале. – Возвишен нека е Аллах Кој е далеку од тоа што тие го изнесуваат;

**92.** Кој го знае и невидливиот и видливиот свет, и Тој е многу високо над тие кои Му ги здружуваат!

**93.** Кажи: „Господару мој, ако сакаш да ми го покажеш тоа со што на нив им се заканува,

**94.** тогаш, Господару мој, не оставај ме со народот насилнички!"

**95.** А Ние, навистина можеме да ти го покажеме тоа со што им се закануваме.

**96.** Ти со добро возврати му на злото, Ние добро знаеме што изнесуваат тие,

**97.** и кажи: „Јас Тебе, Господару мој, Ти се обраќам за заштита од шејтанските дошепнувања,

**98.** и Тебе, Господару мој, Ти се обраќам да ме заштитиш од нивното присуство."

**99.** Кога на некој од нив смртта ќе му дојде, тој извикува: „Господару мој, поврати ме

**100.** да направам некакво добро во тоа што го пропуштив!" – Никогаш! Тоа се зборови кои тој ќе ги говори – пред нив препрека ќе има сè до Денот кога ќе бидат оживеани.

**101.** Па кога во Рогот ќе се дувне, тогаш роднински врски меѓу нив нема да има и меѓусебно нема ништо да се прашаат.

**102.** Тие чиишто добри дела ќе бидат потешки, тие ќе се спасат,

**103.** а тие чиишто добри дела ќе бидат лесни, тие сосема ќе бидат изгубени, во Џехенемот вечно ќе престојуваат,

**104.** Огнот лицата ќе им ги гори и со исклештени заби во него ќе бидат.

**105.** Зарем Моите ајети не ви се кажувани, а вие ги негиравте?

**106.** „Господару наш," – ќе речат – „нашите страсти беа посилни од нас, па станавме заталкан народ.

**107.** Господару наш, извади нè од неа; ако повторно зло направиме, ќе бидеме насилници."

**108.** „Останете во неа понижени, и ништо не Ми зборувајте!" – ќе рече Тој.

**109.** Кога некои робови Мои велеа: „Господару мој, ние ве-

руваме, затоа прости ни и смилувај ни се, бидејќи Ти си Најмилостивиот!“

**110.** Вие толку ги исмејувате, што поради тоа на Мене заборавивте и секогаш им се потсмевате.

**111.** Нив денес Јас ги наградив за тоа што трпеа, тие навистина успеаја.

**112.** „А колку години поминавте на Земјата?“ – ќе запраша Тој.

**113.** „Поминавме само ден или само дел од денот,“ – ќе одговорат – „прашај ги тие што броеја.“

**114.** „Па да, кратко поминавте,“ – ќе рече Тој – „само да знаевте!“

**115.** „Зарем мислите дека залудно ве создадовме и дека нема да Ни се вратите?“

**116.** И нека е Возвишен Аллах, Вистинскиот Владетел, нема друг бог освен Него, Господарот на Аршот величествен!

**117.** А тој што, покрај Аллах, му се моли на друг бог, без никаков доказ за него, пред Господарот свој сметка ќе полага, и неверниците нема да се спасат.

**118.** и кажи: „Господару мој, прости и смилувај се, Ти си најдобриот Семилосник!

## 24. Поглавје
# Ен Нур
*Светлина*
Медина – 64 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Го објавуваме ова поглавје и неговите прописи ги правиме задолжителни! Во него објавуваме јасни докази за да примите поука.

**2.** Блудникот и блудничката искамшикувајте ги со сто удари, секој од нив, и при извршувањето на Аллаховите прописи нека не ве обзема никакво сожалување кон нив, ако верувате во Аллах и во оној свет, и при нивното казнување нека присуствува една група верници![205]

**3.** Блудникот не треба да се жени освен со блудница или со политеистка, а блудницата не треба да биде посакувана освен на блудникот или многубожецот, а тоа им е забрането на верниците.

**4.** Тие што ќе обвинат чесни жени, а не го докажат тоа со четири сведоци, со осумдесет удари искамшикувајте ги и никогаш повеќе сведочењето нивно не примајте го; тоа се нечесни луѓе,

---

[205] Оваа шеријатска казна важи за блудници кои не се во брачна состојба. За тие што се во брачна состојба, казната за блуд е каменување до смрт.

**5.** освен тие кои потоа ќе се покајат и ќе се поправат, затоа што и Аллах проступа и Милостив е!

**6.** А тие кои ќе ги обвинат своите жени, а немаат други сведоци, туку само тие се сведоци, ќе го потврдат своето сведочење со заклетва во Аллах, и тоа четирипати дека навистина ја говорат вистината,

**7.** а петтиот пат да го погоди Аллаховото проклетство, ако лаже!

**8.** А таа ќе биде поштедена од казната ако четирипати се заколне во Аллах дека тој, навистина, лаже,

**9.** а петтиот пат да ја стигне Аллаховиот гнев, ако тој ја говори вистината!

**10.** А да не е Аллаховата добрина и милоста Негова кон вас (Тој ќе ја забрзаше казната врз вас). А Аллах го прима покајанието и Мудар е.

**11.** Навистина, тие кои ја изнесоа клеветата, се една група меѓу вас! Не сметајте го тоа за некакво зло за вас; не, тоа е добро за вас. Секој од нив ќе биде казнет според гревот што го заслужил, а тој од нив што тоа најмногу го правел го чека големо страдање.

**12.** Зошто, штом тоа го чувте, верниците и верничките не помислија добро едни за други и не си рекоа: „Ова е очигледна клевета!“

**13.** Зошто четворица сведоци не донесоа? А бидејќи не донесоа сведоци, тогаш тие кај Аллах се лажливци.

**14.** А да не е Аллаховата добрина и милоста Негова кон вас и на овој и на оној свет, веќе ќе ве стигнеше тешка казна поради тоа во што се впуштивте

**15.** кога почнавте тоа со своите јазици да го прераскажувате и кога со своите усти го зборувавте тоа за што ништо не знаевте, вие тоа за ситница го сметавте, но тоа кај Аллах е крупно.

**16.** Зошто, штом тоа го чувте, не рековте: „Нам не ни доликува да зборуваме за тоа, Возвишен нека си Ти! Тоа е голема клевета!“

**17.** Аллах ви наредува повеќе никогаш такво нешто да не повторите, ако сте верници,

**18.** и Аллах ви ги објаснува прописите; а Аллах знае сѐ и Мудар е.

**19.** Тие што сакаат за верниците да се шират бесрамни гласини, ги чека тешка казна и на овој и на оној свет, Аллах знае сѐ, а вие не знаете.

**20.** А да не е Аллаховата добрина и милоста Негова кон вас (поинаква ќе ви беше состојбата). А Аллах е Благ и Милостив.

**21.** О, верници, не одете по стапките на шејтанот! Тој што ќе оди по шејтановите стапки, тој него на разврат и на одвратни дела ќе го тера. А да не е Аллаховата добрина и милоста Негова кон вас, ниту еден од вас од гревовите никогаш не би се исчистил; но Аллах го чисти тој кого Тој сака. Аллах слуша сѐ и знае сѐ.

**22.** Чесните и богатите што се меѓу вас нека не се заколнуваат дека веќе нема да ги помагаат роднините и сиромашните, и тие што на Аллаховиот пат родниот крај го напуштија; нека преминат преку тоа и нека проституваат! Зарем вам не би ви било мило Аллах да ви прости? А Аллах простува и Милостив е.

**23.** Тие што ќе ги обвинат чесните и невините вернички, нека бидат проклети и на овој и на оној свет; нив ги чека неиздржливо страдање

**24.** на Денот кога против нив ќе сведочат јазиците нивни и рацете нивни, и нозете нивни, за тоа што го правеле.

**25.** Тој Ден Аллах ќе ги казни со казната која ја заслужиле и тие ќе сознаат дека Аллах, е навистина, очигледна Вистина.

**26.** Лошите жени се за лошите мажи, а лошите мажи се за лошите жени; добрите жени се за добрите мажи, а добрите мажи се за добрите жени. Тие се невини за тоа што за нив се зборува; нив ги чека простување и благородно снабдување.

**27.** О, верници, во туѓи куќи не влегувајте додека за тоа дозвола не побарате и додека домашните не ги поздравите; тоа ви е подобро, па земете поука!

**28.** А ако во нив никого не најдете, не влегувајте во нив сѐ додека не ви се дозволи; а ако ви се каже: „Вратете се!“ – вие вратете се, тоа ви е најчесно, а Аллах го знае тоа што го правите.

**29.** Не е грешно да влегувате во ненаселените објекти, во кои се наоѓаат работите ваши, а Аллах го знае тоа што јавно го покажувате и тоа што го криете.

**30.** Кажи им на верниците нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои; тоа им е најморално, затоа што Аллах навистина го знае тоа што го прават.

**31.** А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места

свои; и нека не ги покажуваат украсите свои освен тоа што е и онака надворешно, и нека ги спуштат веловите свои на градите свои; нека не им ги покажуваат украсите свои на другите, освен на мажите свои или на татковците свои, или на татковците на мажите свои, или на синовите свои, или на синовите на мажите свои, или на браќата свои, или на синовите на браќата свои, или на синовите на сестрите свои, или на пријателките свои, или на робинките свои, или на мажите кои немаат потреба за жени, или на децата кои сè уште не знаат кои се срамните места на жените; и нека не удираат со нозете свои за да не се чуе звукот на накитот нивен кој го покриваат. И покајте се сите заедно пред Аллах, о, верници, за да бидете успешни.

**32.** Мажете ги немажените и женете ги неженетите, и побожните робови и робинки свои; ако се сиромашни, Аллах од изобилствата Свои ќе им даде. Аллах е неизмерно добар и знае сè.

**33.** И нека се воздржат тие што немаат можност да се оженат, додека Аллах од изобилствата Свои не им помогне! А со тие што се сопственост ваша кои сакаат да се откупат, ако се во состојба тоа да го направат, за откупот договорете се. И дајте им нешто од имотот кој Аллах ви го дал. И не ги терајте робинките свои да се занимаваат со блуд – ако тие сакаат да бидат побожни – за да ги стекнете минливите добра на овој свет; а ако некој на тоа ги присили, Аллах, откако биле приморани, ќе им прости и кон нив ќе биде милостив.

**34.** Ние ви објавуваме јасни ајети и примери од животите на тие што биле пред вас и исчезнале, и нека бидат поука за тие што ќе стравуваат од Аллах.

**35.** Аллах е светлина на небесата и на Земјата! Примерот за светлината Негова е нишата каде што се наоѓа светилката; светилката е во стакло, а стаклото е како блескава ѕвезда која гори од благословеното маслиново дрво, кое не е ни источно ни западно, чиешто масло скоро и да свети кога огнот дури и не го допира; светлина над светлината! Аллах го води кон светлината Своја оној кого Тој сака. Аллах им дава примери на луѓето, Аллах добро знае сè.

**36.** Во џамиите кои со Негова волја се градат и во коишто се спомнува Неговото име – Него Го слават, наутро и навечер,

**37.** луѓето кои купувањето и продавањето не ги спречуваат Аллах да Го спомнуваат и кои намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат, и кои стравуваат од Денот во кој срцата и погледите вознемирени ќе бидат,

**38.** за Аллах со убава награда да ги награди за делата нивни и за, од добрината Своја, да им даде и повеќе. А Аллах дава снабдување кому сака, неизмерно.

**39.** А делата на неверниците се како привидение во рамницата во која жедниот гледа вода, но кога ќе дојде до тоа место, ништо не наоѓа – а ќе го затекне кај него Аллах и Тој целосно ќе му ја исплати сметката негова, бидејќи Аллах многу брзо се пресметува,

**40.** или пак, како темнините во длабокото море кое го прекриваат бранови едни над други, над кои се облаците, сè темнини едни над други, и рака да извадиш, тешко дека ќе ја видиш – а тој на кого Аллах нема да му даде светлина, нема ни да има светлина!

**41.** Зарем не знаеш дека Аллах Го слават сите што се на небесата и на Земјата, а и птиците со ширењето на крилјата свои; сите знаат како ќе Му се молат и како ќе Го слават. А Аллах добро го знае тоа што тие го прават.

**42.** Само на Аллах е власта и на небесата и на Земјата, и кај Аллах сè се враќа.

**43.** Зарем не гледаш дека Аллах полека ги движи облаците, а тогаш ги спојува и едни над други ги натрупува, па ти го гледаш дождот како од нив паѓа: Тој од небото, од облаците како планини големи, спушта град, па со него погаѓа кого сака, а поштедува кого сака – блесокот од молњата Негова, скоро да го одзема видот.

**44.** Тој прави ноќта и денот наизменично да настапуваат, и во тоа навистина има поука за тие што гледаат.

**45.** Сите живи суштества Аллах ги создава од вода, некои од нив на стомаците ползат, некои на две нозе одат, а некои, пак, на четири одат; Аллах создава што сака, бидејќи Аллах може сè.

**46.** Ние објавуваме ајети разјаснети; а Аллах го упатува на Правиот пат тој кого Тој сака.

**47.** А лицемерите велат: „Ние веруваме во Аллах и во Пратеникот и се покоруваме“ – потоа некои од нив главите ги вртат; тие не се верници.

**48.** Кога биваат повикани пред Аллах и Пратеникот Негов да им пресуди, некои од нив одеднаш грбот го вртат;

**49.** само ако знаат дека правдата е на нивна страна, доаѓаат послушно.

**50.** Дали срцата им се болни, или се сомневаат, или стравуваат дека Аллах и Пратеникот Негов кон нив неправедно ќе постапат? Ниту едно, туку тие се насилници!

**51.** Кога верниците пред Аллах и Неговиот Пратеник биваат повикани, за Тој да им пресуди, само велат: „Слушаме и се покоруваме!“ – тие ќе успеат.

**52.** Тие кои на Аллах и на Пратеникот Негов ќе им се покоруваат, кои од Аллах ќе се плашат и кои од Него ќе стравуваат – тие ќе успеат!

**53.** Тие се колнат во Аллах, со најтешката заклетва, дека сигурно ќе одат во бој ако ти им наредиш. Кажи: „Не колнете се! Позната е таквата покорност! Аллах добро го знае тоа што вие го правите.

**54.** Кажи: „Покорувајте Му се на Аллах и покорувајте му се на Пратеникот!“ А ако се свртите, тој е должен да го прави тоа што му се наредува, а вие сте должни тоа што вам ви се наредува, па ако му бидете послушни, ќе бидете на Вистинскиот пат, а Пратеникот само е должен јасно да доставува.

**55.** Аллах ветува дека тие меѓу вас кои ќе веруваат и кои добри дела ќе прават, сигурно за намесници на Земјата ќе ги постави, како што ги поставил за намесници тие пред нив, и дека навистина верата нивна ќе ја зацврсти, таа што Тој им ја сака, и дека сигурно стравот со безбедност ќе им го замени; тие само Мене ќе Ме обожуваат, и нема здруженици да Ми припишуваат. А тие кои и по тоа ќе бидат неблагодарни – тие се вистински грешници.

**56.** А вие намаз (молитва) извршувајте и зекат давајте, и на Пратеникот послушни бидете му, за да ви се укаже милоста.

**57.** Немој никако да мислиш дека неверниците ќе можат да Му се спротивстават на Земјата; нивното престојувалиште ќе биде Огнот, а тој е навистина грозно живеалиште.

**58.** О, верници, тие што се ваша сопственост и тие што сè уште не се полнолетни нека побараат дозвола од вас за кај вас да влезат во три случаи: пред сабах намаз (утринската молитва) и

кога на пладне ќе ја одложите облеката своја, и по извршувањето на јација намаз (вечерната молитва). Тоа се трите периоди кога не сте облечени, а во другите периоди не ви е грев ниту вам ниту ним, та тие кај вас често влегуваат, а вие едни кај други влегувате. Така Аллах ви ги објаснува прописите! А Аллах знае сè и Мудар е.

**59.** А кога вашите деца ќе станат полнолетни, тогаш секогаш нека бараат дозвола за влез, како што бараа дозвола тие пред нив; така Аллах ви ги објаснува Своите прописи! А Аллах сè знае и Мудар е.

**60.** А на старите жени кои веќе не копнеат за мажење не им е грев да ги одложат наметките свои, но не покажувајќи ги тие места на кои украсите се носат; а подобро им е да бидат поскромни. Аллах слуша сè и знае сè.

**61.** Не прави грев слепецот, ниту сакатиот, ниту прави грев болниот, а ниту вие самите, ако јадете во куќите ваши, или во куќите на татковците ваши, или во куќите на мајките ваши или во куќите на браќата ваши, или во куќите на сестрите ваши, или во куќите на чичковците ваши, или во куќите на тетките ваши по татко, или во куќите на вујковците ваши, или во куќите на тетките ваши по мајка, или кај тие чиишто клучеви се кај вас или кај пријателот ваш; не ви е грев да јадете заедно ниту одделно. А кога ќе влегувате во куќите, вие домашните поздравете ги со поздравот од Аллах пропишаниот, благословениот и убавиот. Така Аллах ви ги објаснува прописите, за да се опаметите!

**62.** Вистински верници се само тие кои во Аллах и во Неговиот Пратеник веруваат, а кои, кога се со него на некој важен состанок, од него не се оддалечуваат сè додека од него дозвола не добијат. Тие кои од тебе бараат дозвола, во Аллах и во Пратеникот Негов, навистина, веруваат. И кога тие ќе побараат дозвола од тебе поради некаква работа своја, дозволи му на кого сакаш од нив, и замоли Го Аллах да им прости, бидејќи Аллах простува и Милостив е.

**63.** Не правете го довикувањето на Пратеникот помеѓу вас како довикувањето кое вие едни со други си го упатувате; Аллах сигурно ги знае тие меѓу вас кои се искрадуваат. Нека внимаваат тие што постапуваат спротивно на наредбата Негова, искушение

некакво да не ги стигне или страдање болно да не ги снајде.

**64.** Аллахово е сѐ што е на небесата и на Земјата, Тој сигурно знае какви сте вие, и Тој ќе ги извести за сѐ што правеле на Денот кога Нему ќе Му се вратат. А Аллах добро знае сѐ.

## 25. Поглавје

# Ел Фуркан

*Фуркан*

Мека – 77 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Благословен нека е Тој што на робот Свој му го објавува Фурканот (Куранот) за да им биде опоменувач на световите,

**2.** Тој на Кого Му припаѓа власта на небесата и на Земјата, Кој нема дете, Кој во власта нема здруженик и Кој создаде сѐ и како што треба го уреди!

**3.** А тие покрај Него зеле божества кои ништо не создаваат, кои и самите се создадени, кои не се во состојба од себе некаква штета да отстранат ниту некаква корист да сторат, и кои немаат моќ живот да одземат, живот да дадат и да оживеат.

**4.** Тие што не веруваат, велат: „Ова не е ништо друго, туку голема лага која тој ја измислува, а во тоа и други луѓе му помагаат.“ – и прават неправда и клевета,

**5.** и велат: „Тоа се измислици на древните народи, кои тој ги препишал, па му се читаат наутро и навечер.

**6.** Кажи: „Го објавува Тој на Кого Му се познати тајните на

небесата и на Земјата; Тој многу простува и Милостив е.“

**7.** И тие велат: „Што му е на овој Пратеник, тој храна јаде и по чаршиите оди; зошто не му е испратен мелек заедно со него да биде опоменувач,

**8.** или да му се спушти некакво богатство или да има градина од која би се хранел?“ И насилниците уште велат: „Вие следите маѓепсан човек!“

**9.** Погледни што зборуваат за тебе, па тогаш талкаат и Вистинскиот пат не можат да го најдат.

**10.** Благословен е Тој што, ако сака, може да ти даде подобро од тоа: градини низ кои реки течат и дворци.

**11.** Тие, дури, и Часот на оживување го негираат, а Ние за тие кои Часот на оживување го негираат, разгорен Оган подготвивме.

**12.** Кога ќе ги види од далечина, ќе слушнат како гневен врие и од бес грми,

**13.** а кога ќе бидат фрлени во него, во теснец, со врзани раце, пропаста таму ќе ја довикуваат.

**14.** Не довикувајте денес само една пропаст, туку довикувајте многу пропасти!

**15.** Кажи: „Дали е подобро тоа или вечниот Џенет, кој им е ветен на тие што од Аллах ќе се плашат. Тој награда и живеалиште ќе им биде.

**16.** Во него сè што ќе посакаат ќе имаат вечно; тоа е ветување на Господарот твој – тие ќе имаат право да го бараат тоа од Него.“

**17.** А на Денот кога Тој нив ќе ги собере, а и тие кои, покрај Аллах, биле обожувани од нив, па ќе ги запраша: „Дали вие овие Мои робови во заблуда ги заведовте, или тие самите од Вистинскиот пат заталкаа?“

**18.** – тие ќе речат: „Возвишен нека си Ти, незамисливо е дека ние покрај Тебе некакви заштитници сме зеле, туку, Ти на овие и на нивните предци си им дал да уживаат, па заборавиле да се сеќаваат на Тебе; тие пропаста ја заслужиле!“

**19.** Тие ќе го негираат тоа што вие го велите, а вие нема да бидете во можност мачењето да го отстраните, ниту помош да најдете. А на тој од вас што сторил насилство, ќе му дадеме големо страдање да искуси.

**20.** Ние пред тебе не сме испратиле ниту еден Пратеник кој не јадел и кој по чаршиите не одел. Ние правиме едни со други во искушение да се дове-

дувате, па да видиме дали ќе бидете трпеливи! А Господарот твој гледа сè.

**21.** И тие што не се надеваат на средба со Нас, велат: „Зошто не ни се испратат мелеци или зошто Господарот свој не Го гледаме?“ Тие се навистина во душите свои горделиви, а во неправдата сите граници ги преминаа.

**22.** Тој Ден кога ќе ги здогледаат мелеците, тогаш нема да има радост за злосторниците. И мелеците ќе говорат: „Вам ви е целосно забранет Џенетот.“

**23.** И Ние ќе пристапиме кон делата нивни кои ги правеле, и во прав и пепел ќе ги претвориме.

**24.** Жителите на Џенетот тој ден најдобро живеалиште и најубаво одморалиште ќе имаат.

**25.** А на Денот кога небото ќе се расцепи и од него облак ќе се појави и кога мелеците сигурно ќе се спуштат,

**26.** тој Ден вистинската власт ќе биде само кај Семилосниот, а тоа ќе биде мачен ден за неверниците.

**27.** На Денот кога насилникот прстите свои ќе ги гризе, говорејќи: „Камо среќа со Пратеникот на Вистинскиот пат да се придржував!

**28.** Камо среќа, тешко мене, тој и тој за пријател да не го земев!

**29.** Тој од Опомената ме одврати, откако ми беше прикажан!“ – а шејтанот секогаш човекот го остава на цедило.

**30.** Пратеникот рече: „Господару мој, народот мој Куранот го избегнува!“

**31.** Ние исто така дадовме злосторниците да му бидат непријатели на секој веровесник. А тебе Господарот твој ти е доволен како упатувач и помагач!

**32.** Тие што не веруваат, велат: „Зошто Куранот не му е објавен целиот одеднаш?“ А така се објавува за со него срцето твое да го зацврстиме, и Ние го објавуваме постепено.[206]

**33.** Тие нема ниту еден приговор да ти дадат, а Ние да нема одговор и најубаво објаснување да наведеме.

**34.** Тие што ќе бидат влечени на своите лица во Џехенемот, ќе бидат во најлоша положба и најдалеку ќе заталкаат.

---

[206] Односно, Куранот бил објавуван постепно во период од 23 години, дел по дел, согласно реалната состојба и потребите на верниците кои живееле според неговите прописи.

**35.** Ние на Муса Книга му дадовме и брат му Харун помошник му го направивме,

**36.** и рековме: „Отидете вие двајца кај народот кој доказите Наши ги негира." – и потоа тој народ потполно го уништивме.

**37.** А и Нуховиот народ, кога Пратениците за лага ги обвинуваа, го потопивме и на луѓето како поучен пример го направивме, а на насилниците страдање болно им подготвивме.

**38.** И на Ад и на Семуд и на жителите на Рес, и на многу народи помеѓу нив,

**39.** на сите примери за поука им наведувавме, и потоа сè сосема уништивме.

**40.** А тие поминуваат низ градот на кој се срушил кобен дожд – зарем не го гледаат?! – но сепак не го очекуваат оживувањето.

**41.** Кога ќе те видат, те исмејуваат: „Дали е ова тој што Аллах го испратил како Пратеник?

**42.** За малку од божествата наши да нè одврати, но ние верни им останавме." А кога ќе доживеат страдање, ќе дознаат кој далеку од Вистинскиот пат заталкал.

**43.** Кажи Ми ти Мене, дали ќе му бидеш чувар на тој што страста за свој бог ја зел?

**44.** Мислиш ли дека повеќето од нив сакаат да слушнат или дека настојуваат да сфатат? Тие се како добиток, дури и подалеку од Вистинскиот пат заталкале.

**45.** Зарем не гледаш како Господарот твој сенката ја издолжува – а да сака, ќе ја стави да мирува. А потоа направивме Сонцето да ја води.

**46.** А потоа малку по малку кон Себеси ја привлекуваме.

**47.** Тој ноќта ви ја направи покривка, сонот ви го направи одмор, а денот за движење.

**48.** И Тој ги испраќа ветровите како радосна вест, како претходници на Милоста Своја; и Ние од небото чиста вода спуштаме

**49.** за со неа веќе мртвиот предел да го оживееме и мноштвото добиток и мноштвото луѓе, кои ги создадовме, да ги напоиме.

**50.** А дождот Ние го расподелуваме меѓу нив за да размислат, а повеќето луѓе одбиваат сè освен неверувањето и неблагодарноста.

**51.** Да сакаме, во секој град ќе испратевме некого да опоменува;

**52.** затоа не отстапувај им на неверниците и со Куранот бори се против нив со голема борба.

**53.** Тој две мориња едно покрај друго остави: едното питко

и слатко, другото солено и горко, а меѓу нив преграда и невидлива брана постави.

**54.** Тој од водата ги создава луѓето и прави да се роднини по крв и по сватовштина. Господарот твој е моќен за сè.

**55.** Наместо Аллах, тие ги обожуваат тие што не се во состојба никаква корист да остварат ниту од нив некаква штета да отстранат. Неверникот е шејтанов помагач против Неговиот Господар.

**56.** А Ние тебе те испративме само радосни вести да носиш и да опоменуваш.

**57.** Кажи: „За ова од вас не барам никаква награда, освен, тој што сака, да појде по Патот кој води до неговиот Господар.

**58.** Ти потпри се на Живиот, Кој не може да умре, и величај Го и заблагодарувај Му! А доволно е тоа што гревовите на робовите Свои добро ги знае,

**59.** Тој што за шест временски периоди небесата и Земјата и тоа што е меѓу нив ги создаде, и тогаш над Аршот се возвиши. Тој е Семилосниот, и за Него прашај го тој што знае.

**60.** А кога ќе им се каже: „Поклонете му се на сеџда на Семилосниот!“ – тие прашуваат: „А кој е Семилосниот? Зарем да се поклонуваме на сеџда само поради тоа што ти ни наредуваш?“ И уште повеќе се отуѓуваат.

**61.** Благословен нека е Тој што на небото големи ѕвезди создаде и на него Светилка даде и Месечина осветлена.

**62.** Тој прави ноќта и денот да се менуваат, тоа е поука за тој што сака да размисли или сака да биде благодарен.

**63.** А робови на Семилосниот се тие кои по Земјата мирно одат, а кога незналците ќе им се обратат, одговараат: „Мир!“;

**64.** и тие кои ги поминуваат ноќите пред Господарот свој поклонувајќи Му се на сеџда и стоејќи;

**65.** и тие кои велат: „Господару наш, поштеди нè од страдањето во Џехенемот затоа што страдањето во него е навистина неминовна пропаст,

**66.** тој е лошо престојувалиште и живеалиште;

**67.** и тие кои, кога даваат, не се расфрлаат и не се скржави, туку при тоа се придржуваат кон средината;

**68.** и тие кои покрај Аллах на друг бог не му се молат, и тие, коишто Аллах ги забранил, не ги

убиваат, освен кога правдата бара, и кои не прават блуд; а кој тоа го прави, ќе ја искуси казната,

**69.** страдањето на оној свет двојно ќе му биде, и во него вечно понижен ќе остане,

**70.** освен тие што ќе се покајат и ќе поверуваат и добри дела ќе прават, Аллах нивните лоши дела во добри ќе ги смени, а Аллах простува и Милостив е.

**71.** А тој што ќе се покае и добри дела ќе прави, тој, навистина, на Аллах искрено Му се вратил;

**72.** и тие кои не присуствуваат при лагата и неделата, и кои додека поминуваат покрај безделништвото, поминуваат достоинствено;

**73.** и тие кои кога ќе бидат опоменати со доказите на Господарот свој, ни глуви ни слепи не остануваат;

**74.** и тие кои велат: „Господару наш, подари ни во жените наши и во децата наши радост, и направи нѐ предводници на богобојазливите!“

**75.** Тие, поради тоа што го трпеа, со одаи џенетски ќе бидат наградени и во нив со поздрав и благослов ќе бидат дочекувани.

**76.** Во нив вечно ќе останат, а какво прекрасно престојувалиште и живеалиште се тие!

**77.** Кажи: „Аллах не би ви подарил внимание да не е вашето обожување. Вие негиравте, и неминовно ве чека страдањето.

26. Поглавје

# Еш Шуара

*Поети*

Мека – 227 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Та-син-мим.

**2.** Ова се ајети од Книгата јасна!

**3.** Зарем ќе се уништиш себеси затоа што тие не сакаат да станат верници?

**4.** Кога би сакале, Ние од небото еден знак би им пратиле пред кој тие своите глави би ги наведнале.

**5.** И ним не им доаѓа ниту една нова опомена од Семилосниот, а од неа да не се свртат.

**6.** И тие негираат, а ќе им дојдат вести за тоа за што се исмејуваа.

**7.** Зарем тие не гледаат како правиме од земјата да никнуваат разновидни благородни растенија?

**8.** Навистина во тоа има Знак, но повеќето од нив не веруваат,

**9.** а Господарот твој навистина е Силен и Милостив.

**10.** А кога Господарот твој го повика Муса: „Оди кај народот насилнички,

**11.** народот на фараонот за да се исплаши од Аллах“,

**12.** тој рече: „Господару мој, се плашам тие да не ме обвинат за лага.

**13.** Да не ми стане тешко во душата и јазикот да не ми се сплетка; па подај му пратеништво и на Харун, за да ми помогне,

**14.** а тие за мене обвинение за злодело имаат, па се плашам да не ме убијат“.

**15.** „Нема!“ – рече тој. – „Одете двајцата со доказите Наши, Ние со вас ќе бидеме и ќе слушаме.

**16.** Одете кај фараонот и кажете: „Ние сме Пратеници од Господарот на световите.

**17.** Дозволи им на синовите Израилови да појдат со нас!“

**18.** „Зарем не те одгледавме додека беше дете и зарем толку години од својот живот не помина меѓу нас?“ – рече фараонот –

**19.** „и ти го стори неделото кое го стори и згора на тоа си неблагодарен?!“

**20.** „Јас тогаш тоа го сторив, а бев од заталканите“ – рече –

**21.** „а од вас избегав затоа што од вас се плашев, па Господарот мој мудрост ми подари и Пратеник ме направи.

**22.** А за добродетелството за кое ми го префрлаш – да не е тоа што синовите Израилови робови ги направи?“

**23.** „А кој е Господарот на световите?“ – запраша фараонот.

**24.** „Господарот на небесата и на Земјата и на тоа што е меѓу нив, ако цврсто верувате“ – одговори тој.

**25.** „Слушате ли?“ – им рече фараонот на тие околу себе.

**26.** „Господарот ваш и Господарот на вашите дамнешни предци“ – рече Муса.

**27.** „Пратеникот кој ви е испратен, навистина е луд“ – рече фараонот.

**28.** „Господарот на истокот и на западот и на тоа што е меѓу нив, ако разбирате“ – рече Муса.

**29.** А фараонот рече: „Ако, освен мене, признаеш некој друг за бог, сигурно во зандана ќе те фрлам!“

**30.** „Зарем и тогаш кога нешто очигледно ќе ти донесам?“ – запраша тој.

**31.** „Па дај го, ако Вистината ја говориш!“ – рече фараонот.

**32.** И Муса го фрли својот стап, кога тој – вистинска змија.

**33.** И раката своја ја извлече, кога таа, за тие што ја гледаа – бела.

**34.** „Тој е навистина вешт мaѓепсник“, – им рече фараонот на главешините околу себе –

**35.** „сака со својата магија од земјата ваша да ве изведе. Па што советувате?“

**36.** „Остави ги него и брат му,“ – рекоа – „а во градовите испрати собирачи,

**37.** сите вешти меѓепсници ќе ти ги донесат!“

**38.** И маѓепсниците во одреденото време и во означениот ден се собраа,

**39.** а на народот му беше кажано: „Сакате ли да се соберете

**40.** да бидеме со маѓепсниците, ако тие бидат победници?“

**41.** А кога дојдоа, маѓепсниците го запрашаа фараонот: „Дали за нас, навистина, ќе има награда ако бидеме победници?“

**42.** „Да,“ – одговори тој – „и тогаш сигурно ќе ми бидете најблиски“.

**43.** Муса им рече: „Фрлете го тоа што сакате да го фрлите!“

**44.** И тие ги фрлија јажињата свои и стаповите свои, и рекоа: „Со моќта на фараонот, ние секако ќе победиме!“

**45.** Потоа Муса го фрли својот стап, кој одеднаш го проголта тоа што тие лажно го изведоа.

**46.** Волшебниците тогаш, поклонувајќи се, на земја се фрлија

**47.** и рекоа: „Ние веруваме во Господарот на световите,

**48.** Господарот на Муса и на Харун.“

**49.** „Зарем му поверувавте нему пред јас да ви дозволам?!“ – извика фараонот. „Тој е вашиот учител, тој ве научил на маѓепсништвото – а вие ќе запомните: ќе ви ги исечам вашите нозе и раце накрст и сите ќе ве распнам!“

**50.** „Ништо страшно!“ – рекоа тие – „ние на Господарот свој ќе Му се вратиме.

**51.** Ние се надеваме дека Господарот наш гревовите ќе ни ги прости затоа што сме вистински верници.“

**52.** И Ние му објавивме на Муса: „Тргни во ноќта со робовите Мои, но ќе бидете гонети.“

**53.** И фараонот по градовите испрати собирачи.

**54.** „Овие се, навистина, мала група

**55.** и тие, навистина, нѐ разгневуваат,

**56.** а сите ние сме внимателни!“

**57.** И Ние ги изведовме од градините и реките,

**58.** од ризниците и од дворците восхитувачки.

**59.** Ете, така беше, и Ние дадовме тоа да го наследат синовите Израилови.

**60.** И тие, кога Сонцето изгреваше, ги стигнаа,

**61.** и кога едни со други се видоа, другарите на Муса повикаа: „Навистина нѐ стигнаа!“

**62.** „Нема,“ – рече тој – „Господарот мој е со мене, Тој патот ќе ми го покаже“.

**63.** И Ние му објавивме на Муса: „Удри со стапот свој по морето!“ – и тоа се раздели и секоја негова страна беше како голема планина,

**64.** и Ние тогаш другите таму ги приближивме,

**65.** а Муса и сите што беа со него ги спасивме,

**66.** потоа тие другите ги потопивме.

**67.** Тоа е навистина поука, и повеќето од нив не беа верници,

**68.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив.

**69.** И кажи им ја веста за Ибрахим,

**70.** кога таткото свој и народот свој ги запраша: „Што обожувате вие?“,

**71.** а тие одговорија: „Ги обожуваме киповите и вezден им се молиме“.

**72.** Тој им рече: „Дали тие ве слушаат кога им се молите,

**73.** или дали можат да ви користат или наштетат?“

**74.** „Не“ – одговорија – „но ние запомнивме дека предците наши така постапуваа“.

**75.** „А дали гледате“ – запраша тој – „дека тие кои вие ги обожувате,

**76.** и кои ги обожувале предците ваши,

**77.** се, навистина, мои непријатели? Освен Господарот на световите.

**78.** Кој ме создаде и на Вистинскиот пат ме упати,

**79.** и Кој ме храни и пои,

**80.** и Кој, кога ќе се разболам, ме лечи,

**81.** и Кој животот ќе ми го одземе, и Кој потоа ќе ме оживее,

**82.** и Кој, копнеам за тоа, грешките мои на Судниот ден ќе ми ги прости!

**83.** Господару мој, подари ми мудрост и придружи ме кон добрите

**84.** и направи по добро да ме спомнуваат тие што по мене ќе дојдат

**85.** и направи ме еден од тие кој џенетските благодати ќе ги наследи,

**86.** и на татко ми прости му, тој е еден од заталканите,

**87.** и не посрамотувај ме на Денот кога луѓето ќе бидат оживеани,

**88.** на Денот кога никакво богатство, а ни синовите, нема од корист да бидат,

**89.** само тој што кај Аллах со чисто срце ќе дојде, спасен ќе биде.“

**90.** И Џенетот на богобојазливите ќе им се приближи,

**91.** а Џехенемот на заталканите ќе им се укаже,

**92.** и ќе им се каже: „Каде се тие што ги обожувавте,

**93.** освен Аллах? Можат ли тие да ви помогнат, а можат ли и себеси да си помогнат?“

**94.** – па тие и тие кои во заблуда ги донеле во него ќе бидат фрлени,

**95.** и војските на Иблис – сите заедно.

**96.** и тие, карајќи се во него, ќе зборуваат:

**97.** „Се колнеме во Аллах, навистина бевме во јасна заблуда,

**98.** кога со Господарот на световите ве изедначувавме,

**99.** а на лошиот пат не заведоа само злосторниците,

**100.** па немаме ни заземач,

**101.** ни близок пријател,

**102.** ние само да се вратиме, па да станеме верници!“

**103.** Тоа е поука, но повеќето од нив не се верници,

**104.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив!

**105.** И народот на Нух ги сметаше Пратениците за лажни.

**106.** Кога братот нивен, Нух, им рече: „Како тоа да не се плашите од Аллах?

**107.** Јас сум ви, сигурно, поверлив Пратеник,

**108.** затоа, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**109.** За ова од вас не барам никаква награда, мене Господарот на световите ќе ме награди.

**110.** Затоа плашете се од Аллах и бидете ми послушни!“

**111.** Тие рекоа: „Како да те послушаме кога најниската класа на луѓе те следи?“

**112.** „Јас не знам што прават тие,“ – рече тој –

**113.** „сите пред Господарот мој, да знаете, сметка ќе полагаат,

**114.** а јас верниците нема да ги избркам,

**115.** јас само јавно опоменувам.“

**116.** „Ако не престанеш, о, Нух,“ – рекоа тие – „сигурно ќе бидеш каменуван!“

**117.** „Господару мој,“ – рече тој – „народот мој за лага ме обвинува,

**118.** па Ти мене и ним пресуди ни, а мене и верниците кои се со мене, спаси нè!“

**119.** И Ние него и тие што беа со него, во натоварен брод ги спасивме,

**120.** а останатите ги потопивме.

**121.** Тоа е поука, но повеќето од нив не се верници,

**122.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив!

**123.** И Ад ги сметаше Пратениците за лажни.

**124.** Кога братот нивен, Худ, им рече: „Како тоа да не се плашите од Аллах?

**125.** Јас сум ви, сигурно, поверлив Пратеник,

**126.** затоа, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**127.** За ова од вас не барам никаква награда, мене Господарот на световите ќе ме награди.

**128.** Зошто на секоја височинка, забавувајќи се, палати ѕидате

**129.** и градите тврдини како вечно да ќе живеете,

**130.** а кога казнувате, казнувате како насилници?

**131.** Плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**132.** Плашете се од Тој што ви го дарува тоа што го знаете,

**133.** ви дарува добиток и синови,

**134.** и градини и извори.

**135.** Јас, навистина, се плашам за вас од страдањето на Големиот ден.“

**136.** Тие рекоа: „Нам ни е седно ако нѐ советуваш или не нѐ советуваш,

**137.** вака веруваа древните народи,

**138.** и ние нема да бидеме измачувани.“

**139.** И тие продолжија за лага да го обвинуваат, па Ние ги уништивме. Тоа е поука, но повеќето од нив не се верници,

**140.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив!

**141.** И Семуд ги сметаше Пратениците за лажни.

**142.** Кога братот нивен, Салих, им рече: „Како тоа да не се плашите од Аллах?

**143.** Јас сум ви, сигурно, поверлив Пратеник,

**144.** затоа, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**145.** За ова од вас не барам никаква награда, мене Господарот на световите ќе ме награди.

**146.** Зарем мислите дека тука ќе бидете оставени безбедни,

**147.** во градините и меѓу изворите,

**148.** во посевите и меѓу палмите со плодовите зрели?

**149.** Вие во планините многу вешто куќи клесате,

**150.** затоа плашете се од Аллах и бидете ми послушни,

**151.** и не слушајте ги наредбите на тие што во злото претеруваат,

**152.** кои на Земјата ред не воспоставуваат, туку неред.“

**153.** Тие рекоа: „Ти си само маѓепсан,

**154.** ти си човек како и ние; затоа донеси едно чудо ако е Вистина тоа што го зборуваш!“

**155.** „Еве, тоа е камила,“ – рече тој – „еден ден таа ќе пие, а во другиот ден вие,

**156.** и не правете ѝ никакво зло за да не ве стигне страдањето на Големиот ден!“

**157.** Но, тие ја заклаа и потоа се покајаа,

**158.** и ги стигна казната! Тоа е поука, но повеќето од нив не се верници,

**159.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив!

**160.** И Лутовиот народ ги сметаше Пратениците за лажни.

**161.** Кога братот нивен, Лут, им рече: „Како тоа да не се плашите од Аллах?

**162.** Јас сум ви, сигурно, поверлив Пратеник,

**163.** затоа, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**164.** За ова од вас не барам никаква награда, мене Господарот на световите ќе ме награди.

**165.** Зошто вие, покрај целиот свет, имате односи со мажи,

**166.** а жените свои, кои за вас Господарот ваш ги создал, ги оставате? Вие сте луѓе кои секоја граница на злото ја преминувате".

**167.** Тие рекоа: „Ако не престанеш, о, Лут, сигурно ќе бидеш протеран!"

**168.** „Јас се згрозувам од тоа што вие го правите!" – рече тој.

**169.** „Господару мој, сочувај ме мене и семејството мое, од казната за тоа што тие го прават!"

**170.** И Ние го сочувавме него и семејството негово – сите,

**171.** освен старицата, која остана со тие што казната ја искусија,

**172.** а потоа останатите ги уништивме

**173.** спуштајќи врз нив дожд, а колку страшен дожд за тие што беа предупредени!

**174.** Тоа е поука, но повеќето од нив не се верници,

**175.** а Господарот твој е навистина Силен и Милостив!

**176.** И жителите на Ејка ги сметаа Пратениците за лажни.

**177.** Кога Шуајб им рече: „Како тоа да не се плашите од Аллах?

**178.** Јас сум ви, сигурно, поверлив Пратеник,

**179.** затоа, плашете се од Аллах и бидете ми послушни!

**180.** За ова од вас не барам никаква награда, мене Господарот на световите ќе ме награди.

**181.** На литарот правилно мерете и не скусувајте,

**182.** и на вагата со исправна мерка мерете,

**183.** и на луѓето правата нивни не им ги намалувајте и безредие по Земјата не правете,

**184.** и плашете се од Тој што ве создаде и вас и народите дамнешни!

**185.** Тие рекоа: „Ти си само маѓепсан;

**186.** и ти си само човек како и ние; за нас ти си вистински лажливец;

**187.** затоа спушти врз нас парче од небото, ако Вистината ја зборуваш!

**188.** „Господарот мој добро знае што правите вие.“ – рече тој.

**189.** И тие продолжија да го обвинуваат за лага, па ги стигна казна од темниот облак; а тоа беше ден на големата казна!

**190.** Тоа е поука, но повеќето од нив се неверници,

**191.** а Господарот твој, е навистина Силен и Милостив!

**192.** И Куранот сигурно е објава од Господарот на световите;

**193.** поверливиот Џибрил го донесува

**194.** на срцето твое, за да опоменуваш,

**195.** на јасен арапски јазик.

**196.** Тој е спомнат во книгите на претходните Пратеници,

**197.** зарем на овие не им е доказ тоа што за него знаат учените луѓе на синовите Израилови?

**198.** А да го објавуваме и на некој неарап,

**199.** па тој да им го чита, повторно во него не би поверувале.

**200.** Ете така, Ние во срцата на грешниците внесуваме,

**201.** тие во него нема да веруваат сè додека не го видат неиздржливото страдање,

**202.** кое одеднаш ќе им дојде, кога најмалку ќе го очекуваат,

**203.** па ќе речат: „Ќе ни се даде ли малку време?“

**204.** Па зарем тие казната Наша ја избрзуваат?!

**205.** Што мислиш, ако Ние им дозволиме со години да уживаат,

**206.** и на крајот ги снајде заканата,

**207.** зарем ќе имаат нешто од слаткиот живот кој го поминувале?

**208.** Ние ниту еден град не разурнавме, пред да им дојдат тие што ги опоменувале,

**209.** за да примат поука; Ние не бевме неправедни.

**210.** Куранот не го донесуваат шејтани,

**211.** незамисливо е тие да го прават тоа; тие не се способни за тоа,

**212.** тие никако не можат да го прислушкуваат.

**213.** Затоа, покрај Аллах, не му се моли на друг бог – за да не бидеш еден од тие што ќе бидат мачени!

**214.** И опоменувај ги своите најблиски роднини,

**215.** и биди љубезен кон верниците кои те следат!

**216.** А ако не те послушаат, ти кажи: „Јас немам ништо со тоа што вие го правите,

**217.** И потпри се на Силниот и Милостивиот,

**218.** Кој те гледа кога стануваш,

**219.** и твоето наведнување меѓу тие кои чинат сеџда,

**220.** бидејќи Тој, навистина, сѐ слуша и сѐ знае.

**221.** Дали да ве известам кому му доаѓаат шејтаните?

**222.** Тие му доаѓаат на секој лажливец, грешник,

**223.** тие прислушкуваат, а повеќе лажат.

**224.** А заведениот ги следи поетите.

**225.** Зарем не знаеш дека тие во секој говор навлегуваат,

**226.** и дека го говорат тоа што не го прават,

**227.** а така не говорат само тие што веруваат и добри дела што прават, и кои често Аллах Го спомнуваат, и кои возвраќаат на навредите. А насилниците сигурно ќе сознаат во каква мака ќе се вовлечат.

27. Поглавје

# Ен Немл

*Мравки*

Мека – 93 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Та-син. Ова се ајети од Куранот и Книгата јасна,

**2.** упатство и радосна вест за верниците,

3. кои намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат и кои во оној свет цврсто веруваат.

**4.** На тие што не веруваат во оној свет, Ние им ги прикажуваме како убави постапките нивни – па тие талкаат;

**5.** нив ги чека злобна казна, а на оној свет ќе бидат сосема изгубени,

**6.** а ти, навистина, го примаш Куранот од Мудриот и Сезнајниот!

**7.** Кога Муса му рече на семејството свое: „Видов оган, ќе ви донесам оттаму вест некаква, или ќе ви донесам разгорен оган за да се загреете.“

**8.** Некој, кога му се приближи, го повика: „Нека се благословени тие што се наоѓаат на местото на кое е огнот и тие околу него, и нека е славен Аллах, Господарот на световите!

**9.** „О, Муса, Јас сум Аллах, Силниот и Мудриот!

**10.** Фрли го својот стап!“ Па кога го виде дека се движи како да е брза змија, тој се оддалечи и не се врати. „О, Муса, не плаши се! Пратениците кај Мене не треба од ништо да се плашат;

**11.** а на тој што грев ќе направи, а потоа злото со добро дело ќе го замени, навистина ќе му простам и милостив ќе бидам!

**12.** Стави ја раката своја во пазувите свои, ќе се појави бела, но нема да биде болна – ќе биде едно од деветте знаци за фараонот и за народот негов; тие се навистина народ грешен, непослушен.

**13.** И кога знаците Наши јасно им дојдоа, тие рекоа: „Ова е вистинска магија!“

**14.** И тие, неправедни и арогантни, ги негираа, но во себе веруваа дека се вистински, па погледај како завршија интригантите.

**15.** На Давуд и Сулејман знаење им дадовме и тие кажаа: „Сета благодарност му припаѓа на Аллах Кој нè одликуваше над многуте верници, робови Свои!“

**16.** И Сулејман го наследи Давуд и рече: „О, луѓе, дадено ни е да ги разбираме птичјите гласови и сешто ни е дадено; ова е навистина вистинска благодат!“

**17.** И му се собраа на Сулејман војските негови, џините, луѓето и птиците, беа собирани па водени,

**18.** и кога стигнаа до долината на мравките, една мравка рече: „О, мравки, влегувајте во живеалиштата свои за да не ве прегази Сулејман и војските негови, а тоа и да не го забележат!“

**19.** И Тој се насмеа гласно на зборовите нејзини и рече: „Господару мој, вдахни ми да бидам благодарен на благодатта Твоја, која ми ја укажа мене и на родителите мои, и да правам добри дела за задоволството Твое, и внеси ме, со милоста Своја, меѓу добрите робови Свои!“

**20.** И Тој изврши смотра на птиците, па рече: „Зошто не го гледам Пупунецот, отсутен ли е?

**21.** Ако не ми донесе разумно оправдување, со тешка казна ќе го казнам или ќе го заколам!“

**22.** Не помина многу време, а тој дојде, па рече: „Го дознав тоа што ти не го знаеш, од Саба[207] ти носам поверлива вест.

[207] Саба – древно кралство на територијата на денешен Јемен.

**23.** Видов една жена како владее и дека сѐ и сешто ѝ е дадено, а има и величествен престол,

**24.** видов дека таа и народот нејзин на Сонцето му се клањаат, а не на Аллах. Шејтанот им ги прикажал убави постапките нивни и од Вистинскиот пат ги одвратил, па тие не знаат да го најдат Вистинскиот пат

**25.** за да Му се клањаат на Аллах, Кој го обелоденува тоа што е скриено на небесата и на Земјата и Кој го знае тоа што го криете и тоа што јавно го изнесувате.

**26.** Аллах е, нема друг бог освен Него, Господарот на Аршот величествен!

**27.** „Ќе видиме," – рече Сулејман – „дали ја зборуваш вистината или не.

**28.** Однеси го ова мое писмо, па фрли им го, а потоа оддалечи се малку од нив и погледни што ќе ти одговорат!"

**29.** „О, големци," – рече таа – „мене ми е доставено едно писмо вредно за почит!

**30.** Сигурно е од Сулејман и сигурно е: „Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**31.** Не правете се поголеми од мене, туку дојдете да ми се покорите."

**32.** „О, големци," – рече таа – „советувајте ме што треба во овој случај да сторам; јас без вас ништо не сакам да одлучам!"

**33.** „Ние сме многу силни и храбри," – рекоа тие – „но ти наредуваш. Па, размисли што ќе наредиш!"

**34.** „Кога царевите ќе освојат некој град," – рече таа – „тие го разоруваат, а неговите угледни жители ги прават понижени; ете, така постапуваат.

**35.** Ќе им испратам еден подарок и ќе видам со што гласниците ќе се вратат."

**36.** И кога гласникот излезе пред Сулејман, овој му рече: „Зарем со богатство мене да ме придобиете? Тоа што Аллах мене ми го дал е подобро од тоа што вам ви дал. Вие му се радувате на тоа што ви се дава!

**37.** Врати се кај нив! Ние ќе донесеме војски на кои нема да може да им се спротивстават и ќе ги протераме од Саба понижени и покорени.

**38.** О, големци, кој од вас ќе ми го донесе нејзиниот престол, пред да ми дојдат како муслимани."

**39.** „Јас ќе го донесам,“ – рече Ифрит[208], еден од џините – „пред да станеш од своето место, јас сум за тоа силен и доверлив“.

**40.** „А јас ќе го донесам“ – рече тој што го имаше знаењето од Книгата – „пред да трепнеш со окото“. И кога Сулејман виде дека престолот е веќе пред него поставен, извика: „Ова е благодат од Господарот мој, Кој ме искушува дали благодарен или неблагодарен ќе бидам. А кој е благодарен – во своја корист е благодарен, а кој е неблагодарен – па Господарот мој е Независен и Благороден.“

**41.** „Смени го изгледот на нејзиниот престол да видиме дали ќе го препознае или не!“

**42.** И кога таа дојде, ѝ беше кажано: „Дали е ваков престолот твој?“ „Како да е тој!“ – извика таа. „А нам пред неа ни беше дадено знаењето, и ние сме муслимани.“

**43.** А за да не верува исправно, неа ја спречија тие кои таа покрај Аллах ги обожуваше!

**44.** „Влези во дворецот!“ ѝ беше кажано. Кога таа го погледна, помисли дека е длабока вода, па го крена фустанот, разоткривајќи ги своите нозе. „Овој дворец е поплочен со сјајно стакло!“ – рече тој. „Господару мој!“ – извика таа – „Јас си сторив насилство на себеси и во друштво на Сулејман, Му се предавам на Аллах, Господарот на световите!“

**45.** А на Семуд му го пративме братот негов, Салих: „Само Аллах обожувајте Го!“ – а тие се поделија во две групи кои меѓусебно се препираа.

**46.** „О, народе мој,“ – им говореше тој – „зошто го барате злото, пред доброто? Зошто не барате прошка од Аллах, за да ви се укаже милоста?“

**47.** „Ние те сметаме тебе и тие што се со тебе за кобен предзнак!“ – рекоа тие. „Вашиот кобен предзнак е кај Аллах,“ – рече тој – „вие сте народ кој е ставен на искушение.“

**48.** Во градот имаше деветмина кои по земјата, не ред, туку неред правеа.

**49.** „Заколнете се во Аллах,“ – рекоа – „дека во ноќта него и семејството негово ќе го убиеме, а тогаш на неговиот најблизок крвен сродник ќе му кажеме: ‚Ние не присуствувавме на убиството на семејството негово, ние, навистина, вистината ја говориме.“

---

[208] Ифрит – најмоќниот џин; нивен предводник.

**50.** И смислуваа сплетки, па и Ние, но тие тоа не го чувствуваа,

**51.** па погледни каква беше последицата на сплеткарењето нивно: ги уништивме сите – и нив и народот нивен.

**52.** Ете ги куќите нивни, пусти се поради неправдата која ја правеа – тоа е навистина поука за народот кој знае,

**53.** а ги спасивме тие што веруваа и кои од Аллах се плашеа и од гревовите се чуваа.

**54.** И Лут го пративме, кога му рече на народот свој: „Зошто правите разврат, јавно, едни пред други?

**55.** Зарем, навистина, со страст им приоѓате на мажите, наместо на жените? Вие сте навистина народ кој не знае.“

**56.** А одговорот на нарадот негов, гласеше: „Избркајте го семејството на Лут од вашиот град, тие се чисти и невини луѓе!“

**57.** И Ние го спасивме него и семејството негово, сите, освен сопругата негова. Ние одредивме таа да остане со тие кои казната ќе ја искусат,

**58.** и пуштивме врз нив камен дожд, а колку страшен дожд за тие што беа предупредени!

**59.** Кажи: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах и нека е мир над робовите Негови кои Тој ги одбрал!“ Кој е подобар: Аллах или тие кои Нему Му ги здружуваат.

**60.** Тој Кој небесата и Земјата ги создаде и Кој од небото ви спушта дожд со чија помош Ние даваме да позеленат градините прекрасни, невозможно е вие да направите да израснат дрвјата нивни. Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Не постои, но тие се народ кој други со Него изедначуваат.

**61.** Тој Кој Земјата за живеалиште ја направи и низ неа реки спроведе и на неа стабилни планини постави и две мориња прегради. Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Не постои, туку повеќето од нив не знаат.

**62.** Тој Кој на човекот кој е во неволја, кога ќе Му се обрати, му се одѕива, и Кој злото го отстранува и Кој на Земјата едни со други ве сменува. Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Колку малку размислувате!

**63.** Тој Кој во темнините, на копното и на морето, патот ви го покажува и Кој ветровите како радосна вест пред милоста Своја ги испраќа. Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Аллах е високо над тие кои Му ги здружуваат!

**64.** Тој Кој од ништо создава сè, Кој тоа повторно ќе го направи, и Кој снабдувањето од небо и од земјата ви го дава. Зарем покрај Аллах постои друг бог?! Кажи: „Докажете ако ја зборувате вистината!“

**65.** Кажи: „Никој, освен Аллах, ни на небото ни на Земјата, не го знае гајбот; и тие не знаат кога ќе бидат оживеани.“

**66.** Зарем тие за оној свет знаат нешто? Ништо! Тие се сомневаат во него, тие се слепи спрема него.

**67.** Неверниците велат: „Зарем кога ќе станаме земја, и ние и предците наши, навистина оживеани ќе бидеме?

**68.** Ова уште одамна ни се ветува, и нам и на предците наши, а ова се само измислици на древните народи.

**69.** Кажи: „Патувајте по светот и видете како завршиле злосторниците!“

**70.** И не тагувај поради нив и нека не ти биде тешко во душата поради сплетките нивни.

**71.** „Кога, веќе еднаш, ќе се оствари тоа ветување, ако Вистината ја говорите?“ – прашуваат тие.

**72.** Кажи: „Сигурно ќе ве стигне нешто од тоа што го избрзувате!“

**73.** А Господарот твој е неизмерно добар кон луѓето, но повеќето од нив не се благодарни.

**74.** Господарот твој добро го знае тоа штоградите нивни го кријат и тоа што јавно го изнесуваат.

**75.** Нема ништо скриено ни на небото ни на Земјата, а да не е во Книгата јасна.

**76.** Овој Куран на синовите Израилови најмногу им кажува за тоа за што не се согласуваат,

**77.** и тој е, навистина, упатство и милост на верниците.

**78.** Господарот твој по правдата Своја ќе им пресуди; Тој е Силниот и Сезнајниот,

**79.** затоа потпри се на Аллах, затоа што ти, навистина, ја следиш Јасната Вистина!

**80.** Ти не можеш мртвите да ги повикуваш ни глувите да ги довикуваш кога со грбовите ќе се завртат,

**81.** ниту можеш да ги упатиш слепите кои се во заблуда; можеш само да ги повикаш тие кои во зборовите Наши веруваат. Тие се предани!

**82.** И кога ќе дојде времето тие да бидат казнети, Ние ќе направиме од земјата да излезе едно животно кое ќе им каже

дека луѓето во доказите Наши не биле уверени.

**83.** А на Денот кога од секој народ ќе собереме куп од тие што доказите Наши ги негираа – тие ќе бидат собирани па приведувани,

**84.** и кога ќе дојдат, Тој ќе запраша: „Дали вие доказите Мои ги негиравте не размислувајќи за нив, или што правевте?"

**85.** И нив ќе ги стигне казна затоа што беа насилници, па нема да можат ни збор да изустат.

**86.** Зарем не видоа дека ноќта ја направивме за во неа да одморат, а денот видлив?! Тоа се, навистина, докази за народот кој верува.

**87.** А на Денот кога во рогот ќе се дувне, па смртно ќе се преплашат и тие на небесата и тие на Земјата, освен тие кои Аллах ќе ги поштеди, сите понизно ќе Ми дојдат.

**88.** Ти ги гледаш планините и мислиш дека се неподвижни, а тие се движат[209] како што се движат облаците, тоа е дело на Аллах, Кој сè совршено создал; Тој навистина го знае тоа што го правите.

**89.** Тие што ќе направат добро дело, ќе добијат голема награда за него и од стравот на Судниот ден ќе бидат поштедени,

**90.** а тие што ќе нанесуваат зло, во Огнот на глава ќе бидат турнати. „Па зарем вие се казнувате, освен за тоа што го правевте?"

**91.** Јас примив заповед да Го обожувам само Господарот на овој град кој Тој го направи свет – а сè Му припаѓа Нему – и наредено ми е да Му бидам послушен

**92.** и Куранот да го кажувам; Тој што ќе оди по Вистинскиот пат на Вистинскиот пат е за свое добро, а на тој што е во заблуда, ти кажи му: „Јас само опоменувам."

**93.** И кажи: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Тој знаците Свои ќе ви ги покаже, па вие ќе ги познаете!" А Господарот твој не е немарен кон тоа што го правите.

---

[209] Се однесува на движењето на земјината кора, литосферата, чиишто најдлабоки и највисоки делови се планините, врз океанот од магма. Ова во географската наука е познато како тектоника на плочи.

## 28. Поглавје

# Ел Касас

*Кажување*

Мека – 88 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Та-син-мим.

2. Ова се ајети од Книгата јасна!

**3.** Ние ќе ти кажеме некои вести за Муса и за фараонот, така како што беше, и тоа за тие луѓе што веруваат.

**4.** Фараонот во земјата се возгордеа, и жителите нејзини на групи ги подели; едните ги угнетуваше, машките деца им ги колеше, а женските во живот ги оставаше; тој навистина беше безредник.

**5.** А Ние сакавме, тие што на Земјата беа угнетувани, со милоста да ги облееме и предводници и наследници да ги направиме.

**6.** И на Земјата власт да им подариме, а на фараонот и Хаман и војските нивни да им дадеме да го доживеат токму тоа од што се плашеа.

**7.** И Ние ја вдахнавме мајката на Муса: „Дој го, а кога ќе се исплашиш за неговиот живот, пушти го в река, и не плаши се и не тагувај, Ние навистина ќе ти го вратиме, и Пратеник ќе го направиме.

**8.** И го најдоа луѓето на фараонот, за да им стане непријател и мака; навистина фараонот и Хаман и војските нивни, секогаш грешеа.

**9.** И жената на фараонот рече: „Тој ќе ни биде радост и мене и тебе! Не го убивајте, можеби од корист ќе ни биде, а можеме и да го посиниме“. – а тие ништо не претчувствуваа.

**10.** И срцето на Мусаовата мајка остана празно, замалку да признаеше, да не го зацврсневме Ние срцето нејзино и верничка ја направивме.

**11.** И таа ѝ рече на сестрата негова: „Оди по него!“ И таа го гледаше оддалеку, а тие ништо не забележаа.

**12.** А Ние веќе му ги бевме забраниле доилките, па таа рече: „Сакате ли да ви го покажам семејството кое за него ќе се грижи и кое добро ќе му посакува?“

**13.** И го вративме кај мајката негова да се радува и да не тагува, и да се увери дека Аллаховото ветување е вистинито; но повеќето од нив не знаат.

**14.** И кога тој стаса и доби сила, му дадовме мудрост и знаење; така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела.

**15.** И тој влезе во градот, незабележан од жителите негови, и во нив сретна двајца луѓе кои се тепаат, едниот му припаѓаше на неговиот, а другиот на непријателскиот народ, па неговиот сонародник го повика на помош против оној од непријателскиот народ, и Муса го удри со рака и го усмрти. „Ова е шејтанова работа!“ – извика. „Тој е навистина очигледен непријател кој доведува во заблуда!“

**16.** „Господару мој,“ – рече тогаш – „јас себеси зло си нанесов, прости ми!“ И Тој му прости, Тој навистина простува и Милостив е.

**17.** „Господару мој,“ – рече – „поради тоа што благодати ми укажа, никогаш повеќе нема на злосторниците од помош да им бидам!“

**18.** И Муса во градот осамна престрашен, очекувајќи што ќе биде, кога тој истиот од вчера повторно го повика на помош. „Ти си во јасна заблуда!“ – му рече Муса.

**19.** И кога се обиде да го зграпчи заедничкиот непријател, другиот му рече: „О, Муса, зарем ќе ме убиеш и мене како што вчера уби човек? Ти сакаш на Земјата сила да применуваш, а не сакаш да смируваш!“

**20.** И еден човек, од крајот на градот дотрча: „О, Муса, главешините се договараат да те убијат, затоа бегај, јас сум ти искрен советник!“ – му рече.

**21.** И Муса излезе од градот, престрашен, исчекувајќи што ќе се случи. „Господару мој!“ – рече – „спаси ме од народот насилнички,“

**22.** И кога се упати кон Медјен, тој рече: „Господарот мој, ќе ми го покаже патот!“

**23.** А кога стигна до водата медјенска, околу неа затекна многу луѓе како го напојуваат добитокот, а малку подалеку од нив, здогледа две жени кои (добитокот) го одбиваа од водата. „Што правите?“ – запраша тој. „Ние не напојуваме сè додека овчарите не заминат!“ – одговорија тие – „а таткото ни е многу стар.“

**24.** И тој им го напои (добитокот), а потоа отиде во ладовинка и рече: „Господару мој, навистина имам потреба за било какво добро да ми дадеш!“

**25.** И едната од нив потоа му дојде, одејќи срамежливо, и рече:

„Татко ми те повикува да те награди, поради поењето!“ И кога тој дојде и му кажа што доживеал, тој рече: „Не стравувај, се спаси од народот насилнички!“

**26.** „О, татко мој,“ – рече едната од нив – „земи го во наем, најдобро е да изнајмиш силен и поверлив.“

**27.** „Јас сакам да те оженам со едната од овие две мои ќерки,“ – рече тој – „но треба осум години да ми служиш; а ако наполниш десет, тоа ќе биде твоја добра волја, а јас не сакам да те присилувам на тоа; ти ќе видиш, ако даде Бог, дека сум добар.“

**28.** „Нека биде така меѓу мене и тебе!“ – рече Муса – „Кој, од тие два рока, и да го исполнам, нема што да ми се приговори, а Аллах е сведок за тоа што сме се договориле!“

**29.** И кога Муса го исполни договорениот рок и тргна со семејството свое, тој здогледа оган на едната страна од планината и му кажа на семејството свое: „Почекајте, јас навистина здогледав оган, можеби од него ќе ви донесам некаква вест, или разгорен оган, за да се згреете.“

**30.** А кога дојде до огнот, некој го викна од десната страна на долината, од стеблото, во благословениот крај: „О, Муса, Јас сум Аллах, Господарот на световите!“

**31.** „И фрли го својот стап!“ И кога виде дека се движи како итра змија, се повлече и не се заврте. „О, Муса, пријди и не плаши се! Ти си од сигурните!

**32.** Стави ја раката своја во пазувите свои, ќе се појави бела, а без маана, и приближи ја раката покрај себе од страв! Ете, тоа се два знака[210] од Господарот твој, за фараонот и за главешините негови, тие се навистина народ грешен, непослушен!“

**33.** „Господару мој,“– рече – „јас убив еден невин човек, па се плашам тие да не ме убијат мене.

**34.** А мојот брат Харун, е поречит од мене, па испрати го и него со мене, како мој помошник, да ги потврди зборовите мои, затоа што се плашам да не ме наречат лажливец.“

**35.** „Ќе ти помогнеме со твојот брат,“ – рече Тој – „и на двајцата доказ ќе ви дадеме, па тие нема да се осмелат да ви пријдат, и со Нашите знаци, вие двајцата и тие што ќе ве следат, ќе станете победници.“

[210] Два од деветте знака.

**36.** И кога Муса им ги донесе Нашите јасни докази, тие повикаа: „Ова е само смислена маѓија, не сме слушнале дека вакво нешто се случувало во времето на предците наши!“

**37.** „Господарот мој добро го знае тој што го носи упатството од Него,“ – рече Муса – „и тој што на крајот ќе победи, а насилниците навистина нема да успеат!“

**38.** „О, главешини,“ – рече фараонот – „јас не знам дека вие имате друг бог освен мене, а ти, о, Хаман, печи ми тули и сoѕидај ми кула за да се качам кај Мусаовиот Бог, бидејќи јас мислам дека тој е лажливец!“

**39.** А тој и војските негови, без никаква основа, се возгордеаја на Земјата и мислеа дека нема да Ни бидат вратени.

**40.** Па ние го зграпчивме и него и војските негови и во морето ги фрливме; погледни како завршија насилниците!

**41.** А ги направивме предводници, кои повикуваа во тоа поради што се оди во Оган, а на Судниот ден никој нема да им помогне.

**42.** И ги попративме со проклетство на овој свет, а на оној свет од секое добро ќе бидат оддалечени.

**43.** И Ние на Муса Книга му дадовме, откако древните народи ги уништивме, да им биде светло на луѓето, и упатство, и милост, за да се опоменат!

**44.** Ти не беше на западната страна кога на Муса пратеништвото му го доверивме, а не беше ни сведок на тоа.

**45.** Ние многу народи создадовме и тие долго живееја, а ти не престојуваше меѓу жителите на Медјен за да им ги кажуваш зборовите Наши, туку Ние, за нив ти кажуваме вести.

**46.** Ти не беше кај Тур кога го повикавме, а Ние те испративме како милост од Господарот твој за да ги опоменуваш луѓето на кои, пред тебе, не им дошол никој кој би ги опоменал, за да се опаметат,

**47.** да не речат, кога ќе ги стигне казната поради тоа што го правеле: „Господару наш, зошто не си ни испратил Пратеници, па Твоите докази да ги следиме и верници да бидеме?“

**48.** А кога им доаѓа Вистината од нас, тие велат: „Зошто не му е дадено истото како што му е дадено на Муса?“ А зарем тие, уште одамна, не го негираа тоа што му е дадено на Муса?! Тие велат: „Две маѓии, едната ја поддржува

другата.“ – и велат: „Ние ниту во една не веруваме!“

**49.** Кажи: „Па донесете вие книга од Аллах која подобро упатува на Вистинскиот пат отколку овие две, па неа да ја следам, ако вистината ја говорите!“

**50.** Па ако не ти се одѕвијат, тогаш знај дека тие единствено ги следат своите страсти, а не Аллаховото упатство! Аллах навистина нема да му укаже на Вистинскиот пат на народот што самиот себеси неправда си прави.

**51.** А Ние им објавуваме збор по збор, за да размислат.

**52.** На тие на коишто им давме Книга пред Куранот, веруваат во неа,

**53.** а кога им се кажува, велат: „Ние веруваме во него, тој е Вистина од Господарот наш, ние и претходно бевме муслимани.“

**54.** Тие ќе добијат двојна награда за тоа што го трпат и бидејќи на злото со убаво возвраќаат и од тоа што им го даваме делат.

**55.** А кога ќе слушнат бесмислици, од нив се вртат и велат: „На нас нашите дела, а на вас вашите дела, мир со вас! Ние не го сакаме друштвото на незналците.“

**56.** Ти навистина не можеш да го упатиш на Вистинскиот пат тој што ти сакаш да го упатиш, Аллах му укажува на Вистинскиот пат на тој што Тој сака и Тој добро ги знае тие кои по Вистинскиот пат ќе тргнат.

**57.** Тие велат: „Ако со тебе го следиме Вистинскиот пат, од родниот крај брзо ќе бидеме избркани.“ Зарем не им го воспоставивме Светиот Храм безбеден, сигурно место каде што се слеваат разновидни плодови како снабдување од Нас, меѓутоа, повеќето од нив не знаат.

**58.** А колку села и градови Ние уништивме, чиишто жители во животот расипници беа! Ене ги домовите нивни, малкумина по нив ги населуваа, Ние ги наследивме.

**59.** А Господарот твој никогаш не ги уништуваше населбите додека во престолнината нивна Пратеник не испратеше, кој доказите Наши им ги кажуваше. И Ние населбите ги уништувавме само кога жителите нивни станувaa насилници.

**60.** Сè што ви е подарено се само уживања и украси во животот на овој свет, а тоа што е кај Аллах, подобро и трајно е. Зошто не се опаметите?

**61.** Како може да биде еднаков тој кому убава награда му ветивме, и која ќе ја добие, со

тој кому му дадовме да се насладува во животот на овој свет, а кој потоа на оној свет во Огнот ќе биде фрлен?

**62.** А на Денот кога Тој ќе ги повика и ќе ги запраша: „Каде се тие што Ми ги здружувавте?“

**63.** Тие, над кои зборот се оствари,[211] ќе речат: „Господару наш, овие кои во заблуда ги насочивме, ги насочивме само затоа што и самите во заблуда бевме; ние пред Тебе се откажуваме од нив, тие нас не нѐ обожуваа.“

**64.** „Повикајте ги божествата ваши!“ – ќе им се каже, па тие ќе ги повикаат, но тие нема да им се одѕвијат и страдање ќе доживеат и ќе зажалат што не биле на Вистинскиот пат.

**65.** А на Денот кога Тој ќе ги повика и ќе ги запраша: „Што им одговоривте на Пратениците?“ –

**66.** тој Ден тие нема да знаат што да одговорат, па ни меѓу себе нема ништо да се прашаат.

**67.** А тој што ќе се покае, и што ќе верува, и што добри дела ќе прави, тој ќе биде успешен!

**68.** Господарот твој создава што сака, и Тој одбира. Тие немаат право да бираат. Возвишен нека е Аллах и високо над тие кои Му ги изедначуваат!

**69.** Господарот твој го знае тоа што нивните срца го кријат и тоа што го искажуваат.

**70.** Тој е Аллах, друг бог освен Него нема; Нему Му припаѓа сета благодарност и на овој и на оној свет! Само Тој суди и на Него ќе Му се вратите!

**71.** Кажи: „Кажете ми вие мене, ако Аллах би дал ноќта да ви потрае вечно, до Судниот ден, кој бог, освен Аллах, светло би ви дал? Зарем не слушате?!“

**72.** Кажи: „Кажете ми вие мене, ако Аллах би дал денот да ви потрае вечно, до Судниот ден, кој бог освен Аллах, ноќ би ви дал, за во неа да одморите? Зарем не гледате?!“

**73.** Од милоста Своја Тој ноќ и ден ви даде; во ноќта да одморате, а дење по добрата Негови да трагате и благодарни да бидете.

**74.** А на Денот кога Тој ќе ги повика и ќе ги запраша: „Каде се тие кои Ми ги здружувавте?“

**75.** Од секој народ ќе донесеме сведок и ќе кажеме: „Дајте го својот доказ!“ – и тие ќе дознаат

---

[211] Се однесува на тие кои себеси се претставувале како божества или повикувале да се обожува некој друг освен Аллах.

дека Вистината Му припаѓа само на Аллах, а ќе им ги нема тие што ги измислуваа.

**76.** Карун од Мусаовиот народ беше, па ги измачуваше, а му дадовме толку богатства што клучевите од него тешко би можеле да ги носат и еден куп силни луѓе. „Не биди неблагодарен, затоа што Аллах не ги сака неблагодарните!" – му говореа луѓето од народот негов –

**77.** „И настојувај со тоа што Аллах ти го дал, да го стекнеш оној свет, а не заборавај го ни својот дел на овој свет и прави им добро на другите, како што тебе Аллах добро ти направил, и настојувај да не правиш безредие на Земјата, затоа што Аллах не ги сака безредниците."

**78.** „Ова што го имам го стекнав со своето знаење." – говореше тој. А зарем не знаеше дека Аллах пред него уништи некои народи кои беа посилни од него и кои насобраа повеќе, а злосторниците за своите гревови нема ни да бидат испрашувани.

**79.** И излезе тој пред народот свој, во својот сјај. „Ах, да ни е дадено и нам тоа што му е дадено на Карун!" – говореа тие што копнееја по животот на овој свет – „Тој навистина има удел во овој свет!"

**80.** „Тешко вам," – говореа учените – „на тие што веруваат и што прават добри дела подобра им е Аллаховата награда, а само на трпеливите ќе им биде пружена."

**81.** Ние, него и неговиот дворец в земја го втеравме, и никој од Аллаховата казна не можеше да го одбрани, а ни самиот на себеси не можеше да си помогне.

**82.** А тие што претходно посакуваа да се на негово место, почнаа да говорат: „Зарем не гледате дека Аллах му дава во изобилство на тој од робовите Свои на кого Тој сака, а и дека ускратува! Да не ни ја укажеше Аллах Својата милост и нас в земја ќе нѐ втераше. Зарем не гледате дека неверниците никогаш нема да успеат?!"

**83.** Тој друг свет ќе им го дадеме на тие што не сакаат на Земјата да се вообразени и да прават неред, а тие што се плашат од Аллах, ги чека среќен крај.

**84.** Тој што ќе направи добро дело, ќе добие подобра награда за него, а тој што ќе направи зло, па тие што прават зло, точно спрема заслугата ќе бидат казнети.

**85.** Тој што ти го остави Куранот како обврска, сигурно ќе те врати на местото на враќањето. Кажи: „Господарот мој добро

знае кој е на Вистинскиот пат, а кој е во јасна заблуда.“

**86.** Ти не очекуваше дека ќе ти биде објавена Книга, но таа ти е објавена како милост од Господарот твој, затоа никогаш немој да им бидеш соучесник на неверниците.

**87.** И тие никако нека не те одвратат од Аллаховите зборови, кога ќе ти се објават, и повикувај кон Господарот твој и никако немој да бидеш од тие кои Му припишуваат здруженици!

**88.** И немој да се молиш, покрај Аллах, на друг бог! Нема друг бог освен Него! Сè, освен Неговото лице, ќе пропадне! Тој ќе суди и Нему ќе Му се вратите!

## 29. Поглавје

# Ел Анкебут

*Пајак*

Мека – 69 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим.

**2.** Зарем луѓето мислат дека ќе бидат оставени на мира ако кажат: „Ние веруваме!“ – и дека нема да бидат ставени на искушение?

**3.** А ние во искушение ги стававме и тие пред нив, па Аллах, навистина ги знае тие што вистината ја говорат и тие што лажат.

**4.** Зарем тие што прават лоши дела мислат дека Нам ќе Ни избегаат? Лошо проценуваат!

**5.** А кој се надева на средбата со Аллах, па од Аллах одреденото време ќе дојде, а Тој сè слуша и сè знае!

**6.** А тој што се бори – само за себе се бори, навистина, Аллах е независен од сите светови.

**7.** На тие што веруваат и прават добри дела, сигурно, ќе прејдеме преку нивните лоши постапки, и за тоа што го правеле, навистина, со најубава награда ќе ги наградиме.

**8.** Ние секој човек го задолживме да биде добар кон родителите свои. Но, ако тие те наговараат Мене здруженик да Ми припишуваш, за кого ти ништо не знаеш, тогаш – не слушај ги! Мене ќе ми се вратите, па Јас ќе ве известам за тоа што го правевте.

**9.** Тие што веруваат и прават добри дела, сигурно, ќе ги ставиме меѓу добрите.

**10.** Има луѓе кои велат: „Веруваме во Аллах!" – а кога некој, поради Аллах, ќе биде ставен на мака, тој смета дека човечкото измачување е исто што и Аллаховата казна. А ако дојде победа од Господарот твој, тие сигурно ќе речат: „Бевме со вас!" А зарем Аллах не знае што е во градите на сите?

**11.** Аллах добро ги знае тие што веруваат и добро ги знае тие што се дволични.

**12.** Неверниците им велат на верниците: „Следете го нашиот пат, а ние ќе ги носиме гревовите ваши!" А не би зеле ниту еден нивен грев, тие само лажат,

**13.** но сигурно, покрај нивниот, и дотатен товар врз истиот ќе носат, и за лагите кои ги изнесуваат на Судниот ден ќе одговараат!

**14.** Ние Нух на народот негов го испративме и тој остана меѓу нив деветстотини и педесет години, па потоа ги снајде потопот, а беа насилници.

**15.** И Ние него и тие што беа со него на бродот ги спасивме, и поучен пример за световите ги направивме.

**16.** А и Ибрахим, кога му кажа на народот свој: „Аллах обожувајте Го и од Него плашете се, тоа ви е подобро, да знаете!

**17.** Вие, покрај Аллах, киповите ги обожувате и лаги измислувате. Тие кои вие, покрај Аллах, ги обожувате не можат со никакво снабдување да ве снабдат; вие снабдувањето од Аллах барајте го и Него обожувајте Го и Нему бидете Му благодарни! – Нему ќе Му се вратите.

**18.** А ако вие мене ме сметате за лажен, па и народите пред вас ги сметале за лажни Пратениците свои; а Пратеникот е должен само јасно да пренесува.

**19.** Зарем тие не гледаат како Аллах сѐ од ништо создава? Тој тоа повторно ќе го стори; На Аллах тоа Му е навистина лесно.

**20.** Кажи: „Патувајте по светот, да видите што Тој од ништо создал. И Аллах повторно, по

вторпат, тоа ќе го стори, Аллах навистина може сè.

**21.** Тој казнува кого Тој сака и милоста му ја укажува на тој на кого Тој сака, на Него ќе Му се вратите.

**22.** Од Неговата казна нема да можете да избегате, ни на Земјата ни на небото, а, освен Аллах, немате ни помагач ни заштитник.

**23.** А тие што не сакаат да веруваат во Аллаховите докази и во средбата со Него, за нив нема надеж за Мојата милост, нив ги чека неиздржливо страдање.“

**24.** А одговорот на народот негов беше: „Убијте го или запалете го!“ – но Аллах го спаси од огнот. Тоа се навистина докази за народот кој верува.

**25.** Тој рече: „Вие, покрај Аллах, киповите ги прифативте за во животот на овој свет меѓусебните пријателски односи да ги одржувате, а потоа, на Судниот ден, едни од други ќе се откажувате и едни со други ќе се проколнувате, Огнот вашето престојувалиште ќе биде, и никој на помош нема да ви дојде.“

**26.** И само Лут му поверува! А Ибрахим рече: „Јас се селам таму каде што Господарот мој ми нареди, затоа што Тој е навистина Силен и Мудар.“

**27.** И Ние Исхак и Јакуб му ги подаривме и на потомците нивни веровесништво и Книга им дадовме, а нему на овој свет наградата му ја дадовме, а на оној свет еден од добрите ќе биде.

**28.** И Лут, кога на народот свој му рече: „Вие правите таков разврат, каков пред вас никој на светот не правел:

**29.** имате односи со мажи, на патиштата пресретнувате и на собирите свои најодвратни работи правите“, одговорот на неговиот народ беше: „Направи Аллаховата казна да нè стигне, ако вистината ја говориш!“

**30.** „Господару мој,“ – рече тој – „помогни ми против народот кој прави неред!“

**31.** И кога гласниците Наши, на Ибрахим радосна вест му донесоа, велејќи: „Ние ќе ги уништиме жителите на оној град, затоа што неговите жители се неверници!“

**32.** „Во него е Лут!“ – рече Ибрахим. „Ние добро знаеме кој е во него,“ – рекоа тие – „ние него и семејството негово ќе ги спасиме, освен жената негова. Таа ќе остане со тие што казната ќе ја искусат.“

**33.** И кога гласниците Наши му дојдоа на Лут, тој поради нив

се растажи и се вознемири. „Не плаши се и не грижи се,“ – рекоа тие – „ние тебе и семејството твое ќе ве спасиме, освен жената твоја, таа ќе остане со тие што казната ќе ја искусат.

**34.** А на жителите од овој град ќе спуштиме страшна казна од небото, поради тоа што се развратници.

**35.** И од него оставивме видливи остатоци за луѓето кои разум ќе имаат.

**36.** А во Медјен го испративме братот нивен Шуајб: „О, народе мој,“ – говореше тој, „Аллах обожувајте Го, и во оној свет надевајте се, и по Земјата никако неред не правете!“

**37.** Но тие не му поверуваа, па ги снајде страшен потрес и тие осамнаа во земјата своја, мртви, неподвижни.

**38.** А и Ад и Семуд – остатоците од домовите нивни ви се видливи – и шејтанот убави им ги прикажа постапките нивни, па иако беа разумни, од Вистинскиот пат ги одврати.

**39.** И Карун и фараонот и Хаман – Муса јасни докази им донесе, но тие на Земјата вообразено се однесуваа и казната не ја избегнаа,

**40.** и сите, сходно гревовите нивни, ги казнивме: на некои ветер полн со песок испративме, а некои со страшен глас ги уништивме, некои в земја ги втеравме, а некои ги потопивме; Аллах не им стори неправда, самите себеси неправда си сторија.

**41.** Тие што, покрај Аллах, земаат други заштитници, слични се на пајакот кој си плете куќа, а најслаба куќа е пајаковата куќа, нека знаат!

**42.** Аллах добро знае дека овие на кои тие, покрај Него, им се молат ништо не претставуваат. Тој е Силен и Мудар.

**43.** Тоа се примерите кои Ние на луѓето им ги истакнуваме, но само учените ги сфаќаат.

**44.** Аллах небесата и Земјата со Вистината ги создаде; тоа е навистина поука за тие што веруваат.

**45.** Кажувај го од Книгата тоа што ти се објавува и извршувај го намазот (молитвата) – намазот навистина одвраќа од развратот и од сè што е лошо; а Аллаховото спомнување на вас е поголемо од вашето спомнување на Него! – А Аллах знае што правите!

**46.** И со следбениците на Книгата расправајте на најубав начин

– не со тие меѓу нив кои се неправедни – и кажете: „Ние веруваме во тоа што ни се објавува нам и во тоа што ви е објавено вам, а нашиот Бог и вашиот Бог е еден и ние Нему сме Му предани!“

**47.** Како и ним, Ние тебе ти ја објавуваме Книгата, а некои од тие на кои што веќе сме им дале Книга – и во неа веруваат, а и некои од овие веруваат во неа, а доказите Наши само неверниците ги оспоруваат.

**48.** Ти пред неа ниту една книга не си читал, а ниту со својата десна рака не си ја пишувал, инаку, би се посомневале тие што кажуваат лаги.

**49.** А тоа се јасни ајети, во срцата се на тие на кои им е дадено знаењето, а Нашите ајети само неправедните ги оспоруваат.

**50.** и велат: „Зошто од Господарот негов не му се испратени некои чуда?“ Кажи: „Чудата се само кај Аллах, а јас сум само јасен опоменувач.“

**51.** А зарем не им е доволно тоа што тебе Ние ти објавуваме Книга која им се кажува: во неа е, навистина, милоста и поуката за народот кој верува.

**52.** Кажи: „Аллах е доволен сведок и за мене и за вас, Тој знае сѐ што е на небесата и на Земјата. А тие што веруваат во невистината, а не веруваат во Аллах, тие се губитници.

**53.** Тие бараат од тебе што порано да ги стигне казната. А да не е одредениот рок за тоа, казната ќе им дојдеше, а ќе им дојде сигурно, ненадејно, тие нема да претчувствуваат.

**54.** Тие бараат од тебе што порано да ги стигне казната, а Џехенемот сигурно сите неверници ќе ги опфати,

**55.** на Денот, кога страдањето и одоздола и одозгора ќе ги опфати, ќе им се каже: искусете го тоа што го правевете!

**56.** О, робови Мои кои верувате, Мојата Земја е пространа, затоа само Мене обожувајте Ме!

**57.** Секое живо суштество смртта ќе је вкуси, и потоа Нам ќе ни се вратите.

**58.** Тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават, ќе ги сместиме во џенетските одаи, под нив реки течат, во нив вечно ќе живеат. Колку ќе биде прекрасна наградата на тие што се трудеа,

**59.** тие што трпеа и на Господарот Свој се потпираа!

**60.** А колку животни има кои не собираат снабдување за себе, Аллах ги снабдува, а и вас! Тој сѐ слуша и сѐ знае.

**61.** А да ги запрашаш: „Кој ги создаде небесата и Земјата и кој ги потчини Сонцето и Месечината?“ Сигурно ќе кажат: „Аллах!“ Па тогаш каде се одметнуваат?!

**62.** Аллах во изобилство го снабдува оној кого Тој сака од робовите Свои, а на некого и му скратува: Аллах, навистина, знае сѐ.

**63.** А, ако ги запрашаш: „Кој од небото спушта вода и со неа мртвата земја ја оживува?“ Сигурно ќе кажат: „Аллах!“ а ти кажи: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах!“, но повеќето од нив не сфаќаат.

**64.** Животот на овој свет не е ништо друго освен игра и забава, а само оној свет е вистинскиот, само кога тие би знаеле!

**65.** Кога со бродот ќе запловат, искрено Му се молат на Аллах, а кога Тој до копното ќе ги донесе, одеднаш Нему други за рамни Му здружуваат

**66.** за да покажат неблагодарност кон тоа што Ние им го даваме, и за да уживаат. А ќе знаат тие!

**67.** Зарем не гледаат дека Храмот свет и сигурен сме го направиле, додека секаде околу нив се краде и ограбува? И зарем во лагата веруваат, а на Аллаховите благодети се неблагодарни?!

**68.** Има ли тогаш понеправеден од оној кој за Аллах измислува лаги или ја негира вистината која му доаѓа? И зарем на неверниците не им е местото во Џехенемот?

**69.** Тие кои поради Нас се борат, Ние, сигурно, на патиштата Наши ќе ги упатиме, а Аллах е навистина со тие што прават добри дела!

## 30. Поглавје
# Ер Рум
*Византијци*
Мека – 60 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим.

**2.** Византијците се победени,[212]

**3.** во најблиската земја, но тие, после поразот свој, сигурно ќе победат

**4.** за неколку години – и пред и потоа, Аллахова е одлуката – и тогаш верниците ќе се радуваат

**5.** на Аллаховата помош – Тој помага кому сака, Тој е Силен и Милостив, –

**6.** Аллахово е ветувањето, а Аллах ветувањето Свое не го прекршува, но повеќето луѓе не знаат.

**7.** Тие ја знаат само надворешната страна на овосветскиот живот, а кон оној свет се рамнодушни.

**8.** А зошто не размислат самите за себеси? Аллах ги создаде небесата и Земјата и тоа што е помеѓу нив со Вистина и до рокот одреден. А многумина од луѓето не веруваат дека пред Господарот свој навистина ќе излезат.

**9.** Зошто не патуваат по светот за да видат како завршиле тие пред нив? Тие беа посилни од нив, и земјата ја ораа и ја обработуваа повеќе отколку што ја обработуваат овие, и пратениците им донесуваа јасни докази; Аллах не им направи неправда, самите на себеси си нанесоа неправда.

**10.** Тие што правеа зло, ќе завршат со најужасно страдање, затоа што Аллаховите зборови ги негираа и затоа што ги исмејуваа.

**11.** Аллах го почнува создавањето и потоа го обновува и на крајот Нему ќе Му се вратите.

**12.** На Денот кога ќе настапи Часот, злосторниците секаква надеж ќе изгубат.

**13.** И тие меѓу своите божества нема да имаат посредници и тие своите божества ќе ги негираат.

---

[212] Во 614. година, персиската армија целосно ја поразила византиската војска, освојувајќи ги Антиохија, Дамаск и Ерусалим. Поразот на Византијците многу ги погоди муслиманите, додека многубошците во Мека се радувале на ова. И тогаш се објавени првите шест стиха од ова поглавје во кое се констатира дека Византијците се поразени, но дека за неколку години ќе ги поразат Персијците и дека тогаш муслиманите ќе се радуваат. И тоа навистина се случило: византискиот цар Херакле во 622. година ги поразил Персијците во Ерменија и поради тоа муслиманите се радувале.

**14.** На Денот кога ќе настапи Часот на оживувањето, луѓето ќе се раздвојат:

**15.** тие што веруваа и што правеа добри дела во џенетската градина ќе се радуваат,

**16.** а тие што не веруваа и што ајетите Наши и средбата на Судниот ден ја негираа, во Огнот ќе бидат фрлени.

**17.** Па, Славен и Возвишен нека е Аллах кога ќе ве стемни и кога ќе осамнете.

**18.** Нему нека Му припаѓа сета благодарност и на небесата и на Земјата, и предвечер и на пладне!

**19.** Тој живото го изведува од мртвото и го изведува мртвото од живото. Тој ја оживува земјата по мртвилото нејзино – и на ист начин вие ќе бидете оживеани.

**20.** Еден од доказите Негови е тоа што од земја ве создаде, и одеднаш, луѓе, секаде ве има распространети;

**21.** И еден од доказите Негови е тоа што за вас, од видот ваш, создава жени за покрај нив да се смирите, и тоа што помеѓу вас создава љубов и сомилост. Во тоа навистина има знаци за луѓето што размислуваат.

**22.** И еден од доказите Негови е создавањето на небесата и на Земјата, и разновидноста на јазиците ваши и на боите ваши; во тоа навистина има знаци за тие што знаат.

**23.** И еден од доказите Негови е вашиот сон и ноќе и дење, и вашето настојување да стекнете нешто од изобилството Негово; во тоа навистина има знаци за луѓето кои слушаат.

**24.** И еден од доказите Негови е тоа што ви ја покажува молњата, за да се заплашите и за да се понадевате, и тоа што од небото спушта дожд и со него ја оживува земјата по мртвилото нејзино; во тоа навистина има знаци за луѓето кои разбираат.

**25.** И еден од доказите Негови е тоа што небото и Земјата ги одржува поради волјата Негова. Потоа, штом Тој само еднаш од земјата ќе ве повика, бргу ќе излезете.

**26.** Нему Му припаѓа сè што е на небесата и на Земјата, Нему сè Му е потчинето.

**27.** Тоа е Тој што создава од ништо и Тој тоа повторно ќе го стори, Нему тоа Му е лесно; Нему Му припаѓа највозвишениот пример и на небесата и на Земјата; Тој е Силен и Мудар.

**28.** Тој како пример ве наведува вас самите: дали тие кои се

во ваша сопственост се изедначени со вас во тоа што Ние ви го даваме, та во тоа сте исти, и дали им се плашите како што вие едни од други се плашите? – Ете, така Ние подетално ги изнесуваме доказите Наши на луѓето кои разбираат.

**29.** Но, тие кои чинат неправда, ги следат своите страсти, а немаат вистинско знаење, – а кој ќе го упати на Вистинскиот пат тој што Аллах го заблудил? – На нив нема никој на помош да им притрча.

**30.** Ти насочи го лицето свое кон верата, искрено; кон верата Аллахова чиста, со која луѓето ги создаде. Нема измена на Аллаховата вера, тоа е вистинската вера, но повеќето луѓе тоа не го знаат.

**31.** Обраќајте Му се предано! Плашете се од Него и извршувајте го намазот (молитвата), и не бидете како многубошците,

**32.** како тие кои верата своја ја растурија и во секти се поделија; секоја секта задоволна со тоа што го проповеда.

**33.** А кога луѓето неволја ќе ги снајде, тие на Господарот свој покајнички Му се обраќаат, а потоа, кога Тој ќе им даде да ја вкусат милоста Негова, одеднаш некои од нив на Господарот свој здруженик Му припишуваат,

**34.** за да бидат неблагодарни на тоа што Ние им го даваме. Па уживајте, а ќе дознаете!

**35.** Зарем Ние сме им испратиле некаков доказ кој говори во прилог на тие кои Нему за рамни Му ги сметаат?

**36.** Кога ќе им допуштиме на луѓето да се насладуваат со благодатите, тие им се радуваат, а кога ќе ги снајде неволја, поради делата на нивните раце, одеднаш очајуваат.

**37.** Зарем тие не знаат дека Аллах во изобилство му дава снабдување на тој на кого Тој сака, и дека го ускратува? Навистина, во тоа има докази за луѓето кои веруваат.

**38.** Затоа подај му го на ближниот правото негово, и на сиромашниот, и на патникот – намерник! Тоа е подобро за тие кои го сакаат Аллаховото лице; тие ќе постигнат што сакаат.

**39.** А парите кои ги давате за да се зголемат со парите на другите луѓе, кај Аллах нема да се зголемат, а за зекатот кој го давате сакајќи го Аллаховото лице – на таквите повеќекратно ќе им се зголемат добрите дела.

**40.** Аллах е Тој што ве создава и потоа ве снабдува; Тој животот ќе ви го одземе и на крајот

ќе ве оживее. Постои ли барем едно ваше божество кое што било од тоа го прави? Тој е чист и многу високо над тие што Нему Му ги здружуваат.

**41.** Поради тоа што луѓето го прават се појави метеж и на копното и на морето, за Тој да им даде да почувствуваат дел од казната поради тоа што го прават, за да се поправат.

**42.** Кажи: „Патувајте низ светот и погледнете како завршија тие пред вас; повеќето од нив беа многубошци."

**43.** Затоа ти насочи го лицето свое кон вистинската вера, пред, со Аллахова волја, да настапи Денот кој никој нема да може да го одбие. Тој ден тие ќе се раздвојат:

**44.** тие што не веруваа – на своја штета не веруваа, а тие што правеа добри дела – за себе џенет си подготвија,

**45.** за Тој од добрината Своја да ги награди тие што веруваа и што правеа добри дела; а Тој навистина не ги сака неверниците.

**46.** Еден од доказите Негови е тоа што Тој ги праќа ветровите како носители на радосни вести, за да ви даде Неговата милост да ја почувствувате и бродовите со Негова волја да пловат и од Неговото изобилство да стекнувате, и благодарни да бидете.

**47.** И пред тебе на нивните народи Пратеници им праќавме и тие вистински докази им носеа, па тие што грешеа ги казнувавме, а Ни беше должност да им помогнеме на верниците.

**48.** Аллах е Тој кој ветровите ги испраќа, и тие облаците ги гонат и Тој низ небото, како што Тој сака, ги распространува и на парчиња ги дели, па ти гледаш како од нив паѓа дожд, и кога Тој на робовите Свои на кои Тој сака го пролева, тие одеднаш со радост се исполнуваат,

**49.** иако беа очајни пред да се спушти врз нив.

**50.** Затоа погледни ги трагите на Аллаховата милост – како Тој ја оживува земјата по нејзиното мртвило! Тој, навистина и мртвите ќе ги оживее. Тој може сè.

**51.** А да испратиме ветер и тие да видат дека сè пожолтело, тие, и после тоа, благодатите ќе ги негираат.

**52.** Ти не можеш мртвите да ги довикнеш, ни глувите да ги довикаш кога од тебе ќе се свртат,

**53.** ниту можеш да ги упатиш слепите кои се во заблуда; само можеш да ги довикнеш тие што

во Нашите ајети веруваат, само тие ќе се покорат.

**54.** Аллах е Тој што ве создава нејаки, и потоа, по нејакоста, ви дава сила, а по силата изнемоштеност и старост; Тој создава што сака: Тој сѐ знае и сѐ може.

**55.** А на Денот кога Часот ќе настапи, злосторниците ќе се колнат дека само еден час останале (во гробовите); а и претходно вистината ја избегнуваа.

**56.** А ќе кажат тие на кои им е дадено знаењето и верувањето: „Вие останавте, според Аллаховата Книга, сѐ до Денот на оживувањето, а ова е Денот на оживувањето, само што вие не знаете."

**57.** Тој Ден нема за ништо да им послужат правдањата на тие кои кон себеси се огрешиле и нема од нив да се бара да Му се умилат на Аллах.

**58.** Во овој Куран Ние на луѓето им наведуваме разновидни примери. А кога ти би им донел какво било чудо, тие што не сакаат да веруваат повторно би рекле: „Вие само лаги изнесувате!"

**59.** Ете, така Аллах им ги запечатува срцата на тие што не сакаат да знаат.

**60.** А ти биди трпелив! Аллаховото ветување, стварно, е вистина и нека никако не те залажуваат тие што цврсто не веруваат.

## 31. Поглавје
# Лукман
*Лукман*
Мека – 34 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим!

**2.** Ова се ајети на мудрата Книга,

**3.** упатство и милост за тие што ќе прават добри дела,

**4.** на тие кои намазот (молитвата) ќе го извршуваат и зекат ќе даваат и кои во оној свет цврсто ќе веруваат;

**5.** таквите се на Упатството од Господарот свој и тие ќе успеат.

**6.** Има луѓе кои купуваат залуден говор, за, не знаејќи, од Аллаховиот пат да одвраќаат и за предмет на исмејување да гоземаат. Нив ги чека срамно страдање.

**7.** Кога на некој од нив ајетите Наши му се кажуваат, тој вообразено главата ја врти, како да не ги чул, како да е глув – затоа навести му понижувачко страдање.

**8.** На тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават, навистина им припаѓаат градините на уживањето,

**9.** во нив вечно ќе престојуваат – ветувањето Аллахово е вистинито, а Тој е Силен и Мудар.

**10.** Небесата кои вие ги гледате без столбови ги создаде, а по Земјата планини неподвижни распореди за да не ве тресе, и по неа животни од сите видови распространи. Ние од небото спуштаме дожд и правиме од него да растат разновидни благородни растенија.

**11.** Тоа е Аллаховото создавање; а покажете ми што, освен Него, создале другите? Ништо! Многубошците се во јасна заблуда.

**12.** А Ние на Лукман[213] мудрост му даривме: „Биди Му благодарен на Аллах! Кој е благодарен, го прави тоа во своја корист, а кој е неблагодарен – па, Аллах навистина е Независен и за благодарност Достоен.“

**13.** Кога Лукман му рече на синот свој, советувајќи го: „О, синко мој, не сметај други за рамни на Аллах, ширкот (политеизмот) е, навистина, голема неправда.“

**14.** Ние му наредивме на човекот да им биде послушен на родителите свои. Мајката го носи, а нејзиното здравје трпи, и го дои во текот на две години. Биди Ми благодарен Мене и на

---

[213] Лукман – Старозаветниот пророк Локман. Во понатамошниот текст ќе се употребува името во изворната форма од Куранот.

родителите свои, кај Мене сите ќе се вратат.

**15.** А ако те наговараат Мене друг да Ми припишуваш за рамен, за кој ти ништо не знаеш, ти не слушај ги и кон нив, на овој свет, примерно однесувај се, а следи го патот на тој што искрено Ми се обраќа; потоа кај Мене ќе се вратите и Јас ќе ве известам за тоа што го правевте.

**16.** „О, синко мој, направеното добро и зло, тешко и колку зрно од синап, било да е во карпата или на небото или во земјата, Аллах на виделина ќе го изнесе, бидејќи Аллах ги знае најскриените нешта, Тој е Сезнајниот.

**17.** „О, синко мој, извршувај го намазот (молитвата) и барај да се прават добри дела, а од лошите одвраќај и стрпливо поднесувај го тоа што ќе те снајде – тоа навистина спаѓа во вистинските постапки.

**18.** И, од горделивост, не го врти од луѓето лицето свое и не оди по земјата надмено, бидејќи Аллах не го сака ни горделивиот ни фалбаџијата.

**19.** Во одот биди одмерен, а гласот свој намали го; навистина најодвратниот глас е рикањето на магарето!“

**20.** Како не гледате дека Аллах ви овозможил да го користите сето тоа што постои на небесата и на Земјата и дека дарежливо ве опсипува со Својата благодат, и видливата и невидливата? А има луѓе кои расправаат за Аллах без никакво знаење, без никакво упатство и без Книгата што дава светлина.

**21.** А кога им се вели: „Следете го тоа што Аллах ви го објавува!“ – одговараат: „Не, ние го следиме тоа што сме го запомниле од предците наши.“ Зарем и тогаш кога шејтанот ги повикува на страдање во Огнот распламтен?!

**22.** Тој што сосема ќе Му се предаде на Аллах, а и прави добри дела, се фатил за најцврстата врска. На Аллах Му припаѓа крајниот исход на работите.

**23.** А тој што не верува, па, нека не те загрижува неверувањето негово. Нам сите ќе ни се вратат и Ние ќе ги известиме за тоа што го правеле; На Аллах, навистина, Му се познати мислите сечии.

**24.** Ние им даваме краткотрајно да уживаат, а потоа ќе ги втурнеме во неиздржливо страдање.

**25.** А да ги запрашаш: „Кој ги создаде небесата и Земјата?“ – сигурно ќе кажат: „Аллах!“ – а

ти кажи: „Сета благодарност му припаѓа на Аллах!“ – само што мноштвото од нив не знае.

**26.** Аллахово е сѐ што е на небесата и на Земјата! Аллах навистина е Независен и за благодарност Достоен.

**27.** Да се сите стебла на Земјата пера, а морето мастило, со помош на уште седум мориња, не би завршиле Аллаховите зборови; Аллах е навистина Силен и Мудар.

**28.** Создавањето на сите вас и вашето оживување, исто е како создавањето и оживувањето на еден човек; Аллах, навистина, сѐ слуша и сѐ гледа.

**29.** Зарем не гледаш дека Аллах ја воведува ноќта во денот и го воведува денот во ноќта, и дека ги потчинил Сонцето и Месечината – секој се движи до одреден рок – и Аллах добро го знае тоа што го правите?

**30.** Тоа е затоа што Аллах е Вистина, а оние на кои тие, покрај Него, им се молат, се невистина, и затоа што Аллах е Возвишен и Голем.

**31.** Зарем не гледаш дека бродовите со Аллаховата милост по морето пловат за да ви покаже некои од доказите Свои? Тоа се, навистина, поуки за сите стрпливи и благодарни.

**32.** А кога бран, како облак, ќе ги прекрие, Му се молат на Аллах искрено верата исповедајќи Му ја; а штом Тој до копно ги донесе, еден дел од нив умерено се држи. А доказите Наши само предавникот, неблагодарниот ги негира.

**33.** О, луѓе, плашете се од Господарот свој и стравувајте од Денот кога родителот на детето свое нема да може ни малку да му помогне, ниту пак детето ќе може на својот родител барем малку да му помогне! Аллаховата закана е вистинита, па никако нека не ве залажува животот на овој свет и шејтанот нека не ве заведе од Аллах.

**34.** Само Аллах знае кога Крајот на светот ќе настапи, само Тој го спушта дождот и само Тој знае што е во матките, а човекот не знае што ќе заработи утре и човекот не знае во која земја ќе умре; Аллах навистина сѐ знае и за сѐ е известен.

## 32. Поглавје
# Ес Сеџда
*Сеџда*
Мека – 30 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Елиф-лам-мим!

**2.** Објавувањето на Книгата, за која нема сомнеж, е од Господарот на световите,

**3.** а тие велат: „Тој ја измислува!“ Не, таа е Вистината од Господарот твој за да го опоменуваш народот на кој пред тебе не му дошол никој за да го опоменува, за да се упатат по Вистинскиот пат.

**4.** Аллах, небесата и Земјата и тоа што е помеѓу нив во шест временски периоди ги создаде, а потоа над Аршот се возвиши; вие, освен Него, немате ни заштитник ни посредник, па зошто не се вразумите?

**5.** Тој управува со сè, од небото до Земјата, а потоа сето тоа Нему Му се враќа во Денот кој, според вашето сметање на времето, трае илјада години.

**6.** Тоа е Тој што го знае и невидливиот и видливиот свет, Силниот и Милостивиот.

**7.** Кој сè совршено создава, Кој првиот човек започнал да го создава од глина –

**8.** а потомството негово го создава од сржта на природата на незначителната течност,

**9.** потоа складно го оформува и живот му вдахнува, и Тој слух и вид и разум ви дава, а колку малку заблагодарувате!

**10.** Тие велат: „Зарем, кога ќе исчезнеме под земја, повторно создадени ќе бидеме?“ Тие во средбата со својот Господар не веруваат.

**11.** Кажи: „Мелекот на смртта, кој за тоа ви е одреден, душите ќе ви ги земе, а потоа кај Господарот свој ќе се вратите.“

**12.** Да можеш да ги видиш злосторниците како со наведнати глави пред Господарот свој ќе речат: „Господару наш, видовме и чувме, па поврати нè добри дела да правиме, ние навистина цврсто веруваме!“

**13.** А кога би сакале, секој човек на Вистинскиот пат би го упатиле, но Јас веќе ја кажав Вистината: „Ќе го наполнам, навистина, Џехенемот со џини и луѓе заедно!“

**14.** Па искусете затоа што заборававте дека овој Ден ќе го до-

живеете – и Ние ќе ве заборавиме – и вечно страдање искусете поради тоа што го правевте.

**15.** Во Нашите зборови веруваат само тие кои, кога со нив ќе се опоменат, со лицата на тло паѓаат, и кои Господарот свој Го величаат и Му заблагодаруваат и кои не се вообразуваат.

**16.** Боковите нивни од постела се креваат и тие на Господарот свој од страв и од желба Му се клањаат, а дел од тоа што Ние им го даваме го споделуваат.

**17.** И никој не знае какви, како награда за тоа што го правеле, скриени радости ги очекуваат.

**18.** Зарем на верникот да му биде исто како на непослушниот? Не, тие не се еднакви:

**19.** тие што веруваа и што правеа добри дела ги чекаат џенетски градини во кои ќе престојуваат, како награда за тоа што го правеа;

**20.** а тие што беа грешни ги чека Оган во кој ќе престојуваат; кога и да се обидат од него да излезат, во него ќе бидат вратени и ќе им биде речено: „Искусете ја казната во Огнот кој го негиравте."

**21.** И Ние ќе сториме да искусат помала казна пред големата казната, за да се повратат.

**22.** А има ли поголем злосторник од тој што е опоменат со знаците на својот Господар, а потоа им врти грб? Ние, навистина, ќе ги казниме злосторниците!

**23.** Ние на Муса Книга му дадовме – ни малку не се сомневај во средбата со Него – и упатство на синовите Израилови ја направивме.

**24.** Помеѓу нив Ние водачи одредувавме, и тие, одѕивајќи се на Нашата заповед, на Вистинскиот пат упатуваа, бидејќи стрпливи беа и во доказите Наши цврсто веруваа.

**25.** Господарот твој на Судниот Ден меѓу нив ќе пресуди за тоа за што не се согласуваа.

**26.** Зарем на овие не им е јасно колку народи пред нив Сме уништиле, по чиишто населби тие одат? Тоа се, навистина, докази, па зошто не сакаат да слушнат?

**27.** Како тие не гледаат дека ние го гониме дождот во пустата земја и правиме, со негова помош, да никнуваат растенија со кои се храни нивниот добиток, а и тие самите – зарем не гледаат?!

**28.** И велат: „Кога веќе еднаш ќе дојде таа победа, ако вистината ја зборувате?"

**29.** Кажи: „На Денот на победата, кога на неверниците нема никако да им користи тоа што тогаш ќе веруваат и кога нема да им се даде ни малку време.“

**30.** Затоа ти тргни се од нив и чекај, и тие, навистина, чекаат!

## 33. Поглавје

# Ел Ахзаб

*Сојузници*

Медина – 73 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, Веровеснику, плаши се од Аллах, а на неверниците и лицемерите немој да им бидеш послушен – Аллах, навистина, сѐ знае и Мудар е –

**2.** и следи го тоа што Господарот твој ти го објавува – Аллах е известен за тоа што вие го правите –

**3.** и на Аллах потпри се, Аллах е доволен заштитник!

**4.** Аллах на ниту еден човек две срца во градите негови не му дал, а ниту жените ваши, од кои со зихар[214] се разведувате, ваши мајки не ги направил, ниту посиноците ваши синови ваши ги направил. Тоа се само зборови ваши, од устите ваши, а Аллах вистината ја зборува и на Вистинскиот пат изведува.

**5.** Викајте ги (посиноците) по (имињата на) татковците нивни, тоа кај Аллах е поисправно! А ако не ги знаете имињата на

---

[214] Зихар (ар.) – начин на развод од паганското доба кога сопругот се разведувал трајно од својата сопруга со зборовите: „Ти си ми како грбот на мојата мајка.“

татковците нивни, па, тие се ваши браќа по вера и тие се ваши штитеници. Не е грев ако при тоа ненамерно згрешите, грев е ако тоа намерно го одлучат вашите срца; а Аллах простува и Милостив е.

**6.** Веровесникот им е побитен на верниците отколку тие сами на себеси, а жените негови им се како мајки нивни[215]. А роднините, според Аллаховата Книга, се поважни едни на други од останатите верници и мухаџири, а на пријателите свои можете добрина да им направите. Тоа во Книгата е запишано.

**7.** Ние од веровесниците заветот нивен го зедовме, и од тебе, и од Нух и од Ибрахим, и од Муса, и од Иса, синот Мерјемин, цврст завет зедовме

**8.** за Тој да ги повика на одговорност искрените за нивната искреност; а за неверниците Тој подготви болно страдање.

**9.** О, верници, сетете се на Аллаховата благодат кон вас кога војските дојдоа до вас, па Ние против нив ветар пративме, а и војски коишто вие не ги видовте[216] – а Аллах добро гледа што правите вие –

**10.** кога ви дојдоа и одозгора и одоздола, кога очите вџашени ви беа, а душата до гркланот ви дојде, и кога за Аллах сешто помислувавте,[217] –

**11.** тогаш верниците беа во искушение ставени и беа потресени со жесток потрес,

**12.** кога лицемерите и тие со болни срца говореа: „Аллах и Пратеникот Негов само нè залажуваа кога ни ветуваа!“,

**13.** кога некои меѓу нив рекоа: „О жители на Јесриб[218], овде нема место за вас, затоа вратете

[215] А жените негови им се како мајки нивни, т.е. жените на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, им се како мајки на сите верници, и ниту еден верник по смртта на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, не може да се ожени со некоја од нив.
[216] Се однесува на Битката на ровот (хендек) (627 год.) кога муслиманите, поради длабокиот ров околу Медина, успеале да му пружат отпор на многубројниот непријател.
[217] Односно, кога непријателските војски дошле од исток, а тоа било племето Бену Гатафан, и од запад, а тоа биле Курејшиите од Мека.
[218] Денешниот град Медина во Саудиска Арабија, во предисламското време се викал Јесриб. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, и многуте муслимани се иселиле од Мека во Јесриб и таму се населиле. Затоа градот набргу бил наречен Градот на Пратеникот или накратко – Медина.

се!", а други меѓу нив бараа дозвола од Веровесникот и говореа: „Куќите наши се незаштитени!" – а не беа незаштитени, туку тие само сакаа да избегаат.

**14.** А од различни страни да им продреа и потоа од нив да побараа повторно да станат многубошци, тие тоа, не двоумејќи се, брзо би го сториле,

**15.** а и претходно Му се обврзаа на Аллах дека нема да отстапуваат – а за дадената обврска на Аллах ќе се одговара!

**16.** Кажи: „Ако бегате од смртта или од загинувањето, бегањето нема да ви помогне, повторно само на кратко ќе уживате."

**17.** Кажи: „Кој ќе ве заштити од Аллах ако Тој сака зло да ве снајде, или, кој може да ви наштети ако Тој сака да ви укаже милост?" Освен Аллах, тие за себе нема да најдат ниту заштитник ниту помошник.

**18.** Аллах добро ги знае тие меѓу вас кои другите ги задржуваа и на пријателите свои им говореа: „Приклучете ни се нам!", а само некои одеа во бој, скржаво не сакајќи да ви помогнат.

**19.** А кога завладеа страв, ги гледаш како гледаат во тебе вртејќи ги очите како пред смрт онесвестени. Штом стравот ќе мине, тие ве пцујат со своите остри јазици, скржави да сторат било какво добро. Тие не веруваат, и затоа Аллах делата нивни ќе ги поништи; а тоа на Аллах Му е лесно.

**20.** Тие сметаат дека сојузниците уште не си заминале. А кога сојузниците пак би дошле, најмногу би сакале да се меѓу бедуините во пустината и да се распрашуваат за вас; а да останат со вас, малку би се бореле.

**21.** Вие во Аллаховиот Пратеник имате прекрасен пример за тој што се надева на Аллаховата милост и на награда на оној свет, и кој често Го спомнува Аллах.

**22.** А кога верниците ги здогледаа сојузниците, рекоа: „Ова е тоа што Аллах и Пратеникот Негов ни го ветија, и Аллах и Пратеникот Негов вистината ја говореа!" – и тоа само им ги зголеми верувањето, послушноста.

**23.** Има верници кои го исполнија заветот даден на Аллах, има такви што загинаа, и има такви што тоа го очекуваат и ништо не измениле.

**24.** За Аллах да ги награди искрените за нивната искреност, а за да ги стави на мака лицемерите, ако сака, или да им прости. Аллах навистина простува и Милостив е.

**25.** Аллах неверниците, полни со гнев, ги одби – ни малку не успеаја, а верниците Аллах од борба ги поштеди – Аллах навистина е Моќен и Силен –

**26.** а следбениците на Книгата, кои им помагаа, од тврдините нивни ги изведе, и страв во срцата нивни влеа, па едните ги убивте, а другите како заробеници ги зедовте,

**27.** и ви даде да ја наследите земјата нивна и домовите нивни и богатствата нивни, и земјата по која претходно не чекоревте; Аллах може сѐ.

**28.** О, Веровеснику, кажи им на сопругите свои: „Ако го сакате животот на овој свет и неговиот сјај, тогаш одлучете се, ќе ви дадам пристојна отпремнина и убаво ќе ве разведам.[219]

**29.** А ако Го сакате Аллах и Пратеникот Негов и оној свет, па, Аллах, навистина, за тие меѓу вас кои прават добри дела подготви голема награда."

**30.** О, сопруги на Веровесникот, кога некоја од вас очигледен грев би сторила, казната би ѝ била двократна, а тоа на Аллах Му е лесно;

**31.** а на таа која ќе им се покорува на Аллах и на Пратеникот Негов и ќе прави добри дела – ќе ѝ дадеме двократна награда и ќе ѝ подготвиме благородно снабдување.

**32.** О, сопруги на Веровесникот, вие не сте како другите жени! Ако од Аллах се плашите, немојте гласно да зборувате, па да копнее тој во чиешто срце има болест, и говорете зборови вредни за почит!

**33.** Во куќите свои престојувајте и убавината своја, како во дамнешното паганско време, не покажувајте ја, и намазот извршувајте го и зекат давајте, и слушајте Го Аллах и Пратеникот Негов! Аллах сака од вас, о, семејство на Пратеникот, гревовите да ги отстрани, и потполно да ве исчисти.

**34.** И памтете ги Аллаховите ајети и мудроста, која се кажува во вашите домови; Аллах, навистина, е добар и сѐ знае.

**35.** За муслиманите и муслиманките, и за верниците и за верничките, и за послушните мажи

---

[219] Сопругите на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, барале да им обезбеди подобро снабдување и подобра облека, но, тој не можел да го направи тоа. Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, им оставил слободна волја на неговите сопруги, ако сакаат да се разведат од него.

и за послушните жени, и за искрените мажи и за искрените жени, и за стрпливите мажи и за стрпливите жени, и за понизните мажи и за понизните жени, и за мажите кои даваат зекат и за жените кои даваат зекат, и за мажите кои постат и за жените кои постат, и за мажите кои за своите срамни места водат грижа и за жените кои за своите срамни места водат грижа, и за мажите кои често Го спомнуваат Аллах и за жените кои често Го споменуваат Аллах – Аллах, навистина, за сите нив прошка и голема награда подготви.

**36.** Кога Аллах и Пратеникот Негов нешто ќе одредат, тогаш ни верникот ни верничката немаат право по свој избор да постапуваат. А кој нема да Го послуша Аллах и Неговиот Пратеник, тој сигурно скршнал од Вистинскиот пат.

**37.** А кога ти му рече на тој кому Аллах добро му направи, кого ти го почести и му беше благодарен: „Задржи ја жената своја и плаши се од Аллах!“ – во себе го криеше тоа што Аллах ќе го обелодени и од луѓето се плашеше, а поважно е од Аллах да се плашиш. И бидејќи Зејд со неа заврши и од неа се разведе, Ние за тебе ја омаживме за верниците веќе да не се притеснуваат да се женат со жените на посиноците свои кога тие од нив ќе се разведат – како Аллах ќе одреди така треба да биде.

**38.** На Веровесникот не му е тешко да го прави тоа што Аллах ќе му го одреди, бидејќи таков беше Аллаховиот пропис и за тие кои претходно беа и исчезнаа – а Аллаховата заповед е конечна одредба –

**39.** за тие што Аллаховите посланија ги доставуваа и од Него стравуваа, и кои од никого, освен од Аллах, не се плашеа. – А доволно е тоа што пред Аллах сметка ќе се полага!

**40.** Мухамед не е татко никому од вашите луѓе, туку е Аллахов Пратеник и последен веровесник – а Аллах сè добро знае.

**41.** О, верници, често Аллах споменувајте Го,

**42.** и наутро и навечер славете Го,

**43.** Тој ве благословува, а и мелеците Негови, за од темнината на светлина да ве изведе – Тој кон верниците е Милостив –

**44.** а на Денот кога тие ќе Го сретнат, Тој ќе ги поздрави со: „Мир со вас“! И Тој им подготви благородна награда.

**45.** О, веровеснику, Ние те пративме како сведок и како носител на радосни вести и како Пратеник кој опоменува,

**46.** за да повикуваш кон Аллах, по Негова наредба, и како светилка која сјае.

**47.** И израдувај ги верниците дека Аллах нив со голема милост ќе ги опсипе,

**48.** а не ги слушај неверниците и лицемерите, и на нивните навреди не посветувај им внимание и имај доверба во Аллах, Аллах е доволен како заштитник.

**49.** О, верници, кога ќе се ожените со вернички, а потоа ако ги разведете пред стапување во брачниот однос, тогаш тие не се должни да го чекаат определеното време кое вие ќе го броите, туку дарувајте ги и убаво отпремете ги.

**50.** О, Веровеснику, Ние ти дозволивме да ти бидат жени тие на кои си им ги дал нивните венчални дарови, и тие што се во твоја сопственост кои Аллах ти ги даде од пленот, и ќерките на чичковците твои, и ќерките на твоите тетки по татко, и ќерките на вујковците твои, и ќерките на твоите тетки по мајка кои со тебе се иселија, и верничката која себеси се подари на Веровесникот, ако Веровесникот сака со неа да се ожени, и само на тебе, а не на останатите верници. Ние знаеме што сме им пропишале на верниците кога е збор за жените нивни и за тие што се во нивна сопственост, а и за да не ти биде тешко. А Аллах простува и Милостив е!

**51.** Можеш да ги занемариш тие меѓу нив коишто сакаш и можеш да ја повикаш за себе таа што ја сакаш, а можеш да ја побараш и таа која си ја оддалечил, ниедно од тоа не е грев за тебе. Така најлесно радосни ќе бидат и нема да жалат и така со сето тоа што ти им го даваш задоволни ќе бидат, а Аллах знае што има во срцата ваши; Аллах знае сѐ и благ е.

**52.** Отсега не ти се допуштени други жени, ниту пак наместо нив некоја друга да земеш, макар и да те воодушеви убавината нејзина, освен тие што ќе ти станат робинки. – А Аллах внимава на сѐ.

**53.** О, верници, не влегувајте во собите на Веровесникот, освен ако ви се допушти поради храна, но не да чекате додека да се зготви, туку кога ќе бидете повикани, тогаш влезете, и откако ќе јадете, разидете се не впуштајќи се во разговор едни

со други. Тоа му пречи на Веровесникот, а тој се срами тоа да ви го каже, а Аллах не се срами од вистината. А ако барате нешто од нив, барајте го тоа од нив од зад перде. Тоа е почисто и за вашите и за нивните срца. Вам не ви е дозволено да го вознемирувате Аллаховиот Пратеник, ниту со жените негови по неговата смрт, некогаш, да се ожените. Тоа, навистина, кај Аллах би бил голем грев!

**54.** Ако изнесувате вие нешто за тоа во јавноста или во себе да го криете, па, Аллах знае сè.

**55.** Ним не им е грев да бидат откриени пред татковците свои, и пред синовите свои, и пред браќата свои, и пред синовите на браќата свои, и синовите на сестрите свои, и пред жените вернички, и пред тие што се во нивна сопственост. И плашете се од Аллах, бидејќи на Аллах, навистина, не Му е скриено ништо.

**56.** Аллах и мелеците Негови го благословуваат Веровесникот. О, верници, благословувајте го и вие и праќајте му поздрав!

**57.** Тие што ќе ги вознемируваат Аллах и Пратеникот Негов, Аллах ќе ги проколне и на овој и на оној свет, и срамно страдање ќе им подготви.

**58.** А тие што ги вознемируваат верниците и верничките, а тие тоа не го заслужуваат, товарат на себе клевета и вистински грев.

**59.** О, Веровеснику, кажи им на жените свои, и на ќерките свои, и на жените на верниците нека си го покријат целото тело со своите наметки. Така најлесно ќе бидат препознаени, па нема да бидат вознемирувани. А Аллах простува и Милостив е.

**60.** Ако не престанат лицемерите и тие чиишто срца се болни и тие коишто низ Медина шират лаги, Ние власта над нив ќе ти ја препуштиме и тие само кратко време како соседи твои во неа ќе останат –

**61.** проклети нека се! Каде и да бидат најдени, нека бидат фатени и убиени

**62.** според Аллаховиот закон кој важеше за тие што беа и исчезнаа! А ти нема во Аллаховиот закон да најдеш измени.

**63.** Луѓето те прашуваат за Крајот на светот; кажи: „Тоа само Аллах го знае!“ А ти не знаеш, можеби Крајот на светот е блиску!

**64.** Аллах ги проколна неверниците и за нив распламтен Оган подготви,

**65.** во него вечно и засекогаш ќе престојуваат, ниту заштитник ниту помошник нема да најдат.

**66.** На Денот кога нивните лица во огнот ќе се превртуваат, ќе говорат: „Камо среќа на Аллах да Му се покорувавме и Пратеникот да го слушавме!“

**67.** И ќе зборуваат: „Господару наш, ние првациите наши и старешините наши ги слушавме, па тие од Вистинскиот пат нѐ одведоа;

**68.** Господару наш, дај им двократна казна и проколни ги со големо проклетство!“

**69.** О, верници, не бидете како тие што го вознемируваа Муса, па Аллах го ослободи од тоа што го говореа, и тој кај Аллах ужива углед.

**70.** О, верници, плашете се од Аллах и говорете ја само вистината,

**71.** Тој за вашите добри дела ќе ве награди и гревовите ваши ќе ви ги прости. А тој што ќе Му се покорува на Аллах и на Пратеникот Негов – голем успех ќе постигне.

**72.** Ние на небесата, на Земјата и на планините аманет им понудивме, па се воздржаа и се уплашија да го понесат, но го презеде човекот – а тој, навистина, кон себе е неправеден и лекомислен –

**73.** за Аллах лицемерите и лицемерките, и многубошците и многубошките да ги казни, а на верниците и на верничките да им прости. А Аллах простува и Милостив е.

## 34. Поглавје
# Сабе
*Саба*
Мека – 54 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Чие е сето тоа на небесата и сето тоа на Земјата! Благодарноста Му припаѓа и на оној свет! Тој е Мудар и Сезнаен.

**2.** Тој знае што влегува во земјата, а што излегува од неа, и што се спушта од небото, а што на него се искачува; Тој е Милостив и Простувач.

**3.** А неверниците велат: „Часот на оживувањето нема да ни дојде!“ Кажи: „Ќе дојде, се колнам во Господарот мој, Кој го знае и тоа што е скриено, сигурно ќе ви дојде.“ – Нему не може ништо, ниту колку една ронка, ни на небесата ни на Земјата да Му избега, и не постои ништо, ни помало ни поголемо од тоа што не е во јасната Книга –

**4.** да ги награди тие што веруваат и што прават добри дела, нив ги чека прошка и благородно снабдување,

**5.** а да ги казни со најболно страдање тие кои против доказите Наши се борат, одвраќајќи од нив.

**6.** На тие на кои им е дадено знаење гледаат дека тоа што ти се објавува од Господарот твој е вистина и дека води на Патот на Силниот и Благодарниот,

**7.** додека тие што не веруваат велат: „Сакате ли да ви го покажеме човекот кој ве известува дека, кога сосема ќе се распаднете, навистина, повторно создадени ќе бидете?

**8.** Изнесува ли тој лаги за Аллах или е луд?“ Напротив, тие што не сакаат да веруваат во оној свет на мака ќе бидат и во голема заблуда се.

**9.** Како не ги гледаат небото и Земјата, тоа што е пред нив и тоа што е под нив?! Кога би сакале, во земја би ги втерале, или парчиња небо на нив би срушиле. Тоа е, навистина, поука за секој роб кој се кае.

**10.** Ние на Давуд Нашата благодат му ја укажавме: „О, планини и вие птици, повторувајте ја заедно со него благодарноста!“ – и железото му го омекнавме.

**11.** „И прави широки панцири и умерен биди во врзувањето на алките, чесно плети ги и чинете добро, бидејќи Јас гледам што правите вие.“

**12.** А на Сулејман – ветрот (му го потчинивме), наутро преминуваше растојание од еден месец и навечер растојание од еден месец; и сторивме од изворите растопен бакар да му тече и џините, по волја на Неговиот Господар, пред него да работат; а кога некој од нив би откажал послушност на наредба Наша, ќе сторевме огнено страдање да почувствува.

**13.** Тие му изработуваа што и да посакаше; храмови и споменици, и садови како цистерни и котли неподвижни. „Работете и бидете благодарни, о Давудови чеда!“ – А малкумина се благодарни меѓу робовите Мои.

**14.** А кога одредивме да умре, црвот кој го беше изгризал стапот негов – ги предупреди дека умрел, и кога тој падна, џините сфатија дека не би биле во срамна мака доколку го знаеа гајбот (невидливото).[220]

**15.** Жителите на Саба имаа доказ во местото во коешто живееја: две градини, оддесно и одлево. „Јадете од снабдувањето на Господарот свој и бидете Му благодарни; ова е убав крај и ова е Господарот Кој многу простува!“

**16.** Но тие станаа неблагодарни, па на нив поплава пуштивме и им ги заменивме градините нивни со други градини со горчливи плодови и со тамариск и со малку див лотус.

**17.** Ги казнивме така затоа што беа неблагодарни, а дали ние казнуваме некој друг освен неверникот, неблагодарникот?!

**18.** А меѓу нив и градовите кои ги благословивме изградивме видливи населби и им ја одредивме потребната оддалеченост. „Патувајте низ нив, и ноќе и дење, безбедни!“[221]

**19.** Но тие рекоа: „Господару наш, направи го растојанието поголемо при патувањата наши!“ – и си сторија насилство кон себеси, и Ние сторивме само за нив да се раскажува, а нив ги раселивме. Во тоа навистина има знаци за секој стрплив и благодарен.

---

[220] Сулејман, мир над него, умрел стоејќи, молејќи се во Храмот, потпрен на својот стап и така останал долго да стои. Џините кои го правеле тоа што им било наредено и понатаму работеле уверени дека е жив и дека Му се моли на Бога во Храмот. Дури кога црвот го изел стапот на кој бил потпрен Сулејман, тој паднал.

[221] Т.е. помеѓу жителите на Саба и Сирија, земјата благословена, во која има многу реки и градини.

**20.** А Иблис се увери дека за нив исправно мислеше, и тие го следеа него, освен неколкумина верници

**21.** над кои никаква власт немаше; Ние сакавме да укажеме на тој што верува во оној свет, а кој во него се сомнева. – А Господарот твој е Заштитник на сè.

**22.** Кажи: „Викнете ги тие кои, покрај Аллах, за богови ги сметате. Тие ништо не поседуваат, ни колку една ронка, ни на небесата ни на Земјата; тие во нив немаат никаков удел и Тој нема од нив никаква помош."

**23.** Кај Него ќе може да се зазема за некого само тој кому Тој ќе му допушти. И кога од срцата нивни стравот ќе исчезне, тие ќе запрашаат: „Што рече Господарот ваш?" – „Вистината!" – ќе одговорат, Тој е Возвишен и Голем.

**24.** Прашај: „Кој ве снабдува и од небо и од земја?" и одговори: „Аллах! Дали сме тогаш ние или вие на Вистинскиот пат, или во јасна заблуда?"

**25.** Кажи: „Вие нема да одговарате за гревовите кои ние ќе ги направиме, ниту ние ќе одговараме за тоа што вие ќе го направите."

**26.** Кажи: „Господарот наш ќе нè собере и тогаш праведно ќе ни пресуди, Тој е Праведниот Судија, Сезнајниот."

**27.** Кажи: „Покажете ми ги тие кои Нему Му ги сметате за еднакви!" Ги нема; постои само Аллах, Силниот и Мудриот!

**28.** Ние те пративме на целото човештво, радосни вести да им носиш и да ги опоменуваш, но повеќето луѓе не знаат

**29.** и велат: „Кога, веќе, ќе биде тоа ветување, ако вистината ја зборувате?"

**30.** Кажи: „Денот ви е веќе одреден, не можете ниту за еден миг да го одложите или да го забрзате."

**31.** А тие што не веруваат велат: „Ние нема да веруваме во овој Куран ниту во Книгите пред него!" А кога само би видел кога силниците пред Господарот свој ќе бидат задржани и кога ќе почнат меѓусебно да разговараат: „Да не бевте вие, ние сигурно ќе бевме верници." – ќе им речат тие што беа угнетени на тие што беа вообразени.

**32.** „А зарем ние од упатството ве одвративме откако на него ви беше укажано? Не, самите си бевте злосторници." – ќе им речат вообразените на угнетените.

**33.** „Не беше така," – ќе им одговорат угнетуваните на вообразените – „туку дење и ноќе интриги подготвувавте кога од нас баравте да не веруваме во Аллах и други за еднакви да Му сметаме." И сите ќе ја прикријат тагата кога ќе ја видат казната, а Ние на вратовите на неверниците синџири ќе им ставиме; зарем ќе бидат казнети поинаку освен според тоа што го правеа?

**34.** Ние во ниту една населба опоменувач не пративме, а да не рекоа тие кои на раскошен живот беа навикнати: „Ние не веруваме во тоа што е испратено по вас!"

**35.** и да не говореа: „Имаме повеќе богатство и деца; ние нема да бидеме казнети!"

**36.** Кажи: „Господарот мој му дава обилно снабдување на тој што сака, но и скусува, но, повеќето луѓе не знаат.

**37.** Ниту богатствата ваши, ниту децата ваши ќе ве направат блиски до Нас; само тие што ќе веруваат и што ќе прават добри дела ги очекува повеќекратна награда за тоа што го работеле, и тие во високите одаи ќе бидат безбедни.

**38.** А тие што ќе се трудат на доказите Наши да им се спротивставават, одвраќајќи од нив, тие ќе бидат казнети."

**39.** Кажи: „Господарот мој дава обилно надоместување кому сака од робовите Свои, а кому сака ускратува; што и да дадете, Тој тоа ќе го надокнади, Тој најдобро снабдува."

**40.** А на Денот кога сите ќе ги собере, па мелеците ќе ги запраша: „Дали овие вас ве обожуваа?"

**41.** тие ќе одговорат: „Возвишен нека си, Ти си Господарот наш, а не тие! Тие џините ги обожуваа и повеќето од нив веруваа во нив."

**42.** Тој Ден едни на други нема да можете ниту да си користите, ниту да си наштетите, а Ние на тие кои кон себе се огрешија ќе им кажеме: „Вкусете го страдањето во Огнот кој го негирате!"

**43.** Кога Нашите јасни ајети им се кажуваат, тие велат: „Овој човек само сака да ве одврати од тоа што вашите предци го обожуваа", и говорат: „Ова не е ништо друго, туку измислена лага!" А тие што не веруваат кога им доаѓа Вистината зборуваат: „Ова не е ништо друго туку јасна магија!"

**44.** А Ние не им дадовме никакви книги за да ги изучуваат, и Ние, пред тебе, не пративме некој кој би ги опоменувал.

**45.** А и тие пред нив Пратениците за лажни ги сметаа, а овие не постигнаа ни десетина од тоа што на тие им го дадовме, па сепак Пратениците Мои за лажни ги сметаа, и каква само беше казната Моја!

**46.** Кажи: „Јас ви советувам само едно: станете искрено кон Аллах, двајца по двајца, или еден по еден, па потоа размислете дека другарот ваш не е опседнат. Тој само ве опоменува пред тешкото страдање."

**47.** Кажи: „Каква било награда да побарам од вас, нека ви остане вам, мене Аллах ќе ме награди, Тој е сведок за сè."

**48.** Кажи: „Господарот мој ја праќа Вистината, Тој е Познавач на скриените нешта."

**49.** Кажи: „Дојде Вистината, а лагите исчезнаа!"[222]

**50.** Кажи: „Ако заталкам, ќе заталкам на своја штета, а ако сум на Вистинскиот пат, тоа е поради тоа што Господарот мој ми го објавува; Тој, навистина, сè слуша и блиску е."

**51.** А само да ги видиш кога страв ќе ги зафати – нема да можат да избегаат; одблизу ќе бидат зграпчени –

**52.** и кога ќе кажат: „Веруваме во Вистината!" А од каква корист ќе им биде кога животот на Земјата беше и помина!

**53.** Тие претходно не веруваа во неа, го зборуваа тоа што не е познато, што е далеку од Вистината;[223]

**54.** и помеѓу нив и тоа што ќе го сакаат ќе биде поставена пре-прека како што претходно беше направено со на нив сличните, бидејќи сите тие, навистина, многу се сомневаа.

---

[222] А лагата не може ништо да создаде, ниту да поврати.

[223] Говореле дека е гатач, поет, луд итн.

## 35. Поглавје
# Ел Фатир
*Создателот*
Мека – 45 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Создателот на небесата и на Земјата, Кој мелеците со по две, три и четири крила ги прави пратеници; Тој на тоа што го создава му додава што сака, Тој, навистина, може сè.

**2.** Милоста која Аллах им ја дарува на луѓето – никој не може да ја скрати, а тоа што Тој ќе го скрати – никој не може, после Него, да го даде; Тој е Силен и Мудар.

**3.** О, луѓе, сетете се на благодатта со која Аллах ве опсипува. Постои ли, освен Аллах, некаков друг создател кој од небо и од земја ве снабдува? Освен Него нема друг бог, па тогаш каде се одметнувате?

**4.** Ако тие за лажен те сметаат – па и пред тебе Пратениците за лажни ги сметаа; а кај Аллах сè ќе се врати.

**5.** О, луѓе, Аллаховото ветување е вистина, па никако животот на овој свет нека не ве залажува и шејтанот во Аллах нека не ве поколеба.

**6.** Шејтанот, навистина, е ваш непријател, па за таков и сметајте го! Тој ги повикува следбениците свои да бидат жители на Огнот.

**7.** Тие што не веруваат ги чека тешко страдање, а тие што веруваат и што прават добри дела ги чека прошка и голема награда.

**8.** Зарем да се уништуваш со тага за оној кој лошите дела ги смета за убави, а Аллах навистина заблудува кого сака а на Вистинскиот пат упатува кого сака; Аллах, навистина, добро знае сè што прават тие.

**9.** Аллах е Тој што ги праќа ветровите кои ги придвижуваат облаците, а Ние потоа кон мртвите предели ги управуваме и со нив земјата ја оживуваме, која што беше мртва; такво ќе биде и оживувањето.

**10.** Ако некој сака големина – па кај Аллах е сета големина! Кон Него се издигнуваат убавите зборови, а доброто дело Тој го воздига. А тие што имаат лоши намери ги чека неподносливо страдање, и нивните интриги се неуспешна работа.

**11.** Аллах ве создава од земја, потоа од капка семе, и на крај ве прави во парови. И ниедна жена не забременува ниту пак ра-

ѓа, а Тој тоа да не го знае. И ничиј живот не се продолжува ниту скратува, а тоа да не е забележано во Книгата; тоа за Аллах е навистина лесно!

**12.** Ни двете морињa не се еднакви: едното е слатко и пријатно – водата лесно му се пие, а другото е солено и горчливо; вие и од двете јадете свежо месо и вадите накит со кој се украсувате; и ти ги гледаш бродовите како по него водата ја сечат за да стекнете од изобилството Негово, и за да бидете благодарни.

**13.** Тој ја воведува ноќта во ден и го воведува денот во ноќ, Тој ги потчини Сонцето и Месечината, секој се движи до рокот одреден; ете, тоа ви е Аллах, Господарот ваш, царството е Негово! А тие кои, покрај Него, ги обожувате не поседуваат ништо, ни колку тенката обвивка на урмината семка.

**14.** Ако ги молите, не ја слушаат вашата молба, а и да ја чујат, не би ви се одѕвале; на Судниот ден ќе негираат дека Нему Му ги здружувавте. И никој нема да те извести како Тој што знае.

**15.** О, луѓе, вие сте зависни, вам ви треба Аллах, а Аллах е Независен и за благодарност Достоен.

**16.** Ако сака, ќе ве уништи и нови созданија ќе донесе,

**17.** тоа на Аллах не Му е тешко.

**18.** И ниту еден грешник гревовите од другиот нема да ги носи; ако претоварениот со гревови повика да му се понесат, никој нема да му ги понесе, па ни роднината. А ти ќе ги опоменеш само тие кои од Господарот свој се плашат, иако никој не ги гледа, и кои извршуваат намаз – тој што ќе се исчисти, се исчистил за свое добро – а кај Аллах сѐ се враќа!

**19.** Никако не се исти слепиот и тој што гледа,

**20.** ниту темнините и светлината,

**21.** ниту ладовината и жештината,

**22.** и никако не се исти живите и мртвите. Аллах ќе стори да слуша тој што Тој сака, а ти не можеш тие во гробовите да ги довикнеш,

**23.** ти си само тој што опоменува.

**24.** Ние те пративме со Вистината, радосни вести да носиш и да опоменуваш; а нема народ на кого не му дошол тој што опоменува.

**25.** Ако тие за лаги те клеветат – па, и тие пред нив Пратениците за лаги ги клеветеа, а тие очигледни докази им носеа, и Листовите, и Книгата која осветлува.

**26.** И Јас тогаш ги казнував тие што не веруваа, а каква само беше казната Моја!

**27.** Зарем не знаеш дека Аллах од небото спушта вода и дека Ние преку неа создаваме плодови од различни видови; а постојат планини со бели и со црвени патеки, со различни бои, и сосема црни.

**28.** Има и луѓе и животни и добиток, исто така, од различни видови. А од Аллах се плашат Неговите учени робови. Аллах е навистина Силен и Тој простува.

**29.** Тие што Аллаховата Книга ја читаат и што намазот го извршуваат и од тоа што Ние ги снабдивме даваат, и тајно и јавно, може да се надеваат на трговијата која нема да исчезне

**30.** за Тој да ги награди според тоа што го правеле и од изобилството Свое уште да им даде, бидејќи Тој многу простува и Благодарен е.

**31.** А тоа што ти го објавуваме од Книгата е целосна Вистина, таа потврдува дека се вистинити и тие пред неа. – Аллах за робовите Свои навистина знае сѐ и Тој гледа сѐ.

**32.** Ние ќе сториме Книгата после да ја наследат тие Наши робови кои Ние ќе ги избереме; ќе има и од тие кои кон себе насилство ќе си сторат, ќе има и од умерените, и ќе има и такви кои, со Аллахова волја, со своите добри дела другите ќе ги надминат – за тоа голема награда ќе добијат:

**33.** едenски градини во кои ќе влезат, во кои со златни белезици, со бисери красни ќе се украсуваат, а облеките во нив од свила ќе им бидат.

**34.** „Сета благодарност му припаѓа на Аллах“ – ќе говорат – „Кој од нас тагата ја отстрани – Господарот наш, навистина, многу простува и благодарен е –

**35.** Кој, од добрината Своја, вечно живеалиште ни подари, каде што заморот нема да нѐ допре и во кое нема да нѐ снаоѓа истоштеност.“

**36.** А неверниците ги чека Огнот џехенемски, тие нема да бидат на смрт осудени, и нема да умрат, и страдањето во него нема да им се ублажи – ете, секој неверник така ќе го казниме –

**37.** тие во него ќе врескаат: „Господару наш, избави нè, ќе правиме добри дела, поинакви од тие што ги правевме.“ „А зарем не ве оставивме да живеете доволно долго за тој што требало да размисли да има време да размисли, а ви дојде и тој што опоменува? Затоа искусете го страдањето, на насилниците им нема помош!“

**38.** Аллах сигурно ги знае тајните на небесата и на Земјата; Тој добро ги знае мислите сечии.

**39.** Тој прави да се менувате на Земјата; кој нема да верува, неверувањето негово е на негова штета; неверувањето на неверниците само ќе ја зголеми одвратноста кај Господарот нивен, и неверувањето на неверниците ќе им ја зголеми пропаста.

**40.** Кажи: „Кажете ми вие мене кој дел од Земјата го создале божествата ваши кои, наместо Аллах, ги молите, и кажете ми дали тие имаат некаков удел во создавањето на небесата, или Ние им дадовме Книга на многубошците, па имаат во неа доказ за тоа!? Ниту едно од тие, туку насилниците едни со други се залажуваат.

**41.** Аллах чува да не се наруши рамнотежата на небесата и на Земјата. А да се наруши, никој друг освен Него не би ги задржал; Тој навистина е Благ и ги простува гревовите.

**42.** Тие се колнеа во Аллах со најтешката заклетва, дека, подобро од кој било народ ќе бидат истрајни на Вистинскиот пат – само ако им дојде тој што ќе ги опоменува. И кога им дојде тој што опоменува, неговото пристигнување само им ја зголеми одбојноста:

**43.** возгордевајќи се на Земјата и правејќи зли интриги – а интригите ќе ги погодат токму тие коишто со нив се служат. Зарем тие може да очекуваат нешто друго од тоа што ги снајде народите древни? Во Аллаховите закони ти никогаш нема да најдеш промени, во Аллаховите закони ти нема да најдеш отстапувања.

**44.** Зошто тие не патуваат по светот да видат како завршиле тие пред нив, коишто беа посилни од нив? – На Аллах не може ништо да Му избега ни на небесата ни на Земјата; Тој, навистина, сè знае и сè може.

**45.** Да ги казнува Аллах луѓето според тоа што го заслужуваат, ништо живо на Земјината површина не би оставил; но, Тој ги остава до рокот одреден, и кога

рокот ќе им дојде – па Аллах добро ги гледа Своите робови.

36. Поглавје

# Јасин

*Ја-син*

Мека – 83 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ја-син!

**2.** Се колнам во Мудриот Куран,

**3.** ти си, навистина, Пратеник,

**4.** на Правиот пат,

**5.** по Објава на Силниот и Семилосниот,

**6.** за да го опоменуваш народот чиишто предци не биле опоменувани, па е рамнодушен!

**7.** За повеќето од нив се овистини Зборот – па тие нема да веруваат.

**8.** Ние сторивме да бидат како тие на чиишто вратови ставивме синџири сѐ до подбрадокот – па тие се со глави поткренати,

**9.** и како тие пред кои и зад кои преграда им ставивме и на очите преграда им ставивме – па тие не гледаат,

**10.** и ним им е сеедно дали ти ги опоменуваш или не, тие нема да веруваат.

**11.** Твојата опомена ќе му користи само на тој што го следи Куранот и што се плаши од Се-

милосниот, иако не Го гледа; него израдувај го со прошка и со благородна награда!

**12.** Ние, навистина, ќе ги оживееме мртвите и Ние го запишавме тоа што го сторија и делата кои зад себе ги оставија;[224] Ние сето тоа во јасната Книга го набројавме.

**13.** Наведи им ги како поука жителите на еден град, кога им дојдоа Пратениците;

**14.** кога Ние им пративме двајца, но тие не им поверуваа, и ги засиливме со трет, па рекоа: „Ние сме ви пратени вам!“ –

**15.** „Вие сте луѓе како и ние.“ – одговорија тие – „Семилосниот не објави ништо, вие зборувате невистина!“

**16.** „Господарот наш знае дека, навистина, сме ви пратени вам,“ – рекоа тие –

**17.** „и должни сме само јасно да известиме.“

**18.** Тие рекоа: „Ние насетуваме дека ни носите несреќа; ако не престанете, ќе ве каменуваме и сигурно ќе ве стигне болно страдање од нас.“

**19.** „Причината за вашата несреќа е со вас!“ – рекоа тие. „Зарем затоа што сте предупредени? Та вие сте народ кој секоја граница на злото ја преминува.“

**20.** И од крајот на градот, итајќи дојде еден човек и рече: „О, народе мој, следи ги пратениците,

**21.** следете ги тие кои од вас не бараат никаква награда, а се на Вистинскиот пат!

**22.** Зошто да не Го обожувам Тој што ме создал, а Нему ќе Му се вратите?

**23.** Зошто да прифатам други богови покрај Него? Ако Семилосниот сака да ме снајде некое зло, нивното посредување нема да ми биде од никаква корист и тие нема да можат да ме спасат,

**24.** а јас тогаш би бил во јасна заблуда;

**25.** јас верувам во Господарот ваш, слушнете ме!“

**26.** И ќе се рече: „Влези во Џенетот!“ – а тој ќе рече: „Камо среќа мојот народ да знае

**27.** зошто Господарот мој ми прости и ме направи почествуван!“

**28.** И против народот негов, по него, Ние не испративме војска од небото, ниту некогаш сме го сториле тоа,

---

[224] Дела од материјална и културна природа.

**29.** само би се слушнал еден ужасен крик, и тие сите одеднаш би испоумирале.

**30.** О, колку се кутри луѓето! Ниту еден Пратеник не им дојде, а да не му се потсмеваа.

**31.** Како ли тие не знаат колку народи пред нив уништивме од кои никој не им се вратил,

**32.** а сите тие ќе бидат заедно пред Нас доведени.

**33.** Доказ им е мртвата земја: Ние живот ѝ даваме и од неа никнува житото кое тие го јадат;

**34.** Ние на неа создаваме градини, палменици и лозја, и правиме од неа да извираат извори –

**35.** за тие да ги јадат плодовите нивни, иако со рацете нивни не ги култивирале, па зошто не сакаат да бидат благодарни

**36.** Нека е Славен и Возвишен Тој што во сѐ создава пар: во тоа што никнува од земјата, во нив самите, и во тоа што тие не го знаат!

**37.** И ноќта им е доказ: Ние ја тргаме дневната светлина и тие остануваат во мрак.

**38.** И Сонцето се движи до својата одредена граница, тоа е одредба на Силниот и Сезнајниот.

**39.** И на Месечината ѝ одредивме положби, и таа секогаш повторно се враќа како стар свиткан палмин прат.

**40.** Ниту Сонцето може Месечината да ја стигне, ниту ноќта денот да го престигне, сите тие во вселената пловат.

**41.** Доказ им е и тоа што потомците нивни во преполните бродови ги превезуваме

**42.** и што за нив, и слични на нив, ги создаваме тие на коишто се возат.

**43.** И ако сакаме, Ние ќе ги потопиме, и спас нема да им има, нема да се извлечат,

**44.** освен ако не им се смилуваме, за до рокот одреден да уживаат.

**45.** А кога ќе им се каже: „Плашете се од тоа што се случило пред вас и од тоа што ве чека за да бидете помилувани...“

**46.** И не им дојде ниту еден доказ од Господарот нивен на кој тие грб не му свртеа.

**47.** А кога ќе им се каже: „Давајте од тоа што Аллах ви го дава.“ – тогаш неверниците им говорат на верниците: „Зарем да го храниме тој што Аллах, да сакаше, можеше да го нахрани? Вие навистина сте во јасна заблуда!“

**48.** И велат: „Кога веќе еднаш ќе дојде тоа ветување, ако вистината ја говорите?“

**49.** А не чекаат ништо друго туку страшен глас кој ќе ги обземе додека се препираат едни со други,

**50.** па нема да можат ништо да порачаат, ниту на чедата свои да се вратат.

**51.** И ќе се дувне во рогот, па тие од гробовите кон Господарот свој ќе поитаат,

**52.** зборувајќи: „Тешко нам! Кој од нашите гробови нè оживеа?“ – „Ете, се остварува ветувањето на Семилосниот, Пратениците вистината ја зборуваа!“

**53.** Ќе биде тоа само еден глас и тие сите пред Нас ќе се најдат.

**54.** Денес нема никому неправда да му се стори и вие, според тоа што го правевте, наградени ќе бидете.

**55.** Жителите на Џенетот тој ден ќе уживаат во благодатите, весели и радосни,

**56.** тие и сопругите нивни ќе бидат во ладовина на украсени дивани потпрени,

**57.** во него ќе имаат овошје и тоа што ќе сакаат.

**58.** „Селам на вас“ – ќе бидат зборовите на Милостивиот Господар –

**59.** „а вие, о, грешници, одвојте се денес!“

**60.** О синови Адемови, зарем не ви наредив: „Не го обожувајте шејтанот, тој ви е отворен непријател,

**61.** туку обожувајте Ме Мене; тоа е Правиот пат.

**62.** Тој многумина од вас одведе во заблуда, како немавте памет?!

**63.** Ова е Џехенемот кој ви беше ветуван,

**64.** пржете се сега во него затоа што не верувавте!“

**65.** Денес устите ќе им ги запечатиме, нивните раце ќе Ни говорат, а нозете нивни, за тоа што го правеле, ќе сведочат.

**66.** Да сакавме, можевме од погледот нивен да ги лишиме, па кога на пат би тргнале, како би гледале?

**67.** А да сакавме, можевме на местото каде што згрешија да ги претвориме во нешто, па не би можеле никаде да отидат ниту да се вратат.

**68.** На тој кому долг живот ќе му дадеме, Ние изгледот на полошо му го менуваме. Зарем тие не разбираат?

**69.** Ние Пратеникот не го учевме поезија, тоа не му прилега. Ова е само поука – Куран јасен,

**70.** да го опоменува тој што е жив, се овистини казната спрема неверниците.

**71.** Како тие не гледаат дека Ние сами, од тоа што рацете Наши го направиле, за нив добитокот го создаваме за тие со него како сопственици да располагаат!

**72.** И дека им дадовме со него да се служат – на некои јаваат, а со некои се хранат,

**73.** и друга корист од него имаат, и млеко, па зошто не се благодарни?

**74.** Туку, покрај Аллах, други богови прифаќаат со надеж дека тие на помош ќе им бидат;

**75.** меѓутоа тие, нема да може да им помогнат, а тие ним им се послушна војска.

**76.** И нека не те растажуваат зборовите нивни; Ние, навистина, го знаеме и тоа што го кријат и тоа што го покажуваат.

**77.** Како човекот не гледа дека Ние од капка семе го создаваме, и пак е отворен противник,

**78.** и Нам Ни наведува пример, а заборава како е создаден, и вели: „Кој ќе ги оживее коските кога прав ќе се сторат?“

**79.** Кажи: „Ќе ги оживее Тој што првиот пат ги создал; Тој добро знае сè што создал,

**80.** Тој што од зелените дрвја оган ви создава и вие со него потпалувате.“

**81.** Зарем Тој што ги создаде небесата и Земјата не е способен да создаде на нив слични? Да, способен е, Тој создава сè и Тој е Сезнајниот;

**82.** и навистина Неговата наредба, кога сака нешто е само за тоа да каже: „Биди“ – и тоа бидува.

**83.** Па нека е славен Тој во Чијашто рака е власта над сè, Нему ќе Му се вратите!

## 37. Поглавје
# Ес Сафат
*Редови*
Мека – 182 ајета

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во наредените во редови,

**2.** и во тие што одвраќаат[225]

**3.** и во тие што Опомената ја читаат –

**4.** вашиот Бог навистина е Еден,

**5.** Господар на небесата и на Земјата и на тоа што е меѓу нив и Господар на истокот!

**6.** Ние најблиското небо до вас со сјајни ѕвезди го украсивме

**7.** и го чуваме од секој бунтовен шејтан

**8.** да не го прислушкува друштвото највисоко; нив од сите страни ги гаѓаат,

**9.** за да ги истераат: нив ги чека страдање непрекидно,

**10.** а тој што нешто ќе зграби – огнена светилка ќе го стигне.

**11.** Прашај ги дали е потешко тие да бидат создадени или сето останато што сме го создале? – Нив ги создаваме од леплива глина.

**12.** Ти се восхитуваш, а тие се исмејуваат,

**13.** а кога се опоменуваат, тие опомената не ја прифаќаат,

**14.** и кога доказот ќе го видат, тие едни со други на исмејување се поттикнуваат,

**15.** и велат: „Ова не е ништо друго, туку вистинска магија!

**16.** Зарем кога ќе изумреме и кога коски и земја ќе станеме, зарем ние навистина ќе бидеме оживеани

**17.** и нашите предци дамнешни?“

**18.** Кажи: „Да, а ќе бидете и понижени!“

**19.** Тоа ќе биде само еден глас и сите одеднаш ќе прогледаат

**20.** и ќе речат: „Тешко нам, ова е Судниот ден!“

**21.** Да, ова е Денот на судот во кој вие не верувавте!

**22.** Соберете ги неверниците и тие што со нив се дружеа и тие коишто ги обожуваа

**23.** покрај Аллах, и покажете им го патот кој води кон Џехенемот

[225] И мелеци кои луѓето ги одвраќаат од грев. Првите три ајети се однесуваат на мелеците.

**24.** и сопрете ги. Тие ќе бидат прашани:

**25.** „Што ви е, зошто едни на други не си помогнете?“

**26.** Но тој Ден тие сосема ќе се препуштат

**27.** и едни на други ќе си префрлуваат:

**28.** „Вие нè лажевте.“

**29.** „Не ве лажевме,“ – ќе одговорат – „туку вие не сакавте да верувате,

**30.** а никаква власт над вас немавме, бунтовен народ бевте

**31.** и зборот на Господарот наш дека навистина казна ќе искусиме – се исполни над нас,

**32.** а во заблуда ве повикувавме бидејќи и самите бевме во заблуда.“

**33.** И тие тој Ден заедно на мака ќе бидат,

**34.** бидејќи Ние така ќе постапиме со злосторниците,

**35.** Кога им се велеше: „Само Аллах е Бог!“ – тие беа вообразени

**36.** и говореа: „Зарем да ги напуштиме божествата наши поради еден луд поет?!“

**37.** А не е така, тој дојде со Вистината и потврдува дека сите пратеници дошле со Вистината,

**38.** а вие сигурно болно страдање ќе искусите –

**39.** како сте работеле, така ќе бидете казнети!

**40.** А Аллаховите искрени робови

**41.** посебно снабдување ќе имаат,

**42.** разновидно овошје, и ќе бидат почестени

**43.** во џенетските градини за насладување,

**44.** на диваните, едни кон други,

**45.** ќе бидат послужени со пијалак – од изворите кои постојано течат –

**46.** бел и пријатен за тие што ќе го пијат,

**47.** од него нема опиеност да има и од него умот нема да се губи.

**48.** Покрај нив ќе бидат тие што пред себе ќе гледаат, со прекрасни очи,

**49.** како да се јајца заштитени.[226]

**50.** И тие еден со друг ќе се распрашуваат,

---

[226] Како тие да се јајца од ној внимателно скриени во песок; Арапите кај жените најмногу ја ценеле кожата чија боја била како ноевите јајца.

**51.** и едниот од нив ќе рече: „Имав еден другар

**52.** кој велеше: „Зарем ти веруваш,

**53.** дека навистина, кога ќе умреме и кога земја и коски ќе станеме, сметка ќе полагаме?“

**54.** „Сакате ли да погледнете?“

**55.** И тој ќе погледне, и него среде Џехенемот ќе го здогледа.

**56.** „Се колнам во Аллах,“ – ќе рече – „за малку ќе ме упропастеше;

**57.** да не беше милоста на Господарот мој, и јас сега ќе се мачев.“

**58.** „А ние, нели, веќе нема да умираме?

**59.** Еднаш умревме – веќе нема да бидеме мачени,

**60.** тоа, навистина, голем успех ќе биде!“

**61.** За вакво нешто нека се трудат трудбениците!

**62.** А дали е подобра таа гозба или дрвото Зекум,

**63.** кое на насилниците како казна им го одредивме?

**64.** Тоа е дрво кое расте среде Џехенемот,

**65.** плодот му е како главите шејтански.

**66.** Тие со него ќе се хранат и стомаците свои со него ќе ги полнат,

**67.** па со зовриена вода тоа ќе им се измеша,

**68.** а потоа, сигурно, пак во Џехенемот ќе се вратат.

**69.** Тие татковците свои во заблуда ги затекнаа,

**70.** па и тие по стапките нивни продолжија.

**71.** А и пред нив повеќето древни народи во заблуда беа,

**72.** иако Ние им ги праќавме тие што ги опоменуваа;

**73.** затоа, погледни каков беше крајот на тие што беа опоменати,

**74.** не беше така само со Аллаховите искрени робови.

**75.** А кога Нух нè повика, Ние убаво се одѕвивме:

**76.** него и семејството негово од тешка неволја ги спасивме

**77.** и само потомците негови во живот ги оставивме,

**78.** и кај поколенијата подоцнежни споменот му го сочувавме:

**79.** „Мир за Нух од сите светови!“

**80.** Ете, така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела,

**81.** тој беше Наш роб, верник,

**82.** а другите потоа ги потопивме.

**83.** Со иста вера како него беше и Ибрахим,

**84.** кога на Господарот свој со искрено срце Му дојде,

**85.** кога на таткото свој и на народот свој му рече: „Што обожувате вие?

**86.** Зарем лажни божества наместо Аллах сакате?

**87.** И што мислите за Господарот на световите?“

**88.** И тој фрли поглед кон ѕвездите,

**89.** и рече: „Јас сум болен, навистина.“,

**90.** а тие од него, вртејќи му грб, си отидоа,

**91.** а тој кај киповите нивни се прикраде, па рече: „Зошто не јадете?

**92.** Што ви е, зошто не зборувате?“

**93.** И скришно им пријде со десната рака удирајќи ги,

**94.** па народот со трчање му дојде.

**95.** „Како можете да ги обожувате тие што самите ги резбате?“ – запраша,

**96.** кога Аллах ве создава и вас и тоа што го правите?“

**97.** „Подгответе за него клада,“ – повикаа – „па во оган фрлете го!“

**98.** И сакаа да го мачат, но Ние нив ги направивме понижени.

**99.** „Одам таму каде што Господарот мој ми нареди.“ – рече – „Тој каде што треба ќе ме упати.

**100.** Господару мој, подари ми честито потомство!“

**101.** И Ние го израдувавме со момче со благ карактер.

**102.** И кога тој порасна толку што во работата почна да му помага, Ибрахим рече: „О, синко мој, на сон видов дека треба да те заколам, па што мислиш ти?“ – „О, татко мој,“ – рече – „постапи како што ти се наредува; ќе видиш, ако даде Бог, дека ќе бидам трпелив.“

**103.** И кога двајцата послушаа, и кога тој со челото на земја го положи,

**104.** Ние го повикавме: „О, Ибрахиме,

**105.** ти постапи според вдахновениот сон; – а Ние вака ги наградуваме тие што прават добри дела, –

**106.** тоа, навистина, беше очигледно искушение!“

**107.** Со голем курбан го искупивме

**108.** и кај поколенијата подоцнежни спомен му сочувавме:

**109.** „Нека е во мир Ибрахим!“

**110.** Ете така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела,

**111.** а тој, навистина, беше Наш роб, верник,

**112.** и го израдувавме со Исхак, веровесник и човек добар,

**113.** и го благословивме и него и Исхак; а меѓу потомците нивни има верници и такви кои на себеси очигледно насилство чинат.

**114.** И на Муса и на Харун благодати им дадовме,

**115.** па и нив и народот нивен од неволја голема ги спасивме

**116.** и им помогнавме и тие беа победници,

**117.** и Книга јасна им дадовме,

**118.** и двајцата на Правиот пат ги упативме,

**119.** и кај поколенијата подоцнежни спомен им сочувавме;

**120.** „Нека се во мир Муса и Харун!“

**121.** Ете така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела,

**122.** а тие двајца, навистина, беа робови Наши, верници.

**123.** И Илјас беше Пратеник.

**124.** Кога тој му рече на народот свој: „Зар не се плашите?

**125.** Зарем на Бал му се молите, а најубавиот Создател го оставате,

**126.** Аллах, Господарот свој и Господарот на вашите древни предци?“

**127.** Тие лажливец го нарекоа и затоа, сигурно, сите тие во Огнот ќе бидат фрлени,

**128.** но не тие Аллахови робови кои Му беа предани.

**129.** И кај поколенијата подоцнежни спомен му сочувавме:

**130.** „Нека е во мир Илјас!“

**131.** Ете така Ние ги наградуваме тие што прават добри дела,

**132.** а тој беше роб Наш, верник.

**133.** И Лут беше Пратеник.

**134.** Кога Ние него и целото негово семејство го спасивме,

**135.** освен старицата, таа настрада со тие што настрадаа,

**136.** а останатите ги уништивме,

**137.** и вие покрај населбите нивни поминувате и дење

**138.** и ноќе, па зошто не се вразумите?

**139.** И Јунус беше Пратеник.

**140.** Кога тој избега на бродот преполн

**141.** и со нив фрли коцка и коцката падна на него,

**142.** и китот го проголта, а беше заслужил прекор,

**143.** и да не беше еден од тие што Аллах Го слават и Го величаат,

**144.** сигурно ќе останеше во утробата негова до Денот на оживувањето.

**145.** И Ние го исфрливме на едно пусто место, а тој беше болен,

**146.** и сторивме над него да израсне една тиква,

**147.** и го пративме на стотина илјади луѓе, и повеќе,

**148.** и тие поверуваа, и ним им дадовме до рокот одреден да уживаат.

**149.** А прашај ги: „Зарем за Господарот твој ќерки, а за нив синови,

**150.** зарем во нивно присуство мелеците како жени ги создадовме?“

**151.** Ете, тие, поради тоа што лажат, говорат:

**152.** „Аллах родил.“ – тие се навистина лажливци.

**153.** Зарем ги избра ќерките пред синовите!?

**154.** Што ви е, како така расудувате?!

**155.** Зарем нема да се вразумите?

**156.** Или вие можеби имате очигледен доказ?

**157.** Донесете ја Книгата своја, ако вистината ја зборувате!

**158.** Многубошците помеѓу Него и џините сродство воспоставуваат, а џините одамна знаат дека тие што зборуваат така ќе бидат фрлени во огнот,

**159.** чист е Аллах и далеку е од тоа како што тие Го опишуваат!

**160.** Аллаховите искрени робови тоа не го прават.

**161.** Но, ниту вие, со тие што ги обожувате,

**162.** не можете во врска со нив никого во заблуда да го заведете,

**163.** освен тој што и онака во огнот ќе гори.

**164.** „Секому од нас местото му е одредено,[227]

**165.** ние сме во редови наредени,

**166.** и само Него Го славиме и Го величаме!“

**167.** А тие велеа:

**168.** „Да имавме ние Книга како што имаа претходните народи,

**169.** сигурно ќе бевме Аллахови искрени робови!“

---

[227] 164, 165, 166 – Овие три ајети се зборови на мелеците.

**170.** Но, во Куранот не сакаа да поверуваат, и ќе знаат тие!

**171.** А зборот Наш е веќе претходно кажан на робовите Наши, Пратениците:

**172.** Тие ќе бидат, навистина, потпомогнати

**173.** и војската Наша сигурно ќе биде победник!

**174.** Затоа тргни се од нив некое време

**175.** и набљудувај ги, и тие ќе набљудуваат!

**176.** Зарем тие казната Наша да ја избрзуваат?

**177.** Кога таа ќе ги стигне, лошо утро ќе им осамне на тие што беа опоменати!

**178.** Затоа тргни се од нив некое време

**179.** и набљудувај, и тие ќе набљудуваат!

**180.** Славен е Господарот твој, Господар на достоинството, и високо над тоа што Му го припишуваат тие!

**181.** И нека е селам на Пратениците,

**182.** и сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите!

### 38. Поглавје

# Сад

*Сад*

Мека – 88 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Сад! Се колнам во Куранот кој содржи опомена,

**2.** навистина се арогантни и инаетливи тие што не сакаат да веруваат!

**3.** Колку народи пред нив Ние уништивме. И тие за помош плачејќи молеа, но за нив беше доцна!

**4.** Тие се чудат што еден од нив им дошол за да ги предупредува, и неверниците велат: „Тој е маѓепсник, лажливец!

**5.** Зарем тој боговите да ги сведе само на еден Бог? Тоа е, навистина, нешто многу чудно!“

**6.** И угледните меѓу нив тргнаа: „Одете и истрајте со божествата свои! Навистина, тоа е нешто што се сака!

**7.** За ова не сме слушнале во верата на предците наши, ова не е ништо друго освен наместена лага;

**8.** зошто меѓу нас токму нему да му биде пратена Опомената?!“ Но, тие во Опомената Моја се сомневаат затоа што казната Моја не ја искусиле.

**9.** Зарем кај нив се ризниците на милоста на Господарот твој, Силниот и Дарежливиот?

**10.** Зарем тие имаат власт над небесата и над Земјата и над тоа што е меѓу нив? – тогаш, нека се искачат со скали по патеките небесни.

**11.** Тие претставуваат незначителна сојузничка војска која таму ќе биде поразена.

**12.** И уште пред нив ги сметаа за лажни своите Пратеници – народот на Нух, и Ад, и фараонот, сопственикот на градбите огромни,

**13.** и Семуд и народот на Лут и жителите на Ејка; тие против Пратениците правеа завери!

**14.** Сите тие за лага ги клеветеа Пратениците и казната моја ја заслужија.

**15.** А и овие не чекаат, освен еден звук на рогот кој нема да биде потребно да се повтори,

**16.** и велат: „Господару наш, побрзај и казни нè, пред Денот во кој делата ќе се пресметуваат!“

**17.** Ти стрпи се за тоа што го говорат и сети се на робот Наш Давуд, цврстиот во верата, кој секогаш на Аллах Му се обраќаше.

**18.** Ние планините ги потчинивме заедно со него да Го слават и да Го величаат Аллах пред Сонцето да зајде и откако ќе изгрее,

**19.** а и птиците собрани – сите тие Нему му се обраќаат.

**20.** И го зацврстивме царството негово и му дадовме веровесништво и мудрост исправно да суди и да расудува.

**21.** А дали до тебе допре веста за парничарите кога преку ѕидот на михработ преминаа,

**22.** кога кај Давуд упаднаа, па тој од нив се исплаши. „Не плаши се“ – рекоа – „ние сме двајца парничари, еден кон друг згрешивме, па според правдата пресуди ни; не биди пристрасен, и на Вистинскиот пат упати нè.

**23.** Овој мој пријател има деведесет и девет овци, а јас само една, и тој ми рече: ‚Дај ми ја мене!‘ – и во препирката ме победи.“

**24.** „Навистина ти сторил неправда! – рече Давуд – „со тоа што барал овцата твоја да ја додаде на овците свои; многумина ортаци си прават неправда едни на други, а единствено тие што веруваат и што прават добри дела не го прават тоа, и таквите се малку“. И Давуд се увери дека Ние токму него на искушение го

ставивме, па за прошка од Господарот свој замоли, падна со лицето на тло и се покаја.[228]

**25.** И Ние тоа му го простивме, и тој Ни е навистина близок и прекрасно престојувалиште го чека.

**26.** О, Давуде, Ние за наместник на Земјата те поставивме, затоа суди им на луѓето праведно и не поведувај се според страста за да не те одведе од Аллаховиот пат; тие што скршнуваат од Аллаховиот пат ги чека болно страдање на оној свет затоа што забораваа на Денот на пресметката.

**27.** Ние не ги создадовме небото и Земјата и тоа што е меѓу нив залудно; така мислат неверниците, па тешко на неверниците кога ќе бидат во Огнот!

**28.** Зарем со тие што веруваат и што прават добро ќе постапиме исто како и со тие што прават неред на Земјата, или, зарем со тие што се чуваат од гревовите ќе постапиме исто како и со грешниците?

**29.** Книгата која ти ја објавуваме е благословена, за тие да размислат за зборовите нејзини и за тие што се обдарени со разум да примат поука.

**30.** Ние на Давуд му го подаривме Сулејман; тој беше прекрасен роб и многу се каеше!

**31.** Кога едно предвечерие пред него беа изведени брзи коњи кои на три нозе стоеја, а со четвртата едвај земјата ја допираа,

**32.** тој рече: „Наместо да мислам на Господарот свој, јас покажувам љубов кон убави нешта!“ – и му се изгуби од видот.[229]

**33.** „Вратете ми ги!“ – и тој почна да ги удира по нозете и по вратовите.

**34.** Ние Сулејман во искушение го доведовме и неговото болно тело на престолот го задржавме, но потоа оздраве.

**35.** „Господару мој“ – рече – „прости ми и подари ми власт

---

[228] Давуд не ги сослушал двата парничари, туку само едниот и врз основа на неговиот исказ, донел пресуда. Потоа се сетил дека не смеел така да постапи и се покајал.

[229] Сонцето му се изгубило од видот, односно зашло, и тој ја пропуштил молитвата. Тогаш тој рекол: „Наместо да мислам на Господарот свој, јас покажувам љубов кон убави нешта!“ Побарал да му ги донесат коњите, а кога му ги донесле, почнал да ги удира со меч по нозете и по вратот, бидејќи тие биле причината за пропуштањето на неговата молитва. Жртвувањето на коњите било легитимно во неговиот закон.

каква никој, освен мене, нема да има! Ти Си навистина Тој што богато дарува!“

36 И Ние му ги потчинивме: ветрот – кој според заповедта негова благо дуваше таму каде што тој сакаше –

**37.** и шејтаните, сите градители и нуркачи,

**38.** и други во окови оковани.

**39.** „Ова е Нашиот дар, па ти дарувај или задржи – поради тоа нема да одговараш!“

**40.** Тој Ни е навистина близок и го чека прекрасно престојувалиште.

**41.** И сети се на робот Наш Ејуб кога на Господарот свој Му залипа: „Шејтанот ме допре со несреќи и со страдање!“

**42.** „Удри со ногата по земја – ете ти ладна вода за капење и пиење! –

**43.** и Ние од милоста Наша семејство му даривме и уште толку покрај нив, да биде поука за тие што имаат ум –

**44.** „И земи со раката своја сноп и со него удри, само заклетвата не ја прекршувај!“ Ние знаевме дека тој е издржлив; прекрасен роб беше тој и многу се каеше![230]

**45.** И сети се на робовите Наши Ибрахим и Исхак и Јакуб, сите во верата цврсти и проникливи.

**46.** Ние ги обдаривме со една посебна доблест: секогаш да им е на ум оној свет;

**47.** и тие, навистина, кај Нас се од одбраните добри луѓе.

**48.** И сети се на Исмаил и на Ељеса и на Иљас и на Зулкифл, сите тие беа од најдобрите луѓе.

**49.** Ова е убав спомен! А тие што од гревови ќе се чуваат ги чека прекрасно престојувалиште:

**50.** едenски градини, чиишто капии за нив ќе бидат отворени,

**51.** во кои ќе бидат потпрени и разновидно овошје и пијалак ќе бараат.

**52.** Покрај нив ќе бидат хуриите[231], со исти години, кои пред себе ќе гледаат.

**53.** „Тоа е она што ви се ветува за Денот на пресметката;

[230] Пратеникот Ејуб, мир над него, Му се заколнал на Бога дека еден од членовите на семејството ќе го удри толку и толку пати со стап, затоа што не го послушале. Зборовите: „Земи со својата рака сноп“ од трева или слама, во која ќе има толку стебла, односно сламки, за со еден сноп да ја исполни заклетвата и одговорниот да го удри.
[231] Хурии – жени во рајот кои се со посебна убавина и елеганција.

**54.** тоа, навистина, снабдување Наше ќе биде, кое никогаш нема да престане!“

**55.** Ете така! А тие што ќе бидат дрско бесни, ги чека најлошото престојувалиште:

**56.** Џехенемот, во кој ќе горат, а одвратна постела е тоа!

**57.** Ете така! Па нека ја искусат водата зовриена и ледена

**58.** и други слични на овие маки, повеќекратни.

**59.** „Оваа толпа заедно со вас, стискајќи се, во Џехенемот ќе влезе!“ – „Да не им биде простране! Тие навистина ќе горат во Огнот!“

**60.** „Вам да не ви биде простране!“ – ќе речат тие – „вие ова ни го подготвивте, а колку е грозно ова живеалиште!“

**61.** „Господару наш!“ – ќе речат – „удвои им го страдањето во огнот на тие што ова ни го приредија!“

**62.** И ќе речат: „Зошто не ги гледаме луѓето коишто меѓу злобните ги вбројувавме

**63.** и коишто ги исмејувавме? Да не ни се изгубија од вид?“

**64.** Вистина е, сигурно, дека жителите на Џехенемот меѓу себе ќе се расправаат.

**65.** Кажи: „Јас сум само опоменувач; нема бог освен Аллах, Единиот и Моќниот,

**66.** Господарот на небесата и на Земјата и тоа што е меѓу нив, Силниот, Простувачот.“

**67.** Кажи: „Ова е голема вест,

**68.** а вие од неа главите ги вртите.

**69.** Јас ништо не знаев за Високиот Собир[232] кога се препираа –

**70.** мене ми се објавува само да сум јасен опоменувач.“

**71.** И кога Господарот твој на мелеците им рече: „Ќе го создадам човекот од глина,

**72.** па кога совршен облик ќе му дадам и кога живот во него ќе вдахнам од Својот дух, вие на сеџда паднете му!“

**73.** Мелеците, сите до последен, заедно на сеџда се поклонија

**74.** освен Иблис; тој се вообрази и неверник стана.

**75.** „О, Иблис!“ – рече Тој – „Што те наведе да не му направиш сеџда на оној кого Јас со

[232] Висок собир на мелеци.

Своите две раце[233] го создадов? Се воообрази или мислиш дека си возвишен?“

**76.** „Подобар сум од него“ – рече тој – „мене ме создаде од оган, а него од глина.“

**77.** „Е, излегувај тогаш од Џенетот!“ – рече Тој – „Проклет да си!

**78.** Моето проклетство до Судниот ден ќе те следи!“

**79.** „Господару мој!“ – рече тој – „Дај ми време до Денот кога тие оживеани ќе бидат!“

**80.** „Ти давам“ – рече Тој –

**81.** „до денот веќе одреден.

**82.** „Па се колнам во достоинството Твое – рече – „сигурно сите ќе ги наведам да застранат,

**83.** освен, меѓу нив, Твоите искрени робови!“

**84.** „Во вистината се колнам и вистината ја зборувам“ – рече Аллах –

**85.** „сигурно Џехенемот ќе го наполнам со сите, со тебе и со тие кои што ќе се поведат по тебе!“

**86.** Кажи: „Јас не барам од вас за ова (Куранот) никаква награда и јас не се преправам, го пренесувам само тоа што ми се наредува,

**87.** Куранот е, навистина, Опомена за целиот свет!

**88.** И вие наскоро ќе ја дознаете неговата порака!“

---

[233] Зборот „раце“ е преведен буквално како што стои во оригиналниот текст на арапски јазик, а обликот и формата за нас се недостижни, бидејќи Бог не наликува на никого и никој не е како Него.

## 39. Поглавје
# Ез Зумер
*Групи*
Мека – 75 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Објавувањето на Книгата е од Аллах, Силниот и Мудриот!

**2.** Ние, навистина, ти ја објавуваме Книгата, со Вистина, затоа само Аллах обожувај Го, искрено исповедајќи Му ја верата!

**3.** Искреното практикување на верата е долг кон Аллах! А на тие што покрај Него земаат други за заштитници: „Ние ги обожуваме само за да нè приближат што поблиску до Аллах“ – Аллах ним, навистина, ќе им пресуди за тоа за коешто тие не се согласуваа. Аллах нема да го упати на Вистинскиот пат тој што е лажливец и неверник.

**4.** Да сакаше Аллах да има дете, ќе го избереше, меѓу тие што ги создал, тој што Тој би сакал. Возвишен е Тој; Тој е Аллах, Единиот и Семоќниот!

**5.** Небесата и Земјата мудро и со цел ги создаде; Тој со ноќта го завиткува денот и со денот ја завиткува ноќта; Тој Сонцето и Месечината ги потчини, секој се движи до рокот одреден. Ете, Тој е Силниот и Тој многу простува!

**6.** Тој од еден човек ве создава – а од него сопругата негова ја создаде – и Тој ви даде осум видови добиток; Тој ве создава во утробите на мајките ваши, давајќи ви облици, еден по друг, во три темнини. Тоа ви е, ете, Аллах, Господарот ваш, Негова е власта, нема друг бог освен Него, па тогаш каде се одметнувате?

**7.** Ако вие нема да верувате, па, Аллах не зависи од вас, но Тој не е задоволен со неверувањето на Своите робови. А ако бидете благодарни, Тој со тоа ќе биде задоволен. А ниедна душа нема да ги носи гревовите на другата! Потоа кај својот Господар ќе се вратите, па Тој ќе ве извести за тоа што го работевте. Навистина, Тој знае што се крие во срцата.

**8.** Кога човекот неволја ќе го снајде, на Господарот свој Му се моли, Нему Му се обраќа, а потоа, откако Аллах милоста Своја ќе му ја дарува, го заборава Тој на Кого Му се молел, и други Нему за еднакви му припишува, за од патот Негов да застранува. Кажи: „Уживај одредено време во неверството свое, ќе бидеш, сигурно, жител на Огнот!“

**9.** Зарем таквиот е како тој што во ноќните часови времето во мо-

литва го минува, паѓајќи со лицето на тло и стоејќи, стравувајќи од оној свет и надевајќи се на милоста од Господарот свој? Кажи: „Зарем се исти тие што знаат и тие што не знаат? Само тие што имаат ум примаат поука!“

**10.** Кажи: „О, робови Мои кои верувате, плашете се од Господарот свој! Тие што на овој свет ќе прават добри дела ги чека награда, а Аллаховата земја е пространа; само тие коишто ќе бидат стрпливи ќе бидат без сметка наградени.“

**11.** Кажи: „Мене ми се наредува Аллах да Го обожувам искрено исповедајќи Му ја верата

**12.** и ми се наредува да бидам првиот муслиман.“

**13.** Кажи: „Јас се плашам од страдањето на Големиот ден, ако Му бидам непослушен на Господарот Свој.“

**14.** Кажи: „Само Аллах Го обожувам искрено исповедајќи Му ја верата своја,

**15.** а вие, покрај Него, обожувајте кого сакате!“ Кажи: „Губитници се, навистина, тие што на Судниот Ден ќе се изгубат и себеси и семејствата свои. Ете, тоа е очигледен губиток!“

**16.** Над нив ќе има слоеви од Оган, а и под нив слоеви; со тоа Аллах ги застрашува робовите Свои. „О, робови Мои, плашете се од Мене!“

**17.** За тие што го избегнуваат обожувањето на идолите и кои на Аллах Му се обраќаат – за нив се наменети радосните вести, затоа израдувај ги робовите Мои

**18.** кои го слушаат Говорот и го следат најубавото во него; ним Аллах на Вистинскиот пат им укажа и тие се паметни.

**19.** Зарем тој што ја заслужил казната, зарем него да го спасиш од огнот?

**20.** А тие што од Господарот свој се плашат ги очекуваат одаи, сѐ едни над други изградени, пред кои реки течат – ветување е Аллахово, а Аллах ветувањето нема да го прекрши.

**21.** Зарем не гледаш дека Аллах од небото спушта дожд, па во извори во земјата го разделува, а потоа со помош на него разнобојни растенија изведува, потоа тие се сушат и ти ги гледаш пожолтени, и на крајот ги крши. Тоа е, навистина, поука за тие што се паметни.

**22.** Зарем е ист тој чиешто срце Аллах го сторил наклонето кон исламот, па тој го следи светлото на Господарот свој, или тој чиешто срце се стврднало? Тешко на

тие чиишто срца се нечувствителни при спомнувањето на Аллах, тие се во јасна заблуда!

**23.** Аллах го објавува најубавиот говор, Книга слична по смисла, чиишто поуки се повторуваат. Од неа ги поминуваат морници тие што се плашат од Господарот свој, а потоа, кога ќе се спомне Аллаховото име, кожите нивни и срцата нивни им се смируваат. Тоа е Аллаховото Упатство со кое Тој упатува кого сака; а тој кого Аллах ќе го заблуди, нема кој да го упати.

**24.** Зарем е ист тој што на Судниот ден со лицето свое ќе се засолнува од страшното страдање со тој што е сигурен од него? „Трпете го тоа што го заслуживте!“ – ќе им се рече на насилниците.

**25.** Тие пред нив негираа, па ги стигна казна од каде што не очекуваа.

**26.** Аллах даде да почувствуваат понижување во животот на овој свет, а страдањето на оној свет ќе биде, навистина, уште поголемо – само кога тие би знаеле!

**27.** Ние во овој Куран им наведуваме на луѓето секакви примери за да примат поука.

**28.** Во Куранот на арапски јазик, во кој нема никакви противречности, за да се плашат и за да внимаваат.

**29.** Аллах го наведува како пример човекот кој е во власт на ортаци околу кого тие се грабаат, и човек кој е во власт само на еден човек – дали положбата нивна е иста? Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, не е иста, но повеќето од нив не знаат.

**30.** Ти, навистина, ќе умреш, а и тие, исто така ќе умрат.

**31.** И потоа, на Судниот ден, пред Господарот свој еден со друг ќе се препирате.

**32.** Има ли понеправеден од тој што за Аллах говори лаги и ја смета Вистината за лага кога таа му доаѓа? Зарем Џехенемот нема да биде престојувалиште за неверниците?

**33.** А тој што ја носи Вистината и тие кои веруваат во неа, тие се богобојазливи,

**34.** сè што ќе посакаат кај Господарот свој ќе најдат; тоа ќе биде награда за тие што правеле добри дела,

**35.** за Аллах да помине преку нивните лоши постапки, и за добрите дела кои ги правеле да ги награди.

**36.** Зарем Аллах не е Заштитник на Својот роб? А тие те заплашуваат со оние кои, покрај Него, ги обожуваат. Тој што Аллах ќе го заблуди, нема кој да го упати.

**37.** А кого Аллах ќе го упати – никој не може да го заблуди. Зарем Аллах не е Силен и Казнувач?

**38.** Ако ги запрашаш кој ги создаде небесата и Земјата, сигурно ќе речат: „Аллах!“ а ти кажи: „Мислите ли вие дека тие кои ги молите, покрај Аллах, би можеле да ја отстранат штетата, ако Аллах сака да ми ја стори, или дека би можеле да ја задржат милоста Негова, ако Тој сака да ми ја подари?“ Кажи: „Мене ми е доволен Аллах, на Него се потпираат тие што бараат потпирач.“

**39.** Кажи: „О народе мој, ти постапувај така како што постапуваш, а и јас ќе постапувам, па ќе знаете

**40.** кого ќе го стигне страдањето кое ќе го понижи, и кого вечното страдање ќе го снајде.“

**41.** Ние ти ја објавуваме Книгата со вистината за целиот свет; тој што ќе оди по Вистинскиот пат – на себеси ќе си користи, а тој што ќе застрани – на себе ќе си наштети, ти не си задолжен за нив.

**42.** Аллах ги зема душите во часот на нивната смрт, а и на тие што спијат, па ги задржува тие на кои им одредил да умрат, а другите ги остава до одредениот рок. Тоа се, навистина, докази за тие што размислуваат.

**43.** Тие без Аллахово одобрување посредници земаат. Кажи: „Зарем и тогаш кога се без никаква моќ и кога ништо не разбираат?“

**44.** Кажи: „Никој не може без Негова дозвола да посредува, власта на небесата и на Земјата е Негова, а потоа Нему ќе Му се вратите.“

**45.** Кога Аллах ќе се спомне, се грозат срцата на тие што не веруваат во оној свет, а кога ќе се спомнат оние кои тие, покрај Него, ги обожуваат, одеднаш радост ги обзема.

**46.** Кажи: „Аллаху, Создателу на небесата и на Земјата, Ти Кој го знаеш невидливиот и видливиот свет, Ти на робовите Свои ќе им пресудиш за тоа за што не се согласуваа!“

**47.** Кога злосторниците би го имале сето тоа што е на Земјата, и уште толку, на Судниот ден тие би го дале сето тоа за да се искупат од тешкото страдање; А Аллах ќе ги казни со казна каква што не можеле ниту да замислат,

**48.** и ќе им се предочат лошите дела нивни кои ги правеа и ќе ги снајде токму тоа на што се потсмеваа.

**49.** Кога човекот некаква неволја ќе го снајде, Нам Ни се моли; а кога Ние потоа благодат ќе му пружиме, тогаш вели: „Ова ми е дадено затоа што тоа го заслужив.“ А не е така, тоа е само искушение, но повеќето од нив не знаат.

**50.** Така говореа и тие пред нив, па не им користеше тоа што го беа стекнале,

**51.** и ги стигна казна за тоа што го правеа. А и тие меѓу овие кои прават насилство – ќе ги стигне казна за тоа што го прават, тие нема да избегаат.

**52.** Зарем тие не знаат дека Аллах дава изобилно снабдување кому сака, и дека ускратува кому сака; тоа се, навистина, поуки за народот кој верува.

**53.** Кажи: „О, робови Мои кои кон себеси во гревовите претерувавте, не губете надеж во Аллаховата милост! Аллах, сигурно, сите гревови ќе ви ги прости; Тој, навистина, многу простува и Тој е Милостив.

**54.** И вратете Му се на Господарот свој и покорете Му се пред казната да ви дојде – потоа никој нема да може на помош да ви дојде.

**55.** И следете го тоа најубавото, тоа што Господарот ваш ви го објавува, пред ненадејно казната да ви дојде, за чие доаѓање нема да знаете.

**56.** За човекот да не извика: „Тешко мене, колку само должности кон Аллах пропуштив, дури и се исмејував!“

**57.** или да не рече: „Да ме упатеше Аллах на Вистинскиот пат, сигурно ќе се сочував од Неговата казна.“

**58.** Или да не каже кога ќе го доживее страдањето: „Само кога би можел да се вратам – добри дела би правел!“

**59.** „Никогаш! Доаѓаа Моите знаци, па ги негираше и се вообрази, и неверник беше.“

**60.** На Судниот ден ќе ги видиш тие кои за Аллах лаги говореа, со поцрнети лица. А зарем Џехенемот нема да биде престојувалиште на горделивите?

**61.** Аллах ќе ги спаси тие кои Неговите наредби ги извршуваа, а од Неговите забрани се чуваа, поради нивниот успех злото нема да може да ги допира и тие нема да тагуваат.

**62.** Аллах е Создател на сè и Тој управува со сè,

**63.** кај Него се клучевите на небесата и Земјата! А тие што не веруваат во Аллаховите докази, тие ќе бидат страдалници!

**64.** Кажи: „Зарем од мене барате да обожувам некој друг освен Аллах, о незналци?!“

**65.** А тебе, и на тие пред тебе им било објавено: „Ако други на Аллах за рамни Му припишуваш, твоите дела сигурно ќе пропаднат, а ти изгубен ќе бидеш.“

**66.** Туку, само Аллах обожувај Го и биди благодарен!

**67.** Тие не Го величаа Аллах така како што треба да Го величаат; а целата Земја на Судниот ден во Неговата рака ќе биде, а небесата во Неговата десница стуткани ќе останат. Славен нека е Тој и високо над тие што за рамни Му ги припишуваат.

**68.** И во рогот ќе се дувне, и ќе умрат тие на небесата и тие на Земјата, ќе останат само тие кои Аллах ќе ги одбере; потоа во рогот по вторпат ќе се дувне и тие, одеднаш, ќе станат и ќе чекаат.

**69.** И Земјата од светлината на Господарот свој ќе засјае и Книгата ќе се постави, веровесниците и сведоците ќе бидат донесени, и по правдата на сите ќе им се пресуди, никому нема неправда да му се направи;

**70.** секој ќе го добие тоа што го заслужил, бидејќи Тој добро знае кој што правел.

**71.** Тие што не веруваа во групи во Џехенем ќе бидат натерани, и кога до него ќе дојдат, портите негови ќе се отворат и чуварите негови ќе ги запрашаат: „Зарем не ви дојдоа вашите Пратеници, кои ајетите од Господарот ваш ви ги кажуваа и ве опоменуваа дека овој свој Ден ќе го доживеете?“ – „Да, дојдоа“ – ќе речат тие – „но се покажаа вистинити зборовите за казната на неверниците.“

**72.** И ќе биде кажано: „Влегувајте низ Џехенемските порти, вечно во нив ќе престојувате!“ Колку е грозно тоа престојувалиште за тие што беа вообразени!

**73.** А тие што од Господарот свој се плашеа во поворки кон Џенетот ќе бидат поведени, и кога до него ќе стигнат – а портите негови веќе ширум отворени – неговите чувари ќе им кажат: „Мир со вас, од гревови сте чисти, затоа влезете во него, во него вечно ќе престојувате!“

**74.** Тие ќе кажат: „Сета благодарност му припаѓа на Аллах Кој ветувањето Свое кон нас го исполни и во Џенетот место ни подари, да се населиме во него

каде што сакаме!“ Колку се прекрасни наградите за тие што се труделе!

**75.** И ќе ги видиш мелеците како Аршот (престолот) го опкружуваат, величајќи и фалејќи Го Господарот свој; и на сите по правдата ќе им се пресуди и ќе биде кажано: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите!“

## 40. Поглавје
# Ел Мумин
*Верник*
Мека – 85 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Објавувањето на Книгата е од Аллах, Силниот и Сезнајниот,

**3.** Кој ги простува гревовите и го прима покајанието, Кој страшно казнува и обилно наградува; друг бог освен Него нема, кај Него сѐ се враќа.

**4.** За Аллаховите ајети расправаат само тие што не веруваат, па нека не те залажува тоа што тие по светот се движат.

**5.** И Нуховиот народ уште пред нив негираше, а и групите по него. Секој народ настојуваше да досегне до својот пратеник и се трудеше со невистина да ја загуши Вистината, па Јас го казнував – а каква само беше казната Моја!

**6.** И така зборот на Господарот твој ќе се исполни, дека тие што не сакаа да веруваат – жители на Огнот ќе бидат.

**7.** Мелеците кои го носат престолот и тие што се околу него Го величаат и Го фалат Господарот свој и веруваат во Него и се молат гревовите на верниците да

им бидат простени: „Господару наш, Ти со милоста и со знаењето опфаќаш сè; затоа прости им на тие што Ти се покајаа и кои го следат Твојот пат и сочувај ги од страдањето во Огнот!

**8.** Господару наш, воведи ги во еденските градини, кои им ги вети, и предците нивни и жените нивни и потомството нивно – тие што беа добри; Ти си, навистина, Силен и Мудар.

**9.** И поштеди ги од казната за лошите дела, бидејќи кого Ти тој Ден ќе го поштедиш од казната за лошите дела – Ти си му се смилувал, а тоа, навистина, ќе биде голем успех!“

**10.** На тие што не верувале ќе им се викне: „Аллаховиот презир кон вас кога бевте повикани да верувате, а останавте неверници, беше навистина поголем од вашиот презир сега кон самите себеси.“

**11.** „Господару наш!“ – ќе речат тие – „Двапати нè усмрти и двапати нè оживеа; ние ги признаваме гревовите наши, па има ли некаков излез (од казнава)?“

**12.** Тоа ви е затоа што не верувавте кога се повикуваше во Единиот Аллах, а верувавте во политеизмот! Пресудата Му припаѓа само на Аллах, Возвишениот и Големиот.“

**13.** Тој ви ги покажува доказите Свои и ви спушта снабдување од небото, а поуката ќе ја прифати само тој што Нему Му се обраќа.

**14.** Затоа молете Го Аллах, искрено исповедувајќи Му ја верата – па макар тоа и да го мразат неверниците.

**15.** Тој дарува високи степени на верниците, Господар на Аршот Кој го испраќа Џибрил со одредбата Своја – кому сака од робовите Свои, да ги опомене за Денот на меѓусебната средба,

**16.** на Денот кога тие ќе се појават, кога на Аллах нема за нив ништо скриено да Му биде. Кому му припаѓа власта денес? – На Аллах, Единиот, над сè Надмоќниот.

**17.** Тој Ден секој човек според заслугата казнет или награден ќе биде; тој Ден нема да има неправда! Аллах, навистина, брзо ќе пресмета.

**18.** И опомени ги за Блискиот ден, кога срцето до гркланот ќе допре и ќе се попречи, кога насилниците нема да имаат ни близок пријател, ни посредник, кој ќе биде чуен.

**19.** Тој ги знае погледите кои во тоа што е забрането скришно гледаат, а и тоа што во градите го кријат;

**20.** Аллах според правдата ќе пресуди, а тие на кои што, покрај Него, им се молат – нема да судат според ништо. Аллах, навистина, сѐ слуша и сѐ гледа.

**21.** Зошто тие не патуваат по Земјата, па да видат каков им бил крајот на тие пред нив? Беа помоќни од нив и повеќе траги оставија на Земјата, но Аллах, поради гревовите нивни, ги казни и никој од Аллаховата казна не ги заштити.

**22.** Аллах ги казни затоа што ги негираа јасните докази кои Пратениците нивни им ги носеа; Тој, навистина, е Моќен, Тој жестоко казнува.

**23.** Ние го испративме Муса со знаците Наши и со јасен доказ

**24.** до фараонот и до Хаман и до Карун, но тие рекоа: „Маѓепсник и лажливец!“

**25.** А кога тој им ја донесе Вистината од Нас, рекоа: „Убивајте ги машките деца на тие што веруваат со него, а оставајте ги во живот нивните женски деца!“ – Но лукавствата на неверниците секогаш се залудни.

**26.** „Оставете ме мене“ – рече фараонот – „да го убијам Муса, а тој нека бара помош од Господарот свој, бидејќи се плашам тој верата ваша да не ви ја измени или на Земјата неред да не предизвика.“

**27.** Муса рече: „Го молам Господарот свој и Господарот ваш да ме заштити од секој воображеник кој не верува во Денот во кој сметката ќе се полага!“

**28.** А еден човек, верник, од семејството на фараонот, кој го криеше верувањето свое, рече: „Зарем да го убиете човекот затоа што вели: „Мојот Господар е Аллах!“, а ви донесе јасни докази од Господарот ваш? Ако е лажливец, неговата лага нему ќе му наштети, а ако ја говори вистината, тогаш ќе ве стигне барем нешто од тоа што ви се ветува; Навистина Аллах нема да го упати на Вистинскиот пат тој што претерува во зло и кој многу лаже.

**29.** „О, народе мој, денес вам ви припаѓа власта и вие доминирате во земјата, па кој ќе нѐ одбрани од Аллаховата казна ако таа нѐ стигне?“ А фараонот рече: „Ве советувам како што мислам, а само на вистинскиот пат ќе ве упатам.“

**30.** А тогаш верникот рече: „О народе мој, се плашам да не ве стигне и вас тоа што ги стигна народите кои против Пратениците ковале заговори,

**31.** како што беше со народот на Нух и на Ад и на Семуд, и на тие по нив. – А Аллах не е неправеден кон робовите Свои.

**32.** О, народе мој, јас се плашам што ќе биде со вас на Денот кога едни со други ќе се довикувате[234],

**33.** на Денот кога со свртени грбови ќе бегате, кога од Аллах нема да може никој да ве заштитити. А кого Аллах ќе го заблуди, нема кој да го упати.

**34.** Јусуф, уште одамна, ви носеше јасни докази, но вие постојано се сомневавте во тоа што ви го донесе. А кога тој умре, вие рековте: „Аллах по него веќе нема да испрати Пратеник!“ Ете така Аллах ги заблудува тие што во злото претеруват и кои се сомневаат,

**35.** тие што расправаат за Аллаховите знаци, иако никаков доказ не им дошол. Расправањето е многу презрено кај Аллах и кај тие што веруваат. – Така Аллах го запечатува срцето на секој вообразен насилник.

**36.** „О, Хамане,“ – рече фараонот – „изгради ми една кула за да стигнам до патеките,

**37.** патеките небески, за да се искачам до Мусаовиот Бог, а јас сметам дека тој навистина е лажливец.“ И ете така на фараонот неговите лоши дела му се сторија убави и тој беше одвратен од Вистинскиот пат, а лукавството на фараонот заврши на негова штета.

**38.** И тогаш верникот рече: „О народе мој, мене следете ме, јас ќе ве упатам на Вистинскиот пат!“

**39.** О, народе мој, животот на овој свет е само минливо уживање, а оној свет е навистина вечната Куќа.

**40.** Кој ќе стори зло, соодветно ќе биде казнет, а кој ќе стори добро – било маж или жена, а верник е – во Џенетот ќе влезе; во него сè ќе имаат во изобилство, без сметка.

**41.** О, народе мој! Што е ова? Јас ве повикувам да ве спасам, а вие мене ме повикувате во огнот;

**42.** ме повикувате да не верувам во Аллах и да прифатам некого за кого баш ништо не знам

---

[234] За помош.

Нему за рамен, а јас ве повикувам кон Силниот, кон Тој што многу простува.

**43.** Нема ни малку сомнеж во тоа дека тоа кон кое ме повикувате нема никому, ни на овој ни на оној свет, да му се одѕвие и дека кај Аллах сите ќе се вратиме, и дека расипниците ќе бидат жители на огнот.

**44.** Ќе се сеќавате на ова што ви го кажувам! А јас на Аллах Му го препуштам мојот случај; Аллах, навистина, робовите Свои ги гледа."

**45.** И Аллах го сочува од неволјата која тие му ја приредија, а фараоновите следбеници злострадание ги снајде.

**46.** Тие и наутро и навечер во огнот ќе се пржат, а кога ќе настапи Часот: „Воведете ги фараоновите луѓе во најтешкото страдање!"

**47.** И кога во Огнот ќе се препираат, па тие што беа потчинети ќе им речат на водачите свои: „Ние по вас се поведовме, можете ли барем малку од огнот да нè ослободите?"

**48.** Тогаш водачите ќе речат: „Еве нè и нас, и ние сме во него! Аллах им пресуди на робовите Свои."

**49.** А тие што ќе бидат во огнот ќе им зборуваат на стражарите на Џехенемот: „Замолете Го Господарот свој барем на еден ден страдањето да ни го ублажи!"

**50.** „А зарем Пратениците ваши не ви носеа јасни докази? – ќе запрашаат тие. – „Да, носеа!" – ќе одговорат. – „Молете тогаш!" – ќе речат тие. Но молбата на тие што не веруваа залудна ќе биде.

**51.** Ние навистина ќе им помогнеме на Пратениците Наши и на верниците во животот на овој свет, а и на Денот кога ќе станат сведоците,

**52.** на Денот кога на насилниците правдањето нивно нема од корист да им биде; нив ќе ги чека проклетството и најлошото престојувалиште.

**53.** Ние на Муса упатство му дадовме и на синовите Израилови во наследство Книгата им ја оставивме

**54.** да им биде упатство и опомена на тие кои ќе имаат разум.

**55.** Па, ти биди трпелив – Аллаховото ветување е вистина – и моли се да ти бидат простени твоите гревови, и Господарот свој на крајот и на почетокот на денот величај Го и слави Го!

**56.** Тие што расправаат за Аллаховите знаци, иако никаков доказ не им дошол, во срцата нивни имаат само горделивост која нема да ги доведе до саканата цел, затоа моли Го Аллах за заштита, бидејќи Тој навистина сѐ слуша и сѐ гледа.

**57.** Создавањето на небесата и Земјата е сигурно поголемо отколку создавањето на човековиот род, но повеќето луѓе не знаат.

**58.** Не се исти слепецот и тој што гледа, не се исти верниците кои прават добри дела и злосторниците. – Колку малку поука примате!

**59.** Ќе дојде Часот суден, во тоа нема сомнеж, но повеќето луѓе не сакаат да веруваат.

**60.** Господарот ваш рече: „Повикајте Ме и замолете, Јас ќе ви се одѕвијам! Тие што од вообразеност не сакаат да Ме обожуваат – сигурно понижени ќе влезат во Џехенем.“

**61.** Аллах ви ја даде ноќта за во неа да одмарате, а денот видлив. Аллах е неизмерно добар кон луѓето, но, повеќето луѓе не заблагодаруваат.

**62.** Тоа ви е, ете, Аллах, Господарот ваш, Создателот на сѐ, друг бог освен Него нема, па каде се одметнувате тогаш?

**63.** Така се одметнуваа и тие што Аллаховите докази ги негираа.

**64.** Аллах ви ја направи Земјата престојувалиште, а небото здание, и ве обликуваше, а ликовите ваши ги прави убави, и со пријатна храна ве снабдува. Тоа е Аллах, Господарот ваш, и нека е Возвишен Аллах, Господарот на световите!

**65.** Тој е Живиот, нема друг бог освен Него, па, молете Го, исповедајќи Му чиста вера: „Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господар на световите!“

**66.** Кажи: „Мене ми е забрането да ги обожувам тие кои вие, покрај Аллах, ги молите, бидејќи ми дојдоа јасни докази од Господарот мој, а наредено ми е да Му се предадам на Господарот на световите.

**67.** Тоа е Тој што ве создаде од земја, потоа од капка семе, потоа од грутка, потоа како доенчиња ве изведува, и до мажественото доба да стигнете, и старци да станете – а некои од вас умираат и порано – и до одредениот рок да поживеете, за да можете да сфатите.

**68.** Тој живот и смрт дава! А кога нешто ќе одлучи, само ќе каже: „Биди!“ – и тоа бидува.“

**69.** Зарем не ги гледаш тие коишто расправаат за Аллаховите докази? Каде се вртат тие?

**70.** Тие што ја негираат Книгата и тоа што го праќавме по Пратениците – ќе ги дознаат последиците наскоро

**71.** кога со окови околу вратот, и со синџири, ќе бидат влечени

**72.** во водата што врие, а потоа во огнот пржени.

**73.** Потоа ќе бидат запрашани: „Каде се тие кои ги обожувавте,

**74.** покрај Аллах?" – „Ни се изгубија од видот," – ќе одговорат – „та ние, всушност, претходно, на никого не се ни клањавме." – Ете така Аллах ги заблудува неверниците.

**75.** Тоа ви е затоа што без никаква основа на Земјата бевте весели и горделиви.

**76.** Влегувајте низ портите на Џехенемот, во него вечно ќе останете – а тоа е лошо престојувалиште на вообразените!

**77.** А ти стрпи се! Аллаховата закана сигурно е вистина! Било да ти покажеме дел од тоа со што им се закануваме, било претходно животот да ти го земеме – тие Нам ќе ни се вратат.

**78.** И пред тебе Пратеници испраќавме, за некои од нив ти кажувавме, а за некои не ти кажувавме. И ниеден Пратеник не можеше да направи никакво чудо без Аллахова волја. А кога Аллаховата закана ќе се исполни, ќе биде пресудено според правдата и тогаш лажливците ќе бидат губитници.

**79.** Аллах за вас ги создаде животните, на некои да јавате, а со некои да се храните.

**80.** Вие од нив имате корист и вие на нив носите товар – и на нив и на бродовите вие се пренесувате.

**81.** Тој ви ги покажува доказите за моќта Своја, па кои од Аллаховите докази не ги признавате?

**82.** Зошто тие не патуваат низ Земјата, па да видат како завршија тие пред нив? Тие беа помногубројни од нив и посилни, и оставија поголема трага на Земјата, и за ништо не им користеше тоа што го стекнаа.

**83.** Кога Пратениците нивни јасни докази им носеа, тие со знаењето што го имаа се гордееја, и ги снајде тоа на што постојано се потсмеваа.

**84.** А кога казната Наша ќе ја видеа, тогаш велеа: „Ние веруваме во Аллах, во Него Единиот, а се откажуваме од тие кои Му ги припишувавме!"

**85.** Но, верувањето нивно, кога казната Наша ќе ја видеа, не им беше од корист. Тоа е според Аллаховиот закон кој беше применет врз робовите Негови кои беа и исчезнаа – и тогаш неверниците ќе страдаа.

## 41. Поглавје

# Фусилет

*Детално објаснување*

Мека – 54 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Објава од Милостивиот, Семилосниот,

**3.** Книга чии ајети се детално изложени, Куран на арапски јазик за луѓето кои знаат,

**4.** радовесник и предупредувач – и пак повеќето од нив главите ги вртат, не сакаат ниту да чујат.

**5.** „Срцата наши“ – говорат тие – „се под прекривките, далеку од тоа кон што ти нè повикуваш, а ушите наши се глуви за тоа, а помеѓу нас и тебе има преграда, па ти работи, и ние ќе работиме.“

**6.** Кажи: „Јас сум само човек како и вие, мене само ми се објавува дека вашиот Бог е само еден Бог, затоа само кон Него искрено управете Му се и од Него прошка барајте! А тешко на тие што Нему рамни Му припишуваат,

**7.** кои зекат не даваат и кои во оној свет не веруваат!

**8.** Тие што веруваат и што прават добри дела, навистина, ги чека награда непрекидна.“

**9.** Кажи: „Зарем вие навистина не сакате да верувате во Тој што ја создаде Земјата во два временски периода – и уште други за рамни Му припишувате? Тоа е Господарот на световите!“

**10.** Тој низ неа неподвижни планини создаде и благословена ја направи и производите нејзини на неа ги одреди, сето тоа во четири временски периоди – ова е објаснување за тие што прашуваат –

**11.** потоа кон небеските висини се насочи додека небото сè уште беше маглина, па нему и на Земјата им рече: „Појавете се, милум или силум!“ – „Се појавуваме со задоволство!“ – одговорија,

**12.** па во два временски периода, како седум небеса ги создаде, и одреди што ќе се наоѓа во секое небо. А најблиското небо со сјајни ѕвезди го украсивме и Ние над нив бдееме. Тоа е одредба на Силниот и Сезнајниот.

**13.** А ако главите ги свртат, ти кажи: „Ве опоменувам со таква молња каква што ги погоди Ад и Семуд!“

**14.** Кога од сите страни Пратениците нивни им доаѓаа: „Не обожувајте никого освен Аллах!“ – а тие одговараа: „Да сакаше Господарот наш, Тој мелеци ќе ни пратеше! Ние не веруваме во тоа што е пратено по вас.“

**15.** (Народот) Ад без никаква основа на Земјата се вообрази: „Кој е посилен од нас?“ – говореа. А зарем не знаеја дека Аллах, Кој ги создаде, е посилен од нив? – а и доказите Наши ги негираа.

**16.** И Ние против нив испративме, во последователните денови, леден ветер, за да им дадеме уште на овој свет да почуствуваат срамно страдање – страдањето на оној свет ќе биде, навистина, уште посрамно – и никој нема на помош да им дојде.

**17.** А и на (народот) Семуд на Вистинскиот пат му укажавме, но ним им беше помило слепилото од упатството, па го стигна срамно страдање од молња, според тоа што го заслужи,

**18.** а тие што веруваа и што се плашеа од Аллах, Ние ги спасивме.

**19.** А на денот кога Аллаховите непријатели ќе бидат протерани во Огнот – тие први ќе бидат задржани, за останатите да ги стигнат –

**20.** и кога ќе дојдат до него, ушите нивни, и очите нивни и кожите нивни ќе сведочат против нив за тоа што го правеле.

**21.** „Зошто сведочите против нас?“ – тие ќе ги прашаат своите кожи. – „Аллах, Кој му даде

способност за говор на секое суштество, нè обдари со дарот за говор и нас.“ – ќе одговорат. – „Тој првиот пат ве создаде и Нему, еве, Му се вративте.

**22.** Вие не се криевте за да не сведочат ушите ваши и очите ваши и кожите ваши против вас, туку затоа што мислевте дека Аллах нема да дознае за многу нешта што сте ги правеле.

**23.** И тоа ваше уверување, кое за Господарот свој го имавте, ве упропасти, па станавте губитници.“

**24.** Па и ако трпат, нивното престојувалиште ќе биде огнот; а ако бараат наклоност од Аллах, на нивната молба нема да им се удоволи.

**25.** Ние им одредивме лоши другари кои како убаво им го прикажуваа тоа што го сторија и тоа што ќе го сторат, и на нив им се овистини тоа што е кажано за народите, џините и луѓето кои пред нив беа и исчезнаа – навистина настрадаа.

**26.** Тие што не веруваат велат: „Не слушајте го овој Куран, туку правете врева за да го надвикате!“

**27.** Затоа Ние сигурно ќе дадеме неверниците да искусат неподносливо страдање, и ќе ги казниме со најголема казна за делата кои ги направија.

**28.** Тоа е казната за Аллаховите непријатели, оган во кој ќе им биде вечната куќа, како наплата што доказите Наши постојано ги негираа.

**29.** И неверниците ќе кажат: „Господару наш, покажи ни ги џините и луѓето, тие кои нè заведоа, под нозете наши да ги ставиме, нека бидат најдолни.“

**30.** На тие што велат: „Наш Господар е Аллах“, па потоа останат истрајни, им се симнуваат мелеци: „Не плашете се и не тагувајте, и радувајте се на Џенетот кој ви е ветен.

**31.** Ние сме заштитници ваши во животот на овој свет, а и на оној; во него ќе имате сè што душите ваши ќе посакаат, и што и да побарате – ќе имате,

**32.** ќе бидете почестени од Простувачот, Милостивиот.“

**33.** А кој говори поубаво од тој што повикува кон Аллах, кој прави добри дела и кој вели: „Јас сум, навистина, муслиман!“

**34.** Доброто и злото не се исто! На злото возврати му со добро, па непријателот твој одеднаш близок пријател ќе ти стане.

**35.** Тоа можат да го постигнат само стрпливите; тоа можат да го постигнат само многу доблесните.

**36.** А кога шејтанот ќе се обиде на зли мисли да те наведе, ти побарај заштита кај Аллах, бидејќи Тој, навистина, сѐ слуша и сѐ знае.

**37.** Меѓу доказите Негови се ноќта и денот, и Сонцето и Месечината. Не паѓајте со лицето на тло ниту на Сонцето ниту на Месечината, туку паѓајте со лицето на тло пред Аллах, Кој ги создаде, ако сакате само Него да Го обожувате.

**38.** А ако тие се возгордеат – па, тие што се кај Господарот твој Го слават и величаат и ноќе и дење, и не се досадуваат.

**39.** А од доказите Негови е и тоа што гледаш сува земја, а кога на неа ќе спуштиме дожд, таа се придвижува и процветува. Тој што ѝ дава живот ќе ги оживее сигурно и мртвите, бидејќи Тој е способен за сѐ.

**40.** Тие што зборовите Наши ги извртуваат, навистина, нема од Нас да се сокријат. Па дали е подобар тој што во огнот ќе биде фрлен или тој што на Судниот ден ќе дојде сигурен? Правете што сакате, Тој, навистина, ве гледа што правите.

**41.** Навистина, тие што не веруваат во Опомената, откако им дојде, ќе бидат казнети! А тој (Куранот) навистина е возвишена книга,

**42.** лагата не може да ѝ пријде од која било страна, таа е Објава од Мудриот и за благодарност достојниот.

**43.** Тебе нема да ти се каже ништо што веќе не им беше кажано на Пратениците пред тебе. Господарот твој навистина простува, но и болно казнува.

**44.** А да го објавевме Куранот на туѓ јазик, тие сигурно ќе кажеа: „Би требало ајетите да бидат разбирливи! Зарем јазикот да е туѓ, а тој на кого му се објавува е Арап?“ – Кажи: „Тој е упатство и лек за верниците. А тие што не сакаат да веруваат – и глуви и слепи се! Како да биваат повикувани од далечни места.

**45.** И на Муса му дадовме Книга, па поради неа се раздвоија. А да не е Зборот на Господарот твој претходно изречен, со нив веќе ќе беше завршено. Тие многу се сомневаат во Куранот.

**46.** Кој прави добро, во своја корист го чини, а кој прави лошо, на своја штета го прави. – А Господарот твој не е неправеден кон робовите Свои.

**47.** Само Тој знае кога ќе настапи Крајот на светот. А ниту плодовите не излегуваат од своите цветни чашки и ниту една жена не забременува и не раѓа, а Тој тоа да не го знае. А на Денот кога Тој ќе ги праша: „Каде се тие што Ми ги припишувавте за рамни?“ – тие ќе одговорат: „Ти јавуваме дека никој од нас тоа не го тврди.“

**48.** И нема да бидат тука тие на кои претходно им се молеа и ќе се уверат дека нема да можат никаде да избегаат.

**49.** На човекот не му досадува да бара богатство, а кога ќе го снајде сиромаштво, тогаш паѓа во очај и губи надеж.

**50.** Кога ќе го опсипеме со милоста Наша, по несреќата која го снашла, тој вели: „Ова го заслужив и јас не мислам дека Часот суден ќе дојде. А ако бидам вратен кај Господарот свој, кај Него ме чека Џенет.“ А Ние сигурно ќе ги известиме тие што не веруваа за тоа што го правеа и навистина ќе им дадеме да искусат тешко страдање.

**51.** Кога на човек милоста Наша ќе му ја дариме, станува неблагодарен и се вообразува, а кога ќе го допре неволја, тогаш долго се моли.

**52.** Кажи: „Што мислите, ако Куранот е од Аллах, а вие во него не сакате да верувате – кој е тогаш во поголема заблуда од тој што е противречно далеку од вистината?“

**53.** Ние ќе им ги пружиме доказите Наши во пространствата вселенски, а и во нив самите, додека не им биде сосема јасно дека Куранот е вистина. А зарем не е доволно тоа што Господарот твој е Сведок за сè?

**54.** Тие се сомневаат дека пред Господарот свој ќе застанат, а Тој со знаењето Свое опфаќа сè.

## 42. Поглавје
# Еш Шура
*Договарање*
Мека – 53 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим.

**2.** Ајн-син-каф.

**3.** Ете, така Аллах, Силниот и Мудриот, ти објавува тебе, како и на тие пред тебе.

**4.** Негово е тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата, и Тој е Севишниот, Величествениот!

**5.** Небесата само што не се распаднале едни над други! А мелеците Го величаат и Го слават Господарот свој и молат прошка за тие што се на Земјата. – Аллах, навистина, е Тој Кој простува и Кој е Милостив.

**6.** Аллах внимава на тие кои, покрај Него, други заштитници земаат, а ти не си задолжен за нив.

**7.** Ете, така Ние ти го објавуваме тебе Куранот, на арапски јазик, за да ја опоменуваш Мајката на градовите (Мека) и тие околу неа, и да ги предупредиш за Денот кога ќе се соберат – во кој нема никаков сомнеж. Едните ќе одат во Џенетот, а другите во Џехенемот.

**8.** А да сака Аллах, би ги направил вистински верници, но, Тој во милоста Своја воведува кого сака, а неверниците немаат ниту заштитник, ниту помошник.

**9.** Зарем тие други, а не Него, за заштитници да земаат?! А Аллах е Единиот заштитник! Тој ќе ги оживее мртвите, само Тој е способен за сè.

**10.** Во што и да не се согласувате, пресудата за тоа е кај Аллах! Тоа ви е, ете, Аллах, Господарот мој – на Него се потпирам и Нему Му се обраќам –

**11.** Создателот на небесата и на Земјата! Тој како парови ве создава – а создава парови и од животните – за така да ве размножува. Ништо Нему не му е слично! Тој сè слуша и сè гледа.

**12.** Кај Него се клучевите од небесата и од Земјата, Тој кому сака му дава снабдување во изобилство, а и ускратува; Тој навистина знае сè.

**13.** Тој ви го пропишува во верата истото тоа што му го наредил и на Нух и тоа што ти го објавуваме тебе, и тоа што му го наредивме на Ибрахим и на Муса и на Иса: „Вистинската вера исповедајте ја и во тоа не се раздвојувајте!“ Тешко им е на многубошците да се одѕвијат на твојот повик. Аллах за Својата вера

одбира кого Тој сака и го упатува во неа тој што искрено ќе Му се обрати.

**14.** А тие се раздвоија поради меѓусебната злоба токму тогаш кога им дојде знаењето. И да не е Зборот на Господарот твој претходно изречен, до означениот рок, на нив ќе им беше веќе пресудено. А тие на коишто, после нив, Книгата им се остава во наследство, многу се сомневаат во неа.

**15.** Затоа ти повикувај и биди истраен кон тоа, така како што ти се наредува, а не се поведувај по нивните страсти, и кажи: „Јас верувам во сите книги кои ги објавил Аллах, и наредено ми е праведно да ви судам; Аллах е и наш и ваш Господар, нам нашите, а вам вашите дела; нема препирање меѓу нас и вас; Аллах сите ќе нѐ собере и Нему сите ќе Му се вратат.“

**16.** А тие што се расправаат за Аллах откако Му се одѕвија, нивните докази се ништожни кај нивниот Господар; над нив е гневот и ги чека тешко страдање.

**17.** Аллах е Тој што Книгата со Вистина и праведност ја објави! А што знаеш ти – можеби Крајот на светот е блиску?!

**18.** Го избрзуваат тие што не веруваат во него, а оние кои веруваат, поради него стравуваат и знаат дека е вистина. Ете, навистина се во далечна заблуда тие што расправаат за Крајот на светот!

**19.** Аллах е добар кон робовите Свои; Тој дава снабдување кому сака и Тој е Моќниот и Силниот.

**20.** Кој ќе го сака посевот на оној свет, неговиот посев ќе го зголемиме! А кој ќе го сака посевот од овој свет, ќе му го дадеме, но на другиот свет тој нема никаков удел!

**21.** Зарем тие да имаат божества кои им пропишуваат да веруваат во тоа што Аллах не им го наредил? И да не е Зборот на Господарот твој претходно изречен, до означениот рок, на нив ќе им беше веќе пресудено. – А насилниците, навистина, ги чека неподносливо страдање.

**22.** Ќе ги видиш насилниците како треперат од страв поради тоа што го правеа, и казната ќе ги стигне; а тие што веруваа и правеа добри дела ќе бидат во прекрасните џенетски градини, сѐ што ќе посакаат кај Господарот свој ќе имаат; тоа ќе биде голема придобивка.

**23.** На овој начин Аллах им испраќа радосни вести на робовите Свои, на оние кои веруваат и прават добри дела. Кажи: „За ова не барам никаква награда од вас, освен роднинско внимание." А кој ќе стори добро, Ние за тоа ќе му го зголемиме доброто, бидејќи Аллах, навистина, многу простува и благодарен е.

**24.** Зарем тие да велат: „Тој измислува лаги за Аллах!" А Аллах, ако сака, срцето твое ќе го запечати. Аллах ја поништува невистината и ја потврдува вистината со зборовите Свои; Тој добро ги знае мислите сечии;

**25.** Тој ги прима покајанијата од робовите Свои и ги простува лошите дела и знае што правите;

**26.** Тој им се одѕива на тие што веруваат и прават добри дела, и од добрината Своја им дава и повеќе, а неверниците ги чека жестоко страдање.

**27.** Кога Аллах сите Свои робови изобилно би ги снабдил, тие би станале насилници на Земјата, но Тој дава со мерка, толку колку што сака, бидејќи Тој добро ги познава и ги гледа Своите робови.

**28.** Тоа е Тој што го спушта дождот кога тие ќе загубат секаква надеж и ја распростира милоста Своја; Тој е вистинскиот заштитник и единиот достоен за благодарност.

**29.** И од доказите Негови е создавањето на небесата и на Земјата и на живите суштества кои ги расеа по нив; Тој е способен сите да ги собере кога ќе сака.

**30.** А несреќата која ќе ве снајде е поради гревовите кои сте ги направиле, а Тој многу од нив ги простува.

**31.** И вие нема да можете да Му избегате на Земјата, и освен Аллах немате ни заштитник, ни помошник!

**32.** И од доказите Негови се бродовите кои личат на планини кои пловат по морето.

**33.** Ако сака, Тој го смирува ветрот и тие остануваат неподвижни на површината негова – тоа се поуки за секого кој е стрплив и благодарен –

**34.** или ќе ги потопи поради гревовите што ги заработиле – а Тој многу од нив ги простува –

**35.** за да се уверат тие што ги негираат доказите Наши дека од казната Наша не можат да избегаат.

**36.** Сè што ви е дадено е само уживање во животот на овој свет, а тоа што е кај Аллах е подобро и потрајно за тие што веруваат и

што на Господарот свој се потпираат;

**37.** и за тие што ги избегнуваат големите гревови и развратот и кои, кога некој ќе ги налути, простуваат;

**38.** и за тие што на Господарот свој Му се одѕиваат, и кои намаз извршуваат, и кои за работите свои се договараат, а дел од тоа со што сме ги снабдиле го даваат,

**39.** и за тие што им пружаат отпор на угнетувачите.

**40.** А казната за злото е слично зло, а тој што ќе прости и ќе се поправи Аллах ќе го награди; Тој навистина не ги сака тие што чинат неправда.

**41.** А тој што ќе возврати со иста мерка откако му е сторена неправда, па таквите не можат да бидат казнети,

**42.** а ќе бидат казнети тие што ги угнетуваат луѓето и тие што без никаква основа редот на Земјата го нарушуваат; нив ги чека болно страдање.

**43.** А кој ќе се стрпи и ќе прости – тоа навистина спаѓа во вистинските постапки.

**44.** А кого Аллах ќе го заблуди, за него помошник освен Него нема да има. И ти ќе видиш како ќе повикаат насилниците кога ќе го доживеат страдањето: „Постои ли некаков начин да се вратиме?"

**45.** И ќе видиш како понижени и истоштени се изложуваат на огнот, а тие под око го гледаат. Тие кои верувале, ќе речат: „Вистински страдалници се тие коишто на Судниот ден и себеси и децата свои ќе ги упропастат!" А зарем насилниците нема да бидат во непрекидно страдање?

**46.** За нив нема да има помагачи да им помогнат, освен Аллах!; А кого Аллах ќе го заблуди, тој не е на Патот!

**47.** Одѕвијте Му се на Господарот свој пред да дојде Денот кој Аллах нема да го сопре. Тој Ден прибежиште нема да имате и нема да можете да негирате.

**48.** А ако главите ги свртат – па, Ние тебе не те пративме да бидеш нивен чувар, ти си должен само да известиш. Кога на човекот ќе му дадеме да ја почувствува милоста Наша, тој ѝ се радува, а кога ќе го снајде некаква несреќа поради тоа што ги сториле рацете нивни, тогаш човекот благодатите не ги признава.

**49.** Аллахова е власта на небесата и на Земјата. Тој создава сè што сака! Тојподарува женски деца кому сака, а кому сака – машки,

**50.** или им дава и машки и женски, а кого сака го остава без пород; Тој навистина сѐ знае и сѐ може.

**51.** На ниту еден човек не му е дадено Аллах да му се обраќа, освен преку вдахновение, или зад превез, или да прати пратеник кој, со Негова дозвола, го објавува тоа што Тој го сака! – Тој навистина е Возвишен и Мудар!

**52.** Ние на таков начин и тебе ти го објавуваме тоа што ти се објавува. Ти не знаеше што е Книга, ниту што е верување, но Ние ја направивме светла помош на која ги упатуваме од робовите Наши тие што сакаме. А ти, навистина, упатуваш на Правиот пат,

**53.** на Аллаховиот пат, Кому Му припаѓа сѐ што е на небесата и сѐ што е на Земјата. И ете, кај Аллах сѐ ќе се врати!

## 43. Поглавје
# Ез Зухруф
*Украс*

Мека – 89 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Се колнам во Книгата јасна!

**3.** Ние ја објавуваме како Куран на арапски јазик, за да разберете,

**4.** а тој во Главната Книга, кај Нас, е ценет и совршен.[235]

**5.** Зарем да се откажеме Опомената да ви ја соопштуваме затоа што секоја граница на злото ја поминувате?

**6.** А колку веровесници Ние им испративме на претходните народи

**7.** и ниту еден веровесник не им дојде, а да не му се исмеваа!

**8.** Затоа ги уништувавме тие што беа помоќни од овие, а им е спомнат примерот за претходните народи.

**9.** Па ако ги запрашаш кој ги создаде небесата и Земјата, тие сигурно ќе речат: „Ги создаде Силниот и Сезнајниот!“

[235] Главната Книга, т.е. „Левхил Махфуз“ од која сите небесни книги се објавени.

**10.** Тој што Земјата колевка ви ја направи и по неа патишта ви создаде, за да се упатувате.

**11.** Тој што од небото водата со мерка ја спушта, со чија помош во живот ги враќаме мртвите предели – така и вие од гробовите ќе бидете оживеани.

**12.** Тој што создава секаков вид на суштества во парови и ви дава бродови и животни за на нив да патувате,

**13.** на палубите и на грбовите нивни да се сместите и, потоа, кога ќе се исправите на нив, да се сетите на благодатите од Господарот свој и да кажете: „Славен и Возвишен нека е Тој што ова ни го потчини, ние не би можеле тоа сами да го постигнеме,

**14.** и ние кај Господарот свој сигурно ќе се вратиме!"

**15.** А тие Му припишуваат Нему дел од робовите Негови. Човекот, навистина, е очигледен неблагодарник.

**16.** Зарем од тие коишто Тој ги создава за Себе да земе ќерки, а вас да ве дарува со синови?

**17.** А кога некој од нив бива известен за тоа што на Семилосниот слично Му припишува (дека добил ќерка), лицето му се замрачува и тој се полни со гнев.

**18.** Зарем тие (ќерките) коишто растат во украси и коишто во расправа се беспомошни, Му ги припишувате на Аллах?

**19.** Тие ги сметаат мелеците, кои се робови на Семилосниот, за жени. Зарем тие присуствувале при создавањето нивно? – Нивните тврдења ќе бидат запишани и тие ќе одговараат!

**20.** Тие велат: „А да сакаше Семилосниот, ние нив немаше да ги обожуваме". Тие за тоа ништо не знаат, тие само лажат.

**21.** Зарем Ние предходно им дадовме Книга, па се придржуваат кон неа?

**22.** Тие дури и велат: „Ние ги затекнавме предците наши како ја исповедаат верата и следејќи ги стапките нивни ние сме на Вистинскиот пат."

**23.** Исто така, пред тебе, Ние ниту во еден град не испративме Опоменувач, а тие коишто живееја со раскошен живот да не зборуваа: „Ги затекнавме предците наши како ја исповедаат верата и ние стапките нивни ги следиме."

**24.** „Зарем и тогаш" – ќе велеше тој – „кога јас ви носам подобра (вера) од таа којашто од предците ваши сте ја запамтиле?" А тие ќе одговараа: „Ние не

веруваме во тоа што е пратено по вас!“[236]

**25.** И Ние ги казнувавме, па види како завршија тие кои пратениците ги клеветеа за лага.

**26.** А кога Ибрахим му рече на таткото свој и на народот свој: „Јас се одрекувам од тие коишто вие ги обожувате,

**27.** јас Го обожувам само Тој што ме создаде, бидејќи Тој, навистина, на Вистинскиот пат ќе ме упати.“

**28.** Тој ги направи зборовите на тевхидот (монотеизмот) трајни за потомството свое, за да се враќаат (кон тие зборови).

**29.** А Јас дури и им допуштив на овие, а и на предците нивни, да уживаат сè додека не им дојде Вистината и очигледниот Пратеник.

**30.** А кога Вистината им дојде, рекоа: „Ова е магија, и ние во неа никако не веруваме!“

**31.** И уште рекоа: „Зошто не му е објавен овој Куран на некој угледен човек од овие два града?“

**32.** Зарем тие ја расподелуваат милоста на Господарот твој? Ние им даваме сè што им е потребно за животот на овој свет и Ние едните над другите ги издигнуваме за неколку степени, за едните да ги служат другите. – А милоста на Господарот твој е подобра од тоа што тие го натрупуваат.

**33.** А да немаше сите луѓе да станат неверници, Ние на тие што не веруваат во Семилосниот покривите на куќите од сребро ќе им ги направевме, а и скалите по кои се качуваат,

**34.** и вратите на куќите нивни и диваните на коишто се потпираат,

**35.** и украси од злато би им дале, бидејќи сето тоа е уживање во животот на овој свет, а оној свет кај Господарот твој ќе биде за тие што ќе ги извршуваат Неговите наредби, а ќе се чуваат од Неговите забрани.

**36.** Тој што ќе сврти грб на Опомената на Семилосниот, Ние шејтанот ќе му го натовариме, па тој неразделен другар ќе му стане;

---

[236] Кога Муса ги извел Евреите од египетското ропство во Светата земја и дошол до морето, Бог му наредил да удри со својот стап по морето. Тоа се раздвоило и Евреите поминале низ него. Штом преминале од другата страна на морето, Муса повторно сакал да удри со стапот по морето за да се состави, но тогаш, Бог му наредил да не удира за фараонот и неговата војска да влезат по патот низ кој поминале Евреите и тогаш морето да се состави и тие да бидат потопени.

**37.** тие луѓето од Вистинскиот пат ќе ги одвраќаат, а луѓето ќе мислат дека се на Вистинскиот пат.

**38.** И кога некој од нив ќе дојде пред Нас, ќе рече: „Камо среќа меѓу мене и тебе да имаше раздалеченост колку што има меѓу истокот и западот! Колку злобен другар си бил ти!“

**39.** Тој ден нема да ви е од корист што во маката заедно ќе бидете, кога правевте неправда.

**40.** Зар ти да направиш глувите да слушаат и да ги упатиш слепите и тие што се во јасна заблуда?!

**41.** Ако ти ја земевме душата, нив сигурно ќе ги казневме,

**42.** или, да сакавме да ти го покажеме тоа што им го ветивме – па Ние можеме нив со секаква казна да ги казниме.

**43.** Затоа држи се до тоа што ти се објавува, ти навистина си на Правиот пат.

**44.** Куранот навистина е чест и за тебе и за твојот народ; вие (за него) ќе одговарате.

**45.** Погледни во одредбите објавени на Пратениците Наши, кои пред тебе ги праќавме, дали наредивме, покрај Семилосниот, да се обожуваат други божества.

**46.** Уште одамна Ние го пративме Муса со доказите Наши кај фараонот и кај главатарите негови, и тој рече: „Јас сум, навистина, Пратеник од Господарот на световите!“

**47.** И бидејќи им ги донесе доказите Наши, тие, одеднаш, почнаа да ги исмејуваат.

**48.** И Ние доказите им ги покажувавме, сè еден поголем од друг! И со казна ги опфаќавме, за да се повратат (на Вистинскиот пат).

**49.** Тие велеа: „О, ти маѓепснику! Замоли Го Господарот свој, во наше име, врз основа на ветувањето што ти го дал, и ние сигурно по Вистинскиот пат ќе појдеме!“

**50.** А штом од неволјата ќе ги ослободевме, за миг ветувањето го прекршуваа.

**51.** И фараонот му се обрати на народот свој: „О, народе мој,“ – рече тој – „зарем не ми припаѓа мене царството во Египет и овие реки кои под мене течат – сфаќате ли?

**52.** И зарем јас не сум подобар од овој бедник кој едвај умее да говори?

**53.** Зошто не му се ставени белезици од злато или зошто заедно со него не дошле мелеци?“

**54.** И тој го заведе народот свој, па му се покорија; тие навистина беа грешен народ.

**55.** А кога го предизвикаа Нашиот гнев, Ние ги казнивме и сите ги потопивме,

**56.** и ги направивме пример и поука за подоцнежните народи.

**57.** А кога на народот твој како пример им беше наведен синот Мерјемин, тие одеднаш поради тоа кренаа врева

**58.** и рекоа: „Дали се подобри нашите кипови или тој?“ А ти го наведоа како пример само за да предизвикаат кавга, бидејќи тие се кавгаџиски народ.

**59.** Тој беше само роб кого Ние со пратеништво го почестивме и како пример за поука на синовите Израилови го направивме.

**60.** А да сакаме, Ние ќе направиме наместо вас, мелеците на Земјата да ве наследат;

**61.** навистина тој (Иса) е предзнак за Крајот на светот, затоа никако не се сомневајте во него и следете го упатството Мое! Ова е Правиот пат,

**62.** и шејтанот нека не ве одвраќа никако, та тој, навистина, ви е отворен непријател.

**63.** А кога Иса очигледни докази донесе, рече: „Ви носам мудрост и доаѓам да ви го објаснам тоа за што не се согласувате. Затоа, плашете се од Аллах и мене покорувајте ми се,

**64.** навистина Аллах е мој и ваш Господар, па Него обожувајте Го! Ова е Правиот пат!“

**65.** Но сектите од нивните редови помеѓу себе се подвоија. Па тешко им на насилниците од казната на Денот на болката!

**66.** Чекаат ли тие нешто друго освен тоа Крајот на светот да им дојде ненадејно, а тие да не ни осетат?

**67.** Тој Ден, тие коишто си беа пријатели, непријатели ќе станат, освен тие кои се плашеа од Аллах и кои се чуваа од гревовите:

**68.** „О, робови Мои, денес за вас стравот нема да постои, ниту пак ќе тагувате“;

**69.** тие што веруваа во ајетите Наши и коишто беа муслимани (послушни) – ќе им биде речено:

**70.** „Влезете во Џенетот, вие и сопружниците ваши, радосни!“

**71.** Тие ќе бидат служени од садови и чаши од злато. Во него ќе има сè што душите ќе посакаат и сè со што очите се наслaдуваат, и во него вечно ќе престојувате.

**72.** „Ете, тоа е Џенетот кој ви е подарен како награда за тоа што го правевте,

**73.** во него разновидни овошја ќе имате од кои ќе јадете.“

**74.** Навистина злосторниците вечно ќе останат во страданието џехенемско,

**75.** тоа нема да им се ублажи и никаква надеж за спас нема да имаат, тие во него очајни ќе бидат.

**76.** Не бевме Ние неправедни кон нив, тие самите на себеси неправда си нанесоа.

**77.** Тие ќе довикуваат: „О, (мелеку) Малик! Господарот твој нека пресуди да умреме!“ – а тој ќе рече: „Вие тука вечно ќе останете!“

**78.** Ние ви ја праќаме Вистината, но повеќето од вас ја презираат вистината.

**79.** Ако тие подготвуваат замки, и Ние замки ќе им поставиме.

**80.** Зарем тие мислат дека Ние не слушаме што разговараат насамо и како меѓусебно се договараат? Ние слушаме, а мелеците наши пратени, кои се со нив, запишуваат.

**81.** Кажи: „Кога Семилосниот би имал дете, јас и тогаш прв би Го обожувал!“

**82.** Нека е Славен и Возвишен Господарот на небесата и на Земјата, и Господарот на Аршот, од тоа како тие Го опишуваат!

**83.** Па ти остави ги нека кажуваат празни зборови и нека се забавуваат додека не го доживеат Денот кој им се заканува,

**84.** Тој е Бог и на небото и на Земјата. Тој е Мудриот и Сезнајниот!

**85.** И нека е возвишен Тој чијашто власт е на небесата и на Земјата, и помеѓу нив, единствено Тој знае кога ќе биде Крајот на светот и Нему сите ќе Му се вратите!

**86.** Тие на коишто тие, освен Нему, им се молат – нема да можат за други да се заземаат; ќе можат само тие кои ја признаваат Вистината, тие кои знаат.

**87.** А ако ги запрашаш кој ги создаде нив, сигурно ќе речат: „Аллах!“ Па тогаш каде се одметнуваат?!

**88.** А Пратеникот ги кажа зборовите свои: „Господару мој, ова навистина се луѓе кои не сакаат да веруваат!“

**89.** Ти сврти се од нив и кажи: „Останете во мир!“ – та тие наскоро ќе дознаат!

## 44. Поглавје
# Ед Духан
*Чад*
Мека – 59 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Се колнам во Книгата јасна,

**3.** Ние започнавме да ја објавуваме во Благословената ноќ, и Ние навистина опоменуваме;

**4.** во оваа ноќ се одлучува секоја совршено одредена работа,

**5.** по Наша заповед! Ние, навистина, испраќавме Пратеници

**6.** како милост од твојот Господар – Тој, навистина, сѐ слуша и сѐ знае –

**7.** Господарот на небесата и на Земјата, и на тоа што е помеѓу нив – ако цврсто сте уверени,

**8.** друг бог освен Него нема; Тој дава живот и смрт – Господарот ваш и Господарот на вашите дамнешни предци!

**9.** Но, тие се сомневаат и се забавуваат.

**10.** Затоа почекај го денот кога на небото видлив чад ќе се појави

**11.** кој луѓето ќе ги прекрие: „Ова е неиздржливо страдање!

**12.** Господару наш, отстрани го страдањето од нас, ние сигурно ќе веруваме!“

**13.** А како тие поуката ќе ја примат, а веќе им дојде Пратеникот јасен

**14.** од кого тие главите ги вртат и говорат: „Подучен – умно растроен!“

**15.** Доколку ние страдањето малку ви го намалиме, вие сигурно во неверството ќе се вратите;

**16.** но тој Ден кога со сета сила ќе ги зграпчиме, навистина ќе ги казниме.

**17.** А Ние и пред нив фараоновиот народ во искушение го ставивме, и им дојде благородниот Пратеник:

**18.** „Предајте ми ги мене Аллаховите робови! Јас навистина сум ви доверлив Пратеник,

**19.** и не воздигнувајте се над Аллах, јас ви носам очигледен доказ,

**20.** и јас Му се обраќам на својот и на вашиот Господар, да не ме каменувате,

**21.** а ако не ми верувате, тогаш оставете ме на мира!“

**22.** И тој го повика на помош Господарот свој: „Ова навистина е злосторнички народ!“

**23.** Изведи ги ноќе робовите Мои, по вас потера ќе тргне

**24.** и остави го морето нека мирува, тие се војска која навистина ќе биде потопена."

**25.** И колку градини и извори оставија,

**26.** и ниви засеани и живеалишта прекрасни,

**27.** и благодети во коишто уживаа!

**28.** Тоа така се случи, и Ние тоа на други во наследство им го оставивме,

**29.** ниту небото ниту Земјата не ги оплакуваше, и не беа поштедени.

**30.** А синовите Израилови од понижувачкото страдање ги спасивме,

**31.** од фараонот – тој навистина беше горделив, еден од тие коишто во злото секаква мерка премина –

**32.** и знаејќи какви се, меѓу современиците ги одбравме,

**33.** и некои докази полни со очигледно искушение им дадовме.

**34.** А овие, навистина, велат:

**35.** „Постои само нашата прва смрт, ние нема да бидеме оживеани;

**36.** предците наши донесете ни ги, ако е вистина тоа што го велите!"

**37.** Дали се подобри тие [237] или народот на Туба и оние пред него? – нив ги уништивме бидејќи беа злосторници.

**38.** Ние не ги создадовме небесата и Земјата и тоа што е меѓу нив поради забава (без цел).

**39.** Ние ги создадовме со вистинита цел, но повеќето од нив не знаат.

**40.** Навистина Денот суден на сите нив рок одреден ќе им биде,

**41.** Денот кога пријателот нема нималку од корист на пријателот да му биде, ниту ќе бидат помогнати,

**42.** освен тие на кои Аллах ќе им се смилува, бидејќи – Тој е, навистина, Силниот и Милостивиот.

**43.** А дрвото Зекум навистина е

**44.** храна за грешниците,

**45.** како растопена лава во стомакот ќе врие,

**46.** како што водата зовриена врие.

**47.** „Зграпчете го и среде огнот одвлечете го,

---

[237] Во сила и моќ.

**48.** а потоа, на главата полевајте му вода што врие!“

**49.** „Пробај, та ти си, навистина, „моќниот“ и „почитуваниот“[238],

**50.** ова е навистина тоа во што се сомневавте!“

**51.** А тие што се плашеа од Аллах, тие на сигурно место ќе бидат,

**52.** среде градини и извори,

**53.** во свила и кадифе облечени и едни кон други свртени.

**54.** Ете, така ќе биде и Ние со хурии со крупни очи ќе ги жениме.

**55.** Во нив ќе можат безбедни, кој вид на овошје и да сакаат, да бараат;

**56.** во нив, по првата смрт, смртта веќе нема да ја вкусат и Тој од страдањето во огнот ќе ги сочува,

**57.** тоа благодет од Господарот твој ќе биде; тоа навистина успех голем ќе биде!

**58.** А Куранот го направивме лесен, на твојот јазик, за тие да примат поука,

**59.** па затоа чекај, и тие ќе чекаат!

## 45. Поглавје
# Ел Џасије
*Тие што коленичат*
Мека – 37 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Објавувањето на Книгата е од Аллах, Силниот и Мудриот!

**3.** На небесата и на Земјата, навистина, постојат докази за тие што веруваат;

**4.** и создавањето ваше и на живите суштества кои ги распространи – се докази за луѓето кои се цврсто убедени;

5. и смената на ноќта и денот, и снабдувањето (дождот) кое Аллах од небото го спушта за со негова помош земјата, по мртвилото нејзино, да ја оживее и промената на ветровите – се докази за луѓето што сфаќаат.

**6.** Тоа се Аллаховите докази кои ти ги наведуваме како вистина, па во што, ако не во Аллаховите зборови и во Неговите докази, тие ќе веруваат?

**7.** Тешко му на секој лажливец, голем грешник!

[238] Иронично кажано.

**8.** Тој ги слуша Аллаховите зборови кога му се кажуваат, па потоа истрајува во неверувањето, вообразен како да не ги ни чул. Нему навести му страдање неиздржливо.

**9.** А кога ќе дознае за некои Наши зборови, тој им се потсмева. Таквите понижувачко страдање ги чека.

**10.** Пред нив е Џехенемот, и од никаква корист нема да им биде тоа што го стекнале, ниту тие што покрај Аллах за заштитници ги прифатија, нив ги чека голема казна.

**11.** Овој Куран е Упатство, а тие што не веруваат во доказите на Господарот свој ги чека неподносливо страдање.

**12.** Аллах е Тој што ви го потчини морето за бродовите, според одреднието Негово, по него да пловат, за да можете да ги барате благодатите Негови и за да бидете благодарни.

**13.** И ви го потчини тоа што е на небесата и на Земјата, сè е од Него. Тоа се, навистина, знаци за луѓето што размислуваат.

**14.** Кажи им на верниците да им простат на тие кои не се надеваат на Аллаховите благодати за да ги награди луѓето за тоа што го работеле.

**15.** Тој што чини добро – за себе го чини, а тој што прави зло – го прави против себе, а на крајот сите кај Господарот свој ќе се вратите.

**16.** На синовите Израилови Книга и власт и веровесништво им дадовме, и со убава храна ги снабдивме, и над сите народи ги одликувавме,

**17.** и јасни докази за верата им дадовме, а тие се подвоија токму тогаш кога дојдоа до сознанието, и тоа поради непријателство и меѓусебна завист. Господарот твој на Судниот ден сигурно ќе им пресуди за тоа за што не се согласуваа.

**18.** А потоа тебе ти одредивме во верата по правецот одреден да одиш, затоа следи го и не поведувај се по страстите на тие што не знаат,

**19.** бидејќи тие воопшто не можат да те одбранат од Аллаховата казна! Злосторниците едни со други се штитат, а Аллах ги штити тие што се плашат од Него и што се чуваат од гревови.

**20.** Овој Куран е јасен Патоказ за луѓето, и упатство и милост за тие што веруваат цврсто.

**21.** Дали тие што прават зли дела мислат дека со нив ќе постапиме исто како и со тие што веруваат и што прават добри дела, дека

во овој живот и по смртта ќе бидат исти? Колку лошо расудуваат!

**22.** А Аллах небесата и Земјата со Вистината ги создаде и поради тоа за секој човек да биде награден или казнет според тоа што го заработил, и на нив нема да им се направи неправда.

**23.** Што мислиш за тој што својата страст за свое божество ја зел, тој кого Аллах, иако тој бил свесен, го заблудил, и слухот негов и срцето негово ги запечатил, а пред очите негови перде му ставил? Кој, ако не Аллах, на Вистинскиот пат ќе го упати? Зошто не ја примате опомената?

**24.** Тие велат: „Постои само животот наш земски, живееме и умираме, единствено времето нѐ уништува.“ А тие за тоа ништо не знаат, тие само претставуваат.

**25.** А кога Нашите јасни зборови им се кажуваат, друг доказ немаат, освен што велат: „Предците наши вратете ги во живот, ако е вистина тоа што го зборувате.“

**26.** Кажи: „Аллах ви дава живот, потоа ќе стори да изумрете, а потоа на Судниот ден ќе ве собере, во тоа нема никаков сомнеж, но повеќето луѓе не знаат.“

**27.** Аллахова е власта на небесата и на Земјата! А на денот кога ќе настапи Часот на оживувањето, тој ден тие што ја следеле лагата ќе бидат изгубени.

**28.** И ќе ги видиш сите умети[239] како клечат на колена; секој умет ќе биде повикан според Книгата своја: „Денес ќе бидете наградени или казнети според тоа како сте постапувале!

**29.** Оваа Наша Книга само вистината ќе ја каже за вас, бидејќи наредивме да се запише сѐ што сте правеле.“

**30.** Тие што веруваа и што правеа добри дела, Господарот нивен во милоста своја ќе ги воведе. Тоа ќе биде очигледен успех.

---

[239] Кога на еден народ, племе или поширока област во одреден период би бил испратен Божји Пратеник со верозакон за нив, тогаш целото тоа население претставува негов умет, негов народ, негова заедница, без разлика на местоположбата, живеалиштето и националната или племенска припадност. Така, по доаѓањето на Мухамед како последен Божји Пратеник до Судниот ден, целото човештво од тој момент па до Крајот на светот му припаѓа на неговиот умет, а на Судниот ден ќе биде повикан неговиот умет/народ од кој ќе се издвојат тие што верувале во него и тие што не верувале во него.

**31.** А на тие што не веруваа: „Зарем ајетите Мои не ви се кажувани, а вие се вообразивте и станавте злосторнички народ?“

**32.** Кога ви се говореше: „Аллаховото ветување навистина е вистина! И во Часот на оживувањето нема ни малку сомнеж.“ – вие говоревте: „Ние не знаеме што е Часот на оживувањето, ние само замислуваме, ние не сме убедени“;

**33.** и ќе им се покажат нивните гнасни дела и од сите страни ќе ги опколи тоа на што се потсмеваа,

**34.** и ќе се рече: „Денес Ние вас ќе ве заборавиме како што вие заборавивте дека овој ваш Ден ќе го доживеете, огнот престојувалиште ќе ви биде и никој нема да може да ви помогне

**35.** затоа што на Аллаховите зборови се потсмевавте и затоа што животот на Земјата ве измами.“ Од тој Ден никој од Џехенемот нема да ги извлече, ниту од нив ќе се бара на Аллах да му угодат.

**36.** Па, на Аллах Му припаѓа сета благодарност, Господарот на небесата и Господарот на Земјата, Господарот на сите светови!

**37.** Нему Му припаѓа величественоста на небесата и на Земјата, Тој е Силниот и Мудриот!

## 46. Поглавје
# Ел Ахкаф
*Ахкаф*

Мека – 35 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ха-мим!

**2.** Објавувањето на Книгата е од Аллах, Силниот и Мудриот!

**3.** Ние небесата и Земјата и тоа што е меѓу нив со Вистината ги создадовме и до рокот одреден, но неверниците ги вртат главите од тоа со што се опоменуваат.

**4.** Кажи: „Што мислите за тие на коишто, покрај Аллах, им се молите? Покажете ми кој дел од Земјата го создале, и дали имаат некаков удел во небесата? Донесете ми ја Книгата објавена пред оваа или само некаков остаток од знаењето, ако вистината ја зборувате.“

**5.** Кој е во поголема заблуда од тие што, наместо на Аллах, им се клањаат на оние кои до Судниот ден нема да им се одѕвијат и кои се рамнодушни кон нивните молби.

**6.** Кога луѓето ќе бидат собрани, тие ќе им бидат непријатели и ќе негираат дека ги обожувале.

**7.** А кога овие Наши јасни ајети им се кажуваат, тогаш тие што не

веруваат зборуваат за Вистината штом ќе им дојде: „Ова е вистинска магија!“

**8.** Зарем тие да велат: „Тој го измислува!“? Кажи: „Па, ако го измислувам, вие немате ни малку моќ од Аллах да ме одбраните; Тој добро знае што зборувате за Куранот. Тој ни е доволен сведок и мене и вам; Тој простува и Милостив е.“

**9.** Кажи: „Јас не сум прв Пратеник и не знам што ќе биде со мене или со вас; јас го следам само тоа што ми се објавува и должен сум само отворено да опоменувам.“

**10.** Кажи: „Кажете ми што ќе биде со вас ако тој, Куранот, е од Аллах, а вие во него не сакате да верувате, и ако еден од синовите Израилови посведочи дека и тој е од Аллах, па и тој поверува, а вие се вообразите?“ Аллах навистина нема да му укаже на Вистинскиот пат на народот кој себеси неправда си чини.

**11.** И неверниците за верниците велат: „Да е некаква добрина, тие во неа нас не би нè претекнале.“ А зашто со помош на него вистинскиот пат не го најдоа, сигурно ќе речат: „Ова е дамнешна измислица.“

**12.** Книгата на Муса беше водич и милост пред него. А ова е Книга на арапски јазик која неа ја потврдува, за да ги опомене тие што прават лошо и за да ги израдува тие што прават добро.

**13.** Тие што велат: „Наш Господар е Аллах!“ – и ќе истраат на Вистинскиот пат, нека не се плашат од ништо и нека не тагуваат за ништо!

**14.** Тие жители ќе бидат на Џенетот и во него вечно ќе престојуваат, и тоа ќе им биде награда за тоа што го правеа.

**15.** Човекот го задолживме на родителите свои добро да им прави; мајката негова со мака го носи и со мака го раѓа! А неговото носење и доење е триесет месеци. Па кога ќе ја достигне зрелоста своја и кога ќе наполни четириесет години, тој ќе рече: „Господару мој, упати ме да Ти бидам благодарен на Твојата благодат, која што си ми ја подарил мене и на моите родители, и да правам добро со коешто си Ти задоволен, и направи ги добри потомците мои! Јас навистина пред Тебе се покајувам и јас сум муслиман, предан на Тебе.“

**16.** Ете, од таквите ќе ги примиме Ние добрите дела кои ги правеа, а преку лошите постапки нивни ќе поминеме; тие ќе бидат од жителите на Џенетот,

ќе го исполниме вистинитото ветување кое им е дадено.

**17.** А тој што на родителите свои ќе им каже: „Уф, од вас, што ми ветувате, зарем ми се закануvате дека ќе бидам оживеан кога пред мене толкави народи исчезнале!“ – а тие двајца довикувајќи го Аллах на помош, велат: „Тешко тебе, верувај! Аллаховото ветување, навистина, ќе се оствари!“ Тој одговара: „Тоа се измислици на древните народи!“

**18.** Тоа се тие над кои треба да се исполни Зборот кажан за древните народи: џините и луѓето кои пред нив беа и исчезнаа, тие, навистина, се губитници.

**19.** За сите ќе има посебни степени според тоа што го правеле; да ги награди или да ги казни за делата нивни – неправда нема да им се стори.

**20.** А на Денот тие што не веруваа пред Огнот ќе бидат изложени, ќе речат: „Вие во својот живот на Земјата сите свои наслади ги искористивте и во нив уживавте, а денес со срамно страдање ќе бидете казнети затоа што на Земјата, без никаква основа, вообразено се однесувавте и затоа што грешевте.“

**21.** И спомни го братот на Ад, кога народот свој во Ахкаф го опоменуваше – а имаше и пред него и по него опоменувачи: „Не обожувајте никого освен Аллах! Јас, навистина, стравувам дека ќе бидете во маки на Големиот ден!“

**22.** Тие одговараа: „Зарем ни дојде нам за од божествата наши да нѐ одвратиш. Нека се исполнат, ете, заканите твои, ако вистината ја зборуваш!“

**23.** „Само Аллах знае кога ќе биде тоа!“ – Рече тој – „јас ви го кажувам тоа што ми се објавува, а вие сте, гледам, народ кој се оддал во незнаење.“

**24.** И кога ја здогледаа (заканата) во вид на облак на хоризонтот, кој кон долините нивни се движеше, повикаа: „Овој облак ни носи дожд!“ – „Не, тоа е тоа што го избрзуваа: ветер кој болно страдање ви носи,

**25.** кој според одредението на Господарот свој сѐ руши.“ И наутро се видоа само празните живеалишта нивни; така Ние го казнуваме злосторничкиот народ.

**26.** Ним им дадовме можности кои вам не ви ги дадовме; и слух и вид и разум им дадовме, но ниту слухот нивен, ниту видот нивен, ни разумот нивен од никаква корист не им беа, бидејќи Аллаховите докази ги негираа – и од сите страни ги опкружи тоа на што се исмејуваа.

**27.** Некои градови околу вас уште одамна ги уништивме, а им ги објаснивме на разни начини доказите, со надеж да се покајат.

**28.** А зошто не им помогнаа тие кои, покрај Аллах, ги прифатија да им бидат посредници и богови? Но, нив ги немаше. Тоа беа само нивни клевети и лаги.

**29.** Кога ти пративме неколку џини да го слушаат Куранот, кога дојдоа да го чујат, рекоа: „Молчете и слушајте!“ А кога се заврши, се вратија кај народот свој да опоменуваат.

**30.** „О, народе наш“ – говореа тие – „ние ја слушавме Книгата која по Муса се објавува, која потврдува дека се вистинити и тие пред неа, и која кон Вистината и на Правиот пат упатува.

**31.** О, народе наш, одѕвијте му се на Аллаховиот гласник и верувајте во Аллах, Тој некои од вашите гревови ќе ви ги прости и од страдањето неиздржливо ќе ве заштити!“

**32.** А тие што нема да му се одѕијат на Аллаховиот гласник, таквите на Земјата нема да избегаат и освен Него заштитник нема да најдат. Тие се во јасна заблуда.

**33.** Зарем не знаат дека Аллах – Кој небесата и Земјата ги создаде и Кој не се измори создавајќи ги – е кадарен да ги оживее мртвите? Да, Тој може сѐ.

**34.** А на Денот кога тие што не веруваа пред огнот ќе бидат застанати: „Зарем ова не е вистина?“ – ќе одговорат: „Да, се колнеме во Господарот наш!“ – „Е па искусете ја казната“ – ќе рече Тој – „бидејќи постојано негиравте“.

**35.** Ти издржи како што издржаа одлучните Пратеници и не барај казната што побргу да им дојде! А оној Ден кога ќе го доживеат тоа што им се ветува, ќе им се пристори дека останале само еден час од денот! Ова е известување! А зарем некој друг ќе биде уништен, освен народот грешнички?

## 47. Поглавје
# Мухамед
*Мухамед*
Медина – 38 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Аллах ќе ги поништи делата на тие што не веруваат и од патот Негов што одвраќаат.

**2.** А на тие што веруваат и што прават добри дела и што веруваат во тоа што му се објавува на Мухамед – а тоа е Вистината од нивниот Господар – Тој преку нивните лоши постапки ќе мине и состојбите нивни ќе ги подобри,

**3.** затоа што неверниците ја следат невистината, а верниците ја следат Вистината од својот Господар. Така Аллах на луѓето им ги наведува нивните примери.

**4.** Кога со неверниците во борба ќе се сретнете, по вратовите удрете ги сѐ додека не ги ослабнете, и тогаш врзете ги, а потоа, или великодушно ослободете ги од заробеништво или барајте откупнина, сѐ додека не престане борбата. Така направете! Да сака Аллах, Тој сам ќе ги совлада, но Тој сака да ве искуша едните со помош на другите. Тој нема да ги поништи делата на тие што ќе загинат на Аллаховиот пат,

**5.** и Тој, сигурно, ќе ги упати и состојбите нивни ќе ги подобри,

**6.** и во Џенетот ќе ги воведе, со којшто веќе ги запознал.

**7.** О, верници, ако Го помогнете Аллах, и Тој вам ќе ви помогне и чекорите ваши ќе ги зацврсти.

**8.** А тие што не веруваат – пропаст за нив! Тој нема делата нивни да ги прифати,

**9.** затоа што не го сакаат тоа што Аллах го објавува, и Тој делата нивни ќе ги поништи.

**10.** Зошто тие не отидат по светот да видат каков беше крајот на оние пред нив? Нив Аллах ги истреби, а тоа ги чека и останатите неверници,

**11.** затоа што Аллах е заштитник на тие што веруваат и затоа што неверниците заштитник немаат.

**12.** Тие што веруваат и што прават добри дела Аллах ќе ги воведе во Џенетските градини низ кои реки течат, а тие што не веруваат – што се наслaдуваат и ждерат како што ждерат животните – нивно престојувалиште ќе биде Огнот!

**13.** А колку градови уништивме, многу помоќни од твојот град кој те протера, и немаше никој да им помогне.

**14.** Зарем тој што има јасна претстава за Господарот свој е како тој на којшто неговите лоши дела му се чинат убави и кој по страстите свои се поведува?

**15.** Примерот за Џенетот, кој им е ветен на тие што се плашат од Аллах е: во него се реките од вода проточна и реки од млеко со непроменлив вкус, и реки од вино, пријатно за тие што ќе пијат, и реки од процеден мед, и има разновидно овошје и прошка од Господарот нивен – зарем тоа е исто со страдањето кое ги чека тие што во Огнот вечно ќе престојуваат, кои со зовриена вода ќе се појат, која цревата ќе им ги кине!

**16.** Има такви што доаѓаат да те слушаат, а штом ќе се оддалечат од тебе, ги прашуваат тие на коишто им е дадено знаење: „Што рече тој пред малку?“ Тоа се тие чиишто срца Аллах ги запечатил и кои по страстите свои се водат.

**17.** А тие што се на Вистинскиот пат Тој Упатството ќе им го зголеми и ќе им ја зацврсти нивната богобојазливост.

**18.** Зарем тие чекаат Крајот на светот ненадејно да им дојде, а веќе дошле предзнаците негови? А што ќе им користи нивната опомена кога тој ќе им дојде?

**19.** Знај дека нема друг бог освен Аллах! Барај прошка за своите гревови и за верниците и за верничките! Аллах знае каде се движите и каде престојувате.

**20.** А тие што веруваат велат: „Зошто не се објави едно поглавје?“ А кога ќе се објави јасно поглавје и во него ќе се спомне борбата, ќе можеш да ги видиш тие во чиишто срца има болест како те гледаат со поглед како пред смрт онесвестен! А подобра би им била

**21.** послушноста и разумниот говор! А кога за борбата ќе биде одлучено, подобро ќе им биде да се искрени кон Аллах.

**22.** Можеби и вие, кога би се одметнале, неред на Земјата би правеле и роднинските врски би ги кинеле!

**23.** Тоа се тие коишто Аллах ги проколнал и глуви и слепи ги направил.

**24.** Како тие не размислат за Куранот, или на срцата имаат катанци?!

**25.** Навистина на тие што отпаднале од верата своја откако Упатството им беше јасно, шејтанот на грев ги наведуваше и лажна надеж им влеваше.

**26.** Тоа е затоа што им велеа на тие кои не го сакаат тоа што

Аллах го објавува: „Ние во некои работи ќе ви се покоруваме.“ – а Аллах добро ги знае нивните тајни.

**27.** А како ќе им биде дури кога мелеците душите ќе им ги земаат удирајќи ги по лицата и по грбовите нивни!

**28.** Така ќе биде затоа што го следеа тоа коешто го предизвикува Аллаховиот гнев, а тоа од коешто Тој е задоволен го презираа; Тој делата нивни ќе ги поништи.

**29.** Зарем тие со болни срца мислат дека Аллах нема да ги изнесе злобите нивни на виделина?

**30.** А да сакаме, Ние навистина би ти ги покажале, а ти по белезите нивни сигурно би ги познал. Но, ти ќе ги познаеш по начинот на нивниот говор, а Аллах ги знае постапките ваши.

**31.** Ние ќе ве проверуваме сѐ додека не укажеме на борците и постојаните меѓу вас, а и вестите за вас ги провеюуваме.

**32.** Тие што не веруваат и што одвраќаат од Аллаховиот пат, и што му се спротивставуваат на Пратеникот, откако им е пратено јасно Упатство, воопшто нема да му наштетат на Аллах и Тој делата нивни ќе им ги поништи.

**33.** О, верници, покорувајте Му се на Аллах и покорувајте Му се на Пратеникот, и не поништувајте ги делата свои!

**34.** На тие што не веруваат и од Аллаховиот пат што одвраќаат, па потоа како неверници умираат, Аллах навистина нема да им прости.

**35.** И не се истоштувајте и не нудете примирје кога сте посилни, бидејќи Аллах е со вас, Тој нема да ве лиши од наградата за делата ваши.

**36.** Животот на овој свет е само игра и забава! А ако верувате и ако гревовите ги избегнувате, Тој ќе ве награди и имотите ваши од вас нема да ги бара.

**37.** Кога би ги барал од вас и кога би бил упорен кон вас, би станале скржави, и тоа би ја покажало вашата злобност.

**38.** Вие, ете, се повикувате дека трошите на Аллаховиот пат, но некои од вас се скржави, а кој е скржав на своја штета е скржав, бидејќи Аллах е богат, а вие сте сиромашни. А ако главите ги свртите, Тој со друг народ ќе ве замени, кој тогаш нема да биде какви што сте вие.

## 48. Поглавје
# Ел Фетх
*Победа*
Медина – 29 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ние ќе ти дадеме да победиш со јасна победа

**2.** за Аллах да ти ги прости претходните и подоцнежните гревови, благодатта Своја кон тебе потполна да ја направи, на Правиот пат да те упати

**3.** и Аллах со моќна помош да ти помогне.

**4.** Тој влева смиреност во срцата на верниците за верувањето свое уште повеќе да го зголемат, а војските на небесата и на Земјата се Аллахови; Аллах сѐ знае и Мудар е –

**5.** за да ги воведе верниците и верничките во Џенетските градини низ кои реки течат, во кои вечно ќе престојуваат, и за да ги прекрие нивните лоши дела – а тоа кај Аллах е голем успех,

**6.** и за да ги казни лицемерите и лицемерките, и многубошците и многубошките, коишто за Аллах зло мислат – злото нека нив ги снајде! Аллах на нив се налути и ги проколна и им го подготви Џехенемот, а тој е грозно престојувалиште!

**7.** Аллахови се војските на небесата и на Земјата; Аллах е Силниот и Мудриот!

**8.** Ние те праќаме тебе како сведок и како носител на радосни вести и како опоменувач!

**9.** – во Аллах и во Пратеникот Негов да верувате, и верата Негова да ја помогнете, да Го почитувате, и наутро и навечер да Го славите и да Го величате.

**10.** Тие што тебе ти се заколнаа на верност – Му се заколнаа, навистина, на верност на самиот Аллах – Аллаховата рака е над рацете нивни! Тој што ќе ја прекрши заклетвата, на своја штета ја крши, а кој ќе го исполни тоа за што се обврзал кај Аллах, Тој ќе му даде голема награда.

**11.** Бедуините коишто изостанаа ќе ти зборуваат: „Нѐ задржаа стадата наши и семејствата наши, па замоли прошка за нас!“ Тие со јазиците свои го зборуваат тоа што не е во срцата нивни. Кажи: „Па кој може да ја промени Аллаховата одлука ако Тој сака да ви наштети, или ако сака некакво добро да ви направи?“ Напротив! Аллах добро го знае тоа што го правите.

**12.** Вие мислевте дека Пратеникот и верниците нема никогаш да се вратат кај своите семејства; вашите срца беа задоволни поради тоа и вие на најлошото помислувавте, вие сте расипан народ.

**13.** Тој што не верува во Аллах и во Пратеникот Негов – па, Ние за неверниците распламтен оган подготвивме!

**14.** Аллахова е власта на небесата и на Земјата, Тој простува кому сака, а казнува кого сака – Аллах многу простува и Милостив е.

**15.** Тие што изостанаа, кога ќе појдете пленот да го земете, сигурно ќе кажат: „Пуштете нè и нас да ве следиме!“ Тие сакаат да го изменат Аллаховиот говор. Кажи: „Вие нема да нè следите, тоа уште претходно Аллах го кажа!“, а тие ќе кажат: „Не е така, туку вие нам ни завидувате.“ А не е ни тоа, туку тие малку разбираат.

**16.** Кажи им на бедуините кои изостанаа: „Ќе бидете повикани против народ со жестока сила да се борите, или исламот ќе го примат. Па ако сте покорни, Аллах убава награда ќе ви даде, а ако одбегнете, како и досега што одбегнувавте, ќе ве казни со болна казна.“

**17.** Не е грешен ниту слепиот, ниту сакатиот, ниту болниот! Тој што Му се покорува на Аллах и на Пратеникот Негов, Тој во Џенетските градини низ кои реки течат ќе ги воведе, а тој што грбот ќе го сврти, со болна казна ќе го казни.

**18.** Аллах е задоволен со тие верници кои под дрвото ти се заколнаа на верност. Тој знаеше што е во срцата нивни, па спушти спокој врз нив, и ќе ги награди со блиска победа

**19.** и со богат плен што ќе го земат, а Аллах е Силниот и Мудриот.

**20.** Аллах ви ветува броен плен што ќе го земете, а со ова побрза и рацете на луѓето од вас ги задржа – за тоа да биде знак за верниците и за да ве упати на Правиот пат –

**21.** и другиот, што не бевте во состојба да го земете, – Аллах ви го даде, бидејќи Аллах може сè.[240]

**22.** А да ја почнеа неверниците борбата со вас, сигурно во бегство ќе се дадеа и потоа ни

---

[240] Се мисли на богатиот плен кој муслиманите го добиле по освојувањето на Мека од арапското племе Хевазин, кое ги нападнало муслиманите на местото Хунејн, осмата година по хиџра, кога по ослободувањето на Мека се враќале во Медина.

заштитник ни помошник немаше да најдат.

**23.** Според Аллаховиот закон кој важи отсекогаш, а ти нема да видиш дека Аллаховиот закон се менува.

**24.** Тој ги задржа рацете нивни од вас и вашите од нив среде Мека, и тоа откако ви пружи можност да ги победите, а Аллах добро го гледа тоа што го правите.

**25.** Тие се тие што не веруваат и ви забрануваат да пристапите во Светиот Храм, и курбаните кои ги водите со себе до местата свои да стигнат. И да немаше мажи верници и жени вернички, кои вие не ги познавате, па не знаејќи, да ги убиевте, и поради тоа срам да не би доживеале – Ние би ви ги препуштиле. А не ги препуштивме за Аллах во милоста Своја да го воведе тој што сака. А тие да беа одвоени, навистина со тешка казна ќе ги казневме тие меѓу нив што не веруваа.

**26.** Кога неверниците ги полнеа своите срца со жар, со паганска жар, Аллах ја спушти смиреноста Своја на Пратеникот Свој и на верниците, и ги обврза на Зборот на богобојазливоста – а тие и се најзаслужни и најдостојни за тоа – а Аллах знае сè.

**27.** Аллах ќе го оствари сонот на Пратеникот Свој дека сигурно ќе влезете безбедни во Светиот Храм – ако сака Аллах – некои со избричени глави а некои со потскратена коса, без страв. Тој го знаеше тоа што вие не го знаевте и затоа, пред тоа, неодамнешната победа ви ја даде.

**28.** Тој го прати Пратеникот Свој со Упатството и со Вистинската вера за да ја издигне над сите вери. А Аллах е доволен Сведок!

**29.** Мухамед е Аллахов Пратеник, а неговите следбеници се строги кон неверниците, а сомилосни меѓу себе; ги гледаш како чинат руку и сеџда сакајќи ја Аллаховата награда и задоволство – на лицата имаат знаци, траги од паѓањето со лицето на тло. Така се опишани во Тевратот. А во Инџилот – тие се како растение кое никулецот свој го исфрла, па потоа го зацврстува, а тој се исправа на своето стебло, предизвикувајќи воодушевување кај сејачот – за Тој со верниците да ги разгневи неверниците. А на тие што веруваат и што прават добри дела, Аллах им ветува прошка и награда голема.

## 49. Поглавје
# Ел Хуџурат
*Соби*
Медина – 18 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, верници, не истапувајте пред Аллах и пред Пратеникот Негов, и плашете се од Аллах! Аллах, навистина, сè слуша и сè знае.

**2.** О, верници, не кревајте го гласот свој над гласот на Веровесникот и не разговарајте гласно со него, како што разговарате гласно едни со други, да не бидат поништени делата ваши, а вие и да не забележите.

**3.** Навистина, на тие што ќе ги стишат гласовите свои пред Аллаховиот Пратеник – а тоа се тие чии срца Аллах ги искушал во богобојазливоста – им припаѓа прошка и голема награда.

**4.** Навистина, тие што те повикуваат зад собите – повеќето од нив не сфаќаат.[241]

**5.** А да се стрпеа додека ти самиот не излезеше, подобро ќе им беше, а Аллах простува и Милостив е.

**6.** О, верници, ако некој грешник ви донесе некаква вест, добро проверете ја, не знаејќи некому зло да не му направите, па, заради тоа што сте го сториле да се покаете.

**7.** И знајте дека меѓу вас е Аллаховиот Пратеник; кога тој би ве послушал во многу нешта, навистина би настрадале, но Аллах на некои од вас вистинското верување им го омили, и во срцата ваши како убаво ви го прикажа, а неверувањето и развратот и непослушноста ви ги направи замразени. Таквите се на Вистинскиот пат,

**8.** со добрината и благодатта Аллахова – а Аллах сè знае и мудар е.

**9.** Ако се судрат две групи верници, смирете ги; а ако едната од нив сепак ѝ стори насилство на другата, тогаш борете се против таа што сторила насилство сè додека не се врати кон Аллаховите прописи. Па ако се врати, тогаш непристрасно смирете ги и бидете праведни; Аллах, навистина, ги сака праведните.

---

[241] Многумина бедуини кога би доаѓале во Медина и би го довикувале Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, толку гласно, што секој кој би бил во близина можел да ги чуе. Не знаеле да му го укажат заслуженото почитување на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него. Затоа во овој ајет се прекоруваат.

**10.** Верниците се само браќа, затоа смирете ги вашите двајца браќа и плашете се од Аллах за да ви се укаже милоста.

**11.** О, верници, мажите едни на други нека не им се потсмеваат, можеби едните се подобри од нив, а ниту жените на други жени, можеби тие се подобри од нив. И не прекорувајте се едни со други и не нарекувајте се едни со други со грди прекари! О, колку е грдо грешничкото име по верувањето! А тие што нема да се покајат – самите на себеси неправда си чинат.

**12.** О, верници, чувајте се од многу сомнежи, некои сомнежи се навистина грев. И не шпионирајте се едни со други и не озборувајте се едни со други! Зарем на некого од вас му е мило да го јаде месото на својот мртов брат? – а вам тоа ви е одвратно – затоа плашете се од Аллах, Аллах, навистина, го прима покајанието и Милостив е.

**13.** О, луѓе, Ние од еден маж и од една жена ве создадовме и на народи и племиња ве поделивме за да се запознавате. Најугледен кај Аллах е тој што најмногу се плаши од Него; Аллах, навистина, сè знае и ништо не Му е скриено.

**14.** Некои бедуини велат: „Ние веруваме!“ Кажи: „Вие не верувате. Туку кажете: ‚Го примивме исламот!‘ – а иманот уште не е влезен во вашите срца. А ако Му бидете покорни на Аллах и на Неговиот Пратеник, Тој ни малку нема да ви ја намали наградата за вашите дела.“ – Аллах, навистина, простува и Милостив е.

**15.** Вистински верници се само тие што веруваат во Аллах и во Пратеникот Негов и потоа веќе не се сомневаат, и се борат на Аллаховиот пат со имотите свои и со животите свои. Тие се искрените!

**16.** Кажи: „Зарем вие да Го запознавате Аллах за верувањето свое, кога Аллах знае сè што е на небесите и на Земјата! Аллах сè знае.“

**17.** Тие ти префрлаат што примиле ислам. Кажи: „Не префрлајте ми што го примивте исламот; напротив, Аллах вам ви подари милост со тоа што во вистинската вера ве упати, ако искрено говорите.“

**18.** Аллах сигурно ги знае тајните на небесите и на Земјата и Аллах добро го гледа тоа што го правите.

## 50. Поглавје
# Каф
*Каф*
Медина – 45 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Каф! Се колнам во славниот Куран,

**2.** тие се чудат што им дошол еден од нив да ги опоменува, па, неверниците велат: „Тоа е чудно нешто!

**3.** Зарем кога ќе изумреме и земја ќе станеме? Тоа е незамисливо враќање!“

**4.** Ние знаеме што од нив земјата ќе уништи, кај нас е Книгата која сè чува.

**5.** Меѓутоа, тие ја негираат Вистината која им доаѓа и тие се колебливи во збунета состојба.

**6.** Зошто не го погледнат небото над себе? – како го создадовме и го украсивме и како во него нема пукнатини!

**7.** А Земјата ја распостеливме и по неа неподвижни брда расфрлавме и дадовме од неа прекрасни разновидни растенија да никнуваат,

**8.** за да размисли и за да се опомене секој роб кој на Господарот свој Му се обраќа.

**9.** Ние од небото спуштаме благословена вода и со нејзина помош правиме да никнуваат градини и жито што се жнее,

**10.** и високи палми во кои плодовите се натрупани едни над други,

**11.** како храна за робовите и Ние со неа ги оживуваме мртвите предели; такво ќе биде и оживувањето.

**12.** Пред нив негираше народот на Нух, и жителите на Рес и Семуд,

**13.** и Ад, и народот фараонов, и народот на Лут,

**14.** и жителите на Ејка и народот на Туба; сите тие пратениците за лажни ги сметаа и казната Моја ја заслужија.

**15.** Па зарем при првото создавање станавме немоќни? Не, но тие во повторното создавање се сомневаат.

**16.** Ние го создаваме човекот и знаеме душата негова што му шепоти, бидејќи Ние сме му поблиски од вратната вена.

**17.** Кога двајца ќе се сретнат и ќе седнат едниот од десната, а другиот од левата страна,

**18.** тој нема да изусти ни еден збор, а покрај него да не е присутен тој што бдее.

**19.** Смртните маки навистина ќе дојдат – тоа е нешто од што не можеш да избегаш,

**20.** и во рогот ќе се дувне – тоа е Денот ветен со кој се заканува –

**21.** и секој ќе дојде, а со него водич и сведок.

**22.** „Ти не внимаваше за ова, па ти го тргнавме пердето твое, денес видот ти е остар."

**23.** А придружникот[242] негов ќе каже: „Ова што е кај мене, подготвено е."

**24.** „Фрлете го, вие двајца, во Џехенемот секој неблагодарен, инаетчија,

**25.** кој не дозволуваше да се чинат добри дела и кој беше насилник и сомничавец,

**26.** кој покрај Аллах во друг бог веруваше – затоа фрлете го во жестоко страдање!"

**27.** А вториот прудрижник негов ќе каже: „Господару наш, јас не го заведов со сила, самиот беше во голема осиленост."

**28.** „Не препирајте се пред Мене!" – ќе рече Тој – „уште одамна ви се заканив.

**29.** Мојот Збор не се менува и Јас кон робовите Мои не сум неправеден."

**30.** На Денот кога ќе го прашаме Џехенемот: „Дали се наполни?" – тој ќе одговори: „Има ли уште?"

**31.** А Џенетот ќе биде приближен кон богобојазливите, ниту од еден нема далеку да биде.

**32.** „Ова е тоа што ви е ветено, на секој што се каеше и што се чуваше,

**33.** кој од Семилосниот се плашеше, иако не Го видел, и кој ќе дојде со верно, посветено срце.

**34.** Влезете во него, со селам, спасени. Ова е Денот на вечноста!"

**35.** Во него ќе имаат сè што ќе посакаат, а кај Нас има и повеќе.

**36.** А колку народи пред овие уништивме, коишто беа помоќни од нив, па по светот засолниште бараа – од пропаста има ли спас?!

**37.** Во тоа, навистина, има поука за тој што има разум, или што слуша, а присебен е.

**38.** Ние ги создадовме небесата и Земјата и тоа што е меѓу нив за шест временски периоди, и не Нè совлада никаков замор.

---

[242] Секој човек има два придружника. Првиот е мелек, кој го повикува да прави добри дела, а вториот е џин-шејтан, кој го повикува да прави лоши дела.

**39.** Затоа трпливо поднесувај го тоа што тие го велат и величај Го Господарот свој и заблагодарувај Му се пред Сонцето да излезе и пред да зајде,

**40.** и слави Го и величај Го ноќе и по извршувањето на намазот.

**41.** И слушај! Денот кога гласникот ќе повика од место блиско,

**42.** Денот кога тие навистина ќе чујат глас – тоа ќе биде Денот на оживувањето.

**43.** Ние навистина даваме живот и даваме смрт, и кај Нас сè ќе се врати!

**44.** А на Денот кога над нив земјата ќе распука тие итајќи ќе излезат; тоа ќе биде за Нас лесно оживување.

**45.** Ние добро знаеме што зборуваат тие; ти не можеш да ги присилиш, туку со Куранот потсети го тој што се плаши од Мојата закана!

## 51. Поглавје
# Ез Заријат
*Ветришта*

Мека – 60 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во тие ветрови што креваат прашина,

**2.** и тие што носат товар,

**3.** и во тие што лесно пловат,

**4.** и во тие што наредбите ги спроведуваат –

**5.** Вистина е тоа што ви се ветува.

**6.** Наградата и казната сигурно ќе бидат!

**7.** Се колнам во небото со складна убавина,

**8.** вие нееднакво зборувате.

**9.** Од Него се одвраќа тој за којшто се знаело дека ќе се одврати.

**10.** Проклети нека бидат лажливците

**11.** кои потонаа во неверување, рамнодушни!

**12.** Тие прашуваат: „Кога е Судниот ден?“

**13.** Тој Ден кога во огнот ќе се пржат!

**14.** „Искусете ја казната своја – тоа е она што го избрзувавте!“

**15.** Тие кои од Аллах се плашеа – во џенетските градини, меѓу изворите ќе живеат.

**16.** Ќе го примаат тоа што Господарот нивен ќе им го дарува, бидејќи тие, пред тоа, правеле добри дела,

**17.** ноќе само малку спиеја,

**18.** и во мугрите прошка за гревовите молеа,

**19.** а во имотите нивни имаше дел и за тој што проси и за тој што е лишен[243].

**20.** На Земјата има докази за тие што цврсто веруваат,

**21.** а и во вас самите – зарем не гледате?

**22.** А на небото е снабдувањето ваше и тоа што ви се ветува,

**23.** и се колнам во Господарот на небото и Земјата дека тоа е вистина, како што е вистина тоа дека зборувате!

**24.** Дали до тебе допре веста за почестените гости на Ибрахим?

**25.** Кога му дојдоа и му рекоа: „Мир со вас!“, и тој рече: „Мир со вас, луѓе непознати!“

**26.** И тој незабележливо отиде кај домашните свои и донесе испечено теле.

**27.** И им го приближи: „Зарем не сакате да јадете?“ – запраша,

**28.** чувствувајќи во душата страв од нив. „Не плаши се!“ – рекоа, и го израдуваа со момче кое ќе биде учено.

**29.** И се појави жената негова викајќи и по лицето удирајќи се: „Зарем јас стара, неротка?!“

**30.** „Така одреди Господарот твој“ – рекоа тие – „Тој е Мудар и Сезнаен.“

**31.** „А што имате да кажете, о, гласници?“ – праша Ибрахим.

**32.** „Пратени сме кај злосторничкиот народ“ – рекоа –

**33.** „да истуриме врз нив грутки од глина,

**34.** обележано кај Господарот твој за тие што во развратот секоја мерка ја преминале.“

**35.** И Ние од него ги изведовме верниците,

**36.** а во него само една муслиманска куќа најдовме,

**37.** и во него оставивме знак за сите што од страдањето неиздржливо се плашат.

**38.** И во Мусаовото случување има поука. Кога кај фараонот со очигледен доказ го пративме,

[243] Лишен од Аллаховото давање.

**39.** а тој, потпирајќи се на моќта своја, ја сврте главата и рече: „Маѓепсник е или е луд!“

**40.** И Ние и него и војската негова ги фативме, па во море ги фрливме, бидејќи осудата ја заслужи.

**41.** И во Адовото случување има поука, кога на нив пративме ветер во кој немаше никакво добро;

**42.** Покрај што и да поминеше, ништо не поштеди, сѐ во гнилеж претвори.

**43.** И во Семудовото случување има поука, кога им беше кажано: „Уживајте уште извесно време!“

**44.** И тие беа глуви на наредбата на Господарот свој, па ги уништи страшен глас, а тие само гледаа,

**45.** и не можеа ниту да станат, ниту од казната да се одбранат.

**46.** И претходно го уништивме Нуховиот народ; тоа навистина беше развратен народ!

**47.** Ние небото со моќта Своја го создадовме, и Ние навистина го прошируваме.

**48.** и Земјата ја раширивме – толку Сме прекрасни Ние што ја раширивме!

**49.** И од сѐ по пар создаваме за да земете поука!

**50.** „Затоа побрзајте кон Аллах, јас сум ви од Него опоменувач јасен!

**51.** И не прифаќајте друг бог покрај Аллах, јас сум ви од Него опоменувач јасен!“

**52.** А така беше, ниту на тие пред овие не им дојде ниту еден Пратеник, а да не觉 речеа: „Маѓепсник е!“ или „Луд е!“

**53.** Зарем тоа во аманет го оставале едни на други? Не, туку тие се луѓе кои во злото секоја мерка ја преминале.

**54.** Ти сврти се од нив, нема прекорен да бидеш!

**55.** Опоменувај! Опомената на верниците навистина ќе им користи.

**56.** Џините и луѓето ги создадов само за да Ме обожуваат.

**57.** Јас не барам снабдување од нив, ниту сакам да Ме хранат,

**58.** Снабдувач е само Аллах, Моќниот и Силниот!

**59.** А злосторниците ќе ги стигне слична казна како што ги стигна тие што беа како нив, и нека не Ме избрзуваат,

**60.** бидејќи, тешко на неверниците од Денот кој им се заканува!

## 52. Поглавје
# Ет Тур
*Гора*
Мека – 49 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во (планината) Тур,

**2.** и во Книгата во редови напишана,

**3.** на кожа развиена;

**4.** и во Храмот со поклоници полн,

**5.** и во сводот издигнат,

**6.** и во морето со оган наполнето, –

**7.** казната на Господарот твој сигурно ќе се случи.

**8.** Никој нема да може да ја отстрани

**9.** на Денот кога небото силно ќе се разбранува,

**10.** а планините од местото ќе се помрднат!

**11.** Тешко им на тој Ден на тие што негираа,

**12.** кои во лаги се впуштаа, забавувајќе се!

**13.** На Денот кога во џехенемскиот оган грубо ќе бидат турнати:

**14.** „Ова е огнот кој го негиравте,

**15.** па, магија ли е ова, или вие не гледате?

**16.** Пржете се во него, исто ви е – да трпите или да не трпите – тоа ви е казна за тоа што го правевте.“

**17.** А богобојазливите навистина ќе бидат во џенетските градини и во благодатите,

**18.** и ќе уживаат во тоа што Господарот нивен им го дал – нив Господарот нивен од страдањето во огнот ќе ги сочува.

**19.** „Јадете и пијте и нека ви е пријатно, тоа е за тоа што го правевте!“

**20.** Ќе бидат потпрени на наредените дивани, а ќе ги венчаме со крупнооки хурии.

**21.** Тие што веруваа и по кои децата нивни во верувањето се поведоа, ќе им ги приклучиме и децата нивни, а делата нивни нема ниту малку да ги намалиме – секој човек е одговорен за тоа што сам го направил.

**22.** И уште ќе ги даруваме и со овошје и со месо какво ќе сакаат,

**23.** едни на други, во него, полни чаши ќе додаваат – поради нив нема да има празни муабети и побуди кон грев,

**24.** а ќе ги служи нивна послуга налик на скриен бисер,

**25.** и ќе се обраќаат едни кон други и едни со други ќе се прашуваат:

**26.** „Порано меѓу своите семејства стравувавме“ – ќе речат –

**27.** „па Аллах милост ни дари и од страдањето во огнот нè сочува.

**28.** Ние во довите Го молевме, Тој навистина е Доброчинител и Милостив.“

**29.** Затоа ти опоменувај, бидејќи ти, со милоста на Господарот свој, не си ни пророк ни луд.

**30.** Зарем тие да велат: „Тој е поет, ќе почекаме да го тргнат случувањата на времето.“

**31.** „Па чекајте“ – кажи ти – „и јас заедно со вас ќе чекам!“

**32.** Дали ова умовите нивни им го наредуваат или тие се тврдоглав народ?

**33.** Зарем тие да велат: „Го измислува!“ – Не, туку тие не сакаат да веруваат.

**34.** Затоа нека состават тие говор сличен на Куранот, ако ја зборуваат вистината!

**35.** Дали тие без Создател се создадени или тие самите себеси се создадоа?!

**36.** Дали тие небесата и Земјата ги создадоа?! Не, туку тие не се убедени!

**37.** Дали се кај нив ризниците на Господарот твој, или дали тие владеат?

**38.** Зар тие имаат скали, па на нив прислушкуваат? Тој, меѓу нив, кој тврди дека нешто слушнал нека донесе јасен доказ.

**39.** Зарем за Него да се ќерките, а за вас да се синовите?!

**40.** Дали ти бараш надоместок од нив, па се оптоварени со долг?

**41.** Или, кај нив да не е знаењето за гајбот, па тие препишуваат?!

**42.** Зарем тие сакаат замки?! Па во замка ќе се фатат токму тие што не веруваат!

**43.** Зарем тие друг бог освен Аллах да имаат? Возвишен и Чист е Аллах од тоа што тие рамен Му припишуваат!

**44.** И кога би виделе дека парче небо паѓа, би рекле: „Натрупани облаци!“

**45.** Затоа пушти ги додека не се соочат со Денот во кој ќе изумрат,

**46.** со Денот кога стапиците нивни нема ни малку да им користат и кога никој нема да им помогне.

**47.** А за сите насилници ќе има и друга казна пред оваа, но повеќето од нив не знаат.

**48.** А ти трпеливо чекај ја пресудата од Господарот свој, зашто ти си пред Нашите очи; и величај Го и заблагодарувај Му на Господарот свој кога стануваш,

**49.** и ноќе величај Го и кога ѕвездите се губат.

## 53. Поглавје
# Ен Неџм
*Ѕвезда*
Мека – 62 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во ѕвездата кога заоѓа,

**2.** вашиот другар од Вистинскиот пат не скршна и не заталка!

**3.** Тој не зборува по своја волја.

**4.** Тоа е само Објавата која што му се доставува.

**5.** Го учи еден[244] со огромна моќ;

**6.** силен, кој се појави во ликот свој,

**7.** на највисокиот хоризонт,

**8.** потоа се приближи и се наведна,

**9.** блиску за два лака, или поблиску –

**10.** и го објави на Неговиот роб тоа што му го објави.

**11.** Срцето не го негираше тоа што го виде,

**12.** па зошто се расправате со него за тоа што го видел?

**13.** Тој и по вторпат го виде,

**14.** кај Сидретул Мунтеха[245],

---

[244] Мелек.

[245] Крајно Лотусово дрво кое симболизира најкрајна граница до каде човекот може да допре со знаење и тело.

**15.** каде што е џенетското престојувалиште.

**16.** Кога Сидр го прекриваше тоа што го прекриваше –

**17.** погледот не му скршна, ниту пречекори,

**18.** ги виде највеличествените знаменитости на својот Господар.

**19.** Што велите за Лат и Узат[246]

**20.** и за Менат, третата најмалку ценета?

**21.** Зарем за вас се синовите, а за Него ќерките?!

**22.** Тоа тогаш би била неправедна поделба.

**23.** Тоа се само имиња кои вие и предците ваши им ги дадовте, Аллах за нив никаков доказ не пратил; тие се поведуваат само по претпоставки и по тоа по што душите им копнеат, а од Господарот нивен веќе им дојде Упатство.

**24.** И зарем човекот да добие сè што ќе посака?

**25.** Па на Аллах Му припаѓаат и овој и оној свет!

**26.** А колку мелеци има на небесите чиешто посредување никому нема да му биде од корист, сè додека Аллах тоа не го дозволи на оној кому Тој сака и во корист на оној од кого е задоволен.

**27.** Тие што не веруваат во оној свет ги нарекуваат мелеците со женски имиња,

**28.** а за тоа ништо не знаат, само претпоставки следат, а претпоставката на вистината нималку не ѝ користи.

**29.** Затоа ти остави го тој што го одбегнува Куранот и кој само животот на овој свет го сака.

**30.** Тоа е врвот на нивното знаење – Господарот твој добро ги знае тие што скршнаа од Неговиот пат и Тој добро ги знае тие што се на Вистинскиот пат.

**31.** Аллахово е сè што е на небесата и на Земјата – за, според тоа што го правеле, да ги казни тие што прават зло, а со најубава награда да ги награди тие што прават добро,

**32.** тие што ги избегнуваат големите гревови и развратот, а на послушните Тој ќе им прости

---

[246] Лат, Узат и Менат се трите најпознати божества кај предисламските Арапи. Лат било божеството на жителите од градот Таиф, Узат било божеството на големото племе Гатафан, а Менат на племето Хузејл и Хуза. Сите овие божества се од женски род, затоа што Арапите, меѓу другото, верувале дека овие божества се мелеци – Божји ќерки.

бидејќи Господарот твој, навистина, многу простува, – Тој добро знае сè за вас, откога ве создаде од земја и откога бевте ембриони во утробите на мајките ваши; затоа не фалете се со безгрешноста своја – Тој добро го знае тој што се чува од гревови.

**33.** Кажи Ми ти Мене за тој што ја одбегнува вистината

**34.** и малку дава па потоа сосема престанува да дава,

**35.** зарем тој го има знаењето за гајбот, па гледа?

**36.** Зарем тој не е известен за тоа што се наоѓа во листовите на Муса

**37.** и на Ибрахим – кој потполно ги исполнуваше обврските –

**38.** дека ниту еден грешник туѓите гревови нема да ги носи,

**39.** и дека на човекот му припаѓа само тоа што тој сам ќе го стори,

**40.** и дека трудот негов сигурно ќе се види,

**41.** и дека според него во потполност награден или казнет ќе биде,

**42.** и дека кај Господарот твој повторно ќе се врати,

**43.** и дека Тој на смеење и на плачење наведува,

**44.** и дека Тој усмртува и оживува,

**45.** и дека Тој создава пар, машко и женско,

**46.** од капка семе кога се исфрла;

**47.** и дека Тој повторно ќе ги оживее,

**48.** и дека Тој дава богатство и моќ да стекнуваат,

**49.** и дека е Тој Господарот на Сириус,[247]

**50.** и дека Тој древниот народ Ад го уништи,

**51.** и Семуд, и дека никого не поштеди,

**52.** и народот на Нух, претходно, кој беше свиреп и осилен;

**53.** и урнатите населби Тој ги преврте,

**54.** и ги снајде тоа што ги снајде,

**55.** па, во која благодат од Господарот твој сè уште се сомневаш?

**56.** Ова е опомена како и претходните опомени:

**57.** Крајот на светот се приближува,

**58.** освен Аллах никој не може да го открие, ниту да го отстрани!

---

[247] Сириус, ѕвезда, која арапското племе Хуза ја сметало за Бог.

**59.** Па зарем за овој говор сте зачудени,

**60.** и се смеете, а не плачете,

**61.** со гордо кренати глави?

**62.** Подобро поклонете се на сеџда пред Аллах и Него обожувајте Го!

54. Поглавје

## Ел Камер

*Месечина*

Мека – 55 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се ближи Часот и Месечината се преполови!

**2.** А тие, секогаш кога ќе видат чудо, се вртат и велат: „Непрекината магија!"

**3.** Тие не веруваат и се поведуваат по своите желби, а сѐ е веќе одредено.

**4.** И им дојдоа вести кои треба да ги одвратат –

**5.** совршена мудрост – но, опомените не користат,

**6.** Затоа сврти се од нив! На Денот кога гласникот ќе ги повика на нешто ужасно

**7.** тие со спуштени погледи од гробовите ќе излегуваат, како расеани скакулци,

**8.** брзајќи кон гласникот, неверниците ќе велат: „Ова е тежок ден!"

**9.** Нуховиот народ не веруваше пред нив и робот Наш за лага го клеветеа, велејќи: „Лудак!" – и Нух беше одбиен.

**10.** И Тој Господарот свој Го замоли: „Јас сум победен, па Ти помогни ми!“

**11.** И Ние портите небески ги отворивме за водата која непрекинато лиеше,

**12.** и сторивме од земјата изворите да провиреат, и водите се составија како што беше одредено,

**13.** а него го носевме на тој брод од даски и шајки изграден

**14.** којшто пловеше пред Нашите очи, – тоа беше награда за тој што го отфрлија.

**15.** И Ние тоа го оставивме како поука – па има ли некој да прими поука?

**16.** И какви беа казната Моја и опомените Мои?!

**17.** И Ние Куранот го направивме лесен за поука – па има ли некој да прими поука?

**18.** Не веруваше ни Ад, какви беа казната Моја и опомените Мои?!

**19.** Еден кобен ден над нив пративме леден ветар кој непрекинато дуваше

**20.** и луѓето ги креваше, како да се искорнати палмини стебла,

**21.** и какви беа казната Моја и опомените Мои?!

**22.** А Ние Куранот го направивме достапен за учење наизуст и поука, па има ли некој да прими поука?

**23.** И Семуд во опомените не веруваше.

**24.** „Зарем да следиме некого од нас?!“ – говореа. „Тогаш, навистина, би биле во заблуда и на мака.

**25.** Зарем токму нему, од сите нас, да му биде пратена Објавата? Не, тој е вообразен лажливец!“

**26.** Тие утре ќе дознаат кој е вообразен лажливец!

**27.** Ние ќе пратиме камила за да ги искушаме, па почекај ги и биди трпелив.

**28.** И предупреди ги дека водата ќе ја делат и тие и таа, на секој оброк ќе му пристапи тој што е на ред!

**29.** Но тие повикаа еден од нив, па тој се осмели и ја закла –

**30.** и какви беа казната Моја и опомените Мои?!

**31.** Ние на нив им пративме еден единствен крик, па тие станаа како здробени суви лисја, кои ги собира тој што има плевна.

**32.** А Ние го направивме Куранот достапен за учење наизуст и поука, па има ли некој да прими поука?

**33.** И Лутовиот народ во опомените не веруваше.

**34.** На нив им пративме ветер полн со песок – освен на Лутовото семејство, нив во мугрите ги спасивме,

**35.** од милоста Наша. Ете, Ние така ги наградуваме тие што заблагодаруваат.

**36.** А тој им се закануваше со силата Наша, но тие во заканите се сомневаа.

**37.** Тие од него гостите негови ги бараа, па Ние ги ослепевме: „Искусете ја казната Моја и заканите Мои!“

**38.** А рано наутро ги стигна казната постојана.

**39.** „Искусете ја казната Моја и заканите Мои!“

**40.** А Ние Куранот го направивме достапен за учење наизуст и поука, па има ли некој да прими поука?

**41.** И на фараоновите луѓе опомените им доаѓаа,

**42.** но тие ги негираа сите Наши знаци, па Ние ги казнивме така како што казнува Силниот и Моќниот.

**43.** Дали неверниците ваши се подобри од нив, или вие во книгите небески имате некаква гаранција?

**44.** Зарем тие да велат: „Ние сме непобедлива група!“

**45.** Групата сигурно поразена ќе биде, а тие ќе се дадат во бегство!

**46.** Меѓутоа, Крајот на светот им е закажан, а Крајот на светот е поужасен и погорчлив.

**47.** Злосторниците сигурно во заблуда и на мака беа, и ќе бидат

**48.** на Денот кога во Огнот ќе бидат одвлечени, со лицата надолу свртени: „Искусете го допирот на Огнот!“

**49.** Ние навистина сè со мерка создаваме,

**50.** и наредбата Наша е само еден збор – сè се случува за миг.

**51.** А Ние веќе ги уништивме сличните на вас, па има ли некој да прими поука?!

**52.** И сè што направија во книгата е,

**53.** сè, мало и големо, во редови е ставено.

**54.** Тие што се плашеа од Аллах ќе бидат во џенетските градини и покрај реките

**55.** на местото на Вистината, кај Семоќниот Владетел.

## 55. Поглавје
# Ер Рахман
*Семилосниот*
Медина – 78 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Семилосниот,

**2.** подучува со Куран,

**3.** го создава човекот,

**4.** го учи да изговара.

**5.** Сонцето и Месечината по утврдени патеки пловат,

**6.** и ѕвездите и дрвјата се покоруваат,

**7.** а небото го крена. И постави Мерка – правда,

**8.** за да не ги преминувате границите на правдата,

**9.** и правилно мерете и на кантарот не кратете!

**10.** А Земјата за созданијата ја рашири,

**11.** на неа има овошја и палми со плод во чашки,

**12.** и жито со плевел и листови на стеблата,

**13.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**14.** Тој, човекот од исушена глина, како што е грнчаријата, го создаде

**15.** а џините од пламен оган –

**16.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?! –

**17.** Господарот на двата истоци и двата запади –

**18.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**19.** Пушти две мориња да се допираат,

**20.** меѓу нив има преграда и тие не се мешаат –

**21.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**22.** Од нив се вади бисер и мерџан –

**23.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**24.** Негови се и бродовите кои како ридови високо по морето се издигнуваат –

**25.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**26.** Сè што е на неа (Земјата) минливо е,

**27.** останува само Лицето на Господарот твој, Величествено и Благородно –

**28.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**29.** Нему Му се молат тие што се на небесата и на Земјата; секој миг Тој се занимава со нешто –

**30.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**31.** Ќе се позанимаваме со вас, о луѓе и џини –

**32.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**33.** О, групи од џини и луѓе, ако можете низ слоевите на небесите и на Земјата да продрете, продрете, ќе можете да продрете само со голема моќ! –

**34.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**35.** Врз вас огнен пламен и густ чад ќе ви се испрати, и вие нема да можете да се одбраните –

**36.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**37.** А кога небото ќе се раздвои и како растопено масло румено ќе стане –

**38.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**39.** Тој Ден луѓето и џините за своите гревови нема да бидат прашани, –

**40.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**41.** а злосторниците по белезите свои ќе бидат препознаени, па за косите и за нозете ќе бидат зграпчени –

**42.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**43.** „Еве, тоа е Џехенемот кој злосторниците го негираа!“

**44.** и меѓу оган и зовриена вода тие ќе кружат –

**45.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**46.** А за тој што од стоењето пред Господарот свој се плашел, ќе му припаднат два предела (во Џенетот) –

**47.** па, која благодет од Господарот свој ја негирате?!

**48.** полни со стебла разгранети –

**49.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**50.** во кои ќе има два извора кои ќе течат –

**51.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**52.** во нив од секое овошје по два вида ќе има –

**53.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**54.** Потпрени врз постели чиишто постави од кадифе ќе бидат, а плодовите во двата предела на дофат на рацете ќе стојат –

**55.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**56.** Во нив ќе бидат тие што гледаат пред себе, тие што, пред нив, ни човек ни џин не ги допрел –

**57.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**58.** како тие да се скапоцен камен и мерџан –

**59.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**60.** Зарем наградата за добрина може да биде нешто друго освен добрина?!

**61.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**62.** Освен тие два, ќе има уште два други незначителни предели –

**63.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**64.** темнозелени –

**65.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**66.** со два извора што прскаат –

**67.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**68.** Во нив ќе има овошје и палми и шипинки –

**69.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**70.** Во нив ќе има убавици со прекрасни карактери –

**71.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**72.** Хурии во шатори скриени –

**73.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**74.** кои, пред нив, ни човек, ни џин не ги допрел –

**75.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**76.** Тие ќе бидат потпрени на зелени перници, прекриени со волшебни и прекрасни килими –

**77.** па, која благодат од Господарот свој ја негирате?!

**78.** Нека е Возвишено името на Господарот твој, Величествениот и Благородниот!

## 56. Поглавје
# Ел Вакиа
*Случувањето*
Мека – 96 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога Случувањето ќе се случи,

**2.** случувањето негово никој нема да го негира,

**3.** некои ќе ги понижи, а некои ќе ги возвиши;

**4.** кога Земјата силно ќе се стресе

**5.** и планините во парчиња ќе се здробат,

**6.** и ќе станат прашина расфрлена,

**7.** вас ќе ве има три вида:

**8.** тие оддесно – кои се тие оддесно?!

**9.** И тие одлево – кои се тие одлево?!

**10.** И тие првите – секогаш први!

**11.** Тие ќе Му бидат блиски на Аллах

**12.** во џенетските градини на насладувањето.

**13.** Ќе има многу од првите,

**14.** а малку од последните,

**15.** на диваните извезени,

**16.** едни кон други на нив потпрени ќе бидат;

**17.** ќе ги служат вечно млади момчиња,

**18.** со чаши и ибрици и со пехар полн со пијалак од изворите проточни

**19.** од кој глава нема да ги боли и поради кој умот нема да го загубат,

**20.** и со овошје коешто самите ќе го одбираат,

**21.** и со птичје месо какво што ќе посакаат.

**22.** Со нив ќе бидат и хуриите со крупни очи,

**23.** слични на бисер во школките скриен –

**24.** како награда за тоа што го правеле.

**25.** Во нив нема да слушаат празни беседи и грешен говор,

**26.** туку само зборовите: „Селам, селам!“

**27.** А тие оддесно – што е со тие оддесно?

**28.** Ќе бидат меѓу лотосовите дрвја без боцки,

**29.** и меѓу дрвјата на багремот со плодови нанижени,

**30.** и под сенката пространа,

**31.** покрај водата проточна

**32.** и среде овошјето разновидно

**33.** коешто секогаш ќе го има и коешто нема забрането да биде,

**34.** и на постелите високо кренати.

**35.** Со новото создавање ние ќе создадеме хурии

**36.** и ќе ги направиме девици

**37.** мили на мажите нивни и со исти години

**38.** за тие оддесно.

**39.** Ќе ги има многу од првите,

**40.** а многу и од подоцнежните.

**41.** А тие одлево – што е со тие одлево?!

**42.** Тие ќе бидат во оган вжарен и во вода зовриена

**43.** и во сенката на чадот темен,

**44.** каде нема да има свежина ни каква било удобност.

**45.** Тие пред тоа со раскошен живот живееја

**46.** и упорно тешки гревови чинеа,

**47.** и велеа: „Зарем кога ќе умреме и кога земја и коски ќе станеме – зарем навистина ќе бидеме оживеани,

**48.** зарем и нашите древни предци?"

**49.** Кажи: „И древните и подоцнежните,

**50.** во одредено време, еден одреден ден ќе бидат собрани,

**51.** и тогаш вие, о заблудени, кои го негиравте оживувањето,

**52.** сигурно од дрвото Зекум ќе јадете,

**53.** и со него стомаците ќе ги полните,

**54.** а потоа на тоа зовриена вода ќе пиете,

**55.** како камили кои не можат жедта да ја изгаснат;

**56.** тоа на оној свет ќе биде гостењето нивно!

**57.** Ние ве создадовме – па зошто не поверувате?"

**58.** Кажете Ми вие Мене: дали на семето кое го уфрлате

**59.** вие облик му давате или Ние тоа го правиме?

**60.** Ние одредуваме кога кој од вас ќе умре, и никој не може да Нè спречи

**61.** ликовите ваши да ги измениме и одново во ликови кои вие нема да ги познаете да ве создадеме.

**62.** Познато ви е како првиот пат сте создадени, па зошто не се вразумите?

**63.** Кажете Ми вие Мене: што станува со тоа што ќе го посадите?

**64.** Дали вие му давате сила да никнува, или Ние тоа го правиме?

**65.** Ако сакаме можеме во суво растение да го претвориме, па би се вчудоневиделе:

**66.** „Ние навистина сме оштетени,

**67.** дури сме и лишени од сè!“

**68.** Кажете Ми вие Мене: водата што ја пиете –

**69.** дали вие или Ние од облаците ја спуштаме?

**70.** Ако сакаме можеме да ја направиме солена – па зошто не сте благодарни?

**71.** Кажете Ми вие Мене: огнот што го палите –

**72.** дали дрвото за него вие или Ние го создаваме?

**73.** Ние правиме тој да потсетува и да биде корисен за патниците кои престојуваат;

**74.** затоа слави го и величај го името на Господарот свој, Величествениот!

**75.** И се колнам во местата на постепеното спуштање на Куранот,

**76.** а тоа, да знаете, е голема заклетва.

**77.** Тоа е, навистина, благородниот Куран

**78.** во грижливо чуваната Книга.

**79.** Смеат да го допрат само тие што се чисти!

**80.** Тој е Објава од Господарот на световите,

**81.** па како овој говор го омаловажувате

**82.** и наместо благодарност што ви е подарено снабдувањето, вие во него не верувате?

**83.** А зошто вие, кога душата до грклaнот ќе достигне,

**84.** и вие тогаш ќе гледате –

**85.** а Ние сме поблиску до тоа од вас, но вие не гледате

**86.** – зошто тогаш, ако сметката не мислите да ја полагате,

**87.** не ја повратите, доколку вистината ја зборувате?

**88.** И ако биде еден од тие што Му се блиски на Аллах –

**89.** удобност и убаво снабдување и џенетски благодати за него!

**90.** А ако биде еден од тие што се десно –

**91.** па, селам до тебе од тие што се десно!

**92.** А ако биде еден од заблудените, што негираа

**93.** па со зовриена вода ќе биде нагостен

**94.** и во огнот ќе биде пржен.

**95.** Навистина сето ова е чиста вистина!

**96.** Па слави го и величај го името на Господарот свој, Величествениот!

57. Поглавје

# Ел Хадид

*Железо*

Медина – 29 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата Го слави и Го велича Аллах, Тој е Силниот и Мудриот!

**2.** Негова е власта на небесата и на Земјата; Тој живот и смрт дава, и Тој може сè.

**3.** Тој е Првиот и Последниот, и Видливиот и Невидливиот; Тој знае сè!

**4.** Тоа е Тој што ги создаде небесата и Земјата за шест временски периоди, а потоа се возвиши над Аршот: Тој знае што влегува во земјата и што излегува од неа, и што од небото слегува и што кон него се крева, Тој е со вас каде и да сте, и Аллах гледа сè што правите.

**5.** Негова е власта на небесата и на Земјата, и кај Аллах сè ќе се врати!

**6.** Тој ја воведува ноќта во денот и денот во ноќта, и Тој ги знае мислите сечии.

**7.** Верувајте во Аллах и во Пратеникот Негов и давајте од тоа што Тој ви го дал да го наследите, бидејќи тие од вас што ќе веруваат и што ќе даваат ги чека голема награда.

**8.** Што ви е што не верувате во Аллах? Пратеникот ве повикува да верувате во Господарот свој, а Тој веќе зеде завет од вас, ако сакате да бидете верници.

**9.** Тој на Својот роб му објавува јасни ајети за да ве изведе од темнините на светлина, а Аллах навистина е Благ и Милостив кон вас.

**10.** И што ви е што одбивате да трошите на Аллаховиот пат, а на Аллах Му припаѓа наследството на небесата и Земјата? Не се еднакви тие меѓу вас кои даваа прилози пред победата и лично се бореа – тие се на повисок степен од тие што после тоа даваа прилози и лично се бореа, а Аллах на сите им ветува најубава награда; Аллах добро го знае тоа што го правите.

**11.** Кој е тој што доброволно ќе Му даде заем на Аллах за Тој многукратно да му го врати, а со тоа и благородна награда да добие (во Џенетот)?

**12.** На Денот кога ќе видиш како пред верниците и верничките, и од нивната десна страна, светлото нивно ќе се движи: „Блазе си ви денес: џенетски градини, низ кои реки течат, во коишто вечно ќе живеете – тоа е голем успех!“

**13.** На Денот кога лицемерите и лицемерките ќе им велат на верниците: „Причекајте нè за да се послужиме со светлото ваше!“ – „Вратете се назад, па друго светло побарајте!“ – ќе се рече. И помеѓу нив ќе се постави преграда која ќе има врата; во неа ќе биде милоста, а вон неа страдањето.

**14.** „Зарем не бевме со вас?“ – ќе ги довикуваат. – „Бевте,“ – ќе одговорат – „но се доведовте во искушение, го исчекувавте нашето уништување, имавте сомнеж (во верата) и пустите желби ве залажуваа, сè додека не дојде Аллаховата наредба, а шејтанот ве измами во врска со Аллах.

**15.** Денес никаква откупнина нема да се прими од вас, а ниту од тие што не веруваа; огнот ќе биде живеалиште ваше, тој токму ви одговара, а тој е ужасно живеалиште!

**16.** Зарем не е време срцата на верниците да омекнат кога се спомнуваат Аллах и Вистината која се објавува, и тие да не бидат како оние на коишто уште одамна им е дадена Книгата, па срцата нивни, бидејќи помина многу време, сурови станаа и многу од нив се непослушни грешници.

**17.** Знајте дека Аллах ѝ дава живот на веќе мртвата земја! Ние ви ги објаснуваме доказите за да разберете.

**18.** На тие што ќе даваат милостина и зекат, од мажи и жени, и коишто доброволно на Аллах заем ќе Му даваат – многукратно ќе им се врати и нив ги чека благородна награда.

**19.** Тие што веруваат во Аллах и во Пратениците Негови – тие се искрени! А на шехидите – нивната награда и светлото нивно им припаѓа кај нивниот Господар! А тие што нема да веруваат и кои доказите Наши ќе ги негираат, тие ќе бидат жители на Огнот.

**20.** Знајте дека животот на овој свет е игра, и забава, и разубавување, и гордо натпреварување меѓу вас, и натпреварување со мноштвото имоти и деца! Пример за тоа е дождот, и растенијата од него ги восхитува сејачите, и тоа, по дождот, станува бујно, но потоа ќе го видиш пожолтено и потоа бива исушено. На овој свет има тешко страдание (за неверниците), а има и прошка и задоволство од Аллах (за верниците). А овосветскиот живот е лажно уживање!

**21.** Натпреварувајте се за да заслужите кај својот Господар прошка и Џенет, простран колку што се пространи небото и

Земјата, и подготвен за тие што веруваат во Аллах и во Пратениците Негови. Тоа е Аллаховата благодат којашто ќе му ја даде на тој што Тој сака; а кај Аллах има голема благодат.

**22.** Нема неволја која ќе ја погоди Земјата и вас, а која не е, пред да ја дадеме, запишана во Книгата – тоа за Аллах е навистина лесно –

**23.** за да не тагувате по тоа што ви одминало, а и да не се радувате премногу на тоа што Тој ќе ви го даде. Аллах не сака никакви прекумерни трошачи, фалбаџии,

**24.** коишто се скржави и кои од луѓето бараат скржавост. А оној кој не сака да дава – па, Аллах е навистина независен и достоен за благодарност.

**25.** Ние Пратениците Наши со јасни докази ги праќавме и по нив Книга и Мерка – правда праќавме, за луѓето да постапуваат праведно – а железото го создадовме, во кое има голема моќ и кое на луѓето им користи – и за да укаже Аллах на тие што ја помагаат верата Негова и пратениците Негови кога не Го гледаат. Аллах, навистина, е Моќен и Силен.

**26.** Ние Нух и Ибрахим ги пративме и на некои од потомците нивни веровесништво и објава им дадовме; некои од потомците нивни се на Вистинскиот пат, а многу од нив се непослушни грешници.

**27.** Потоа, по нив, еден по друг Нашите Пратеници ги праќавме, додека Иса, синот Мерјемин, не го пративме, кому Инџилот му го дадовме, а во срцата на следбениците негови благост и сомилост влеавме, додека монаштвото тие самите, како новотарија го воведоа – Ние не им го пропишавме со желба да се стекне Аллаховото задоволство; но тие за тоа не водат грижа така како што треба, па тие меѓу нив коишто ќе веруваат исправно, ќе ги наградиме, а многу од нив се непослушни грешници.

**28.** О, вие коишто верувате – плашете се од Аллах и во Пратеникот Негов верувајте, Тој Својата двократна милост ќе ви ја подари, и ќе ви даде светло со чија помош ќе одите, и ќе ви прости, бидејќи Аллах простува и милостив е.

**29.** И нека знаат следбениците на Книгата дека тие никаква Аллахова благодат нема да добијат, бидејќи благодатта е само во Аллаховата рака – им ја дава на тие на коишто Тој сака; а кај Аллах е најголемата благодат.

## 58. Поглавје
# Ел Муџаделе
*Расправа*
Медина – 22 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Аллах ги слушна зборовите на таа што со тебе за својот маж се расправаше и на Аллах Му се жалеше[248], а Аллах го слуша вашиот меѓусебен разговор, бидејќи Аллах навистина сѐ слуша и сѐ гледа.

**2.** Тие од вас коишто на жените свои ќе им кажат дека веќе не им се допуштени, како што не им се допуштени мајките нивни – а тие не се нивни мајки, мајки нивни се само тие што ги родиле – тие навистина зборуваат лоши зборови и невистина, а Аллах сигурно ги брише гревовите и простува.

**3.** Тие што на жените свои ќе им кажат дека не им се допуштени, како што не им се допуштени мајките нивни, а потоа ќе решат да се вратат на ставот на кој биле пред изречените зборови, должни се, пред едни со други да се допрат, да ослободат еден роб од ропство. Тоа ви се наредува, а Аллах добро го знае тоа што вие го правите.

**4.** Тој што нема да најде, должен е непрекинато да пости два месеца пред еден со друг да се допрат. А тој што не може, должен е да нахрани шеесет сиромашни, за да потврди дека верува во Аллах и во Неговиот Пратеник – тоа ви се Аллаховите прописи. А неверниците ги чека болна казна.

**5.** Навистина, тие што Му се непослушни на Аллах и на Пратеникот Негов ќе бидат посрамотени, како што беа посрамотени и оние пред нив. А Ние објавивме јасни знаци, а неверниците ги чека срамно страдање

**6.** на Денот кога Аллах сите ќе ги оживее, па ќе ги извести за тоа што го правеле; Аллах за тоа сведе пресметка, а тие тоа го заборавија – Аллах е сведок на сѐ.

**7.** Зарем не знаеш дека Аллах знае што има на небесата и што има на Земјата? Нема тајни разговори меѓу тројца, а Тој да не е четвртиот, ниту меѓу петмина, а Тој да не е шестиот, ни кога се помалку ни кога се повеќе, а Тој да не е со нив каде и да се; Тој на Судниот ден ќе ги извести за тоа што го работеле, бидејќи Аллах сѐ добро знае.

[248] Се однесува на жалбата на една жена која мажот грубо ја развел.

**8.** Зарем не ги гледаш тие на коишто им е забрането да си дошепнуваат како потоа се враќаат на тоа што им е забрането и си дошепнуваат за гревот и за непријателството и за непослушноста кон Пратеникот. А кога ти доаѓаат те поздравуваат онака како што Аллах никогаш не те поздравил, и меѓу себе велат: „Би требало Аллах веќе еднаш да нè казни за тоа што го зборуваме!“ – Доволен ќе им биде Џехенемот! Во него ќе горат, а тој е грозно живеалиште!

**9.** О, верници, кога меѓу себе тајно ќе разговарате, не разговарајте за гревот и непријателството и непослушноста кон Пратеникот, туку разговарајте за доброчинството и богобојазливоста и плашете се од Аллах, пред Кого ќе бидете собрани.

**10.** Дошепнувањето е шејтанска работа, за да ги растажи тие што веруваат, а тоа не може ним ниту малку да им наштети, освен ако Аллах го допушти тоа. А верниците само на Аллах нека се потпираат!

**11.** О, верници, кога ќе ви се каже: „Направете место за другите таму каде што се седи“ – вие направете, па и вам Аллах место ќе ви направи; а кога ќе ви се каже: „Станете“ – вие станете, и Аллах на високи степени ќе ги воздигне тие што веруваат и на коишто им е дадено знаење. А Аллах добро го знае тоа што го правите.

**12.** О, верници, кога сакате со Пратеникот тајно да разговарате, пред разговорот дадете милостина. Тоа е подобро и почисто за вас. А ако немате – па, Аллах навистина простува и Милостив е.

**13.** Зарем ви е страв пред својот разговор да дадете милостина? А ако не дадете и ако Аллах ви прости, тогаш намазот извршувајте го и зекат давајте и бидете Му покорни на Аллах и на Пратеникот Негов! Аллах добро го знае тоа што вие го правите.

**14.** Зарем не ги гледаш тие коишто пријателуваат со луѓето на коишто Аллах е гневен? Тие не се ни ваши ни нивни и уште свесно на криво се колнат.

**15.** Аллах на нив тешка казна им подготви, бидејќи навистина е лошо тоа што го прават:

**16.** Ги зедоа своите заклетви како штит, па одвраќаат од Аллаховиот пат; нив ги чека срамна казна.

**17.** Ни богатствата нивни, ни децата нивни воопшто нема да им помогнат кај Аллах, тие ќе

бидат жители на Огнот, во кој вечно ќе живеат.

**18.** На Денот во којшто Аллах сите ќе ги оживее тие Нему ќе Му се колнат, како што вам ви се колнат, мислејќи дека тоа нешто ќе им користи. Тие се навистина вистински лажливци.

**19.** Со нив завладеал шејтанот и направил да заборават да Го спомнуваат Аллах. Тие се шејтанова партија, а навистина, тие од шејтановата партија се вистински губитници.

**20.** Тие што Му се спротивставуваат на Аллах и на Пратеникот Негов сигурно ќе бидат меѓу најпонижените.

**21.** Аллах запишал: „Јас и Пратениците Мои сигурно ќе победиме!“ – Аллах е навистина Моќен и Силен.

**22.** Луѓето коишто веруваат во Аллах и во оној свет не треба да се сакаат со тие коишто на Аллах и на Пратеникот Негов им се спротивставуваат, па макар и тие да им се татковци нивни, или синови нивни, или браќа нивни, или роднини нивни. Тој на нив им всади верување во срцата нивни и со Светлото Свое ги зајакна, и Тој ќе ги воведе во џенетските градини низ коишто реки течат, за во нив вечно да останат. Аллах е задоволен со нив, а и тие ќе бидат задоволни со Него. Тие се Аллахова партија, а навистина Аллахова партија се тие што сигурно ќе успеат.

## 59. Поглавје
# Ел Хашр
*Протерување*
Медина – 24 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата Го слави и Го велича Аллах, Тој е Силниот и Мудриот!

**2.** Тој при првото прогонство од домовите нивни ги протера тие следбеници на Книгата кои не веруваа. Вие не мислевте дека ќе отидат, а тие мислеа дека нивните тврдини од Аллаховата казна ќе ги одбранат, но Аллаховата казна им дојде оттаму од каде што не се надеваа и Тој во срцата нивни влеа страв; со сопствените раце и со рацете на верниците своите домови ги рушеа. Затоа земете од тоа поука, о, вие кои гледате!

**3.** А Аллах да не пропишеше веќе прогонство за нив, Тој ќе ги казнеше уште на овој свет! А ним на оној свет им припаѓа казна во Огнот

**4.** затоа што на Аллах и на Пратеникот Негов им се спротивставуваа; а тој што на Аллах ќе Му се спротивстави, Аллах навистина жестоко ќе го казни.

**5.** Тоа што исековте некои палми или ги оставивте исправено да стојат – тоа со Аллахова дозвола го сторивте, и за Тој да ги понижи непослушните грешници.

**6.** А вие не ги теравте ниту коњите ниту камилите впрегнати заради тоа што Аллах од нив, како плен, го подарил на Пратеникот Свој, туку Аллах им ја препушта власта на пратениците Свои над тие над коишто сака Тој; Аллах може сè.

**7.** Пленот од жителите на селата и на градовите кои Аллах му ги дарува на Пратеникот Свој им припаѓа: на Аллах и на Пратеникот Негов, и на неговите ближни, и на сирачињата, и на сиромашните и на патниците-намерници, за да не преоѓа само од раце во рацете на вашите богаташи; тоа што Пратеникот ќе ви го даде – земете го, а тоа што ќе ви го забрани – оставете го; и плашете се од Аллах бидејќи Аллах навистина жестоко казнува.

**8.** И на сиромашните мухаџири кои од својот роден крај се протерани и од имотот свој лишени, кои сакаат Аллаховата милост и наклоност да ја стекнат, и на Аллах и на Пратеникот Негов им помагаат – тоа се навистина вистински верници.

**9.** И на тие што пред нив Медина ја населија и верувањето го прифатија; тие ги сакаат оние коишто им се доселуваат и во градите свои никаква тешкотија не чувствуваат, и сакаат повеќе за нив отколку за себе, иако и на нив самите им е потребно. А тие што ќе се сочуваат од лакомоста и скржавоста, тие сигурно ќе успеат.

**10.** Тие што доаѓаат по нив, велат: „Господару наш, прости ни нам и на браќата наши кои во верата нè претекнаа и не допуштај во срцата наши да има ниту малку злоба кон верниците; Господару наш, Ти си, навистина, добар и Милостив!“

**11.** Зарем не гледаш како лицемерите им говорат на своите пријатели, на следбениците на Книгата кои не веруваат: „Ако бидете протерани, ние сигурно со вас ќе појдеме и кога ќе се однесува на вас, никогаш никому нема да му се покориме; а ако бидете нападнати, сигурно на помош ќе ви дојдеме.“ – а Аллах е сведок дека тие навистина се лажливци:

**12.** Кога би биле протерани, тие не би тргнале со нив; кога би биле нападнати, тие не би им дошле на помош; и кога би им дошле на помош, сигурно би избегале и тие без помош би останале.

**13.** Тие повеќе се плашат од вас отколку од Аллах, затоа што тие се неразумни луѓе.

**14.** Само во утврдените градови или зад ѕидините, тие против вас смеат заедно да се борат. Нивното непријателство е жестоко меѓу нив. Ти мислиш дека тие се сложни, меѓутоа срцата нивни се разединети, затоа што тие се луѓе кои немаат ум.

**15.** Слични се на тие што неодамна тука сета погубност на постапките свои ја искусија – нив ги чека неподносливо страдање;

**16.** Слични се на шејтанот кога ќе му каже на човекот: „Биди неверник!“ – па кога тој ќе стане неверник, тој тогаш ќе рече: „Јас се одрекувам од тебе, и навистина се плашам од Аллах, Господарот на световите!“

**17.** Двајцата на крај ги чека огнот, во кој вечно ќе престојуваат, а тоа ќе биде казна за сите злосторници.

**18.** О, верници, плашете се од Аллах, и секој човек нека гледа што подготвил за утре и плашете се од Аллах, бидејќи Тој добро знае што правите.

**19.** И не бидете како тие што заборавија на Аллах, па Тој

направи самите себеси да се заборават; тоа се вистински непослушни грешници.

**20.** Не се еднакви жителите на Џехенемот и жителите на Џенетот; жителите на Џенетот ќе го постигнат тоа што го сакаат.

**21.** Ако го објавиме овој Куран на некој рид, ти би видел како е полн со стравопочит и како би се распаднал од страв пред Аллах. Такви примери им наведуваме на луѓето за да размислат.

**22.** Тој е Аллах, нема друг бог освен Него, Тој е познавач на невидливиот и на видливиот свет, Тој е Семилосен, Милостив!

**23.** Тој е Аллах, нема друг бог освен Него, Владетелот, Светиот, Тој што е без недостатоци, Тој што го обезбедува секого, Тој што бдее над сите, Силниот, Возвишениот, Гордиот. Возвишен и Чист е Аллах од тоа што Му го припишуваат!

**24.** Тој е Аллах, Создателот, Тој што создава од ништо, Тој што му дава облик на сè, Тој има најубави имиња. Него Го слави и Го велича сè што е на небесата и на Земјата, Тој е Силниот и Мудриот.

## 60. Поглавје

# Ел Мумтехине

*Проверена*

Медина – 13 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, верници, не земајте ги Моите непријатели и своите непријатели за блиски пријатели, искажувајќи кон нив наклоност, а тие ја негираат Вистината која ви доаѓа, и го протеруваат Пратеникот, а и вас, само затоа што во Аллах, Господарот ваш, верувате, доколку сте излегле заради борба на Мојот пат и барајќи го Моето задоволство. Вие тајно љубов им искажувате, а Јас го знам и тоа што го криете и тоа што јавно го правите. А кој од вас тоа ќе го прави, па тој скршнал од Вистинскиот пат.

**2.** Ако тие ве стигнат, ќе бидат непријатели ваши и ќе ги пружат кон вас, со зли намери, рацете свои и јазиците свои, и едвај ќе чекаат да станете неверници.

**3.** Ни роднините ваши ни децата ваши нема да ви бидат од корист, на Судниот ден Тој ќе ве раздвои; а Аллах добро го гледа тоа што го правите.

**4.** Прекрасен пример за вас е Ибрахим и тие што беа со него

кога на народот свој му рекоа: „Ние со вас немаме ништо, а ниту со тие што вие, наместо Аллах, ги обожувате; ние се одрекуваме од вас, и непријателство и омраза помеѓу нас постојано ќе се јавува сè додека во Аллах, во Него Единиот, не поверувате!“ – не и во зборовите на Ибрахим кон таткото свој: „Јас ќе се молам да ти се прости, но не можам со ништо да те одбранам од Аллах.“ Господару наш, на Тебе се потпираме и Тебе Ти се обраќаме и кај Тебе ќе се вратиме.

**5.** Не допуштај, Господару наш, да нè ставиш на искушение на неверниците и прости ни, Господару наш! Ти си навистина Силниот и Мудриот.

**6.** Тие ви беа убав пример – тие што се надеваат на Аллах и на оној свет. А тој што грбот ќе го сврти – па Аллах, навистина, од никого не е зависен и само Тој е достоен за благодарност!

**7.** Аллах сигурно ќе воспостави љубов помеѓу вас и оние со коишто сте скарани; Аллах е Семоќен; Аллах многу проштува и Тој е Милостив.

**8.** Аллах не ви забранува да чините добро и да бидете праведни кон тие што не војуваат против вас заради верата и кои од родниот крај не ве прогонуваат – Аллах, навистина, ги сака тие што се праведни –

**9.** но ви забранува да пријателувате со тие што војуваат против вас поради верата ваша и кои од родниот крај ве прогонуваат и кои помагаат да бидете прогонети. Тие што пријателуваат со нив самите себеси си чинат неправда.

**10.** О, верници, кога ќе ви дојдат верничките како мухаџирки, проверете ги, – а Аллах добро знае какво е верувањето нивно – па, ако се уверите дека се вернички, тогаш не враќајте ги кај неверниците; тие не им се допуштени ним, ниту пак тие (неверниците) им се допуштени ним (на верничките); а ним дајте им го тоа што го потрошиле. Не ви е грев да се ожените со нив кога нивните венчални дарови ќе им ги дадете. Многубошките не задржувајте ги во брак! Барајте го тоа што сте го потрошиле, а и тие нека го бараат тоа што го потрошиле! Тоа е Аллаховиот суд, Тој суди меѓу вас, а Аллах сè знае и Мудар е.

**11.** А ако некоја од жените ваши кај неверниците избега, и ако потоа вие заробите плен во борба, тогаш на тие, чиишто

жени избегале, венчалните дарови кои им ги дале надокнадете им ги. И плашете се од Аллах, во Кој верувате!

**12.** О, Веровеснику, кога ќе ти дојдат верничките да ти се заколнат на верност: дека на Аллах нема никој рамен да Му сметаат, и дека нема да крадат, и дека нема да блудничат, и дека нема децата свои да ги убиваат, и дека на мажите туѓи деца нема да им подметнуваат и дека нема, во тоа што е добро послушност да откажуваат – ти заклетвата нивна прифати ја и моли Го Аллах да ти прости; Аллах, навистина, многу простува, и Тој е Милостив.

**13.** О, верници, не пријателувајте со луѓето на коишто Аллах се разгневил; тие ја изгубија надежта дека каква било награда на оној свет ќе имаат, исто како што ја изгубија надежта и неверниците дека нивните умрени живи ќе се вратат.

## 61. Поглавје
# Ес Саф
*Строј*

Медина – 14 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата Го слави и Го велича Аллах, Тој е Силниот и Мудриот!

**2.** О, верници, зошто го зборувате тоа што не го правите?

**3.** Многу е презрено кај Аллах да го зборувате тоа што не го правите!

**4.** Аллах ги сака тие што се борат на Неговиот пат во строеви како да се цврсто и споено здание (бедем).

**5.** Кога Муса му рече на народот свој: „О, народе мој, зошто ме вознемирувате, а добро знаете дека јас сум ви Аллахов Пратеник!“ И кога тие скршнаа настрана – Аллах стори срцата нивни да застранат, а Аллах нема да му укаже на Вистинскиот пат на народот кој е непослушен.

**6.** А кога Иса, синот Мерјемин, рече: „О, синови Израилови, јас сум ви Аллахов Пратеник да го потврдам пред мене објавениот Теврат и да ви донесам радосна вест за Пратеникот

чиешто име е Ахмед, кој ќе дојде после мене“, и кога им ги донесе тој јасните докази, тие рекоа: „Ова е јасна магија!“

**7.** А има ли понеправеден од тој што за Аллах изнесува лаги додека се повикува во ислам? – А Аллах нема да му укаже на Вистинскиот пат на насилничкиот народ.

**8.** Тие сакаат да го изгаснат Аллаховото светло со устите свои, а Аллах го надополнува светлото Свое, макар тоа и да го мразат неверниците.

**9.** Тој го прати Пратеникот Свој со Упатството и со Вистинската Вера за да ја издигне над сите вери, макар тоа и да го мразат многубошците.

**10.** О, верници, сакате ли да ви укажам на трговијата, која ќе ве спаси од болното страдање?

**11.** Верувајте во Аллах и во Неговиот Пратеник и со имотите свои и животите свои на Аллаховиот пат борете се – да знаете, тоа ви е подобро.

**12.** Тој гревовите ваши ќе ви ги прости и во џенетските градини, низ кои реки течат, ќе ве воведе, и во прекрасни дворови во еденските градини; – тоа ќе биде голем успех –

**13.** а ќе ви даде и друга благодат којашто ја сакате: Аллаховата помош и блиската победа! Затоа израдувај ги со радосни вести верниците!

**14.** О, верници, бидете Аллахови помагачи како што им рече Иса, синот Мерјемин, на блиските следбеници: „Кои се моите помагачи во повикувањето кон Аллах?“ Блиските следбеници одговорија „Ние сме Аллаховите помагачи!“ Па една група од синовите Израилови поверува, а другата не! Па тие што веруваа против непријателите нивни ги зајакнавме, и тие победија.

## 62. Поглавје
# Ел Џума
*Петок*
Медина – 11 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата Го слави и Го велича Аллах, Владетелот, Светиот, Силниот, Мудриот!

**2.** Тој на неписмените им испрати Пратеник, еден помеѓу нив, ајетите Негови да им ги кажува и да ги исчисти и да ги научи за Книгата и за мудроста, иако претходно беа во јасна заблуда,

**3.** и на другите коишто сѐ уште не им се приклучиле, Тој е Силниот и Мудриот.

**4.** Тоа е Аллаховата добрина којашто Тој ја дава на тој што Тој сака, а кај Аллах добрината е голема.

**5.** Примерот на тие на коишто Тевратот им беше задолжен, па потоа тие не се придржуваа за него – слични се на магаре што носи книги. О, колку се лоши тие што ги негираат Аллаховите ајети! А Аллах нема да му укаже на Вистинскиот пат на насилничкиот народ.

**6.** Кажи: „О, Евреи, ако тврдите дека од сите луѓе само вие сте единствени Аллахови миленици, тогаш смртта посакајте ја, ако ја зборувате вистината."

**7.** А поради тоа што го прават рацете нивни, никогаш нема да ја посакаат, а Аллах добро ги знае насилниците.

**8.** Кажи: „Смртта од којашто бегате навистина ќе ве стигне. Потоа кај Тој што ги познава невидливиот и видливиот свет ќе бидете вратени и Тој ќе ве извести за тоа што го правевте."

**9.** О, верници, кога во петок на намаз ќе се повика, побрзајте кон спомнувањето на Аллах, и купопродажбата оставете ја, тоа ви е подобро, да знаете!

**10.** А кога намазот ќе се изврши, тогаш по земјата раштркајте се и Аллаховата благодат барајте ја и Аллах многу споменувајте Го, за да го постигнете тоа што го сакате.

**11.** Но кога тие ќе здогледаат некаква трговска роба или забава, се залетуваат по неа и тебе те оставаат сам да стоиш. Кажи: „Тоа што е кај Аллах е подобро и од забавата и од трговијата." А Аллах е најдобриот Снабдувач.[249]

---

[249] Кога Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, во петок напладне (џума намаз) во џамија држел говор (хутба) се зачуле тапани и тапанчиња. Тоа било знак дека доаѓа

## 63. Поглавје
# Ел Мунафикун
*Лицемери*
Медина – 11 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога лицемерите ти доаѓаат, велат: „Ние тврдиме дека ти навистина си Аллахов Пратеник!“ – И Аллах знае дека ти навистина си Негов Пратеник, а Аллах тврди и дека лицемерите се вистински лажливци.

**2.** Тие своите заклетви за штит ги земаат, па од Аллаховиот пат одвраќаат. Навистина е лошо како постапуваат.

**3.** Тоа е затоа што беа верници, па станаа неверници, и тогаш срцата им се запечатија, па не сфаќаат.

**4.** Кога ќе ги погледнеш, нивниот изглед те восхитува; а кога ќе проговорат, ти ги слушаш зборовите нивни – но, тие се како потпрени шупливи трупци, и мислат дека секој повик е против нив. Тие се вистински непријатели, па причувај се од нив! Аллах да ги убие, каде се одметнуваат?!

**5.** А кога ќе им се каже: „Дојдете, Аллаховиот Пратеник ќе моли да ви се прости.“ – тие главите свои ги тресат и ги гледаш како надмено одбиваат.

**6.** Сеедно им е – било да молиш прошка за нив или не, Аллах навистина нема да им прости, Аллах навистина нема да му укаже на Вистинскиот пат на непослушниот народ.

**7.** Тие говорат: „Не давајте им ништо на тие што се со Аллаховиот Пратеник, за да го напуштат!“ А ризниците на небесата и на Земјата се Аллахови, но лицемерите не сфаќаат.

**8.** Тие велат: „Ако се вратиме во Медина, сигурно посилниот ќе го истера послабиот од неа!“ А силата е кај Аллах и кај Пратеникот Негов и кај верниците, но лицемерите не знаат.

**9.** О, верници, нека не ве занесат богатствата ваши и децата ваши од сеќавањето на Аллах. А тие што ќе го сторат тоа, ќе бидат изгубени.

**10.** Давајте од тоа со што Ние ве снабдуваме пред некому од вас смртта да му дојде, па тогаш да каже: „Господару мој, само

---

караван со намирници. Бидејќи во Медина имало недостиг од храна, па многумина муслимани излегле од џамијата да се снабдат со намирници, оставајќи го Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, среде говор, Поради тоа, со овој ајет се прекорени.

уште за кратко време да ја одложиш, па милостина да давам и добар да бидам!“

**11.** Аллах сигурно нема да му го одложи на никој кому смртниот час негов ќе му дојде; а Аллах добро го знае тоа што вие го правите.

## 64. Поглавје
# Ет Тегабун
*Измама*

Медина – 18 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тоа што е на небесата и тоа што е на Земјата Го слави и Го велича Аллах. Нему власта и Нему сета благодарност Му припаѓа; Тој може сè!

**2.** Тој ве создава, па меѓу вас има неверници, а има меѓу вас и верници. Аллах добро гледа сè што вие работите.

**3.** Тој со Вистина ги создаде небесата и Земјата и Тој ви дава облик и ликовите ваши ги прави убави, и Нему сè ќе Му се врати.

**4.** Тој знае што постои на небесата и на Земјата и знае што криете и што покажувате; Аллах совршено ги знае мислите сечии.

**5.** Зарем не допре до вас веста за тие што уште одамна не веруваа, па кобноста на постапката своја ја искусија – а уште и болна казна ги чека

**6.** – затоа што кога пратениците нивни јасни докази им носеа, говореа: „Зарем луѓе да нè упатуваат?“ Па не веруваа и главите ги вртеа; а на Аллах никој не Му е потребен, Аллах од никого не е

зависен, само Тој е достоен за благодарност!

**7.** Неверниците тврдат дека нема да бидат оживеани. Кажи: „Ќе бидете, се колнам во мојот Господар, сигурно ќе бидете оживеани, па за тоа што го правевте навистина ќе бидете известени!“ – а тоа за Аллах е лесно.

**8.** Затоа верувајте во Аллах и во Пратеникот Негов и во светлото коешто го објавуваме, Аллах добро го знае тоа што го правите.

**9.** На Денот кога Тој ќе ве собере, на денот на Собирот, тоа е ден кога ќе ви биде јасно дека меѓусебно се измамивте. Кој верувал и правел добри дела, Тој ќе му ги прекрие лошите дела и ќе го воведе во џенетските градини низ кои реки течат; во нив вечно и за навек ќе живее. Тоа ќе биде голем успех!

**10.** А тие што не веруваа и коишто ајетите Наши ги негираа, ќе бидат жители на огнот; во него вечно ќе останат, тоа ќе биде ужасно место каде што ќе се вратат!

**11.** Никаква неволја не се случува освен со Аллахова дозвола. А кој верува во Аллах, Тој ќе го упати неговото срце, а Аллах сè добро знае.

**12.** И покорувајте им се на Аллах и на Пратеникот Негов; а ако се свртите, па Пратеникот Наш е должен само јасно да соопштува.

**13.** Само Аллах е Бог! И верниците само на Аллах нека се потпираат!

**14.** О, верници, меѓу жените ваши и децата ваши, навистина, имате непријател, па внимавајте на нив! Па поминете преку тоа, и примете го оправдувањето, и простете, па и Аллах простува и Милостив е.

**15.** Имотите ваши и децата ваши се само искушение, а кај Аллах наградата е голема!

**16.** Па плашете се од Аллах колку што можете, и слушајте и покорувајте се и (милостина) давајте за свое добро. А тие што ќе бидат сочувани од скржавоста и алчноста, ќе бидат тие коишто ќе успеат.

**17.** Ако на Аллах Му дадете убав заем, Тој ќе ви го зголеми и ќе ви прости, зашто Аллах е благодарен и благ.

**18.** Познавач е на невидливиот и видливиот свет, Силниот и Мудриот.

## 65. Поглавје
# Ет Талак
*Развод*
Медина – 12 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, Веровеснику, кога ќе сакате да се разведете од сопругите, пуштете ги во времето кога се чисти, а потоа времето што треба да помине бројте го и од Господарот свој, Аллах, плашете се. Не терајте ги од становите нивни, а ни тие нека не излегуваат, освен ако сторат очигледно срамно дело. Тоа се Аллаховите прописи. Тој што ги крши Аллаховите прописи, самиот себеси неправда си чини. Ти не знаеш, Аллах може после тоа да пружи можност за помирување.

**2.** Па кога ќе го достигнат времето на своето чекање, вие или на убав начин задржете ги или великодушно од нив конечно разведете се, и како сведоци двајца ваши праведни луѓе земете, и сведочењето заради Аллах извршете го! Тоа е совет за тој што верува во Аллах и во оној свет – а на тој што се плаши од Аллах, Тој ќе му најде излез

**3.** и ќе го снабди од каде што не се надева; тој што се потпира на Аллах, Тој му е доволен. Аллах, навистина, ќе го исполни тоа што го одлучил; Аллах веќе му одредил рок на сѐ.

**4.** А тие ваши сопруги кои надежта во месечниот циклус ја изгубиле и тие што не го ни добиле, тие треба да чекаат три месеци, ако паѓате во сомнеж. Трудниците чекаат сѐ додека не родат. А тој што се плаши од Аллах, Тој во сѐ ќе му даде леснотија.

**5.** Тоа е, ете, Аллаховиот пропис, кој Тој ви го објавува. А на тој што ќе се плаши од Аллах, Тој преку неговите лоши постапки ќе мине и уште голема награда ќе му даде.

**6.** Оставете ги нив да живеат таму каде што живеете и вие, според своите можности, и не правете им тешкотии со цел притисок да им извршите. Ако се трудни, дајте им издршка сѐ додека не се породат; а ако ви ги дојат децата, тогаш дајте им ја заслужената награда и договорајќи се меѓусебно на убав начин. А ако настанат недоразбирања, тогаш друга нека му го дои детето.

**7.** Богатиот нека троши според богатството свое, а тој што е сиромашен – според тоа колку што Аллах му дал, бидејќи Аллах ни-

кого не задолжува повеќе отколку што му дал; Аллах сигурно по тешкотијата ќе даде олеснување.

**8.** А колку ли села и градови се оглушија на заповедта на Господарот нивен и на Пратеникот Негов? Па со нив жестоко се пресметавме, а и ќе ги казниме со ужасно страдание.

**9.** Тие ја искусија погубноста на постапките свои, а пропаста ќе биде - нивниот крај.

**10.** Аллах за нив подготви неиздржливо страдање, затоа плашете се од Аллах, о, вие коишто сте обдарени со разум, вие коишто верувате! Аллах веќе ви прати опомена,

**11.** Пратеник, кој Аллаховите јасни ајети ви ги кажува, за од темнини на светлина да ги изведе тие што веруваат и што прават добри дела. А тој што ќе верува во Аллах и ќе прави добри дела, ќе го воведе во џенетските градини, низ кои реки течат, и во нив за навек ќе останат, Аллах ќе му дава прекрасно снабдување.

**12.** Аллах создаде седум небеса и исто толку земји; Неговата наредба до сите нив достигнува за да знаете дека Аллах е моќен за сѐ и дека Аллах со знаењето Свое опфаќа сѐ!

## 66. Поглавје
# Ет Тахрим
*Забрана*
Медина – 12 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, Веровеснику, зошто си го забрануваш себеси тоа што Аллах ти го дозволил, сакајќи го задоволството на своите сопруги? А Аллах многу простува и Милостив е.

**2.** Аллах ви пропиша како своите заклетви да си ги искупите; Аллах е вашиот Господар; Тој сѐ знае и Мудар е.

**3.** Кога Веровесникот на една од своите сопруги една тајна ѝ довери, па таа ја издаде – а Аллах тоа нему му го откри – тој еден дел ѝ беше кажал, а останатото го премолчел. Па кога тој за тоа ја извести, таа праша: „Кој те извести за тоа?“ – тој рече: „Ме извести Сезнајниот, Кому ништо не Му е скриено.“

**4.** Ако вие две Му се покаете на Аллах, па вие го сторивте тоа за што требало да се покаете. А ако се здружите против него, па Аллах е негов заштитник, и Џибрил, и честитите верници; на крај, и сите мелеци ќе му бидат на помош.

**5.** Ако тој ве разведе, Господарот негов наместо вас ќе му даде подобри жени од вас; муслиманки, вернички, послушни на Аллах, покајници, кои се плашат од Аллах, кои постат, вдовици и девојки.

**6.** О, вие кои верувате, себеси и семејствата свои вардете ги од Огнот чиешто гориво луѓето и камењата ќе бидат, и за кој строги и силни мелеци ќе се грижат, коишто на тоа што Аллах ќе им го заповеда нема да бидат непослушни, и кои тоа што ќе им се нареди ќе го извршат.

**7.** О, вие кои не верувавте, денес не правдајте се, се казнувате само за тоа што го работевте.

**8.** О, вие кои верувате, покајте Му се на Аллах искрено, за Господарот ваш да премине преку вашите лоши постапки и во џенетските градини, низ кои реки течат, да ве воведе, на Денот во кој Аллах нема да го осрамоти Веровесникот и тие коишто заедно со него веруваа; светлото нивно ќе оди пред нив од нивната десна страна. „Господару наш“ – ќе велат тие – „направи го потполно светлото наше и прости ни, бидејќи Ти, навистина, можеш сè.“

**9.** О, Веровеснику, бори се против неверниците и лицемерите и биди строг спрема нив! Нивно престојувалиште ќе биде Џехенемот, а тоа е ужасно живеалиште!

**10.** Аллах ги наведува како поука за тие што не веруваат, жената на Нух и жената на Лут: беа мажени за двајца Наши честити робови, па ги измамија, и тие двајца нема да можат кај Аллах да им помогнат, и ќе се каже: „Влезете вие две во Огнот, со тие што влегуваат!“

**11.** А на тие што веруваат, Аллах како поука им ја наведува жената фараонова, кога рече: „Господару мој, изгради ми кај Себе куќа во Џенетот и спаси ме од фараонот и неговите постапки, и избави ме од неправедниот народ!“

**12.** И Мерјем, ќерката Имранова, која невиноста своја ја сочува, а Ние вдахнавме живот во неа, и таа во зборовите на Господарот свој и во книгите Негови веруваше и беше од тие што го поминуваат времето во молитва.

### 67. Поглавје
## Ел Мулк
*Власт*
Мека – 30 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Благословен е Тој во Чијашто рака е власта – Тој може сѐ!

**2.** Тој што ги даде смртта и животот за да ве искуша кој од вас подобро ќе постапува; Тој е Силниот, Тој што простува,

**3.** Тој што седумте неба едни врз други ги создаде како слоеви – ти во тоа што Семилосниот го создава не гледаш никаков несклад, па повторно погледни да не видиш некаков недостаток,

**4.** потоа повторно двапати погледни, погледот ќе ти се врати истоштен и уморен.

**5.** Ние најблиското небо со сјајни светилки го украсивме и ги направивме оган за гаѓање на шејтаните, за коишто подготвивме страдање во огнот.

**6.** А за тие што не веруваат во својот Господар, им припаѓа казна во Џехенемот, а тој е ужасно престојувалиште!

**7.** Кога во него ќе бидат фрлени, бучењето негово ќе го чујат, и тој ќе врие,

**8.** скоро да се распадне од бес. Кога и да се фрли група на луѓе во него, стражарите во него ќе ги запрашаат: „Зарем никој не доаѓаше да ве опоменува?“

**9.** „Да, доаѓаше тој што нѐ опоменуваше“ – ќе одговорат – „а ние негиравме и велевме: ‚Аллах не објавил ништо, вие сте во голема заблуда!‘“

**10.** И ќе речат: „Да слушавме или да размислувавме, немаше да бидеме меѓу жителите на огнот!“

**11.** И тие ќе ги признаат своите гревови – па, жителите на Џехенемот огнен далеку нека бидат од нас!

**12.** За тие коишто од Господарот свој се плашат, дури и кога никој не ги гледа, има прошка и награда голема!

**13.** Било да зборувате вие тивко или гласно – па Тој сигурно ги знае мислите сечии!

**14.** А како и не би знаел Тој што создава, Тој што сѐ детално знае, Којшто за сѐ е известен.

**15.** Тој Земјата погодна ви ја направи, па одете по пределите нејзини и хранете се со тоа што Тој го дава, Нему по оживувањето ќе Му одговарате.

**16.** Дали сте сигурни дека Тој што е на небесата нема в земја

да ве втера, кога таа ќе почне ненадејно да се тресе?

**17.** Или, дали сте сигурни дека Тој што е на небесата нема вам ветер со камења да ви прати? Тогаш би дознале каква е заканата Моја!

**18.** А негираа и тие пред нив, па каква само беше казната Моја!

**19.** Зарем тие не ги гледаат птиците над себе како со раширени крилја летаат, а и ги собираат? Само Семилосниот ги држи; Тој навистина сѐ добро гледа.

**20.** Или кој е тој што ќе биде ваша војска и ќе ви помогне вам, освен Семилосниот?! – Неверниците себе се залажуваат.

**21.** Или, кој е тој што ќе ве нахрани, ако Тој храната своја ја скрати? – Но, тие се упорни во горделивоста и во бегањето од вистината.

**22.** Дали е поупатен тој што оди наведнат со лицето кон земјата или тој што по Правиот пат исправено оди?

**23.** Кажи: „Тој ве создава и ви дава слух и вид и ум, а вие малку заблагодарувате!“

**24.** Кажи: „Тој по Земјата ве расеа и пред Него ќе бидете собрани.“

**25.** А тие говорат: „Кога веќе еднаш ќе се случи таа закана, ако вистината ја зборувате?!“

**26.** Кажи: „Само Аллах знае! Јас сум должен само јавно да опоменувам.“

**27.** Кога казната одблизу ќе ја погледнат, очај ќе ги прекрие лицата на тие што не веруваа и ќе биде речено: „Еве, ова е тоа што го избрзувавте!“

**28.** Кажи: „Кажете ми вие мене: ако Аллах мене ми испрати смрт и на тие што се со мене, или ако ни се смилува, кој ќе ги заштити неверниците од неиздржливото страдање?“

**29.** Кажи: „Тој е Семилосниот, во Него веруваме и врз Него се потпираме, а вие сигурно ќе дознаете кој е во јасна заблуда.“

**30.** Кажи: „Што мислите, ако ви пресушат водите, кој ќе ви даде протечна вода?“

## 68. Поглавје

# Ел Калем

*Перо*

Мека – 52 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Нун. Се колнам во перото и во тоа што тие (мелеците) го пишуваат,

**2.** ти не си, со милоста на Господарот свој, луд;

**3.** ти сигурно награда непрекидна ќе добиеш,

**4.** бидејќи ти навистина имаш најдобар карактер

**5.** и ти ќе видиш, а и тие ќе видат,

**6.** кој од вас е заведен.

**7.** Господарот твој добро го знае тој што од Неговиот пат скршнал и Тој добро ги знае тие што се на Вистинскиот пат.

**8.** Затоа не им се покорувај на лажливците,

**9.** тие едвај би дочекале ти да попуштиш, па и тие би попуштиле,

**10.** и не слушај никаков презрен кривоклетник,

**11.** клеветник, тој што пренесува туѓи зборови,

**12.** скржавец, насилник, голем грешник,

**13.** суров и, освен тоа, во туѓо племе натрапник,

**14.** само затоа што е богат и што има многу синови,

**15.** кој, кога ајетите Наши му се кажуваат, вели: „Тоа се само приказни на народите древни!“

**16.** Ние на носот ќе му втиснеме белег!

**17.** Ние во искушение ги ставивме, како што ги ставивме во искушение сопствениците на една градина кога се заколнаа дека сигурно рано изутрина ќе ја оберат,

**18.** а не рекоа: „Ако даде Аллах!“

**19.** И додека тие спиеја, неа, од Господарот твој, ја зафати несреќа

**20.** и таа осамна опустошена.

**21.** А в зори тие едни со други се довикуваа:

**22.** „Поранете во градината своја ако мислите да ја оберете!“

**23.** И тие тргнаа, тивко разговарајќи:

**24.** „Ниту еден сиромав нека не ви влезе никако денес!“

**25.** И тие поранија уверени дека ќе можат тоа да го спроведат,

**26.** а кога ја здогледаа, повикаа: „Ние заталкавме;[250]

**27.** згора на тоа, лишени сме од сè!“

**28.** Подобриот меѓу нив рече: „Нели ви говорев дека треба да Го славиме Аллах?!“

**29.** „Славен и Возвишен нека е Господарот наш!“, рекоа, „ние, навистина, бевме неправедни!“

**30.** И тогаш почнаа едни со други да се прекоруваат.

**31.** „Тешко нам!“ - говореа - „ние навистина бевме алчни;“

**32.** „Господарот наш може подобра од неа да ни замени, само од Господарот наш ние се надеваме на надомест!“

**33.** Ете таква беше казната, а на оној свет, нека знаат, казната е уште поголема!

**34.** За оние кои ќе се плашат од Аллах ќе има, навистина Џенети на уживање кај Господарот нивен,

**35.** зарем муслиманите со злосторниците ќе ги изедначиме?!

**36.** Што ви е, како расудувате?

**37.** Зарем имате Книга, па во неа читате

**38.** дека ќе го имате тоа што ќе го одберете?

**39.** Или, зарем имате од Нас заклетви кои до Судниот ден ќе важат дека тоа што вие ќе го одредите ќе го имате?

**40.** Прашај ги кој од нив е гарант за тоа.

**41.** Или, имаат ли тие соучесници? Па нека ги донесат соучесниците свои, доколку ја говорат вистината.

**42.** На Денот кога Потколеницата ќе се открие и кога ќе бидат повикани со лицето на тлото да паднат, па нема да можат,

**43.** со своите спуштени погледи, ќе ги поклопи понижувањето! А беа повикани со лицето на тло да паѓаат додека беа здрави.

**44.** Затоа остави ме Мене и тие што овој Говор го негираат, Ние постепено, од каде што не се надеваат (на страдањето) ќе ги приближуваме

**45.** и ќе им давам време; итрината Моја е навистина жестока!

**46.** Зарем ти бараш награда од нив, па се оптоварени со данок?

**47.** Или кај нив е знаењето за гајбот, па препишуваат?

---

[250] За момент помислиле дека го згрешиле патот и дека ги згрешиле градините, а потоа се свестиле што ги снашло.

**48.** Ти трпеливо чекај ја пресудата на Господарот свој и не биди како оној што беше во китот, кога извика, а беше огорчен,

**49.** и да не го стигнеше Аллаховата милост, на пусто место ќе беше исфрлен и прекор ќе заслужеше,

**50.** но, Господарот негов го избра и го направи еден од оние што се добри.

**51.** Неверниците скоро да те кутнат со погледите свои кога Опомената ја слушаат, велејќи: „Тој навистина е луд!“

**52.** А Куранот е само опомена за целиот свет!

## 69. Поглавје

# Ел Хака

*Часот неизбежен*

Мека – 52 ајета

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Часот неизбежен,

**2.** што е Часот неизбежен?

**3.** И дали ти знаеш што е Часот неизбежен?

**4.** Семуд и Ад Крајот на светот го негираа,

**5.** па Семуд е уништен со гласот страотен,

**6.** а Ад е уништен со ветер леден, силен.

**7.** Тој кому власта над нив, седум ноќи и осум дена последователни му ја препушти, па во нив, луѓе исполегнати како шупливи палмини стебла виде,

**8.** и дали виде некој од нив дека остана?

**9.** А дојдоа фараонот, и тие пред него, и поради одвратните постапки на (жителите на) превртените населби,

**10.** и му беа непослушни на Пратеникот на Господарот свој, па Тој со жестока казна ги казни.

**11.** Ние, кога водата преплави сè, во бродот ве носевме,

**12.** за поука да ви го направиме и тоа од заборав да го сочува увото што помни.

**13.** А кога еднаш во рогот ќе се дувне,

**14.** па Земјата и небото ќе се понесат и од еден удар ќе се здробат,

**15.** тој ден Крајот на светот ќе се случи

**16.** и небото ќе распука – тогаш лабаво ќе биде.

**17.** И мелеците на неговите краеви ќе стојат, а Аршот на Господарот твој, тој ден, над нив осуммина ќе го држат.

**18.** Тој ден ќе бидете изложени, и ниту една ваша тајна нема скриена да остане.

**19.** Тој на кого книгата негова во десната рака негова ќе му се даде, ќе рече: „Еве ви, читајте ја книгата моја,

**20.** јас цврсто верував дека сметката моја ќе ја полагам."

**21.** И тој во животот ќе биде задоволен,

**22.** во Џенетот висок,

**23.** чиишто плодови на дофат на рака ќе бидат.

**24.** „Јадете и пијте радосни, за тоа што во деновите минати го заработивте!"

**25.** А тој на кого ќе му се даде книгата во левата рака негова ќе рече: „Камо среќа книгата моја да не ми е ни дадена

**26.** и да не ни дознаев за пресметката своја!

**27.** Камо среќа смртта да ме докрајчеше,

**28.** богатството мое не ми е од корист,

**29.** силата моја ја нема веќе!"

**30.** „Зграпчете го и во окови оковајте го,

**31.** потоа во оган пржете го,

**32.** а потоа во синџири седумдесет лакти долги врзете го;

**33.** навистина тој во Големиот Аллах не веруваше

**34.** и да се нахрани гладниот не поттикнуваше;

**35.** затоа тој денес овде близок пријател нема

**36.** ниту друга храна освен помии,

**37.** кои само неверниците ќе ги јадат."

**38.** А Јас се колнам во тоа што го гледате

**39.** и во тоа што не го гледате,

**40.** Куранот навистина е говор објавен на благородниот Пратеник,

**41.** а не е говор на никаков поет – колку малку вие верувате!

**42.** и не се зборови на никаков гатач – колку малку вие размислувате!

**43.** Тој е Објава од Господарот на световите!

**44.** А да изнесуваше тој какви било зборови против Нас,

**45.** Ние со десницата би го зграпчиле,

**46.** а потоа главната вена би му ја пресекле,

**47.** и никој меѓу вас не би можел од тоа да го одбрани.

**48.** Навистина Куранот е поука за богобојазливите.

**49.** а Ние сигурно знаеме дека некои од вас нема во него да веруваат.

**50.** И тој навистина ќе биде причина за пропаст на неверниците,

**51.** а тој навистина е неприкосновена вистина.

**52.** Затоа ти слави го името на Господарот свој, Величествениот!

## 70. Поглавје
# Ел Меариџ
*Степени*
Мека – 44 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Некој запраша за казната којашто ќе им се случи

**2.** на неверниците – никој не може да го спречи

**3.** Аллах, Господарот на возвишеноста и степените, тоа да не го стори.

**4.** Кон Него се качуваат мелеците и Џибрил во денот кој трае педесет илјади години.

**5.** Ти стрпи се со пријатна трпеливост.

**6.** Тие мислат дека нема да се случи,

**7.** а Ние знаеме дека сигурно ќе се случи,

**8.** оној Ден кога небото ќе биде како талог од масло,

**9.** а планините како искубана волна,

**10.** кога пријателот нема пријателот свој ништо да го праша,

**11.** иако едни со други ќе се видат. Злосторникот едвај би дочекал од страдањето на тој Ден да се искупи со синовите свои,

**12.** и со жената своја, и со братот свој,

**13.** и со семејството свое што го штитеше,

**14.** и со сите останати на Земјата – само за да се избави.

**15.** Никогаш! Тој (пеколот), само распламтен ќе биде

**16.** кој рацете и нозете ќе ги корне,

**17.** ќе го повикува тој што главата ја вртел и избегнувал

**18.** и натрупувал и сокривал.

**19.** Човекот, навистина, е создаден лаком:

**20.** кога ќе го снајде неволја – очаен е,

**21.** а кога ќе го снајде благосостојба – себичен е,

**22.** освен клањачите,

**23.** коишто во своите намази се истрајни,

**24.** и тие во чиишто имоти ќе има одреден дел

**25.** за тој што проси и за тој што не проси,

**26.** и тие што во Судниот ден ќе веруваат,

**27.** и тие што од казната на Господарот свој ќе стравуваат,

**28.** а од казната на Господарот свој никој не е сигурен,

**29.** и тие што своите срамни места ќе ги чуваат

**30.** освен од жените свои или од оние што се во нивна сопственост – тие, навистина, прекор не заслужуваат –

**31.** а тие што бараат вон тоа, тие паѓаат во грев,

**32.** и тие што доверените аманети ќе ги чуваат и обврските свои ќе ги исполнуваат,

**33.** и тие што сведочењата свои ќе ги извршуваат,

**34.** и тие што намазите свои ревносно ќе ги извршуваат,

**35.** тие во џенетските градини ќе бидат почестени.

**36.** Што им е на тие околу тебе коишто не веруваат па брзаат,

**37.** оддесно и одлево, во групи?!

**38.** Како секој од нив тежнее во Џенетот на уживањето да влезе?

**39.** Никогаш! Ние ги создаваме, од тоа што тие го знаат!

**40.** И Јас се колнам во Господарот на истоците и западите дека можеме

**41.** со подобри од нив да ги замениме и никој во тоа не може да Нѐ спречи.

**42.** Затоа остави ги нека кажуваат безмислици и нека се забавуваат додека Денот кој им се ветува не го дочекаат,

**43.** Денот во кој забрзано, како да брзаат кон идолите, од гробовите ќе излегуваат,

**44.** со спуштени погледи и потиштени од понижување. Тоа ќе биде оној Ден којшто им беше ветуван!

## 71. Поглавје
# Нух
*Нух*
Мека – 28 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ние го испративме Нух до неговиот народ: „Опомени го народот свој пред да го стигне болна казна!“

**2.** „О, народе мој,“ – говореше тој – „јас сум ви навистина јасен опоменувач!

**3.** Аллах обожувајте Го и од Него плашете се и мене послушни бидете ми.

**4.** Тој гревовите ваши ќе ви ги прости и во живот до одредениот час ќе ве остави, а кога Аллаховиот одреден час ќе дојде, да знаете дека навистина нема да се одложи.“

**5.** Тој рече: „Господару мој, јас навистина народот свој и дење и ноќе го повикував,

**6.** но повикувањето мое уште повеќе го оддалечи.

**7.** И кога и да ги повикував да им простиш, прстите свои во ушите ги ставаа и со алиштата свои се покриваа – беа упорни и претерано вообразени.

**8.** Потоа јас отворено ги повикував,

**9.** а тогаш јавно им објавував и во доверба им шепотев,

**10.** велејќи: „Барајте прошка од Господарот свој, бидејќи Тој, навистина, многу простува;

**11.** Тој дожд обилен ќе ви праќа

**12.** и ќе ви помогне со имоти и со синови, и ќе ви даде градини, и реки ќе ви даде.

**13.** Што ви е, зошто од Аллаховата величина не се плашите,

**14.** а Тој постепено ве создава?!

**15.** Зарем не гледате како Аллах седумте небеса, едно над друго, ги создаде,

**16.** и на нив осветлена Месечина даде, а Сонцето светилка го направи?

**17.** Аллах како и растенијата од земја ве создава,

**18.** потоа во неа ве враќа и од неа сигурно ќе ве изведе.

**19.** Аллах ви ја направи Земјата пространа,

**20.** за да патувате по неа по патиштата пространи."

**21.** Нух рече: „Господару мој, тие мене не ме слушаат и се поведуваат по оние чиишто богатства и деца пропаста нивна само ја зголемуваат

**22.** и сплетки големи плетат."

**23.** И велат: „Никако божествата ваши не ги оставајте, и никако, ниту Ведд, ниту Сува, а ни Јегус, ни Јеук, ниту Неср не ги напуштајте!"[251]

**24.** А веќе многумина во заблуда заведоа, па Ти на насилниците само заблудата зголеми им ја!"

**25.** И тие поради гревовите свои се потопени, и во Огнот ќе бидат воведени и никого за себе, освен Аллах, како помошник нема да најдат.

**26.** И Нух рече: „Господару мој, не оставај на Земјата ниту еден неверник,

**27.** бидејќи, ако ги оставиш, тие робовите Твои во заблуда ќе ги одведат и само грешници и неверници ќе раѓаат!

**28.** Господару мој, прости ми мене, и на родителите мои, и на тој што како верник во домот мој ќе влезе, и на верниците и верничките, а на насилниците само пропаста зголеми им ја!"

---

[251] Тоа се имињата на некои побожни луѓе кои живееле пред нив, кои умреле, па на чиишто гробови шејтанот (ѓаволот) ги навел да изградат споменици, а потоа ги завел убедувајќи ги луѓето да ги земат како посредници во молењето помеѓу нив и Бог, па за на крај да ги остави тотално да ги обожуваат.

## 72. Поглавје
# Ел Џин
*Џини*
Мека – 28 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кажи: „Мене ми е објавено дека неколку џини прислушкувале и рекле: ‚Ние навистина Куранот, кој предизвикува восхит, го слушавме;

**2.** кој на Вистинскиот пат упатува – и ние во него поверувавме и веќе никого нема на Господарот наш рамен да Му сметаме,‘

**3.** а Тој – нека биде возвишено достоинството на Господарот наш! – не Си зел ни сопруга ни дете!

**4.** Еден наш безумник за Аллах лаги говореше,

**5.** а ние мислевме дека ниту луѓето ниту џините за Аллах лаги не говорат;

**6.** и имаше луѓе кои од џините помош бараа, па така стравот уште повеќе им го зголемија;

**7.** и тие мислат, како што мислите и вие, дека Аллах никого нема да оживее;

**8.** и ние настојувавме небото да го допреме и утврдивме дека е со моќни чувари и огнени метеори;

**9.** и седевме околу него на местата за прислушкување за да чуеме нешто, но тој, што сега прислушкува, на метеор кој демне ќе наиде;

**10.** и ние не знаеме дали на оние на Земјата им се подготвува зло или Господарот нивен им сака добро.

**11.** А меѓу нас има и добри и такви коишто тоа не се, нѐ има различни видови;

**12.** и ние знаеме дека не можеме на Аллах, на Земјата, да Му се спротивставиме, ниту да Му избегаме.

**13.** И ние, штом Куранот го чувме, во него поверувавме; а кој верува во Господарот свој, ниту од штета ниту од неправда не треба да се плаши;

**14.** и нѐ има послушни муслимани, а нѐ има и заталкани; тие што исламот ќе го прифатат – Вистинскиот пат го избрале,

**15.** а тие што скршнале, во Џехенемот гориво ќе бидат.“

**16.** А да се придржуваат кон Вистинскиот пат, Ние со вода обилна би ги поеле,

**17.** за со тоа на искушение да ги ставиме; а тој што не сака Господарот свој да го спомнува – Тој во тешко страдание ќе го воведе.

**18.** Џамиите се само заради Аллах, и покрај Аллах не молете му се на никого!

**19.** А кога Аллаховиот роб стана да Му се помоли, тие во групи околу него збиени застанаа.

**20.** Кажи: „Јас само на Господарот свој Му се клањам, и никого Нему рамен не Му сметам.“

**21.** Кажи: „Јас не сум во состојба од вас некаква штета да отстранам, ниту на некој од вас каква било корист да му обезбедам.“

**22.** Кажи: „Мене никој од Аллаховата казна не може во заштита да ме земе; само кај Него јас можам прибежиште да најдам –

**23.** можам само да го соопштам тоа што е од Аллах и од посланието Негово.“ А тој што на Аллах и на Пратеникот Негов нема да им биде послушен – сигурно го чека огнот џехенемски; во него вечно и засекогаш ќе остане.

**24.** И кога тие ќе го видат тоа што им се ветува, ќе дознаат кој е послаб во помош и помалуброен.

**25.** Кажи: „Јас не знам дали наскоро ќе биде тоа што ви се ветува или Господарот мој одредил тоа по подолго време да биде.

**26.** Тој тајните ги знае и Тој тајните Свои не ги открива никому,

**27.** освен на тој што Тој за Пратеник ќе го одбере; затоа Тој и пред него и зад него ги поставува тие што ќе го чуваат

**28.** за да покаже дека посланијата од Господарот свој ги доставиле, Тој во детали го знае тоа што е во нив, Тој ја знае бројноста на сѐ што постои.“

## 73. Поглавје
# Ел Муземил
*Завиткан*
Мека – 20 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, ти завиткан![252]

**2.** Пробдеј ја ноќта, освен мал дел;

**3.** половината нејзина или помалку од неа;

**4.** или малку повеќе од неа, и изговарај го Куранот внимателно.

**5.** Ние навистина тешки зборови ќе ти праќаме –

**6.** та станувањето ноќе, навистина, посилно делува и се изговара појасно,

**7.** а ти дење, навистина, имаш многу работа.

**8.** И спомнувај го името на Господарот свој и Нему потполно посвети Му се –

**9.** Тој е Господар на истокот и на западот, нема бог освен Него, и Него земи Го за потпирач!

**10.** И истрпи го тоа што тие го говорат и одбегнувај ги на прикладен начин,

**11.** а Мене остави ми ги тие коишто велат дека лажеш, коишто раскошно живеат, и дај им малку време;

**12.** ќе има кај Нас, навистина, окови и пекол,

**13.** и храна која во грлото застанува, и страдање неподносливо,

**14.** на Денот кога Земјата и планините ќе се затресат, а планините ќе бидат песок кој се лизга.

**15.** Ние навистина ви пративме Пратеник за да сведочи против вас исто така како што и на фараонот Пратеник му пративме,

**16.** но фараонот не го послуша Пратеникот, па со тешка казна го казнивме.

**17.** Како, ако останете неверници, ќе се сочувате од Денот кој децата старци ќе ги направи?!

**18.** Небото тој Ден ќе се расцепи и заканата Негова ќе се исполни.

**19.** Ова навистина е поука; а кој сака, патот кон Господарот свој ќе го прифати!

**20.** Господарот твој сигурно знае дека ти клањајќи поминуваш помалку од две третини од

[252] Аллах му наредува на Својот Пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, да го прекине спиењето и да клања ноќен намаз (молитва). Затоа му се обратил во смисла: „О, ти завиткан спијачу!“, бидејќи тој бил покриен и завиткан во својата покривка за време на спиењето.

ноќта, половина од неа или третина од неа, а и некои од тие што се со тебе. Аллах ја одредува должината на ноќта и денот. Тој знае дека вие тоа нема да можете да го издржите, па ви простува, а вие од Куранот рецитирајте го тоа што е лесно. Тој знае дека меѓу вас ќе има болни, а и такви коишто по светот ќе патуваат и Аллаховите благодати ќе ги бараат, и такви кои на Аллаховиот пат ќе се борат. Па рецитирајте го тоа што ви е лесно од него, и намазот извршувајте го, и зекат давајте, и на Аллах убав заем давајте Му! А доброто коешто за себе однапред ќе го дадете ќе го најдете кај Аллах уште подобро и поголемо за награда. И молете Го Аллах да ви прости, бидејќи Аллах простува и Милостив е.

## 74. Поглавје

# Ел Мудесир

*Покриен*

Мека – 56 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** О, ти покриен![253]

**2.** Стани и опоменувај!

**3.** И Господарот свој величај Го!

**4.** И облеката своја исчисти ја!

**5.** И стој настрана од идолите!

**6.** И не прави добрина барајќи повеќе за неа!

**7.** И поради Господарот свој стрпи се!

**8.** А кога ќе се дувне во рогот –

**9.** тоа ќе биде тежок ден,

**10.** за неверниците нема да биде лесен.

**11.** Остави ме Мене и тој што Јас го создадов сам

**12.** и огромно богатство му дадов

**13.** и синови коишто се со него

**14.** и чест и углед му пружив –

**15.** и уште копнее да му зголемам!

---

[253] О, ти покриен! Првите зборови на објавата Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, ги примил на ридот Хира, недалеку од Мека и веднаш исплашен се вратил дома. Штом влегол, ја повикал, тресејќи се, својата сопруга Хатиџа и ѝ рекол: „Покриј ме, покриј ме!“

**16.** Никако! Тој навистина им пркоси на ајетите Наши –

**17.** а Јас ќе му натоварам нему тешкотии,

**18.** бидејќи смислуваше и пресметуваше (што ќе каже) –

**19.** и проклет да е како пресмета!

**20.** И уште еднаш, проклет да е како пресмета!

**21.** Потоа погледна,

**22.** па лицето му се стемни и се намурти

**23.** и потоа се сврте и се вообрази,

**24.** и рече: „Ова не е ништо друго освен магија којашто се наследува,

**25.** ова се само човечки зборови!“

**26.** Јас него во Секар ќе го фрлам!

**27.** А знаеш ли ти што е Секар?

**28.** Тој ништо нема да поштеди,

**29.** кожите црни ќе ги направи,

**30.** над нив се деветнаесетмина.

**31.** Ние за чувари на Огнот мелеци поставивме и го одредивме нивниот број како искушение за тие што не веруваат – за на тие на коишто им е дадена Книгата да се уверат, а на тие што веруваат верувањето да им се зголеми, и тие на коишто им е дадена Книгата и тие што се верници да не се сомневаат, и тие чиишто срца се болни и тие што се неверници да кажат: „Што сакаше Аллах со овој пример?“ Така Аллах го заблудува тој што сака и на Вистинскиот пат го упатува тој што сака. А војските на Господарот твој само Тој ги знае. И тој – Огнот е само опомена за луѓето.

**32.** Се колнам во Месечината,

**33.** и во ноќта кога ќе мине,

**34.** и во мугрите кога рудат,

**35.** тој навистина е еден од најголемите неволји,

**36.** за луѓето опомена,

**37.** за тој меѓу вас кој сака да го прифати или да го одбие, кој сака на Вистината да ѝ пристапи или да изостане!

**38.** Секоја душа е залог на тоа што го стекнала,

**39.** освен тие на десната страна,

**40.** тие во џенетските градини ќе се распрашуваат

**41.** за злосторниците:

**42.** „Што ве доведе во Секар?“

**43.** „Не бевме“ – ќе речат – „од тие што клањаа

**44.** и од тие што сиромашните ги хранеа,

**45.** и во безделништво со безделниците се впуштавме,

**46.** и Судниот ден го негиравме,

**47.** сè додека смртта не ни дојде.“

**48.** Ним посредувањето на посредниците нема да им користи.

**49.** Па зошто тие поуката ја избегнуваат?

**50.** Како да се преплашени диви магариња

**51.** избегани од лавовите.

**52.** Да! Секој човек од нив би сакал да му се дадат листовите раширени (објава).

**53.** Никогаш, бидејќи тие од оној свет не се плашат!

**54.** Навистина! Куранот е опомена,

**55.** и кој сака, ќе земе поука од него,

**56.** а тие ќе примаат поука само ако Аллах сака, единствено Тој е достоен од Него да се плашат и единствено Тој простува.

75. Поглавје

## Ел Кијаме

*Крајот на светот*

Мека – 40 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во Денот во којшто Крајот на светот ќе настапи

**2.** и се колнам во душата која себеси се кори.

**3.** Зарем човекот мисли дека нема никогаш да ги собереме коските негови?

**4.** Напротив, Ние можеме повторно да ги создадеме и врвовите на неговите прсти.

**5.** Но, човекот додека е жив сака да греши,

**6.** па прашува: „Кога Крајот на светот ќе биде?“

**7.** Кога погледот од страв ќе се вкочани

**8.** и Месечината ќе се затемни

**9.** и Сонцето и Месечината ќе се спојат па сјајот ќе го изгубат –

**10.** тој ден човекот ќе повика: „Каде да се бега?“

**11.** Никаде! Засолниште нема.

**12.** Тој ден е враќањето кон твојот Господар,

**13.** тој ден човекот за тоа што го подготвил и за тоа што го пропуштил ќе биде известен,

**14.** самиот човек против себеси ќе сведочи,

**15.** макар и оправданијата свои да ги изнесува.

**16.** Не изговарај го Куранот со јазикот свој за што побргу да го запомниш,

**17.** Ние сме должни да го собереме за ти да го читаш.

**18.** А кога го читаме, ти следи го читањето негово,

**19.** а потоа, Ние сме должни да го објасниме.

**20.** Навистина, вие овој минлив свет го сакате,

**21.** а за оној другиот не се грижите.

**22.** Тој Ден некои лица блескави ќе бидат,

**23.** во Господарот свој ќе гледаат.

**24.** Тој ден некои лица темни ќе бидат,

**25.** ќе знаат дека ќе ги снајде голема несреќа!

**26.** Внимавај, кога душата ќе дојде в грло

**27.** и ќе се викне: „Кој ќе го излечи?"

**28.** и тој ќе се увери дека тоа е Часот на разделбата

**29.** и ногата до нога ќе се свитка.

**30.** Тој ден кон Господарот твој приведувањето ќе биде:

**31.** „Не веруваше и не клањаше,

**32.** туку негираше и грбот го вртеше,

**33.** а потоа кај своите горделиво заминуваше."

**34.** Тешко тебе! Тешко тебе!

**35.** И уште еднаш: Тешко тебе! Тешко тебе!

**36.** Зарем човекот мисли дека без одговорност оставен ќе биде?

**37.** Зарем не беше капка семе која се вметнува,

**38.** потоа грутка на којашто тогаш Тој размер ѝ одреди и складен лик ѝ направи,

**39.** и од него тогаш пар, маж и жена, создаде,

**40.** и зарем Тој не е во можност мртвите да ги оживее?

## 76. Поглавје
# Ел Инсан
*Човек*
Медина – 31 ајет

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Зарем не му дојде на човекот еден дел од времето во којшто не беше вреден за спомен?

**2.** Ние човекот од семена смеса го создаваме за на искушение да го ставиме, и правиме тој да слуша и гледа;

**3.** Ние на Вистинскиот пат му укажуваме, а негово е дали благодарен или неблагодарен ќе биде;

**4.** Ние за неверниците окови и синџири и оган распламтен подготвивме.

**5.** Добротворите од пехар ќе пијат со камфор зачинет пијалак

**6.** од изворот од кој само Аллаховите робови ќе пијат, и кои каде што сакаат без мака ќе се движат.

**7.** Тие заветот го исполнија и се плашеа од Денот чијашто кобност ќе биде присутна насекаде,

**8.** и даваа храна, иако и самите ја посакуваа, на сиромашниот, на сирачето и на заробеникот.

**9.** „Ние само заради Аллаховото лице ве храниме, од вас ни признание ни благодарност не бараме!

**10.** Ние од Господарот Наш се плашиме, оној Ден кога лицата темни и намуртени ќе бидат.“

**11.** И нив Аллах од стравот на тој Ден ќе ги сочува и блаженство и радост ќе им дари

**12.** и со Џенет и свила за тоа што го трпеа ќе ги награди:

**13.** потпрени на диваните, тие во него ни жед ни студ нема да почувствуваат,

**14.** ладовината негова во близина ќе им биде, а плодовите негови на дофат на рацете ќе им стојат.

**15.** Ќе ги служат од сребрени садови и чаши проѕирни,

**16.** проѕирни, од сребро, чијашто величина според желбите нивни ќе ја одредат.

**17.** Во него од чаша пијалак зачинет со ѓумбир ќе се пие

**18.** од извор во Џенетот, кој Селсебил се вика.

**19.** Ќе ги служи вечно млада послуга – да ги видиш, би помислил дека се бисери истурени.

**20.** И каде и да погледнеш, ќе видиш удобност и царство пространо.

**21.** Тие ќе носат облеки од тенка зелена свила, и од тешка

свила, накитени со белезици од сребро, и ќе им даде Господарот нивни да пијат чист пијалак.

**22.** „Тоа ви е наградата; вашиот труд е достоен за благодарност!"

**23.** Одвреме-навреме Ние ти го објавуваме Куранот,

**24.** затоа издржи до одлуката на Господарот твој, и не слушај го ниту грешникот ниту неверникот нивен!

**25.** И спомнувај го името на Господарот свој и наутро и навечер,

**26.** и во еден дел од ноќта заради Него молитвата извршувај ја, и ноќе слави Го долго!

**27.** А таквите животот на овој свет навистина го сакаат, а ништо не ги интересира за Денот мачен што ги чека.

**28.** Ние ги создаваме и зглобовите им ги поврзуваме, а ако посакаме, ќе ги замениме со на нив слични.

**29.** Ова е поука, па кој сака ќе се придржува кон патот кој кон Господарот негов води,

**30.** а вие ќе го сакате само тоа што Аллах го сака – Аллах навистина сè знае и Мудар е.

**31.** Тој кого сака внесува во милоста Своја, а на неверниците им подготви болно страдание.

## 77. Поглавје
# Ел Мурселат
*Испратени*

Мека – 50 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во оние (мелеци) коишто еден по друг се праќаат,

**2.** па како виор итаат,

**3.** и во оние кои објавуваат,

**4.** па раздвојуваат

**5.** и Објавата ја доставуваат,

**6.** оправдување или опомена –

**7.** сигурно ќе биде тоа со што ви се заканува![254]

**8.** Кога ѕвездите сјајот ќе го изгубат

**9.** и кога небото ќе се отвори

**10.** и кога планините во прав ќе се здробат,

**11.** и кога пратениците во одредено време ќе се зберат.

**12.** „До кој ден е одложено тоа?"

**13.** „До Судниот ден!"

**14.** А знаеш ли ти што е Судниот ден? –

[254] Судниот ден.

**15.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**16.** Зарем Ние не ги уништивме древните народи

**17.** и по нив и оние коишто по нив доаѓаа?!

**18.** Исто така ќе постапуваме со сите грешници!

**19.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**20.** Зарем од незначителна течност не ве создаваме,

**21.** која на сигурно место ја ставаме

**22.** до рокот одреден?!

**23.** Таква е Нашата моќ; а како ли сме Ние само моќни!

**24.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**25.** Зарем не ја направивме Ние Земјата собиралиште

**26.** на живите и мртвите

**27.** и на неа неподвижни високи планини поставивме, и зарем не ви даваме Ние слатка вода да пиете?

**28.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**29.** Одете кон тоа што за невистина го сметавте,

**30.** одете кон чадот во три пламена раздвоен,

**31.** кој ладовина нема да дава и кој од пламенот нема да заштитува.

**32.** Тој како од кули ќе фрла искри,

**33.** како да се камили жолти.

**34.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**35.** Ова е Денот во којшто тие нема ни да прозборат

**36.** и правдањето нема да им биде дозволено.

**37.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**38.** Ова е Судниот ден, и вас и народите древни ќе ги збереме,

**39.** па ако знаете со некое лукавство да се послужите, обидете се против Мене!

**40.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**41.** Богобојазливите ќе бидат меѓу изворите, и под сенките

**42.** и меѓу овошјето кое ќе го сакаат.

**43.** „Јадете и пијте, нека ви е пријатно, за тоа што го правевте.“

**44.** Така Ние ќе ги наградиме оние коишто прават добри дела.

**45.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**46.** „Јадете и насладувајте се, но за кратко! – вие навистина сте грешници!“

**47.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**48.** А кога им се велеше: „Бидете понизни кон Аллах!“ – тие не сакаа да бидат понизни.

**49.** Тешко им тој Ден на тие што негираа!

**50.** Па во кој говор ќе веруваат, ако не во Куранот?!

## 78. Поглавје

# Ен Небе

*Вест*

Мека – 40 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** За што тие едни со други се прашуваат?

**2.** За Веста голема,

**3.** за којашто тие различни мислења имаат.

**4.** Не треба така, тие ќе дознаат сигурно!

**5.** И уште еднаш, не треба така, тие ќе дознаат сигурно!

**6.** Зарем Земјата не ја направивме постела,

**7.** и планините столбови,

**8.** и вас како парови ве создадовме,

**9.** и сонот ваш за починка го направивме,

**10.** и ноќта како покривка ја дадовме,

**11.** и денот за заработување го одредивме,

**12.** и над вас седум силни[255] соѕидавме,

**13.** и светилка[256] што пламти поставивме?

---

[255] Небеса.

[256] Сонце.

**14.** Ние од облаците обилна вода спуштаме

**15.** и со нејзина помош правиме да растат житото и растенијата,

**16.** и градините густи.

**17.** Денот суден е навистина веќе одреден,

**18.** Денот кога во рогот ќе се дувне, па вие, сè група по група ќе доаѓате,

**19.** и небото ќе се отвори и многу порти ќе има,

**20.** и планините ќе се здробат и привидение ќе биде.

**21.** Џехенемот заседа ќе стане,

**22.** за насилниците место на враќање

**23.** каде што вечно ќе останат:

**24.** во него свежина нема да осетат, ниту пијалак ќе вкусат,

**25.** освен жешка вода и течности,

**26.** казна прикладна.

**27.** Тие не очекуваа дека ќе полагаат сметка

**28.** и доказите Наши претерано ги негираа,

**29.** а Ние сè избројавме и запишавме –

**30.** па трпете, мачењето сè полошо ќе ви го направиме!

**31.** А на богобојазливите местото на спасот им припаѓа:

**32.** градини и лозја,

**33.** и девици млади, со години исти,

**34.** и пехари полни.

**35.** Таму празни приказни и невистини нема да слушаат,

**36.** тоа им е награда од Господарот твој, дар доволен.

**37.** Господарот на небесата и на Земјата и на тоа што е меѓу нив, Милостивиот, Кому од страв нема да може да Му се прозбори

**38.** на Денот кога Џибрил и мелеците ќе бидат во редови наредени, кога само оној на кого Милостивиот ќе му дозволи ќе зборува, а вистината ќе ја каже.

**39.** Тоа е Вистинитиот ден, па кој сака, враќањето кон Господарот свој ќе го прифати.

**40.** Ние на блиска казна ве предупредуваме, на Денот во кој човек делата на рацете свои ќе ги види, а неверникот ќе извика: „Камо среќа прашина да останев!“

79. Поглавје

# Ен Назиат

*Тие што кубат*

Мека – 46 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во тие[257] што (душите ги) корнат грубо,

**2.** и во тие што (душите ги) вадат благо,

**3.** и во тие што пловат брзо,

**4.** па душите во одредиштата итајќи ги носат

**5.** и ги средуваат работите (со Аллахова дозвола)!

**6.** На Денот кога Земјата (со звукот на рогот) ќе се затресе,

**7.** по кој ќе се чуе следниот –

**8.** срцата тој ден ќе бидат исплашени,

**9.** а погледите нивни спуштени.

**10.** Ќе прашуваат: „Зарем навистина ќе бидеме вратени во првобитната состојба?

**11.** Зарем и кога изгниени коски ќе станеме?“

**12.** И уште велат: „Е, тогаш ние би биле изгубени!“

**13.** Тоа ќе биде само еден повик,

**14.** а тие веќе на површината на Земјата ќе бидат.

**15.** Дали до тебе допре веста за Муса,

**16.** кога Господарот негов го повика во светата долина Тува?

**17.** „Оди кај фараонот, затоа што се осилил,

**18.** и кажи му: ‚Дали сакаш да се очистиш,

**19.** кон Господарот твој да те упатам, па да се плашиш од Него?‘“

**20.** И тогаш најголемото чудо му го покажа,

**21.** но тој го негираше и не го послуша,

**22.** туку се сврте и си замина брзајќи,

**23.** се собра и извика:

**24.** „Јас сум господарот ваш најголем!“ – рече тој,

**25.** и Аллах на овој и на оној свет го казни.

**26.** Тоа е поука за тој што од Аллах ќе се плаши!

**27.** А што е потешко: вас или небото да го создаде? Тој го создаде[258],

---

[257] Во првите ајети под поимот „тие“ се подрзабираат мелеците.

[258] Небото.

**28.** сводот негов високо го крена и го усоврши,

**29.** ноќите негови мрачни, а деновите светли ги направи.

**30.** Потоа Земјата ја распростре,

**31.** од неа вода и пасишта изведе,

**32.** и планините неподвижни ги направи –

**33.** за уживање ваше и за стоката ваша.

**34.** А кога ќе дојде најголемата неволја,

**35.** Денот кога човек ќе се сеќава на тоа што го правел,

**36.** и кога Џехенемот на секој што гледа ќе му се покаже,

**37.** тогаш на тој што се осилил

**38.** и животот на овој свет повеќе го сакал

**39.** Џехенемот сигурно ќе му стане престојувалиште.

**40.** А на тој што стравувал од стоењето пред Господарот свој и душата од страстите ја воздржал,

**41.** Џенетот сигурно живеалиште ќе му биде.

**42.** Те прашуваат за Крајот на светот: „Кога ќе се случи?"

**43.** Ти не знаеш, па како да зборуваш за него,

**44.** само Господарот твој знае за него.

**45.** Твојата опомена ќе му користи само на тој што ќе се плаши од него,[259]

**46.** а ним, кога ќе го доживеат тој Ден, ќе им се пристори дека останале само една вечер или само едно утро негово.

---

[259] Од Судниот ден.

## 80. Поглавје
# Абесе
*Се намурти*
Мека – 42 ајет

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тој се намурти и се сврте

**2.** затоа што слепиот му пријде.

**3.** А што знаеш ти, можеби тој сака да се очисти,

**4.** или да се подучи, па поуката да му користи.

**5.** Тој што е богат,[260]

**6.** ти него го советуваш,

**7.** а ти не си виновен ако тој не сака да верува.

**8.** А тој што ти приоѓа брзајќи

**9.** и се плаши,

**10.** ти го занемаруваш.

**11.** Не чини така! Тоа е поука,

**12.** па кој сака, ќе се подучи,

**13.** на листови ценети

**14.** возвишени, чисти,

**15.** во рацете на гласниците[261]

**16.** чесни и безгрешни.

**17.** Проклет нека е човекот! Колку ли е само неблагодарен!

**18.** Тој од што го создава?

**19.** Од капка семе го создава, па му одредува што сака,

**20.** и Вистинскиот пат достапен му го прави,

**21.** потоа животот му го одзема и прави да биде погребан,

**22.** и потоа, кога Тој ќе сака, ќе го оживее.

**23.** Навистина, тој сѐ уште не го исполнил тоа што Тој му го наредил!

**24.** Нека погледне човекот во храната своја.

**25.** Ние обилен дожд пролеваме,

**26.** потоа земјата со пукнатини ја расекуваме

**27.** и правиме од неа житото да израснува,

**28.** и грозје и зеленчук,

**29.** и маслинки и палми,

**30.** и градини густи,

**31.** и овошје и пасишта

**32.** за уживање ваше и за стоката ваша.

**33.** А кога ќе дојде гласот заглушувачки[262]

**34.** на Денот кога човекот од братот свој ќе избега

---

[260] Смета дека нема потреба од Аллах.

[261] Во рацете на мелеците (ангелите) писари.

[262] Судниот ден.

**35.** и од мајката своја и од таткото свој

**36.** и од сопругата своја и од синовите свои,

**37.** тој Ден секој човек само за себеси ќе се грижи.

**38.** Некои лица тој Ден ќе бидат блескави,

**39.** насмеани, радосни.

**40.** А на некои лица тој Ден ќе има прашина,

**41.** ќе ги прекрива темнина,

**42.** тоа ќе бидат неверниците – развратници.

## 81. Поглавје
# Ет Теквир
*Прекин на сјајот*
Мека – 29 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога Сонцето сјајот ќе го изгуби,

**2.** и кога ѕвездите ќе попаѓаат,

**3.** и кога планините ќе се придвижат,

**4.** и кога стелните камили без пастир ќе бидат напуштени,

**5.** и кога дивите животни ќе се соберат,

**6.** и кога морињата со оган ќе се наполнат,

**7.** и кога душите со телата ќе се спојат,

**8.** и кога живо закопаното девојче ќе биде запрашано

**9.** поради каква вина е убиено,

**10.** и кога листовите ќе се разделат,

**11.** и кога небото ќе се тргне,

**12.** и кога Џехенемот ќе се распали,

**13.** и кога Џенетот ќе се приближи –

**14.** секој ќе го дознае тоа што го подготвил.

**15.** И се колнам во ѕвездите кои се сокриваат,

**16.** кои се движат и кои од вид се губат,

**17.** и во ноќта кога таа велот го спушта,

**18.** и во зората кога дише –

**19.** Куранот навистина е кажување на Гласникот благороден,

**20.** моќен, од Господарот на Аршот ценет,

**21.** кому други му се потчинуваат, таму доверлив!

**22.** А другарот ваш не е луд:

**23.** тој на хоризонтот јасен го виде

**24.** и, кога е во прашање Објавата, тој не е скржав

**25.** и Куранот не е говор на проклетиот шејтан,

**26.** па тогаш каде одите?!

**27.** Куранот е само поука за световите,

**28.** за оној од вас кој сака да е на Вистинскиот пат,

**29.** а вие не можете ништо да сакате, ако тоа Аллах, Господарот на световите, не го сака!

## 82. Поглавје
# Ел Инфитар
*Расцепување*

Мека – 19 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога небото ќе се расцепи,

**2.** и кога ѕвездите ќе испопаѓаат

**3.** и кога морињата едни во други ќе се влеат,

**4.** и кога гробовите ќе се испревртат,

**5.** секој ќе дознае што подготвил, а што пропуштил.

**6.** О, човеку, што те измами толку та си Му непокорен на својот Благороден Господар,

**7.** Кој те создал – та направил да си складен и да си исправен –

**8.** и каков што сакал лик ти дал?

**9.** А не чини така! Вие во Судниот ден не верувате,

**10.** а над вас бдеат чувари,[263]

**11.** кај Нас благородни писари,

**12.** кои знаат што правите.

**13.** Честитите сигурно ќе бидат во Џенетот,

**14.** а грешниците сигурно во Џехенемот,

[263] Мелеци.

**15.** на Судниот ден во него ќе горат

**16.** и веќе од него изведени нема да бидат.

**17.** А знаеш ли ти што е Судниот ден?

**18.** И уште еднаш: Знаеш ли ти што е Судниот ден?

**19.** Денот кога никој никому нема да може ни малку да му помогне, тој Ден власта единствено Аллах ќе ја има.

## 83. Поглавје
# Ел Мутафифин
*Тие што не мерат чесно*
Мека – 36 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тешко им на тие што не мерат чесно,

**2.** кои полна мерка земаат кога купуваат од други,

**3.** а кога им мерат на други (на литар или на кантар) – кратат.

**4.** Како не помислуваат дека ќе бидат оживеани

**5.** на Денот голем,

**6.** на Денот кога луѓето поради Господарот на световите ќе се кренат![264]

**7.** Навистина, книгата на грешниците е во Сиџин,

**8.** А знаеш ли ти што е тоа Сиџин?

**9.** Книга испишана!

**10.** Тешко им тој Ден на тие коишто негирале,

**11.** коишто оној свет го негирале,

**12.** а него може да го негира само престапник, грешник,

[264] Од гробовите.

**13.** кој, кога Нашите ајети му биле кажувани, говорел: „Измислици на народите древни!“

**14.** А не е така! Тоа што го правеле ги прекрило срцата нивни.

**15.** Навистина, тој Ден тие ќе бидат тргнати од милоста на својот Господар,

**16.** потоа сигурно ќе влезат во огнот,

**17.** па ќе им се рече: „Еве, ова е тоа што го негиравте!“

**18.** Навистина, книгата на добродетелите е во Иллијун.

**19.** А знаеш ли ти што е тоа Иллијун?

**20.** Книга испишана!

**21.** Над неа бдеат оние блиските на Аллах.

**22.** Добрите, навистина, во задоволства ќе бидат,

**23.** од диваните ќе гледаат,

**24.** на лицата нивни ќе препознаеш радост од срекниот живот,

**25.** ќе им се даде, па пијалак запечатен ќе пијат,

**26.** чиј печат мошусот ќе биде – и за тоа нека се натпреваруваат оние коишто сакаат да се натпреваруваат!

**27.** Ќе биде помешан со водата од Тесним,[265]

**28.** од изворот од којшто блиските на Аллах ќе пијат.

**29.** Грешниците им се смеат на тие што веруваат.

**30.** Кога крај нив поминуваат, едни на други си намигнуваат,

**31.** а кога кај семејствата свои се враќаат, правејќи шеги се враќаат;

**32.** кога ќе ги видат, тогаш велат: „Овие навистина заталкале!“ –

**33.** а тие не се пратени да ги чуваат.

**34.** Денес, тие што веруваа, на неверниците ќе им се потсмеваат,

**35.** од диваните ќе гледаат.

**36.** Зарем неверниците ќе бидат казнети поинаку, освен според тоа како што постапувале?!

[265] Тесним е име на изворот во рајот.

## 84. Поглавје
# Ел Иншикак
*Кинење*
Мека – 25 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога небото ќе се раскине,

**2.** и кога Господарот свој ќе го послуша – а тоа ќе биде должно за тоа –

**3.** и кога Земјата ќе се растегне,

**4.** и ќе го исфрли тоа што е во неа, и потполно ќе се испразни,

**5.** и ќе го послуша Господарот свој – а таа ќе биде должна за тоа –

**6.** ти, о, човеку, што многу се трудиш, трудот свој пред Господарот свој ќе го најдеш.

**7.** Оној кому книгата негова во неговата десна рака ќе му биде дадена

**8.** лесно ќе ја положи сметката

**9.** и кај своето семејство радосен ќе се врати.

**10.** А оној кому книгата негова од зад неговиот грб ќе му биде дадена

**11.** пропаста ќе ја повикува

**12.** и во огнот ќе гори,

**13.** бидејќи со семејството свое радосен беше

**14.** и мислеше дека никогаш нема да се врати –

**15.** а ќе се врати! Неговиот Господар за него, навистина, сè знае!

**16.** И се колнам во руменилото вечерно,

**17.** и во ноќта, и во тоа што таа со темнината го обвива,

**18.** и во полната Месечина,

**19.** вие, сигурно, на сè потешки и потешки прилики ќе наидувате!

**20.** Па што им е, зошто не сакаат да веруваат?!

**21.** И зошто, кога Куранот им се чита, на тло со лицето не паѓаат?!

**22.** Напротив, неверниците негираат,

**23.** а Аллах добро знае тие што кријат во себе,

**24.** затоа навести им неиздржливо страдање!

**25.** Но тие што ќе веруваат и што добри дела ќе прават, непрекидна награда ќе ги чека.

## 85. Поглавје
# Ел Буруџ
*Соѕвездија*
Мека – 22 ајета

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во небото ѕвездено

**2.** и во Денот веќе одреден,

**3.** и во сведокот и во посведоченото.

**4.** Проклети нека се тие што рововите ги ископаа,

**5.** и кои со оган и гориво ги наполнија,

**6.** кога околу него седеа

**7.** и беа сведоци на тоа што на верниците им го правеа!

**8.** А им се одмаздуваа само затоа што веруваа во Аллах, Силниот и за благодарност Достојниот,

**9.** Чијашто власт е на небесата и на Земјата, а Аллах е Сведок на сè.

**10.** Тие што верниците и верничките ќе ги мачат, и потоа нема да се покајат, ги чека казна во Џехенемот и исто така пржење во огнот.

**11.** А тие што ќе веруваат и ќе прават добри дела ги чекаат џенетски градини низ кои реки течат, а тоа голем успех ќе биде.

**12.** Одмаздата на Господарот твој, навистина, ужасна ќе биде!

**13.** Тој од ништо создава и повторно тоа ќе го направи.

**14.** И Тој простува и полн е со љубов,

**15.** Господарот на Аршот, Возвишениот,

**16.** Тој прави што Му е Нему по волја.

**17.** Дали допре до тебе веста за војските,

**18.** за фараонот и за Семуд?

**19.** Но, тие што не веруваат постојано негираат,

**20.** а на Аллах тие нема да можат да Му избегаат.

**21.** А ова е Куранот величествен,[266]

**22.** на Плочата внимателно чувана.

---

[266] Левхил Махфуз.

## 86. Поглавје
# Ет Тарик
*Пулсар*
Мека – 17 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во небото и во Тарик!

**2.** А знаеш ли ти што е Тарик?

**3.** Ѕвезда блескава!

**4.** Нема човек над кого некој не бдее.

**5.** Нека погледне човекот од што е создаден!

**6.** Создаден е од течноста што се исфрла,

**7.** од врската на надворешните делови на телата на мажот и на жената.

**8.** И Тој навистина е кадар повторно да го создаде,

**9.** оној Ден кога ќе биде испитувана совеста,

**10.** кога човек ниту сила ниту бранител ќе има.

**11.** И се колнам во небото дождливо

**12.** и во земјата која се отвора кога растенијата никнуваат,

**13.** Куранот навистина е говор кој ја раздвојува вистината од невистината,

**14.** тој не е никаква лакрдија!

**15.** Тие се служат со разни интриги,

**16.** а Јас ги уништувам,

**17.** затоа на неверниците дај им уште време, остави ги уште некој миг.

## 87. Поглавје
# Ел Ала
*Севишниот*
Мека – 19 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Слави го името на Господарот свој Севишен,

**2.** Кој сѐ создава и прави складно,

**3.** и Кој сѐ со мера одреди и упати,

**4.** и Кој прави пасиштата да растат,

**5.** а потоа прави да станат суви, потемнети.

**6.** Ние ќе те научиме да учиш, па ништо нема да заборавиш,

**7.** освен тоа што Аллах ќе сака – бидејќи, Тој го знае тоа што јавно го изнесувате и тоа што го криете –

**8.** и сѐ што е добро Ние тебе достапно ќе ти го направиме.

**9.** Затоа опоменувај – ако опомената веќе од корист ќе биде.

**10.** Ќе се одѕвие на опомената тој што се плаши од Аллах,

**11.** а ќе ја избегнува најлошиот,

**12.** кој во огнот голем ќе гори,

**13.** па во него нема ниту да умре ниту да живее.

**14.** Ќе го постигне тоа што го сака тој што ќе се исчисти

**15.** и ќе го спомне името на Господарот свој, па намазот (молитвата) ќе го изврши!

**16.** Но, вие на животот од овој свет повеќе му давате предност,

**17.** а оној свет е подобар и вечен е.

**18.** Ова, навистина, го има во листовите дамнешни,

**19.** во листовите на Ибрахим и на Муса.

## 88. Поглавје
# Ел Гашија
*Тешка неволја*
Мека – 26 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Допре ли до тебе веста за Гашија?

**2.** Кога некои лица потиштени,

**3.** преморени и напатени

**4.** во огнот жесток ќе се пржат,

**5.** од изворот жежок ќе пијат,

**6.** и кога друга храна освен трње нема да има,

**7.** коешто нема да нахрани, а ни гладот нема да го отстрани.

**8.** Некои лица тој Ден ќе бидат радосни,

**9.** со трудот свој задоволни;

**10.** во Џенетот возвишен,

**11.** во кој нема да слушаат зборови празни.

**12.** Во него има извори кои течат,

**13.** и дивани скапоцени,

**14.** и пехари подигнати,

**15.** и перници наредени,

**16.** и килими постелени.

**17.** Па зошто не ја погледнат камилата како е создадена,

**18.** и небото како е воздигнато,

**19.** и планините како се поставени,

**20.** и Земјата како е прострена?!

**21.** Ти опоменувај – твое е да опоменуваш,

**22.** ти над нив власт немаш!

**23.** А тој што главата од Вистината ја врти и не сака да верува,

**24.** него Аллах со најголема казна ќе го казни!

**25.** Нам, навистина, тие ќе ни се вратат,

**26.** и пред Нас, навистина, сметката ќе ја полагаат!

## 89. Поглавје
# Ел Феџр
*Зора*
Мека – 30 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во зората,

**2.** и во десетте ноќи,

**3.** парни и непарни,

**4.** и во ноќта кога исчезнува!

**5.** Зарем за паметниот тоа не е заклетва?

**6.** Зарем не знаеш, со народот Ад, Господарот твој што стори;

**7.** и со жителите на Ирем, кои имаа градби со високи столбови,

**8.** на коишто слични во ниедна земја им немаше;

**9.** и со народот Семуд, кои ги делкаа карпите во долините,

**10.** и со фараонот што имаше шатори; –

**11.** кои на земјата насилство чинеа

**12.** и пороци на неа умножија.

**13.** Па Господарот твој со камшикот на страданието ги казни,

**14.** зашто Господарот твој, навистина, набљудува сè!

**15.** А човекот, пак, кога Господарот негов сака да го искуша, па ќе му покаже почест и ќе го опсипе со благодати, вели: „Господарот мој кон мене благородно постапи!“.

**16.** А кога, пак, ќе го искуша со сиромаштија, човекот вели: „Господарот мој ме понижи!“.

**17.** А не е така! Вие внимание на сирачето не му посветувате,

**18.** и сиромавиот да се нахрани – еден со друг не си советувате,

19. а наследството алчно го јадете

**20.** и богатството претерано го сакате!

**21.** А не чини така! Кога Земјата на парчиња ќе се здроби,

**22.** и кога Господарот твој ќе дојде со мелеците во редови наредени,

**23.** и кога тој Ден Џехенемот ќе биде доведен; тогаш човекот ќе се сети – а за што ќе му е тогаш сеќавањето?! –

**24.** и ќе рече: „Камо среќа за овој живот да се подготвев!“

**25.** Тој Ден никој како Него нема да казнува,

**26.** и никој како Него нема во окови да врзува!

**27.** А ти, о, душо смирена,

**28.** врати Му се на Господарот свој задоволна, а и Тој од тебе задоволен.

**29.** Па влези меѓу робовите Мои,

**30.** и влези во Џенетот Мој!

**90. Поглавје**

## Ел Белед

*Град*

Мека – 20 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во овој град,

**2.** а тебе сѐ ќе ти биде допуштено во овој град.

**3.** Се колнам и во родителот и во тоа што го роди!

**4.** Ние го создаваме човекот за да се труди.

**5.** Зарем тој мисли дека никој ништо не му може?

**6.** „Големо богатство потрошив!" – ќе каже.

**7.** Зарем мисли дека никој не го видел?

**8.** Зарем не му дадовме очи две

**9.** и јазик и усни две,

**10.** и доброто и злото му ги објаснивме?

**11.** Па зошто не е благодарен на благодатите?

**12.** А што мислиш ти, како може на благодатите благодарен да се биде?

**13.** Роб од ропство да се ослободи,

**14.** или, гладот кога владее, да се нахрани

**15.** сираче од родот близок,

**16.** или сиромав, со неволји оптоварен,

**17.** а со тоа и да е од оние коишто веруваат, коишто едни со други трпеливост си препорачуваат и коишто едни со други милост си препорачуваат.

**18.** Тие ќе бидат среќни!

**19.** А тие што не веруваат во доказите Наши, тие ќе бидат несреќни,

**20.** над нив ќе биде огнот затворен.

## 91. Поглавје
# Еш Шемс
*Сонце*
Мека – 15 ајети

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во Сонцето и во светлината негова,

**2.** и во Месечината која го следи,

**3.** и во денот кога ќе го раздени,

**4.** и во ноќта кога ќе го засолни.

**5.** И во небото и во Тој што го крена,

**6.** и во Земјата и во Тој што ја направи пространа,

**7.** и во душата и во Тој што ја создаде,

**8.** па патот на доброто и патот на злото сфатливи ѝ ги стори.

**9.** Ќе успее само тој што ќе ја исчисти,

**10.** а ќе биде изгубен тој што ќе ја извалка!

**11.** Семуд поради насилството свое негираше,

**12.** кога еден несреќник меѓу нив се појави,

**13.** па Аллаховиот пратеник им довикна: „Грижете се за камилата Божја и за времето кога таа треба да пие!“

**14.** Но, не му поверуваа, туку ја заклаа. А Господарот нивен заради гревовите нивни ги уништи и до последен ги истреби,

**15.** не стравувајќи за последиците поради тоа!

## 92. Поглавје
# Ел Лејл
*Ноќ*
Мека – 21 ајет

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во ноќта кога темнините ги распостила,

**2.** и во денот кога ќе се раздени,

**3.** и во Тој што машко и женско создава –

**4.** вашиот труд навистина е различен:

**5.** На тој што дава и што не греши

**6.** и тоа најубавото што го смета за вистинито –

**7.** нему Џенет ќе му подготвиме;

**8.** а на тој што е скржав и се чувствува независен

**9.** и тоа најубавото што го смета за лажно –

**10.** нему Џехенемот ќе му го подготвиме,

**11.** и имотот, кога ќе умре, нема да му користи.

**12.** Ние сме должни да укажеме на Вистинскиот пат,

**13.** и единствено Нам ни припаѓаат оној и овој свет!

**14.** Затоа ве опоменувам со огнот распален,

**15.** во којшто само несреќникот ќе влезе,

**16.** тој што ќе негира и главата од вистината ќе ја врти!

**17.** А далеку од него ќе биде богобојазливиот,

**18.** тој што од имотот свој ќе дава, за да се исчисти,

**19.** не очекувајќи со благодарност да му се возврати,

**20.** туку единствено копнеејќи по Лицето на Господарот свој Севишен,

**21.** и тој навистина задоволен ќе биде!

### 93. Поглавје

## Ед Духа

*Утро*

Мека – 11 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во утрото,

**2.** и во ноќта кога ќе стивне.

**3.** Господарот твој не те напуштил и не те замразил!

**4.** Оној свет, навистина, е подобар за тебе од овој свет,

**5.** а Господарот твој тебе сигурно ќе ти даде, па ќе бидеш задоволен!

**6.** Зарем ти не беше сираче, па Тој те заштити?

**7.** И за вистинската вера не знаеше, па Тој те упати?

**8.** И сиромашен беше, па Тој те збогати?

**9.** Затоа сирачето немој да го понижиш,

**10.** а просјакот немој да го одбиеш,

**11.** и за благодатите на Господарот твој кажувај!

### 94. Поглавје

## Ел Инширах

*Широкоградост*

Мека – 8 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Зарем не ги направивме градите твои пространи,

**2.** и товарот твој од тебе го симнавме,

**3.** што на плеќите твои тежеше,

**4.** и споменот на тебе високо го воздигнавме?

**5.** Па, навистина, по секоја тешкотија доаѓа олеснување,

**6.** навистина, по секоја тешкотија доаѓа олеснување!

**7.** А кога ќе завршиш, на молитва предај се

**8.** и само на Господарот свој обраќај Му се!

## 95. Поглавје
# Ет Тин
*Смоква*
Мека – 8 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во смоквата и во маслинката,

**2.** и во горатa Синајска,

**3.** и во градот овој безбеден,

**4.** дека човекот во најдобар облик го создаваме,

**5.** а потоа ќе го вратиме на најниските нивоа,

**6.** освен тие што веруваат и што прават добри дела, зашто нив ги чека постојана награда.

**7.** Па што, по ова, те наведува да го сметаш за лажен Судниот ден?

**8.** Па зарем Аллах не е Најмудриот Судија?!

## 96. Поглавје
# Ел Алак
*Грутка*
Мека – 19 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Читај во името на Господарот твој Кој создава,

**2.** го создава човекот од грутка крв!

**3.** Читај, зашто Најблагороден е Господарот твој,

**4.** Кој поучува со перо,

**5.** Кој го подучува човекот за она што тој не го знае.

**6.** Навистина човекот се осилува

**7.** штом независен ќе се почувствува,

**8.** а кон Господарот твој, навистина сите ќе се вратат!

**9.** Го виде ли ти тој што му забранува

**10.** на робот молитвата да ја извршува?

**11.** Дали е тој на Вистинскиот пат,

**12.** или пак, наредува богобојазливост?

**13.** Или лаже и главата од вистината ја врти?

**14.** Зарем не знае дека Аллах гледа сѐ?

**15.** Не чини така! Ако не престане со тоа, ќе го фатиме за чело,

**16.** за челото лажно и грешно!

**17.** Па, нека си го повика тој друштвото свое,

**18.** а Ние ќе ги повикаме Зебаниите.[267]

**19.** Не чини така! Не слушај го ти него, туку на Господарот свој со сеџда поклони Му се и настојувај да Му се приближиш!

**97. Поглавје**

## Ел Кадр

*Одредение*

Мека – 5 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ние почнавме да го објавуваме (Куранот) во ноќта Кадр!

**2.** А што мислиш ти, што е ноќта Кадр?

**3.** Ноќта Кадр е подобра од илјада месеци.

**4.** Во таа ноќ мелеците и Џибрил, со одобрение од Господарот свој, се спуштаат поради секаква одлука.

**5.** Сигурноста е во неа сѐ до појавата на зората.

---

[267] Зебании – мелеците казнувачи кои имаат задача да ги казнуваат џехенемлиите (луѓето во пеколот).

## 98. Поглавје
# Ел Бејине
*Јасен доказ*
Медина – 8 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Не се одвоија од неверувањето неверниците меѓу следбениците на Книгата и многубошците, сè додека не им дојде доказот јасен:

**2.** Пратеник од Аллах кој рецитира листови чисти,

**3.** во коишто се наоѓаат прописи исправни.

**4.** А се поделија тие на коишто им е дадена Книгата токму тогаш кога им дојде доказот јасен,

**5.** а наредено им е само Аллах да Го обожуваат, искрено, како правоверни, верата да Му ја исповедаат, и намазот (молитвата) да го извршуваат, и зекат да даваат; – па тоа е исправната вера!

**6.** Тие што не веруваат од следбениците на Книгата и многубошците, сигурно ќе бидат во огнот џехенемски, во кој вечно ќе останат; – тие се најлошите суштества.

**7.** А тие што веруваат и прават добри дела – тие навистина се најдобрите суштества,

**8.** наградата нивна кај Господарот нивен ги чека; едenски градини низ кои реки течат, во кои вечно и засекогаш ќе останат; Аллах ќе биде од нив задоволен, а и тие ќе бидат од Него задоволни. Ете, тоа ќе биде за тој што од Господарот свој се плаши!

**99. Поглавје**

## Ел Зилзал

*Земјотрес*

Медина – 8 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога Земјата со својот најжесток потрес ќе се потресе,

**2.** и кога Земјата тежините свои ќе ги исфрли,

**3.** и кога човекот ќе извика: „Што ѝ е?!“ –

**4.** тој Ден, таа, вестите свои ќе ги кажува,

**5.** бидејќи Господарот твој ќе ѝ нареди.

**6.** Тој Ден луѓето одделно ќе се појават за делата нивни да им се покажат;

**7.** тој што дури и трошка добро ќе стори – ќе го види,

**8.** и тој што дури и трошка зло ќе стори – ќе го види!

**100. Поглавје**

## Ел Адијат

*Тие што брзаат*

Мека – 11 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во тркачките коњи задишани,

**2.** па искри искрат,[268]

**3.** и кои в зори напаѓаат,

**4.** и трчајќи прав креваат

**5.** и така во него заеднички влегуваат.

**6.** Човекот, навистина, на својот Господар Му е неблагодарен

**7.** и самиот за тоа, навистина е свесен,

**8.** и тој, навистина, по богатството е алчен.

**9.** А зарем тој не знае дека, кога ќе бидат оживеани тие што се во гробовите

**10.** и кога ќе излезе на виделина тоа што е во срцата,

**11.** Господарот нивен тој Ден, сигурно, сè за нив ќе знае?

[268] Исфрлаат искри удирајќи со копитата по камења.

## 101. Поглавје
# Ел Кариа
*Крајот на светот*
Мека – 11 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Крајот на светот!

**2.** Што е тоа крајот на светот?

**3.** И што знаеш ти што е тоа крајот на светот?

**4.** Тој ден луѓето ќе бидат како пеперутки раштркани,

**5.** а планините како шарена волна растегната.

**6.** На тој што добрите дела ќе му бидат тешки[269]

**7.** пријатен живот ќе живее,

**8.** а на тој што добрите дела ќе му бидат лесни

**9.** престојувалиштето негово ќе биде Хавие.

**10.** А знаеш ли ти што е тоа Хавие?

**11.** Тоа е огнот расплamтен!

## 102. Поглавје
# Ет Текасур
*Натпреварување*
Мека – 8 ајета

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ве окупира натпреварувањето во умножувањето на богатството

**2.** сѐ додека гробовите не ги населите.

**3.** А не чини така, ќе дознаете секако!

**4.** И уште еднаш, не чини така, ќе дознаете сигурно!

**5.** Не чини така, знајте уверливо,

**6.** Џехенемот ќе го видите сигурно!

**7.** И уште еднаш, навистина ќе го видите уверени целосно!

**8.** Потоа, тој Ден, за убавиот живот ќе бидете прашани сигурно!

---

[269] На вагата на Судниот ден.

## 103. Поглавје
# Ел Аср
*Време*
Мека – 3 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Се колнам во времето,

**2.** човекот навистина губи,

**3.** освен тие коишто веруваат и коишто прават добри дела, и коишто едни со други си ја препорачуваат вистината, и коишто едни со други си ја препорачуваат трпеливоста.

## 104. Поглавје
# Ел Хумезе
*Клеветник*
Мека – 9 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Тешко му на секој клеветник – потсмевач,

**2.** кој богатството го натрупува и го пребројува,

**3.** и мисли дека богатството негово бесмртен ќе го стори!

**4.** А не чини така! Тој секако ќе биде фрлен во Хутаме!

**5.** А знаеш ли ти што е Хутаме?

**6.** Огнот Аллахов разгорен,

**7.** кој до срцата ќе допира.

**8.** Тој над нив ќе биде затворен,

**9.** со огнени столбови засводен.

## 105. Поглавје
# Ел Фил
*Слон*
Мека – 5 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Зарем не си слушнал, со сопствениците на слонот, Господарот твој што стори?

**2.** Зарем лукавштината нивна не ја спречи

**3.** и против нив јата птици прати,

**4.** кои врз нив камења од глина печена фрлаа,

**5.** па Тој, како лисја истолчени, ги стори?

## 106. Поглавје
# Курејш
*Племето Курејш*
Мека – 4 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Заради навиката на Курејшиите,[270]

**2.** навиката нивна зиме и лете да патуваат,

**3.** Господарот на овој храм нека Го обожуваат,

**4.** Кој гладните ги храни и од страв ги брани.

[270] Курејшиите се големото племе од Мека кои водат потекло од Ибрахимовиот син Исмаил, основачот на Мека. Припадник на ова племе бил и последниот Божји Пратеник Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

### 107. Поглавје

## Ел Маун

*Позајмување*

Мека – 7 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Го знаеш ли ти тој што оној свет го негира?

**2.** Па тоа е тој што сирачето грубо го одбива,

**3.** и кој, да се нахрани сиромавиот, не поттикнува.

**4.** А тешко на тие што, кога намазот (молитвата) го извршуваат,

**5.** намазот свој како што треба не го извршуваат,

**6.** коишто само се преправаат

**7.** кои никому на заем не даваат!

### 108. Поглавје

## Ел Кевсер

*Река со благодати*

Мека – 3 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Ние навистина ти ја дадовме Кевсер,

**2.** па затоа моли Му се на Господарот свој и курбан коли,

**3.** а тој што те мрази – сигурно без помен ќе остане.

## 109. Поглавје
# Ел Кафирун
*Неверници*
Мека – 6 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кажи: „О, вие неверници,

**2.** јас не ги обожувам тие што вие ги обожувате,

**3.** а ниту пак вие ќе бидете обожуватели на Тој што јас Го обожувам;

**4.** и јас не сум обожувател на тие што вие сте ги обожувале,

**5.** а ниту пак вие сте обожуватели на Тој што јас Го обожувам.

**6.** Вам – вашата вера, а мене – мојата вера!“

## 110. Поглавје
# Ен Наср
*Помош*
Мина – 3 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кога Аллаховите помош и победа ќе дојдат,

**2.** и гледаш како луѓето во групи влегуваат во Аллаховата вера,

**3.** ти слави Го Господарот свој благодарејќи Му и моли Го да ти прости, Тој навистина покајанието го прима.

## 111. Поглавје
# Ебу Лехеб
*Ебу Лехеб*
Мека – 5 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Нека пропаднат рацете на Ебу Лехеб, и тој пропадна!

**2.** Нема да му биде од корист богатството негово, а ни тоа што го стекнал,

**3.** ќе влезе тој сигурно во огнот разгорен,

**4.** и жена му која носи дрва;[271]

**5.** на вратот нејзин ќе има јаже од пламен исукано!

---

[271] Ебу Лехеб му бил чичко на Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, но и негов најголем противник, заедно со својата жена Уму Џемила, сестрата на многубошкиот лидер Ебу Суфијан. Ебу Лехеб во секоја прилика го клеветел Мухамед, Божјиот мир нека биде над него, со тешки лаги, а неговата жена собирала трнливи дрва и трње кои ги фрлала по патот по кој поминувал Мухамед, Божјиот мир нека биде над него.

### 112. Поглавје
## Ел Ихлас
*Чисто верување*
Мека – 4 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!

**2.** Аллах е прибежиште секому!

**3.** Не родил и не е роден,

**4.** и никој не Му е рамен!“[272]

### 113. Поглавје
## Ел Фелек
*Мугри*
Мека – 5 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кажи: „Барам заштита кај Господарот на мугрите

**2.** од злото на тоа што Тој го создава,

**3.** и од злото на мрачната ноќ кога ја распространува темнината,

**4.** и од злото на дувачите во јазли,[273]

**5.** и од злото на завидливиот кога завидува!“

### 114. Поглавје
## Ен Нас
*Луѓе*
Мека – 6 ајети

Во името на Аллах,
Семилосниот, Милостивиот!

**1.** Кажи: „Барам заштита кај Господарот на луѓето,

**2.** Владетелот на луѓето,

**3.** Богот на луѓето,

**4.** од злото на тој[274] што шепотејќи зли мисли внесува, па се крие,

**5.** којшто зли мисли внесува во градите на луѓето –

**6.** од џините и од луѓето!“

---

[272] Ова поглавје има вредност колку една третина од Куранот.

[273] Се однесува на тие што прават магии и им нанесуваат штета на луѓето на вакви зли начини.

[274] Се однесува на шејтанот/ѓаволот.

## Поглавја


1. Поглавје
Ел Фатиха ........ 9

2. Поглавје
Ел Бекаре ........ 10

3. Поглавје
Али Имран ........ 46

4. Поглавје
Ен Ниса ........ 65

5. Поглавје
Ел Маиде ........ 85

6. Поглавје
Ел Енам ........ 100

7. Поглавје
Ел Араф ........ 116

8. Поглавје
Ел Енфал ........ 135

9. Поглавје
Ет Теуба ........ 142

10. Поглавје
Јунус ........ 156

11. Поглавје
Худ ........ 166

12. Поглавје
Јусуф ........ 176

13. Поглавје
Ер Рад ........ 186

14. Поглавје
Ибрахим ........ 190

15. Поглавје
Ел Хиџр ........ 195

16. Поглавје
Ен Нахл ........ 200

17. Поглавје
Ел Исра ........ 210

18. Поглавје
Ел Кехф ........ 219

19. Поглавје
Мерјем ........ 229

20. Поглавје
Таха ........ 235

21. Поглавје
Ел Енбија ........ 243

22. Поглавје
Ел Хаџ ........ 251

23. Поглавје
Ел Муминун ........ 258

24. Поглавје
Ен Нур ........ 264

25. Поглавје
Ел Фуркан ........ 271

26. Поглавје
Еш Шуара ........ 277

27. Поглавје
Ен Немл ........ 285

28. Поглавје
Ел Касас ........ 292

29. Поглавје
Ел Анкебут ........................... 299

30. Поглавје
Ер Рум................................... 305

31. Поглавје
Лукман.................................. 310

32. Поглавје
Ес Сеџда ............................... 313

33. Поглавје
Ел Ахзаб ............................... 315

34. Поглавје
Сабе...................................... 323

35. Поглавје
Ел Фатир .............................. 328

36. Поглавје
Јасин..................................... 332

37. Поглавје
Ес Сафат................................ 337

38. Поглавје
Сад........................................ 343

39. Поглавје
Ез Зумер ............................... 349

40. Поглавје
Ел Мумин............................. 355

41. Поглавје
Фусилет ................................ 362

42. Поглавје
Еш Шура .............................. 367

43. Поглавје
Ез Зухруф............................. 371

44. Поглавје
Ед Духан............................... 377

45. Поглавје
Ел Џасије.............................. 379

46. Поглавје
Ел Ахкаф .............................. 382

47. Поглавје
Мухамед............................... 386

48. Поглавје
Ел Фетх ................................ 389

49. Поглавје
Ел Хуџурат........................... 392

50. Поглавје
Каф ....................................... 394

51. Поглавје
Ез Заријат............................. 396

52. Поглавје
Ет Тур .................................. 399

53. Поглавје
Ен Неџм ............................... 401

54. Поглавје
Ел Камер .............................. 404

55. Поглавје
Ер Рахман ............................ 407

56. Поглавје
Ел Вакиа .............................. 410

57. Поглавје
Ел Хадид............................... 413

58. Поглавје
Ел Муџаделе......................... 416

59. Поглавје
Ел Хашр ........ 419

60. Поглавје
Ел Мумтехине ........ 421

61. Поглавје
Ес Саф ........ 423

62. Поглавје
Ел Џума ........ 425

63. Поглавје
Ел Мунафикун ........ 426

64. Поглавје
Ет Тегабун ........ 427

65. Поглавје
Ет Талак ........ 429

66. Поглавје
Ет Тахрим ........ 430

67. Поглавје
Ел Мулк ........ 432

68. Поглавје
Ел Калем ........ 434

69. Поглавје
Ел Хака ........ 436

70. Поглавје
Ел Меариџ ........ 438

71. Поглавје
Нух ........ 440

72. Поглавје
Ел Џин ........ 442

73. Поглавје
Ел Муземил ........ 444

74. Поглавје
Ел Мудесир ........ 445

75. Поглавје
Ел Кијаме ........ 447

76. Поглавје
Ел Инсан ........ 449

77. Поглавје
Ел Мурселат ........ 450

78. Поглавје
Ен Небе ........ 452

79. Поглавје
Ен Назиат ........ 454

80. Поглавје
Абесе ........ 456

81. Поглавје
Ет Теквир ........ 457

82. Поглавје
Ел Инфитар ........ 458

83. Поглавје
Ел Мутафифин ........ 459

84. Поглавје
Ел Иншикак ........ 461

85. Поглавје
Ел Буруџ ........ 462

86. Поглавје
Ет Тарик ........ 463

87. Поглавје
Ел Ала ........ 464

88. Поглавје
Ел Гашија ........ 465

89. Поглавје
Ел Феџр ................................ 466

90. Поглавје
Ел Белед................................ 467

91. Поглавје
Еш Шемс ................................ 468

92. Поглавје
Ел Лејл ................................ 469

93. Поглавје
Ед Духа ................................ 470

94. Поглавје
Ел Инширах ................................ 470

95. Поглавје
Ет Тин ................................ 471

96. Поглавје
Ел Алак ................................ 471

97. Поглавје
Ел Кадр ................................ 472

98. Поглавје
Ел Бејине ................................ 473

99. Поглавје
Ел Зилзал ................................ 474

100. Поглавје
Ел Адијат ................................ 474

101. Поглавје
Ел Кариа ................................ 475

102. Поглавје
Ет Текасур ................................ 475

103. Поглавје
Ел Аср ................................ 476

104. Поглавје
Ел Хумезе ................................ 476

105. Поглавје
Ел Фил ................................ 477

106. Поглавје
Курејш ................................ 477

107. Поглавје
Ел Маун ................................ 478

108. Поглавје
Ел Кевсер ................................ 478

109. Поглавје
Ел Кафирун ................................ 479

110. Поглавје
Ен Наср ................................ 479

111. Поглавје
Ебу Лехеб ................................ 479

112. Поглавје
Ел Ихлас ................................ 480

113. Поглавје
Ел Фелек ................................ 480

114. Поглавје
Ен Нас ................................ 480